**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА
- **РЕВИЗИЈА** 2011 –

Скопје

28 Декември 2010

# СОДРЖИНА

**СОДРЖИНА** ........ 2

**ВОВЕД** ........ 6

I **ПОЛИТИЧКИ КРИТЕРИУМИ** ........ 7

1.1 ДЕМОКРАТИЈА И ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО ........ 7
1.2. ЧОВЕКОВИ ПРАВА И ЗАШТИТА НА МАЛЦИНСТВАТА ........ 15
1.3 РЕГИОНАЛНИ ПРАШАЊА И МЕЃУНАРОДНИ ОБВРСКИ ........ 21

II **ЕКОНОМСКИ КРИТЕРИУМИ** ........ 24

2.1. ПОСТОЕЊЕ НА ФУНКЦИОНАЛНА ПАЗАРНА ЕКОНОМИЈА ........ 24
2.2. СПОСОБНОСТ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПРИТИСОКОТ ОД КОНКУРЕНЦИЈАТА И ПАЗАРНИТЕ СИЛИ ВО РАМКИ НА ЕУ ........ 36

III. **СПОСОБНОСТ ДА СЕ ПРЕЗЕМАТ ОБВРСКИТЕ ОД ЧЛЕНСТВОТО ВО ЕУ** ........ 49

3.01. СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА СТОКИ ........ 49
*3.1.1 ОПШТИ ПРИНЦИПИ ........ 49*
*3.1.2 ХОРИЗОНТАЛНИ МЕРКИ ........ 50*
*3.1.3 СТАР ПРИОД НА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА ПРОИЗВОДИ ........ 56*
*3.1.4. НОВ И ГЛОБАЛЕН ПРИОД НА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА ПРОИЗВОДИ ........ 60*
*3.1.5 ПРОЦЕДУРАЛНИ МЕРКИ ........ 61*
3.02 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА РАБОТНИЦИ ........ 65
*3.2.1 ПРИСТАП ДО ПАЗАРОТ НА ТРУД ........ 65*
*3.2.2 ЕУРЕС ........ 65*
*3.2.3 КООРДИНАЦИЈА НА СИСТЕМИ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ........ 66*
*3.2.4 ЕВРОПСКА КАРТИЧКА ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ ........ 67*
3.03. ПРАВО НА ОСНОВАЊЕ И СЛОБОДА НА ДАВАЊЕ НА УСЛУГИ ........ 69
*3.3.1. ПРАВО НА ОСНОВАЊЕ ........ 69*
*3.3.2. СЛОБОДА НА ДАВАЊЕ НА УСЛУГИ ........ 69*
*3.3.3 ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ ........ 70*
*3.3.4 МЕЃУСЕБНО ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИ КВАЛИФИКАЦИИ ........ 72*
3.04 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА КАПИТАЛ ........ 73
*3.4.1 ДВИЖЕЊА НА КАПИТАЛ И ИСПЛАТИ ........ 73*
*3.4.2 ПЛАТЕН СИСТЕМ ........ 73*
*3.4.3. СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ ........ 74*
3.05 ЈАВНИ НАБАВКИ ........ 76
*3.5.1 ОПШТИ ПРИНЦИПИ ........ 76*
*3.5.2. ДОДЕЛУВАЊЕ ЈАВНИ ДОГОВОРИ ........ 77*
*3.5.3 ПРАВНИ ЛЕКОВИ ........ 78*
3.06 ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА ........ 81
*3.6.1 ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА ........ 81*
*3.6.2 СМЕТКОВОДСТВО И РЕВИЗИЈА ........ 83*
3.07 ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ ........ 86
*3.7.1 АВТОРСКО ПРАВО И СРОДНИ ПРАВА ........ 86*
*3.7.2 ПРАВА НА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ ........ 87*
*3.7.3 СПРОВЕДУВАЊЕ ........ 90*
3.08 КОНКУРЕНЦИЈА ........ 93
*3.8.1 АНТИТРУСТОВИ И СПОЈУВАЊА ........ 93*
*3.8.2. ДРЖАВНА ПОМОШ ........ 94*
3.09 ФИНАНСИСКИ УСЛУГИ ........ 96
*3.9.1 БАНКИ И ФИНАНСИСКИ КОНГЛОМЕРАТИ ........ 96*
*3.9.2 ОСИГУРУВАЊЕ И ПРОФЕСИОНАЛНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ ........ 98*
*3.9.3 ИНФРАСТРУКТУРА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПАЗАРИ ........ 101*
*3.9.4 ПАЗАРИ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И ИНВЕСТИЦИСКИ УСЛУГИ ........ 101*
3.10 ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И МЕДИУМИ ........ 104
*3.10.1 ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ И ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ ........ 104*

*3.10.2 УСЛУГИ НА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО ....... 106*
*3.10.3 АУДИОВИЗУЕЛНА ПОЛИТИКА....... 108*
3.11 ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ....... 110
*3.11.1 ХОРИЗОНТАЛНИ ПРАШАЊА ....... 110*
*3.11.2 ЗАЕДНИЧКО УРЕДУВАЊЕ НА ПАЗАРИТЕ....... 114*
*3.11.3 РУРАЛЕН РАЗВОЈ....... 116*
*3.11.4 ОРГАНСКО ЗЕМЈОДЕЛСТВО ....... 119*
*3.11.5 ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ ....... 120*
3.12. БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНАТА, ВЕТЕРИНАРНА И ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА ....... 122
*3.12.1. ОПШТИ НАЧЕЛА ....... 122*
*3.12.2. ВЕТЕРИНАРНА ПОЛИТКА ....... 124*
*3.12.3 СТАВАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА ХРАНА И ДОБИТОЧНА ХРАНА....... 128*
*3.12.4. ПРАВИЛА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА....... 131*
*3.12.5 ПОСЕБНИ ПРАВИЛА ЗА ДОБИТОЧНА ХРАНА ....... 133*
*3.12.6 ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА ....... 134*
3.13 РИБАРСТВО....... 141
3.14 СООБРАЌАЈНА ПОЛИТИКА....... 143
*3.14.1 ПАТЕН СООБРАЌАЈ....... 143*
*3.14.2. ЖЕЛЕЗНИЧКИ СООБРАЌАЈ....... 148*
*3.14 .3 ВНАТРЕШЕН ВОДЕН СООБРАЌАЈ....... 152*
*3.14.4. КОМБИНИРАН СООБРАЌАЈ ....... 152*
*3.14.5. ВОЗДУШЕН СООБРАЌАЈ....... 153*
*3.14.8 САТЕЛИТСКА НАВИГАЦИЈА....... 158*
3.15 ЕНЕРГЕТИКА ....... 160
*3.15.1 СИГУРНОСТ ВО СНАБДУВАЊЕТО....... 160*
*3.15.2 ВНАТРЕШЕН ПАЗАР НА ЕНЕРГИЈА....... 162*
*3.15.3 ДРЖАВНА ПОМОШ....... 166*
*3.15.4 ОБНОВЛИВА ЕНЕРГИЈА....... 167*
*3.15.5 ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ....... 171*
*3.15.7 НУКЛЕАРНА СИГУРНОСТ И РАДИЈАЦИОНА ЗАШТИТА....... 177*
3.16 ОДАНОЧУВАЊЕ ....... 182
*3.16.1 ИНДИРЕКТНО ОДАНОЧУВАЊЕ ....... 182*
*3.16. 2 ДИРЕКТНО ОДАНОЧУВАЊЕ ....... 185*
*3.16.3 АДМИНИСТРАТИВНА СОРАБОТКА И МЕЃУСЕБНА ПОМОШ ....... 186*
*3.16.4 ОПЕРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ И КОМПЈУТЕРИЗАЦИЈА ....... 187*
3.17 ЕКОНОМСКА И МОНЕТАРНА УНИЈА ....... 190
*3.17.1 МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА....... 190*
*3.17.2 ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА....... 193*
3.18 СТАТИСТИКА....... 195
*3.18.1 СТАТИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА....... 195*
*3.18.2 КЛАСИФИКАЦИИ И РЕГИСТРИ....... 200*
*3.18.3 СТАТИСТИКА ПО СЕКТОРИ ....... 201*
3.19 СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ВРАБОТУВАЊЕ....... 209
*3.19.1 ТРУДОВО ПРАВО ....... 209*
*3.19.2 ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА ....... 210*
*3.19.3 СОЦИЈАЛЕН ДИЈАЛОГ....... 213*
*3.19.4 ПОЛИТИКА НА ВРАБОТУВАЊЕ И ЕВРОПСКИ СОЦИЈАЛЕН ФОНД....... 215*
*3.19.5 СОЦИЈАЛНА ВКЛУЧЕНОСТ....... 219*
*3.19.6 СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ....... 224*
*3.19.7 АНТИДИСКРИМИНАЦИЈА И ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ....... 226*
3.20 ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА....... 229
*3.20.1 ПРИНЦИПИ НА ПРЕТПРИЈАТИЈА НА ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА ....... 229*
*3.20.2 ИНСТРУМЕНТИ НА ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА ....... 231*
*3.20.3 ПОЛИТИКИ ПО СЕКТОРИ....... 235*
3.21 ТРАНСЕВРОПСКИ МРЕЖИ ....... 237
*3.21.1 ТРАНСПОРТНИ МРЕЖИ....... 237*

*3.21.2 ТРАНС-ЕВРОПСКИ ЕНЕРГЕТСКИ МРЕЖИ*......240
*3.21.3 ТРАНС-ЕВРОПСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ*......245
3.22 РЕГИОНАЛНА ПОЛИТИКА И КООРДИНАЦИЈА НА СТРУКТУРНИ ИНСТРУМЕНТИ......246
*3.22.1 ЗАКОНОДАВНА РАМКА*......246
*3.22.2 ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА*......248
*3.22. 3 АДМИНИСТРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ*......250
*3.22.4 ПРОГРАМИРАЊЕ*......253
*3.22.5 СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ*......256
3.23 ПРАВОСУДСТВО И ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА......260
*3.23.1 СУДСТВО*......260
*3.23.2 АНТИКОРУПЦИСКА ПОЛИТИКА*......266
*3.23.3. ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА (види Поглавје 1.02. Човекови права и заштита на малцинства)*......271
3.24 ПРАВДА, СЛОБОДА И БЕЗБЕДНОСТ......274
*3.24.1 МИГРАЦИЈА*......274
*3.24.2 АЗИЛ*......275
*3.24.3 ВИЗНА ПОЛИТИКА*......278
*3.24.4 НАДВОРЕШНИ ГРАНИЦИ И ГРАНИЦИ НА ШЕНГЕН – ЗОНАТА*......279
*3.24.5 СУДСКА СОРАБОТКА ВО КРИВИЧНИ И ГРАЃАНСКИ ПРЕДМЕТИ*......284
*3.24.6 ПОЛИЦИСКА СОРАБОТКА И БОРБА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ*......285
*3.24.7 БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗАМ*......290
*3.24.8 БОРБА ПРОТИВ ДРОГА*......293
*3.24.9 ЦАРИНСКА СОРАБОТКА (види и поглавје 29 Царинска унија)*......295
*3.24.10 ФАЛСИФИКУВАЊЕ НА ЕВРОТО*......296
3.25 НАУКА И ИСТРАЖУВАЊЕ......298
*3.25.1 ПОЛИТИКА НА ИСТРАЖУВАЊЕ*......298
*3.25.2 РАМКОВНИ ПРОГРАМИ*......300
*3.25.3 ЕВРОПСКИ ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОСТОР*......301
3.26 ОБРАЗОВАНИЕ И КУЛТУРА......303
*3.26.1 ОБРАЗОВАНИЕ, ОБУКА И МЛАДИ*......303
*3.26.2 КУЛТУРА*......310
3.27 ЖИВОТНА СРЕДИНА......313
*3.27.1 ХОРИЗОНТАЛНО ЗАКОНОДАВСТВО*......313
*3.27.2 КВАЛИТЕТ НА ВОЗДУХОТ*......319
*3.27.3 УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД*......324
*3.27.4 КВАЛИТЕТ НА ВОДАТА*......328
*3.27.5 ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА*......334
*3.27.6 КОНТРОЛА НА ИНДУСТРИСКО ЗАГАДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ*......339
*3.27.7 ХЕМИКАЛИИ*......342
*3.27.8 ГЕНЕТСКИ МОДИФИЦИРАНИ ОРГАНИЗМИ*......346
*3.27.9 БУЧАВА*......349
*3.27.10 ШУМАРСТВО*......351
3.28 ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ И ЗДРАВЈЕТО......353
*3.28.1 ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ*......353
*3.28.2. ЈАВНО ЗДРАВЈЕ*......357
3.29 ЦАРИНСКА УНИЈА......370
*3.29.1 ЗАКОНОДАВСТВО ОД ОБЛАСТА НА ЦАРИНА*......370
*3.29.2 АДМИНИСТРАТИВЕН И ОПЕРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ*......372
3.30 НАДВОРЕШНИ ОДНОСИ......378
*3.30.1 ЗАЕДНИЧКА ТРГОВСКА ПОЛИТИКА*......378
*3.30.2 БИЛАТЕРАЛНИ ДОГОВОРИ СО ТРЕТИ ЗЕМЈИ*......379
*3.30.3 РАЗВОЈНА И ХУМАНИТАРНА ПОМОШ*......380
3. 31. НАДВОРЕШНА БЕЗБЕДНОСНА И ОДБРАНБЕНА ПОЛИТИКА......383
*3.31.1. ЗБОП*......383
*3.31.2 ЗНБП*......384
3.32 ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА......387
*3.32.1 ЈАВНА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА И НАДВОРЕШНА РЕВИЗИЈА*......387

*3.32.2 ЗАШТИТА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИНТЕРЕСИ НА ЕУ ........ 393*
3.33 ФИНАНСИСКИ И БУЏЕТСКИ ОДРЕДБИ ........ 398

IV **АДМИНИСТРАТИВНИ КАПАЦИТЕТИ** ........ 402

4.1. ХОРИЗОНТАЛНИ ПРАШАЊА - РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ........ 402
4.2. ЈАКНЕЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ ВО ЕУ ........ 404

V. **ПОДГОТОВКА НА МАКЕДОНСКАТА ВЕРЗИЈА НА А**CQUIS ........ 406

VI. **ИНФОРМИРАЊЕ И КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА** ........ 408

# ВОВЕД

На 28 декември 2010 година Владата на Република Македонија ја донесе *Националната програма за усвојување на правото на ЕУ* - Ревизија 2011. НПАА претставува клучен документ за процесот на интеграција во ЕУ кој што ја одразува динамиката на усогласување на националното законодавство со европското, како и прилагодувањето на националните институции кон европските административни структури.

*Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (ревизија 2011)* претставува чеврта ревизија на НПАА. Слично како и претходните ревизии на НПАА за 2008, 2009 и 2010 година, ревизијата на НПАА за 2011 година го задржува истиот методолошки концепт за подготовка на овој документ, содржински ги опфаќа плановите за усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ, потребната динамика за јакнење на институциите за спроведување на законодавството, како и неопходните ресурси за реализација. Клучни елементи при ревизијата на НПАА кои воедно претставуваа основа за проектирање на краткорочни и среднорочни приоритетни цели и активности беа:

- Наодите во Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во процесот на пристапување во ЕУ
- Обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација односно препораките од Европска Комисија искажани на Комитетот за стабилизација и асоцијација и целиот циклус на поткомитети во 2010, како и насоките на Европската комисија дадени во рамки на средбите со одделните генерални директорати на ЕК одржани во текот на декември 2010 година;
- Приоритетите наведени во Одлуката на Советот за принципите, приоритетите и условите содржани во Партнерството за пристапување;
- Стратешките планови на министерствата;
- Буџетот на РМ за 2011 година;
- Тековни и планирани проекти за странска помош.

Фокус на ревизијата на НПАА беше натамошна длабинска анализа на *acquis communautaire* и поврзување со националното законодавство, користејќи ги искуствата на државите кои минале низ скрининг процесот со ЕК. Се направи натамошен напор за посилно врзување и конзистентност на планирањето на активностите на НПАА со процесите на стратешко планирање, буџетско планирање и планирање на странската поддршка во државната администрација. Од технички аспект, ревизијата беше поддржана со посебно дизајнирана веб апликација, со што се овозможи натамошна надградба на базите на податоци поврзани со процесот на пристапување.

Во ревизијата на документот се вклучи целиот институционален механизам преточен во работни групи составени од претставници на министерствата и другите органи и институции на државната управа, за секое поглавје од *acquis communautaire*, вклучувајќи ги политичките и економските критериуми.

Програмата ја следи структурата на Копенхагенските и Мадридските критериуми, односно ги опфаќа следните делови:

- Политички критериуми,
- Економски критериуми,
- Способност да се преземат обврските кои произлегуваат од членството,
- Административен капацитет,
- Подготовка на Национална верзија на *acquis communautaire*,
- Информирање и комуникација со јавноста

Спроведувањето на НПАА редовно ќе се следи преку веќе востановените механизми. Секретаријатот за европски прашања на редовна основа ќе ја информира Владата на Република Македонија за спроведувањето на *Националната програма за усвојување на правото на ЕУ, ревизија 2011.*

# I ПОЛИТИЧКИ КРИТЕРИУМИ

## 1.1 ДЕМОКРАТИЈА И ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО

### ИЗБОРИ

Изминатата година продолжија активностите за исполнување на препораките нотирани во Извештајот на ОБСЕ/ОДИХР за спроведените претседателски и локални избори 2009 година.

Работната група[1] формирана на 99-та седница на ВРМ одржана во септември 2009 која беше поделена на четири тематски „подгрупи" задолжени да ги земат предвид наводите од Извештајот на ОБСЕ/ОДИХР: во однос на изборното законодавство, во однос на активните мерки за надминување на проблемот со наводните случаи на заплашување, во однос на јакнење на изборната администрација и во однос на избирачкиот список продолжија со работа. Во насока на ажурирање на податоците во Избирачкиот список, Министерството за правда во соработка со Министерството за внатрешни работи, Државниот завод за статистика и другите надлежни институции спроведоа пилот проект за проверка на запишани гласачи во Избирачкиот список за две општини Гостивар и Виница и од добиените резултати беше заклучено дека нема значителни отстапки во Избирачкиот список и дека најголем број од двојно запишаните се должи на неуредна евиденција на починатите лица. По ова, проектот продолжи понатаму во сите општини во Република Македонија и треба да резултира со пречистен Избирачки список и утврдени слабости во системот на прибирање и ажурирање податоци за одржување на истиот.

Државната изборна комисија, Министерството за надворешни работи и Министерството за правда ќе ги преземат сите законски надлежности за евиденција на државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство.

Во однос на активните мерки за надминување на проблемот со наводните случаи на заплашување, Работната група донесе Акциски план, како и препораки за изменување на легислативата, поточно на Изборниот законик, кои беа земени во предвид и беа соодветно имплементирани во нацрт-текстот. Акцискиот план откако ќе се усвои на Влада ќе биде имплементиран и ќе има надзор во имплементацијата од страна на утврдените надлежни институции.

Во однос на јакнење на изборната администрација, Работната група донесе Акциски план кој содржи планови за обуки за понатамошно јакнење на капацитетите на институциите во изборниот процес. Исто така беа предложени интервенции во легислативата кои беа разгледани и прифатени и соодветно вградени во соодветните закони. Во напредниот период треба да се усвои на Влада Акцискиот план за спроведување. Ќе се преземат мерки за кадросвко доекипирање на подрачните одделенеија и канцеларии на ДИК и надминување на проблемот во врска со просторното сместувања на некои подрачни одделенија.

Во однос на изборното законодавство, Работната група земајќи ги во предвид сите согледувања и предлози и имајќи ги во предвид мислењата на експертите од најразлични области кои беа вклучени во работата на Работната група донесе Предлог-Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик. Првичниот текст беше предмет на јавна расправа со политичките партии одржана на 17.11.2010 година по што ќе следува уште една расправа и по што ќе се продолжи со регуларната процедура за донесување на законот.

И во наредниот период,правосудните институции ќе ги преземат сите неопходни мерки за донесување судски одлуки против сторителите на изборните нерегуларности во изборите 2009 година.

### СОБРАНИЕ

За обезбедување на висок степен на координација во Собранието на Република Македонија и програмирање на работата на Собранието, што се покажа како ефективен механизам во обезбедувањето на политичкиот дијалог, претседателот на Собранието на Република Македонија и во 2011 година ќе продолжи со одржување на редовни средби со координаторите

---

[1]Четирите работни групи кои ги разгледуваат наводите од Извештајот на ОБСЕ/ОДИХР се следниве: Работна група за подобрување на изборното законодавство; Работна група за подготовка на активни мерки за надминување на проблемот со наводните случаи на заплашување во текот на изборите; Работна група за зајакнување на капацитетите на изборната администрација; и Работна група за ажурирање на Избирачкиот список. Работните групи се координирани од Секретаријатот за европски прашања, а во нив членуваат претставници од сите надлежни државни институции, невладиниот сектор и меѓународната заедница.

на пратеничките групи, на кои ќе учествуваат определените претставници на Владата на Република Македонија во врска со предлозите од Владата согласно Правилникот за координација на Собранието на Република Македонија.

Во 2010 година Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија се спроведуваше задоволително. Во септември 2010 година беа донесени измените на Деловникот со кои се зајакна парламентарната соработка и правата на опозицијата во собраниската работа. Во 2011 година се очекува непречено и ефикасно спроведување на Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија.

За обезбедување општ политички и општествен консензус по однос на реализацијата на европската агенда, Националниот совет за евроинтеграции (НСЕИ) и Комисијата за европски прашања (КЕП) на Собранието во континуитет обезбедуваа расправа по клучните приоритети од Европската агенда на Република Македонија. Овие две кадрово зајакнати тела во 2011 година ќе продолжат со организирање јавни расправи за клучните законски решенија согласно НПАА 2011 и ќе продолжат со своите активности во промовирањето на консензуален пристап и сеопфатна расправа за реализацијата на приоритетите од процесот на пристапување на Република Македонија во Европската унија.

Со цел имплементација на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија за 2011, Собранието на Република Македонија ќе даде приоритет на донесувањето на законите со кои се врши усогласување со европското законодавство.

Во 2011 година, во рамки на редовните координативни средби со претседателот на Собранието на Република Македонија, ќе се продолжи со обезбедување на консензус околу прашањата за имплементација на Рамковниот договор и функционирање на Бадинтеровиот принцип. Функционалноста на Комитетот ќе се одвива согласно важечките законски решенија, посебно Законот за Комитет за односи помеѓу заедниците на Република Македонија. Во 2011 година, Комитетот за односи помеѓу заедниците ќе се вклучи во активно промовирање на начелата утврдени во Охридскиот рамковен договор и на локално ниво.

Во 2011 година ќе се продолжи со редовна имплементација на одредбите на Законот за Собрание на Република Македонија и обучување на зајакнатиот персонален капацитет на собраниските служби. Ќе се продолжи со реализација на надзорните и јавните расправи во собраниските комисии. Востановениот паралментарен институт ќе се екипира со вработени и се очекува да започне да ги дава истражувачките анализи со што ќе обезбеди и подобар пристап до информации на сите парламентарни партии, а мрежата за комуникација на пратениците со граѓаните ќе се екипира со персонал во собраниската служба кој ќе учествува во координирањето на активностите на асистентите на пратениците во канцелариите за контакт со граѓаните.

Во текот на 2010 година се зајакна функционалноста на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија. Во 2011 година ќе се продолжи со зајакнувањето на капацитетот на Собранието за планирање и извршување на буџетот.

Собраниска анкетна комисија формирана за инцидентот во Собранието што се случи на почетокот на јули 2010 година меѓу членовите на опозицијата и полициски службеник во цивилна облека, ќе ја заврши својата работа и ќе даде предлози за да се избегне какво било повторување на вакви инциденти во иднина.

**ВЛАДА**

Заради обезбедување на посветеност за континуирано следење на обврските кои произлегуваат од процесот на европска интеграција Владата и понатаму ќе ги започнува своите седници со претточка за статусот на процесот на ЕУ интеграција и преку редовни тематски седници за прашања на Европска агенда и исполнување на обврските што Република Македонија ги презема во насока на исполнување на критериумите од Копенхаген. Изминатата година беа зајакнати ЕУ координативните структури за следење на реализацијата на обврските од ЕУ интеграцијата преку редовните месечни средби на Работниот комитет за европска интеграција и неговиот Поткомитет. И во наредниот период овие две тела ќе продолжат на редовна основа да ја следат реализацијата на обврските од НПАА, ССА, ИПА итн.

*Спроведување на процесот на децентрализација*

Во првите четири месеци од 2011 година ќе се заврши со Анализата за спроведување на процесот на децентрализација 2015-2010 годин која ќе даде осврт на спроведениот трансфер на надлежности и ресурси и ќе предложи мерки и препораки за понатамошниот тек на спроведувањето на процесот на децентрализација и јакнење на децентрализираниот систем на локалната самоуправа.

Министерството за локална самоуправа ќе подготви Програма за спроведување на процесот на децентрализација и развој на локалната самоуправа 2011-2013 година, и Акциски план за 2011 година за спроведување на Програмата.

Координирањето и следењето на целокупниот процес ќе продолжи да се остварува преку веќе востановениот механизам, меѓуресорската Работна група за децентрализација координирана од страна на Министерството за локална самоуправа.

Следењето на процесот и понатаму ќе се остварува преку соодветни индикатори кои што ќе бидат нотирани во Програмата за спроведување на процесот на децентрализација и развој на локалната самоуправа 2011-2013.

Консултациите со ЗЕЛС и со единиците за локална самоуправа ќе продолжат да се остваруваат преку учеството на ЗЕЛС во Работната група за децентрализација и други ресорни работни тела. Од непосредните консултации со ЗЕЛС и ЕЛС ќе произлезе дополнувањето на Меморандумот за соработка на Владата на Република Македонија со ЗЕЛС.

Во однос со зајакнувањето на капацитетите за развивање политики за финансирање на општините, согласно измените на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа покачен е процентот на приходите од данокот на додадена вредност, односно дотацијата од ДДВ од 3% на 4,5% кој ќе се реализира постапно до 2013 година. Сопствените приходи на општините по овој основ постапно ќе се зголемуваат. Во 2010 година процентот изнесува 3,4% од наплатениот данок на додадена вредност во претходната година или износ од 1,196 милиони денари. Заклучно со 2010 година 74 општини ги исполнија критериумите за влез во втора фаза од фискалната децентрализација, односно пренесените надлежности се финансираат со блок дотации.

Во врска со блокираните сметки на општините во првата фаза во период февруари - август Владата на Република Македонија одобри позајмици на 11 општини. Со одобрените позајмици 4 општини извршија деблокада на сметката на Буџетот на општината. Во ноември 2010 година, нови 3 општини ги исполнија условите за влез во втора фаза од фискална децентрализација.

Владата на Република Македонија во 2011 година за останатите 8 општини ќе продолжи со реализација на планот за поддршка за подигнување на административниот и фискален капацитет на општините и влез во втората фаза од фискалната децентрализација.

Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините во текот на 2010 година одржа 3 седници на кои ги разгледа Уредбите за методологијата за распределба на наменските и блок дотации за пренесените надлежности за 2011 година и полугодишните извештаи за наплата на даночните приходи и неизмирени обврски на општините.

До декември 2010 година основани се 49 единици на внатрешна ревизија кај единиците на локална самоуправа. Функцијата на внатрешна ревизија на локално ниво во Република Македонија ја извршуваат 43 внатрешни ревизори. На локално ниво од основаните 49 единици за внатрешна ревизија, 32 се екипирани, а 5 единици на локална самоуправа кои имаат основано, поради немање можност да се екипираат, истите функцијата на внатрешна ревизија ја обезбедуваат со склучување на договор. На локално ниво 27 единици на локалната самоуправа имаат склучено договор за вршење на внатрешна ревизија од единица за внатрешна певизија од друга единица на локална самоуправа.

Кај основаните единици за внатрешна ревизија во 19 се назначени раководители.

Ќе продолжат напорите за основање на единици на внатрешна ревизија кај единиците на локана самоуправа кои имаат буџет над 50 милиони денари и законска обврска да основаат сопствена единица за внатрешна ревизија. Станува збор за 13 единици на локална самоуправа кои ја немаат воспоставено функцијата за внатрешна ревизија.

Воедно, ќе се направи напор да се обезбеди функцијата на внатрешна ревизија кај преостатаната единица на локална самоуправа која имаат буџет под 50 милиони денари и законска можност да ја организираат внатрешната ревизија со ангажирање на внатрешен ревизор/ и од единица за внатрешна ревизија од друг субјект од јавниот сектор, а која ја нема организирано функцијата на внатрешна ревизија.

Во 2011 година Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините согласно своите надлежности ќе продолжи да ги разгледува Предлог – Уредбите за методологијата за распределба на наменските и блок дотации за пренесените надлежности за 2012 година, како и соодветните извештаи за системот на финансирање на општините.

**РЕФОРМА НА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА** *(Повеќе во Поглавје IV Административни капацитети)*

Во текот на 2010 година беа преземени значајни чекори во процесот на реформата на јавната администрација.

Комитетот за реформа на државната администрација одржуваше редовни месечни состаноци, го раководеше и мониторираше спроведувањето на мерките и активностите за спроведување на реформата на јавната администрација.

Со цел да се интензивира комуникацијата со Европската комисија, формирана е специјална работна група за реформа на јавната администрација, која на годишна основа ќе се состанува во рамки на Комитетот за стабилизација и асоцијација.

Во рамки на Проектот ИПА 2007 „Поддршка на имплементација на Реформата во јавната администрација", изготвена е Нацрт Стратегијата за реформа на јавната администрација во Република Македонија (2010-2015), која што беше доставена на мислење до Европската комисија. Владата на Република Македонија ја усвои Стратегијата за реформата на

јавната администрација во декември 2010 година. Со Стратегијата се уредуваат прашањата за институцијата одговорна за јавна администрација и други прашања поврзани со реформата на јавната администрација.

Владата на Република Македонија врз основа на експертски и компаративни искуства, процени дека Реформата на јавната администрација треба да се концентрира во еден орган со цел стратегиски и плански да се превземаат организирани и координирани мерки за имплементацијата на овој процес. Во таа насока беше оценето дека Министерството за информатичко општество (МИО) треба да биде надлежниот орган кој ќе биде носител на овој процес, земајќи во предвид дека неговата клучната улога е, преку современи информатички процеси, да ги унапреди капацитетите на администрацијата, да ги поедностави процесите и постапките, а воедно и да го сведе на минимум влијанието на човечкиот фактор во сервисирањето на услугите на граѓаните и на бизнис заедницата.

За таа цел, со измените на Законот за организација и работа на органите на државната управа (ЗОРОДУ), донесен на 23.12.2010, се предвидува администрацијата да биде во надлежност на идното Министерство за информатичко општество и администрација (МИОА).

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници (Службен весник на Република Македонија бр. 167/2010), се предвидува формирање на нова Агенција за администрација, која како второстепен орган, ќе биде надлежна за одлучување по жалби и приговори на државните службеници, постапките за селекција и вработување на државните службеници, како и за давање на писмена согласност на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места на органите на државната и локалната власт и други државни органи.

Законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници („Службен весник на РМ“ бр.114/2009), и неговите подзаконски акти донесени во 2009 година, започнаа да се применуваат од 22 март 2010 година. Согласно измените, органите од државната служба имаа обврска актите за систематизација на работните места да ги усогласат со овој закон најдоцна до денот на започнувањето на неговата примена. Досега обврската ја исполнија сите 63 органи на централната власт и 65 од вкупно 85 единици на локалната самоуправа.

Со овие измени, во постапките за вработување, покрај јавните огласи во мај 2010 година се воведоа и интерни огласи. Притоа, Агенцијата за државни службеници (АДС) продолжи да известува на месечно ниво за објавените огласи за прием на државни службеници, бројот на поведени дисциплински постапки, бројот на жалби и приговори на државните службеници во втор степен и нивниот основ на поднесување.

Во април 2010 година се донесе Законот за јавни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.52/2010) кој ќе се применува од 24.04.2011 година. Со Законот се регулираат: опфатот на јавната служба, заедничките начела и основите на вработување, правата и должностите, одговорноста, оценувањето, престанокот на вработувањето, заштитата и одлучувањето за правата и обврските и регистарот на јавните службеници. Во јули 2010 година беше донесен и Етичкиот кодекс за јавни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.92/2010).

Во август 2010 година АДС подготви Анализа за оценување на државните службеници за 2009 година, врз основа на доставени 135 извештаи за оценување на државните службеници, од кои 63 се од органите на централната власт (од вкупно 63), а 74 (од вкупно 85) од општините.

Со измените на Законот за државните службеници врз основа на квартални оперативни планови, АДС започна со вршење надзор над примената на овој закон и неговите подзаконски акти. За таа цел, врз основа на подготвени оперативни планови за третиот и четвртиот квартал на 2010 година, Агенцијата за државни службеници спроведе пилот-надзор врз имплементацијата на Законот за државни службеници и подзаконските акти што произлегуваат од него во Агенцијата за државни службеници, за периодот од јануари 2009 до август 2010 година. Во текот на месец октомври беше извршен надзор и во Министерството за информатичко општество.

Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија имаше неколку активности во насока на подобрување на транспарентноста на јавната администрација. Во септември имаше медиумска промоција на механизмот Граѓански дневник, а исто така на почетокот на ноември Владата го разгледа и усвои извештајот за третиот квартал за 2010 година.

Се имплементираше Акцискиот план за дисперзија на инструментот Граѓански дневник поблиску до граѓаните и се спроведоа обуки за одговорните лица во 13 нови институции (фондови, агенции, државни универзитети).

Годишниот извештај за Имплементација на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2007-2011 ) беше разгледан на седница на Владата на 30.03.2010 и истиот е објавен на веб сајтот на Одделението за соработка со НВО.

Изработен е Извештај за имплементација на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор и следи одржување на 4 јавни расправи за финализирање на текстот.

За поддршка на учеството на граѓанскиот сектор во процесот на донесување одлуки и обезбедување социјални услуги (ИПА 2008), Делегацијата на ЕУ во јули објави повик за грантови за НВО. Постапка за избор е во тек.

Во текот на 2011 ќе започне имплементацијата на Акцискиот план на Стратегијата  за реформа на јавната администрација 2011-2015.

Во 2011 година еден од главните приоритети на новото Министерство за информатичко општество и администрација (МИОА) ќе биде успешно превземање и спроведување на дел од надлежностите од Агенцијата за државни службеници и доследно применување на Законот за државни службеници . За таа цел, а согласно измените и дополнувањата на Законот за државни службеници, ќе се работи на подготовка на подзаконски акти при што до крајот на првата половина на 2011  ќе се донесат нови подзаконски акти[2].

Во 2011 година ќе отпочне со работа Агенцијата за администрација. Во оваа насока, новата Агенција за администрација ќе известува на квартално ниво за објавените јавни и интерни огласи, бројот на второстепени одлуки по жалби на државни службеници и основот за поднесување. Покрај ова, на годишно ниво Агенцијата за администрација ќе известува за бројот на организирани постапки за вработувања на државни службеници, бројот на пријавени кандидати како и за издадените согласности на актите за организација и систематизација на работните места.

Во 2011 година оценувањето на државните службеници исто така ќе биде во надлежност на Министерство за информатичко општество и администрација.  Министерството ќе известува на годишно ниво преку Анализи на оценувањето на државните службеници за ефектите од оваа активност.

Министерството за информатичко општество и администрација ќе продолжи со Мониторинг на спроведувањето на механизмот Граѓански дневник.

Генералниот Секретаријат на Владата на Република Македонија, како една од клучните институции носители на процесот на интеграцијата на Република Македонија во Европската Унија, и понатаму успешно ќе продолжи со реализација на  низа мерки и активности кои во голема мерка придонесат кон непречено имплементирање на овој стратешки приоритет.

Имено, во текот на наредниот период континуирано ќе се продолжи со Поддршка на учеството на граѓанскиот сектор во процесот на донесување одлуки и обезбедување социјални услуги (преку ИПА 2008).

Во 2011 Генералниот секретаријат ќе се продолжи со имплементација на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2007-2011). Исто така ќе продолжи и со поддршката на учеството на граѓанскиот сектор во процесот на донесување одлуки и обезбедување социјални услуги (ИПА 2008), а ќе работи и на потикнување развој на граѓанскиот сектор, особено надвор од главниот град и руралните средини, како и на имплементација на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор во периодот 2011-2013.

На среднорочен план ќе се превземаат активности за унапредување на процесот на реформа на јавна администрација при што од особено значење е овозможувањето на децентрализирана имплементација на новиот Закон за јавни службеници за што МИОА ќе развие Стратегија која ќе даде насоки со правила и процедури за имплементација. Покрај ова, со цел унапредување на системот на јавна администрација, ќе биде донесен и закон за плати во државната и јавната администрација.

Реализацијата на проектите за реформа на јавната администрација е детално образложена во Поглавје IV – Административни капацитети.

Во однос на развојот на граѓанскиот сектор, Генералниот секретаријат на среднорочна основа меѓу другото, ќе се остварува преку потикнување развој на граѓанскиот сектор, особено надвор од главниот град и руралните средини како и преку имплементација на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор.

*Реформа на полиција*

Во 2010 година продолжи имплементацијата на Законот за внатрешни работи, кој стапи во сила во 2009 година, при што на регуларно ниво се организираа состаноци на Работната група надлежна за надзор на имплементација на Законот за

---

[2] *Правилник за содржината и начинот  на подготвување на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места; Уредба за начелата за внатрешна организација на органите на државната управа; Уредба за звањата на државните службеници; Правилник за начинот на вршење на надзор; Правилник за  содржината и формата на годишниот извештај за спроведување надзор; Упатство за примена на додаток на плата  за кариера на државните службеници; Правилник за утврдување на начинот и постапката за селектирање и вработување на државни службеници; Правилник за утврдување на работните места  со висок ризик по животот и здравјето на државниот службеник; Упатство за содржината на годишниот извештај за податоците од регистарот  на државните службеници; Правилник за формата и содржината на обрасците за евидентирање на податоците на државните службеници; Правилник за содржината на годишниот план за соодветна и правична застапеност на заедниците; Правилник за содржината и формата на полугодишниот извештај за спроведени специјализирани обуки за државните службеници; Упатство за поблиски критериуми за доделување на парична награда на државните службеници; Правилник за водење на дисциплинска постапка за утврдување на дисциплински престап; и Правилник за формата и содржината на годишниот извештај за изречени мерки за утврдена дисциплинска и материјална одговорност на државни службеници.*

внатрешни работи во кои членуваат и претставници од меѓународната заедница. Меѓу другото Законот предвидуваше, во преоден период во траење од пет години, Министерството да ги прекине договорите за вработување на овластените службени лица со навршени 40 години пензински стаж, без оглед на годините на возраст. Против наведената одредба, од група на граѓани беше поднесена иницијатива до Уставниот Суд на Република Македонија за оценување на уставноста на наведената одредба и Уставниот суд на Република Македонија поведе постапка за оценување на уставноста на наведената одредба и донесе времена мерка за запирање на извршувањето на сите поединечни акти кои произлегуваат од оваа одредба. На 20 март стапи во сила Закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи со кој е избришан преодниот период од траење од пет години во однос на пензионирањето, со што се надмина нееднаквоста во пензионирањето на овластените службени лица. Согласно наведените измени, во периодот 22 март – 6 октомври 2010 Министерството за внатрешни работи додели вкупно 974 решенија за прекин на работен однос по основ на пензионирање. Со наведените пензинирања на овластените службени лица кои во најголем број се Македонци се промени и етничкиот состав на Министерството за внатрешни работи. Во таа насока, на 6 декември 2010 година, процентуалната застапеност на етничките малцинства изнесува: Македонски 78,84%; Албанци 16,67%; Срби 1,69%; Турци 0.64%; Роми 0,65%; Власи 0,06%; останати 1,41%. Министерството за внатрешни работи ќе продолжи со процесот на достигнување на стандардот 1:300 (еден полициски офицер на триста жители) содржан во заедничките стандарди и принципи на Европската Унија, како и европските препораки во однос на димензионирањето на човечките ресурси, односно 6000 униформирани полициски офицери (невклучувајки ја Граничната полиција) и 1200 цивили. Воедно, Министерството ќе продолжи со зголемувањето на вработените од редот на етничките заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, и тоа со 1% за 2011 година.

Со поддршка од КАРДС 2006 извршена е целосна реконструкција на Полициска станица Кисела Вода, додека преку ИПА 2007 програмата завршено е целосното реновирање на Полициска станица Тетово  и реконструкција на просториите за задржување на 8 Полициски станици (ПС Центар, ПС Карпош, ПС Штип, ПС Бит Пазар, ПС Гази Баба, ПС Прилеп, ПС Гевгелија и ПС Гостивар).

Изготвен е Правилник за систематизација на работните места во Министерството за внатрешни работи, како и Правилник за организација и работа во МВР и се очекува потпишување на истите. Покрај останатото, со Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за внатрешни работи се предвидува нова поставеност на Секторот за внатрешни работи Скопје, која е димензионирана со поддршка на експерти од Франција со цел подобрување на ефикасноста, при што се очекува зголемување на бројот на извршители од 1460 до 2100.

Во 2011 година ќе продолжи процесот на мониторинг на имплементацијата на Законот за внатрешни работи, согласно Акцискиот план на обврски што произлегуваат од Законот, како и на Законот за полиција.

Центарот за обука предвидува донесување на Стратегија за обука на работниците во Министерството за внатрешни работи.

**СУДСКИ СИСТЕМ** *(повеќе види и Поглавје 23 –Правосудство и фундаментални права)*

Во насока за натамошно зајакнување на независноста, ефикасноста и професионалноста на правосудството, во текот на 2010 година беа донесени повеќе закони. Со Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите (Службен весник на Република Македонија, бр.150/2010) се редефинираа општите услови за избор на судија, одредбите за утврдување на нестручност, несовесност и дисциплинската постапка во вршењето на судската функција, се воведе систем на кариера, додека со измените и дополнувањата на Законот за Судскиот совет на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија, бр. 150/2010) се дефинираа објективни и мерливи критериуми за следењето и оценувањето на работата на судиите, се доуредија постапките за утврдување на нестручно и несовесно вршење на судиската функција и дисциплинска одговорност на судија.  Со цел создавање на висок профил на стручен кадар за вршење на функцијата судија или јавен обвинител, беше донесен Законот за Академија на судии и јавни обвинители (Службен весник на Република Македонија, бр 88/2010), преку кој се утврдија нови услови за прием на кандидати, полагање на психолошкиот тест и тестза интегритет, зголемување на времетраењето на почетната обука на 24 месеци и доуредување на континуираното стручно усовршување на судиите и јавните обвинители. Во насока на натамошно зајакнување на независноста, непристрасноста и професионализација на судството, активностите во 2011 година ќе се фокусираат на имплементација на новините кои се однесуваат на: изборот на судиите, системот на кариера, следење и оценување на работата, разрешување и утврдување на дисциплинската одговорност, врз основа на објективни и мерливи критериуми, зголемување на транспарентноста, како и  финансирањето на судството.

Советот за судски реформи, како и досега и во текот на 2011 година ќе продолжи со следење на реализацијата на реформата во правосудството, преку одржување на состаноци.

Континуираните напори продолжија и во однос на обезбедувањето на ефикасноста. Законодавната рамка беше надградена со Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување (Службен весник на Република Македонија, бр.50/2010), Законот за изменување и дополнување на Законот за парничната постапка (Службен весник на Република Македонија, бр. 116/2010) и Законот за вештачење (Службен весник на Република Македонија, бр. 115/2010). Во Собраниска постапка е Законот за управување со судски предмети, со кој се предвидува користење на автоматизиран компјутерски систем за управување со движењето на предметите во судовите, се уредуваат постапката за објавување на судските одлуки на веб страницата на судот, работата на канцелариите за односи со јавност, почитување на законските рокови за донесување, изготвување и објавување на судските одлуки итн. Со Законот за измени и дополнувања на Законот за судска служба (Службен весник на РМ бр 150/2010) се прецизираа правата, обврските и одговорностите на судските службеници. Со цел зголемување на ефикасноста на судството, согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување (Службен весник на РМ бр 150/2010) трансферот на извршни предмети од судовите кај извршителите, ќе започне од 1 јули 2011 година. Воедно, во текот на 2011 година континуирано ќе се именуваат извршители за непополнетите извршителски места. Во насока на целосно извршување на пресудите на судовите ќе се унапреди соработката со Државното правобранителство, согласно Протоколот за соработка помеѓу Владата на Република Македонија, органите на државната управа и Државното правобранителство на Република Македонија. За обезбедување на веродостојна и унифицирана судска статистика, во првиот квартал од 2011 година ќе се формира работна група за координација на активностите за собирање и обработка на статистички податоци.

Во однос на независноста и професионалноста, потребно е да се истакне дека Судскиот совет на Република Македонија, заклучно со декември 2010 година избра 58 судии, од кои еден кандидат е од првата генерација од Академијата за обука на судии и јавни обвинители (АСЈО) и 10 судии од втората генерација кандидати. Судскиот совет во соработка со АСЈО во октомври 2010 година донесе План за избор на 17 судии од редот на кандидатите од втората и третата генерација, кои ја завршиле обуката во АСЈО. По однос на транспарентноста во работата на Советот, функционира веб- страната, седниците се јавни, со исклучок на дисциплинските постапки. Советот на јавните обвинители, ефикасно ги спроведуваше своите функции преку одржување на редовни седници, при што заклучно со декември 2010 година одржани се 24 седници, на кои избрани се 23 јавни обвинители, од кои 1 од првата генерација и 3 јавни обвинители од втората генерација кандидати од АСЈО, извршен е избор на нов Претседател и заменик претседател на СЈО, во соработка со АСЈО во октомври 2010 година донесен е План за избор на 15 јавни обвинители од редот на кандидатите од втората и третата генерација, кои ја завршиле обуката во АСЈО. Воедно, на 16.12.2010 год. распишан е оглас за избор на 6 јавни обвинители од редот на кандидатите кои ја завршија обуката во Академијата за судии и обвинители.

*Академијата за судии и јавни обвинители,* продолжи да ги спроведува Програмите за почетна и континуирана обука. Со почетната обука, досега опфатени се 4 генерации со вкупно 81 кандидат, од кои 54 кандидати, успешно ја завршија обуката и избрани се вкупно 38 кандидати, од кои 24 судии и 14 јавни обвинители. Третата генерација (17 кандидати) ја заврши почетната обука на 19.11.2010 година, додека четвртата генерација (9 кандидати) од 15 септември 2010 година започна да ја следи теоретската обука. Реализирана е и Специјализираната програма за обуки на новоизбрани судии и јавни обвинители[3] со која се опфатени 2 генерации новоизбрани судии и јавни обвинители со вкупно 92 учесници, од кои 58 новоизбрани судии и 34 новоизбрани јавни обвинители. Во 2011 година ќе продолжат редовните активности: почетна обука за четвртата генерација кандидати, континуирана и специјализираните обуки на судиите и обвинителите, судските и јавно обвинителските службеници, а воедно во рамки на проектот ИПА 2008 „Натамошно јакнење на институционалните капацитети на Академијата за судии и јавни обвинители" ќе се продолжи со реализацијата на активностите за подобрување на системот за изработка на програми за обука, воспоставување на *e-learning* систем, подобрување на веб страницата на Академијата, зголемување на фондот на библиотеката и подобрување на системот за децентрализирана обука.

За натамошна професионализација во правосудството, *Судскиот совет на Република Македонија* и *Советот на јавни обвинители,* во соработка со Академија за судии и јавни обвинители, во вториот квартал од 2011 година ќе изготват Стратешки план за утврдување на потребниот број на судии и јавни обвинители за период 2011-2013, како и ќе продолжат со реализацијата на Плановите за избор на судии и јавни обвинители од редот на кандидатите од втората и третата генерација. Ќе биде подготвена и Методологија за утврдување на сложеноста на материјата во која спаѓа предметот при утврдувањето на ориентациониот број на предмети што треба да ги реши судијата месечно.

За подобрување на пристапот на граѓаните до правдата во судовите воспоставени се Канцеларии за односи со јавноста, континуирано се објавуваат судски одлуки на веб страните на судовите. Досега објавени се 43.667 одлуки.

*Стратегијата за ИТ во правосудството* ефикасно се спроведува, од 01.01.2010 година во сите судови започна да се користи Автоматизиран информатички систем за управување со судски предмети (ACCMIS), за што беа спроведени обуки за 2037 судии и судски службеници. Базата на закони ЛДБИС, континуирано се пополнува со новите правни прописи, досега внесени се вкупно 20.120 прописи.

---

[3] Се состои од три модули: граѓанско право, кривично право и општи теми.

Во насока на унапредување на *ИКТ во Јавните обвинителства*, ќе се изготви Информација за студија за унапредување на функционалноста, просторните потреби и информатичката технологија во Јавното овинителство на Република Македонија 2011 – 2012, како и ќе се превземат активности за набавка на информатичка опрема (сервери), изработка на веб страни, воведување на интернет и мрежно поврзување на сите Јавни обвинителства. За унапредување на транспарентноста на работењето, ќе се изврши надградба и ставање во фукнција на веб порталот на Советот на јавни обвинители.

За подобрување на судската инфраструктура и обезбедување на соодветни услови за работа во судовите, целосно е завршено реновирањето и опремувањето на 10 судски згради на основните судови со проширена надлежност (ОС Тетово, ОС Велес, ОС Струга, ОС Охрид, ОС Штип, ОС Струмица, ОС Прилеп, ОС Гостивар, ОС Кочани и ОС Куманово). Во тек е изградба на нова заграда на Кривичниот суд во Скопје, како и изградба на нова зграда на Јавното обвинителство.

Со цел обезбедување стабилни извори на финансирање на судството беше донесен Закон за изменување и дополнување на Законот за судски буџет (Службен весник на Република Македонија, бр. 145/2010) со кој е унапредена постапката за изготвување и менаџирање на судскиот буџет, како и утврдување на фиксен процент во износ од 0,8% од БДП, кој ќе се зголемува во еднакви износи, така што во 2012 год. е предвидено да се достигне процент од 0,5% од БДП, во 2013 0,6, во 2014 од 0,7% и во 2015 год. од 0,8%. Во тек е изготвување на Студија за определување на цена на чинење на судските предмети , со која ќе се олесни процесот на подготовка на предлог буџетот на судската власт од страна на Судскиот буџетски совет. Врз основа на студијата, Судскиот буџетски совет ќе изготви „Анализа на тековните трошоци од работењето на судовите", како и ќе изврши дефинирање на критериумите за изработка и распределба на предлог буџет на судската власт.

Во насока на ефикасна заштита против управните акти, во првата половина на 2011г. ќе се конституира и ќе отпочне со работа нов *Виш Управен суд*, а ќе се продолжи со понатамошна реализација на активносите од ИПА 2007 проектот „Поефикасно, ефективно и модерно функционирање на Управниот суд".

Во периодот 2011-2012 година ќе се реализираат активностите предвидени со Акцискиот план за имплементација на новиот Закон за кривична постапка, за што ќе бидат изготвени полугодишни извештаи за статусот на реализација на активностите од аспект на нормативниот дел, спроведување обуки и јакнење на капацитетите.

**АНТИКОРУПЦИСКА ПОЛИТИКА** *(види и Поглавје 23 – Правосудство и фундаментални права)*

Се донесе нов *Закон за кривична постапка* (Службен весник на Република Македонија, бр. 150/2010), со кој се воведоа новини во структурата на претходната и судската постапка, нова поактивна улога на јавните обвинители во претходната постапка, формирање на истражни центри на јавното обвинителство, целосно се преуредува материјата која се однесува на посебните истражни мерки преуредување на системот на редовни правни лекови и други новини, донесувањето на измените и дополнувања. Согласно препораките на Европската комисија се предвиде и професионализација на вршењето на функцијата на членовите на Државната комисија. [4]

Од март 2010 година започнаа да се применуваат одредбите од *Кривичниот законик* (КЗ) со кој се воведоа конфискација на посредна имотна корист и проширена конфискација за тешки кривични дела, нови споредни казни за правните лица, нови коруптивни кривични дела: Противправно стекнување и прикривање на имот, Измама на штета на фондовите на Европската заедница; се зголемија казните за кривичните дела на корупција и се воведе задолжително изрекување на казната Забрана за вршење професија, дејност или должност за кривичните дела на корупција. Во насока за успешна примена на новините на КЗ, Академијата за обука на судии и јавни обвинители во текот на 2010 година спроведе вкупно 9 обуки за судиите, јавните обивнители и преставници од релевантните институции на тема „Проширена конфискација, противправно стекнување на имот и одговорност на правни лица". Исто така, реализирани се и 6 обуки за примена на новините во КЗ и ЗКП.[5] Обуките ќе продолжат и во наредниот период.

Република Македонија целосно ги имплементираше сите 14 препораки на ГРЕКО од Вториот круг на евалуација. По однос на Трет круг на евалуација, ГРЕКО го усвои Извештајот за евалуација на Република Македонија, во кој се содржани вкупно 13 препораки кои треба да се имплементираат заклучно со септември 2011 година. Заради реализација на препораките, предвидени се измени и дополнувања на Кривичниот законик, заради натамошно усогласување со Кривичната конвенција за корупција на Совет на Европа и нејзиниот Дополнителен протокол (ЕТС 191). Во насока на натамошно јакнење на транспарентност во финансирањето на политичките партии, ќе се изготват измени и дополнувања на Законот за финансирање на политичките партии, во насока на обезбедување на поголема транспарентност на сметките на политичките партии, определување на водечка институција за следење на финансирањето на политичките партии,

[4]Измени и дополнувања Закон за спречување на корупција(Службен весник на Република Македонија, бр. 145/2010).
[5]Ворамки на Проектот на Светска Банка. за поддршка на имплементацијата на новините во КЗ и измените на ЗКП

како и воведување на механизми за практична примена на казнените мерки за повреда на правилата на политичко финансирање и на казнените мерки за губење на државните средства за политичките партии. Со Изборниот законик ќе се прецизира и периодот на отпочнувањето на изборните кампањи, со оглед на обврската да се има посебна сметка за кампањите и финансиските извештаи за кампањите како и во насока на проширување на периодот на финансиски активности за изборните кампањи со цел финансиската активност во текот на овој период да биде прецизно и сеопфатно евидентирана. Во насока на унапредување на надзорот над финансирањето на политичките партии, ќе биде определена институција/тело кое ќе има водечка улога во системот на контрола над финансирањето на политичките партии и изборните кампањи.

За ратификација на Конвенцијата на ОЕЦД за поткуп на странски јавни службеници во меѓународните трговски трансакции, Република Македонија достави барање за членство во работната група на ОЕЦД за поткуп на странски јавни службеници.

Советот на Владата за имплементација на владиниот Акциски план за борба против корупција, ќе продолжи континуирано да ги следи активностите во борбата против корупција, а Меѓуресорско тело за координација на активностите за борба против корупција, ќе продолжи со координацијата и јакнење на меѓусебната соработка за реализација на препораките во однос на борбата против корупцијата.

Континуирано се реализираат активностите од Државна програма за превенција и репресија на корупцијата, како и активностите предвидени со Државната програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси. Државната комисија, во септември 2010 година донесе Оперативен план за развивање на новите Државна програма за превенција и репресија на корупцијата и Државна програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси. Обезбедена е поддршка од Делегацијата на Европската Унија во РМ за ангажирање на два меѓународни експерти, како и техничка и финансиска поддршка од Канцеларијата на УНДП во Скопје. Во ноември 2010 година беше потпишан Меморандум за соработка со Секретаријатот за европски прашања за поддршка за изготвување на Државните програми.

Во тек е подготовка на нова Државна програма за превенција и репресија на корупцијата и Државна програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси кои заедно со акциските кои треба да бидат донесени во вториот квартал од 2011 година. Следењето на нивната имплементација ќе започне во четвртиот квартал од 2011 година.

Продолжија да се применуваат одредбите кои се однесуваат на спречување на појавата на судир на интереси. Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) покренала 217 прекршочни постапки против лицата кои не поднеле изјави за интереси. Во 45 случаи констатирано е постоење на состојба на судир на интереси, и побарано е од лицата да излезат од состојбата на судирот на интереси. Во однос на јакенење на капацитетите за спроведување на Законот за судир на интереси, се реализираа обуки за судиите и јавните обвинители, како и за за претставници од општините, а истите ќе продолжат и во наредниот период, согласно Акциониот план за превенција и намалување на појавата на судир на интереси.

Во однос на анкетните листови за избраните и именуваните лица во 2010 година поднесени 8 прекршочни постапки за неподнесување на анкетни листови; 18 барања до УЈП за испитување на имотна состојба, од кои завршени се 9 постапки. Во текот на 2011 година ќе се номинираат контакт лица од надлежните институции[6] за давање на податоци за проверка на анкетните листови, како и ќе се отпочне со проверка на анкетните листови согласно Критериумите за начинот за определување на анкетни листови кои ќе бидат предмет на проверка, утврдени од страна на ДКСК и УЈП.

За подигање на свеста за ризиците од корупција, во текот на 2011 година ќе се продолжи со спроведување на обуки за антикорупциски мерки и Етика во државната служба.

*Комисијата за слободен пристап* до информации од јавен карактер, континуирано обезбедува стручна помош за имателите и за барателите на информации и во текот на 2010 год. постапила по 388 жалби од граѓаните и невладините организации, поднесени поради молчење на администрацијата, по што се донесени решенија за задолжување на имателите да ја доставaт бараната информација до барателот. Во насока на подигнување на професионализацијата и едукацијата на субјектите кои се активни учесници во постапките за доделување на договори за јавни набавки, Бирото за јавни набавки во текот на 2010 година организираше 12 обуки.

Во насока на спречување на коруптивното однесување на вработените во МВР и полицијата, како и откривање и соодветно санкционирање на конкретните случаи на корупција, континуирано се спроведуваат мерките и активностите од Антикорупциската програма на Министерството за внатрешни работи за 2010 година.

## 1.2. **ЧОВЕКОВИ ПРАВА И ЗАШТИТА НА МАЛЦИНСТВАТА**

[6]Агенција за катастар на недвижности, Управа за јавни приходи, Министерство за внатрешни работи, Централен регистар на РМ

**Почитување на меѓународното право за човекови права**

Во текот на 2010 година, Меѓуресорското тело за човекови права, одржуваше состаноци на квартално ниво во насока на натамошно јакнење на координацијата на активностите помеѓу претставниците на ресорните министерства.

Пред Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП), во текот на 2010 година беа поднесени 414 апликации[7], а за одговор до Владата на РМ беа доставени 94 жалби. Повреди на Конвенцијата од страна на РМ се констатирани во 15 пресуди (9 се однесуваат на правото на судење во разумен рок, 4 за другите аспекти на правото на фер судење, и 2 за фер постапување со притворени лица).

Академијата за обука на судиии и јавни обвинители редовно реализира обуки поврзани со Европската Конвенција за човекови права. Во рамки на претседавањето на Република Македонија со Советот на Европа беше одржана Конференција за зајакнување на принципот на субсидијарноста на Европската Конвенција за човекови права, во насока на интегрирање на судската пракса на ЕСЧП во националното законодавство. Беше промовирана Збирка на 35 пресуди на Европскиот суд за човекови права преведени на македонски јазик.

Продолжи практиката на преведување, објавување и доставување до судиите и другите институции вклучени во конкретниот предмет, на одлуките на ЕСЧП.

Одделот за постапување по предмети за судење во разумен рок, при Врховниот Суд, континуирано постапуваше по предмети за судење во разумен рок. Со одлуките на Врховниот суд, освен што се досудуваат средства на име правичен надомест, се одредуваат и рокови за постапување на пониските судови, во ситуации кога предметите пред нив се сеуште активни.

Во насока на ефикасно спроведување на одлуките на ЕСЧП, на среден рок во рамките на Компонентата 3 на ИПА 2011 твининг проектот, ќе се реализираат активности за јакнење на националниот систем за навремено и ефективно извршување на одлуките на ЕСЧП.

Министерствата и комисиите на Владата за решавање во управна постапка во втор степен, продолжија да одговараат на наодите на Народниот правобранител.

**Граѓански и политички права**

За подобрување на пристапот на граѓаните до правдата од јули 2010 година започна со примена Законот за бесплатна правна помош[8]. Сите подзаконските акти[9] кои произлегуваат од истиот се донесени. Воспоставени се Регистар на адвокати за давање на правна помош (досега запишани се 187 адвокати) и Регистар на овластени здруженија за давање на претходна правна помош, достапни на веб страната на Министерството за правда. Досега одобрени се 7 барања за остварување на правото на бесплатна правна помош. Во првиот квартал од 2011 година ќе биде изготвен Годишен Извештај за имплементација на Законот. Во насока на запознавање на граѓаните за користење на правната помош, континуирано ќе се одржуваат денови на бесплатен правен совет од обласга на медијацијата, извршувањето, нотаријатот и адвокатура.

Со цел доуредување на Законот за извршување на санкциите и негово усогласување со меѓународните препораки во извршувањето на санкциите и остварувањето на човековите права на осудените лица, во април 2010 година усвоени се измени и дополнувања на законот. Во септември 2010 година донесен е Правилник за заштита на соработник на правдата за време на издржување на казна затвор, како и Куќен ред во сите КПУ и ВПУ.

За подобрување на условите во КПУ и ВПУ, континуирано се реализираат активности за изградба, реконструкција, и опремување, како и активности за подобрување на третманот со осудените лица.

Во септември 2010 година затворено е 5-то крило на КПД Идризово и извршена е преселба на затворениците во реновираното полуотворено одделение на КПД Идризово. Во насока на обезбедување на подобри услови за престојување, во октомври 2010 година извршено е преселување на малолетниците од ВПД Тетово во Отвореното одделение во Велес.

Во текот на 2011 година како и на среден рок, ќе продолжи имплементацијата на проектот "Реконструкција на казнено-поправните и воспитно-поправните установи во Република Македонија"[10] со кој ќе се изврши изградба на нови објекти во КПД Идризово, нов ВПД Тетово, доградба на затворот Куманово, реновирање и изградба на затворот Скопје.

---

[7] согласно Европската конвенција за основните човекови слободи и права (ЕКЧП).
[8] Службен весник на Република Македонија бр.161/09
[9] Службен весник на Република Македонија бр.65/2010

[10] Вкупниот износ изнесува 52 милиони евра, обезбедени од Банката за развој при Советот на Европа, Буџетот на Република Македонија.

За натамошно подобрување на системот за рехабилитација и ресоцијализација на осудените лица, кои издржуваат казна затвор, во рамки на проектот "Пилотирање на затворските реформи во согласност со бараните ЕУ стандарди"[11], донесена е Стратегија за ресоцијализација и социјална адаптација на осудени лица кои издржуваат казна затвор, Стандардни оперативни процедури за постапување со осудени лица и Стандардни програми за специфични третмански групи. До крајот на првиот квартал од 2011 година ќе се реализира Програмата за поддршка на зависници од дрога, во соработка со НВО Хобс.

Управата за извршување на санкции, до крајот на вториот квартал од 2011 ќе изготви Информација за реализација на Стратегијата за ресоцијализација и рехабилитација на осудени лица во КПУ.

Беа реализирани два циклуси на обуки за вработените во секторите за ресоцијализација и секторите за третман во КПД Идризово и КПД Штип во рамките на МАТРА Проектот "Зацврстување на националниот пенитенцијарен систем во согласност со меѓународните и европските стандарди.

Во текот на 2011 година ќе се спроведат три циклуси на обука за директорите и раководните лица во затворите во рамките на новиот МАТРА проект "Зајакнување на менаџерските капацитети во пенитенцијарниот систем на РМ " [12].

Согласно Програмата за задолжителни обуки на вработените во текот на 2011 година ќе се реализираат задолжителни почетни и континуирани обуки на вработените во КПУ и ВПУ.

Со цел воведување на пробациски служби, до крајот на првиот квартал од 2011 година УИС во соработка со Заводот за социјални дејности и Хелсиншкиот комитет, а со поддршка на Амбасадата на Велика Британија, ќе се изготви компаративна анализа за пробациски служби и физибилити студија.

Управата за извршување на санкции ќе продолжи со активностите за сузбивање на организираниот криминал и корупција во казнено-поправните установи и спроведувањето на редовни, вонредни и контролни надзори. Во првиот квартал од 2011 год. ќе биде изготвена Информација за реализација на Акцискиот план за борба против корупцијата.

На среден рок предвидено е реализација на ИПА Проект 2009 "Градење на капацитетите на инстутуциите за спроведување на законот за соодветен третман на притворени и осудени лица" и ИПА Проект 2010 "Понатамошна поддршка за независно, одговорно, стручно и ефикасно судство и промоција на условната казна и алтернативни мерки".

Беа донесени измени и дополнувања на Правилникот за вршење на работите на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди во насока на усогласување со Законот за постапување по претставки и предлози, како и измени и дополнувања на Упатството на начинот на постапување на полициските службеници во случај на доставено известување по телефонски пат за коруптивно или друго незаконско однесување. Беше донесена Програма за работа на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди со планирани обуки на вработените во Секторот. Праксата на одржување на обуки за вработените ќе продолжи и во наредниот период. Континуирано се превземаа активности согласно Акцискиот план за превенција во сузбивање на незаконско и непрофесионално постапување на полициските службеници. Согласно новата организациска поставеност на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди предвидено е Секторот независно да спроведува постапки за оперативно извидување и документирање и реализирање на оперативно-технички мерки и активности.

Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди континуирано ја унапредува соработката со Народниот правобранител и невладиниот сектор.

*Во однос на мерките кои се планираат да бидат преземени за реконструкција на просториите за задржување во полициските станици види 1.01. Демократија и владеење на правото, дел за реформа на полиција.*

*Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи* брои 11 вработени. Соработката е зајакната со Основниот Суд-Скопје II – Скопје надлежен за водење на Единствениот судски регистер на цркви, верски заедници и религиозни групи. Се врши тековно ажурирање на податоците за регистрираните цркви, верски заедници и религиози групи, за барањата за давање одобренија за вршење на религиозен култ и други манифестации на верата како и за претставките доставени до Комисијата. Регистрирани се вкупно 14 цркви, 7 верски заедници и 7 религиозни групи. Комисијата активно учествува и ги следи работите што се однесуваат на верското делување и работите кои се однесуваат на цркви, верски заедници и религиози групи како и на односите меѓу државата и верските субјекти. Комисијата е вклучена во активности поврзани со верските слободи и мултикултурализмот. Во текот на 2011 година Комисијата ќе го имплементира Проектот Истражување за почитувањето на верските слободи и права во мешаните етнички заедници во некои градови низ РМ.

**<u>Економски и социјални права</u>**

---

[11] во соработка со Канцеларијата на ОБСЕ во Скопје и Надворешната Комонвелт канцеларија на Обединетото Кралство

[12] поддржан од Холандската Амбасада, кој е продолжение на реализираниот проект МАТРА.

Беше донесен Законот за ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на деца од сексуална експлотација и сексуална злоупотреба (Службен весник на Република Македонија бр.135/2010).

Донесен е Протокол за постапување во случаи на пријава на сексуална злоупотреба на деца и педофилија. Континуирано се спроведуваат обуки на вработените од центрите за социјална работа за рано препознавање и постапување во случаи на сексуална злоупотреба на деца и педофилија како и на новинарите заради правилно информирање при постоењето на таков случај. Беше подготвен Кодекс на новинарите за правилно информирање во случаи на сексуална злоупотреба на деца, заради заштита на правата и интересите на децата.

Изработена е компаративна анализа за усогласеноста на националното законодавство со Конвенцијата за правата на детето од која произлегоа препораки за натамошно усогласување на домашното законодавство со Конвенцијата за правата на детето и Протоколите.

Заради унапредување на правната рамка, во ноември 2010 година беа усвоени измени и дополнувања на Законот за малолетничка правда (Службен Весник на Република Македонија, бр. 145/2010), кои имаат за цел поефикасна примена на законот, а со тоа и остварување на најдобриот интерес на детето. Донесен е Протокол за упатување на деца во конфликт со законот.

Континуирано се превземаа активности за зајакнување на институционалните и човечките капацитети задолжени за имплементација на законот, при што во текот на 2010 година спроведени се повеќе обуки за судии, јавни обвинители, стручните лица во ЦСР, овластените службени лица во Министерството за внатрешни работи, вработените во казнено-поправните установи, воспитно-поправниот дом и адвокатите.

Државниот Совет за превенција на малолетничко престапништво, редовно одржува седници, со цел следење на имплементацијата на Законот за малолетничка правда и други активности поврзани со малолетничкото престапништво.

Во текот на 2011 година ќе продолжи со реализација ИПА 2008 Проектот: Грант на УНИЦЕФ „Правда за децата" во рамки на кој е предвидено да се изготви Анализа за имплементација на Законот за малолетничка правда во првиот квартал од 2011 година.

На среден рок предвидено е: воспоставување на систем за мониторинг на Законот за малолетничка правда, вклучувајќи индикатори за мониторинг, како и методологија и алатки за прибирање податоци и обука за примена на истите; донесување на ревидирани наставни програми за малолетничка правда за судии, обвинители, медијатори, полиција, социјални работници и адвокати, како и ќе се изработи Прирачник за обука за имплементација на Законот за малолетничка правда за сите професионалци.

До крајот на првиот квартал од 2011 ќе се донесе Стратегија за превенција на малолетничко престапништво. Со цел следење на реализацијата на активностите од Стратегијата до крајот на 2011 година Државниот совет за малолетничко престапништво во соработка со МП, ќе подоготви Извештај.

Во текот на 2011-2012 година ќе се конституираат 10 локалните совети за превенција од малолетничкото престапништво, кои ќе изработат акциони планови за превенција на малолетничко престапништво и ќе бидат спроведени бројни активности за подигање на јавната свест за децата во конфликт со законот (јавни дебати, брошури, средби со новинари и сл.).

Воспоставен е Регистар за евидентирање на примени известувања за деца и малолетници во ризик во сите центри за социјална заштита и Регистар за применети мерки на помош и заштита на деца и малолетници во ризик во МТСП.

Согласно Стандардите за воспоставување на простории за работа со деца во Центрите за социјална работа, се прават анализи за можноста за отварање на т.н пријатни простории за деца. За промоција на системот за малолетничка правда изработени се: публикации, анализи, прирачници, наставни планови и учебни помагала.

Беше усвоен Законот за спречување и заштита од дискриминација[13]. Во насока на промоција на Законот беа спроведени низа обука за обучувачи за превенција од дискриминација, се одржаа трибини во 15 општини како и едукативни семинари во насока на успешна имплементација, како и конференции за утврдување на составот и структура на Комисијата за заштита од дискриминација.

Беа одржани и неколку конференции за родовата политика, односно родовото буџетирање заради споделување на најдобри пракси и позитивни примери, како и работилници за претставување на надлежностите и работењето на правниот застапник.

Реализирани се серија на трибини наменети за жените од руралните средини и помалите етнички заедници.

Беа преземени активности за превенција и заштита на жртви на трговија со луѓе преку обуки и активности за основање и започнување со работа на установа за социјална заштита Центар за лица-жртви на трговија со луѓе.

[13] Службен весник на РМ бр.52/2010

Во текот на 2010 година се имплеметираше Национална Стратегија за заштита од семејно насилство 2008-2011 преку имплементација на Програмите за самовработување и субвенционирано вработување, изготвување на Програми за работа за советувалиштето за работа со насилници и за советувалиштето за мајки и деца во ризик од семејно насилство, обуки на членовите на Координативно тело за мониторинг и евалуација на Стратегијата, спроведување на кампања за превенција од семејно насилство (на национално и локално ниво), формирање на Советувалиште за работа со жртви на семејно насилтво во Скопје, сензибилизација на универзитетски професори за воведување на семејното насилство како дел од наставните програми и содржини.

Во првиот квартал од 2011 година предвидено е да бидат донесени заедничкиот Протокол за постапување на релевантните институции при постапувањето со жртвите на семејно насилство и Програмата за реинтеграција на жртвите на семејно насилство.

Во текот на 2011 година се предвидува истражување за вкупниот број на случаи на семејно насилство во државата кој ќе послужи за понатамошно креирање на национални политики за унапредување на системот за заштита на жртвите на семејно насилство, развивање на веб платформа во насока на унифициран пристап за прибирање и анализа на податоци за жртвите на семејно насилство како и обуки за персоналот од центрите за социјална работа, здравство, полиција, образование и граѓанскиот сектор. Предвидено е пилотирање во 10 општини за воспоставување на локални координативни тела за превенција од семејно насилство во рамките на општинските Совети. Спроведување на национална кампања исто така ќе биде приоритетна активност во насока на подигнување на јавната свест.

Во имплементација на процесот на деинституционализација со отворање на станбени единици за органзирано живеење со поддршка за лицата со попреченост во менталниот развој над 18- годишна возраст, штитеници на СЗ Демир Капија, отворени се вкупно 13 станбени единици, од кои 5 во Скопје. Во текот на 2011 година се планира проширување на постоечката мрежа на станбени единици за организирано живеење со поддршка со отварање на три станбени единици на територијата на град Скопје.

Во претстојниот период ќе отпочне имплементацијата на Програмата за психосоцијална интервенција и интеграција на лицата со попреченост во менталниот развој кои користат право на организирано живеење со поддршка во станбена единица. Во соработка со локалната самоуправа ќе се преземат активности за отворање на Дневен центар за возрасни лица со попреченост во менталниот развој на територијата на град Скопје.

На среднорочен план приоритет ќе претставува континуирана и доследна реализација на целите предвидени со Национална стратегија за деинституционализација.

*За дополнителни информации по однос делот на економски и социјални права види поглавје 3.19. Социјална политика и вработување.*

**<u>Малцински права, заштита на малцинствата и културни права</u>**

Во рамките на Стратегијата за Ромите и Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015, се продолжи со имплементирањето на изготвените Национални Акциски и Оперативни Планови за приоритетните области. Во 2010 година продолжи имплементирањето на проектот вклучување на Ромските деца во предучилишно образование.

Се одржаа бројни обуки на вработените во 8те Ромски информативни центри.

Во Скопје и Тетово се имплементираше Проект за градење на капацитети и директни активности за превенција на илегална миграција и трговијата со луѓе кај ромската заедница преку зајакнување на трудовите вештини. Во текот на 2011 оваа активност ќе се имплементира и во дополнителни 3 општини (Штип, Куманово и Кочани).

Во рамки на проектот Вработување на Роми преку обука, вработени се 7 лица Роми .

Беа ревидирани локалните Акциски Планови за вработување во општините Шуто Оризари, Тетово, Гостивар, Битола, Кочани и Прилеп. Во наредниот период ќе се ревидираат Акциските Планови за вработување во општините Куманово и Штип, а ќе биде изработен и Локален Акциски План за вработување во општина Велес.

Формирана е работна група за изработка на Акциски и Оперативен План за социјална инклузија на Ромите кои ќе бидат изготвени во првиот квартал на 2011 година.

Во текот на 2011 година ќе се интензивираат активностите за намалување на појавата на испраќање здрави деца во училишта за посебни потреби. Согласно измените на Законот за социјална заштита предвидено е формирање на четири регионални комисии за издавање на наоди и мислење за вклучувањето на децата во специјални училишта и формирање на Второстепена комисија која ќе врши увид на издадените наоди и мислења. По донесувањето на измените и дополнувањата на Законот за социјална заштита ќе биде подготвен Правилникот за оцена на специфичните потреби на децата со пречки во развојот.

Во рамките на проектот "Социјално вклучување и пристап до човекови права на Роми, Ашкали и Еѓипќани во западен Балкан" воспоставена е правна мрежа во Скопје, Тетово, Гостивар, Прилеп, Битола, Кичево и Куманово, преку која на маргинализирани групи им се дава бесплатна правна и финансиска помош при обезбедување на лична документација, регистрација на живеалиште, престојувалиште, регулирање на законски престој во и аплицирање за државјанство на Република Македонија. Согласно одржаната регионална Конференција ,,Овозможување на пристап до документи за лична идентификација-регионален предизвик,, и заклучоците и препораките кои произлегоа од оваа конференција ќе продолжат активностите за надминување на овој проблем на национално ниво.

Со цел зајакнување на вклученоста на Ромите во образованието се имплементираат проекти за подобрување на успехот и стапката на задржување на Ромите во основното образование, проекти за зголемување на бројот на Роми со завршено средно образование, обезбедување на стипендии и менторска помош за учениците Роми итн.

Во насока на подобрување на инфраструктурата во населбите во кои живее претежно ромско население со финансиски средства обезбедени од Буџетот на РМ, од локалната самоуправа, како и од странски донации се реализираат проекти за изградба и подобрување на водоснабдителните и канализационите системи, за изработка на урбанистички планови, реконструкција на улици.

Во делот на здравствена заштита и подобрување на пристапот кон здравствените услуги се спроведоа активности за редовна вакцинација на децата Роми, едукации за превенција од ХИВ/СИДА во ромската заедница, контрола и едукација за туберкулоза, спроведување на бесплатни гинеколошки прегледи на жени Ромки итн.

И во текот на 2011 година ќе се продолжи со активностите во рамките на приоритетните области од Стратегијата и Декадата на Роми.

Во рамките на Проектот ИПА 2008 во текот на наредната година предвидени се обуки за градење на капацитетите за поуспешно координирање и реализирање на мултисекторските активности за инклузија на Ромите. Истите се наменети за членовите на Националното координативно тело задолжено за имплементацијата на Стратегијата за Роми.

Во наредниот период се очекува  донесување на нов Акциски план за унапредување на статусот на жената Ромка 2011-2013 .

Активностите на Секретаријатот за спроведување на Охридскиот Рамковен договор (ССОРД) и во овој период беа насочени кон унапредување на правичната застапеност на преставниците на сите етнички заедници, процесот на децентрализација, употреба на јазикот на немонозинските заедници, образовниот систем и недискиминацијата.

Подготвен е Стратешкиот план на ССОРД за периодот 2011-2013.

Континуирано се реализираа активностите од Стратегијата за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците и Годишниот план за вработување на етничките заедници. Во насока на подобрување на правичната застапеност на припадниците на помалите етнички заедници во тек е постапката за вработување на дополнителни 328 лица.

Законот за употреба на јазиците успешно се применува  во работата на Собранието на РМ, посебно во делот на работата на комисиите на Собранието, како и во единиците на локалната самоуправа. Во наредниот период ќе бидат превземени активности за поуспешна имплементација на Законот во делот на сообраќајните знаци, употреба на јазиците во комуникацијата на граѓаните со подрачните единици на министерствата и судската власт. Формирана е меѓуресорска работна група која ќе изготви Акциски план за имплементација на Законот.

Стратегија за комуникација со јавноста 2010 – 2012 беше ревидирана во рамките на Проектот ИПА 2007 “Поддршка на Секретаријатот за спроведување на Охридскиот рамковен договор во процесот на имплементација на Стратегијата за правична застапеност”.

Усвоена е Програмата за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации за 2010 година. Проектите треба да се раеализират во текот на 2011 година.

Согласно новиот Акт за систематизација на работните места, во рамките на Секретаријатот воспоставени се 6 сектори и 22 одделенија. Капацитети на ССОРД беа зајакнати со нови 3 вработувања.

Во текот на 2010 година беа реализирани неколку обуки и студиска посета за вработените, и оваа пракса ќе продолжи и во наредниот период.

Континуирано се спроведува Проектот “Подобрување на меѓу-етничкиот дијалог и соработка на заедниците” во општините: Струга, Кичево и Куманово.

Беше усвоена Стратегијата за интегрирано образование, која ги отсликува препораките на Високиот комесар за национални малцинства на ОБСЕ. Активностите и индикаторите кои произлегуваат од овој документ, се поделени во тематски групи кон чијашто имплементација ќе се пристапи во претстојниот период.

Сите општини (20), имаат формирано Комисии за односи помеѓу заедниците, а дополнителни 14 општини имаат формирано комисии иако не се обврзани со закон. Комисиите работат согласно Практичниот водич за работа на ЗЕЛС, кој во периодот што следи ќе биде преведен на сите јазици на заедниците. Во текот на 2011 ќе бидат превземени активности за промовирање на нивната улога, права и обврски.

За 10годишнината од потпишувањето на Рамковниот договор предвидени се активности насочени кон изготвување на стручно-аналитички материјали од областа на спроведувањето на Рамковниот договор и информации за степенот на реализација на истиот.

Во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација во текот на 2011 ќе биде воспоставен систем за собирање на податоци за целиот јавен сектор во однос на правичната застапеност.

Агенцијата за остварување на правата на заедниците претставени со помалку од 20 % задолжена за следење на остварувањето и унапредувањето, заштита на правата на припадниците на заедниците и надзор над спроведувањето на одредбите на законите со кои се утврдени тие права отпочна со работа. Агенцијата моментално брои 7 вработени.

Во наредниот период ќе се имплементира годишната Програма за зајакнување на капацитетите на Агенцијата и ќе се реализираат проритетните цели утврдени со Стратешкиот план 2011- 2013.

## 1.3 **РЕГИОНАЛНИ ПРАШАЊА И МЕЃУНАРОДНИ ОБВРСКИ**

Република Македонија, во рамките на својата проактивна политика за развој на добрососедските односи и регионалната соработка, ќе продолжи со засилен ангажман во насока на натамошно унапредување и збогатување на соработката како на билатерален план, така и во контекст на регионалните иницијативи.
Во соработката, акцент ќе стави на:

- Унапредување на политичката соработка на сите нивоа, вклучително и на експертско ниво, во функција на процесите на европските интеграции, а особено на прашањата од поширок регионален интерес, како што се: прекуграничната соработка, транспортот и енергетиката, заштитата и унапредување на животната средина, борбата против организираниот криминал, борбата против корупција, полициската и царинската соработка, нелегалната трговија со луѓе, илегалната миграција и реадмисијата, управувањето со границите и здравствената заштита.
- Промоција на соработката во рамките на Процесот за стабилизација и асоцијација, преку потпишување соодветни билатерални спогодби со земјите кои склучиле Спогодба за стабилизација и асоцијација со Европската унија.
- Имплементација на приоритетите во рамките на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПСЈИЕ), Советот за регионална соработка (СРС), Централно-европската иницијатива (ЦЕИ), и SECI – центарот во Букурешт.
- Продолжување на активностите во рамките на ЦЕФТА, учество во активностите и настаните во рамките на Енергетската заедница за Југоисточна Европа и интензивирање на активностите за исполнување на обврските од Договорот за основање на енергетската заедница, Договорот за единствена европска воздухопловна област (ЕСАА), како и учество во преговорите за Транспортна заедница.
- Зајакнување на соработката во рамките на трилатералните (погранични) проекти.

Во однос на регионалната соработка и регионалните иницијативи, Република Македонија во тековниот период претседаваше со Енергетската заедница на ЈИЕ, со Комитетот на земјите потписнички на Конвенцијата за полициска соработка во ЈИЕ (Виенска конвенција), а го презеде и претседателството на „СЕПКА“ асоцијација на директори на полиции во ЈИЕ за борбата со организираниот криминал. Претседателот на Република Македонија организираше Обука за млади лидери од земјите од Регионот што се очекува да прерасне во регионален едукативен центар за идните лидери во Регионот. Република Македонија беше домаќин и на голем број регионални настани организирани за време на претседавањето со Комитетот на министри на Советот на Европа (во областа на културата, учеството на младите во општеството, правдата, борбата против корупцијата).

Во текот на 2010 година, Здравствената мрежа на ЈИЕ донесе одлука градот Скопје да биде седиште на нејзиниот Секретаријат.

Во периодот од 2012-2013 година, Република Македонија ќе го преземе претседавањето со ПСИЈЕ.
Република Македонија ќе посвети значително внимание и на развојот на билатералните односи со земјите од Западен Балкан, особено преку споделување на искуствата во процесите на европските интеграции и преку зајакнување на економската соработка.

Билатералните односи со *Република Бугарија* конзистентно се градат преку континуиран и отворен политички дијалог за сите прашања од заеднички интерес и соработка во голем број области. Остварени се повеќе средби и посети на високо ниво и пошироко, кои придонесуваат двете земји да имаат конструктивна политичка соработка на билатерален и на регионален план.

Во фокусот на односите меѓу двете земји, во наредниот период, се проекти од областа на економијата, енергетското и инфраструктурното поврзување. Се очекува динамизирање на односите во поглед на економската соработка, особено имајќи го предвид фактот дека од 01 јануари 2011 година, трговијата со индустриски производи меѓу Република Македонија и Република Бугарија ќе биде целосно либерализирана.

Односите меѓу Република Македонија и *Република Албанија* ги карактеризира блиска соработка во рамките на веќе изградените одлични добрососедски односи. Актуелниот политички билатерален дијалог укажува на нов квалитет и нова динамика во развојот на овие односи и сестрана соработка во сите области од заемен интерес.
Во наредниот период ќе се продолжи со интензивирање на соработката во економската сфера, со цел искористување на можностите на двете земји. Се очекува да се воведат повисоки форми на соработка, со нејзино проширување во областа на туризмот, транспортот, комуникациите, трговијата и други области од заемен интерес.

Интерес на Република Македонија е натамошно интензивирање на билатералната соработка со својот северен сосед *Република Србија,* која се карактеризира со нагласена динамика, потврдена прекуреализирани посети и средби на највисоко и високо ниво. Двете земји имаат витален интерес за динамизирање на билатералните односи во сите области од заемен интерес, особено во збогатувањето на економската соработка.

Република Македонија го одржува позитивниот тренд на развој на билатералните односи со *Република Косово* и воедно, најавува подготвеност да и упати конкретна помош во градењето на демократските процеси на внатрешен план и нејзино етаблирање на меѓународен план. Мислењето на Меѓународниот суд на правдата во однос на признавањето на независноста на Косово претставува добра основа и силен поттик за унапредување на добрососедските односи и регионалната соработка, како и за отворање ново поглавје во градењето меѓусебна доверба меѓу државите во регионот.

Во функција на олеснување на комуникациите, во наредниот период се разгледуваат можностите за отварање на нови гранични премини кон Република Косово, паралелно со активностите за проширување на постојниот (Блаце).

Билатералните односи со *Црна Гора* се одлични и се одвиваат во континуитет, низ постојани активности за натамошно унапредување на соработката. Потврда за тоа се бројните реализирани посети на највисоко и високо ниво и развојот на односите во договорната состојба. Се соработува во областа на европските интеграции, економијата, транспортот, образованието и културата, науката.

Република Македонија нема да отстапи од определбата да гради добрососедски односи, базирани на соработка, доверба и взаемно почитување со *Република Грција*. На овие принципи ќе се продолжи и со настојувањето да се изнајде, во што е можно покус рок, под покровителство на ООН, взаемно прифатливо решение за наметнатиот спор од страна на Грција во врска со уставното име на земјата. Интензивирањето на контактите на високо ниво меѓу претставниците на двете соседни земји ќе биде искористено за создавање на позитивна клима во која ќе се нагласува взаемниот интерес за ефективна соработка во сите сфери на билатерален план, на регионален план и во рамките на евро-атланското семејство.

Односите помеѓу Република Македонија и *Босна и Херцеговина* ги карактеризира високо пријателство и изградба на заеднички ставови по однос на развојот на регионалната и меѓународната соработка, со слични стратешки цели за остварување на определбата за полноправно членство во европските и евроатлантските структури.

Во изминатиот период, соработката и мноштвото активности, резултираа со реализација на посети и средби на највисоко и високо ниво, како и со бројни контакти на политичко и економско ниво, меѓу ресорни министерства и директорати (најмногу во областа на одбраната, во областа на правдата, средби на парламентарно ниво, на бизнис делегации, како и учество/средби на регионални и меѓународни конференции), што е доказ дека соработката се повеќе се динамизира.

Билатералните односи и соработка со *Република Хрватска* бележат континуиран позитивен развој. Меѓу двете земји постои одлична и интензивна комуникација, која се карактеризира со исклучително пријателски односи и соработка, а потврда за тоа се реализираните посети на сите нивоа.

Односите со *Република Турција* се на мошне високо ниво и нив ги карактеризира дух на пријателство и непостоење на отворени или спорни прашања, како и силна определба за натамошно продлабочување на билатералната соработка во повеќе области од заемен интерес. Во наредниот период двете земји ќе продолжат со редовни билатерални консултации

и размена на искуства во врска со прашањата од процесот на интегрирање во ЕУ. Акцент ќе биде ставен и на економската соработка.

**МЕЃУНАРОДНИ ОБВРСКИ**

Република Македонија целосно соработуваше со Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија. Согласно Законот за соработка помеѓу Република Македонија и Меѓународниот кривичен суд, а во соработка со ОБСЕ и меѓународната заедница, ќе продолжи следењето на сите постапки поврзани со предметите отстапени од Хашкиот трибунал.

Република Македонија ќе продолжи со исполнувањето на меѓународните обврски, пред сé на планот на обезбедувањето целосна соработка со Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија по однос на предметите кои веќе се вратени од страна на МКТЈ.

Република Македонија ќе продолжи со напорите за изнаоѓање решение во врска со укажувањата на ЕУ за потребата од усогласување на билатералниот договор со Сад за условите за предавање лица на Меѓународниот кривичен суд со водечките принципи на ЕУ.

# II **ЕКОНОМСКИ КРИТЕРИУМИ**

## 2.1. **ПОСТОЕЊЕ НА ФУНКЦИОНАЛНА ПАЗАРНА ЕКОНОМИЈА**

### 1) **Макроекономска стабилност**

Одржувањето на макроекономската стабилност и поставувањето на економскиот раст на здрави одржливи основи, како и водењето на координирана фискална и монетарна политика, остануваат императив и во наредниот среднорочен период.

***Монетарна политика***

Монетарната политика и во 2011 година ќе биде фокусирана на одржување на ценовната стабилност, како значаен елемент на макроекономската стабилност, преку одржување на стабилен девизен курс на денарот во однос на еврото. Основните предизвици на монетарната политика во 2011 година се поврзани со движењата на девизниот пазар и потенцијалните екстерни влијанија врз инфлацијата. Имено, заживувањето на домашната економска активност и девизните приливи од странство во голема мера се условени од динамиката на заздравување на светската економија од глобалната финансиска и економска криза, чија неизвесност, иако намалена, сепак е се уште присутна. Дополнително, од втората половина од 2010 година станаа поизразени ризиците за пораст на светските цени на храната, а со тоа и можноста за евентуален нивен пренос врз домашните цени. Макроекономските политики и во 2011 година ќе бидат насочени кон редовно следење на движењата во домашната економија и меѓународното окружување и преземање на мерки во насока на одржување на макроекономската стабилност.

**Инфлација**

Во 2011 година се очекува просечната инфлација да се движи во интервал од 2 до 3%. Како и во 2010 година, доминантно влијание врз ценовните движења се очекува да имаат факторите на страната на понудата. Проекциите за понатамошно закрепнување на светската економија и на економиите на нашите најзначајни трговски партнери имплицираат и релативно повисоко инфлациско ниво во овие земји во однос на претходната година. Притоа, најголем ефект врз домашната инфлација се очекува да има растот на светските цени на храната, што започна во третиот квартал на 2010 година. Истовремено, глобалниот раст се очекува да резултира во пораст на цената на нафтата, иако значително поумерен споредено со растот од претходната година. Од аспект на побарувачката, и покрај оцените за заживување на домашната активност во 2011 година, сепак растот на економијата и понатаму се очекува да биде под потенцијалниот раст. Со тоа, притисоци врз инфлацијата од побарувачката засега не се очекуваат.

Во периодот 2012 - 2013 година, стапката на инфлација се очекува да се задржи ниска и стабилна, на ниво од околу 2%. Ваквата динамика е во согласност со очекуваното движење на странската инфлација, со оглед на големата зависност на домашните цени од увозните цени, како и од светските цени на основните производи, особено нафтата. Воедно, динамиката на инфлацијата е условена и од очекуваната траекторија на движење на домашната побарувачка и производниот јаз. Со постепеното интензивирање на економската активност и стеснувањето на негативниот производен јаз, во периодот 2012 - 2013 година може да се очекуваат одредени инфлациски импулси и од страната на домашната побарувачка.

Основните ризици во однос на среднорочното сценарио за инфлацијата се поврзани со движењата на светските цени на храната, со оглед на доминантното учество на оваа компонента во индексот, како и со цените на енергенсите кои можат да имаат и преносни ефекти врз останатите цени во економијата.

**Економска активност**

Среднорочното макроекономско сценарио се базира на очекуваните трендови во светската економија, а посебно на економијата на ЕУ, како најзначаен трговски партнер на Република Македонија, како и на преземените и планираните политики и мерки од страна на Владата на Република Македонија во анализираниот период.
Според тоа, економската активност во Република Македонија се очекува да заживее во наредниот период, достигнувајќи ги остварените стапки на раст од пред глобалната економска криза да ја погоди македонската економија. Просечниот реален економски раст за периодот 2011-2013 година е проектиран на ниво од 4,5%, со изгледи за подинамичен економски раст во 2012 и 2013 година, за кога се проектирани стапки на раст од 4,5% и 5,5%, соодветно. Реалниот раст на БДП во 2011 година се очекува да се движи околу 3,5%.

Анализирано според производната страна на БДП, највисок раст на економската активност во анализираниот период се очекува да оствари секторот – градежништво, со просечна реална стапка на раст од 7,4%, делумно и како резултат на владината програма за подобрување на конкурентноста на македонската економија, преку преземање на различни инфраструктурни проекти за подобрување на транспортната мрежа во земјата, подобрување на образовните услови, условите во здравството и слично. Индустријата, по бавното закрепнување во 2010 година, се очекува во периодот 2011 – 2013 година позабрзано да расте, со реални годишни стапки на раст помеѓу 5% и 8%. Согласно предвидениот динамичен раст во индустријата, во рамки на услугите, секторот - сообраќај, складирање и врски се очекува да оствари највисоки стапки на раст, од 5,4% во просек во анализираниот период. Растот во секторот финансиски услуги се очекува да се движи помеѓу 3,5% и 5,5%. Реалниот раст на земјоделското производство, кој се очекува да биде поттикнат и од зголемените субвенции за поддршка на земјоделството, во просек е проектиран на ниво од 3,8% за периодот 2011 – 2013 година.

Од аспект на расходната страна на БДП, во периодот 2011-2013 година, домашните фактори, т.е. приватната и инвестициската потрошувачка се очекува да го водат растот за разлика од очекувањата за 2010 година. Нето- извозот се очекува да има негативен придонес кон економскиот раст.

Бруто инвестициите, по очекуваната контракција во 2010 година, во периодот 2011 - 2013 година се очекува да остварат највисок раст, од 11,2% во просек. Постепеното јакнење на довербата на инвеститорите на глобално ниво, се очекува да придонесе кон интензивирање на капиталните текови и зголемување на СДИ, кои во анализираниот период во просек годишно се очекува да изнесуваат 4,5% од БДП. Здравите макроекономски фундаменти, спроведените реформи за подобрување на деловното окружување, даночните и олеснувањата во сферата на социјалните придонеси, се очекува да делуваат стимулативно, како за странските, така и за домашните инвеститори. Дополнителен импулс кон инвестициската побарувачка, се очекува да има фискалната политика преку планираниот раст на капиталните расходи во наредниот период. Освен тоа, ориентираноста на финансирањето на буџетскиот дефицит кон надворешни извори, како и очекувањата за пораст на депозитите, дава потенцијална можност за комерцијалните банки, поголем дел од средствата да пласираат во приватниот сектор, на тој начин поттикнувајќи ја кредитната активност.

Приватната потрошувачка во периодот 2011-2013 година, се очекува да расте со просечна реална стапка од 3,2%. Проекциите се базираат на очекуваниот раст на платите, ниското ниво на процентот на неисплатени плати, предвидениот стабилен раст на бројот на вработени и очекувањата за раст на кредитирањето на населението. Растот на јавната потрошувачка се очекува да биде умерен и во периодот 2011 - 2013 година да се движи помеѓу 1,0% и 1,5%.

Во надворешниот сектор, извозот и увозот се очекува да растат со приближно иста динамика. Очекувањата за повисоко искористување на производните капацитети ќе влијае позитивно врз извозот, што ќе услови и позабрзан увоз на електрична енергија. Реалната стапка на раст на извозот се очекува да се движи помеѓу 5,5% и 8,7% во периодот 2011 - 2013 година, додека проекциите за растот на увозот се движат помеѓу 5,7% и 8,2%.

**<u>Пазар на труд</u>**

Предвидениот економски раст за периодот 2011 - 2013 година се очекува да влијае позитивно врз движењата на пазарот на труд. Според проекциите, во анализираниот период се очекува просечен годишен раст на бројот на вработени од 3,3%. Ова пак, ќе резултира со намалување на бројот на невработени за 3,5% просечно во периодот 2011 - 2013 година. Освен тоа, дополнително зголемување на вработеноста се очекува и од зголемувањето на работната сила, која годишно во просек во анализираниот период се очекува да расте за 1,2%. Ваквите движења имплицираат стапката на вработеност во 2013 година да се зголеми на 41,2%, додека стапката на невработеност е проектирана на ниво од 27,6%. Бројот на активно население во 2013 година, се очекува да достигне 56,9% од работоспособното население.

Во периодот 2011- 2013 се очекува одредено интензивирање на растот на платите. Номиналниот раст на просечната нето плата во 2011 година се очекува да изнесува 4%, слично како и номиналниот раст на просечната бруто плата. Реалниот раст на платите е проектиран на ниво од 1% истата година. Во наредниот период, проектиран е непропорционален раст на просечната нето и бруто плата, имајќи ги во вид планираните намалувања на стапките на социјални придонеси. Во 2013 година просечната нето плата се очекува номинално да расте со 8,2%, додека растот на просечната бруто плата се очекува да се движи околу 7%.

**<u>Надворешен сектор</u>**

Во 2011 година дефицитот во тековната сметка се очекува да се прошири за 0,7 п.п. и да изнесува 4,3% од БДП. Главен фактор за влошување на дефицитот во тековната сметка е очекуваниот намален суфицит кај приватните трансфери, согласно оцените за забавен раст на трансферите во 2011 година и намалување на нивното учество во БДП, по исклучително високото ниво достигнато во 2010 година. Од друга страна, кај трговскиот дефицит се очекува минимално

проширување, што е конзистентно со оцените за умерен раст на домашната економија во текот на 2011 година. Воедно, наспроти големите ценовни шокови, карактеристични за претходните години, во текот на 2011 година промените во извозните и увозните цени се оценети како умерени.

Наспроти релативно малото проширување на дефицитот во тековната сметка, во 2011 година се очекува висок раст на капиталните приливи, кои од 2,8% од БДП во 2010 година се оценува дека ќе достигнат 6,8% од БДП. Опоравувањето на светската економија, стабилизирањето на глобалните финансиски текови, зголемената доверба на странските инвеститори, но и растечката потреба за дополнителни финансии се фактори што ќе делуваат во насока на раст на приватните финансиски текови (пред се странски директни инвестиции). Воедно, значителен раст се очекува кај задолжувањето на државата, во согласност со проектираниот буџетски дефицит и финансиската конструкција за негово финансирање. Очекуваните капитални приливи во 2011 година овозможуваат целосно покривање на дефицитот во тековната сметка и дополнително кумулирање на девизни резерви.

Во периодот 2012 - 2013 година, дефицитот на тековната сметка се очекува дополнително да се продлабочи и да се одржува на ниво од околу 6% од БДП. Од аспект на компонентите на тековната сметка, трговскиот дефицит во 2013 година се очекува да забележи минимално продлабочување, што е во согласност со очекуваното динамизирање на економската активност и увозната зависност на домашната економија. Дополнителна причина за продлабочување на дефицитот на тековната сметка е натамошното постепено опаѓање на приливите врз основа на приватни трансфери. Со тоа, приватните трансфери би сочинувале 16,8% од БДП во 2013 година, наспроти проценетото учество од над 18% во 2010 година. Во рамки на категоријата доход, во периодот 2012 - 2013 година е проектирано зголемување на нето одливите, заради очекуваните зголемени одливи на дивиденди кон странските инвеститори. Ваквата претпоставка се базира на очекувањата дека во услови на зголемен прилив на странски директни инвестиции, интензивирана економска активност и остварување на поволни финансиски резултати, може да се очекува и зголемен одлив врз основа на дивиденди кон странските акционери. Салдото кај услугите се очекува да се одржува позитивно, но со тенденција на забавување.

На капитално - финансиската сметка во периодот 2012 - 2013 година се очекуваат зголемени приливи, согласно очекувањата за постепена нормализација на меѓународните финансиски пазари, враќање на довербата, намалување на неизвесноста и подобрување на перцепциите на странските инвеститори. Согласно проектираните движења на тековната и капитално - финансиската сметка, бруто девизните резерви во периодот 2012 - 2013 година се очекува да остварат пораст и да се одржуваат на ниво од околу четири месечна покриеност на увоз на стоки и услуги од секоја наредна година.

**<u>Јавни финансии</u>**

Економската политика на Република Македонија во наредниот среднорочен период е насочена кон остварување на две клучни цели: одржување на макроекономската стабилност и постигнување на одржливи стапки на раст, остварени пред кризата.

Фискалната политика на среден рок е избалансирана меѓу остварувањето на две цели:

- на краток рок, да одговори на потребата за ублажување на флуктуациите на бизнис циклусот, односно да влијае во насока на неутрализирање на последиците од светската економска криза, преку водење на контрациклична (во случајов умерено експанзивна) фискална политика;
- на долг рок, фискалната позиција ќе биде водена од потребата за воспоставување на одржливо ниво на јавен долг, преку одржување на умерено ниво на буџетски дефицит кое нема да придонесува за пораст на нивото на јавниот долг над долгорочно одржливо ниво.

Проектираните приходи на Консолидираниот владин буџет во наредниот тригодишен период се очекува да бележат релативно намалување како учество во БДП, и тоа од 34,5% од БДП во 2011 година на 32,5% во 2013 година. Како резултат на континуитетот во спроведување на дисциплинирана буџетска политика, вкупните расходи во периодот 2011-2013, исто така ќе остварат намалување и тоа од 37% во 2011 на 34,4% во 2013 година. Вака утврдените основни постулати на фискалната политика значат понатамошно задржување на дефицитот на оптимално среднорочно ниво од околу 2% од планираниот БДП.

*Проектирани приходи на Буџет на Република Македонија* - Вкупните изворни приходи за периодот 2011-2013 година се планирани во висина од околу 29% од БДП, при што нивното учество во БДП по години се намалува согласно политиката за намалување на даночното оптоварување на економијата.

*Проектирани расходи на Буџет на Република Македонија*- Расходната страна на Буџетот на Република Македонија за периодот 2011-2013 е дизајнирана во функција на поддршка на заздравувањето на македонската економија, надминување

на последиците од кризниот период и зголемување на инвестициите во инфраструктурни проекти. Просечното учество на расходите на Буџетот на Република Македонија во наредниот среднорочен период изнесува околу 33% од БДП. Притоа, планирано е подобрување на нивната структура со зголемено учеството на капиталните расходи од 14,6% во 2011 на 15,4% во 2013 година, за сметка на намалување на тековните расходи.

2) **Слободно взаемно дејство на пазарните сили** (**приватизација**)

Економските активности во Република Македонија се засновани на доминантна приватна сопственост со целосно функционирање на пазарната економија врз принципите на слободно взаемно дејство на понудата и побарувачката.
Натамошниот процес на приватизација ги опфаќа приватизациите на несуштински делови од јавните претпријатија и продажбата на претходно непродадените акции на државата или на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.
Во постапката на трансформација на ЈП Македонски железници од двете друштва издвоени како несуштински дејности, едното е продадено (Ремонт на пруги и нискоградба ДООЕЛ – Скопје) а за другото друштво, Фабрика за шински возила ДООЕЛ - Велес, постапката за продажба на државниот капитал продолжува.

Преструктуирањето на ЈП Македонски железници е спроведено со поделба на две нови претпријатија и тоа: Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Македонски Железници – Скопје и Акционерско друштво за транспорт Македонски железници Транспорт АД – Скопје (во државна сопственост).

Постапката за продажба на акциите на државата и на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување во четирите големи компании: ЕМО АД Охрид, ОХИС АД Скопје, Тутунски комбинат АД Прилеп и Еурокомпозит АД Прилеп, заврши неуспешно. Во тек е анализа на условите согласно законските можности, за конечна реализација на овој проект.
Во 2011 година дополнително ќе бидат донесени одлуки врз основа на претходно спроведени анализи, за тоа кои удели или акции на државата ќе бидат понудени на продажба.

3) **Непостоење на бариери за влез и излез од пазарот**

Еден од основните стратешки приоритети на Владата на Република Македонија е подобрувањето на бизнис климата на континуирана основа во Република Македонија. За таа цел преку систематско и континуирано ревидирање на постојната регулатива во Република Македонија ќе се поедностават и елиминираат несуштинските формалности и административни пречки кои го оптоваруваат секојдневното работење и делување на бизнисите и граѓаните со што ќе се овозможи подобрување на законската регулатива, зголемување на капацитетот на регулаторните тела кои го надгледуваат пазарот и ќе се воспостави редовен дијалог со бизнис заедницата.

Република Македонија е на петто место во светот по индикаторот отворање бизнис и прва земја во Европа. Во насока на спроведување на препораките на World Bank, Doing business за подобрување на рејтингот на Република Македонија согласно индикаторот започнување бизнис согласно кој Република Македонија има најбрза регистрација на трговски друштва во Европа и е моментно петта земја во свет, во 2010 година се реализира проектот Едношалтерски систем фаза 2 чија цел беше развој на софтверски решенија во насока да се овозможи електронско поднесување на пријава и прилози за регистрирање трговско друштво со користење на електронски потпис со дигитален сертификат и кредитна картичка преку интернет од било кое место во светот. Во тој правец во 2011 ќе се пуштат во употреба електронскиот систем за регистрација на трговски друштва вклучувајќи и оперативна и функционална електронска интеграција на базите на податоци на Агенцијата за вработување, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и Фондот за здравствено осигурување во едношалтерскиот систем, Електронскиот систем за следење на стечајните постапки, Електронскиот регистар на лица кои не можат да основаат и да управуваат и лица кои се спречени или престанале да ги вршат своите функции во органот на управување во трговски друштва, Електронскиот систем за поднесување и упис во регистарот на залог и Електронскиот систем за поднесување и упис во регистарот на лизинг.

Ќе се имплементира Стратегијата за XBRL што во практиката ќе значи дека почнувајќи од 2013 година сите податоци кои согласно прописите за деловното работење на трговските друштва, од финансиски и бизнис карактер, ќе можат да се синхронизираат и анализираат на начин на кој секој инвеститор (домашен или странски) ќе може соодветно да ги анализира и донесе одлуки по однос на финансискиот успех на друштвото. Податоците се однесуваат на тие што задолжително се обелоденуваат во регистрите на Централен регистар, Народна Банка на Република Македонија, Македонска Берза, Клириншки интербанкарски систем, Комисија за хартии од вредност. Стратегијата предвидува Централен регистар да биде носител на т.н. XBRL јуриздикција во Република Македонија како дел од светската мрежа за користење и поврзување со користење на XBRL.

Ќе се дизајнира и имплементира проектот Метабаза во две фази (Фаза 1 – Национален стратешки документ за развој на Метабаза и Фаза 2 – Имплементација на документот). Целта на воспоставувањето на Метабазата е да овозможи

електронско означување на точните локации на податоците со кои располагаат сите регистри во Република Македонија. Метабазата ќе има за функција при барање на определен податок од бизнис секторот и од било кој орган или институција истата да прикаже информација за тоа во кој регистар веќе се наоѓа тој податок, која институција го креирала и најкратката постапка за добивање на истиот. На тој начин ќе се избегне повторување и дуплирање на податоците и во голема мерка ќе се намалат административните трошоци на бизнис секторот (redtape).

**Регулаторна гилотина**

Проектот Регулаторна гилотина континуирано се спроведува во повеќе фази во насока на намалување на бирократските процедури за бизнис секторот и граѓаните. Досега, во првата фаза ревидирани беа 2000 закони и подзаконски акти во соработка со деловната заедница и граѓаните и беа подготвени мерки во 545 прописи.
Како резултат на успешно спроведената Регулаторна гилотина во 2007 и 2008 година и како резултат на залагањата на Владата на Република Македонија на континуирана основа да се вршат анализи и реализираат препораки за подобрување на бизнис климата, се започна со втората фаза од проектот Регулаторна гилотина.

Акционен план како дел од антикризните мерки на Владата на Република Македонија беше усвоен во април 2009 година и истиот се состои од сет на 54 препораки согласно утврдена динамика чија имплементација ќе овозможи дополнително олеснување на царинското работење и поедноставување на процедурите во прекуграничната трговија. Мерките опфаќаат континуирано присуство на инспекциите на сите гранични премини, зголемување на административните капацитети на Царинската управа, намалување на документацијата, намалување на надоместоците, елиминирање на непотребните процедури, електронско поврзување со другите надлежни институции, соодветни законски измени и други мерки кои овозможуваат полесен проток и царинење на стоките.

Согласно досегашниот степен на реализација, од 54 мерки содржани во акциониот план, реализирани се вкупно 30 мерки, Владата заклучи 1 мерка да се избрише од Акциониот план со мерки за поедноставување на царинското работење во рамки на втората фаза на Регулаторна гилотина, а останатите 23 мерки се делумно реализирани или пак нивната реализација е во тек.

**Трета фаза Регулаторна гилотина**

Во октомври 2010 година, Владата на Република Македонија усвои нов пакет на 47 мерки кои се во фаза на имплементација. Мерките се однесуваат на процедури од повеќе области: земјоделство, труд и социјална политика, здравство, животна средина, осигурување и друго. Нивната имплементација е во тек и е предвидена да заврши до средината на 2011 година, по што ќе следат нови консултации со бизнис заедницата и утврдување на можноста за формулирање на нов сет на мерки за поедноставување на административните процедури.

**Проценка на влијанието на регулативата**

Правната рамка за Проценка на влијанието на регулативата се донесе преку Деловник за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Владата на Република Македонија, Методологија за проценка на влијанието на регулативата и Одлука за формата и содржината на обрасците за проценка на влијанието на регулативата.

Законската обврска за сите министерства за спроведување на Проценка на влијанието на регулативата стапи на сила на 01.01.2009 година, за сите Предлог Закони (освен за Законите кои се донесуваат по итна постапка).

Како техничка поддршка на РИА процесот, формиран е Единствениот електронски регистар на прописи (ЕНЕР) кој им овозможува на заинтересирани страни електронски да достават коментари и предлози директно до надлежните институции. До крајот на Ноември 2010 година, во Единствениот електронски регистар на прописи се внесени 1573 постојни прописи, од кои 235 се предлог закони што биле достапни за коментари на јавноста и кои поминале низ РИА процесот.

Во насока на континуирано градење на административните капацитети за спроведување на РИА процесот и нејзино унапредување, во Октомври 2010 година се потпиша Меморандум за соработка помеѓу Генералниот Секретаријат на Владата на Република Македонија и Министерство за надворешни работи на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска. Проектот насловен како “Подобра бизнис регулатива во Македонија“ започна Ноември 2010 година и ќе трае до март 2011 година, при што планирани се следните активности:

- Анализа на досегашното спроведување на РИА процесот и функционирањето на ЕНЕР;
- Изработка на Акционен план за имплементација на подобрена регулаторна реформа;
- Анализа на примената на РИА во конкретни бизнис регулативи;
- Анализа на консултативниот процес со деловната заедница како значаен дел од РИА процесот и изработка на Код за консултации.

**<u>Излез од пазарот</u>**

Во рамки на активностите на Министерството за економија, во 2011 година значително ќе се зајакне институционалниот капацитет и транспарентноста во одвивањето на стечајните постапки во Република Македонија, преку подобрување на програмите за обуки и полагање испит за стечаен управник, проширување на дијалогот на сите вклучени актери во стечајните постапки, кадровско зајакнување на Комората на стечајни управници и техничка помош на обука на обучувачи по стечајно право и стечајни постапки.

Во рамките на проектот ИПА 2011 техничка помош за имплементација на законодавството за стечај предвидени се средства од 1.000.000 евра за техничка помош во зајакнување на капацитетите на Министерството за економија, судството и стечајните управници за побрзо и поефикасно преземање на дејствата во стечајната постапка.

Истовремено Министерството за економија во континуитет спроведува програма за едукација и обука на кандидати за стечајни управници како и мониторинг на нивната работа преку Комората на стечајните управници. Во прилог на тоа, со воспоставувањето на електронскиот систем за следење на стечајните постапки ќе се овозможи следење на стечајните постапки во сите нивни фази што ќе дава неделни и месечни информации за евентуалните одолговлекувања и каснења на поединечни фази и лесно детектирање на доцнењето кај одговорните лица во постапката.

4) **Соодветен правен систем** (**регулирање на имотни права**, **спроведување на законите и договорите**, **и ефективност на судскиот систем во врска со економски прашања**)

**<u>Регулирање на имотни права</u>**

Процесот на воспоставување на Катастар на недвижности на целата територија на Република Македонија продолжи и во 2010 година и согласно акцискиот план на Агенцијата за катастар на недвижности процентот на востановен катастар на недвижности е 99,13 %.
Агенцијата за катастар на недвижности, во текот на изминатиов период ги реализираше следниве активности:
Поставени се пост терминали на шалтерите на сите одделенија за КН и Центарот за КН- Скопје со што се овозможи безготовинско плаќање на корисниците на услугите на катастарот;

Системот на е-катастар ставен во функција во Центарот за – КН Скопје;
Воведување на нов сервис за услуги кон граѓаните, увид во статусот на предметите од страна на граѓаните во ЦКН-Скопје;

Развој на модул за нотари со кој ќе се овозможи на Нотарите и професионалните корисници да имаат пристап до базата на податоци по електронски пат во завршна фаза на изработка;

- 1 фаза достава на податоци за трансакција по електронски пат со обврска нотарскиот акт да се достави во оригинална форма во АКН 1 фаза крај на Q1 2011, фаза достава на дигитално потпишан нотарски акт за трансакција по електронски пат во АКН
- 2 фаза крај на 2011 год.;

Процесот на дигитализација на катастарските планови - Се очекува пилот проект на дигитализација на 79 КО, да биде завршен до крај на 2010 година;

Изработена е физибилити студија за развој и имплементација на софтвер кој ќе треба да ги интегрира секундарните бизнис процеси;
Превземен Регистарот за просторни податоци од Државниот завод за статистика изготвени се статистички пописни кругови во функција на Пописот на населението, домаќинствата и становите 2011 година;
Системот на активни GNSS перманентни станици е во функција;
Воспоставена пасивна GNSS мрежа на територија на Република Македонија;
Воспоставена апсолутна гравиметриска мрежа на територија на Република Македонија;
Воведување на 3D web сервис.

*Краткорочни планирани активности*

Во текот на 2011 година АКН продолжува со имплементација на следните активности:

Roll- out на е-катастар за 5 подрачни одделенија низ РМ Q1 2011;
МАКПОС ставен во комерцијална употреба јануари 2011 година;
Изработка на проект за воспоставување на нивелманска мрежа Q2 2011 година;
Дизајнирање на модел на податоци и стандарди за геопросторни податоци во АКН Q3 2011 година;
Имплементација на ERP (Entreprice resource planning) систем со Q4 2012 година;

*Среднорочни планирани активности*

Во рамките на активностите на АКН за унапредување на работењето на Агенцијата во наредниот среднорочен период планирани се повеќе активности:

Дигитализација на архивски оригинали- Q4 2012 година;
Roll- out на е-катастар низ подрачни одделенија низ- РМ Q4 2012;
Воведен Модул за нотари на цела територија на РМ -2011-2012;
Воведен Модул за приватна геодетска пракса- 2011-2012;
Воспоставен Регистер за просторни единици- Q3 2012 година;
Изработка на Стратегија за НИПП (Национална Инфраструктура на Просторни Податоци) -Q2 2012 година;
Воспоставена нивелманска и гравиметриска мрежа на територија на РМ - Q4 2013;
Изработка на WEBGIS (Веб Географски Информативен Систем) на АКН според INSPIRE директива - Q4 2013 година;
Изработка на Владин Геопортал -Q4 2013 година;
Воспоставување на НИПП (Национална Инфраструктура на Просторни Податоци) најмалку две министерства поврзани – Q4 2013 ;
Е-комерц (Internet) почеток 01.01.2010 до Q4 2012 година;
Плаќање на услуги преку виртуелни портали (рок на завршување Q4 2012) година, проект подржан од Министерство за информатичко општество.

**Спроведување на законите и договорите**

Активностите коишто континуирано ги презема Министерството за правда се во насока на уредувањето на правната рамка неопходна за спроведување на судските реформи за јакнење на самостојноста и независноста на судовите, зголемување на ефикасноста и специјализација за одредени значајни области, ефикасноста на органите на државната управа и други органи во политичкиот систем на власта, заради обезбедување на слободен и ефикасен пристап до правдата и втемелување на принципот на владеење на правото како основа за стабилен демократски систем и гарант на слободите и правата на граѓаните на Република Македонија.
Формирани се вкупно 10 нови институции кои се целосно воспоставени, комплетирани и функционални и ги остваруваат саканите резултати планирани во рамки на реформскиот процес и тоа: Академија за обука на судии и јавни обвинители, Судскиот совет на Република Македонија, Управниот суд, Апелациониот суд Гостивар, судско Одделение надлежно за судење на дела од областа на организиран криминал и корупција за целата територија на Република Македонија во Основниот суд Скопје 1 – Скопје, Советот на јавни обвинители, Основно Јавно обинителство за гонење организиран криминал и корупција, Вишо Јавно обвинителство Гостивар, Агенција за управување со конфискуван имот и во Врховниот суд на Република Македонија формиран е Оддел за заштита на правото на судење во разумен рок.
Во изминатите години надлежните институции своите активности особено ги концентрираат кон спроведување на реформските закони. Меѓу другото, реформата на судството покрај основните цели за воспоставување на независно, непристрасно и ефикасно судство веќе постигнува забележителни резултати и во поглед на подобрување на бизнис климата во земјата преку забрзување на судските процеси, унапредување на должничко-доверителските односи како и зголемување на довербата во судството.

Од особено значење за зајакнување на независноста, непристрасноста и професионализацијата на правосудството се следниве донесени закони:

Закон за изменување и дополнување на Законот за судовите[14] со кој се редефинират општите услови за избор на судија, одредбите за утврдување на нестручност, несовесност и дисциплинската постапка во вршењето на судската функција, се воведува систем на кариера, како и формирање на нов Виш управен суд;

[14]На 17.11.2010 донесен е пакет на закони: Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите, Закон за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија, Закон за изменување и дополнување на Законот за управните спорови, Законот за измените и дополнувањата на Законот за судска служба и Закон за кривична постапка објавени во Сл. весник 150/2010.

- Се редефинират општите услови за избор на судија, меѓу кои условот за завршени правни студии со просек од најмалку 8; новина е и потребата од активно познавање на еден од официјалните јазици на ЕУ од кои задолжително Англиски јазик, што се докажува со меѓународно признат сертификат, како и познавање на работа со компјутери. Се воведуваат психолошки тестови и тестови за интегритет. Психолошкиот тест има за цел по пат на проверка на социјалните способности да ги афирмира кандидатите за вршење на функцијата судија, а тестот за интегритет се заснова врз постојните етички и професионални кодекси за вршење на функцијата судија и има за цел проверка на етичките и моралните вредности на кандидатот за вршење на функцијата судија.
- Се воведува систем на кариера при унапредување на судиите од понизок во повисок суд преку утврдување на посебни услови за избор на судија.
- Се предвидува формирање на нов Виш управен суд во судскиот систем на Република Македонија, кој ќе одлучува по жалбите против одлуките на Управниот суд, со што се гарантира правото на жалба против одлуките на Управниот суд донесени во прв степен согласно со Амандманот XXI Уставот на Република Македонија.
- Се редефинираат одредбите за утврдување на нестручност и несовесност во вршењето на судската функција и одредбите за дисциплинска постапка. Имено, се редефинира основот за поведување постапка за утврдување нестручно и несовесно работење на судската функција, согласно кој Судскиот совет поведува постапка ако во текот на една календарска година утврдил неефикасно и неажурно водење на судската постапка по вина на судијата, кога судијата по негова вина во повеќе од три предмети ги пречекорил законските рокови за преземање на процесните дејствија, законските рокови за донесување, објавување или изготвување на судските одлуки, или ако во текот на една календарска година повеќе од 20% од вкупниот број на решени предмети му се укинати или повеќе од 30% од вкупниот број на решени предмети му се преиначени.
- Вградени се одредби за транспарентност во работата на судовите, задолжително формирање на канцеларии за односи со јавноста во судовите каде граѓаните ќе може да добијат информација за остварување на своите права.Посебно е значајно дека во законот се пропишува и рок од 2 дена за објавување на судските одлуки на веб страниците на судовите.
- Се зајакнува механизмот за заштита на судиите од прераспоредување во друг судски оддел од страна на претседателот на судот, со што се зајакнува нивната независност. Се пропишува нова одредба според која за судија или судија поротник не може да биде избрано лице кое со член на Судскиот совет на Република Македонија е во сродство во права линија или во странична линија до трет степен или е негов брачен другар.

Закон за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија, се пропишува постапката и се дефинираат објективни и мерливи критериуми за следењето и оценувањето на работата на судиите, со цел да отстрани можноста за евентуална субјективност и пристрасност при оценувањето. Се доуредува и надградува дисциплинската постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на судија, како и постапката за утврдување на нестручно и несовесно вршење на судиската функција и други прашања од надлежност на Судскиот совет. Во таа насока, постапката за утврдување нестручно и несовесно вршење на судиската функција како и дисциплинската постапка е итна од доверлив карактер и се води без присуство на јавноста, а по барање на судијата против кој се води постапката, Судскиот совет ќе дозволи присуство на јавноста.

Закон за изменување и дополнување на Законот за судски буџет [15]се утврдува фиксен процент од БДП за финансирање на судството и се унапредува постапката за изготвување, усвојување и менаџирање на Судскиот буџет како посебен дел од Буџетот на Република Македонија. Со измените се предвидува судскиот буџет да изнесува 0,8% од БДП, што е двојно повеќе од сегашниот судски буџет, и овој износ ќе се постигне постепено со еднакво зголемување до 2015 година. Стабилните извори на финансирање на судството се во функција на негова самостојност и независност од извршната власт. Други новини се дека во случај на ребаланс на Буџетот на Република Македонија не може да се намалуваат средствата наменети за финансирање на судската власт, Во рамките на Судскиот буџет се утврдуваат средства за непредвидени случаи како постојна и тековна резерва кои не можат да надминат 2% од тековните расходи на Судскиот буџет и при распределувањето на средствата од Судскиот буџет, најмалку 2,5 % задолжително се издвојуваат за стручно усовршување на судиите, судските службеници, судската полиција и другите вработени во судовите.

Закон за изменување и дополнување на Законот за управните спорови, донесен на 17.11.2010 год. (Сл. Весник 150/2010), се воведува правото на жалба во управните спорови и се вопоставува Виш управен суд. Со предложените измени се утврдува надлежноста за одлучување во управен спор, при што е предвидено во прв степен да одлучува Управниот суд, а во втор степен Вишиот управен суд, Вишиот управен суд ќе се конституира и ќе отпочне со работа најдоцна до 30 јуни 2011 година.

[15]Сл. Весник 145/2010

Закон за Академија на судии и јавни обвинители[16], донесен на 02.07.2010г. (Сл. Весник 88/2010) се вградени препораките од досегашните извештаи на ЕК за прогресот на Република Македонија од 2007 до 2009 година, како и препораките од оценските извештаи на КАРДС проектот. Законот ги содржи основните претпоставки за унапредување на независноста и стручноста на судиите и јавните обвинители. Основна цел на законот е создавање на висок профил на стручен кадар за вршење на функцијата судија или јавен обвинител преку следење на компаративната пракса и меѓународните стандарди за обука. Со новиот закон се воведуваат значајни измени и тоа во следните сегменти:

- Се редефинира приемниот испит во делот на условите за прием во Академијата, меѓу кои условот за завршени правни студии со просек од најмалку 8, како и познавање еден од официјалните јазици на Европската унија, од кои задолжително англискиот јазик што се докажува со меѓународно признат сертификат.
- Во однос на приемниот испит како новина се воведува полагање на психолошкиот тест и тестот за интегритет.
- Се зголемува времетраењето на почетната обука на две години и тоа 9 месеци теоретска обука и 15 месеци практична обука.
- Исто така, се поместува по порана фаза моментот на избор меѓу судиската и јавно обвинителската функција, односно по завршувањето на првата фаза од почетната обука, слушателите на почетната обука се определуваат за судиската или обвинителската професија.
- Со стекнувањето на статусот на слушател на почетната обука во Академијата, слушателот заснова работен однос на определено време со Академијата за времетраењето на обуката, се до нејзиното успешно завршување и изборот за судија или јавен обвинител.
- Исто така,се регулираат и правата и обврските на слушателите на почетната обука, кои по завршувањето на почетната обука, се стекнуваат со статус на кандидат за судија или јавен обвинител. Се утврдува и редоследот на изборот на кандидатите за судии и јавни обвинители, а согласно постигнатиот успех на ранг листата по завршената почетна обука.

Во насока на натамошно зголемување на ефикасноста на правосудството, надоградена е законската рамка со:

Законот за изменување и дополнување на Законот за парничната постапка[17], донесен на 24.08.2010 (Сл. Весник 116/2010). Компаративните искуства и современите европски стандарди за обезбедување на заштита и остварување на правата на странките во постапката, укажаа на потребата за надградување на постојната законска рамка со цел побрзо решавање на спорните граѓанско - правни односи. Основна цел на измените е зајакнување на правната сигурност, поефикасно и поекономично постапување на судовите со намалување на времетраењето на постапката и создавање на поповолна бизнис клима. Најзначајни новини се задолжителноста на подготвителното рочиште, определување на рокови за преземање на процесните дејствија, зголемувањето на квалитетот на поднесоците, воведувањето на алтернативните начини за решавање на споровите – медијацијата, подобрување на системот за достава на писмената и воведување на електронска достава, воведување на тонско снимање на рочиштата и пропишување на парични казни за повреда на процесните права во постапката.

Закон за вештачење[18], донесен на 23.08.2010г. (Сл. Весник 115/2010) за прв пат се уредува оваа материја на единствен начин, пропишувајќи јасни критериуми за вршење на вештачењата од страна на високо – професионални и стручни субјекти преку исполнување на пропишаните услови и полагање на стручен испит, како и издавање на лиценци за работа, со што се гарантира квалитетно извршување на вештачењето.Особено внимание се посветува на постојаното стручно усовршување, односно континуираната обука на вештаците која е задолжителна и нивно коморско здружување. Во подготовка се подзаконските акти кои треба да се донесат во рок од 4 месеци од донесувањето на Законот.

Предлог Закон за управување со судски предмети (Собраниска постапка II читање) се предвидува управување со движењето на предметите во судовите во Република Македонија,преку користење на автоматизиран компјутерски систем за управување со судски предмети; почитување на законските рокови за преземање на процесните дејствија, законските рокови за донесување, изготвување и објавување на судските одлуки и роковите определени со овој закон; спречување на застој во движењето на судските предмети, и спречување на создавање на заостаток на нерешени судски предмети.

Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување [19] донесен на 08.04.2010 година (Сл. Весник 50/2010), со кој се уредува начинот на вршење надзор над работата на извршителите, дисциплинската одговорност и именувањето на извршител, во случај на престанок на веќе именуван извршител; Во јули 2010 донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување со кој трансферот на извршните предмети од сите судови кај извршителите се одложува до 01.07.2011 година.

[16]Сл. Весник 88/2010
[17]Сл. Весник 116/2010)
[18]Сл. Весник 115/2010
[19]Сл. весник број 50/2010,

Со цел  за натамошно унапредување на судскиот систем и другите активности кои се во врска со приоритетот правна сигурност, брзи постапки и решавање на комерцијални спорови, навремено извршување на судските предмети ќе се преземат активности за имплементација на Измените и дополнувањето на Законот за извршување и префрлање на сите извршни предмети од судовите кај извршителите започнувајќи од 01 Јули 2011, а започнатите предмети за извршување до денот на примената на овој закон да се извршуваат според Законот за извршната постапка најдоцна до 01 јули 2011 година. Воедно значајна активност која ќе придонесе за зголемување на ефикасноста на судството е пренесувањето на судската надлежност за постапување по платните налози во надлежност на нотарите, со што од 01 јули 2011 година значителен број на предмети ќе преминат во надлежност на нотарите односно нотарите по барање на доверителите ќе донесуваат решенија со кои се дозволува извршување врз основа на веродостојни исправи, со кои што ќе дојде до растеретување на судовите од поднесените тужби со предлози за издавање на платни налози врз основа на веродостојни исправи. На овој начин се прави реформа во судството, со што ќе се растеретат судовите од огромниот број на тужби со предлози за издавање на платни налози врз основа на веродостојна исправа, а судовите ќе одлучуваат само по спорните предмети.

Закон за измени и дополнувања на Законот за судска служба, донесен 17.11.2010 год. со кој се доуредува веќе воспоставената единствена законска рамка за уредување на основите на правата, оврските и одговорностите на судските службеници. Со измените се доуредува постапката за вработување како во поглед на составот на Комисијата за вработување, начинот на спроведување на постапката, хоризонтално напредување на судските службеници преку воведување на додаток на кариера, полесно и побрзо напредување во службата преку интерен оглас. Посебно се уредува и начинот на вработување на судските службеници-приправници, приправничкиот стаж и приправничкиот испит.

## ДОВОЛНО РАЗВИЕН ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Финансискиот сектор во Република Македонија се карактеризира со релативно едноставна пазарна структура, без присуството на сложени финансиски групации.

Банкарскиот систем и понатаму е доминантен и зафаќа близу 90% од вкупната актива на финансискиот систем. Учеството на небанкарскиот сектор во финансиското посредување е незначително. Во насока на зголемување на финансиската интермедијација е формирањето на нови финансиски друштва чие основање и работење ќе биде предмет на новата регулаторната рамка за небанкарските институции.

Ваквата структурна поставеност на финансискиот систем го издвојува банкарскиот сектор како најзначаен сегмент за стабилноста на целокупниот финансиски систем и ја намалуваат можноста за прелевање на ризиците од еден во друг институционален сегмент.

### Банкарски сектор

### Состојби во банкарски сектор

Стабилноста на финансискиот систем на Република Македонија во најголема мера зависи од стабилноста на банкарскиот систем како негов главен сегмент. Наспроти турбуленциите кои сеуште се случуваат на глобалниот финансиски пазар, банкарскиот сектор на Република Македонија остана стабилен и релативно отпорен на надворешните шокови. Стабилната позиција на домашниот банкарски систем  е резултат, пред се, на претпазливоста на банките при преземањето ризици, како и на макропрудентните мерки преземени од Народната банка. Тоа создаде предуслови банките да го поддржат заздравувањето на економијата во текот на 2010 година.
Структурата на финансискиот пазар во Република Македонија од аспект на учесниците на пазарот се карактеризира со изразена доминација на банкарскиот сектор. Заклучно со ноември 2010, банкарскиот систем на Република Македонија го сочинуваат  18 банки и 8 штедилници.
Странскиот капитал и натаму е доминантен во вкупниот акционерски капитал. Четиринаесет банки се во доминантна сопственост на странски акционери  кои главно потекнуваат од земјите- членки на ЕУ. Овие банки опфаќаат над 85% од вкупната актива, кредити, депозити, капитал, добивка, приходи на ниво на банкарскиот систем.
Нивото на финансиско посредување на банкарскиот систем на крајот на јуни 2010 година, од аспект на учеството на вкупната актива, кредитите и депозитите, изнесува 68,3%, 43,7% и 48,6% (на крајот на 2009 година, овие стапки изнесуваа 65,0%, 42,0% и 45,5% од БДП, соодветно).

Вкупните средства на банкарскиот систем продолжија да бележат раст во 2010 година, кој беше посилен во однос на 2009 година. На 30.09.2010, вкупните средства изнесуваа 287,8 милијарди денари, а годишната стапка на пораст изнесуваше 12% (1,5% со септември 2009 година).

Депозитите на нефинансиските субјекти се главниот двигател за растот на активата. На крајот на септември 2010 година, износот на депозити на нефинансиските субјекти изнесува 202,2 милијарди денари. Заклучно со септември 2010 година, годишниот пораст на депозитите изнесуваше 9,8% (0,3% во 2009 година). Годишната стапка на пораст на депозитите на населението изнесува 17,8% и нивниот пораст во целост го детерминира годишниот пораст на вкупните депозити. Наспроти претходната негативна стапка на пораст на депозитите на претпријатијата, заклучно со септември 2010 година тие забележаа годишен пораст од 3,6%.

Кредитите одобрени на нефинансиските субјекти се доминантната категорија во активата на банкарскиот систем. Како резултат на претпазливата кредитна политика на банките, годишната стапка на пораст на вкупните кредити заклучно со септември 2010 година изнесува 7,3% (за споредба, годишните стапки на пораст на кредитите во септември 2008 и септември 2009 година кои изнесуваа 38,5% и 6,1%, соодветно). Кредитниот ризик останува доминантен ризик во работењето на македонските банки. Учеството на изложеноста класифицирана во категориите на ризик „В“, „Г“ и „Д“ во вкупната изложеност на кредитен ризик забележа пораст од 0,1 процентен поен во споредба со 30.09.2009 година и на 30.09.2010 година изнесуваше 8,3%.

Во првите девет месеци од 2010 година, вкупната добивка што ја оствари банкарскиот систем изнесуваше 0,9 милијарди денари, што е пад од 30% во однос на септември 2009 година. Последица на намалената добивка е намалувањето на показателите за профитабилност. На 30.09.2010 година стапката на поврат на актива (РОА) и стапката на поврат на капиталот (РОЕ) изнесуваа 0,5% и 4% соодветно (на 30.09.2009 година: 0,7% и 6%, соодветно).

Банките одржуваа релативно висока солвентна позиција. На 30.09.2010 година, стапката на адекватност на капиталот на ниво на банкарскиот систем достигна 16,4% (два пати повеќе од законски пропишаниот минимум од 8%).

**<u>Приоритети во областа на банкарскиот систем</u>**

Основни приоритети во банкарскиот сектор и натаму остануваат одржување на стабилност на банкарскиот систем, зголемување на финансиската интермедијација и олеснување на пристапот до кредити.Одржувањето на стабилноста ќе се реализира преку спроведување на пруденттната супервизија од страна на НБРМ што подразбира имплементирање на новата супервизорска рамка по меѓународни стандарди, регулирање на пристапите за утврдување на потребен капитал согласно Базелските стандарди и следење на изложеноста на ризици и начинот на нивното управување од страна на банките.

Заради координација на супервизорите и хармонизирање на регулаторните и супервизорските пристапи, во тек е формирање на Комитет за координација на супервизорските тела на финансискиот сектор.
Подготвена е компаративна анализа на домашната регулатива со регулативата и најдобрите практики во земјите - членки на ЕУ за супервизија на лизинг – компаниите, а во наредниот период ќе се искористи оваа анализа за подготовка на рамка за пруденттно работење и следење на лизинг компаниите.

Ќе се продолжи со следење на случувањата во ЕУ на планот на зголемување на сигурноста и стабилноста на финансискиот систем со цел мерките што ќе ги донесе Европската Комисија соодветно и навремено да бидат имплементирани и во домашното законодавство. Особено акцент ќе се стави на макропруденттната супервизорска рамка и соработката на институциите од РМ со соодветните супервизорски тела во ЕУ и земјите членки и опциите за брзо постапување и намалување на трошоците во случај на криза, меѓу кои и можноста за формирање на т.н. bridgebank.

**<u>Пазар на капитал</u>**

**<u>Состојби на пазарот на капитал</u>**

Во 2010 година на пазарот на капитал во Република Македонија се регистрирани вкупно 20 овластени учесници кои вршат работи со хартии од вредност, од кои 14 брокерски куќи и 6 банки. Заклучно со 30.09.2010 година на Македонската берза котираа вкупно 34 компании, а вкупната пазарна капитализација во истиот период изнесуваше околу 2,07 милијарди евра, што претставува намалување од околу 9% во однос на истиот период во 2009 година.

Заклучно со 30.09.2010 година, на пазарот се присутни 4 друштва за управување со инвестициски фондови кои управуваат со 6 отворени инвестициски фонда. Вкупната вредност на средствата на 6-те отворени инвестициски фонда во овој период изнесуваше околу 2,26 милиони евра. Основањето на нови инвестициските фондови во Република Македонија, како и зголемувањето на вредноста на средствата со кои управуваат постоечките инвестициски фондови е од големо значење за натамошно раздвижување и динамичен развој на пазарот на капитал во Република Македонија а со тоа и на домашната економија во целина.

Во Регистарот на Комисијата за хартии од вредност се регистрирани 8 друштва за управување со приватни инвестициски фондови кои управуваат со 13 приватни инвестициски фондови со вкупна вредност од 13,22 милиони евра. Заклучно со 30.09.2010 година, Комисијата за хартии од вредност издаде четири одобренија за издавање на хартии од вредност, со вкупна вредност од 54,3 милиони евра.
Во истиот период, вкупниот промет остварен на Македонската Берза, изнесуваше околу 74,28 милиони евра што споредено со истиот период во 2009 година претставува намалување од околу 12%. Прометот со акции забележа намалување од 20% споредено со истиот период во 2009 година, додека тргувањето со обврзници издадени од страна на Република Македонија исто така забележа намалување од 31%.

Движењата на Македонската берза во последните две години укажуваат на стабилизирање на состојбите на пазарот. Така, вкупниот промет на Македонската берза во периодот јануари- септември 2010 година во однос на истиот период во 2009 година бележи намалување од околу 12%, кое е релативно помало намалување во однос на намалувањето на прометот реализиран во истиот период во 2009 година споредено со 2008 година (35,6%). На крајот од третиот квартал од 2010 година, МБИ-10 изнесуваше 2.445,66 индексни поени, што претставува намалување од околу 12% во однос на 31.12.2009 година.

Учеството на странските инвеститори во прометот остварен при купување на Македонската Берза во септември 2010 година изнесуваше 25,76%, а нивното учество во прометот остварен при продавање на Македонската Берза изнесуваше 39,86%. Ваквите состојби и понатаму укажуваа на намален интерес за тргување кај странските инвеститори, при што знаци на раздвижување на Македонската берза би можеле да се очекуваат со постепено враќање на довербата кај инвеститорите (особено странските) и подобрената меѓународна ликвидност, што пак зависи од закрепнувањето на глобалната економија.

**<u>Приоритети во областа на пазарот на капитал</u>**
Во претстојниот период ќе се зајакне постоечката регулатива за приватните фондови со цел воведување одредени критериуми за инвестирање на нивните средства и воведување на надзор над нивното работење. Мерката се презема со цел заштита на инвеститорите и минимизирање на негативните ефекти на овие фондови врз движењата на пазарот на капитал.

Во насока на јакнење на соработката и координацијата на супервизорските тела, во наредниот период ќе продолжи континуираниот процес на хармонизација на регулативата со инкорпорирање на целите и приоритетите согласно IOSCO Strategic Direction 2010-2015, пред се со прифаќање на насоките и препораките за воспоставување на механизми за соработка помеѓу националните регулатори за поефикасно спроведување на супервизија.

**<u>Пазар на осигурување</u>**

**<u>Состојби на пазар на осигурување</u>**
Осигурителниот пазар во Република Македонија се карактеризира со мало учество во финансискиот систем, односно 4,5% во вкупните средства на финансискиот сектор, како последица на доминацијата на банкарскиот систем. Степенот на густина на крајот на 2009 година изнесува €51 наспроти просекот во земјите од Југо- Источна Европа (ЈИЕ) кој изнесува €89. Степенот на пенетрација изнесува 1.6% додека просекот во земјите на ЈИЕ изнесува 2.1%. Имајќи ја предвид вредноста на овој индикатор, осигурителниот сектор во Република Македонија е приближно на исто ниво како во Србија, Романија и Турција. Малиот број на друштва за осигурување на живот, ниското ниво на познавање на осигурителните производи и услуги како и нискиот животен стандард на населението се поважните фактори кои придонесуваат за вака нискиот степен на пенетрација на животното осигурување, со само 0.1% во БДП.
Заклучно со септември 2010 година, на осигурителниот пазар активни се 13 друштва за осигурување, 14 осигурително брокерски друштва и 6 друштва за застапување во осигурувањето. До крајот на 2010 година, Агенцијата очекува да бидат лиценцирани уште две нови друштва во областа на животното осигурување каде постои голем потенцијал за развој.

Друштвата за осигурување се во доминантна сопственост на странски инвеститори и тие поседуваат 81% од вкупниот капитал, едно друштво за осигурување е целосно во сопственост на домашни акционери (физички лица) додека останатите 12 се во сопственост на странски правни лица.

Неживотното осигурување е доминантна категорија со учество во бруто премијата од 95.5%. Во однос на структурата на премијата и понатаму доминира задолжителното осигурување на моторни возила со 45.5%, потоа следи осигурувањето на имот од пожар и други непогоди со 13.1%, осигурувањето на моторни возила-каско со 13.9%. Останатите класи бележат учество помало од 10%. Потребно е да се истакне дека во изминатиот тригодишен период се забележува постојано

намалување на учеството на овој вид задолжително осигурување, што остава простор за поширока понуда и на други осигурителни производи и услуги.

Табела: Бруто премија и структура

| | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 |
|---|---|---|---|---|---|
| Бруто премија (милиони денари) | 5.105 | 5.445 | 6.109 | 6.421 | 6.183 |
| **Структура на премијата** | | | | | |
| Неживот | 97,86% | 97,89% | 97,20% | 95,86% | 95,53% |
| Живот | 2,14% | 2,13% | 2,80% | 4,16% | 4,47% |

На крајот на септември 2010 година, бруто премијата на неживотното осигурување вклучувајќи го и реосигурувањето изнесуваше 4.474 милиони денари и во споредба со 30.09.2009 година бележи раст од 6%. Во рамки на осигурувањето на живот, бруто полисираната премија за истиот период изнесуваше 230 милиони денари и споредено со истиот период во 2009 година бележи раст од 18%. Вкупната бруто полисираната премија на крајот од третиот квартал во 2010 година (живот и неживот) изнесуваше 4.704 милиони денари и бележи раст од 6,9%.

Осигурувањето на живот во Република Македонија е на ниско ниво на развој во однос на останатите европски земји. Сепак, имајќи го предвид континуираниот раст и малиот број на друштва за осигурување кои го нудат овој производ може да се очекува понатамошен развој во овој сегмент. Гореспоменатите податоци укажуваат дека домаќинствата во Република Македонија, се уште не го сметаат осигурувањето на живот како можност за заштеда или инвестирање.

Во првите девет месеци од 2010 година беа продадени вкупно 818.179 осигурителни договори (полиси) и во споредба со минатата година се забележува раст од 9%, додека во рамки на животното осигурување продадени се 24.137 полиси и регистриран е раст од 15%. На крајот на септември 2010 година продадени се вкупно (живот и неживот) 842.316 полиси и забележан е раст од 9%.

**Приоритети во областа на пазарот на осигурување**

Со цел обезбедување на законито и ефикасно функционирање и контрола на пазарот на осигурување и заштита на правата на сопствениците и корисниците на осигурување, се планира воспоставување и имплементирање на процедури за спроведување на теренска и вонтеренска супервизија и план за имплементирање на ризично базирана супервизија.
Во наредниот период ќе следи и воспоставување на супервизорски правила, стандарди и принципи усогласени со правилата на Меѓународната асоцијација за осигурителни супервизори (ИАИС).

## 2.2. СПОСОБНОСТ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПРИТИСОКОТ ОД КОНКУРЕНЦИЈАТА И ПАЗАРНИТЕ СИЛИ ВО РАМКИ НА ЕУ

### 1) Доволно количество на човечки капитал

Континуирани реформи во насока на модернизација на образовниот систем во согласност со економските потреби и подобрување на квалитетот на образованието се едни од главните стратешки приоритети на Владата на Република Македонија за 2011 година.

Реформите кои се спроведуваат во образовниот сектор се главно насочени кон обезбедување на работни вештини и професионални квалификации на човечкиот капитал во согласност со потребите на пазарот на трудот, поврзување на образовните институции со социјалните партнери, обезбедување на поголем опфат и квалитет на образование како и промоција на концептот за доживотно учење.

Предвидените активности за 2011 година во образовниот сектор се во насока на понатамошно имплементирање на започнатите реформи. Во таа насока предвидено е унапредување на законската регулатива и тоа преку:

- Донесување на Закон за меѓусебно признавање на професионални квалификации и подзаконски акти кои ќе произлезат од Законот;
- Донесуваање на измени и дополнувања на Законот за средно образование и подзаконски акти кои ќе произлезат од Законот;
- Донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за стручно образование и обука;
- Донесување подзаконски акти во насока на имплементација на Законот за високо образование;

Предвидено е јакнење на институциите преку активностите на развој на мрежата на основни и средни училишта и отворање на нови дисперзирани студии како продолжување на процесот на децентрализација. Исто така Ќе се врши и континуирано зајакнување на капацитетите преку континуирана обука на вработените во институциите релевантни за секторот образование.

Предвидено е и основање на Совет за високо образование со цел реализирање и основање на Агенција за евалуација на високото образование.

Реформите ќе продолжат и во насока на поврзување на образовниот процес со потребите на економијата и тоа главно преку реформи на средното стручно образование, високото образование и промоција на концептот за доживотно учење.

Еден од главните приоритети во претстојниот период е и јакнењето на соработката на образовните институции со социјалните партнери и другите релевантни институции на национално и меѓународно ниво како и зголемување на јавните и приватни инвестиции во областа на науката и развојот на нови технологии. Во оваа област главен предизвик претставува остварување на практична поврзаност на високообразовните искуства, научните и технолошките сознанија преку инвестирање во технолошки паркови и иновативни центри, конципирани како партнерства помеѓу приватниот и јавниот сектор. Овие приоритети се опфатени во Националната програма за научно истражувачка дејност на Република Македонија која треба да се усвои во 2011 година. Во таа насока се и напорите за ефективно учество во Рамковните програми на Заедницата, поточно во FP7 Програмата. Досегашниот процент на успешност во учеството во програмите од 14%, што е близок на европскиот од 15-16% упатува на добра вклученост во научните истражувачки проекти од македонската страна.

На патот на евроинтеграцијата, се планира продолжување на двата големи проекти: Проект за превод на 500 стручни, научни книги и учебници од кои се учи на врвните, најдобрите и најреномираните универзитети од САД, Англија, Франција и Германија, во чија втора фаза ќе бидат опфатени дополнителни 500 наслови и Проект за Опрема за лаборатории од областа на техничко - технолошките науки, медицинските науки, биотехничките науки, општествените науки и хуманистичките науки.

Со Предлог –буџетот за 2011 година, предвидени се вкупно 11.213.656.000 (2,6% од БДП) денари од кои:

7.557.967.000 денари (1,65% од БДП) блок донации за основно,

3.521.425.000 денари (0,77% од БДП) блок донации за средно образование,

85.073.000 денари (0,018% од БДП) наменски донации за основно и

49.191.000 (0,01% од БДП) денари наменски донации за средно образование.

За 2012 година се планира сите општини да бидат во втора фаза на децентрализација со вкупен буџет од над 12 милијарди денари (2,43% од проектираниот БДП).

**Капитални проекти во образованието**

За 2011 година предвидени се следните инвестиции во делот на образованието:

Генерални проекции за периодот 2011 – 2013 година:

- Проект за реконструкција на основни и средни училишта и изградба на спортски сали во основните училишта со вредност од 45 милиони евра (0,6% од БДП).

- Проект за изградба на мали типски училишни објекти за потребите на основното образование, со вредност од 220.000.000 денари (0,048% од БДП)[20] ( 2011- 6.500.000 денари, 2012 – 100.000.000 денари и 2013 – 113.500.000 денари). Проектот има за цел обезбедување на оптимални услови за одржување на наставниот процес со минимални

[20] Пресметано на ниво на БДП за 2011 година (458.455 милиони денари). Извор- Министерство за финансии

финансиски средства, бидејќи анализите покажуваат дека реновирањето на постоечките руинирани објекти би чинело многу повеќе. Имплементацијата на проектот се планира во наредните три години со буџетски средства, доколку Владата на РМ не обезбеди преку ПЈИ 2011-2013 средства од други – надворешни извори.

- Проект за изградба на основни и средни училишта и изградба на спортски сали во основните училишта со буџет во износ од 2.767.500.000 денари (2011-553.500.00 денари, 2012 – 1.107.000.000 денари и 2013 – 1.107.000.000 денари).

Вкупната вредност на средствата предвидени за реконструкција и изградба на училиштата за 2010 година изнесуваше 455.900.000,00 денари од кои 360.000.000,00 денари од буџетската алокација, а 95.900.000,00 денари од странска помош.

Во рамките на ИПА Оперативна програма за компонента 4 Развој на човечки ресурси, во периодот Април 2011 – Мај 2013 ќе се имплементира Твининг проектот „Поддршка за градење на капацитетите на Центарот за образование на возрасните и развој на програми за образование на возрасни, како и програми за описменување и дооформување на основното образование на исклучителните лица. За реализација на овој проект предвидени се 1.728.235 евра, од кои 1.469.000 евра се од ИПА фондовите, а 259.235 евра се од национално кофинансирање.

2) **Доволно количество на физички капитал**

**Инвестиции во физички капитал**

Развојната политика на Владата на Република Македонија за инвестирање во јавната инфраструктура на земјата на среден рок и подолгорочно се базира на динамична инвестициона активност. Активноста се очекува, да резултира со оптимизација на користењето на постојните капацитети, реконструкција и модернизација на јавната инфраструктура во функција на обезбедување економичност и повисока ефикасност, како и поскоро довршување на започнатите економски оправдани проекти, имајќи ги предвид опциите на помали трошоци.

Во Програмата за јавни инвестиции во Република Македонија 2009-2011 одредени се приоритетните потреби имајќи предвид секторските развојни политики и приоритетните инфраструктурни проекти содржани во Програмата за работа на Владата на Република Македонија за периодот 2008-2012 година, расположливата проектна документација и реалните можности за обезбедување на средства за капитални инвестиции од: (1) Буџетот на државата; (2) фондовите; (3) сопствени средства на инвеститорите; (4) донации; (5) странски кредити во согласност со среднорочната стратегија за управување со јавен долг.

Учеството на реалните инвестиции во БДП како и стапките на промена на БДП, трошоците на живот и реалните инвестиции се прикажани на следната табела.

| | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реална стапка на БДП | 0,9 | 2,8 | 4.6 | 4.4 | 5.0 | 6.1 | 5.1 | -0.9 | 2,0 |
| Трошоци на животот – просечен пораст (стапка на промени) | 1,8 | 1,2 | -0,4 | 0,5 | 3,2 | 2,3 | 8,3 | --0.8 | 2,0 |
| Реална стапка на инвестиции | 13.5 | -2,4 | 10.6 | -3.6 | 7.9 | 22.2 | 5.4 | -7,0 | 8,0 |
| Учество на инвестиции во БДП (%) | 20,6 | 19.1 | 22.0 | 21.3 | 21.5 | 24.6 | 26.8 | 26.2 | 26,0 |

*извор :Министерство за финансии*

Ревидирани податоци по тековни цени од 2003 до 2008 година, по постојани цени од 2004 до 2008

*2) Претходни податоци за 2009*
Програмата за јавни инвестиции содржи 90 тековни инвестициони проекти. Вкупните трошоци за овие проекти се ценат на 2492,04 милиони евра. Дел од средствата, во износ од 533,29 милиони евра, се реализирани до крајот на 2008 година. Реализацијата на одреден обем на инвестициски активности, со вредност од 478,22 милиони евра, се планира по 2011 година. Со тоа, во периодот 2009- 2011 година се предвидува дека ќе се реализираат 1480,52 милиони евра, односно само во 2009 година 530,78 милиони EUR. Од вкупно предвидените средства со Програмата за периодот 2009-2011 година, за развој на стопанската инфраструктура ќе бидат насочени 791,71 милиони евра или 53,5%, а за развој на нестопанската инфраструктура 688,81 милиони евра, или 46,5% од вкупните средства.

Од вкупните јавни инвестиции на стопанскиот сектор отпаѓаат 53,5 % или претставено по сектори: Енергетика 8,9%, Сообраќај 32,66%, Водостопанство 4,7%, Комунални услуги 4,4%, Животна средина 2,1% и Останато стопанство 0,8%.

**Инвестиции во енергетиката**

Инвестициите кој се планирани во енергетиката потпаѓаат на следните четири вида:

- Производство на електрична енергија
- Интерконективно поврзување
- Обновливи извори на енергија
- Развој на гасификациониот систем

Инвестициите кој се планирани во енергетиката пред сè се однесуваат на реконструкција на постојаната електро-енергетска инфраструктура и изградба на нова електро- енергетска инфраструктура, нови капацитети, се со цел обезбедување на поголема безбедност во снабдувањето со енергија, поврзување со регионалните енергетски мрежи, како и поголемо процентуално вклучување на обновливите извори на енергија во потрошувачката на енергија.

Во текот на 2011 година се очекува да се објави оглас за доделување на концесија за вода за производство на електрична енергија од ХЕЦ Чебрен и ХЕЦ Галиште и учество во јавно приватно партнерство со АД ЕЛЕМ и да се спроведе избор на најдобар понудувач. Во 2011 година ќе се спроведе нова постапка за доделување на концесија за вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи како и да се започне постапка за уште една.

Во 2011 година се планира да се склучи договор за заем со Светската банка за изградба на далекуводот Штип-Ниш и да отпочнат активности за градба. Во однос на далекуводот Битола-Елбасан се очекува да отпочне изработката на Физибилити студија и Студија за влијанието врз животната средина и социјалните влијанија на проектот во рамките на Western Balkan Investment Framework.

Во 2010 година се финализираше Физибилити студија за гасоводен систем во Република Македонија со идеен проект. Во студијата се дадени технички и економски анализи за: постојната состојба на изграденоста на гасоводниот систем, регионалните, меѓуграничните и други услови за развој, предлози и начин на доизградба на системот согласно условите во Југоисточна Европа и пошироко и испитување на можности за користење на гас во тек на наредниот период од 20-30 години.

Во текот на 2012 и 2013 година се планира отпочнување на повеќе конкретни проекти во делот на електроенергетиката и делот на гасоводниот сектор со што би се зголемила безбедноста во снабдувањето со енергија во Републиката, како што е надградба на постојната 200 kV интерконекција Македонија –Косово на 400 kV напонско ниво.

Во 2012 и 2013 година се предвидува да се објават повеќе меѓународни јавни огласи за давање на концесија за вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи и да отпочне конкретна изградба на магистрални гасоводи.

Во Република Македонија во моментов надлежна институција за менаџирање на резервите на нафта и нафтени деривати е *Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати.*

Дирекцијата е формирана со Закон за формирање на Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, со цел порационално и поефикасно управување со стоковните резерви на нафта и нафтени деривати, како и усогласување со Европското законодавство. Дирекцијата започна со работа од 01.06.2009 година, кога беше именуван директор на Дирекцијата. Средствата за нејзиното функционирање во првите 6 месеци се обезбедени од Буџетот на РМ, а во наредниот период ќе се финансира од сопствени приходи.

За таа цел изготвена е Уредба за начинот за утврдување, пресметување и уплатување на надоместокот за задолжителни

резерви на нафта и нафтени деривати што се плаќа при увоз и / или производство на нафтени деривати, која Владата на РМ ја усвои и донесе на седницата од 10.11.2009 година.

Во 2010 година, Владата на Република Македонија започна билатерални преговори за можно поврзување на националниот гасоводен систем со соседните интернационални гасоводи и обезбедување на потребните количини на гас, како и обезбедување на финансиски средства од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) и Европската инвестициона банка (ЕИБ) за изградба на Националниот гасоводен систем.

Врз основа на изработената Физибилити студија за гасоводниот систем, изработен е идеен проект за целиот национален систем во вкупна должина од 849km, по кој се изработуваат Основни и Изведбени проекти за приоритетниот магистрален правец во должина од 410km поделен во 5 делници. Се очекува техничката документација да биде изработена до крајот на 2011 година.

**Воздушен сообраќај**

Во март 2010 година концесионерот „ТАВ Македонија" ДООЕЛ го превзеде оперирањето со аеродромите „Александар Велики" " – Скопје и „Св. Апостол Павле" – Охрид.

Министерството за транспорт и врски издаде дозвола за градба, по што градежните работи на аеродромот „Александар Велики" – Скопје и аеродромот „Св. Апостол Павле" во Охрид се извршуваат во полн интензитет.

**Изградба на патишта**

Заради унапредување на патната инфраструктура во Република Македонија, преземени се активности за завршување на двете останати делници од Коридор 10 кои треба да се издигнат на ниво на автопат, Табановце - Куманово и Демир Капија- Смоквица.

На 20.10.2008 година започна изградбата на делницата Табановце- Куманово со должина 7,5км. Обезбедени се финансиски средства во висина од 11.9 мил. евра преку заем од Светска Банка и буџетски средства. Продолжениот рок за завршување на работите на оваа делница е до 30 јуни 2011 година.

Проектот за изградба на автопатот Коридор X, на секцијата Демир Капија- Смоквица во должина од 28 км ќе се реализира со средства од Европската инвестициона банка (ЕИБ), Европската банка за обнова и развој (ЕБОР), ИПА Компонентата за Регионален развој и Владата на Република Македонија. Во 2011 година се очекува објавување на тендерот за изградба на оваа секција. Градежните работи се предвидува да траат 4 години.

Владата на Република Македонија одбра два модела за давање под концесија на патиштата. Се очекува да се потпише договор за концесија за изградба, управување и одржување на патиштата со наплата на патарина на дел од патната мрежа во Република Македонија кон крајот на 2011 година. Периодот за изградба е предвиден да биде 8 години од денот на потпишување на договорот, а 35 години е периодот на концесија.

Освен на Коридорите, Владата на Република Македонија посвети целосно внимание на обнова и на изградба на регионалните и на општинските патишта, бидејќи тие претставуваат голем дел од транспортната инфраструктура во земјата. Проектот за подобрување на постоечката регионална и општинска патна мрежа, кој е заем од Светска Банка во износ од 70 милиони Евра и 50 милиони Евра од ЕБРД, се имплементација од 2009 година и ќе трае се до 2013 година. Тој ќе придонесе за рехабилитација на мрежата на општински и регионални патишта во Република Македонија и подигнување на нивото на транспортот во целата земја.

Преку заемот од Светска Банка, на делот реконструкција на регионални патишта, вкупно се тендерирани 11 регионални патишта, од кои 5 се веќе целосно завршени, додека на останатите во тек се градежни работи.

Делот на реконструкција на локалните патишта, преку Светска Банка, се одвива во фази. Досега се тендерирани 97 локални патишта од целата територија на Република Македонија, од кои 50 локални патишта се веќе реконструирани и се одвива сообраќај по нив.

**Железници**

Буџетските средства наменети за инвестиции во железничката инфраструктура за 2010 година изнесуваат 290 милиони денари. Од овие средства 175 милиони денари се наменети за инвестициско одржување на постоечката железничка

инфраструктура, 38 милиони денари наменети за на инвестициско - техничка документација за коридорот 8 и 77 милиони денари предвидени за надомест на трошоци за услуги од јавен интерес во железничкиот превоз на патници.

**Инвестиции со странска помош во железницата**

**Проект за реформа на железницата**, од Светска Банка, ќе заврши до крајот на април 2011 година.

Износ на заемот е 15.000.000 ЕВРА. Проектот во целост го сочинуваат 4 компоненти, кој имаат за цел обезбедување на техничка помош за преструктуирање и имплементацијата на проектот, олеснителни социјални мерки, зголемување на капацитетот на железнички транспорт и механизација и модернизација на железничката инфраструктура. Согласно потпишаниот Договор за заем меѓу МЖ Транспорт и Светска банка во износ од 9.030.000 евра, проектот опфаќа, набавка на 36 плато вагони, изработка на Студија за подобрување на продуктивноста и намалување на цената на чинење, Студија за јавна патничка услуга . Согласно потпишаниот Договор за заем меѓу ЈП МЖ Инфраструктура и Светска банка во износ од 5.970.000 евра проектот опфаќа инсталација на системот за управување со железничката инфраструктура, набавка на машини, алати, материјали за одржување на инфраструктурата, изработка на Студија за наплата на пристап на пругата.

*Модернизација на Коридор X –железница*

Во 2010 година, започна Проектот за подобрување на железничката пруга на Коридор X, финансиран со заем од Европска банка за обнова и развој (ЕБОР), во рамки на кој ќе се изврши ремонт на делници од Коридор X во должина од 54 км.Имено, во првата половина од 2011 година ќе се распише тендер за избор на градежна фирма која ќе го реализира првиот лот односно ремонтот на делниците Табновце-Куманово (13,3 км) и Миравци-Смоквица (13,1км), при што градежните работи би започнале во втората половина од 2011 година. Се очекува постапката за избор на градежна фирма која ќе прави ремонт на вториот лот да започне на крај на 2011 година, а градежните работи би завршиле до крај на 2013 година.

Проектот Реконструкција на Железничката станица Скопје ќе се реализира во рамките на ИПА Компонентата за Регионален развој Градежните работи се планира да започнат во 2011 година, а се очекува да заврши до крај на 2013 година.

Со проектор Подготовка на проектни студии и проектна документација за железничките делници по должина Коридор 10 и 10Д се предвидува подготовка на физибилити студии, студии за анализа на трошоци и придобивки и студии за влијанието врз животната средина како изработка на идејни и основни проекти согласно потребата за комплетирање на проектната документација за железничките делници Куманово – Дељадровце, Драчево –Велес и Битола – Кременица.

Во вториот квартал 2011 година се планира да започне имплементацијата на овој проект и истиот ќе трае до крај на 2012 година.

*Комплетирање на Коридор VIII- железница*

Подготовката на студијата и потребната документација за железничката линија Кичево Струга-граница со Република Албанија во должина од 66км ќе заврши во вториот квартал на 2011 година по што на крај од 2011 година во рамките на ИПА компонента за регионален равој се планира да започне подготовка на основен и изведбен проект за оваа делница.

Во 2011 година со грант средства обезбедени преку ЕБОР, треба да се изработи Физибилити студија и Студија за проценка на влијанието врз животната средина и социјалните влијанија (ЕСИА), студија за Коридор VIII, источен дел према Република Бугарија. Физибилити студијата треба да покаже колку средства ќе бидат потребни за изработка на преостанатата документација што недостасува за источниот дел од железничкиот Коридор X, од Куманово до границата со Република Бугарија.

Проект за подготовка на студии за изградба на стратешки мулти модални транспортни јазли и cost- benefit анализа ќе се реализира во рамките на ИПА Компонентата за Регионален развој.

Студиите се очекува да бидат готови во 2012 година.

3) **МСП и учеството на малите претпријатија**

Малите и средни претпријатија се доминантен тип на претпријатија во македонската економија. Во 2009 година нивниот број изнесува 61.262 и бележи зголемување од 1.566 во однос на 2008 година. МСП претставуваат 99% од вкупниот број на постојни претпријатија, и апсорбираат најголем дел од работната сила (79,5%), притоа придонесувајќи за намалување на невработеноста.

Во табелата подолу е дадено учеството на МСП во националната економија во однос на бројот на вработените, претпријатијата и бруто додадената вредност.

- С т р у к т у р а во %-

| | **Број на вработени** | | | **Број на активни претпријатија** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2007 | 2008 | 2009 | 2007 | 2008 | 2009 |
| Микро | 19,36 | 18,90 | 19,98 | 73,72 | 71,93 | 72,52 |
| Мали | 41,28 | 41,67 | 42,34 | 25,20 | 26,92 | 26,33 |
| Средни | 17,57 | 17,78 | 17,19 | 0,78 | 0,83 | 0,84 |
| **Вкупно МСП** | 78,21 | 78,35 | 79,50 | 99,70 | 99,68 | 99,69 |
| Големи | 21,79 | 21,65 | 20,50 | 0,30 | 0,32 | 0,31 |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 |

*Извор: Централен регистар*

Политиките и активностите за поддршка и развој на МСП произлегуваат од Националната стратегија за развој на мали и средни претпријатија во Република Македонија 2002-2013, Програмата за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија 2007-2010, годишните програми за МСП и Актот за мали бизниси на ЕУ.

Согласно овие документи во изминатиот период реализирано е следното:

- Кофинансирани се програмските активности на бизнис инкубаторите, проекти од нефинансиска природа за поддршка на МСП на регионалните центри и бизнис центрите во општините, проекти за поддршка и развој на занаетчиството на занаетчиските комори и активностите на ЕИИЦМ
- Продолжи со реализација ваучерскиот систем на советување и инфо пултот како проекти на АППРМ, а исто така беа реализирани повеќе настани за промоција на претприемништвото и претприемничкото учење.
- Изготвена е нацрт верзија на новата 3- годишна Програма за подобрување на претприемништвото конкурентноста на МСП (2011-2013)
- Во фаза на изготвување е Стратегијата за развој на занаетчиството во РМ (изготвен е Извештај за дијагностицирање на занаетчиството во Р.Македонија)
- Во тек е реализацијата на проектот "Меѓународна техничка помош за имплементација на Европската иновативна таблица во Република Македонија". Одобрен е Оперативниот план за реализација на проектот. Во тек е анализа на резултатите од спроведената Анкета врз основа на изготвен прашалник и Водич за реализација на анкетата за истражувањето „Мерење на индексот на иновативноста во претпријатијата во РМ"
- Потпишан е Меморандум за соработка со Занаетчиската Комора "Кобленц" од Германија
- Изготвен е Извештај за потребите од обуки на МСП.
- Во фаза на реализација се Проектите "Претприемништвото во високото образование" ( ETF-European Training Foundation) и "Градење на капацитетите за создавање економија базирана на знаење" ( Австриска развојна фондација).
- Во фаза на изработка е интернет порталот за МСП кој ќе биде активиран кон крајот на годината на домејнот www.smeportal.mk .

Во 2011 ќе се имплементираат мерките и активностите за подобрување на претприемништвото и конкурентноста на МСП предвидени со Националната стратегија за развој на мали и средни претпријатија во Република Македонија 2002-2013 и мерките и активностите согласно Стратегијата за занаетчиството во РМ. Исто така, во 2011 ќе се реализираат активностите утврдени со годишната програма за МСП и ќе се продолжи со реализација на проектот "Градење на капацитетите за создавање економија базирана на знаење" ( финансиран од Австриската развојна соработка).

Во периодот 2011-2013 година генерално активностите ќе бидат насочени кон зајакнување на институционалната инфраструктура за поддршка на МСП, подобрување на деловното опкружување и подобрување на конкурентноста и иновативноста. Конкретните мерки за реализирање на овие цели ќе бидат дефинирани во новата 3-годишна програма која се базира на принципите на Актот за мали бизниси (Small Business Act).

4) **Влијание на државата врз конкурентноста** (**преку трговската политика**, **политиката на конкуренција**, **државната помош**, **СДИ**, **поддршка за мали и средни претпријатија**, **итн**)

Процесот на зголемувањето на конкурентноста на македонското стопанство се поттикнува со различни комплексни активности промовирани со владините политики и регулаторните реформи кои имаат за цел создавање подобра деловна клима и поттикнување на процесите на преструктуирање, развој на претприемништвото, подобрена иновативност, информираност и поврзаност, зголемена интернационализација, итн.

Политиката на заштита на конкуренцијата се спроведува во функција на обезбедување на зголемен степен на слободна конкуренција на домашниот пазар.

Во ноември 2010 година, стапи во сила нов Закон за заштита на конкуренцијата, со кој се врши понатамошно хармонизирање на македонското законодавство со законодавството на ЕУ, преку воведување на т.н "leniency" програма за ослободување или намалување на глобата на оние претпријатија кои ќе соработуваат во детекција на најтешките нарушувања на пазарната конкуренција. Со овој закон, се врши понатамошно унапредување на ефикасноста во постапувањето на Комисијата за заштита на конкуренцијата преку усогласување на одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата со Законот за прекршоците (Службен весник на РМ бр.62/2006) и воведување на единствена прекршочна постапка во која Комисијата за заштита на конкуренцијата истовремено ќе утврдува постоење на повреда на одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, постоење на прекршок предвиден со Законот за заштита на конкуренцијата и ќе изрекува соодветна прекршочна санкција за така утврдениот прекршок.

Комисијата за заштита на конкуренцијата преку Комисијата за одлучување по прекршок, е надлежна да изрекува прекршочни санкции за сторителите на повреди на одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата.

Во тек е усогласување на постојните уредби со новиот Закон за заштита на конкуренцијата и донесување на соодветните акти, со цел понатамошно усогласување со европското законодавство во оваа област.

Зајакната е меѓуинституционалната соработка помеѓу Комисијата за заштита на конкуренцијата и органите надлежни за регулација на одделни сектори. Комисијата има потпишано меморандуми за соработка со Агенцијата за електронски комуникации, Регулаторната комисија за енергетика, Советот за радиодифузија и Бирото за јавни набавки и Агенцијата за пошта, како и меморандуми за соработка со соодветните конкурентски органи на Хрватска, Србија, Босна и Херцеговина и Косово.

Контролата на државната помош се спроведува од страна на КЗК, а давателите на државна помош го почитуваат правилото на пријавување на државната помош до КЗК пред нејзиното доделување. Во областа на контрола на државната помош во ноември 2010 година, стапи во сила нов Закон за контрола на државната помош. Со овој закон се врши понатамошно хармонизирање на македонското законодавство, во оваа област со законодавството на ЕУ, како и унапредување на ефикасноста во постапувањето на Комисијата за заштита на конкуренцијата преку усогласување на одредбите од Законот за контрола на државната помош со Законот за општа управна постапка (Службен весник на РМ бр. 38/2005 и 110/2008) и со Законот за заштита на конкуренцијата, што овозможува поедноставна управна постапка пред Комисијата за заштита на конкуренцијата во предметите кои се однесуваат на државната помош, чија постапка истовремено ќе биде појасна и транспарентна за сите заинтересирани страни.

Во тек е усогласување на постојните уредби со новиот Закон за контрола на државна помош, како и донесување нова уредба за условите и постапката за доделување на државна помош од мало значење (deminimis) и нова уредба за утврдување на условите и постапката за поднесување на известување за државна помош до Комисијата за заштита на конкуренцијата и за оценка на државната помош.

Во текот на 2011 година ќе продолжи воспоставувањето и градењето на веродостојно досие за спроведување на контролата на државната помош.

Кон средната на 2011 година е предвидено отпочнување на твининг проект за зајакнување на административниот капацитет на КЗК во контрола на државната помош, во рамките на ИПА 2009, во траење од 12-18 месеци.

До крајот на 2012 година ќе се донесе методологија за определување на нивото на компензација на претпријатија на кои им е доверено вршење на услуги од општ економски интерес и ќе се продолжи со понатамошно усогласување на националното законодавство со acquis.

**<u>Промоција на странските директни инвестиции</u>**

Според податоците од Народна банка на Република Македонија, во периодот од 1997-2008 година (позиција состојби), вкупниот кумулативен прилив на странските директни инвестиции (СДИ) изнесува 2.958 милијарди евра. Во 2009 година според НБРМ, позиција движења, приливот изнесува 181 милиони евра. Оваа година, заклучно со август месец движењето на СДИ изнесува 97.5 милиони евра. Најголемо учество на СДИ со 8,8 % во БДП има во 2007 година, додека во 2008 година изнесува 6,2%. Приливот на СДИ по глава на жител е најголем во 2007 и изнесува 247,5 евра.

Прилив на СДИ во Р. Македонија и нивното структурно учество во БДП

милиони ЕВРА

| **Година** | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 I-VIII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупен износ** | 100,4 | 260,7 | 77,2 | 344,8 | 506,0 | 399,9 | 181.0 | 97.5 |
| **Учество на СДИ во БДП** | 2,4 | 6,0 | 1,7 | 6,8 | 8,8 | 6,2 | 2,8 | |
| **СДИ** per capita | 49,5 | 128,3 | 37,9 | 169,0 | 247,5 | 199,7 | - | - |

*Извор: Народна банка на Република Македонија*

Анализирано по сектори (1997-2009) најголем влез на СДИ има во услугите и се очекува тој да го задржи приматот (55,02), потоа во производството (32,31), потоа следат електрификацијата, гасификација и водостопанство, градежништво, рударството, земјоделство итн. Во сите сектори влезот на СДИ има позитивно влијание.

Во Република Македонија се утврдени следниве стратешки сектори за инвестирање: енергетскиот сектор, индустријата за производство на автомобилски компоненти, информатичка - комуникациска технологија, земјоделството и преработката на храна, фармацевтската индустрија текстилот, градежништвото и туризмот.

Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на РМ, како клучна институција задолжена за промоција и во иднина ќе продолжи со следење и примена на најновите и најуспешни практики на европските агенции за промоција на инвестиции, а преку бенчмарк анализи на земјите во регионот до владините одлучувачки структури ќе предлага новитети во пакетот на инвестициони поволности за потенцијални инвеститори и активно ќе работи на координација со ресорните министерства и други институции за олеснување на административните процедури при услужување на инвеститорите во реализација на инвестиционите проекти. Притоа фокусот ќе биде на зголемување на интерактивноста и комуникацијата со постојните инвеститори и пречките со кои се соочуваат, идентификација на слабостите и дејствија за нивно отстранување.

Во моментот од страна на Агенцијата ангажирани се 22 промотори од кои 19 се оперативни и вршат активна промоција на инвестициските можности на Република Македонија. Планирано е оваа бројка на промотори по потреба да се зголеми, со цел дефинитивно позиционирање на земјата во кратката листа на држави, разгледувани во стратегиите за експанзија и релокација на бизнис активностите на големите странски компании. Во периодот 2011 -2013, ќе започне и имплементацита на втората фаза од овој проект што ќе резултира со ангажирање на економски промотори кои се резиденти на разни странски држави и кои ќе ја вршат промоцијата од државите каде што живеат и работат. Истите нема да бидат вработени во Агенцијата како сегашните промотори, туку ќе бидат наградувани во зависност од постигнатиот успех – донесени инвестиции во Република Македонија. Се предвидува лицата да бидат директно од бизнис заедницата, кои со своите контакти ќе придонесат за зголемување на инвестициите.

Исто така, со најновите законски измени на Законот за основање на Агенцијата и Законот за технолошки индустриски развојни зони, предвидено е Агенцијата да биде прва и централна точка во процесот на аплицирање на странските компании, кои сакаат да инвестираат во некоја од ТИРЗ.

Се очекува преку основање, изградба и развој на технолошко индустриските развојни зони ТИРЗ во Република Македонија да се зголеми бројот на странските инвестиции, да се постигне повисок степен на економски раст и развој, рамномерен регионален развој, прилив на нови технологии и зголемување на вработеноста. За инвестирање во технолошко индустриските развојни зони (ТИРЗ) согласно Законот за ТИРЗ се дадени посебни поволности за инвеститорите за развој на високо пропулзивни и современи технологии и нови вработувања. Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони согласно законот за ТИРЗ ги врши работите сврзани со планирањето,основањето,развојот и следењето на работата на технолошки индустриските развојни зони на територијата на Република Македонија.

Согласно планираните активности за периодот 01.01.2010 – 31.12.2012 година предвидено е изградба на 11 ТИР Зони на територијата на Република Македонија и тоа ТИР Зони : Скопје 1, Скопје 2, Штип, Тетово, Прилеп, Гевгелија, Радовиш, Струмица, Струга, Кичево и Ранковце.

Од наведените, ТИРЗ Скопје 1 е оперативна и во неа има двајца активни корисници и еден корисник со изграден објект, но не и отпочнат процес на производство. Во фаза на изградба се три ТИР Зони и тоа: Скопје 2, Штип, Тетово. За ТИР Зоните во Прилеп, Гевгелија и Радовиш изготвена е планска и проектна документација, ТИР Зоните во Струга и Ранковце се во фаза на изработка на планска документација, ТИР Зоната Кичево е во фаза на изготвување на техничка документација за инфраструктура, додека ТИР Зоната во Струмица е во постапка на одобрување во Министерството за транспорт и врски.

Со цел понатамошно подобрување на деловната клима и зголемување на нејзината атрактивност за странски инвестиции се подготви Извештај за инвестиционата политика на РМ и Нацрт-Програма за поттикнување инвестиции 2011-2014. Овие документи се подготвени во соработка со деловната заедница, инвеститорите и владините институции. Тие се поддржани од страна на UNCTAD и OECD.

**Политика на конкуренција, конкурентност и поддршка на мали и средни претпријатија**

Стратешкиот документ „Индустриска политика на Република Македонија 2009-2020“, е усвоен од Владата во 2009 година, а тој претставува интегративна проактивна политика, со јасно дефинирани приоритети, цели, мерки и инструменти во поттикнување на конкурентноста и создавање на конкурентна економија на долг рок.

Во документот се дефинирани неколку области на интервенција:

- Зголемување на меѓународната соработка на клучните засегнати страни во процесот на економски развој (претпријатијата, универзитетите, развојните и државните институции) и поттикнување на СДИ, со цел креирање на нови бизниси, учење и развој на ново знаење, зајакнување на меѓународните врски, размена на знаење и искуство, учење од најдобрите пракси за подобрување на менаџмент капацитетите и зголемување на продуктивноста (меѓународен менаџмент тренинг), привлекување на странски инвестиции;
- Зголемување на применети истражувања, развој и иновациите со пораст на инвестициите во истражување и развој и развој на взаемна меѓусекторска соработка помеѓу индустријата, научните, истражувачките и институциите на Владата;
- Промоција на одржливиот развој преку искористување на природните можности за производство на обновлива и алтернативна енергијата и природните еколошки можности кои постојат во земјата, во насока на производство на производи и услуги со високо - додадена вредност (претворање на еколошките услови во можности за поволен економски развој);
- Зголемување на конкурентноста на македонската индустрија со стимулирање на соработка преку регионално и меѓународно вмрежување на кластерите и други мини - асоцијации на мали претпријатија (користење на бенефитите како: поделба на трошоците, поефикасно истражување на пазарот, поефикасен проток на трудот, капиталот, технологијата, иновациите и информациите);
- Унапредување на развојот на МСП и претприемништвото со зголемен годишен број на нови претпријатија и промоција на брзо растечки иновативни МСП преку подобро финансирање.

Во документот се интегрирани принципите на индустриската политика во ЕУ, која ги промовира истражувањата, развој на човечките ресурси, креирањето знаење и дифузијата на технологии.

Индустриската политика на Република Македонија има главно хоризонтален пристап и упатува на соработка со другите политики за забрзување на конкурентноста и се фокусира на концептот за економски развој за производство на производи и услуги со повисока додадена вредност, базирани на знаење, иновации и меѓусебна соработка. Имплементацијата на мерките се реализира преку повеќе програми имплементирани од различни институции – министерства и агенции (Програма за имплементација на индустриската политика, Програма за развој на кластерите, Програма за поддршка на

МСП, Програма за развој на МСП, Програма за технолошки развој, Стратегија за извозна промоција, Програма за поттикнување СДИ и многу други). Заради потребата од нивно координирање и усогласување активна функција има Меѓуминистерската експертска работна група за индустриска политика и Министерскиот комитет за конкурентност. Дијалогот со бизнис заедницата во процесот на подготовка на стратегии и програми се реализира тековно преку постојани средби, форуми, конференции итн.

Сите мерки и инструменти се усогласуваат со државна помош.

Среднорочните цели што се однесуваат за поддршка на развојот на МСП секторот кои треба да придонесат за уште поефикасно работење на претпријатијата и создавање на конкурентност се дефинирани во ревидираната Национална стратегија за развој на мали и средни претпријатија во Република Македонија 2002-2013, кои ќе бидат конкретизирани во новата 3-годишна Програма, која ќе содржи мерки и активности за поддршка на МСП и развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста за периодот 2011-2014, како и во Стратегијата за занаетчиството во РМ. Овие документи се изготвија во 2010 година, по што следи нивна имплементација.

Еден од предложените проекти во насока на подобрување на конкурентноста, иновативноста и извозот е и прифаќање на идејата и поддршка на компаниите за активно делување во кластери, согледувајќи ја користа од здружување и создавање мрежа на кластери. Активностите поврзани со иницирање и поддршка на кластери се интензивирани и се координираат од Министерството за економија, кое и понатаму продолжува со поддржување на иницијативите за кластерско организирање, како и со поддршка на работата на веќе етаблираните кластери. Активно функционираат 10 регистрирани кластери и постојат неколку нови кластерски иницијативи. Од 2009 година отпочна со реализација на четиригодишната програма за поддршка и развој на кластерското здружување преку соодветни мерки, со донесување и имплементација на годишни програми за поддршка на активностите, проектите за развој на кластерите. Изготвен е Водич за кластери кој ќе послужи како алатка за зајакнување на водството на кластерските здруженија, а воедно организирани се семинари за подигање на свеста за кластеринг.

Во 2011 година ќе продолжат овие активности, а се планира да се организира тркалезна маса со експерти од областа на кластерингот, со цел да се дефинираат критериуми за евалуација на степенот на развој на кластерските здруженија.

Во 2012 и 2013 година ќе продолжи поддршката на кластерските здруженија согласно нивниот степен на развој. Владината поддршка, која треба да се реализира преку јавно-приватниот дијалог, ќе придонесе за создавање на нови кластерски иницијативи, како и самоодрживост на кластерите, базирани на иновации.

За поттикнување на конкурентноста значајно учество ќе има и понатамошната поддршка на развојот на информатичко-комуникационата технологија преку имплементација на проекти првенствено во рамките на програмите за развој на е-бизнис, е-образование, е-инфраструктура, како и програмите е-влада, е-граѓани и е-здравство.

Од вертикалниот аспект на индустриската политика, подготвени се неколку стратегии за развој на одделни сектори (како текстил, челик, туризам). Поддршката на овие сектори се реализира преку поддршка со посебни секторски програми или во рамки на други хоризонтални програми.

По однос на подобрување и институционализирање на промоција на извозот, со новиот Закон за основање на Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на РМ ("*Службен весник на Република Македонија*" бр. 57/2010), на Агенцијата како нова основна активност, покрај инвестициона промоција и е доделена и извозната промоција. Во тек е изработка на стратегија за извоз со поддршка на Светска Банка и нејзината имплементација се очекува да започне во првиот квартал на 2011 година. Се очекува значителна помош и од разни донатори во развивањето на оваа област.

За да се обезбеди одржливост и ефикасно реализирање на поставените цели на Агенцијата согласно Законот, неминовно е најитно да се обезбеди стручно и кадровско зајакнување со нови вработувања, како и континуирана обука на новите и постојни вработени за најдобрите пракси и современи методологии за реализација на промоцијата (извозна и инвестициона), поефикасна логистика за подобрување на понудените услуги, соработка, комуникација и поддршка на таргетните групи инвеститори и извозници.

5) **Трговска интеграција со ЕУ**

Земјите од ЕУ 27 имаат најголемо учество во вкупната надворешно - трговска размена на Република Македонија, кое во периодот јануари – октомври 2010 година изнесува 55,8%. Показателите на трговска соработка меѓу Република Македонија и ЕУ во периодот јануари- октомври 2010 укажуваат дека истата е зголемена во однос на истиот период од претходната година за 15,5%. Зголемувањето на увозот од ЕУ е за 6,9%, а зголемувањето на извозот е за 30,1%. Притоа, трговскиот дефицит за истиот период се намали за 25,9%, а покриеноста на увозот се зголеми за 12,7 процентни поени, и за десетте месеци од 2010 година изнесува 71,3%.

Република Македонија како земја со мал внатрешен пазарен потенцијал, од својата независност, се определи кон спроведување на активна надворешна трговска политика со цел интензивирање на трговската соработка со земјите од регионот и пошироко, преку либерализација и олеснување на условите за непречено одвивање на извозот и увозот на стоки.

Со определбата на Република Македонија за либерализација на трговијата со земјите од регионот и склучувањето на договорите за слободна трговија се обезбеди пристап на стоките со повластен третман на голем пазар, се зголеми конкуренцијата на пазарот во земјата со што македонските стопанственици беа принудени да тежнеат и станат конкурентни, како на домашниот така и на странскиот пазар.

Стратешка цел на надворешната политика на Република Македонија за постигнување полноправно членство во ЕУ наложува целосна интеграција на Република Македонија во внатрешниот пазар на ЕУ. Учеството на овој пазар за Република Македонија ќе придонесе натамошна либерализација на трговијата, поголеми можности на економските оператори за нивно присуство на пазарот од 650 милиони жители, како и можност на потрошувачите да го остварат правото на избор на производи врз основа на квалитет, без разлика на потеклото. Во согласност со принципот на слободно движење на стоките, Република Македонија се стреми да ги отстрани можните трговски и техничките бариери со цел непречено интегрирање во внатрешниот пазар на ЕУ.

Во 2010 по ратификација на измените и дополнувањата на ЕФТА, се овозможи проширување на економската соработка и трговската размена со ЕФТА државите (Швајцарија, Норвешка, Лихтенштајн и Исланд), Со имплементација на дијагоналната кумулација за потекло на стоките меѓу Република Македонија, Република Турција и ЕУ, се создадоа услови за зголемен извоз на готови производи со македонско преференцијално потекло, преку користење и доработка на репро-материјали и суровини од ЕУ и Република Турција.  Потпишувањето на Регионалната конвенција за Пан-евро-медитерански преференцијални правила за потекло на стоките ќе овозможи вклучување на Република Македонија во Пан-евро-мед кумулацијата на потекло на стоките. Истовремено, имајќи ги предвид предностите од воспоставување на поголема слобода во трговијата во регионот во рамки на ЦЕФТА Договорот се започнаа и активности за формирање на Работна група за трговија со услуги за оцена на потенцијалите за дополнителна либерализација на услугите меѓу земјите членки на ЦЕФТА. Во рамки на започнатите активности согласно со ЦЕФТА Договорот се спроведува анализа на сегашното ниво на отвореност на пазарите за пристап на странски даватели на услуги, определување на услужните сектори во кои постојат потенцијали за либерализација, идентификација на бариерите во трговијата со услуги во врска со домашната регулатива и соодветни мерки за намалување и елиминирање на бариерите.

Либерализацијата на надворешната трговија ќе продолжи и во 2011 година, преку имплементација на постојните договори за слободна трговија и со примена на измените во Договорите за слободна трговија со ЦЕФТА 2006, ЕФТА, Украина и Турција. Со ратификација на измените содржани во Дополнителниот Протокол кон ЦЕФТА 2006, ќе се оствари целосна либерализација на трговијата со земјоделско- прехранбени производи со Република Албанија и Република Молдавија (со исклучок на виното), а со ратификација на измената и дополнувањето на Договорот за слободна трговија со Украина, ќе се оствари зголемена либерализација на трговијата со земјоделско - прехранбените производи.

6) **Реформи насочени кон зголемување на продуктивноста и конкурентноста** (**земјоделство и рурален развој**, **сектор производство**, **вклучувајќи диверзификација на индустриската база** )

Процесот на глобализација и конкуренцијата на производите води кон заживување на улогата на индустриската политика, како механизам за поттикнување на меѓународната конкурентност. Нејзина основна цел е забрзување на структурното прилагодување на стопанството кон новите правила на меѓународната, односно на глобалната конкуренција со развој на нови технологии и флексибилно производство преку:

- поттикнување на вложувањата во истражувања и развој, како и подобрување на пристапот до ризичниот капитал за нови и иновативни претпријатија;
- обликување на конкурентска политика, која ја поттикнува ефикасната конкуренција меѓу претпријатијата;
- обликување на законодавство, кое поттикнува соработка на подрачјето на истражувањата, развојот и иновациите, бидејќи токму создавањето мрежи на знаења и соработката при иновативните проекти, го поттикнува растот на продуктивноста.

Република Македонија подготви  документот – „Индустриска политика на Република Македонија 2009-2020", кој ги дефинира основните правци во развојот на македонската индустрија. Во тек се активности за создавање услови за имплементација на индустриската политика.

Зголемувањето на конкурентноста на македонската индустрија со поттикнување и зајакнување на кластерите и нивно регионално и меѓународно вмрежување (целта е поделба на трошоците, поефикасно истражување на пазарот,

поефикасен проток на трудот, капиталот, технологијата, иновациите и информациите), е една од петте области предвидени за интервенција во индустриската политика.

На годишно ниво се носи  посебна Програма за поддршка и развој на кластерското здружување. Во рамките на програмата се предвидени активности за подобра промоција на можностите кои што ги нудат кластерите, обука и унапредување на менаџментот на кластерите, подобрување на поврзувањето (вмрежувањето) на кластерите, како и средства за формирање на нови кластери. Кластерската форма на здружување ќе овозможи развој на нови, иновативни производи, со што ќе се овозможи диверзификација на производните програми на индустријата.

Процесот на глобализација особено членството во СТО отвори големи предизвици за македонското земјоделство како и потреба од структурни реформи за соочување на домашниот пазар со увозна конкуренција и одржување на надворешно трговските текови за извозно ориентираниот земјоделски сектор. Овие предизвици се зголемуваат со примената на Договорите за слободна трговија со соседните земји и ЕУ-27. Падот во земјоделството, шумарството и рибарството и сродните индустрии во изминатиот период имаа значителни негативни последици во руралните области и севкупната економска и социјална стабилност на земјата. Зајакнувањето на конкурентноста на македонскиот агробизнис поддржано со реформа на јавните институции и имплементација на целни политики на поддршка и мерки за рурален развој е од суштинско значење и се третира како приоритетно прашање во последниов период (2007-2009).

Земјоделската политика на Република Македонија содржи палета на мерки и инструменти за подобрување и поттикнување на конкурентската способност на македонскиот земјоделско- прехранбен сектор. Преку зголемена финансиска поддршка од 70 милиони евра во 2009 и 100 милиони евра во 2010 година голем дел од поддршката е наменета за стабилизација на приходот од земјоделска дејност (т.н. директна поддршка по ха и по грло) и обезбедување на ликвидност на секторот за зголемување на инвестициите во модернизација на производните практики за подобрување на ефикасноста на производството. Мерките за поттикнување на инвестициониот циклус во земјоделството се спроведуваат преку Програма за финансиска поддршка на руралниот развој и ИПАРД Програмата 2007-2013 со поддршка од ИПА фондовите на ЕУ наменети за рурален развој.

Политиката за рурален развој содржи мерки за зголемување на конкурентноста и модернизација преку следниве приоритетни сектори за интервенција:

Образование и стручно усовршување за вршење на активности поврзани со земјоделско производство, производство на храна и шумски сектор и други активности значајни за развој на руралните средини преку воспоставување на систем за континуирано образование на земјоделските производители и редовен трансфер на знаење и иновативни практики навремено информирање на земјоделските производители и нивно обука за полесно управување со промените во нивното економско и правно окружување особено во процесот на ЕУ интеграција.

Модернизација на објектите и опремување на земјоделските стопанства преку поддршка на реализирани инвестиции по пат на доделување на грандови за капитално инвестирање.

Модернизација на преработувачките капацитети за унапредување на технолошката основа за додадена вредност на земјоделскиот производ и воведување на стандарди за безбедност на храна и заштита на животната средина.

Инвестиции во инфраструктура поврзана со развој на земјоделството од аспект на водоснабдување за наводнување, пристап до електрична енергија и комунална инфраструктура.
Поддршка за организирање и заедничко извршување на производна дејност на земјоделски стопанства заради економско организирање на малите земјоделски стопанства со цел зголемување на ефикасноста на производството и организирање на заеднички пласман.

Развој на руралната економија преку поттикнување на претприемништво и искористување на потенцијалот на руралните средини преку развој на рурален туризам, Унапредување на традиционалното производство и директна продажба, Промоција на користење на обновливи енергетски ресурси, Подобрување на руралната патна мрежа (рурална инфраструктура).

# III. **СПОСОБНОСТ ДА СЕ ПРЕЗЕМАТ ОБВРСКИТЕ ОД ЧЛЕНСТВОТО ВО ЕУ**

## 3.01. **СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА СТОКИ**
### 3.1.1 **ОПШТИ ПРИНЦИПИ**

*Тековна состојба*
Започната е реализација на мерките во Акцискиот план за сообразност со членовите 28-30 од Договорот за основање на ЕЗ (односно 34-36 од Договорот за функционирањето на Европската унија), во 2010 година. Реализацијата на мерките значи укинување односно елиминирање или измена на прописи во кои се содржани мерки со ист ефект во извозот и увозот на стоки.

Акцискиот план е обврска на Република Македонија да обезбеди националното законодавство во областа на слободното движење на стоки да се усогласи со членовите 34-36 од Договорот за функционирањето на Европската унија (ДФЕУ) и судската пракса на Европск*иот суд на правдата. Ваквата обврска е во согласност* и со Одлуката на Советот на ЕУ за начелата, приоритетите и условите содржани во Партнерството за пристапување на Република Македонија за подготовка на овој Акциски план, со одредници за внатрешен скрининг на националното законодавство и административните практики за воведување клаузула за заемно признавање и за потребните последователни измени.

Започната е реализацијата на активностите од целните институции кои се назначени во Стратегијата за спроведување на законодавството за соодветните хоризонтални организации (стандардизација, акредитација, метрологија и надзор на пазарот) во областа на слободно движење на стоки. Целта на оваа Стратегија е да ја утврди рамката за натамошните (планирани) активности во областа на слободно движење на стоките, како во поглед на мерките за да се постигне целосна усогласеност со *acquis communitaire*, вклучувајќи јасни рокови, така и во поглед на мерките потребни за да се обезбеди целосна и соодветна примена на хоризонталното законодавство.

Во реализацијата на Акцискиот план за сообразност со членовите 34-36 од Договорот за функционирањето на Европската унија (ДФЕУ) и Стратегијата за спроведување на законодавството за соодветните хоризонтални организации , покрај Министерството за економија учествуваа и други институции како на пример: Министерството за здравство-Бирото за лекови, Дирекцијата за храна, Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Управата за ветеринарство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за внатрешни работи, Министерството за култура-Управата за заштита на културното наследство, Институтот за акредитација, Институтот за стандардизација, Бирото за метрологија, Министерството за Финансии-Царинска Управа, Државниот пазарен инспекторат, Државниот инспекторат за техничка инспекција, Државниот здравствен и санитарен инспекторат и др.

Продолжуваат преговорите за склучување на Договорот за оцена на сообразност и признавање на индустриски производи (АСАА) за седум индустриски сектори (опрема под притисок, ЛВД, ЕМС, пренослива опрема под притисок, едноставни садови под притисок, машини и дел од градежни производи) во текот на 2010 година. Во септември 2010 година пристигнаа коментари од ЕК за прописите кои се дел од АСАА и по кои Министерството за економија работи на измена и дополнување на прописите а во февруари 2010 година Европската комисија го достави до Министерството за економија Предлог-текстот на АСАА Договорот. Владата на Република Македонија во април 2010 го усвои Предлог текстот на Договорот како основа за отпочнување на преговорите.
Во јуни 2010 година на веб страната на ИСРМ се објави Листата за укинување на околу 4000 конфликтни стандарди, кои се спротивни на европските стандарди во примена на МКС. До крај на 2010 година ќе се објави Листата на останатите 7000 конфликтни стандарди.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**
Продолжува реализацијата на мерките во Акцискиот план за сообразност со членовите 34-36 од ДФЕУ со одредница за внатрешен screening на националното законодавство и административните практики, за воведување на клаузули за взаемно признавање и за потребните последователни измени во однос на компатибилност со овие членови од ДФЕУ, во 2011 година. Во таа насока, во 2011 година ќе следи:
- Подготовка на прва Информација за реализација на мерките од Акцискиот план за сообразност со членовите 34-36 од Договорот за функционирањето на Европската унија (претходно 28-30 од ДЕЗ);
- Подготовка на втора Информација за реализација на мерките од Акцискиот план за сообразност со членовите 34-36 од Договорот за функционирањето на Европската унија (претходно 28-30 од ДЕЗ).

Во текот на 2011 година, се планира да се финализираат преговорите за склучување на ACAA Договорот меѓу Република Македонија и ЕУ, за седумте индустриски сектори ( опрема под притисок, пренослива опрема под притисок, опрема под низок напон, електромагнетна компатибилност, едноставни садови под притисок, машини и дел од градежни производи), кои се предмет на преговори од мај 2008 година кога и официјално започнаа преговорите.
Ќе се поднесе апликација до Европската комисија за примена на RAPEX системот од Државниот пазарен инспекторат.
Соодветно ќе се применува Законот за безбедност на производите од страна на новите инспектори при вршење надзор на пазарот на производите кои се пуштени на пазарот и ќе се пристапи кон изменување на законот согласно последните препораки на Европска Комисија.

Ќе се зајакнат административните капацитети во Министерството за економија и другите надлежни институции кои учествуваат во процесот на подготовка и примена на правните прописи од Партнерството за пристапување на Република Македонија, новите прописи од глобалниот, новиот и стариот приод.
Ќе се вложат напори за реализација на потребата од нови вработувања во 2011 и 2012 година, согласно НПАА 2010 и Стратегијата за спроведување на законодавството за соодветните хоризонтални организации (стандардизација, акредитација, метрологија и надзор на пазарот) во областа на слободно движење на стоки.

*Среднорочни приоритети*
На среден рок ќе се изврши целосно усогласување на конфликтните прописи кои се идентификувани во Акцискиот план за сообразност со членовите 34-36 од ДФЕУ со нови прописи, или укинување на одредби од постојни закони кои претставуваат бариера во непречено одвивање на слободното движење на стоки.
Предвидена е имплементација на Стратегијата за спроведување на *acquis* за соодветните хоризонтални организации (стандардизација, акредитација, метрологија и надзор на пазарот) заедно со целните датуми и јасни одговорности за воведување и ефикасно спроведување на законодавните мерки и зајакнување на административните капацитети во различните сектори.
Предвидена е примена на RAPEX системот од страна на Државниот пазарен инспекторат и комуникацијата со други инспекциски органи во Република Македонија надлежни за безбеден производ на внатрешниот пазар во Република Македонија.

### 3.1.2 **ХОРИЗОНТАЛНИ МЕРКИ**
Правната рамка за регулирање на областите на акредитација, стандардизација, метрологија, надзор на пазарот и оцена на сообразноста е заокружена во Република Македонија. Во текот на 2010 година, донесени се бројни закони и подзаконски акти во кои се транспонирани новите Директиви на Европската унија.

#### 3.1.2.1 **СТАНДАРДИЗАЦИЈА**

*Тековна состојба*
Институтот за стандардизација на Република Македонија (ИСРМ) интензивно работи на исполнување на 9-те услови за полноправно членство во Европскиот комитет за стандардизација (CEN) и во Европскиот комитет за електротехничка стандардизација (CENELEC). ИСРМ е полноправен член на Меѓународната организација за стандардизација – ISO (International Organization for Standardisation), асоцијативен член на Меѓународната електротехничка комисија – IEC (International Electrotechnical Commission), придружен член во Европскиот комитет за стандардизација – CEN (European Committee for Standardisation) и во Европскиот комитет за електротехничка стандардизација – CENELEC (European Committee for Electrotechnical Standardisation).
Во 2010 година, ИСРМ вработи 2 нови лица со што вкупниот број на вработени во ИСРМ е 21.
До ноември 2010 година, ИСРМ има усвоено околу 17 600 европски и меѓународни стандарди и други стандардизациски документи како македонски стандарди од кои 3267 се поврзани со Директивите од новиот приод. Бројот на повлечени конфликтни и неприменливи национални стандарди кои се водеа под ознака МКС ЈУС изнесува околу 4260.
Во текот на 2010 година формирани се нови Технички Комитети, со што вкупниот број сега изнесува 36 Технички комитети (ИСРМ ТК).
ИСРМ континуирано издава Месечни огласници каде се објавува јавната расправа и усвојувањето на стандардите. На новата веб-страна на ИСРМ ажурирани се актуелни информации од областа на македонската, меѓународната и европската стандардизација и се врши пребарување низ базата на податоци.
Во 2010 година, ИСРМ потпиша договор за соработка со францускиот Институт за стандардизација.

*Краткорочни приоритети*

Во областа на **стандардизацијата** предвидени се следните активности:
Целосно исполнување на сите девет услови за полноправно членство во Европските тела за стандардизација;
Преработка на Статутот, Правилниците поврзани со процесот на усвојување и означување на стандарди, работа на ТК и РГ и СО, кои треба да бидат целосно усогласени со Внатрешните правила на Европските тела за стандардизација;
Отпочнување со постапката на нотификација на чисто националните македонски стандарди;
Ставање во употреба на новиот ДМС;
Аплицирање за полноправно членство во Европските тела за стандардизација;
Продолжување на активна соработка со европските тела за стандардизација и националните тела за стандардизација;
Зајакнување на кадровскиот капацитет со нови извршители согласно Правилникот за систематизација на работите и задачите во ИСРМ;
Забрзување на процесот за превод на европските стандарди на македонски јазик;
Реализација на обуки за:

- правилата и праксата на европската и меѓународната стандардизација;
- постапките за подготовка, усвојување на европските и меѓународните стандарди во европските и меѓународните технички работни тела;
- нотификациони процедури за сите стандардизациски проекти кои се планираат на национално ниво и процедури за мирување (standstill); и
- користење на софтвер за управување со документи и бази на податоци.

Одржување на постоечката ИТ опрема и набавка на нова, набавка на лиценцирани оперативни системи и програми;
Промотивни кампањи, организирање на тематски работилници и издавање на тематски публикации, плакати, летоци и нивна дистрибуција се со цел активно вклучување на бизнис заедницата и останатите заинтересирани страни во процесот на стандардизација; и
Издавање на Огласникот за усвоени македонски стандарди и нивна дистрибуција;

*Среднорочни приоритети*

Во областа на **стандардизација** предвидени се следните активности:
Спроведување на Националната стратегија за воведување и ефикасно спроведување на законодавните мерки и зајакнување на административните капацитети на институциите кои ја сочинуваат инфраструктурата за квалитет (стандардизација, акредитација, метрологија, оцена на сообразност, надзор на пазарот);
Имплементација на европските интерни правила и процедури за работа на ИСРМ;
Создавање нови приходи преку сертификација и обуки.

### 3.1.2.2 **АКРЕДИТАЦИЈА**

*Тековна состојба*
Владата на Република Македонија го донесе новиот Закон за акредитација („Службен весник на Република Македонија, бр.120/2009), кој е усогласен со Глава I и Глава II од Регулативата (ЕЗ) бр. 765/2008 и Законот за установите.
Согласно обврските од овој закон, Советот на Институтот за акредитација на Република Македонија (ИАРМ) го донесе новиот Статут и истиот е усвоен од Владата на Република Македонија со Одлука бр.51-1095/1 во март 2010 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/2010).
Во текот на 2010 година ИАРМ направи ревизија на сите интерни акти на ИАРМ, заради нивно усогласување со новиот Закон за акредитација и новиот Статут.

Институтот за акредитација на Република Македонија (ИАРМ) е полноправна членка на Европската организација за акредитација - ЕА (European co-operation for Accreditation) од 2007 година, и асоцијативен член на Меѓународната организација за акредитација на лабораторoccurii ILAC (International Laboratory Accreditation Cooperation) од 2008 година.
ИАРМ соработува со националните тела за акредитација на други држави пред се од регионот и има потпишано билатерални договори со националните тела за акредитација на Србија, Црна Гора, Албанија, Хрватска, Бугарија, Турција и Косово.

Правилата за акредитација во Република Македонија се усогласени со европските и меѓународните стандарди (серија EN 45000 и серија ISO 17000), регулативата и упатствата на ЕА, IAF (International Accreditation Forum) и ILAC, како и европската добра пракса во таа област.

Во февруари 2009 година, ИАРМ поднесе апликација до ЕА за потпишување на Договор за взаемно признавање на резултатите (MLA). Во декември 2009 година се реализира предоценувачка посета на тимот од EA-MLA. Во октомври 2010 година ИАРМ достави информација до тимот на EA-MLA за отстранување на сите забелешки дадени во извештајот од предоценката.

Во 2010 година спроведени се обуки на оценувачи и експерти во Тренинг центарот на ИАРМ.[21]
ИАРМ во соработка со Германскиот институт за метрологија (PTB) организира дводневен семинар за технички оценувачи од областа на животна средина "Семинар за земање на примероци од животната средина" и тоа за земање на примероци од почва, вода како и гасови од почва, во ноември 2010 година. Обуката се организира во просториите на Тренинг центарот на ИАРМ и е дел од проектот на PTB за регионална соработка на земјите од Југоисточна Европа.
Вкупниот број на вработени во ИАРМ е 15. Вкупниот број на оценувачи и експерти е евидентиран во Листата на оценувачи и експерти, кој достигна до 70 експерти за различни области, 66 оценувачи и 17 водечки оценувачи.
Заклучно со ноември 2010 година, ИАРМ има акредитирано 57 тела за оцена на сообразност. На 7 од акредитираните правни лица, одземена е акредитацијата.
Во 2010 година ИАРМ организираше свеченост по повод ''9 Јуни – Светски ден на акредитација" на која ИАРМ додели Сертификати за акредитација на акредитираните тела во периодот јуни 2009-мај 2010 година.
Во 2010 година, ИАРМ издаде брошура и годишен извештај за своето работење, кои имаат за цел промоција на акредитацијата и запознавање на јавноста со работата на ИАРМ.

*Краткорочни приоритети*

ИАРМ ќе ја добие иницијалната оценка за потпишување на Договорот за признавање на резултатите (EA-MLA) во текот на втората половина од 2011 година.

Во 2011 година ќе се реализираат следните активности :
- акредитација на тела за оцена на сообразноста (лаборатории, сертификациони тела, инспекциски тела);
- Потпишување на Договор за взаемно признавање (MLA) со Европската организација за акредитација (ЕА);
- реализација на обуки:
  - за оценувачи,
  - за водечки оценувачи,
  - потенцијални клиенти,
  - нови шеми на акредитација.
- Зајакнување на соработката со министерствата во делот на овластување/ нотификација на телата за оцена на сообразност, односно јасно дефинирање на задачите помеѓу нив во однос на постапките за оцена на сообразност;
- Зајакнување на техничката инфраструктура на ИАРМ преку континуирана работа на технички комитети и секторските комитети;
- Реализација на ИПА 2008 проектот;
- Набавка/изработка на Data management software во рамки на ИПА проектот;
- Зајакнување на соработката со телата за акредитација од регионот; и
- Промотивни кампањи, организирање на работилници и издавање на публикации.

*Среднорочни приоритети*

Во 2012 година ќе се реализираат следните активности:
- Ефикасна примена на воспоставениот систем за акредитација;
- Намалување на периодот од поднесување на апликација до доделување на акредитација што ќе резултира со зголемување на бројот на акредитирани тела за оцена на сообразност (лаборатории, сертификациони тела, инспекциски тела);
- Зајакнување на кадровските капацитети во ИАРМ за непречено спроведување на оценки за областите за кои се бара акредитација;
- Обезбедување на соодветна софтверска опрема, нејзино инсталирање и ставање во целосна употреба;

[21] Курс на тема „*Имплементација на стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2006 во лабораториите за тестирање и калибрација*" во април.2010 година;–Обука за оценувачи по стандардот EN ISO/IEC 17021:2006 во мај 2010 година;-Курс на тема „*Имплементација на стандардот МКС EN ISO/IEC 17020:2006 за тела кои вршат инспекција*" во јуни 2010 година;–Обука за оценувачи по стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2006 во септември.2010 година; Работилница на тема: „Улогата на акредитацијата во имплементација на Регулативата (ЕЗ) 765/2008 и Комуникација со Националните Регулатори", во рамки на TAIEX инструментот за техничка поддршка при Европската Комисија, во јуни 2010 година;

- Спроведување на националната стратегија за воведување и ефикасно спроведување на законодавните мерки и зајакнување на административните капацитети на институциите кои ја сочинуваат инфраструктурата за квалитет;
- Зајакнување на техничката инфраструктура преку континуирана работа на техничките/секторските комитети, која ќе одговори на специфичните барања за акредитација во различни сектори.

### 3.1.2.3 **МЕТРОЛОГИЈА**

*Тековна состојба*
Бирото за метрологија (БМ) е орган во состав на Министерството за економија кој има водечка улога во рамките на националниот систем за метрологијата и ги врши задачите и обврските во областа на научната, индустриската и законската метрологија. Бирото за метрологија е институција надлежна за спроведување на Законот за метрологија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/2002, 84/2007 и 120/2009), Законот за контрола на предмети од скапоцени метали („Службен весник на Република Македонија“, број 23/1995 и 22/2007) и е орган за одобрување според Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/2008). Бирото за метрологија соработува со специјализирани меѓународни и регионални организации (OIML, CGPM, EURAMET, WELMEC, IAAO) во кои Бирото ја претставува Република Македонија. Од 2007 година БМ е потписник на MRA – Меѓународниот аранжман за признавање на сертификатите за калибрација издадени од националните метролошки институти, потписнички на MRA. Од 2009 година БМ стана член на Меѓународната организација на овластени тела за испитување и сертифицирање на предмети од скапоцени метали – IAAO.

Од Мај 2010, Бирото за метрологија е и полноправен член на EURAMET. Со полноправно членство во организацијата, Бирото за метрологија се стекна после успешната презентација на достигнувањата и исполнетоста на критериумите пропишани во актите на EURAMET, пред членовите на Генералното собрание на EURAMET.

Во областа на метрологијата усвоени се 16 подзаконски акти и 9 подзаконски акти за имплементација на Законот за контрола на предмети од скапоцени метали. Во 2010 година усвоени се:
- Правилник за мерила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 17/2010);
- Одлука за изменување и дополнување на одлуката за висината и начинот на наплатувањето на надоместокот за услугите што ги врши Бирото за метрологија и овластеното правно лице („Службен весник на Република Македонија” бр. 121/2010);
- Правилник за суштествените барања за шишиња кои се користат како мерни садови („Службен весник на Република Македонија” бр. 147/2010);
- Правилник за начинот и постапката за реализација, чување и одржување на сертифицирани референтни материјали за алкохол („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/2010);
- Листа на усогласени стандарди за исполнување на суштествените барања за мерилата во согласност со правилниците за технички и метролошки барања кои се однесуваат на мерилата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 152/2010);
- Правилник за алкохолометри и алкохолни ареометри („Службен весник на Република Македонија” бр. 154/2010).

Во 2010 година усвоен е и Стратешкиот план за развој на Бирото за метрологија и метролошката инфраструктура во Република Македонија 2010 - 2012, кој се темели на визија за идниот развој на националниот метролошки систем, чии што активности се провлекуваат низ скоро сите сегменти од секојдневието. Истиот претставува сеопфатен документ кој содржи одредници за спроведување на *acquis* во делот на метрологијата, заедно со целни датуми и јасни одговорности за воведување и ефикасно спроведување на законодавните мерки и зајакнување на административните капацитети во различни сектори.

Во рамките на Бирото за метрологија има девет лаборатории за калибрација на мерни инструменти (лабораторија за маса, притисок, должина и агол, зафатнина и проток, густина, фреквенција и време, температура, електрични големини и референтни материјали) од кои 7 се оперативни. Во текот на 2010 година, во рамки на проектот BERIS на Светка Банка, набавена е опрема за Лабораториите за маса, температура, време и фреквенција, притисок и Лабораторијата за испитување на скапоцени метали. Заклучно со Ноември 2010 година, издадени се вкупно 450 сертификати за калибрации на мерила, што е за 30 % повеќе во споредба со истиот период минатата година, а во делот кој се однесува на законски регулираните мерила, извршена е верификација на 20.000 механички и 55.000 електрични мерила.
Во Јули 2010, во врска со задолжувањето од Информацијата за ВРМ од одржаниот Поткомитет за трговија, индустрија, царина и оданочување, Бирото за метрологија го достави до Европската комисија Планот за воспоставување на нотифицирано тело за неавтоматски ваги во рамките на Бирото за метрологија.

Во Октомври 2010, во рамки на активностите поврзани со презентацијата на системот за квалитет согласно МКС ISO/IEC 17025 пред ТК-Квалитет на EURAMET, беше направена предоценка на истиот, од страна на експерт од Германија. Предоценката беше реализирана со помош на поддршка на Германската Агенција за техничка соработка – GTZ.

Заклучно со Ноември 2010, бројот на вработени во Бирото за метрологија изнесува 33 државни службеници, од кои 12 се инженери – лаборанти во лабораторискиот центар за калибрација, 13 вработени во одделенијата за верификација на мерила, 3 вработени во одделението за хомологација на возила и 5 во Одделението за општи и заеднички работи.

*Краткорочни приоритети*

Од областа на **метрологијата** се планира:

Измена на Правилникот за неавтоматски ваги во согласност со Директивата 2009/23/ЕЗ – 32009L0023 (изменета верзија на Директивата за неавтоматски ваги 90/384/ЕЕЗ);
Усогласување на националните подзаконски акти со меѓународни нормативни документи
Нови вработувања во делот за научна и законска метрологија така и во делот за правно и финансиско работење;
Целосна реализација на набавката на метролошка опрема за петте компоненти BERIS проектот;
Набавка на метролошка опрема за операционализација на лабораториите за калибрација, како и опрема потребна за поддршка на активностите на Лабораториите за верификација на механички и електрични мерила, особено во делот за оцена на сообразност на мерила (NAWI и MID);
Отпочнување со реализацијата на програмата за развој - ИПА 2008 за техничка и материјална помош и поддршка за имплементација на хармонизираната легислатива во областа на слободно движење на стоки и инфраструктура за квалитет;
Имплементација на систем за квалитет според ISO 17025 со поддршка на IPA 2008 проектот и преку GTZ- Германската техничка помош;
Подготовка за акредитација на лаборатории;
Активно учество во работата на техничките комитети на EURAMET, работните групи на WELMEC и IAAO;
Учество во проекти на меѓулабораториски споредби, организирани на регионално ниво и проекти на интеркомпарации во рамки на EURAMET;
Калибрација на еталоните и специјализирани обуки на стручниот кадар од БМ во област на научна /индустриска (калибрации на мерила и десенинација на мерни единици) и законска метрологија ( верификација на мерила) со поддршка на IPA и GTZ;
Организирање на семинари и работилници со цел зајакнување на метролошката инфраструктура; и
Склучување билатерални договори за соработка со метролошки институции во Република Србија, Република Хрватска и Република Црна Гора.

*Среднорочни приоритети*

Во областа на **метрологија** се планира:

Усогласување на националните подзаконски акти со меѓународни нормативни документи;
Активно учество во работата на техничките комитети на EURAMET;
Активно учество во работните групи за на WELMEC;
Акредитација на лабораториите (електрични големини, густина) според системот за квалитет ISO 17025;
Презентација на системот за квалитет според ISO 17025 пред EURAMET TK – Q;
Учество во проекти на меѓулабораториски споредби;
Прогласување на национални еталони на мерните единици (притисок, температура) во зависност од резултатите од проектите на интеркомпарации;
Имплементација на меѓународниот стандард ISO 17020 во секторот за верификација;
Специјализирани обуки на стручниот кадар од БМ во област на примена на методите за контрола на нето содржина во пакувани производи и мерни садови, како и обуки согласно предложениот Акционен план за подготовка и назначување на БМ за тело за оцена на сообразност во област на MID и NAWI;
Искористување на домашните ресурси пред се на научно образовните институции за наменска едукација и формирање на национални еталони во области каде што БМ нема можности; и
Упис на мерните и калибрационите можности на лабораториите на БМ во базата на BIPM;

**Странска поддршка**

- Проект за Реформа во бизнис опкружувањето и институционално зајакнување (BERIS), со кој се поддржува процесот на воспоставување на ефикасен систем за квалитет на инфраструктурата (стандардизација, акредитација и метрологија);
- Проект ИПА за компонента I - за инфраструктура на квалитет, за зајакнување на капацитетите во областа на стандардизација, акредитација и метрологија, кој ќе започне да се реализира кон крајот на 2010 година;
- ИПА регионален проект за инфраструктура на квалитет, кој започна во 2010 година;
- ГТЗ проект согласно потпишан меморандум 2009-2011 за техничка поддршка на акредитација, стандардизација и метрологија.

### 3.1.2.4 **ОЦЕНА НА СООБРАЗНОСТ** (**ПРОВЕРКА/ СЕРТИФИЦИРАЊЕ/ КОНТРОЛА**)

*Тековна состојба*

Оцената на сообразност е регулирана со Законот за безбедност на производи и Законот за возила.
Министерот за економија ги овластува заинтересираните правни лица да вршат оцена на сообразност на техничкиот производ и идентификација/техничка состојба и одобрување на возилото.

Спроведената акредитација се смета за претпоставка за исполнетост на условите за овластување на правните лица. Овластувањето за оцена на сообразност на техничкиот производ се врши согласно Уредбата за постапката за донесување на Решението за овластување на правното лице за вршење на оцена на сообразност, начинот на известување за стекнување на својство на телата за оцена на сообразност, начинот на известување за укинување на Решението за овластување и формата и содржината на регистарот на телата за оцена на сообразност („Службен весник на Република Македонија“ бр.157/2007).

Овластувањето за идентификација/техничка состојба и одобрување на возилото се врши согласно член 56 од Законот за возила.

Во 2010 година, министерот за економија согласно Законот за безбедност на производи донесе две Решенија за овластување на правни лица:

- „Гезуп“-Скопје за безбедност на машини на 31.05.2010 година и
- 2. „Еуроцерт“-Скопје за верификација на единица (Модул „G“) и испитување на тип на лифтови (Модул „B“) согласно постапките за овластување во Законот за безбедност на производи и Правилникот за пуштање на пазар на лифтови и сигурносни уреди за лифтови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/2007) во кој е транспонирана Директивата 95/16/ЕЗ и Правилникот за машини („Службен весник на Република Македонија“ бр. 123/2009) во кој е транспонирана Директивата 2006/42/ЕЗ.
- Вкупниот број на овластени тела е 6.

Именуваните овластени правни лица се евидентирани во регистарот на овластени тела за оцена на сообразност што го води Министерството за економија и нивните Решенија се објавени на веб страницата на Министерството за економија.

Во 2010 година, министерот за економија согласно Законот за возила донесе вкупно 8 Решенија за овластување, од кои седум решенија се однесуваат на овластување на правни субјекти за вршење идентификација и оцена на техничката состојба на возилата и едно Решение за овластување е за техничка служба за вршење на одобрување на возилата.

Министерството за економија е надлежна институција за овластување на заинтересираните правни лица да вршат оцена на сообразност на техничкиот производ и идентификација/техничка состојба и одобрување на возилото, како и за спроведување на постапката за нотификација на тела за оцена на сообразност до Европската комисија.

*Краткорочни приоритети*

Во 2011 година ќе следат нови овластувања на телата за оцена на сообразноста по претходно поднесено барање од заинтересирани правни лица, согласно утврдената постапка за овластување.
Во рамки на Тренинг центарот на Институтот за акредитација на Република Македонија ќе продолжи спроведувањето на соодветни обуки на заинтересираните правни лица. Обуките се планира да бидат за постапките за акредитација врзано со стандардите 17020 за инспекциски тела, 17024 за сертификациони тела и 17025 за лабораторции.

*Среднорочни приоритети*

Во областа на оцена на сообразност се планира да се зајакне бројот на македонски тела кои ќе бидат присутни на пазарот во Република Македонија при вршење на оцена на сообразност за македонски производи.

Нотификација на тела за оцена на сообразност во Европската комисија ќе следи при склучување на АКА Договорот или со пристапување на Република Македонија во ЕУ.

### 3.1.2.5 **НАДЗОР НА ПАЗАРОТ**

*Тековна состојба*

Во примена е Законот за надзор на пазарот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/2010), во кој се транспонирани дел од Глава I, Глава III и Глава IV од Регулативата 765/2008. Во овој закон е дефинирана координацијата на надзорот на пазарот од надлежност на инспекциските органи, со формирање на Координативно тело за надзор на пазарот за постигнување на ефикасна координација на надзорот и олеснување на размената на податоци и информации. Владата на Република Македонија донесе Решение за именување на координатор, заменик координатор, секретар и членови на Координативното тело за надзор на пазарот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 90/2010) од 5 јули 2010 година.

За работата на Координативното тело за надзор на пазарот, Владата на Република Македонија донесе Национална програма за координација и преземање на ефективни мерки за надзор на пазарот за 2011 и 2012 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.146/2010). Координацијата на координативното тело ја врши Државниот пазарен инспекторат.

*Краткорочни приоритети*

Во првиот квартал од 2011 година ќе следи измена на Законот за безбедност на производите согласно последните препораки на ЕК.

Во март 2011 година ќе се подготви тримесечен Извештај за работата на Координативното тело за надзор на пазарот за 2010 година.

*Среднорочни приоритети*

Подготовка на годишен Извештај за работата на Координативното тело за надзор на пазарот, согласно активностите што се предложени во Националната програма за надзор на пазарот за 2012 година.

Примена на RAPEX системот од Државниот пазарен инспекторат во соработка со останатите државни органи надлежни за надзор на пазарот во рамки на Националната програма за надзор на пазарот и нивните посебни годишни програми кога сомнителен производ ќе биде пријавен во системот дека претставува сериозна опасност на пазарот.

### 3.1.3 **СТАР ПРИОД НА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА ПРОИЗВОДИ**

#### **КОЗМЕТИЧКИ ПРОИЗВОДИ**

*Тековна состојба*

Во однос на условите за здравствената безбедност на козметичките производи, испитувањето на безбедноста и надзорот, во примена е Законот за безбедност на козметичките производи („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/2007), и следните правилници:

- Правилник за добрата производствена пракса („Службен весник на Република Македонија“ бр. 156/2007)
- Листа на производи што се сметаат за козметички производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 156/2007)
- Листа на супстанции што не смеат да бидат користени во козметичките производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 89/2010)
- Листа на супстанции кои се користат при производството на козметичките производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 89/2010)
- Листа на УВ филтри што смеат да се употребуваат во одредени видови на козметички производ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 89/2010)

- Листа на бои кои смеат да се употребуваат во одредени видови на козметички производи ( Службен весник на РМ број 89/2010)
- Правилник за содржината и начинот на означување на козметичките производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/2010)
- Правилник за добрата лабораториска пракса („Службен весник на Република Македонија“ бр.94/2010)
- Правилник за методите за анализа неопходни за проверка на составот на козметички производ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/2010)
- Правилник за критериумите за микробиолошка и хемиска чистота на козметичките производи и за методите за проверка на тие критериуми („Службен весник на Република Македонија“ бр. 94/2010)
- Листа на конзерванси чија употреба во козметичките производи е дозволена („Службен весник на Република Македонија“ бр. 89/2010)

Со донесувањето на овие подзаконски акти во целост е завршено усогласување со европското законодавство за козметичките производи според европските мерки: 19776L0768, 31980L1335, 31982L0434, 31983L0514, 31985L0490, 31993L0073, 31995L0032, 31996L0045, 31996D0335 и 32006D0257.
Во текот на годината преку професионалните здруженија беа одржани обуки во областа на козметологијата/ безбедноста на козметичките производи.

Министерството за здравство е надлежна институција за примена на одредбите од Законот за безбедност на козметичките производи, донесените подзаконски акти и за следење на имплементацијата на националното законодавство и континуирано усогласување со европското законодавство, како и со техничкиот напредок во таа област.

Државниот здравствен и санитарен инспекторат е надлежен за надзор над примената на прописите за здравствената безбедност на козметичките производи, во однос на контролата на процесот на производство на козметичките производи, како и нивниот промет во внатрешниот пазар во Република Македонија.

Институтот за јавно здравство е надлежен за испитување и контрола на квалитетот на козметичките препарати, која е овластена државна институција од министерот за здравство.

*Краткорочни приоритети*

Секторот за контрола на лекови и козметичките производи во Институтот за јавно здравје според оперативната програма ќе ја следи исправноста на однапред утврдена група препарати кои служат за нега на доенчиња и мали деца. Исто така, ќе се имплементираат донесените подзаконски акти во однос на контролата на концентрација на флуор и вештачки засладувачи во пастите за заби, како и следење на содржината на конзерванси, бои и УВ филтри во козметичките производи.
Предвидено е формирање на организациона единица за безбедност на козметички производи во рамки на Министерството за здравство.
Во текот на 2011 година во план е одржување на Работилница со претставници од индустријата во однос на имплементација на законодавството, а Фармацевтскиот факултет во рамки на својот Центар за континуирана медицинска едукација ќе одржи Школа за козметика.

*Среднорочни приоритети*

Се планира да се изврши анализа на усогласеноста на Законот за безбедност на козметички производи со новата ЕУ регулатива за козметика.

Формирање на организациона единица во Министерството за здравство која ќе биде задолжена за следење на имплементацијата на националното законодавство и континуирано усогласување со европското законодавство, како и со техничкиот напредок во областа на козметиката.

## ЛЕКОВИ ЗА УПОТРЕБА ВО ХУМАНАТА МЕДИЦИНА

*Тековна состојба*
Бирото за лекови е орган во состав на Министерството за здравство и е надлежно за управните и стручни работи за лековите за хумана медицина во Република Македонија. Неговата надлежност е регулирана во Законот за лековите и медицинските помагала („Службен весник на Република Македонија“ бр. 106/2007).

Сите подзаконски акти во областа на лековите што согласно Законот треба да се донесат, се изработени и објавени во периодот од 2008 и 2009 година веднаш по хармонизацијата на Законот, и истите се во фаза на имплементација. Со тоа, комплетната регулатива за лековите е веќе изработена и Бирото за лекови успешно ја спроведе хармонизацијата на сите регулативи, водичи и директиви на Европското законодавството во делот на лековите.

Обука на вработените во Бирото за лекови во однос на имплементацијата на Законот и подзаконските акти и во 2010 година се спроведува во рамките на ИПА проектот со Европската Агенција за лекови.

Во 2010 година реализирано е едно вработување во стручната служба на Бирото за лекови.

*Краткорочни приоритети*

Во 2011 година продолжува обука на вработените согласно договорот меѓу Европската комисија и Европската агенција за лекови (ЕМА).

Ќе се донесе нов Правилник за варијации на одобрението за ставање на лек во промет согласно најновите промени во Европската унија.

*Среднорочни приоритети*

Ќе следи продолжување на континуирани обуки на вработените од стручната служба за новите постапки врзано со имплементација на правилниците, за јакнење на институционалните капацитети.

Овие обуки ќе се реализираат во рамки на проекти од донатори, како и нови извори на техничка и стручна поддршка.

**ХЕМИКАЛИИ**

*Тековна состојба*

Бирото за лекови-секторот за хемикалии во 2010 година ги донесе следните закони и подзаконски акти:

- Закон за хемикалии („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/2010) со кој се транспонирани одредбите од Регулативата (ЕЗ) бр. 1907/2006 за регистрација, оценување, одобрување и ограничување на хемиски супстанци, Регулативата (ЕЗ) Бр. 1272/2008 за класификација, етикетирање и пакување на супстанции и смеси, за изменување и за укинување на Директивата 67/548/ЕЕЗ и на Директивата 1999/45/ЕЗ и за изменување на Регулативата (ЕЗ) бр. 1907/2006, Директивата 98/8ЕЗ за ставањето на биоциди во промет, Регулативата (ЕЗ) Бр. 689/2008 за увоз и извоз на опасни хемикалии и Регулативата (ЕЗ) број 648/2004 за детергенти; и
- Правилник за начелата на добрата лабораториска пракса(„Службен весник на Република Македонија" бр. 75/2010), во кој се транспонирани одредбите од Регулативите (ЕЗ) 09/2004 и (ЕЗ) 10 /2004.

Во новиот Закон за хемикалии е дефиниран придонесот за намалување на негативниот ефект од употреба на хемикалии врз здравјето на луѓето и животната средина, создавање на предуслови за влегување во ЕУ, воспоставување на слободен проток на стоки со цел да се зголеми заштитата од хемикалии и да се постигне одржлив развој во Република Македонија, за воспоставување на соодветен систем за пласман и користење на хемикалии во однос на опасноста и ризикот, соодветни институционални капацитети и создавање на административни алатки (организирање на служби за помош на индустријата и изготвување на технички упатства, со цел да се постигне уредна примена на законодавството во областа на користење на хемикалиите, како и евиденција на хемикалии пласирани на пазарот, во електронска база на податоци) за постигнување на соодветна контрола на хемикалиите.

Во рамките на Бирото за лекови при Министерството за здравство работи Секторот за хемикалии, во кој се предвидува да работат 10 вработени во 2 одделенија: одделение за управување со хемикалии и одделение за управни постапки за хемикалии и регулатива.

Тековната состојба на вработени за реализација на правните акти за хемикалии е 3, како и издавање на дозволи на правни лица за промет, производство и употреба на хемикалии, смеси, детергенти, издавање на дозволи за увоз-извоз-транзит на хемикалии, водење на регистар на нови и веќе класифицирани хемикалии.

Воедно, подготвува годишни декларации за хемикалии кои се предмет на законот за имплементација на Конвенцијата за забрана на хемиски оружја, изработува и спроведува проекти со кои се следи ставањето на хемикалиите во промет и

нивното користење на начин што нема да предизвика штетно влијание на здравјето на луѓето и животната средина, соработува со Европската Агенција за хемикалии, со Компетентните Авторитети на Европа за REACH и CLP Регулативите и секретаријатите на меѓународните конвенции.

Центарот за Информирање за труење од хемикалии има 10 вработени, собира и обработува податоци за акутни труења од хемикалии и други несакани ефекти, води електронска база на податоците и дава консултативни услуги за акутните труења и квартално го информира Бирото за лекови.

Во рамки на проектот „Управување со ризикот на хемикалии во Република Македонија 2007-2010", вработените од Центарот, присуствуваа на обуки во Центри од овој тип во Шведска, Естонија, Бугарија и Србија. Поставена е веб страна на Центарот http://www.toxico.com.mk, на која можат да се најдат информации за третмани за труења и формулари за пријавување на затруени пациенти од други Јавни медицински установи и формулари за пријавување на хемикалии во смеси и козметички производи кои се ставени во промет на територијата на Република Македонија, како и објавена брошура со информации за услугите кои може секој поединец да ги добие од Центарот.

Одржани се регионални работилници за ризикот на хемикалии и класификација, пакување и обележување на хемикалии- Обука за инспектори, во Србија со претставниците од МЗ_БЛ, МЖСПП- Инспекторатот за животна средина и МЗШВ – Фитосанитарна управа, во мај и октомври 2010 година.

Во Мај 2010 година започнаа преговорите со Европската Агенција за хемикалии за обука на претставниците од земјите со статус на земја-кандидат за членство во ЕУ. Првата обука од овој Проект се одржа во Хелсинки во август - септември 2010 година. Учествуваа претставници од БЛ-МЗ, МЗСПП, НЦ-Клиника за токсикологија и експерт од Фармацевтскиот факултет.

*Краткорочни приоритети*

Во 2011 година, продолжува транспонирањето на Европското *acquis* во националното законодавство со донесување следниве на подзаконски акти кои произлегуваат од новиот Закон за хемикалии:

- Правилник за методите на испитување на хемикалиите (ЕЗ 1272/2008);
- Упатство за насоките за изготвување на безбедносниот лист (ЕЗ 1907/2006);
- Упатство за начинот на кој се врши процената на безбедноста на хемикалијата и содржината на извештајот за безбедноста на хемикалијата, (ЕЗ 1907/2006).

- Воедно ќе се преземат следните активности:
- Редовно ќе се ажурира Националната Листа на класифицирани супстанции;
- Ќе се објави Листата на високоризични супстанции (кои предизвикуваат загриженост), согласно ЕУ регулативата (ЕЗ) 1907/2006;
- Ќе се објави Листата на забрани и ограничувања за употреба согласно ЕУ регулативата (ЕЗ) 1907/2006;
- Ќе се ажурира Листата на активни супстанци во биоцидниот производ, согласно ЕУ директивата (ЕЗ) 98/08.

Ќе продолжи зајакнувањето на институционалните капацитети на надлежните институции од подрачјето хемикалии преку нови вработувања и обуки, согласно обврските од Законот за хемикалии и подзаконските акти кои произлегуваат од него.

*Среднорочни приоритети*

Во 2012 година се планира да се донесат следните подзаконски акти согласно Законот за хемикалии:

- Правилник за утврдување на методите на биоразградивост на ПАС (површински активните супстанции) во детергентите, како и референтните методи за испитување и анализа на детергентите;
- Листа на опасни хемикалии и производи чијшто извоз е забранет заради усогласување со Регулативата (ЕЗ) 689/2008;
- Правилник за начинот на водењето на евиденцијата за прометот со особено опасни хемикалии со кој ќе се транспонира регулативата (ЕЗ) 689/2008;
- Упатство за содржината на образецот на барањето за вршење на дејност промет со особено опасни хемикалии, образецот на барањето за издавање дозвола за употреба на особено опасни хемикалии, образецот на дозволата за вршење на дејност промет со особено опасни хемикалии и образецот на дозволата за употреба на особено опасни хемикалии, со кој ќе се транспонира регулативата (ЕЗ) 689/2008;

- Упатство за содржината на Листата на податоците за содржината на детергентите, со која ќе се транспонира регулативата (ЕЗ) 648/2004; и
- Правилник за податоците за содржината на детергентите кои треба да бидат наведени на пакувањето, како и општите и посебните правила на означувањето, со кој ќе се транспонира регулативата (ЕЗ) 648/2004;

## МОТОРНИ ВОЗИЛА

*Тековна состојба*

Во рамки на Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр.140/2008), во 2010 година, од страна на Министерството за внатрешни работи и Министерството за економија донесени се следните подзаконски акти:

*Министерство за внатрешни работи:*

- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на налепницата за извршен технички преглед („Службен весник на Република Македонија" бр. 32/2010).
- Правилник за задолжителна опрема на возилото, велосипедот и запрежното возило за безбедно учество во сообраќајот на патиштата, како и на тракторите за безбедно извршување на земјоделски, односно шумски работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/2010).

- *Министерство за економија:*
- Правилник за критериумите што треба да ги исполнуваат возилата со музејска вредност (олдтајмери) и постапката за утврдување на исполнетоста на тие критериуми („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/2010);
- Правилник за висината на трошоците во постапка за издавање на одобрение на тип на производ и постапка за издавање на единечно одобрение на возило („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/2010);
- Правилник за техничките барања на системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата („Службен весник на Република Македонија" бр. 21/2010).
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата („Службен весник на Република Македонија" бр. 16/2010).
- Правилник за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија" бр. 16/2010).
- Правилник за одобрување на преправени и поправени возила („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/2010).

*Краткорочни приоритети*

Во 2011 година ќе следи овластување на нови заинтересирани правни лица за вршење на идентификација/оцена на техничка состојба на возила и единечно одобрување на возила.

## ТЕКСТИЛ И ОБУВКИ

*Тековна состојба*

Во 2010 година, направена е измена и дополнување на Правилникот за методи за квантитативна анализа на дво-компонентна суровина за текстилни влакна („Службен весник на Република Македонија" бр. 21/2010), во кој се транспонира Директивата 2006/2/ЕЗ.

### 3.1.4. **НОВ И ГЛОБАЛЕН ПРИОД НА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА ПРОИЗВОДИ**

*Тековна состојба*

Координацијата на активностите во правец на усогласување на националното законодавство и усвојување на европските технички норми и стандарди продолжува успешно да функционира преку работата на Работната група за Слободно движење на стоки и Работните подгрупи кои работат под координација на оваа работна група. Транспониран е значаен дел од директивите од новиот приод и се следи имплементацијата.

Во 2010 година, согласно Законот за безбедност на производите, Министерството за економија донесе:

- Седмо издание на Листата на стандарди со чија употреба се смета дека производот е безбеден („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/2010);
- Листа на изменување и дополнување на Листата на стандардите со чија употреба се смета дека производот е безбеден („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/2010);
- Правилник за безбедност на детски играчки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/2010).

Во рамки на Законот за градежни производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/2006 и 86/2008), кој е целосно усогласен со Директивата за градежни производи 89/106/ЕЕЗ, изменета со Директивата 93/68/ЕЕЗ за CE означувањето, министерот за економија донесе две решенија: 1. за именување на тело за атестирање на сообразност – Градежен Институт „Македонија“ АД Скопје, Лабораторија за испитување на градежните материјали од областа на испитување и 2. за именување на тело за атестирање на сообразност –Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии „Скопје“ АД Скопје, Лабораторија за испитување на градежните материјали од областа на испитување.

Во 2010 година се објави Список за дополнување на Списокот на македонски национални стандарди кои се прифатени, хармонизирани стандарди („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/2010).

*Краткорочни приоритети*

Се планира усвојување на нови подзаконски акти во текот на 2011 година:

*Во надлежност на Министерството за економија:*

- Уредба за заедничка рамка за означување на производите и нотификација на телата за оцена на сообразност во Европската комисија, во коа ќе се транспонира Одлуката 768/2008 за заедничка рамка за означување на производите. Со донесувањето на оваа Уредба ќе престане да важи Уредбата за начинот на назначување (нотификација) на телата за оцена на сообразност во Европската Комисија, во кој се транспонира Одлуката 93/465.
- Уредба за изменување на Уредбата за постапката за известување на Европската Комисија за донесување на технички и нехармонизирани прописи, технички спецификации и стандарди, заради усогласување на членовите кои се однесуваат на ИСРМ за потребите за нивно аплицирање за полноправно членство во CEN/CENELEC.

*Во надлежност на Министерството за транспорт и врски:*

- Правилник за техничките правила за утврдување способност на чамец и баждарење, во кој ќе се транспонира Директивата 94/25/ЕЗ
- Правилник за радио опрема и телекомуникациска терминална опрема, во кој ќе се транспонира Директивата 1999/5/ЕЗ

Во план е зајакнување на секторот за внатрешен пазар во Министерството за економија, кој е надлежен за слободно движење на стоки со нови вработувања.

*Среднорочни приоритети*

Заокружување на правната рамка од транспозиција на директивите од новиот и глобалниот приод и нивна целосна имплементација, како и воведување на клаузули во националното законодавството за взаемно признавање на резултатите.

### 3.1.5 **ПРОЦЕДУРАЛНИ МЕРКИ**

**ПОСТАПКИ ЗА НОТИФИКАЦИЈА**

Процедурите за нотификација се регулирани во Уредбата за постапката за известување на Европската комисија за донесување на техничките и нехармонизираните прописи, техничките спецификации и стандарди („Службен весник на Република Македонија“ бр. 107/2007) во кој е транспонирана Директивата 98/34/ЕЗ, согласно членот 32 став 1 од Законот за безбедност на производите.

Постапката за спроведување на процедурите за нотификација ќе ги врши Министерството за економија за техничките прописи и Институтот за стандардизација на Република Македонија за донесување на стандарди и технички спецификации.

Во однос на процедурите за нотификација во СТО, Република Македонија има формирано нотификационен систем со нејзиното членство во Светската Трговска Организација во април 2003 година.

Нотификациониот систем на Република Македонија е уреден во Законот за ратификација на Протоколот за пристапување на Република Македонија во СТО („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/2003).

Институтот за стандардизација е именувано за информативно тело за доставување на информации за техничките прописи, стандарди и постапки за оцена на сообразност.

*Краткорочни приоритети*
Првите постапки за нотификација, Министерството за економија ќе ги отпочне со склучување на ACAA Договорот за признавање на индустриските сектори кои се предмет на преговори или со пристапување на Република Македонија во ЕУ, а Институтот за стандардизација со полноправно членство во CEN/CENELEC.
Министерството за економија и Институтот за стандардизација планираат по склучувањето на ACAA Договорот да пристапат во работата на Комитетот за нотификација на технички прописи во ЕК.

**ОРУЖЈЕ**

*Тековна состојба*
Во текот на 2010 година, усвоен е Законот за испитување и жигосување односно обележување на огненото оружје и муницијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/2010), со кој се транспонира Директивата за контрола на набавување и на поседување оружје (91/477/ЕЕЗ) и Директивата (2008/51/ЕЗ) за изменување на истата, согласно кој, Министерството за економија во соработка со Министерството за внатрешни работи во 2010 година изготви 3 подзаконски акти.[22]
Во мај 2010 година, усвоен е Законот за изменување и дополнување на Законот за оружјето („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2010) со кој се транспонира Директивата (2008/51/ЕЗ) за изменување на Директивата за контрола на набавување и на поседување оружје (91/477/ЕЕЗ).
Согласно Законот за оружјето, во насока на усогласување со Директивата (2008/51/ЕЗ) за изменување на Директивата за контрола на набавување и на поседување оружје (91/477/ЕЕЗ), како и со Заедничките позиции на Советот од 23 јуни 2003 година за криумчарење на оружје, донесени се следните подзаконски акти:

- Правилник за измени и дополнување на Правилникот за обрасците на оружјето и муницијата и за начинот на водење на евиденции на оружје и муниција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/2010);
- Правилник за изменување на Правилникот за обрасците на барањата и одобренијата за превоз на оружје и муниција при увоз, за превоз на оружје и муниција при извоз, за пренесување трансфер на оружје и муниција при увоз за пренесување трансфер на оружје и муниција при извоз, за пренесување трансфер на оружје и муниција при транзит и за превоз на оружје и муниција при транзит што се издава по електронски пат („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/2010);
- Правилник за изменување на Правилникот за Програмата за оспособување за правилна употреба, чување и одржување на оружјето, начинот на спроведување на практичното оспособување за ракување со оружје, како и начинот на спроведување на стручниот испит за проверка на техничкото знаење за правилна употреба на оружјето и познавање на прописите за оружје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/2010);
- Правилник за изменување на Правилникот за составот на комисиите на Министерството за внатрешни работи за пробни испукувања, начинот на вршење на пробни испукувања и за чувањето на чаурите од оружјето од кое е извршено пробно испукување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/2010); и
- Правилник за изменување на правилникот за обрасците за оружјето и муницијата и за начинот на водење на евиденции на оружје и муниција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 156/2010).

*Краткорочни приоритети*

Согласно Законот за испитување и жигосување односно обележување на огненото оружје и муницијата, во насока на усогласување со Директивата (2008/51/ЕЗ) за изменување на Директивата за контрола на набавување и на поседување оружје (91/477/ЕЕЗ), ќе се усвојат следните подзаконски акти:

---

[22] Правилник за начинот на испитување и жигосување односно обележување на огнено оружје и муниција; Правилник за жиговите и знаците за жигосување односно обележување како и за формата и содржината на потврдите и етикетите (бандеролите); и Правилник за условите во поглед на материјално-техничките капацитети и стручниот кадар за вршење на дејност, испитување и жигосување односно обележување што мораат да ги исполнуваат овластените правни лица

- Правилник за висината на трошоците во постапката за утврдување на надоместок;
- Правилник за начинот на испитување и жигосување односно обележување на огнено оружје и муниција;
- Правилник за жиговите и знаците за жигосување односно обележување како и за формата и содржината на потврдите и етикетите (бандеролите); и
- Правилник за условите во поглед на материјално-техничките капацитети и стручниот кадар за вршење на дејност, испитување и жигосување односно обележување, што мораат да ги исполнуваат овластените правни лица.

Согласно Законот за оружје, Министеството за внатрешни работи ќе донесе Правилник за изменување и дополнување на правилникот за видовите на оружје кои можат да се набавуваат врз основа на одобрение и за значењето на одделни видови на оружје од А и Д категорија.

Министерството за економија во соработка со Министерството за внатрешни работи е надлежна институција за примена на одредбите од законот и подзаконските акти.

**ПРОВЕРКА НА НАДВОРЕШНИ ГРАНИЦИ**

*Тековна состојба*

Република Македонија на 9-ти април 2010 година го донесе Законот за надзор на пазарот во кој се регулира контролата на производи што се пуштаат на пазар и слободен промет на производи во увозот во Република Македонија.

Воспоставувањето на системот на интегрирано гранично управување, Царинската управа на Република Македонија овозможи олеснување на протокот на лица и стоки преку државната граница согласно европските стандарди и најдобрата пракса. Примената на мерките и активностите во системот на интегрираното гранично управување врз основа на Националната стратегија за развој на воспоставениот систем на интегрирано гранично управување и Националниот акционен план за развој на воспоставениот систем за интегрирано гранично управување, како и Шенген прирачникот овозможи да се изгради систем кој ќе развие база на податоци за управување со границата и нивна поврзаност во рамките на Информатичкиот систем на интегрирано гранично управување, со цел пристап и размена на информации помеѓу државните органи кои имаат надлежност во граничното управување.

Со завршување на втората фаза од Проектот ,,Едношалтерски систем за увоз и извоз (single window) и контрола при единствено застанување (one stop shop) се овозможи олеснување и намалување на времето за премин на границата за стокови пратки, а со тоа и процедурите и режимот на контрола.

ЦАРИНСКА УПРАВА

Царинската управа работи согласно надлежностите што се утврдени во Законот за Царинска управа, царинскиот закон, Законот за царинска тарифа и други закони со кои се уредува увозот, извозот и транзитот на стока. Царинската управа е одговорна за заштита на општеството и граѓаните, како и за олеснување на меѓународната трговија преку обезбедување на непречен проток на стоката преку границите и спроведување на ефективна контрола на меѓународниот синџир на снабдување. За остварување на безбедност и сигурност на граѓаните, заштита на општеството од нелегална трговија, заштита на пазарот од нелојална конкуренција и поддршката на легалните деловни активности, зголемување на конкурентноста на домашната економија, креирање на електронско опкружување, особено значајна е соработката на релевантните институции кои делуваат на ова поле на национално и меѓународно ниво.

Со користење на информациска и комуникациска технологија се вложуваат напори да се унапреди соработката и да се овозможи сигурна размена на информации помеѓу царинските служби, потоа царината и државните институции и царината и економските оператори односно учесници во царинската постапка. Во извршувањето на задачите поврзани со контролата на границите и обезбедување на сигурност во синџирот на снабдување, Царинската управа е надлежна за примена на Рамката на стандарди за олеснување и обезбедување на меѓународната трговија на Светската царинска организација.

Царинската управа е водечка институција и координатор на Проектот ,,едношалтерски систем (single window) за увоз и извоз и контрола при единствено застанување (one stop shop), за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти-ЕХИМ. Владата на Република Македонија формира работна група составена од претставници од Царинската

управа, Националната комисија за интегрирано гранично управување, Министерството за информатичко општество, Агенцијата за меѓународен развој-USAID и претставници на 15 владини институции кои учествуваат во спроведување на различни постапки за прекуграничен проток на стоки.

*Краткорочни приоритети*

Во 2011 година продолжуваат активностите за унапредување на EXIM системот преку интегрирање со CDPS системот на Царинската управа и TRACES Like системот на Управата за ветеринарство, негово прилагодување за пренесување на контролата на Државниот инспекторат за земјоделие од внатрешните терминали на граничните премини, вклучување на други дозволи како надополнување на досегашните и други дозволи од нови институции, воведување на електронски регистри на институциите, дополнителни типови на прегледи и унапредување на некои функционалности на EXIM системот.

Продолжуваат активностите поврзани со воведување на стандардот ИСО 17025, основа за добрата лабораториска пракса, што е предуслов за акредитација на царинската лабораторија, која се наоѓа во Институтот за хемија на Природно-математички факултет. Акредитацијата на царинската лабораторија ќе овозможи резултатите од анализите во царинската лабораторија да се меѓународно признати.

Соработката и координацијата на одговорностите на различните тела стратешки се определени во новата Стратегија за развој и унапредување на воспоставениот систем за интегрирано гранично управување, која како основен документ ќе се одобри од Владата на Република Македонија.

## 3.02 **СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА РАБОТНИЦИ**

### 3.2.1 **ПРИСТАП ДО ПАЗАРОТ НА ТРУД**

*Тековна состојба*
Во март 2010 година, беше донесен Закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и работа на странци (“Службен весник на Република Македонија” бр. 35/2010), со кој што, постапката за добивање на лична работна дозвола за самовработување на странец е значително олеснета. Исто така, со измените се допрецизираа роковите за периоди во кои странско правно лице може да врши назначување на странски работници во нивна филијала или друга организациона деловна единица, со која се присутни на пазарот во Република Македонија.

Донесена е одлука за утврдување на квотите за работни дозволи за странци за 2010 година, каде согласно потребите за работната сила за 2010 предвидено е издавање на вкупно 3000 работни дозволи.

Беше подготвена анализа на пазарот на труд и истата беше испратена до Европската комисија, со крајна цел обезбедување на граѓаните на Европската унија пристап до јавните служби во Република Македонија, по нејзиното влегување во Европската унија.

Согледувајќи ја потребата од меѓусебна размена на податоци за странците кои престојуваат во Република Македонија по различни основи, Владата на Република Македонија, започна со имплементација на проектот за воспоставување на Интегрирана база на податоци за странци, каде што носител на активностите е Министерството за внатрешни работи а вклучени институции се Министерството за надворешни работи, Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување на Република Македонија.

*Краткорочни приоритети*
Интегрираната база на податоци за странци ќе биде оперативна во првата половина на 2011 година. Исто така во текот на 2011 година ќе се изврши меѓусебно електронско поврзување на институциите кои се инволвирани во процесот на издавање на работни дозволи.

Воедно, до крајот на 2011 година, предвидено е усогласување на Законот за странци (Службен Весник на Република Македонија бр.156/2010) со:
- Регулативата (ЕЗ) бр.810/2009 на Европскиот Парламент и Советот за воспоставување на Визен Кодекс на Заедницата (визен код);
- Регулативата (ЕЗ) бр. 562/2006 на Европскиот Парламент и Советот за правилата кои го уредуваат начинот на движење на лица преку границите (Шенгенски граничен кодекс);
- Директивата бр. 2008/115/ЕЗ на Европскиот Парламент и на Советот од 16.12.2008, за заедничките стандарди и постапки во земјата членка за враќање на државјани на трета земја со нелегален престој (член 11).

Предвидени се измени на Законот за волонтерство (Службен Весник на Република Македонија бр. 85/2007; 161/2008) во насока на усогласување со Директивата на Советот 2004/114/ЕЗ, за условите за влез на граѓани од трети земји, со цел за студирање, размена на ученици, неплатена обука или волонтерски услуги.

*Среднорочни приоритети*
Ќе се утврди индикативна временска рамка во однос на овозможување на пристап на државјаните на Европската унија до слободни работни места во јавниот сектор во периодот по влезот на Република Македонија во Европската унија по што ќе се пристапи кон измени на постоечкото законодавство во Република Македонија.

### 3.2.2 **ЕУРЕС**

*Тековна состојба*
Во март 2010 година, во рамки на активностите за осовременување на просторните услови во Центарот за вработување на град Скопје опремена е канцеларија за ЕУРЕС (Европска мрежа на служби за вработување) со цел да се овозможи давање на информации за слободните работни места во државите членки на Европска Унија, информации за состојбата и трендовите на пазарот на труд, како и информации за животните и работните услови.

Агенцијата за вработување на Република Македонија во врска со подготовките на Република Македонија за учество во ЕУРЕС, донесе Акциски план на мерки и активности кој што беше одобрен од страна на Владата на Република Македонија.

Во октомври 2010 година, Агенцијата за вработување на Република Македонија изврши вработување на две лица.

Миграциските сервисни центри во Скопје и Битола продолжуваат со своите тековни активности, одржуваат обуки и советувања за одредени теми, обезбедуваат информации, совети и упатување на мигрантите и потенцијалните кандидати, информации за можноста за работа и студирање во странство, процедурите за стекнување на виза, работа или пак дозволи за престој, достапност до здравствениот систем и образование во странство и други корисни информации.

*Краткорочни приоритети*
Понатамошна имплементација на активностите предвидени со Акцискиот план на мерки и активности за подготовките на Република Македонија за учество во ЕУРЕС за што ќе бидат и изготвувани квартални извештаи.

*Среднорочни приоритети*
Во првиот квартал на 2012 година ќе отпочне имплементацијата на проектот, "Зајакнување на капацитетите за ефективна имплементација на acquis во полето на слободно движење на работници", во чии рамки се предвидени обуки за идните ЕУРЕС советници (обука за компјутерски вештини потребни за користење на ЕУРЕС базите на податоци, обуки за комуникациски вештини, обуки за странски јазик и други активности). Во проектот ќе бидат вклучени Министерството за труд и социјална политика, Агенција за вработување, Фонд за здравствено осигурување, Фонд за пензиско и инвалидско осигурување.

Во текот на 2012 година се предвидува и отворање на два нови Миграциски сервисни центри, во Тетово и Струмица, со цел зголемување на информираноста на населението за условите за мигрирање и работа во конкретна странска држава.

### 3.2.3 **КООРДИНАЦИЈА НА СИСТЕМИ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ**

*Тековна состојба*
Во Република Македонија активно се работи на склучување на билатерални договори за социјално осигурување. Во февруари 2010 година ратификувани се: Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Австралија за социјално осигурување („Службен весник на Република Македонија„ бр. 19/2010) и Договорот меѓу Република Македонија и Канада за социјално осигурување („Службен весник на Република Македонија„ бр.19/2010).

Во април 2010 година се одржаа разговори и се парафираше текстот на Административната спогодба за спроведување на Договорот за социјално осигурување меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Австралија.

На 22 октомври, потпишан е Договорот меѓу Република Македонија и Црна Гора за социјално осигурување и Административната спогодба за спроведување на Договорот.

Од 29 ноември до 2 декември 2010 година, започнаа преговорите за склучување на Договор за социјално осигурување со Република Италија, при што се усогласи и се парафираше текстот на договорот, од страна на делегациите на двете држави.

Продолжуваат активностите за соработка во областа на социјалното осигурување меѓу Република Македонија и Република Косово.

Со цел зајакнување на капацитетите на институциите надлежни за координацијата на социјалната сигурност одржани се повеќе обуки, семинари и летна школа во рамките на Заедничкиот проект помеѓу Европската Комисија и Советот на Европа за координација на социјалната сигурност и реформите во социјалната сигурност.

*Краткорочни приоритети*
Во областа на билатералното регулирање на социјалното осигурување со други земји во текот на 2011 година, ќе се иницира постапка за преговори за склучување на билатерални договори за социјално осигурување со Република Албанија и Црна Гора.

Договорот за социјално осигурување меѓу Република Македонија и Италија, ќе биде потпишан во текот на 2011 година, по што ќе следат преговори за потпишување на административната спогодба.

Со цел зајакнување на административните капацитети, во делот на координацијата на социјалната сигурност во текот на 2011 година ќе се реализираат обуки за вработените во Министерството за труд и социјална политика – Сектор за пензиско и инвалидско осигурување, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, Фондот за здравствено осигурување и Агенцијата за вработување, финансирани од Заедничкиот проект помеѓу Европската Комисија и Советот на Европа за координација на социјалната сигурност и реформите во социјалната сигурност: јакнење на институционалните и административни капацитети за процес на преговори за склучување на билатерални договори за социјално осгиурување; регионални средби за размена на искуствата во процесот на пристапни преговори од поглавје 3.02; семинар за координација на шемите за инвалидска пензија.

Воедно, истите институции ќе продолжат со кадровско екипирање со цел развивање на административен капацитет за примена на регулативите од Европското законодавство во областа на социјална сигурност.

Планирано е донесување на Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување кој ќе биде услогасен со одредбите на Регулативата 32004P0883. Со овој закон ќе се регулираат видовите на исплати на пензии од капиталното финансирано пензиско осигурување (ануитети, програмирани повлекувања, еднократни повлекувања), институциите за исплата на пензиите, начинот на пресметка на пензија од капиталното финансирано пензиско осигурување, и други прашања.

*Среднорочни приоритети*
Во текот на 2012 година, ќе се иницира постапка за преговори, за склучување на билатерални договори за социјално осигурување со Норвешка, Северна Ирска, Англија, Шведска Франција и Словачка Република .

Во првиот квартал на 2012 година, ќе отпочне имплементацијата на проектот, "Зајакнување на капацитетите за ефективна имплементација на acquis во полето на слободно движење на работници", во рамките на ИПА 2010, компонента 1.

### 3.2.4 **ЕВРОПСКА КАРТИЧКА ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ**

*Тековна состојба*
Во мај 2010 година се потпиша Договорот за користење на европската картичка за здравствено осигурување на територијата на Република Македонија за осигурените лица на Кралството Холандија.

Во октомври 2010 година се одржаа разговори со претставници на органите за врска за здравствено осигурување на Романија на кои се прифати иницијативата за потпишување на Договор за користење на европската картичка за здравствено осигурување на територијата на Република Македонија.

Врз основа на позитивното досегашно искуство во примената на европската картичка за здравствено осигурување на територијата на Република Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија, достави иницијатива за потпишување на вакви Договори и со другите држави членки на Европската унија.

**Електронска картичка за здравствено осигурување**
Проектот за системот за Националната електронска здравствена картичка оперативно го спроведува Фондот за здравствено осигурување на Република. Во текот на 2010 година, донесена е Одлука за дизајн на електронската здравствена картичка и Одлука за профил на дигиталниот сертификат.
Со донесувањето на Закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување, (Службен Весник на Република Македонија 50/2010), се создаде правна основа за воведување на електронската картичка за здравствено осигурување која ќе ја замени постоечката здравствената легитимација.

Во јуни 2010 година, направено е тестирање на електронската здравствена картичка според однапред дефинирана процедура, со цел да се потврди дека ги задоволува стандардите, како по однос на изработка така и по однос на функционалност.

За да се провери и потврди функционалноста на електронската здравствена картичка во апликативните решенија од проектот за интегриран здравствен информатички систем, изработени се и дистрибуирани 22 000 пилот картички за

осигурениците од 10 пилот ординации на избрани лекари од примарна здравствена заштита каде што истите се тестираат.

Во ноември 2010 година, Управниот Одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија го усвои Правилникот за формата и содржината на картичката за здравствено осигурување и за начинот на нејзиното издавање, водење, користење и доказот за платен придонес за задолжителното здравствено осигурување (Службен весник на Република Македоніја бр. 159/2010), се регулираат сите аспекти по однос на издавањето, користењето на електронската здравствена картичка, како и доказот за платениот придонес за здравствено осигурување.

*Краткорочни приоритети*
Во текот на 2011 година ќе се потпишат Договори за користење на европската картичка за здравствено осигурување на територијата на Република Македонија со Белгија и Унгарија.

Во текот на 2011 година, се планира целосна имплементација на националната картичка за здравствено осигурување, како и заживување на доброволното дополнително здравствено осигурување во праксата согласно Законот за здравствено осигурување и Законот за здравствена заштита, заради покривање на трошоците за здравствени услуги кои не се опфатени со задолжителното здравствено осигурување.

Во текот на 2011 година, планирано е организирање на студиски посети во државите од Европска унија, кои имаат искуство со имплементација на електронска здравствена картичка, со што ќе се обезбеди минимална функционалност на интегрираниот здравствен систем. Ќе започне процедура на елиминирање (изоставување) на дел од полињата од електронската здравствена картичка, преку посебно координативно тело кое ќе го следи напредокот на погоре споменатиот проект, согласно препораките од Дирекцијата за заштита на лични податоци, односно картичка која ќе се користи пред се за идентификација на осигуреникот во здравствениот систем.

Во текот на 2011 година, предвидени се активности за подготовка на сервер сала во Фондот за здравствено осигурување на Македонија, заради преземање на опремата за печатење и персонализација на електронската здравствена, од центарот за персонализација.

Воведувањето на електронската здравствена картичка и интегрираниот здравствен информационен систем наметна потреба од редизајнирање на постоечкиот информационен систем на Фондот за здравствено осигурување на Македонија. Редизајнот на системот ќе опфати дефинирање на нови бази на податоци, полнење на базите со прочистени податоци за осигурениците лица и обврзниците за плаќање на придонес за здравствено осигурување и централизација на апликациите, бидејќи тековниот систем работи со 30 дистрибуирани бази на податоци. Истото е опфатено во првата фаза од тендерот за централизација на информативниот систем на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

*Среднорочни приоритети*
Во текот на 2012 година ќе се потпише Договор за користење на европската картичка за здравствено осигурување на територијата на Република Македонија со Романија.

Поради комплексноста на информациониот систем на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, редизајнот на истиот е замислен да се одвива во неколку фази кои меѓу себе се независни како целини. Во среднорочните приоритети планирано е дефинирање на активностите поврзани со втората и трета фаза од редизајнирањето на информациониот систем на Фондот за здравствено осигурување, кој во себе треба да ги опфати сегментите поврзани со исплати и финансиски трансакции, кои треба да бидат сублимат на информации од тековниот систем на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и информации добиени од интегрираниот здравствен систем.

3.03. **ПРАВО НА ОСНОВАЊЕ И СЛОБОДА НА ДАВАЊЕ НА УСЛУГИ**
3.3.1. **ПРАВО НА ОСНОВАЊЕ**

*Тековна состојба*
Проектот Регулаторна гилотина – фаза 3 продолжува со постојана анализа на административните процедури со цел подобрување на бизнис климата преку намалување на документацијата, давачките и елиминирање на непотребните процедури за започнување на бизнис во Република Македонија.

Во рамки на Централниот регистар на Република Македонија во тек е реализацијата на проектот Едношалтерски систем – фаза 2 заради целосно воспоставување на електронски решенија за сите постапки при регистрација на компанија во рамки на едношалтерскиот систем и завршување на постапката за регистрација во трговскиот регистар по електронски пат.

Со цел олеснување на процесот на започнување и водење на бизнис во земјата, како и овозможување на сите потребни информации за процедурите, постапките и потребните документи да се добијат од едно место, се разгледува можноста за формирање на One Stop Shop за домашни и странски правни и физички лица (Регистар). Формирањето на ваков Регистар ќе овозможи од едно место да се добијат информациона поддршка, посредување и техничка помош во врска со постапките и потребните документи за започнување бизнис во земјата.

*Краткорочни приоритети*
Спроведување на законодавните активности за елиминирање на идентификуваните бариери согласно со Директивата за услуги и поедноставување на постапките за издавање на одобренија.
Се продолжува со анализата на постојната регулатива со цел поедноставување на административните постапки за започнување на бизнис во земјата.

*Среднорочни приоритети*
Усогласување на законодавството на Република Македонија во услужниот сектор со цел да се обезбеди слободата на правото на основање на физички и правни лица од земјите - членки на ЕУ на територијата на Република Македонија согласно со Директивата за услуги.

Реализација на активности за воспоставување на „Единствена точка за контакт“,како обврска од Директивата. Единствената точка за контакт треба да овозможи консултација и помош по електронски пат во однос на регулативата која се применуваа во одделните области со што ќе се намалат трошоците за прибирање информации и завршување на формалностите. Со нејзиното воспоставување треба да се овозможи да се добијат сите потребни информации за започнувањето на активност во земјата и да се завршат неопходните постапки по електронски пат.

Во насока на подготовките за воспоставување „Единствена точка за контакт“ е реализацијата на иницијативата за формирање на One Stop Shop за домашни и странски правни и физички лица (Регистар) за овозможување на сите потребни информации за процедурите, постапките и потребните документи да се добијат од едно место.

Се планира користење на техничка помош од TAIEX Програмата за студиска посета на една земја членка која потполно ја имплементирала Директивата за услуги, вклучително и воспоставувањето на „Единствената точка за контакт“.

3.3.2. **СЛОБОДА НА ДАВАЊЕ НА УСЛУГИ**

*Тековна состојба*
Имплементацијата на донесениот Акциски план за усогласување со Директивата за услуги е во тек. Согласно добиените извештаи за статусот на реализација на Акцискиот план, превземени се следните активности:

- Закон за градење („Службен весник на Република Македонија„ број 124/2010) - усогласување со член 14 и 15 од Директивата за услуги;
- Законот за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“, број 158/2010, од 6.12.2010); измените имаат за цел елиминирање на барањата за реципроцитет и националност и овозможување на прекугранично давање на услуги како што е предвидено со Директивата за услуги (член 14, 15 и 16).

Министерството за економија како координатор на процесот за усогласување со Директивата за услуги ја следи реализацијата на Акцискиот план врз основа на извештаите од органите на управа надлежни за спроведување на предвидените активности.

Претставници од органите на државна управа вклучени во реализација на активностите за усогласување со Директивата за услуги учествуваа на „TAIEX Работилница за усогласување со Директивата за услуги" во Брисел на 31.05.2010 година, при што се запознаа со искуствата на земјите членки на ЕУ во имплементација на Директивата.

Во рамки на билатерална соработка на РМ и Република Бугарија, во периодот 30.09-01.10.2010 година, реализирана е студиска посета на Министерството за економија, енергетика и туризам на Бугарија, на Дирекцијата за техничка хармонизација и политика на потрошувачи со цел стекнување на сознанија за бугарското искуство во имплементација на Директивата за услуги.

*Краткорочни приоритети*
Согласно со динамиката утврдена во Акцискиот план се планира реализација на предвидените активности за елиминирање или поедноставување на одредбите од законите и подзаконските акти во услужниот сектор кои се идентификувани како бариери во Директивата 32006L0123.

Продолжува натамошната анализа на усогласеност на законодавството во услужниот сектор на Република Македонија со Директивата 32006L0123 и врз основа на резултатите од анализата, ажурирање на донесениот Акциски план.

Се планира подготовка на Закон за услуги. Целта на законот е да се воспостават општи правила со кои ќе се обезбеди слободата на правото на основање и на давање на услуги во земјата по пристапувањето во ЕУ како дел од внатрешниот пазар. Во законот ќе се транспонира Директивата 32006L0123 со што ќе се создаде законска рамка за усогласување на регулативата во услужниот сектор во земјата, вклучително и обезбедување на прекуграничното давање на услуги согласно со барањата на Директивата. Постоењето на законска рамка ќе овозможи спречување на воведувањето нови бариери за вршење услужни активности при подготовка на нова регулатива во иднина. Законот за услуги ќе придонесе за олеснување на процесот на реализација на Акцискиот план во спроведувањето на законодавните активности за елиминација на одредбите спротивни на директивата. Истовремено ќе се обезбеди елиминирање на одредбите во постојната регулатива кои не биле опфатени со Акцискиот план а не се во согласност со Директивата.

Со планираниот Закон за услуги ќе се опфати обврската од директивата за воспоставување на „Единствена точка за контакт".

*Среднорочни приоритети*
На среден рок врз основа на хоризонталниот рамковен закон за услуги продолжуваат активностите за усогласување на законодавството во земјата со цел да се обезбеди прекугранично давање на услуги согласно со барањата на Директивата 32006L0123.

Реализација на ажурираните активности во Акцискиот план кои се резултат на континуираните анализи на усогласеност на законодавството со директивата за услуги.

### 3.3.3 **ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ**

*Тековна состојба*
Правната рамка на секторот за поштенските услуги во Република Македонија се состои од: Стратегија за развој на поштенските услуги во Република Македонија (Службен весник на РМ бр. 72/07) и Законот за поштенските услуги („Службен Весник на Република Македонија„ бр. 158/10) во кој е транспонирана Директивата 97/67ЕС на Европскиот парламент и на Советот и нејзините две измени: измените од 2002/39/ЕС и од 2008/6/ЕС во врска со понатамошното отварање и воведување на конкуренција на пазарот на поштенските услуги.

Во текот на 2010 година, беа направени измени и дополнувања на одредени подзаконски акти од страна на Агенцијата за пошти заради поефикасна имплементација на законската регулатива, активност која произлезе врз основа на вршењето

континуиран мониторинг над обезбедувањето на поштенските услуги. Исто така, донесени се одредени акти за обезбедување транспарентност во работењето на Агенцијата и слободниот пристап до информациите.

Министерството за транспорт и врски е надлежен орган кој ја спроведува политиката на Владата на Република Македонија во областа на поштенските услуги, ја изготвува законската регулатива и го промовира развојот на конкуренцијата и либерзализацијата во областа на поштенските услуги.

Агенцијата за пошти е независно регулаторно тело во областа на поштенските услуги кое обезбедува услови за постојано редовно непречено обезбедување на поштенските услуги во Република Македонија, особено универзалната услуга која е услуга од јавен интерес за Република Македонија. Агенцијата за пошти создава услови за постепена либерлизација на пазарот на поштенските услуги до целосно отварање на пазарот кое согласно законски предвидените рокови ќе настапи со почетокот на 2015 година.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2011 година Министерството за транспорт и врски ќе продолжи со усогласување на домашното со европското законодавство следејќи ги насоките дадени во Директивите од областа на поштенските услуги.

Агенцијата за пошти согласно своите законски надлежности ќе работи на целосното усогласување со Директивата од 2008 година преку ревидирање на постојните и донесување на новите подзаконски акти и кои произлегуваат од новиот закон за поштенските услуги:

- Правилник за видовите на финансиските податоци и информации поврзани со обезбедувањето на поштенски услуги и начинот на нивното доставување до Агенцијата;
- Правилник за начинот на определување на бројот на поени за обезбедување на поштенски услуги;
- Правилник за податоците и информациите за универзалната услуга кои давателот на универзалната услуга е должен да ги објави;
- Правилник за барањата за квалитетот на услугите опфатени со универзалната услуга, параметрите за квалитет и нивното мерење;
- Одлука за утврдување на висината на минимум бруто приход за задолжени даватели;
- Правилник за критериумите за пристап до универзалната услуга, подрачјата на единиците на мрежата, на растојание меѓу поштенските единици и број на поштенски сандачиња;
- Правилник за содржината и формата на нотификацијата и потребната документација;
- Правилник за Општи услови за обезбедување на универзална услуга;
- Правилник за задолжителните елементи на општите услови за обезбедување на поштенските услуги;
- Правилник за начинот на водење на посебно сметководството од давателот на универзалната услуга и давателите на поштенски услуги;
- Правилник за начинот на постапување при решавање на спорови;
- Правилник за формата и содржината на службената легитимација на овластеното лице за надзор како и начинот на нејзино издавање и одземање;
- Правилник за начинот на вршење на надзорот и за формата и задолжителните елементи од записникот за извршениот надзор;
- Правилник за формата и содржината на поканата за едукација како и начинот на спроведување на едукацијата;
- Упатство за водење на евиденција за спроведена едукација; и
- Упатство за начинот на водење евиденција за прекршочните постапки за порамнување.

Од страна на Агенцијата за пошти за имплементација на секундардната легислатива се предвидуваат следните активности:

- Ревизија на постојните дозволи и одобренија на давателите на поштенските услуги и издавање на општи овластувања;
- Анализа на пазар на поштенски услуги за 2010 година;
- Изготвување статистички извештај за поштенските активности во Република Македонија;
- Евалуација на квалитетот на обезбедување на универзалната услуга.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со оглед на тоа дека Агенцијата за пошти претставува самостоен правен субјект кадровското зајакнување ќе продолжи и во текот на 2011 година, со лица со соодветни квалификации со цел да се обезбеди извршување на работите на ниво на

европските стандарди. Обуката на вработените во Агенцијата за пошти претставува континуирана активност. Оваа обука ќе се одвива преку учества на семинари, работилници и размена на искуства со странски институции и експерти со кои Агенцијата има воспоставено соработка.
Агенцијата за пошти во текот на 2011 година, ќе настојува да ја продлабочи воспоставената соработка со домашните и надворешните регулаторни тела и активно ќе учествува во проектни тимови организирани од CERP – Европски комитет за поштенска регулација со цел да оствари размена на искуства кои се однесуваат на процесот на интегрирање во ЕУ.

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**
Министерството за транспорт и врски ќе работи на подготовка на Стратегијата за развој на поштенските услуги во која ќе ги утврди приоритетните стратешки цели за развој на поштенските услуги и ќе предвиди активности со кои ќе се реализираат предвидените цели во поглед на развојот на правната рамка, институционалниот и административен капацитет и мерките кои ќе допринесат до создавање услови за спроведување на ефикасна конкуренција и услови за потполна либерзализација на пазарот.
Агенцијата континуирано ќе врши следење на правната рамка со цел нејзино подобрување и соодветно на тоа вршење на конкретни измени и дополнувања на подзаконските акти или нивно заменување со нови заради усогласување со Директивите на Европската Унија со одредени измени и дополнувања на истите.

### 3.3.4 **МЕЃУСЕБНО ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИ КВАЛИФИКАЦИИ**

*Тековна состојба*

Со цел обезбедување на усогласеност на националното законодавство со Директивата 36/2005 на ЕЗ, во текот на 2010 година, беа завршени активностите кои беа предвидени согласно претходно одобрениот проект Градење капацитети за ЕУ интеграција, програма: Повторно обединување на Европа (СПФРЕ) за „Градење на административни капацитети".
Ангажираните експерти заедно со формираната национална хоризонтална работна група, изготвија Анализа на националното законодавство, со која е утврден начинот на кој ќе се транспонира Директивата на ЕЗ. Во текот на подготовката на Предлогот на Законот за меѓусебно признавање на професионални квалификации, експертскиот тим, изготви образец за Проценка на влијанието од регулативата (РИА) на овој Закон и истата беше вметната на Електронски национален пропис на регистар (ЕНЕР) базата.

Во текот на траењето на проектот, беа одржани неколку работилници од страна на експертскиот тим на кои беа презентирани резултатите од превземените активности во рамките на проектот. На овие работилници учествуваа претставници на сите засегнати институции во овој процес.

Изготвен е Предлогот на Законот за меѓусебно признавање на професионални квалификации и истиот се наоѓа во собраниска процедура, а се очекува да биде усвоен до крајот на 2010 година.

*Краткорочни приоритети*

Во 2011 година ќе се објави измена на Правилникот за систематизација и организација на работните места на Министерството за образование и наука (МОН) во насока на формирање соодветни капацитети за реализирање на активностите предвидени согласно законот за признавање на професионални квалификации;

Номинирање на лице Национален координатор за признавање на професионални квалификации

*Среднорочни приоритети*

На среден рок МОН ги планира следните активности: Обука за државните и јавните службеници за начинот на примена на Законот за признавање на професионални квалификации;

Подготовки за формирање на меѓуресорска координативна група од страна на Владата на Република Македонија за признавање на професионални квалификации.

## 3.04 **СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА КАПИТАЛ**

### 3.4.1 **ДВИЖЕЊА НА КАПИТАЛ И ИСПЛАТИ**

*Тековна состојба*

Појдовна основа за регулирање на движењето на капиталот и тековните плаќања во Република Македонија претставува Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската Унија потпишана во 2001 година. Согласно обврските преземени со оваа Спогодба, Законот за девизно работење (Службен весник на Република Македонија бр. 34/2001; 49/2001; 103/2001; 54/2002, 32/2003, 51/2003 и 81/2008) предвидува постепена либерализација на движењето на капиталот во зависност од неговата рочност и вид.

Имено, со Законот за девизно работење е остварена целосна либерализација на директните инвестиции, комерцијалните кредити и финансиските заеми, како и кредити со рок на доспевање над 1 година. Со одредбите од Законот се либерализирани и финансиските кредити со рок на доспевање помал од 1 година, обврска предвидена да се имплементира во втората етапа од спроведување на ССА.

Законот за девизно работење го подготвува Министерството за финансии. Подзаконските прописи со кои се обезбедува поефикасна имплементација на Законот ги донесуваат Министерството за финансии, Народна банка и Комисија за хартии од вредност. Спроведувањето на Законот за девизно работење, во рамките на своите надлежности, го вршат: Министерството за финансии, Државниот девизен инспекторат, Народната банка на Република Македонија, Централен Регистар и Комисијата за хартии од вредност.

*Краткорочни приоритети*

Во текот на 2011 година се очекува Република Македонија да влезе во втората фаза од Спогодбата за стабилизација и асоцијација. По истекот на првата етапа од ССА , со Законот за девизно работење се предвидува целосна либерализација на работењето со хартии од вредност и вложување во недвижности од страна на резиденти во странство.

Со влегување во втората етапа од Спогодбата за стабилизација и асоцијација. и престанување на важноста на членовите наведени во преодните одредби од Законот за девизно работење кои се однесуваат на овој повисок степен на либерализација, Народна банка на република Македонија ќе изврши соодветно усогласување на подзаконските акти во нејзина надлежност.

*Среднорочни приоритети*

По истекот на втората етапа од ССА , со преодните одредби на Законот за девизно работење се предвидува либерализација на депозитните работи од страна на резидентите во странство.

### 3.4.2 **ПЛАТЕН СИСТЕМ**

*Тековна состојба*

Платниот промет во земјата е уреден со Законот за платниот промет (Службен весник на Република Македонија бр. 113/07, 22/08, 159/08, 133/09 и 145/10) и подзаконската регулатива која произлегува од одредбите на овој Закон.

Во текот на 2010 година продолжија со работа работните групи при Националниот Совет за платни системи за имплементација на поедини стратешки насоки од Стратегијата за развој на платниот систем на Република Македонија (2007-2011) година со што се идентификувани областите во делот на платните инструменти:кредитни трансфери, директни задолжувања и платежни картички кои треба да претрпат измени со цел приближување кон СЕПА стандардите. Направена е анализа на Директивата 2007/64 за платни сервиси на внатрешниот пазар и проучено е искуството на неколку централни банки на земји членки на ЕУ. Исто така, во соработка со Централната банка на Холандија се организира третата конференција за платните системи и системите за порамнување на хартии од вредност со цел обука на членовите на работните групи за прашања поврзани со платните системи на европско ниво.

Министерството за финансии е надлежна институција за подготвување на Законот за платен промет. Донесувањето на подзаконските акти кои произлегуваат од овој Закон е во надлежност на Министерството за финансии и Народната банка

на Република Македонија. Надзорот над работењето на платните системи го врши Народната банка на Република Македонија. Народната банка ги донесува и подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за девизно работење, а се однесуваат на платниот промет со странство.
Секторот за финансиски систем, Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија е надлежно за правната рамка од областа на платните системи, заради поголема ефикасност во извршувањето задачите предвидено е вработување на едно лице во Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија. (за вработувањата повеќе во Поглавје 9. Финансиски услуги)

*Краткорочни приоритети*
Во текот на 2011 година предвидено е следење на функционирањето на платниот промет во земјата, согласно Законот за платен промет и учество во реализацијата на Стратегијата за развој на платниот систем на Република Македонија до 2011 година
Со цел успешна имплементација на Директивата 2007/64 за системи на плаќања во внатрешниот пазар предвидено е формирање на работна група во рамките на НБРМ согласно препораките од извршената Анализа на Директивата 2007/64 за платни сервиси на внатрешниот пазар, со цел да се идентификуваат соодветните делови на Директивата како и новините кои ќе предизвикаат евентуални промени од аспект на задачи и одговорности на НБРМ во делот на регулирањето и лиценцирањето на идните платежни институции. Во тие рамки се планира организацијата на Четврта конференција за платните системи и системите за порамнување на хартии од вредност во соработка со централната банка на Холандија на која покрај Директивата 2007/64, пошироко ќе се опфатат и теми поврзани со платежната инфраструктура и нејзиниот развој на европско ниво.

*Среднорочни приоритети*
Во текот на 2011 и 2012 година ќе се активира проектот "Преглед на правните и организациските потреби, како и потребата за ресурси за Народната банка на Република Македонија" преку ИПА 2009 компонента 1, со кој се очекува дефинирање на активностите и во областа на платните системи за наредниот период со цел усогласување со стандардната институционална и оперативна рамка на Европскиот систем на централни банки (ЕСЦБ) и Европската централна банка.
Од 2012 год се очекува користење на техничка помош обезбедена преку IPA 2010 Component 1 за имплементација на Директивата 2007/64 за системи на плаќања во внатрешниот пазар и дефинирање на одредбите од Директивата кои треба да се транспонираат во домашното законодавство.

### 3.4.3. **СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ**

*Тековна состојба*
Во март 2010 година, влегоа во сила измените и дополнувањата на Кривичниот законик (Службен весник на Република Македонија бр.114/2009), со кој се изменија и дополнија и кривичните дела перење пари и други приноси од казниво дело (член 273) и финансирање на тероризам (член 394-в).
Во мај 2010 година, влегоа во сила измените и дополнувањата на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам („Службен Весник на Република Македонија“ број 4/08 и 57/10), со кои се врши усогласување со Европското законодавство (Третата Директива на ЕУ за спречување на користењето на финансискиот систем за целите на перење пари и финансирање на тероризам од 2005 година (2005/60/ЕС)), Директивата бр.2006/70/ЕЦ на европскиот парламент и Советот на Европа во врска со дефинирањето на помиот „политички експонирани личности“ и дефинирање на техничките критериуми за поедноставена анализа на клиентите, 40-те Препораки на ФАТФ и 9-те Специјални Препораки на ФАТФ за спречување на финансирање на тероризам, дадените препораки од Извештајот на третиот круг на евалуација на системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам на Moneyval Комитетот при Советот на Европа.

За ефикасна имплементација на правната рамка за борба против перење пари и финансирање на тероризам, воспоставена е институционална рамка, која генерално ја сочинуваат следните органи и тела:

Управа за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, која претставува носител на сите активности во овој сегмент:
- Министерство за внатрешни работи;
- Министерство за правда;
- Министерство за надворешни работи;
- Управа за финансиска полиција;

- Јавно обвинителство;
- Управа за јавни приходи,
- Царинска Управа,
- Агенција за управување со одземен имот;
- Судство и
- супервизорските органи во Народната Банка, Агенцијата за супервизија на осигурување, Комисија за хартии од вредност, МАПАС, Нотарската комора и Адвокатската комора.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

До крај на вториот квартал на 2011 година предвидено е да се донесат повеќе подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам, како:

- Правилникот за форма и содржина на нумерираниот регистар што го водат субјектите кои приредуваат игри на среќа во играчница (касино);
- Правилникот за форма и содржина на нумерираниот регистар што го водат субјектите даватели на услуги брз трансфер на пари;
- Правилникот за форма и содржина на нумерираниот регистар што го водат субјектите кои вршат менувачки работи;
- Правилникот за форма и содржина на нумерираниот регистар што го водат брокерски куќи и банки со дозвола за работа со хартии од вредност;
- Правилник за карактеристиките на софтверот за автоматска обработка на податоците;
- Листа на држави кои не ги имплементирале или недоволно ги имплементирале мерките за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и
- Правилник за изменување на Правилникот за утврдување на листа на држави кои ги исполнуваат барањата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам,кои не се поврзани со усогласувања со ЕУ мерки.

Воедно, Управата ќе продолжи со активности наведени во Стратегијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам 2008-2011 и Акциониот план на Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, за зајакнување на спроведување на мерки и дејствија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

**АДМИНИСТРАТИВНИ КАПАЦИТЕТИ**

Планирани се континуирани обуки и едукација на лицата вработени во Управата и другите државни органи кои ги спроведуваат мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, како и финансиските и нефинансиските институции.

Предвидено е да се запази зацртаната рамка на вработувања согласно НПАА, со што целосно ќе се спроведе Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работни места на Управата. Исто така, планирана е континуирана надградба на системот за електронско доставување на податоци за готовински трансакции над 15.000 евра (поединечни и поврзани) и за автоматска обработка на податоците со кои располага Управата.

*Среднорочни приоритети*

На среден рок, во периодот од 2012 година до 2013 година, и во согласност со Стратешкиот План на Владата на Република Македонија, планирани се:

- Усогласување на законската регулатива за превенција од перење пари и финансирање на тероризам,
- Институционална надградба и одржување и унапредување на техничките капацитети на Управата,
- Ефикасен систем на меѓуинституционална соработка,
- Зајакнување на меѓународната соработка, регуларно исполнување на обврските кои произлегуваат од членството во меѓународните организации и организирање и спроведување на четвртиот круг на евалуација на Moneyval Комитетот и
- Подигање на јавната свест и изготвување на акт за проценка на ризик од перење пари и финансирање на тероризам.

## 3.05 **ЈАВНИ НАБАВКИ**

### 3.5.1 **ОПШТИ ПРИНЦИПИ**

*Тековна состојба*

Во текот на 2010 година се усвоија измени и дополнувања на Законот за јавните набавки со цел негово усогласување со последните направени измени и дополнувања на Кривичниот законик во поглед на изрекувањето на споредни казни за незаконско дејствување во постапките за доделување на договори за јавна набавка.

Како резултат на интеграција на двата електронски системи за јавни набавки се изготвија два нови правилника за објавување на огласите и известувањата од спроведените постапки. Исто така, како последица на преземените активности за интеграција на овие два системи се извршија и соодветни измени и дополнувања на Правилникот за начинот на користење на електронскиот систем за јавни набавки.

И во текот на 2010 година, со цел да се обезбеди унифицирана примена на регулативата за јавни набавки се продолжи со континуирано подобрување на стандардните тендерски документации.

Во текот на 2010 година се изработи и донесе Стратегија за развој на системот за јавни набавки за периодот 2010-2012 година. Со истата се предвидени мерки и активности со кои ќе се реализираат предвидените цели во поглед на развојот на правната рамка, институционалниот и административен капацитет и мерките за превенција и репресија на корупцијата во јавните набавки. Бирото за јавни набавки во соработка со СИГМА, беше домаќин на IV-та ИПА Регионална конференција за јавни набавки.

Со цел практично спроведување на Програмата за едукација за јавните набавки која ја реализира Бирото, се изврши опремување на просторија за вршење обука наменета за потребите на договорните органи и економските оператори. Просторијата во која се врши обуката е опремена со современа информатичка опрема за капацитет од 20 до 30 слушатели.

Во 2010 се финализира постапката за интеграција на двата електронски системи на Бирото, и тоа Информацискиот систем за јавни набавки на кој се објавуваат огласите и известувањата од постапките и Електронскиот систем за јавни набавки преку кој се спроведуваат постапките во електронска форма. Со тоа се поедностави и забрза процесот на спроведување на постапките по електронски пат.

Со оглед на тоа дека Бирото претставува самостоен правен субјект се зајакне капацитетот на одделението задолжено за водење на материјалното, персонално и финансиско работење на Бирото преку примена на современи софтверски алатки за водење на материјалното, персонално и финансиско работење на Бирото. За оваа намена се набави софтверска апликација која ги исполнува сите параметри на современото сметководство.

Во функција на забрзување и поедноставување на процесот на работа во Бирото се изработи современ документ-менаџмент систем. Поволностите од примената на еден ваков систем се намалување на ризиците во постапувањето по предметите кои пристигаат во Бирото и поголема комуникација меѓу вработените во Бирото.

Се спроведоа соодветни постапки преку кои се набави хардверска и софтверска опрема за зајакнување на информатичките капацитети на Бирото во управувањето со интегрираниот електронски систем за јавни набавки.
Кадровското зајакнување на Бирото за јавни набавки продолжи и во текот на 2010 година, се реализираа три вработувања. Се ангажираше персонал со соодветни квалификации со цел да се обезбеди извршување на работите на ниво на европски стандарди.

Обуката на кадарот вработен во Бирото за јавни набавки претставува континуирана активност , и притоа обуката го опфати како постоечкиот, така и новопримениот кадар. Оваа обука се одвиваше преку учества на семинари, работилници и размена на искуства со странски експерти со кои Бирото има воспоставено соработка.

Бирото за јавни набавки во текот на 2010 година, ја продлабочи воспоставената соработка со институциите кои се надлежни за следење на системите за јавни набавки во земјите од југозападен Балкан, со што се овозможи размена на искуства кои се однесуваат на процесот на интегрирање во ЕУ.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2011 година предвидено е да се направи измена и дополнување на Правилникот за ЕСЈН имајќи во предвид дека ќе се овозможи во постапките којшто завршуваат со е-аукција како критериум за доделување на договор за јавна набавка да се користи економски најповолна понуда, што досега не беше можно.

Исто така, по извршените анализи на досега спроеведените обуки се планира да се изврши ревизија на Програмата за едукација за обуки за јавни набавки.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во почеток на 2011 ќе започне Твининг проект со гремански партнер во кој се предвидени различни активности во поглед на дополнително зајакнување на системот на јавните набавки. Истиот ќе трае 16 месеци.

Во овој период предвидено е да се направат дополнителни анализи за потребите на вработените во поглед на посебни обуки во зависност од спецификата на работните места на кои работат. Ќе се изработи Акциски план и во текот на годината ќе се следи неговата реализација.

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Со планираните измени и дополнувања на Законот за јавните набавки, особено во поглед на постојаното усогласување на домашното со европското законодавство за јавни набавки, Бирото континуирано ќе врши следење на правната рамка со цел нејзино подобрување и соодветно на тоа вршење на конкретни измени и дополнувања на подзаконските акти или нивно заменување со нови. На среден рок ќе се имплементира и планот за обуки за надградување на вработените во БЈН, кадешто се предвидени и студиски посети во некоја од земјите членки на ЕУ. Предвидено е подготовка и усвојување на Национална стратегија за системот на јавните набавки.

**КОНЦЕСИИ И ДРУГИ ВИДОВИ НА ЈАВНО – ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО**

*Тековна состојба*

Со Законот за концесии и други видови на јавно – приватно партнерство („Службен Весник на Република Македонија„ број 7/08) се уредуваат условите, начинот и постапката за доделување на концесија, содржината на договорот за концесија, правата и обврските на концедентот и концесионерите, правната заштита во постапката за доделување на концесијата, начинот и постапката за доделување на договори за други видови на јавно приватно партнерство, содржината на договорот за јавно приватно партнерство, правата и обврските на јавниот и приватниот партнер и правната заштита во постапката за доделување на договори за јавно приватно партнерство.

Во текот на 2010 год. во соработка со СИГМА се подготви нов нацрт текст на Закон за концесии и јавно приватно партнерство. Нацрт текстот на новиот Закон моментално е доставен до претставниците на СИГМА, на забелешки и коментари. По оваа активност ќе следи доставување на нацрт-законот на мислење до Европската Комисија.

*Краткорочни приоритети*

Во текот на 2011 година, ќе се донесе нов Закон за концесии и јавно приватно партнерство усогласен со препораките од СИГМА. Исто така ќе се екипира Одделението за концесии и јавно приватно партнерство со вработување на потребниот кадар и техничко опремување.

*Среднорочни приоритети*

Во среднорочниот период се планираат обуки, едукација и размена на искуства на вработените во Одделението за концесии и ЈПП. Како приоритети се организацијата на повеќе семинари, работилници и обуки на членовите на комисиите за спроведување на постапките за доделување на концесии во органите на државната управа, единиците на локална самоуправа, градот Скопје, јавните претпријатија, како и други економски оператори во однос на договорите за концесии и правните лекови.

Одделението за концесии и јавно приватно партнерство ќе се доекипира со нов кадар, согласно своите потреби за редовно извршување на законските надлежности.

3.5.2. **ДОДЕЛУВАЊЕ ЈАВНИ ДОГОВОРИ**

*Тековна состојба*

Бирото во насока на олеснување на имплементацијата на законот и спроведувањето на постапките изготви Прирачник за јавни набавки за правилна примена на Законот за јавни набавки.

Исто така, беа изготвени и 2 водичи за договорните органи и економските оператори за користењето на ЕСЈН и 2 брошури-упатства за функционирањето на ЕСЈН.

И во текот на 2010 година, Бирото со сите свои ресурси активно работеше на зајакнување на капацитетот на договорните органи преку спроведување на обуки и тоа на 12 обуки, 5 обуки за „Едукација за системот за јавни набавки за договорни органи (ДО) и економски оператори (ЕО)" со кои се опфатија околку 125 лица и 7 обуки за „Користење на интегрираниот ЕСЈН" со кои се опфатија околу 150 лица.

Соработката со државните органи како: Државниот завод за ревизија (ДЗР), Државната комисија за спречување на корупција, Комисија за заштита на конкуренцијата и Државната комисија за жалби по јавни набавки, беше успешна во текот на целата година . Во соработка со Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации се одржа работилница за постапки за доделување на договори за јавни набавки кои содржат класифицирани информации.

*Краткорочни приоритети*

Надградување на Прирачниците за начинот на користење на ЕСЈН за ДО и ЕО. Во 2011 продолжуваат редовните обуки во согласност со динамиката утврдена со Правилникот за програмата за едукација за јавните набавки.

Предвидено е да се одржи работилница со ДЗР за размена на искуства во поглед на ревизијата на постапките за доделување на договори за јавни набавки.
Исто така, е предвидени работилница заедно со Државната комисија за жалби по јавни набавки и Државната комисија за спречување на корупција.

Ќе се работи на утврдување на компетенции и вештини за службениците кои работат во област на јавните набавки, со цел унифицирање на работните задачи и квалификации на овие службеници.

Дел од краткорочните приоритети ќе биде и анализата на постоечката платформа за е-набавки, бидејќи станува збор за динамична област која постојано се менува и надградува.

Во континуитет ќе продолжи анализа на постоечките стандардни тендерски документи.

*Среднорочни приоритети*
Исто така на среден рок ќе се изврши надградување на постоечките стандардни тендерски документи, прирачници, водичи.
На среден рок ќе се усовршуваат алатките за е-набавки и водичите и прирачниците за етичко однесување и анти-корупциски мерки во постапките за доделувања на договори за јавни набавки.

### 3.5.3 **ПРАВНИ ЛЕКОВИ**

*Тековна состојба*

Во Законот за јавните набавки на Република Македонија, во однос на правната заштита транспонирани се директиви на Европската унија кои се однесуваат на правната заштита во постапките за доделување на договори за јавни набавки, и тоа: 31989L0665, 31992L0013 и 32007L066.

Имено, со Законот се формира Државна комисија за жалби по јавни набавки (ДКЖЈН), како државен орган кој е самостоен во својата работа и има својство на правно лице. Државната комисија е составена од претседател и четири члена именувани од Собранието на Република Македонија. Истите, функцијата ја извршуваат професионално. За утврдување на начинот на работа и постапување по жалбените постапки во постапките за доделување на договори за јавна набавка согласно законот, изготвен е Деловникот за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Со новите законски решенија се направи квалитативен чекор напред во уредувањето на правната заштита во постапките за доделување на договори за јавни набавки. Имено, со формирањето на Државната комисија за жалби по јавни набавки законски се обезбеди основа за брза и ефикасна правна заштита во постапките за доделување на договори за јавни набавки. Надлежностите на Државната комисија вклучуваат одлучување за законитоста на дејствијата и пропуштањата за

превземање на дејствија, како и за законитоста на одлуките донесени во постапките за доделување на договор за јавна набавка.

*Краткорочни приоритети*

Ќе продолжат напорите за доближување на новите законски решенија до договорните органи и економските оператори за новиот систем на правната заштита кој е пропишан со Законот за јавните набавки. Државната комисија ќе продолжи да зема учествуво на работилници и обуки на кои се учествуваат договорните органи и економските оператори во 2011 година на тема правните лекови во постапките за јавни набавки.

Добрата соработката на Државната комисија за жалби по јавни набавки со Бирото за јавни набавки ќе продолжи да се продлабочува и во наредниот период, особено на полето на заедничка работа во напорите да се подобри системот на правна заштита во јавните набавки. Соработката ќе продолжи и на полето на заедничка работа на измените и дополнувањата на правната рамка која го регулира системот на правна заштита.

Државната комисија за жалби по јавни набавки и нејзината административна стручна служба продолжуваат со подобрување на условите за работа во работни простории, пред се со расположивите финансиски средства во својот буџет. Државната комисија ќе продолжу да се опремува со најсовремена компјутерска опрема и набавка и развој на софтверски решенија.

Во насока на зајакнување на вкупните капацитети на Државната комисија за жалби по јавни набавки за имплемантација на домашната правна рамка за јавни набавки, како и соодветните директиви и практики во ЕУ, ќе продолжат обуките за членовите и стручните советници на Државната комисија за жалби по јавни набавки и во 2011 година преку учество на семинари, работилници и студуски посети.

Исто така, за зацврстување на административниот капацитет на стручната служба на Државната комисија за жалби по јавни набавки за процесуирање на жалбените предмети, во текот на 2010 административен кадар се зголеми за нови 3 вработени. Со новиот административен кадар се екипира стручната служба на Државната комисија за жалби по јавни набавки. Новите вработувања во Стручната служба на Државната комисија се планираат и во 2011 година.

Заради воведување антикорупциски мерки и механизми како и интегритет во работењето на Државната комисија, како и доближување на системот на правна заштита до заинтересираните економски оператори, кои сметаат дека се повредени нивните права во одредени постапки за доделување на договори за јавни набавки, но и запознавање на широката јавност со работата на Државната комисија, функционира Веб - страната на Државната комисија за жалби по јавни набавки (www.dkzjn.mk). Веб - страницата на Државната комисија се администрира со сопствени финансиски средства и од страна на вработените во Државната комисија. ВЕБ - страна на Државната комисија се базира на информации за секојдневната работа на Државната комисија и нејзината правна пракса на полето на јавните набавки, како и на неа се објавуваат сите пристигнати жалби на дневна основа и сите донесени решенија непосредно по завршувањето на седницата.

Преку ИПА 2008 обезбедени се средства за реализација на Проект за подршка на системот на јавни набавки за натамошно зајакнување на капацитетите на Државната комисија кој започнува во декември 2010 година и ќе трае до крајот на 2011 година. Целите на проектот е подршка на Државната комисија и се во насока на: 1. Зголемување на капацитетите на Државната комисија, преку изработака на трениниг планови и програма за вработените на Државната комисија, подобрување на постоечките прописи вклучувајќи ги и внатрешните акти на Државната комисија со препораки за подобрување на оперативните механизми, и организирање на студиска посета на слична институција задолжена за правна заштита во јавните набавки во некоја од државите на ЕУ. 2. Засилување на професионалниот капацитет на националниот сиситем за правна заштита, со подготовка и испорака на обуки и семинари за пошироката јавност, вклучувајќи ги и договорните органи и економските оператори околу можностите и начинот за остварување на правна заштита, како и подготовка на анализа на судските пресуди на Европскиот суд на правдата во постапки за јавни набавки и нивно јавно објавување на веб страната на Државната комисија, и 3. Кампања за зголемување на свеста за правна заштита во јавните набавки, преку изработка и печатење на брошури, летоци и сл., подобрување на содржината на Веб страната на Државната комисија, изработка на Прирачник за правна заштита во јавните набавки и одржување јавна конференција за промоција на активностите на Државната комисија.

*Среднорочни приоритети*

Ќе се следат новините кои се однесуваат на правната заштита во ЕУ и ќе се имплементираат во домашната регулатива. Натамошно унапредување на правната заштита, ќе биде приоритет на среден рок. Ќе се продолжи со обуките во оваа област во соработка со Државната комисија за жалби по јавни набавки. Натамошното јакнење на административните капацитети на Државната комисија ќе се остварува преку нови вработувања на административен персонал во Стручната служба, развој и одржување на човечките ресурси, како и зголемување на Буџетските средства воопшто, а особено во насока на опремување на Државната комисија со соодветна информатичко – комуникациска технологија и софтвер.

Во таа насока Државната комисија планира како почетна фаза имплементација на DMS – Document Management System, Систем за управување со документи - електронска седница, која опфаќа архивско работење – прием, заведување на предмети во деловодната евиденција, нивна дистрибуција до извршителите, обработка на предметите, нивно одлучување на седница, изработка на одлуката и експедиција на одлуката. Софтверот и хардверот веќе е набавен и инсталиран во Државната комисија и се очекува негова имплементација и тест период на работа до првата половина на 2011 година, по кој Државната комисија ќе почне да го користи во својата редовна работа.

Државната комисија работи на доближување на својата работа до јавноста, со цел доближување до широката јавност и правилно разбирање на улогата на Државната комисија во системот на јавните набавки. Ова ќе се оствари и преку изработка на Стратегија за комуникација и јавно претставување на Државната комисија, учество во јавни медиумски дебати и објавување новински написи и други написи на теми кои се однесуваат на правната заштита во јавните набавки, како и изработка на периодична збирка на донесени одлуки со коментари.

## 3.06 **ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА**

### 3.6.1 **ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА**

*Тековна состојба*

Во 2010 година Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија” бр.28/04, 84/05, 35/07 и 87/08), беше изменет два пати заради усогласување со областа Право на трговските друштва на Европската унија.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија” бр.42/10) целосно е транспонирана Директивата 32007L0036 за остварување на правата на акционерите на акционерско собрание во трговските друштва чии акции котираат на берза и транспонирана е Директивата 32003L0058 која ја заменува Директивата 31968L0058 за барањето за обелоденување на документи на некои видови трговски друштва со цел да се овозможи електронско поднесување на некои прилози кон пријавата за упис за регистрирање трговско друштво.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија” бр.48/10) целосно е транспонирана Директивата 32005L0056 за прекугранично спојување на трговските друштва. Со овој закон делумно е транспонирана и Директивата 31978L0660 за годишните сметки. Со законот се овозможи и правна рамка за Регистарот на лица кои не можат да основаат и да управуваат со трговски друштва и на лица кои се спречени или престанале да ги вршат своите функции во органот на управување во трговските друштва.

Во 2010 година усвоен е Законот за европско друштво („Службен весник на Република Македонија“ бр.115/10) заради усогласување со Регулативата 32001R2157 за Статутот за Европско друштво и Директивата 32001L0086 која го дополнува Статутот за европско друштво во однос на учеството на вработените во одлучувањето во органите на управување на Европското друштво.

Надлежна институција за подрачјето Право на трговски друштва е Министерството за економија. Секторот за европска интеграција во рамки на Министерството за економија ја следи имплементацијата и унапредувањето на правната рамка за трговските друштва и едношалтерскиот систем преку кој трговските друштва ги реализираат своите обврски за обелоденување документи во трговскиот регистар и регистарот на годишни сметки.
Централниот регистар управува со едношалтерскиот систем и претставува приклучна точка за размена на податоци по електронски пат со другите институции и органи вклучени во постапката на регистрација на трговски друштва и обелоденување на финансиски и други деловни податоци согласно закон (Управата за јавни приходи, деловните банки, Клириншка куќа – Клириншки инте-банкарски системи, Централниот депозитар за хартии од вредност, Македонската берза за хартии од вредност, Комисијата за хартии од вредност, лизинг и осигурителни друштва и нотари). Централниот регистар на Република Македонија е активен член на Европскиот бизнис регистар.

Во 2010 се спроведе Пилот проект „ Оценка на влијанието на Законот за трговските друштва врз административните трошоци на трговските друштва“.

Во насока на спроведување на препораките на Светска банка, Дуинг бизнис за подобрување на рејтингот на Република Македонија согласно индикаторот започнување бизнис согласно кој Република Македонија има најбрза регистрација на трговски друштва во Европа и е моментално петта земја во светот. Во 2010 година се реализира проектот Едношалтерски систем фаза 2 чија цел беше развој на софтверски решенија во насока да се овозможи електронско поднесување на пријава и прилози за регистрирање трговско друштво со користење на електронски потпис со дигитален сертификат и кредитна картичка преку интернет од било кое место во светот. Со проектот едношалтерски систем фаза 2, се воспоставуваат и Регистарот на лица кои не можат да основаат и да управуваат со трговски друштва и на лица кои се спречени или престанале да ги вршат своите функции во органот на управување во трговските друштва , Електронски систем за следење на сите стечајни постапки во Република Македонија во секоја фаза од истите и целосно електронско интегрирање за потребите на регистрација на трговско друштво и пријавување на вработени меѓу Централниот регистар, Агенцијата за вработување, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и Фондот за здравствено осигурување. Со проектот едношалтерски систем фаза 2 се овозможува и електронско поднесување на документи (договори) за упис во

регистарот на залог и регистарот на лизинг со што ќе се овозможи нотарите и лизинг друштвата директно електронски да ги потпишуваат и испраќаат заверените договори по електронски пат во Централниот регистар кој ги води овие регистри.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Ќе се усвои Закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва  кој ќе се усогласи со Директивата 32003L0058, со кој ќе се изврши целосно воспоставување на правна рамка за електронско поднесување на пријава и прилози кон пријавата за регистрација на трговски друштва преку интернет. Ќе се отстрани обврската за нотарска заверка на договорот за друштвото и потписите на застапниците (директорите) на друштвото кога истите се поднесуваат електронски и ќе се изврши понатамошно скратување на роковите кај постапката за доброволна ликвидација на трговските друштва.  Законот за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва ќе се усогласи и со Директивите 32007L0036 и 32005L0056.

Ќе се донесе Закон за европски економски интересни групи во кој ќе се транспонира Регулативата 31985R2137 за Европски економски интересни групи.

Ќе донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерски систем, кој ќе се усогласи со Директивата 32003L0058 за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица  за да се овозможи  целосно електронска регистрација на трговските друштва со користење на интернет технологија и електронски потпис со дигитален сертификат. Со Законот ќе се овозможи интеграција на досегашниот Регистар на физички и правни лица на кои им е изречена санкција забрана на вршење професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење одделна дејност и на Регистарот на споредни казни за сторени кривични дела на правни лица во Единствен регистар на лица кои не можат да основаат и да управуваат со трговски друштва и на лица кои се спречени или престанале да ги вршат своите функции во органот на управување во трговските друштва.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Ќе се пуштат во употреба електронскиот систем за регистрација на трговски друштва вклучувајќи и оперативна и функционална електронска интеграција на базите на податоци на Агенцијата за вработување, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и Фондот за здравствено осугурување во едношалтерскиот систем, Електронскиот систем за следење на стечајните  постапки, Електронскиот регистар на лица кои не можат да основаат и да управуваат со трговски друштва и на лица кои се спречени или престанале да ги вршат своите функции во органот на управување во трговските друштва, регистарот за електронско поднесување годишни сметки и систем за он лајн регистрирање за вршење на упис на основање на трговски друштва, при што за субјектите кои ќе бидат он лајн ќе постои можност преку веб страната на Централниот регистар пријавување на првите овластени лица како во Аенцијата за вработување, така и во социјалните фондови.

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Ќе се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва кој ќе се усогласи со Директивата 32007L0063 во однос на барањето за подготовка на извештај на независен експерт во случај на спојување, поделба на јавните друштва со ограничена одговорност, Директивата 32006L0068 за основање на јавните друштва со ограничена одговорност, промените и одржувањето на нивната главнина. Во Законот ќе се усогласат членови од седмата Директива 31983L0349 за условите за подготвување консолидирани сметки.
Ќе се анализираат и имплементираат Препораката 32005H0162 за одговорноста на неизвршните членови односно членовите на надзорниот одбор на котираните друштва и Препораката 32004H0913 за соодветен режим за наградата на директорите во котираните трговски друштва заради подобрување на корпоративното управување во постоечките кодекси за добро корпоративно управување.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во среднорочниот период ќе се имплементира Стратегијата за Стандардизиран софтверски јазик за електронска размена на финансиски податоци (XBRL). Според Стратегијата од 2013 година сите податоци кои согласно прописите го засегаат деловното работење на трговските друштва а особено  финансиските податоци кои задолжително се обелоденуваат во регистрите во Централен регистар, Народна банка на Република Македонија, Македонска берза, Клириншки интербанкарски систем, Комисија за хартии од вредност ќе овозможат изразување на финансиските извештаи и годишните сметки на трговските друштва. Извештаите ќе може да се синхронизираат и анализираат за да може секој инвеститор

соодветно да ги анализира и донесе одлуки зависно од финансискиот успех на друштвото. Стратегијата предвидува Централен регистар да биде носител на т.н XBRL надлежност во Република Македонија како дел од светската мрежа за користење и поврзување со користење на XBRL.

### 3.6.2 **СМЕТКОВОДСТВО И РЕВИЗИЈА**

### СМЕТКОВОДСТВО

*Тековна состојба*

Унапредена е правната рамка во делот на сметководството. На 09.04.2010 година усвоен е Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“бр. 48/10) со кој објаснувачките белешки се пропишуваат како задолжителен елемент на годишната сметка, согласно Четвртата Директива за годишните сметки 31978L0660. Воедно со измените на Законот за трговските друштва е воведена обврската, малите трговци да ги применуваат меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) за мали и средни претпријатија (IFRS for SMEs).

Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија во рамките на Секторот за финансиски систем, Министерство за финансии со пет вработени лица е надлежно за правната рамка и клучните правни акти за системот на сметководството и за хармонизација на македонското законодавство со законодавството на Европската унија.

Комисијата за меѓународни сметководствени стандарди во рамки на Институтот за овластени ревизори (ИОР) ги врши работите во врска со преводот на Меѓународните стандарди за финансиско известување, обезбедување на упатства и совети за примена и промовирање на примената на Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ).

Институционалната рамка ги опфаќа (согласно Законот за трговските друштва): сите трговски друштва, Централниот регистар; Управата за јавни приходи; Комисијата за хартии од вредност и компаниите за економско правен и финансиски консалтинг. Согласно другите закони кои ја регулираат оваа материја, во институционалната мрежа за оваа активност вклучени се и следните институции: Народната Банка на Република Македонија, Агенцијата за супервизија на осигурувањето и Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2011 година ќе се донесе Правилникот за формата и содржината на годишната сметка. Во текот на 2011 година ќе се подготви анализа во насока на регулирање на сметководствената професија во Република Македонија. Ќе се објават МСФИ за мали и средни претпријатија (IFRS for SMEs) и МСФИ.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за финансии, односно Одделението за сметководствен систем, платен промет ќе биде надлежно за правната рамка на системот на сметководството.

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во делот на сметководството согласно потребите ќе се врши натамошно усогласување на националната правна рамка за финансиското известување со законодавството на Европската унија. Ќе се усогласи Законот за трговските друштва со членовите од Седмата Директива за консолидираните сметки 31983L0349 кои се однесуваат на условите за подготвување консолидирани сметки.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во делот на сметководството Министерството за финансии на Република Македонија, односно Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија во рамки на Секторот за финансиски систем ќе остане надлежно за правната рамка за системот на сметководството и за натамошната хармонизација на националното законодавство со законодавството на Европската унија.

Институционалната рамка ќе ги опфати и (согласно Законот за трговските друштва): сите трговски друштва, Централниот регистар; Управата за јавни приходи; Комисијата за хартии од вредност и компаниите за економско правен и финансиски консалтинг. Согласно другите закони кои ја регулираат оваа материја, во институционалната мрежа за оваа активност

вклучени се и следните институции: Народната Банка на Република Македонија, Агенцијата за супервизија на осигурувањето, Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување како и Комисијата за меѓународните сметководствени стандарди при Институтот за овластени ревизори .

**РЕВИЗИЈА**

*Тековна состојба*

Во делот на ревизијата во текот на 2010 година усвоен е нов Закон за ревизија, заради доусогласување со Директивата 32006L0043. Со новиот Закон дел од надлежностите на Министерството за финансии преминуваат во надлежност на Советот за унапредување и надзор на ревизијата, кој се основа како самостојно и независно регулаторно тело со јавни овластувања утврдени во Законот.

Исто така, во јуни 2010 година во („Службен весник на Република Македонија" бр.79/10) Министерството за финансии ги објави Меѓународните стандарди за ревизија (ISAs), Меѓународните стандарди за контрола на квалитет (ISQCs) и Кодексот на етика за професионални сметководители (The Code of Ethics for Professional Accountants), откако истите беа преведени од страна на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија.

Во текот на 2010 година на предлог на ИОР, Министерот за финансии издаде три решенија за вршење на работи на ревизија на друштва за ревизија и две решенија за вршење на работи на ревизија на овластен ревизор – трговец поединец.

Во 2010 година Институтот на овластени ревизори (ИОР) спроведе два испита за стекнување на звањето овластен ревизор. Во периодот од септември до декември 2010 година одржани се обуки заради професионално усовршување во времетраење од 66 часа. Во јули месец 2010 година ИОР подготви: Извештај за спроведената контрола на квалитетот на ревизорските услуги, како дел од Годишниот извештај за работа на Институтот за овластени ревизори за 2009 година, Годишен план за контрола на квалитетот за 2010 година и завршени се проверките за контрола на квалитетот. Од ноември 2010 година ИОР е придружна членка на МФС (IFAC).

Министерството за финансии, односно Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија во рамките на Секторот за финансиски систем со пет вработени лица е надлежно за правната рамка и клучните правни акти за системот на ревизијата и за хармонизација на македонското законодавство со законодавството за Европската унија.
Комисија за стандарди за ревизија во рамки на ИОР, е надлежна за подготовка на процедурите за да се овозможи ажурно преведување на Меѓународните стандарди за ревизија и другите објави од Меѓународниот одбор за ревизорски стандарди.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Согласно Законот, Советот за унапредување и надзор на ревизијата ќе ги донесе и предвидените акти за негово работење. По усвојување на новиот Закон за ревизија, ИОР ќе ги усогласи своите акти согласно одредбите од новиот Закон. Врз основа на новиот Закон за ревизија ќе се донесат и нови подзаконски акти.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за финансии, односно Одделението за сметководствен систем, платен промет ќе биде надлежно за правната рамка од областа на ревизијата и заради поголема ефикасност во извршувањето на задачите предвидено е зајакнување на Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија со нови вработувања (за вработувањата повеке во Поглавје 9. Финансиски услуги). Во делот на ревизијата, согласно Законот за ревизија ќе се донесе Статут со кој ќе се воспостави Советот за унапредување и надзор на ревизијата како самостојно и независно регулаторно тело, со јавни овластувања. Во Советот за унапредување и надзор на ревизијата заради извршување на административно техничките работи поврзани со неговото работење предвидени се вработувања.

Во текот на 2011 година, ИОР ќе спроведе повеќе редовни активности: испити за овластени ревизори, обуки за професионално усовршување, Извештај за спроведена контрола на квалитетот за 2010 година и Годишен план за контрола на квалитет за 2011 година. Институтот за овластени ревизори ќе се зајакне со нови вработувања во овој период.

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во делот на ревизијата, ќе се продолжи со понатамошно усогласување на Законот за ревизија со Директивата 32006L0043.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во делот на ревизијата, Министерството за финансии на Република Македонија, односно Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија во рамки на Секторот за финансиски систем ќе остане надлежно за правната рамка за системот на ревизијата како и за натамошната хармонизација на националното законодавство со законодавството за Европската унија. Ќе се зајакне Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија со нови лица (за вработувањата повеке во Поглавје 9 - Финансиски услуги).

Заради поголема ефикасност во извршувањето на задачите ќе се вработуваат нови лица во Советот за унапредување и надзор на ревизијата.

Ќе се гради капацитетот на Институтот за овластени ревизори со нови вработувања , но исто така и на најголемите регулаторни институции (Комисија за хартии од вредност, Народната Банка на Република Македонија, Агенцијата за супервизија на осигурувањето (АСО), МАПАС, Централен Регистар итн.) кои ја следат примената на МСФИ односно се грижат за целосно и навремено обелоденување на финансиските податоци изготвени согласно МСФИ. Ќе продолжи постапката на Институтот на овластени ревизори за добивање на статус придружна членка на SEEPAD и за полноправно членство во IFAC.

3.07 **ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ**
3.7.1 **АВТОРСКО ПРАВО И СРОДНИ ПРАВА**

*Тековна состојба*

Зајакната е правната рамка во областа на авторското право и сродните права.Усвоен е нов Закон за авторското право и сродните права („Службен весник на Република Македонија“ бр.115/2010), (ЗАПСП) на 23.08.2010 кој влезе во сила на 8.09.2010 година. Во Законот е транспонирана Директивата 2004/48/ЕЗ за спроведување на правото од интелектуална сопственост, се допрецизира системот на заштита на авторското право и сродните права (АПСП), се доразработи системот за колективно управување на авторското право и сродните права, заштитата на правата и др.

Во рамките на процесот на изработка на Методологија за прибирање статистички податоци за спроведување на заштитата на правата од интелектуалната сопственост, Министерството за култура изготви вкупно 19 табеларни прегледи: за кривичната заштита директна или индиректна за повреда на авторското право и сродните права и авторските дела и предметите на сродните права, за прекршочната заштита, за граѓанската заштита и за управниот надзор.

Во Секторот за авторско право и сродни права во 2010 година е прераспореден еден државен службеник. Во Секторот работат четири државни службеници. Во однос на поддршката на организациите за колективно управување на авторското право и сродните права, а во рамките на Проектот „ИПА-Регионал“, се реализира активноста на Министерството за култура „Обука за авторското право и сродните права–колективно управување“ со експерт[23] од Република Словенија. Се реализираа работни состаноци со претставници: на Министерството за култура, на корисници на права (РТВ организации, кабелски оператори и други), и со организациите/здруженијата за колективно управување -постојни и потенцијални. Експертот и претставници од Министерството за култура присуствуваа на договорен состанок на организациите за колективно управување на авторското право и сродните права, за иницирање начини на нивна идна соработка.

Министерството за култура, партиципира во изработката на новиот Закон за радиодифузната дејност (ЗРД) заради усогласување на соодветната Директива за аудиовизуелни услуги, како и усогласување со иницираните одредби (од пред 5 години) за формалностите од авторското права и сродните права - издавање потврди за регулирање на авторското право и сродните права на кабелските оператори од Министерството за култура, како и за (не)ексклузивноста на правата - спротивни на системот на авторско-правната заштита и на заштитата на слободата на приемот на комуникациските услуги (услуги на оператори на кабелска мрежа).

Веб страницата на Министерството за култура за авторското право и сродните права (www.copyright.gov.mk) како дел од нејзината интегралната веб страница се дополнува со соодветни тековни и неопходни содржини, како континуирана активност.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Владата на Република Македонија ќе донесе Одлука за именување нова Комисија за посредување во авторското право и сродните права врз основа на новиот Закон за авторското право и сродните права. Министерството за култура ќе именува советодавно тело за авторското право и сродните права од истакнати независни надворешни експерти.

Континуирано ќе продолжи процесот на изработка на Методологија за прибирање статистички податоци за спроведувањето на заштитата на правата од оваа област.

Министерството за култура, ќе продолжи со учество во изработката на новиот Закон за радиодифузната дејност и на други прописи поврзани со авторското право и сродните права.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за култура ќе ја спроведува првостепената постапка за усогласување на организацијата за колективно управување - Здружение за заштита на авторски музички права „ЗАМП“ во рокот од една година утврден со новиот Закон за авторското право и сродните права, по барање на организацијата.

Воедно, по евентуални барања и од други организации, ќе издава дозволи за колективно управување, во согласност со условите и постапката пропишани со Законот.

Ќе се изготват маркетиншки програми за информирање и образување на јавноста за авторското право и сродните права, и тоа: промоција на авторското право и сродните права во јавната администрација (изработка на Информатор/Потсетник за режимот на остварување и заштита на АПСП), како и други видови кампањи и информирање на пошироката јавност.

*Среднорочни приоритети*

[23]директор на Здружението за колективно остварување на правата на фонограмски продуценти и изведувачи во Република Словенија и член на работни тела на соодветната меѓународна асоцијација СКАПР

**ПРАВНА РАМКА**
Владата на Република Македонија ќе донесе Одлука за висината на вкупниот надоместок за репродуцирање авторско дело за приватно користење, со која ќе се изврши усогласување со актуелните текови/состојби на цените на пазарот.

Ќе се следи спроведувањето на Законот за авторското право и сродните права. Ќе се следат: меѓународните трендови во авторското право и сродните права и прописите на ниво на Европската унија и други меѓународни асоцијации, ќе се анализираат можностите за нивно транспонирање во домашното законодавство и ќе се иницираат натамошни изменувања и дополнувања на прописите што се во областа на авторското право и сродните права.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Секторот за авторското право и сродните права на среден рок до 2013 година ќе се зајакне со обучени и квалификувани државни службеници.

Министерството за култура, ќе продолжи континуирано да издава дозволи за колективно управување, по евентуални барања и од други организации, во согласност со условите и постапката пропишани со Законот. Министерството за култура, во континуитет, ќе врши управен надзор над работата и актите на организациите за колективно управување.

Ќе продолжи поддршката на постојните колективни здруженија согласно надлежностите и можностите на Министерството за култура.

Ќе продолжат активностите на јакнење на јавната свест/информирање и образување на јавноста за авторското право и сродните права.

Ќе се организираат обуки, семинари и работилници на кадрите од Секторот за авторското право и сродните права во

Министерството за култура во функција на специјализирано и практично обучување за авторското право и сродните права, како и ќе се превземаат активности за нивно стручно оспособување и усовршување.

## 3.7.2 **ПРАВА НА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ**

*Тековна состојба*
Со цел унапредување на постапката за заштита на правата од индустриската сопственост согласно меѓународните договори на Светската организација за интелектуална сопственост (СОИС), Собранието донесе четири закони за ратификација на договори администрирани од Светската организација за интелектуална сопственост: Закон за ратификација на Договорот за правото на патент („Службен весник на Република Македонија” бр. 163/2009), Закон за ратификација на Сингапурскиот договор за правото на трговска марка („Службен весник на Република Македонија” бр.19/2001), Закон за ратификација на Договорот од Виена за меѓународна класификација на фигуративните елементи на трговските марки („Службен весник на Република Македонија” бр. 19/2001) и Закон за ратификација на Лисабонскиот договор за заштита на ознаки на потекло и нивната меѓународна регистрација („Службен весник на Република Македонија” бр. 77/2010).

Во рамките на билатералната соработка со заводите на другите држави, Државниот завод за индустриска сопственост (ДЗИС) потпиша Договор за соработка со Државниот завод за интелектуална сопственост на Република Хрватска и Меморандум за разбирање со Канцеларијата за индустриска сопственост на Република Косово.

Донесен е Законот за квалитет на земјоделски производи („Службен весник на Република Македонија бр. 140/2010”). Со Законот се утврдува заштита на земјоделски и прехранбени производи со географски назив, која досега беше уредена со одредбите на Законот за индустриската сопственост (Повеќе во поглавје 3.11).

Во Државен завод за индустриска сопственост вработени се вкупно 32 државни службеници и 2 вработени преку Агенција за привремени вработувања, во 4 сектори и 13 одделенија.

Претставници од Државен завод за индустриска сопственост активно учествуваа во работата на Светската организација за интелектуална сопственост (СОИС) и Европската патентна организација (ЕПО). Вработените од Заводот учествуваа на семинари, конференции, саеми, студиски престои, комитети на експерти, работилници и форум. Претставници од Државниот завод за индустриска сопственост учествуваа и имаа презентации на семинари за судии и јавни обвинители, организирани во рамки на Програмата за постојано стручно усовршување на судии и јавни обвинители во Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

Во рамките на соработката помеѓу Државниот завод за индустриска сопственост и Европската патентна органзација (ЕПО) за 2010-2012, потпишан е Акционен план за соработка помеѓу Државен завод за индустриска сопственост и Европска

патентна организација. Планот за соработка опфаќа активности кои се однесуваат на: учество во настани од Евроспката патентна мрежа (EPN); учество на обуки за индустриска сопственост; учество во настани за јакнење на свеста за патенти и печатење материјали; организација на национални форуми за интелектуална сопственост.

Исто така, во рамките на ИПА Регионалната програма, претставници на Државен завод за индустриска сопственост учествуваа на: конференција, работен состанок, студиски престој, две обуки, два регионални семинара, пет експертски мисии на странски експерти во Македонија и една експертска мисија на експерти од Државен завод за индустриска сопственост во Косово.

Во 2010 година се реализираа две TAIEX експертски мисии: семинар за развој на Државниот завод за индустриска сопственост во сервисно ориентирана институција и семинар за вработените на Заводот на тема „Пребарување на меѓународните бази на патенти". Семинарите ги следеа 10 вработени во Државниот завод за индустриска сопственост.
Имајќи го во предвид значењето на подигнување на јавната свест за заштита на правата од индустриска сопственост, Државниот завод за индустриска сопственост презеде редовни активности поврзани со јакнењето на јавната свест: 4 предавања за 80 студенти на Правниот факултет "Јустинијан Први“, поддршка и учество на еден домашен саем, на две меѓународни изложби и организација на 2 манифестации во насока на стимулирање и афирмирање на пронаоѓаштвото. По повод Денот на интелектуална сопственост се одржаа повеќе активности: беше промовирана книгата:„Трговска марка – апсолутни и релативни основи одбивање на пријава за трговска марка, со релевантни случаи од праксата на Државниот завод за индустриска сопственост“, во издание на Заводот, Државниот завод за индустриска сопственост на својата веб страна ја објави пораката на генералниот директор на Светската организација за интелектуална сопственост и по повод Светскиот ден на интелектуална сопственост достави соопштение до средствата за јавно информирање, а Координативното тело за интелектуална сопственост (КТИС) спроведе акција за јавно уништување на запленетите производи. На 30-тата Меѓународна изложба на пронајдоци, нови технологии и творештва на млади МАКИНОВА 2010, Меѓународна изложба на иновации од областа на екологијата и заштита на животна средина ЕКОНОВА 2010, Државниот завод за индустриска сопственост преку своите претставници, членови на Меѓународната оценувачка комисија ги додели наградите за: пријавен и заштитен патент; награда за жена иноватор и награда на млад иноватор. Студенти од Правниот факултет „Јустинијан Први“ имаа дводневна обука во Заводот.

Претставници од Република Македонија, со цел да го промовираат македонското пронаоѓаштво во меѓународни рамки учествуваа на Меѓународната изложба на идеи, пронајдоци, нови производи-IENA 2010 година. На изложбата беа презентирани пет пронајдоци од македонски иноватори. Стручното меѓународно жири им додели златен и сребрен медал и голем број на други специјални награди. Државниот завод за индустриска сопственост за своето учество и придонес во промовирањето на пронаоѓаштвото доби диплома од Турскиот патентен завод.

На 13 декември се одржа информативна работилница на тема: „Заштита на правата од индустриска сопственост, погодности и предности при настап на домашниот и странските пазари“ во организација на Агенцијата за поттикнување на претприемништвото на Република Македонија и Државниот завод за индустриска сопственост, наменета за малите и средни претпријатија. На 21 и 22 декември се одржа манифестацијата „Стручен собир за натамошните правци во развојот на интелектуалната сопственост во Република Македонија и Патент на годината”.

Обезбеден е пристап до базите на Државниот завод за индустриска сопственост на веб страната на Државниот завод за индустриска сопственост.

Донесена е Програмата за подобрување на конкурентноста на македонските производи и услуги во 2010 година на Министерството за економија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/10) во која се поддржани деловните субјекти со надоместување на дел од трошоците за изработено идејно решение за индустриски дизајн на производ, пуштен во промет и за поднесување на меѓународна пријава на патент, односно барање за потполно испитување на пријавата.

Во рамките на проектот „Пред-истражување за индустриска сопственост“, како дел од ИПА Регионалната програма за интелектуална сопственост, во повеќе фази се реализираа активности со цел запознавање на малите и средни претпријатија за правата од индустриска сопственост. Во таа насока отпечатени се флаери и подготвен е превод на македонски јазик на методологија и прашалник за реализација на проектот.

Заводот учествуваше и во координирање на активностите на сите институции вклучени во спроведувањето на заштитата на правата од индустриска сопственост.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**
Ќе се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за индустриската сопственост. Предложените измени се во насока на постигнување (воспоставување) хоризонтално усогласување на Законот за индустриската сопственост со Законот за квалитет на земјоделски производи, со кој се утврдува заштита на географските називи кои се однесуваат на земјоделски производи. Една од позначајните измени кои се предлагаат со Законот чие донесување се предлага е давање можност на Државниот пазарен инспектор при спроведувањето на надзорот по однос на прометот на заштитените права од индустриска сопственост да може веднаш да ги одземе производите со кое е сторена повреда на заштитеното право од индустриска сопственост и да ги предаде на надлежниот суд. Исто така со Законот се врши унапредување на класификацијата на казните и воведување можност за порамнување пред поведување прекршочна постапка.

Во 2011 година ќе се ратификува Договорот за примена на членот 65 од ЕПК – Лондонски договор.

Континуирано ќе се следат промените во европските директиви и меѓународните договори.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
За зајакнување на капацитетот на Државниот завод за индустриска сопственост во 2011 година ќе се вработат нови лица и ќе продолжи континуирано стручното надградување на вработените.

Обуката на вработените во Државниот завод за индустриска сопственост и на останатите субјекти од системот на заштита, ќе се остварува преку национални и регионални семинари, студиски престои и други активности преку соработката со СОИС, ЕПО, Европската патентна академија и друга билатерална соработка.
Заводот ќе продолжи со спроведување на редовни активности за јакнење на јавната свест за значењето на индустриската сопственост (предавања, средби со претставници од стопанството на општинско ниво, организирање на манифестации, учество на саеми, изложби и слично).

Во рамките на соработката на Државниот завод за индустриска сопственост со Европската патентна организација ќе се реализира Акциониот план за соработка (2010- 2012).

Со Предлог Програмата за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија во 2011 година ќе бидат подржани деловните субјекти со надоместување на дел од трошоците за поднесување на меѓународна пријава на патент, односно барање за потполно испитување на пријавата.

Со Предлог Програмата за имплементација на индустриската политика на Република Македонија за 2011 година ќе бидат подржани деловните субјекти со надоместување на дел од трошоците за развој на бренд и комерцијализација на патентирани иновации.

Во предлог Програмата на Агенцијата за подршка на претприемништво во Македонија за 2011 година се предвидени две активности и тоа: општа обука на МСП и здруженија во рамки на стопанските комори за заштита на правата од интелектуална сопственост и специјализирана обука за создавање и користење на сертификатни марки и географски називи за мали и средни претпријатија и земјоделски здруженија.

Ќе се спроведува Акциониот план во рамките на соработката со Европската патентна организација и Програмата за соработка со Светската организација за интелектуална сопственост.

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**
Континуирано ќе се следат промените во европските директиви и меѓународните договори.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во Заводот за индустриска сопственост ќе се вработат нови лица во 2011 и 2012 година. Истовремено ќе се одржува нивото на техничка опременост, ќе се продолжи со обука на вработените во Заводот и другите субјекти вклучени во системот на заштита на правата од интелектуалната сопственост.

Заводот ќе продолжи со спроведување на редовни активности за јакнење на јавната свест за значењето на индустриската сопственост (предавања, средби со претставници од стопанството, организирање на манифестации, учество на саеми, изложби и слично).

Ќе продолжи да се спроведува Акциониот план во рамките на соработката со Европската патентна организација и Програмата за соработка со Светската организација за интелектуална сопственост.

### 3.7.3 **СПРОВЕДУВАЊЕ**

*Тековна состојба*

Врз основа на глава VIII од Стратегијата за интелектуална сопственост 2009-2012, Државниот завод за индустриска сопственост е надлежна институција за сеопфатна координација на спроведувањето на Стратегијата, во однос на прибирање информации/податоци за реализација на мерките/активностите.

Во рамки на мерките кои се содржани во Стратегијата за интелектуална сопственост во 2010 година беше подготвен и усвоен ревидиран текст на Акциониот план. Со ревизијата на Акциониот план допрецизирани се дел од активностите, носителите и учесниците за реализација на активностите.

За текот на спроведување на Стратегијата за интелектуална сопственост подготвена е Информација до Владата на Република Македонија. Најголем број од активностите предвидени во Акциониот план се реализирани.

Министерството за економија ја донесе Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2009 – 2010 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 3/2009), врз основа на Законот за заштита на потрошувачите („Службен весник на Република Македонија" бр.38/2004; 77/2007 и 103/2008). Во рамките на оваа Програма, во 2010 година, реализирани се активности за подигање на потрошувачката свест за заштита на потрошувачките права во однос на користење пиратски и фалсификувани производи со кои се повредуваат правата на индустриска сопственост, авторското право и сродните права „Печатење на флаери, брошури и други рекламни материјали во интерес на потрошувачите."

Во врска со подготвувањето на Методологијата за статистичко следење и статистичка обработка на податоци, формирана е Работна група за подготвување на Методологијата. Преку Регионалната ИПА програма, беше реализирана студиска посета на членовите на Работната група во Хрватска, со цел размена на искуства и утврдување на методи за изработка на Методологијата.

На 2 јули 2010 година донесен е новиот Закон за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија", бр.88/10 година), во примена од 9 ноември 2010 година, кој го уредува работењето на Академијата за судии и јавни обвинители (во натамошниот текст: Академијата), како јавна установа за прием и стручно усовршување на кандидатите за судии и јавни обвинители, континуирана обука и унапредување на стручноста на судиите и јавните обвинители, континуирана обука на стручните служби во судството и јавното обвинителство, обука на субјектите кои учествуваат во спроведувањето на законите од областа на правосудството, како и вршењето на аналитичка дејност од областа на правосудната теорија и практика. Академијата врши почетна и континуирана обука. Во рамките на Програмата за почетна обука на четвртата генерација кандидати за судии и јавни обвинители, Академијата организира предавања од областа на спроведувањето на правата од интелектуална сопственост, во траење од осум наставни часа во теоретската настава. Во текот на 2010 година заклучно со месец ноември 2010 година, Академијата реализираше 18 обуки од областа на правата на интелектуална сопственост со учество на вкупно 473 учесници од кои 405 учесници од правосудството: 261 судии, 70 јавни обвинители, 3 советници, 65 судски соработници, 5 стручни соработници од обвинителствата, соработник од АСО и 68 учесници од други институции – 17 претставници на Државниот пазарен инспекторат, 33 претставници на Царинската управа на Република Македонија, претставник на Секретаријатот за европски прашања, двајца претставници на Државниот завод за индустриска сопственост и 15 други учесници. Дел од спроведените обуки, Академијата ги реализираше со странска помош, преку: Американската стопанска комора во Република Македонија, Меѓународната организација за развој на правото (IDLO), TAIEX, Програмата за техничка помош од Луксембург за Република Македонија и ИПА Регионалната програма за правата од интелектуална сопственост. Се спроведе и првото или основно ниво на "обука на обучувачи" за правата од интелектуална сопственост што опфати 15 учесници: судии, јавни обвинители и двајца учесници од Државен завод за индустриска сопственост. Во рамките на соработката на Државниот завод за индустриска сопственост и Европската патентна организација преку Европската патентна академија тројца судии учествуваа на обуки од областа на правото на патенти.

Државниот пазарен инспекторат како надлежна институција за постапување во надзор на пазарот при повреда на правата од интелектуална сопственост, со цел реализација на зголемена ефикасност и контитнуитет во работењето, со решение на директорот на Државниот пазарен инспекторат, определени се 16 инспектори, кои покрај другите работни задачи се задолжени да постапуваат по пријави од областа на заштитата на правата од индустриска сопственост. Во 2010 година во Државниот пазарен инспекторат вработени се две лица.

Претставници од Државниот пазарен инспекторат учествуваа на: работилница, студиска посета во Република Хрватска и три семинари.

Во тек е реализација на средства доделени од проектот за деловно опкружување на USAID. Реализацијата на овој проект е поделена на два дела – изработка на софтвер за потребите на инспекцискиот надзор во Државен пазарен инспекторат и промоција на Државниот пазарен инспекторат. Целта е да се подобри разбирањето кај јавноста и бизнис заедницата за улогата и работењето на Државниот пазарен инспекторат. Ова ќе го олесни и инспекцискиот надзор а ќе овозможи и подобрување и олеснување на евиденцијата за превземени активности и мерки од областа на заштитата на правата од индустриска сопственост. Во фаза на изработка е и веб страница на Државен пазарен инспекторат која ќе биде официјализирана во најкраток рок.

Главен носител на активностите во борбата против фалсификатите и пиратеријата и превземените координирани активности беше Координативното тело за интелектуална сопственост (КТИС). КТИС доставува месечни информации до Владата на Република Македонија, а спроведени се вкупно дваесет и три поединечни акции. За активностите, КТИС редовно ја информира јавноста преку електронските и пишаните медиуми. Во присуство на највисоки претставници на Владата на Република Македонија, спроведени се две јавни акции за уништување на одземените производи со кои се повредуваат правата од интелектуална сопственост, по завршени судски постапки. КТИС во февруари ја усвои Оперативната програма за борба против пиратерија и фалсификување, со мерки и активности за ефективно, ефикасно, транспарентно и континуирано спроведување на заштитата на правата на интелектуалната сопственост. Активностите се фокусираат на: дефинирање на состојбата во релевантни области и поле на дејствување; утврдување на специфични мерки и активности за борба против пиратерија и фалсификување и нивни носители; утврдување на планови за имплементација и имплементација на Оперативната програма за борба против пиратерија и фалсификување.

Беше реализиран студиски престој во Кралството Велика Британија на двајца членови од КТИС, организиран преку TAIEX Програмата.

Членови на КТИС, Државниот завод за индустриска сопственост и Царинската управа на Република Македонија, учествуваа на студиски престој во Амстердам, Кралство Холандија. Студискиот престој е реализиран во рамките на Програмата за техничка соработка 2010-2012, помеѓу Царинската управа на Република Македонија со Кралството Холандија.

Инспектори од Министерството за внатрешни работи кои работат на економски криминал и инспектори од Државен пазарен инспекторат имаа специјализирана обука за идентификување на нелегален софтвер, организирана од КТИС, ADOBE, AUTODESK и Microsoft – Скопје.

Центарот за обука за интелектуална сопственост (ЦИПЕ) како член на Глобалната мрежа на Академии за интелектуална сопственост, започна со реализација на TEMPUS Програмата „Заеднички регионални пост-дипломски студии за интелектуална сопственост. На конкурс се избрани 33 студенти кои ги исполнуваат условите за пост-дипломските студии по право на интелектуална сопственост. Програмските активности започнаа во ноември.

Започна подготовка на ИПА 2011/2013 во чии рамки е подготвена нацрт верзија на проектно фише за интелектуална сопственост (јакнење на капацитетите за ефикасно спроведување на правата од интелектуална сопственост).

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2011 година ќе отпочнат анализи за подготвка на нова Стратегија за интелектуална сопственост и континуирано ќе се следат европските директиви и регулативи од областа.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Ќе се продолжи со обука на вработените во институциите вклучени во системот на спроведување на заштитата и ќе продолжат специјализирани обуки на судии и јавни обвинители од областа на интелектуалната сопственост.

Градењето на системот на заштита на правата ќе продолжи да се остварува преку реализирање на Програмата на Координативното тело за интелектуална сопственост (КТИС) со што ќе се зголеми ефикасноста во остварувањето на правата. Активностите на КТИС и на другите институции во спроведувањето на заштитата на правата од интелектуална сопственост ќе се насочат кон сузбивање на фалсификатите и пиратеријата.

Заштитата на правата на интелектуална сопственост и во наредниот период ќе биде приоритет во работењето на Државниот пазарен инспекторат и ќе продолжи да се остварува со засилен интензитет, врз основа на Годишна програма за работа и Оперативни планирани активности. За 2011 година се планираат нови вработувања.

Во Предлог Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2011 - 2012 година, за 2011 година на Министерството за економија, предвидени се активности за подигање на потрошувачката свест за заштита на потрошувачките права при користење на пиратски и фалсификувани производи со кои се повредуваат правата на индустриска сопственост, авторското право и сродните права преку организирање на медиумски кампањи во повеќе градови во Република Македонија.

Академијата за судии и јавни обвинители во текот на 2011 година ќе продолжи со обука на четвртата генерација кандидати за судии и јавни обвинители од областа на спроведувањето на правата од интелектуална сопственост во рамките на 10-месечната практична обука во судовите и обвинителствата под менторство на судии и обвинители.
Во општата програма за континуирана обука на судиите и јавните обвинители 2011-2012, на Академијата за судии и јавни обвинители, е вклучен посебен Модул – „Права од интелектуална сопственост“

Во текот на 2011 година ќе се спроведат следните активности: “Обука на обучувачи“, напредно ниво, Национална конференција на тема „Судска заштита на правата од интелектуална сопственост“, Регионална конференција на тема „Судска заштита на правата од интелектуална сопственост“ и подготовка и издавање на прирачник за спроведување на правата од интелектуална сопственост.

Согласно Програмата за континуирана обука, ќе се продолжи со специјализирана обука на судиите и јавните обвинители од областа на интелектуалната сопственост. Обуките ќе се изведуваат регионално, по апелациони подрачја, посебно за јавните обвинители, за судиите кои работат на граѓанска, кривична, прекршочна и управно-судска материја. Со обуките ќе бидат опфатени сите аспекти на судската заштита на правата од интелектуална сопственост: управно-правна, прекршочно-правна, граѓанско-правна и кривично-правна заштита.
Ќе продолжат подготвителните активности за реализација на ИПА 2011- 2013.

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**
Ќе се донесе новата Стратегија за интелектуална сопственост и ќе започне да се имплементира.

Ќе се следат меѓународните трендови во спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост.

Царинската управа по донесувањето на новата регулатива за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост, која ќе ја замени постоечката регулатива 1383 од 2003, ќе изврши усогласување на Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост. Исто така Европската комисија ќе донесе нова регулатива за примена на царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост, која ќе ја замени постоечката регулатива 1891 од 2004, со која ќе се усогласи Правилникот за примена на закон за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Континуирано ќе се зајакнуваат техничките и кадровските капацитети на институциите преку нови вработувања, набавка на неопходната техничка опрема и континуирани обуки на субјектите кои се вклучени во спроведувањето на правата од интелектуална сопственост.
Академијата за судии и јавни обвинители, ќе продолжи со реализација на програмата за правата од интелектуална сопственост како во делот на почетната обука на кандидати за судии и јавни обвинители така и во делот на континуираната обука на судиите и обвинителите.

Ќе продолжи со реализација ТЕМПУС Програмата “Заеднички регионални пост-дипломски студии за интелектуална сопственост”, преку Центарот за обука за интелектуална сопственост (ЦИПЕ).

Ќе започне реализацијата на ИПА 2011/2013 за јакнење на капацитетите на институциите за ефикасно спроведување на правата од интелектуална сопственост.

3.08 **КОНКУРЕНЦИЈА**
3.8.1 **АНТИТРУСТОВИ И СПОЈУВАЊА**

*Тековна состојба*
Основниот акт кој ја уредува постоечката правна рамка од областа на заштитата на конкуренцијата во Република Македонија е Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/2010). Законот е усогласен со Договорот за функционирање на ЕУ (членовите 101, 102, 106 и 107) и ЕУ мерките 32003R0001, 32004R0773, 32004R0139, 31997Y1209(01), 52001XC1222(03), 52006XC1208(04) и 52006XC0901(1).

Со новиот Закон за заштита на конкуренцијата се врши понатамошно хармонизирање на македонското законодавство со законодавството на ЕУ, преку воведување на т.н. “leniency” програма за ослободување или намалување на глобата на оние претпријатија кои ќе соработуваат во детекција на најтешките нарушувања на пазарната конкуренција. Со овој закон се врши и понатамошно унапредување на ефикасноста во постапувањето на Комисијата за заштита на конкуренцијата преку усогласување на одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата со Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/2006) и воведување на единствена прекршочна постапка во која Комисијата за заштита на конкуренцијата истовремено ќе утврдува постоење на повреда на одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, постоење на прекршок предвиден со Законот за заштита на конкуренцијата и ќе изрекува соодветна прекршочна санкција за така утврдениот прекршок.

Комисијата за заштита на конкуренцијата во текот на 2010 година (заклучно со 01.12.2010 година), во делот на антитруст, во управна постапка донесе 1 решение за утврдена злоупотреба на доминантна позиција, 16 решенија за оценка на концентрации и 3 решенија со кои се утврдува постоење на забранет договор. Исто така во 2010 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата донесе 1 прекршочно решение за доставување на нецелосни податоци.

Согласно Законот за заштита на конкуренцијата (ЗЗК), надлежен орган за спроведување на законот е Комисијата за заштита на конкуренцијата (КЗК). Комисијата е независен орган, составен од претседател и четири члена, при што Претседателот и двајца членови се професионално ангажирани во работата на КЗК. Претседателот и членовите ги именува и разрешува Собранието на Република Македонија, за период од пет години, со право на повторно именување.

*Комисијата за заштита на конкуренцијата* има повеќе надлежности, и тоа;
- ја контролира примената на одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата и Законот за државната помош и прописите донесени врз основа на овие закони;
- ги следи и анализира состојбите на пазарот до степен потребен за развој на слободна и ефикасна конкуренција;
- води управни постапки и донесува одлуки во управна постапка согласно одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата и Законот за државната помош;
- утврдува правила и мерки за заштита на конкуренцијата и мерки за воспоставување на ефективна конкуренција;
- дава мислења по предлози на закони и други акти со кои се уредуваат прашања што се однесуваат на економската активност, а кои може да имаат влијание на конкуренцијата на пазарот;
- дава стручни мислења за прашања поврзани со политиката на конкуренција и заштитата на конкуренцијата на пазарот, по барање на Собранието, Владата на Република Македонија, други државни органи, претпријатија или по службена должност;
- ги врши работите што произлегуваат од меѓународните обврски на Република Македонија во областа на заштита на конкуренцијата, како и други работи утврдени со Законот.

Комисијата за заштита на конкуренцијата при остварувањето на своите надлежности тесно соработува со останатите регулаторни тела, а особено со Агенцијата за електронски комуникации, Регулаторната комисија за енергетика и Советот за радиодифузија, а во согласност со потпишаните меморандуми за соработка.
Претседателот и двајцата членови на КЗК кои се професионално ангажирани во работењето на КЗК се членови на Комисијата за одлучување по прекршок, која за прекршоците определени во овој закон води прекршочна постапка пред Комисијата за заштита на конкуренцијата и изрекува прекршочни санкции.
Стручните, нормативно-правните, управните, управно-надзорните, матерјално-финансиските, сметководствените, информатичките и другите работи на Комисијата за заштита на конкуренцијата и Комисијата за одлучување по прекршок ги извршува стручна служба со која раководи Генерален секретар, кој го именува Претседателот на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

До крајот на 2011 година, предвидено е донесување на следните акти:

- Уредба за групно изземање на договори за осигурување заради усогласување со Регулативата (ЕУ) бр. 267/2010;
- Уредба за групно изземање на договори за дистрибуција и сервисирање на моторни возила, заради усогласување со Регулативата (ЕУ) бр. 461/2010;
- Уредба за групно изземање на вертикалните договори за исклучиво право на дистрибуција, селективно право на дистрибуција, исклучиво право на купување и заради усогласување со Регулативата (ЕУ) бр. 330/2010;
- Уредба за условите и постапката под кои Комисијата за одлучување по прекршок одлучува за ослободување или намалување на глобата, во смисла на член 65 од ЗЗК (leniency), заради усогласување со Известувањето на Комисијата за имунитетот од парични казни и намалувањето на паричните казни во случаи на картели (2006/C 298/11);
- Уредба за групно изземање на договори за трансфер на технологија за лиценца или за know-how, заради усогласување со Регулативата (ЕЗ) 772/2004;
- Уредба за договори од мало значење, заради усогласување со Известувањето на Комисијата за договорите од мало значење кои не предизвикуваат значително ограничување на конкуренцијата согласно член 81(1) од Договорот за основање на ЕЗ, (de minimis), 52001XC1222;
- Уредба за групно изземање на хоризонталните договори за специјализација, заради усогласување со Регулативата од 14 декември 2010 година, за примената на член 101(3) од Договорот за функционирањето на Европската унија врз одредени категории на договори за специјализација;
- Уредба за групно изземање на хоризонталните договори за истражување и развој, заради усогласување со Регулативата од 14 декември 2010 година, за примената на член 101(3) од Договорот за функционирањето на Европската унија врз одредени категории на договори за истражување и развој;
- Уредба за формата и содржината на известувањето за концентрација и потребната документација која се поднесува заедно со известувањето, заради усогласување со Регулативата (ЕЗ) 802/2004 за имплементирање на Регулативата 139/2004 за контрола на концентрации помеѓу претпријатија;
- Насоки за ограничувањата неопходни за спроведување на концентрации, со цел усогласување со Известувањето на Комисијата за ограничувањата директно поврзани и неопходни за спроведување на концентрации;
- Насоки за концептот на концентрација, со цел усогласување со Консолидираното Известување на Комисијата за надлежност согласно Регулативата (ЕЗ) 139/2004;
- понатамошно усогласување на националното законодавство со *acquis*, во согласност со тековните релевантни промени на истото.

Заради поефикасно спроведување на законодавството од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата, предвидено е изменување на член 283 од Кривичниот законик, со што ќе се овозможи ефикасна операционализација на програмата за попустливост (leniency programme) која се воведе со новиот Закон за заштита на конкуренцијата.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во насока на зајакнување на административниот капацитет на Комисијата, предвидени се нови вработувања до крајот на 2011 година, како и обуки за членовите на КЗК и вработените во стручната служба.

*Среднорочни приоритети*

На среден рок е предвидено понатамошно усогласување на националното законодавство со *acquis* (до крај на 2012 година), во согласност со релевантните промени на истото во областа на заштита на конкуренцијата.

Планирано е континуирано зајакнување на административните капацитети на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со нови вработувања во 2012 година и континуирана обука на членовите на КЗК и вработените во стручната служба.

## 3.8.2. **ДРЖАВНА ПОМОШ**

*Тековна состојба*

Законодавството за државна помош го опфаќа Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10”) и четири подзаконски акти (уредби).

Со новиот Закон за контрола на државната помош се постигнува поголема јасност и прецизност на постапувањата на Комисијата за заштита на конкуренцијата при контрола на државната помош.

Македонското законодавство за државна помош е усогласено со Договорот за функционирање на ЕУ, (членовите 107-109) и ЕУ Регулативите 32001R0069 и 31999R0659.
Комисијата за заштита на конкуренцијата во текот на 2010 година во делот на државната помош донесе 1 одлука.

Со Законот за измени и дополнувања на Законот за државната помош („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/06 и 55/07), надлежноста за надзор и контрола на државната помош која се доделува во Република Македонија ја презема Комисијата за заштита на конкуренцијата. Со влегувањето во сила на Законот за измени и дополнувања на Законот за државната помош, во Комисијата за заштита на конкуренцијата формиран е Сектор за контрола на државната помош. Ваквата институционална рамка е задржана и со новиот Закон за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/2010).
Во Секторот за контрола на државната помош има вработено 6 лица со висока стручна спрема, од кои 4 економисти и 2 правници.

Преку одредување на лица одговорни за пријавување на државната помош од страна на давателите на државната помош, кај Комисијата за заштита на конкуренцијата воспоставен е систем на мониторинг и проценка на структурата на државната помош. Секторот ги врши сите работи од областа на државната помош пропишани со Законот.
Преку вклучување и активно учество на Комисијата за заштита на конкуренцијата во изработката на Стратегијата за индустриска политика на Република Македонија 2009-2020 година, истата е целосно усогласена со законодавството за државна помош. Комисијата за заштита на конкуренцијата учествува и во меѓуминистерската работна група која го надгледува спроведувањето на Стратегијата.

*Краткорочни приоритети*

Краткорочни приоритети во областа на законодавството за државна помош се:

- донесување на нова Уредба за утврдување на условите и постапката за поднесување на известување за државна помош до Комисијата за заштита на конкуренцијата и за оценка на државната помош, заради усогласување со Регулативата (ЕЗ) 794/2004 за имплементирање на Регулативата (ЕЗ) 659/1999 за деталните правила за примена на членот 93 од Договорот за ЕЗ;
- донесување на Уредба за условите и постапката за доделување на државна помош од мало значење (de minimis), заради усогласување со Регулативата (ЕЗ) 1998/2006 за примена на член 87 и член 88 од Договорот за ЕЗ, врз помошта од мало значење;
- воспоставување и градење на веродостојно досие за спроведување на контролата на државната помош.

Планирано е зајакнување на административниот капацитет во областа на државната помош со нови вработувања во Секторот за контрола на државната помош во Комисијата за заштита на конкуренцијата до крајот на 2011.
Заради зајакнување на административниот капацитет на Секторот за контрола на државната помош при КЗК, предвидено е отпочнување на Твининг Проектот „Поддршка на Комисијата за заштита на конкуренцијата за контрола на државната помош".

*Среднорочни приоритети*

Среднорочни приоритети во областа на законодавството за државна помош се:

- донесување на Насоки за методологијата за определување на нивото на компензација на претпријатија на кои им е доверено вршење на услуги од општ економски интерес; и
- понатамошно усогласување на националното законодавство со *acquis*.

Административните капацитети континуирано ќе се зајакнуваат преку организирање обуки на вработените во Комисијата за заштита на конкуренцијата за ефикасно спроведување на Законот за државна помош, посебно во делот на истражувачки техники и постапување по случаи. Дополнително, во текот на 2012 планирани се и обуки на давателите на државна помош како и активности за подигање на свеста на владините институции и деловниот сектор за државната помош преку организирање на семинари, обуки, кампања, конференции и други настани. Овие обуки и активности планирано е да се постигнат преку Твининг Проектот „Поддршка на Комисијата за заштита на конкуренцијата за контрола на државната помош", кој треба да започне во октомври 2011 година.

Планирано е континуирано зајакнување на административните капацитети на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со нови вработувања во 2012 година.

## 3.09 **ФИНАНСИСКИ УСЛУГИ**
### 3.9.1 **БАНКИ И ФИНАНСИСКИ КОНГЛОМЕРАТИ**

*Тековна состојба*
Заклучно со ноември 2010 година, банкарскиот систем на Република Македонија го сочинуваат 18 банки и 8 штедилници. Споредено со крајот на 2009 година, бројот на банки е непроменет, додека бројот на штедилниците се намали за две штедилници.

Странскиот капитал и натаму е доминантен во вкупниот акционерски капитал со учество од околу три четвртини во вкупниот капитал на банкарскиот систем. Четиринаесет банки се во доминантна сопственост на странски акционери кои главно потекнуваат од земјите-членки на ЕУ.

Депозитите на нефинансиските субјекти изнесуваат 202,2 милијарди денари. Заклучно со септември 2010 година, годишниот пораст на депозитите изнесуваше 9,8%. Годишната стапка на пораст кај денарските депозити (вклучително и депозитите во денари со валутна клаузула) изнесува 18,1%, додека годишната стапка на пораст на девизните депозити изнесува 3,7%.

Кредитниот ризик останува доминантен ризик во работењето на македонските банки. Трендот на влошување на кредитното портфолио е сеуште присутен, но со намалена динамика во споредба со претходните периоди, анализирано според некои од показателите.

Банките во Република Македонија одржуваат задоволително ниво на ликвидност и располагаат со доволно капитал за покривање на ризиците од работењето. Тие имаат висока солветна позиција; стапката на адекватност на капиталот изнесува 16,4%.

Целосната интеграција во ЕУ претставува стратешка ориентација на Република Македонија. Амбициозните структурни реформи се целосно конзистентни со напорите на земјата за влез во ЕУ.

Донесен е Законот за изменување и дополнување на Законот за Фондот за осигурување на депозити (“Службен весник на РМ” бр. 158/2010) со кој е постигната хармонизација со законодавството на ЕУ во однос на висината на осигурените депозити и рокот за исплата, што ќе влијае на сигурноста на депозитите и на зголемување на депозитниот потенцијал на банките.

Донесен е Законот за финансиски друштва (“Службен весник на РМ” бр. 158/2010) со кој е уредено основањето, работењето и надзорот на небанкарски финансиски институции кои вршат кредитирање и факторинг и издаваат гаранции. Новите друштва ќе придонесат за развој на конкуренцијата на пазарот и олеснување на пристапот до кредити за малите и средни претпријатија.

Подготвена е компаративна анализа на домашната регулатива со регулативата и најдобрите практики во земјите - членки на ЕУ за супервизија на лизинг – компаниите.

Имајќи ги предвид карактеристиките на банкарскиот систем во Република Македонија, сложеноста на активностите и ризиците од работењето на коишто се изложени при нивното работење, НБРМ продолжува со постепено спроведување на Новата Базелска спогодба и тоа:

Во однос на активностите за натамошно пренесување на CRD, а во врска со првиот столб од Базел 2- Минимум потребен капитал, на почетокот на 2009 година усвоена е регулативата за определување на нивото на потребниот капитал за покривање на оперативниот ризик, со можност за примена на пристапот на базичен индикатор или стандардизираниот пристап. Оваа регулатива ќе се применува од 31.12.2011 година.

Регулативата за утврдување на потребниот капитал за покривање на кредитниот ризик според стандардизираниот пристап е подготвена во нацрт верзија. Се прават напори до крајот на 2010 година да биде доставена до банките за разгледување и давање коментари. Интенцијата на Народната банка е оваа регулатива да биде достапна во нацрт верзија на банките доволен временски период, со цел тие да ги имаат предвид ефектите од неа и соодветно да ги дадат своите видувања за нејзината примена, која се планира за 31.12.2011 година.

Во врска со напредните пристапи за утврдување на нивото на потребниот капитал за покривање и на кредитниот и на оперативниот ризик (пристапот кој се темели врз Интерно оценување и пристап на напредно мерење), намерата на Народната банка е да се овозможи постепен премин од стандардизираните кон напредните пристапи за пресметка на потребниот капитал. Изработката на регулативата за напредните пристапи ќе започне во 2013 година, а на краток рок треба да се обезбедат кадровски и технички предуслови потребни за подготовка на оваа регулатива.

Во мај 2010 година се донесени Процедурите за спроведување на преносот на средствата и обврските на банка во администрација („Службен весник на РМ" бр. 69/2010) и Процедури за спроведување продажба на актива на банка во администрација („Службен весник на РМ" бр. 69/2010).

Министерството за финансии, Сектор за финансиски систем, Одделение за банкарски и небанкарски институции е надлежно за подготовка на прописите кои се однесуваат на банкарскиот сектор и за хармонизација на националното законодавство со законодавството на Европската унија. Во Одделението за банкарски и небанкарски институции се вработени три лица.

Народната банка на Република Македонија е регулаторен и супервизорски орган за банките. Во рамки на активностите за развој на супервизијата, се вршат редовни обуки на вработените за примената на супервизорските процедури.

Во тек е ИПА проект за засилување на супервизорскиот капацитет финансиран од страна на Европската централна банка.

НБРМ соработува со супервизорските органи на банките кои се доминантни сопственици на банки во Република Македонија врз основа на потпишани билатерални меморандуми за соработка и преку супервизорски колеџи (засега ваквиот начин на соработка функционира со централните банки на Словенија и Грција). Исто така, НБРМ соработува и со други релевантни супервизорски органи од други земји врз основа на потпишани меморандуми за соработка (Албанија, Бугарија, Русија, Црна гора, Србија, Турција) како и со домашни супервизорски и други органи (Комисија за хартии од вредност, Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, Управата за спречување перење пари и финансирање на тероризам).

Воедно, Народната банка на Република Македонија, во 2010 година го објави четвртиот Извештај за финансиската стабилност на земјата за 2009 година.

Кон крајот на 2009 година, Народната банка и Министерството за финансии потпишаа Меморандум за соработка за одржување на финансиската стабилност и управување со финансиска криза во Република Македонија.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во согласност со препораките на Европската Комисија и Партнерството за пристапување, посебен акцент во поглед на структурните реформи во делот на банкарството во 2011 година ќе се стави на:

- Донесување на Закон за финансиски конгломерати со кој ќе се воспостават правила за вршење дополнителна супервизија на банки, друштва за осигурување, друштва за реосигурување, брокерски куќи и друштва за управување со инвестициски фондови кога тие претставуваат дел од финансиски конгломерат;
- Измена на Законот за потрошувачи при договори за потрошувачки кредити во насока на усогласување со новата Директива 32008L0048 за договори за потрошувачки кредити;
- Ќе биде подготвена правна рамка за пруденто работење и следење на лизинг компаниите, врз основа на резултатите од анализата на регулативата за лизинг подготвена во 2010 година;
- Ќе се продолжи со следење на случувањата во ЕУ на планот на зголемување на сигурноста и стабилноста на финансискиот систем со цел мерките што ќе ги донесе ЕК да се имплементираат и во домашното законодавство.
- Натамошно пренесување на CRD (директивата за потребен капитал):
- Кон средината на 2011 година планирано е усвојување на регулативата за стандардизираниот пристап за утврдување на потребниот капитал за покривање на кредитниот ризик според првиот столб од Новата капитална спогодба (Базел 2).
- Примена на регулативата за утврдување на потребниот капитал за покривање на кредитниот ризик и оперативниот ризик која ќе започне од 31.12.2011 година.
- Во вториот квартал на 2011 година ќе се изработи Упатство за спроведување на Одлуката за утврдување на методологијата за адекватност на капиталот во врска со новите регулаторни одредби за оперативниот ризик и кредитниот ризик.

Во текот на 2011 година предвидено е изработка на Супервизорски циркулар за основните елементи на процесот на интерно утврдување и оценка на потребната адекватност на капиталот.

Идентификување на подзаконската регулатива каде што се потребни соодветни измени и дополнувања согласно идентификуваните измени и дополнувања на Законот за банките, новите одредби на Европската директива и измените и дополнувањата на новата капитална спогодба (Базел 2), главно регулативата за основните начела и принципи на корпоративно управување во банка и за лимити на изложеност.

Заради координација на супервизорите и хармонизирање на регулаторните и супервизорските пристапи, во тек е формирање на Комитет за координација на супервизорските тела на финансискиот сектор.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Административниот капацитет на Одделението за банкарски и небанкарски институции на краток рок ќе се зајакне со вработување на едно лице.

Во наредниот период континуирано ќе се зајакнуваат административните капацитети на НБРМ преку учество на вработените на обуки со што ќе се олесни имплементацијата на вториот столб од Базел 2.

Во првата половина на 2011 година, ќе се реализира билатерална соработка со Банката на Словенија, во областа на засилувањето на Методологијата и супервизорските процедури за супервизијата базирана врз ризик на банките. Оваа соработка е дел ИПА проект за засилување на супервизорскиот капацитет.
Одобрени се две апликации за TAIEX (една студиска посета и една работилница). Студиската посета ќе биде фокусирана на дискусии околу пресметката на износите на изложеност на ризик со помош на интерните пристапи на рангирање (ИРБ) и нејзината натамошна примена, додека студиската посета треба да овозможи надградба на супервизорите на Народна банка во однос на соодветната примена на прописите.
Во текот на 2011 година ќе се пристапи кон подготовка на план за кадровските и техничките предуслови потребни за подготовка на регулативата за напредните пристапи за утврдување на потребниот капитал.

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Предизвиците со кои се соочуваат финансиските системи по глобалната економска криза наметнаа потреба од промени во регулативата на државите и начинот на работење и контрола на учесниците на финансискиот сектор. Оттука, реформите на среден рок се во насока на креирање на постабилен и пофлексибилен финансиски систем.
Поучени од искуствата од глобалната финансиска криза, во текот на 2012 година, ќе се разгледа опцијата за брзо постапување и намалување на трошоците во случај на криза, меѓу кои и можноста за формирање на т.н. bridgebank.
Во текот на 2012 година ќе се изврши дополнување на Законот за банките во насока на понатамошно усогласување со банкарската директива во делот на прекугранично давање на услуги.
Во 2013 година ќе се започне со изготвување на регулативата за напредните пристапи од Новата капитална спогодба (Базел 2) во согласност со состојбите во банкарскиот сектор и банкарската супервизија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Административниот капацитет на Одделението за банкарски и небанкарски институции при Министерството за финансии на среден рок ќе се зајакне со вработување на нови лица.

### 3.9.2 **ОСИГУРУВАЊЕ И ПРОФЕСИОНАЛНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ**

*Тековна состојба*

Осигурителниот пазар во Република Македонија го сочинуваат 13 друштва за осигурување, 14 осигурително брокерски друштва и 6 друштва за застапување во осигурување. Две од друштвата за осигурување вршат работи на осигурување на живот, останатите 11 вршат работи на осигурување во групата на неживотно осигурување.

Во втората половина на 2010 година, Агенцијата за супервизија на осигурување започна со спроведување на првата обука за застапници во осигурувањето како еден од условите за лиценцирање. Агенцијата очекува преку овој процес на едукација да се зајакне професијата на застапување во осигурувањето со што директно ќе се влијае и на подобрување на општата состојба на осигурителниот пазар во Република Македонија. Исто така, Агенцијата започна со спроведување на обука за осигурителен брокер. Согласно усвоените планови и во зависност од бројот на заинтересирани кандидати, обуката ќе биде организирана во повеќе групи.

Тековно, во рамки на одобрената техничка помош од ИПА фондовите, Агенцијата го спроведува проектот насловен како ризично базирана супервизија во областа на осигурувањето. Целта на оваа помош е да се изготват соодветни правилници и прирачници со чија употреба значително ќе се придонесе за подобрување на управувањето со ризици во друштвата за осигурување. Исто така, во рамки на оваа помош, а со цел стручно оспособување на вработените беа организирани тренинзи од областа на супервизијата (теренска и вонтеренска). На овој начин Агенцијата значително придонесува за подобрување на способностите и перформансите на своите вработени.

Во октомври, 2010 година, Агенцијата започна со спроведување на теренска (делумна) супервизија на работењето на друштвата за осигурување. Исто така, Агенцијата продолжува со спроведување на своите надлежности и согласно плановите во месец ноември, супервизорите на Агенцијата спроведоа уште една теренска (целосна) супервизија.

Во октомври, 2010 година Агенцијата во својство на коорганизатор, заедно со Националното Биро за осигурување, ја организираа втората по ред традиционална годишна конференција од областа на осигурувањето на тема намалување на неосигураните возила во сообраќајот.

Во 2010 година Агенцијата со свои претставници присуствуваше на 17-тата годишна Конференција на Меѓународната асоцијација на осигурителни супервизори (ИАИС), каде што официјалното се прифати членството на Агенцијата за супервизија на осигурување на Република Македонија како рамноправна членка на ИАИС.
Пазарот на капитално финансирано пензиско осигурување во моментов го сочинуваат 2 друштва за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови кои управуваат со по еден задолжителен и по еден доброволен пензиски

фонд. Пензиските друштва имаат можност средствата од задолжителните пензиски фондови и од доброволните пензиски фондови да ги инвестираат најмногу до 50% во странски хартии од вредност. Средствата на пензиските фондови се чуваат во деловни банки кои вршат функција чувар на имот. Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување донесува подзаконски акти за функционирањето на капитално финансираното пензиско осигурување, врши теренска и вонтеренска контрола на работењето на друштвата, пензиските фондови, чуварите на имот и врши други соодветни работи.

Во мај 2010 година, се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурување, во кој се воведоа и одредби за осигурителните друштва за борба против перењето на пари и финансирањето на тероризам, на препораки доставени од Moneyval Комитетот на експерти за евалуација на системите за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, при Советот на Европа.

Агенцијата за супервизија на осигурување донесе два подзаконски акти и тоа Правилник за условите за стекнување со и испитување на стручната подготвеност потребна за вршење на работи на застапување во осигурување и Правилник за условите застекнување со и испитување на стручната подготвеност потребна за вршење на осигурително брокерски работи (Службен весник на РМ бр. 102/2010).

Како резултат на интензивните активности на Агенцијата во овој период произлезе и Правилникот за контниот план на друштвата за осигурување и реосигурување и истиот е објавен во Сл. Весник на РМ бр. 148/2010 година.

Во текот на месец декември 2010 година, Агенцијата ги донесе и следниве подзаконски акти:

- Правилник за формата и содржината на билансните шеми и деталната содржина на годишниот извештај за работењето на друштвата за осигурување, и анексите кон тие извештаи;
- Правилник за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви;
- Правилник за формата и содржината на извештајот на ревизорот;
- Правилник за потребната документација за добивање лиценца за застапник во осигурувањето;
- Правилник за потребната документација за добивање лиценца за осигурителен брокер;
- Правилник за вреднување на ставките на билансните шеми.

Во насока на исполнување на препораката на ЕК, за добивање на финансиска и институционална независност на МАПАС, во април 2010 година се донесе Законот за измена и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување во кој, меѓу другото, се создаде основа за буџетска независност на МАПАС.

Во текот на 2010 година беа донесени и измените на Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување.

Изготвени се околу 50-тина подзаконски акти поврзани со функционирањето на вториот и на третиот пензиски столб.

Во системот на осигурување надлежна институција за изготвување на законските акти е Министерството за финансии односно Секторот за финансиски систем, Одделението за системот на осигурување во кое моментално е вработено едно лице, додека Агенцијата за супервизија на осигурување е надлежна за донесување на подзаконските акти, како и за спроведување на супервизија на друштвата за осигурување.

Во пензискиот систем надлежни институции за донесување на закони и подзаконски акти се Министерството за труд и социјална политика, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Македонија и Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС). Министерството за труд и социјална политика е креатор на пензиската политика, Фондот на ПИОМ го спроведува пензиското и инвалидското осигурување за првиот столб и врши распределба на придонесите меѓу првиот и вториот столб, додека МАПАС го регулира и врши супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување. Целта на основање на МАПАС е заштита на интересите на членовите на пензиските фондови.

МАПАС се стекна со буџетска независност со стапување во сила на Законот за измена и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување во април 2010 година и е во постапка за отворање на сопствена сметка во деловна банка.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во областа на осигурувањето, предвидено е до првиот квартал на 2011 година Агенцијата за супервизија на осигурување да донесе подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за супервизија на осигурување а со кои се регулираат одделни аспекти од управувањето со ризици кај друштвата за осигурување, финансиското известување и сметководството, постапките на добивање на дозволи и согласности.

Во првото тромесечје на 2011 година, Агенцијата ќе ги донесе следните подзаконски акти:

- Правилник за начинот на кој друштвата за осигурување ги покриваат средствата од техничките резерви;
- Правилник за пресметка на потребното ниво на маргина на солвентност кај друштвата за осигурување и пресметка на капиталот на друштвата за осигурување;
- Правилник за деталната содржина на потврдата на овластениот актуар;
- Правилник за пресметка на минималната ликвидност.

Агенцијата поднесе апликација до ЕБРД за имплементација на софтверско решение за супервизорски потреби и цели.

Во областа на пензиското осигурување, во текот на 2011 година, се предвидува заокружување на правната рамка со донесување на Закон за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување, кој ќе го регулира повлекувањето и користењето на средствата од вториот и третиот столб. Со овој закон ќе бидат подетално уредени начинот на исплата и видовите на пензии и пензиски надоместоци кои се исплаќаат од капитално финансирано пензиско осигурување (програмирани повлекувања од пензиските фондови и доживотни ануитети од институција овластена за оваа цел и сл.).

Во текот на 2011 година МАПАС ќе започне со анализа на можноста и начинот на воспоставување на мултифондови во вториот и третиот столб на пензискиот систем, со цел да се овозможи избор на инвестициски опции за членовите во зависност од нивните преференции за ризик и принос во рамките на пензиско штедење усогласено со животниот циклус на членовите.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Согласно Законот за супервизија на осигурувањето, Агенцијата за супервизија на осигурување е основана како самостојно и независно регулаторно тело, со јавни овластувања.

Во моментов, Агенцијата има 15 вработени вклучувајќи ги и професионално ангажираните членови на Советот на експерти.

Со оглед на фактот што Агенцијата за супервизија на осигурување ги превзема вработените од Одделението за супервизија на осигурување и Одделението за систем на осигурување, во Секторот за финансиски систем во Министерството за финансии се планира вработување на 1 лице кое ќе работи на прашања од областа на системот на осигурување.

Со цел ефикасно спроведување на надлежностите на МАПАС се предвидува постепено зголемување на бројот за вработените лица и нејзина институционална независност. Заради развој на институционалнот капацитет на МАПАС се планира надградба на професионалните вештини на вработените со соодветни обуки и посети на релевантни семинари.

Преку ИПА, во текот 2011 година предвидена е техничка помош која има цел градење на капацитетот на МАПАС како и подобрен организациски менаџмент кој вклучува стратешко и деловно планирање, деловни процеси, управување со знаењето/ истражувањето и развој на ИТ, воведување на супервизија која се базира на контрола на ризик (risk-based supervision), со што во целина ќе се придонесе кон хармонизација на супервизијата со практиките на ЕУ.

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

На среден рок предвидено е да се продолжи со понатамошно усогласување и приближување кон европските директиви. Агенцијата ќе работи на воспоставување на супервизорски правила, стандарди и принципи усогласени со правилата на Меѓународната асоцијација за осигурителни супервизори (ИАИС), како и воспоставување и имплементирање на процедури, методи и прирачници за спроведување на (теренска и вонтеренска) супервизија и план и процедури за понатамошно имплементирање на ризично базирана супервизија.

Во периодот кој претстои планирано е донесување на нов Закон за осигурување во кој ќе се имплементира новата ЕУ Директива 2009/138/ЕС (Solvency II). За имплементирање на оваа Директива, Министерството за финансии ќе побара техничка помош од ЕУ.

МАПАС ќе продолжи со измена и дополнување на подзаконските акти кои произлегуваат од Законот задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Закон за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, како и законот кој ќе ја уреди исплатата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во согласност со предвидените приоритети за измена на регулативата, ќе се димензионираат и соодветните приоритети за институционално подобрување на работењето на супервизорските органи.

На среден рок Агенцијата за супервизија на осигурување планира да врши редовни обуки на вработените кои ќе бидат реализирани од сопствени средства но и од добиена помош во форма на консултантски услуги.

За таа цел, во тек се активности на договарање и изработка на барање за ангажирање на консултанти (Terms of Reference) за три проекти кои ќе бидат финансирани од ИПА фондовите и од склучување на лесен твининг проект.

На среден рок во рамките на развојот на институционалните капацитет на МАПАС ќе се продолжи со надградба на професионалните вештини на вработените со соодветни обуки и посети на семинари. Во рамките на помошта од ИПА фондовите за 2011-2012 година, во 2012 година, ќе се продолжи со активностите кои се однесуваат на техничката помош

која има цел градење на капацитетот на МАПАС како и подобрен организациски менаџмент кој вклучува стратешко и деловно планирање, деловни процеси, управување со знаењето/истражувањето и развој на ИТ, воведување на супервизија која се базира на контрола на ризик (risk-based supervision), со што во целина ќе се придонесе кон хармонизација на супервизијата со практиките на ЕУ.

### 3.9.3 **ИНФРАСТРУКТУРА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПАЗАРИ**

*Тековна состојба*

Во текот на втората половина од 2010 година се донесе Закон за изменување и дополнување на Закон за вршење на услуги брз трансфер на пари (Службен весник на РМ бр. 48/2010). Со Законот се предвидува намалување од 100.000 на 20.000 евра на средствата кои друштвата вршители на брз трансфер на пари треба да ги имаат на располагање. Покрај ова, со Законот се предвидува глобалниот систем за електронски трансфер на пари да е присутен во 20 земји, а не во 100 како што досега е утврдено со постојниот закон.

Министерството за финансии, односно Секторот за финансиски систем, е одговорен за изготвување на прописите кои се однесуваат на финансиските пазари.

*Среднорочни приоритети*

Од 2012 година се очекува користење на техничка помош обезбедена преку IPA 2010 Component 1 за имплементација на Директивата 2007/64 за системи на плаќања во внатрешниот пазар и дефинирање на одредбите од Директивата кои треба да се транспонираат во домашното законодавство.

Како среднорочен приоритет се определува  и изготвување на план и анализа за усогласување на домашното законодавство со Директивата 98/26/ЕС за конечност на порамнувања во платните системи и системите за порамнување со хартии од вредност.

### 3.9.4 **ПАЗАРИ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И ИНВЕСТИЦИСКИ УСЛУГИ**

*Тековна состојба*

На пазарот на капитал во Република Македонија во 2010 година се регистрирани вкупно 20 овластени учесници кои вршат работи со хартии од вредност, од кои 14 брокерски куќи и 6 банки, што во споредба со 2009 година претставува намалување за 5 овластени учесници на пазарот на капитал.

Заклучно со 31.10.2010 година на  Македонската берза котираа 34 компании (2 на супер котација и 32 на котација). Во овој период прометот остварен на Македонската Берза изнесуваше околу  74,28 милиони евра, вкупната пазарна капитализација 2,07 милијарди евра, а МБИ-10 изнесуваше  2.445,66 индексни поени.

**График**. Вкупен промет и МБИ 10




*Извор:* Македонска берза

Во моментот на пазарот на капитал во Република Македонија функционираат четири друштва за управување со инвестициски фондови, кои управуваат со шест отворени инвестициски фондови. Вкупната вредност на средствата на отворени инвестициски фонда во овој период изнесува околу 2,26 милиони евра.

Во периодот јануари-септември 2010 година, Комисијата за хартии од вредност издаде четири одобренија за издавање на хартии од вредност, со вкупна вредност од 54,3 милиони евра.

Во април 2010 година се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност (Службен весник на РМ број 57/2010), со кој е направена натамошна хармонизација со регулативата на ЕУ. Суштинските новини воведени со овој закон се: основање на Фонд за обесштетување на инвеститори во хартии од вредност како инструмент за заштита на инвеститорите, предвидено е формирање на Гарантен фонд (кој треба да стане оперативен од 01.01.2011 година) како обезбедување на учесниците на пазарот на капитал од неможност за порамнување на берзански трансакции. Исто така, воведени се правила и стандарди за стекнување на квалификувано учество во брокерска куќа, берза за хартии од вредност и депозитар за хартии од вредност, како и т.н. омнибус (збирна) сметка со што се ќе се намалат трошоците на банките за администрирање на сметките на инвеститорите – нерезиденти. Воедно, воведена е обврска брокерските куќи да одржуваат одредено ниво на сопствени средства во зависност од ризиците. За таа цел, Комисијата за хартии од вредност на РМ во октомври 2010 година донесе Правилник за утврдување на категориите на сопствени средства и начинот на пресметување на износот и структурата на влоговите при основање и средствата од активата на овластено правно лице со кои треба да располага и во континуитет (Службен весник на РМ број 150/2010), во кој е имплементирана и релевантната директива на ЕУ за адекватност на капитал 2006/49/ЕС.

Комисијата за хартии од вредност во изминатиот период донесе уште 40-на подзаконски акти кои произлегоа од Законот за инвестициски фондови и измените на Законот за хартии од вредност.
Со цел привлекување на потенцијалните странски и домашни инвеститори за инвестирање во хартии од вредност, како и заради зголемување на ликвидноста на пазарот, се воведе електронско тргување односно давање на налози по електронски пат со користење на електронски потпис.
Заради започнување со работа на Гарантниот фонд од јануари 2011 година, кон крајот на 2010 година се донесоа и правила за функционирањето, начинот и висината на уплатите и користење на средствата на Гарантниот фонд, за намирување на обврските на членките на депозитарот кога нема доволно парични средства за порамнување на трговските трансакции со хартии од вредност.

Исто така, согласно некои од новините во последната измена на Законот за хартии од вредност, и тоа особено заради задолжителното спроведување на јавните понуди на хартии од вредност преку овластена берза и воведувањето на збирни (омнибус) сметки на хартии од вредност во овласетен депозитар, во тек се измени и дополнувања и на правилата за работа на Депозитарот за хартии од вредност и на правилата за тргување на Берзата, на кои Комисијата за хартии од вредност ќе даде согласност до крајот на 2010 година.

Министерството за финансии на Република Македонија, односно Одделението за пазар на капитал во состав на Секторот за финансиски систем е надлежно за подготовката на законската регулатива која се однесува на пазарот на капитал и за хармонизација на македонското законодавство со законодавството на Европската Унија. Во Одделението за пазар на капитал во моментов се вработени две лица во редовен работен однос.
Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, во рамките на своите законски надлежности и овластувања, се грижи за законито и ефикасно функционирање на пазарот на хартии од вредност и за заштитата на правата на инвеститорите, а особено на малите инвеститори и акционери, што претставува основен услов за подобрување на инвестициската клима во земјата.

Во Комисијата за хартии од вредност вкупно се вработени 23 лица, вклучувајќи го и Претседателот на Комисијата и четири членови (комисионери) кои од јуни 2010 година се професионално ангажирани во Комисијата.
Во 2010 година Комисијата за хартии од вредност, со поддршка на TAIEX, реализираше посета на Агенцијата за хартии од вредност на Словенија со цел да помогне за зајакнување на капацитетот на Комисијата во областа на спроведување на супервизијата на пазарни учесници во Република Македонија.
Исто така, на крајот од 2010 година Комисијата за хартии од вредност на РМ започна со организација на Втората обука на инвестициони советници. Обуката ќе трае до крајот на февруари 2011 година, по што ќе се организира и полагање на стручните испити. На Втората обука на инвестициони советници се пријавени 100-ина слушатели.

Комисијата за хартии од вредност континуирано ја унапредува и продлабочува соработката со другите регулатори во ЕУ и пошироко. Во таа насока, Комисијата по предадената и детално разгледана апликација го потпиша Мултилатералниот Меморандум за разбирање и соработка помеѓу земјите - членки на Меѓународната организација на Комисиите за хартии од вредност (IOSCO), со што стана дел од Листата А на Меморандумот.

*Краткорочни приоритети*
Со цел заштита на учесниците на пазарот на капитал од неможност за порамнување на берзански трансакции, предвидено е формирање на Гарантен фонд кој ќе стане оперативен од 01.01.2011 година.

Планирано е зајакнување на постоечката регулатива за приватните фондови во насока на воведување критериуми за инвестирање на нивните средства и воведување на надзор над нивното работење. Мерката ќе се презема со цел заштита на инвеститорите и минимизирање на негативните ефекти на овие фондови врз движењата на пазарот на капитал.

Еден од приоритетите на Комисијата за хартии од вредност претставува создавање на ефективен систем за супервизија над финансиското известување од страна на АД со посебни обврски за известување и од страна на АД кои не котираат на берза, а имаат обврска за објавување на одредени податоци согласно Законот за хартии од вредност.

Заради ефикасна и ефективна имплементација на методологијата за контрола на овластени пазарни учесници заснована на ризик, Комисијата подготвува посебно софтверско решение за супервизија на овластените пазарни учесници во Република Македонија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2011 година, Министерството за финансии односно Одделението за пазар на капитал ќе се зајакне со едно ново вработување.

Заради зајакнување на капацитетите и човечките ресурси, КХВ и понатаму ќе посветува големо внимание на професионалната едукација, преку учество на семинари и обуки поврзани со пазарот на капитал.

*Среднорочни приоритети*

Периодот 2012-2013 во сферата на пазар на капитал ќе биде во знакот на натамошно хармонизирање со регулативата на ЕУ, што има за крајна цел воспоставување на модерен, пазарно ориентиран, стабилен и конкурентен финансиски сектор. Во таа насока, планирано е донесување на нов Закон за пазар на капитал кој ќе биде целосно усогласен со соодветното законодавството на ЕУ, особено со релевантната Директива 2004/39/ЕС на ЕУ за пазари на финансиски инструменти (MiFID).Заради комплексноста на проектот, Министерството за финансии аплицираше за користење на консултантска помош од ИПА 2010. Се очекува проектот да биде одобрен и да започне со реализација по 2012 година.

Со цел зголемување на транспарентноста на пазарот преку шалтер (OTC), ќе се подготви предлог за негова супервизија и надлежност од страна на Комисијата за хартии од вредност.

Континуираниот процес на хармонизација на регулативата со инкорпорирање на целите и приоритетите согласно IOSCO Strategic Direction 2010-2015 ќе продолжи и во наредниот период, пред се со прифаќање на насоките и препораките за воспоставување на механизми за соработка помеѓу националните регулатори за поефикасно спроведување на супервизија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Заради зајакнување на капацитетите на Комисијата за хартии од вредност и Министерството за финансии, предвидено е понатамошно вработување на нови лица согласно нивните интерни акти.

## 3.10 **ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И МЕДИУМИ**
### 3.10.1 **ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ И ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ**

*Тековна состојба*

*Стратешки документи:*
- Национална стратегија за развој на електронските комуникации со информатички технологии
- Стратегија за развој на следната генерација на широкопојасен интернет во Република Македонија

*Основни закони за развој на електронските комуникации:*
- Закон за електронски комуникации (Службен весник на РМ бр.13 од 25.01.2005) и
- Закон за изменување и дополнување на Законот за електронски комуникации (Службен весник на РМ бр. 14/2007; 55/2007; 98/2008 и 83/2010);

Во Република Македонија донесена е примарната и секундарната легислатива согласно acquis која го обезбедува воспоставувањето на Единствениот европски број за итни повици Е-112.

Институции кои имаат директна надлежност врз развојот на електронските комуникации во Република Македонија се Министерството за транспорт и врски и Агенцијата за електронски комуникации.

*Краткорочни приоритети*

**А) МЕРКИ ОД ЛЕГИСЛАТИВЕН КАРАКТЕР**

*Министерството за транспорт и врски* во 2011 година ги предвидува следните активности:
- Информација за новиот пакет директиви за електронски комуникации усвоени од страна на Европската Комисија.
  Новиот пакет директиви усвоени од Европската Унија во декември 2009 година се однесуваат на регулаторна рамка за пристап и интерконекција на електронски комуникациски мрежи, на универзална услуга, на начинот на процесирање на податоци, на заштита на приватноста на електронските комуникациски мрежи и соработката на националните регулаторни тела за спроведување на одредбите од овие директиви. Земјите членки на ЕУ истите треба да го имплементираат новиот пакет директиви до крај на мај 2011 година. Република Македонија како земја кандидат за влез во ЕУ исто така има обврска да го имплементира новиот пакет директиви.

*Секундарна легислатива (надлежност на Агенцијата за електронски комуникации)*
Од страна на Агенцијата за електронски комуникации во 2011 година се предвидуваат следните активности поврзани со донесување на акти кои произлегуваат од примарната легислатива:
- Ревизија на Правилникот за транспарентност во работењето на АЕК
- Ревизија на Правилникот за решавање на спорови
- Ревизија на Правилникот за избор и предизбор на оператор
- Изработка на Правилник за содржината, формата и начинот на водење на електронскиот регистар на изградени јавни електронски комуникациски мрежи
- Изработка на правилник за техничките, употребните и другите услови за одредени типови на електронски комуникациски мрежи и електронска комуникациска инфраструктура и придружни инфраструктурни капацитети и средства
- Изработка на Правилник за начинот и условите за одредување на зоната на електронската комуникациска инфраструктура и придружните инфраструктурни капацитети и средства, како и на заштитната зона и радио коридорот, и обврските на инвеститорот
- Ревизија на правилникот за нотификација
- Ревизија на правилникот за преносливост на броеви
- Ревизија на Правилникот за начинот на пресметка на надоместокот за користење на радиофреквенции;
- Ревизија на Правилникот за формата и содржината на барањето за издавање на одобрение за користење на радиофреквенции;
- Ревизија на правилник со кој се регулира интерконекцијата,
- Ревизија на правилник со кој се регулира разврзаниот пристап на локална јамка;
- Ревизија на Правилникот за видот и содржината на податоците кои операторите на јавни комуникациски мрежи и/или давателите на јавни комуникациски услуги се должни да ги објават во врска со општите услови за пристап и користење, цените и тарифите и параметрите за квалитет на јавните комуникациски услуги;
- Ревизија на Правилникот за пристап и користење на специфични мрежни средства во насока на негово усогласување со новата регулатива за пристап до новата генерација мрежи (NGN);

- Ревизија на Правилникот за водење на посебно сметководство за активностите поврзани со интерконекција и/или пристап;
- Изработка на Упатство за опис на пресметковен систем на трошоци  за оператори со значителна пазарна моќ на пазартите за јавни мобилни комуникациски мрежи и услуги.

Од страна на *Агенцијата за електронски комуникации* за имплементација на секундарната легислатива во 2011 година се предвидуваат следните активности:

- Определување на давател/ли на универзална услуга
- Анализа на потребата од воведување на регулација на VoIP услугите и потребата од регулација на броевите од серијата 08009
- Анализа на нумерациските ресурси и методологијата за доделување и наплата
- Анализа на релевантните пазари 7,13 и 14
- Анализа на релевантни пазари 11 и 12
- Развој на модел на цени базирани на трошоци за битстрим
- Price squeeze тестови
- Ажурирање на Bottom-Up LRIC модели
- Спроведување на постапка за јавен повик за доставување на барања за издавање одобрение за користење на радиофреквенции (3Г, ДВБ-Т, дигитална дивиденда и др.)  и спроведување на тендери
- Активности поврзани со Акцискиот план за премин од аналогно во дигитално терестријално телевизиско емитување
- Реализација на проектот од ДЕУ за Изработка на студија за регулаторните тела во телекомуникациите и медиумите (АЕК и СРД)
- Објавување на веб страната на Агенцијата податоци и информации за цените и општите услови за пристап и користење на јавните комуникациски услуги што ги обезбедуваат нотифицираните оператори и/или даватели на услуги, со цел да им се овозможи на корисниците да направат слободен избор на комуникациските услуги;
- Модернизирање и автоматизирање на техничката опрема за потребите на контакт центар во Агенцијата;
- Одобрување на стандардните претплатнички договори;
- Проверка на точноста на пресметковниот систем на трошоци/посебното сметководство на оператори со значителна пазарна моќ преку овластен ревизор.
- Утврдување на потреба од воведување на регулација на услугите и цените за повици кон PRS (Premium Rate Service броеви и сини/зелени броеви)
- Утврдување на заинтересираноста на пазарот за влез на нови оператори кои би обезбедувале DVB-T; DVB-T2 или DVB-H услуги.

**Б) ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

*Министерство за транспорт и врски, Сектор за комуникации:*

За целосна ефикасна и ефективна имплементација на Законот за електронски комуникации како и за имплементација на мерките кои произлегуваат од примарната легислатива во 2011 година, потребно е:

- Зголемена соработка со невладиниот, приватниот и академскиот сектор
- Засилена стручна обука на постоечкиот кадар, зголемено учество на конференции и расправи, како и учество во работните тела на ЕУ и ИТУ
- Вработување во Секторот за комуникации

*Агенција за електронски комуникации:*

За целосна ефикасна и ефективна имплементација на Законот за електронски комуникации како и за имплементација на мерките кои произлегуваат од секундарната легислатива во 2011 година, потребно е:

- Стручна обука на постоечкиот кадар.
- Користење на техничка помош на надворешни консултанти како и на инструментот TAIEX на ЕУ.
- Изградба/купување на работни простории за потребите на вработените на АЕК
- Набавка на специјализиран софтвер, опрема и стручна литература
- Зајакнување на соработката со домашни и надворешни регулаторни тела и државни институции како и институции на локалната самоуправа
- Активно партиципирање во меѓународните организации и тела од областа на електронските комуникации.
- Зајакнување на капацитетите на АЕК за идно користење на средства од ИПА фондови.
- Активно учество при изработката и имплементацијата на примарна та легислатива и стратегиите од областа на информатичкото општество и медиуми.

- Постојано следење на усогласеноста на националната легислатива со acquis на ЕУ
- Водење на регистар на електронски комуникациски мрежи и придружни средства (надземни и подземни).

*Среднорочни приоритети*

*Министерството за транспорт и врски* за 2012 година ги проектира следните активности:

- Донесување Закон за измена и дополнување на Законот за електронските комуникации.
- Имплементирање на новиот пакет директиви усвоени од Европската Унија во декември 2009 година кои се однесуваат на регулаторна рамка за пристап и интерконекција на електронски комуникациски мрежи, на универзална услуга, на начинот на процесирање на податоци, на заштита на приватноста на електронските комуникациски мрежи и соработката на националните регулаторни тела за спроведување на одредбите од овие директиви.

*Центарот за управување со кризи* во периодот 2011-2013 предвидува:

- Имплементација на единствениот број за итни повици Е – 112 во РМ: Во периодот 2011-2013 планирани се повеќе активности во насока на обезбедување на услови за воведување на Е-112 во Република Македонија. Актвностите вклучуваат: адаптирање на објектите кои ќе служат како центри за Е-112 во Република Македонија согласно физибилити студијата, набавка на хардверот и софтверот, обука на човечките ресурси, како и супервизија и надзор на самата имплеметација и јавна кампања за промовирање на воведувањето на Е-112 во Република Македонија.

*Агенцијата за електронски комуникации:*

- Утврдување на потреба од воведување на регулација на услугите и цените за повици кон PRS (Premium Rate Service броеви и сини/зелени броеви ;

### 3.10.2 **УСЛУГИ НА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО**

*Тековна состојба*

*Стратешки документи:*

- Национална Стратегија за развој на Информатичко Општество и Акционен план.
- Национална Стратегија за Е-Влада.
- Национална  Стратегија за развој во областа на електронските комуникации со информатички технологии.
- Национална Стратегија за развој на следна генерација на широкопојасен интернет.

*Основни закони за развој на услуги на информатичко општество:*

- Закон за електронско управување („Службен весник на Република Македонија“ бр.115/09);
- Закон за основање на македонска академска истражувачка мрежа –МАРнет („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/10);
- Закон за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/05, 14/2007 и 55/2007)
- Закон за електронска трговија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 133/07 )
- Закон за правна заштита на услугите кои се засноваат на, или опфаќаат, условен пристап („Службен весник на Република Македонија“ бр. 127/2008)
- Закон за податоци во електронски облик и електронски потпис („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/2001 и бр. 06/2002)
- Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/94, 4/02 и 07/05)
- Законот за авторското право и сродните права („Службен весник на Република Македонија" бр.47/96, 3/98, 98/02, 4/05, 23/05,131/07)
- Во Кривичниот закон на Република Македонија се предвидени одредби со кој се регулира компјутерскиот криминал.

Министерството за информатичко општество е основна надлежна институција за развој на услугите на информатичко општество.

Националниот совет за развој на информатичко општество е тело за координација и обезбедување учество на сите чинители во развојот на информатичкото општество преку поддршка на работата на министерот за информатичко општество.

Македонска академска истражувачка мрежа (МАРнет) е јавна установа, која е надлежна за водење и развој на затворената универзитетска телекомуникациска мрежа, за обучување и стручна помош на корисниците на телекомуникациските услуги, управување со македонскиот домен (домен mk), и други работи утврдени со закон, како и за формирање на јавната Македонска точка за размена на интернет сообраќај – MatrIX.

*Краткорочни приоритети*

**А ) ПРАВНА РАМКА**

*Стратегии и политики за развој на информатичкото општество:*

- Креирање на стратешки документ за Е-Инклузија;
- Акциски план за воспоставување на јавна Македонска точка за размена на интернет сообраќај – MatrIX;

**Б) ПРОЕКТИ ЗА РАЗВОЈ НА ИНФОРМАТИЧКОТО ОПШТЕСТВО**

- Развој на Е-Влада услуги кон граѓаните, компаниите и помеѓу државните институции;
- Проект за поставување на бесплатни безжични пристапни точки за интренет (wireless hotspots) во руралните средини;
- Надградба и развој на web портал за Е-Демократија преку кој ќе се овозможи учество на граѓаните во градењето и развојот на севкупното општество;
- Проект за воспоставување на Национално тело за издавање на дигитални сертификати на државната и јавната администрација;
- Проект за меѓусебно поврзување и користење на регистрите и базите на податоци меѓу државни органи и институциите. Со овој проект, ќе се елиминира потребата за креирање на двојни бази на податоци и ќе им се овозможи на институциите безбедно и ефикасно да разменуваат податоци;

**В) МЕРКИ ОД ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КАРАКТЕР**

Министерство за информатичко општество

- Обука на ИКТ кадрите во државната администрација;
- Зајакнување на соработката со домашни и надворешни институции;
- Континуирана набавка на специјализиран софтвер, опрема и стручна литература;
- Вработување на нови кадри во Министерството за информатичко општество;
- Користење на техничка помош на инструментот TAIEX на ЕУ;
- Зајакнување на капацитетите за идното користење на средства од ИПА фондови;

*Среднорочни приоритети*

**А ) ПРАВНА РАМКА**

*Стратегии и политики за развој на информатичкото општество:*

- Креирање на стратешки документ за Е-Здравство;

**Б) ПРОЕКТИ ЗА РАЗВОЈ НА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО**

- Компјутер за секое дете. Со овој проект се обезбеди компјутер за секој ученик во училницата. Проектот се темели на Националната програма за развој на образованието (2005-2015 година);
- Континуирана надградба на порталот www.uslugi.gov.mk со модули кои ќе овозможат поквалитетни услуги од Владата и државните институции до граѓаните и бизнисите;
- Континуирана надградба на интегрираниот е-Владин систем за управување со документи со кој се овозможува на Владата и државните институции да ги автоматизираат работните процеси и да го следат текот на документација во процесот на нејзино донесување и одобрување;
- Воспоставување координиран систем на давање јавни услуги и за менаџирање на односите со граѓаните (Citizens Relationship Management);

**В) МЕРКИ ОД ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КАРАКТЕР**

- Зголемена соработка со невладиниот, приватниот и академскиот сектор;
- Вработување на нови кадри во Министерството за информатичко општество;
- Активно партиципирање во меѓународните организации и тела од областа на информатичкото општество;

## 3.10.3 **АУДИОВИЗУЕЛНА ПОЛИТИКА**

*Тековна состојба*

*Основни закони за развој на аудиовизуелната политика:*

- Закон за радиодифузна дејност (Службен весник на РМ бр. 100/2005) и измени и дополнувања на истиот закон (Службен весник на РМ бр. 19/2007; 103/2008, 6/2010; 145/2010 година) и Одлука на Уставен суд на РМ У.БР 126/2006-0-1 од 12.09.2007);
- Закон за основање на Јавно претпријатие Македонска радиодифузија (Службен весник на РМ бр. 6/98) и измени и дополнувања на истиот закон (Службен весник на РМ бр.98/2000; 48/2009).

Институции кои имаат директна надлежност врз развојот на радиодифузната дејност во Република Македонија се Министерството за транспорт и врски и Советот за радиодифузија.

*Краткорочни приоритети*

**А) МЕРКИ ОД ЛЕГИСЛАТИВЕН КАРАКТЕР**

*Министерството за транспорт* и врски во 2011 година ги предвидува следните активности:

- Измени и дополнувања на Законот за радиодифузната дејност, со цел имплементирање на Директивата за Аудиовизуелни медиумски услуги. Измените на Законот за радиодифузната дејност покрај другото се потребни за негово допрецизирање и отстранување на одредени недоречености, а се пречка за негово имплементирање. Промени во Законот за радиодифузната дејност се потребни и поради фактот што во истиот не е предвидено доделување на Дозволи за вршење на радиодифузна дејност преку дигитална терестријална телевизиска платформа, односно DVB-T а за кое Европската Унија уште во 2005 година го истакна овој пропуст во законот. Исто така со измените ќе се продолжи со неговата хармонизација со европското acquis.
- Информација за потребата од ревидирање на Акциониот план за дигитализација во РМ.
- Потребата од ревидирање на усвоениот Акциски план за премин од аналогно во дигитално терестријално телевизиско емитување во Република Македонија, потекнува од заклучоците кои Владата на Република ги донесе согласно усвоените информации во 2010 година:
- Информација за користење на Дигиталната дивиденда која би се добила по процесот на дигитализацијата на медиумите за воведување на нови генерации безжични технологии - четврта генерација мобилни системи 4G и безжичен бродбенд интернет;
- Информација за воведување на услуги на мобилна телевизија во Република Македонија;
- Информација за воведување на втора генерација на дигитална телевизија во Република Македонија (Digital Video Broadcasting Second Generation Terrestrial - DVB-T2).

*Совет за радиодифузија – секундарна легислатива:*

СРД ќе ја подобри секундарната легислатива заради постигнување поголема избалансираност во известувањето за време на избори, како и донесување на:

- Правилник за операционализација на нелинеарните услуги
- Правилник за измена и дополнување на Правилникот за технички стандарди на радиодифузерите

Од страна на Советот за радиодифузија за имплементација на Законот за радиодифузна дејност и секундарната легислатива, во 2011 година се предвидуваат следните активности:

- Со цел поефективно следење на пазарот на радиодифузната дејност СРД ќе изработува квартални анализи за исполнувањето на обврските на јавниот радиодифузен сервис и комерцијалните радиодифузери, утврдени со ЗРД, со подзаконските акти и условите од дозволата.

- Подготовка на две полугодишни анализи за активностите преземени за следење на сопственичката структура на радиодифузерите и на нивните обврски во поглед на транспарентноста на сопственоста и на изворите на финансирање.
- Воспоставување регистар на овластени застапници за склучување договори за реемитување на програмски сервиси во јавните комуникациски мрежи и регистар на овластени застапници на филмски, спортски и други права врз содржини што се емитуваат на програмските сервиси на домашните радиодифузери.
- Изработка на квартални извештаи за активностите што ги презема врз исполнувањето на обврските на јавните комуникациски мрежи: регистрирани пакети, изречени казни, најчести прекршувања и изречени мерки.
- Изготвување анализа на пазарот на радиодифузната дејност со цел да се утврди економското и финансиското работење на радиодифузерите во текот на 2010 година и да се детектираат трендовите во развојот на радиодифузната и огласувачката индустрија.
- Во текот на 2011 година во Стратегијата за развој на радиодифузната дејност е планирана активност на СРД за континуирано следење на исполнувањето на законските обврски на радиодифузерите за зачувување на културниот идентитет преку емитување аудиовизуелни дела, па СРД во текот за 2011 година ќе изработи анализа со преземени мерки и активности, а ќе биде изработена и анализа за придржувањето на националните телевизии до обврската за заштита на европскиот културен идентитет.
- Една од главните активности ќе биде и доделување на дозволи за вршење радиодифузна дејност за радио станици како и за ТВ-станици на алтернативни платформи во подрачјата каде што е тоа потребно во насока на зајакнување на плурализмот
- Спроведување и истражување на ставовите и потребите на публиката за радио и телевизиските програмски аспекти во однос на целите на регулаторната политика, утврдена со ЗРД и Стратегијата за развој на радиодифузната дејност.
- Анализа на сите спроведени мерки и најчести прекршувања на радиодифузерите, како и анализа на судските постапки заради утврдување на ефективноста на изречените казнени мерки.

**Б) ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Зголемување на човечките ресурси на Секторот за истражување и долгорочен развој заради поефективно спроведување на законските одредби во делот на истражувањето на пазарот и спречувањето на недозволена медиумска концентрација.
Зајакнувањето на капацитетите на СРД ќе се врши преку имплементација на проектите, финансирани од ИПА2009, како и со изработка на анализа за подобрување на човечките ресурси и вработување на професионални кадри согласно потребите, идентификувани во изработената анализа.

**Филмски фонд**:

Продолжување на членството во Европската Аудиовизуелна Опсерваторија, Филмската мрежа на Југоисточна Европа SEE Cinema Network, Euromages, European Film Promotion.
Филмскиот Фонд донесе одлука по шест објавени конкурси во кои опфати финансирање на 27 долгометражни играни филмови, 25 документарни, 20 краткометражни и 7 анимирани филмови. Објавен конкурс за финансирање на филмски проекти за 2011 год на 18.10.2010- затворен конкурс- процедура во тек.
Предвидени се 2 вработувања во 2011 година во Филмскиот фонд.

*Среднорочни приоритети*

Советот за радиодифузија во текот на 2012 предвидува:
- Усвојување и имплементација на подзаконски акти кои ќе произлезат од усогласувањето на Законот за радиодифузна дејност со новата директива за аудиовизуелни медиумски услуги (2007/65/ЕЗ (АВМУ).

3.11 **ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ**
3.11.1 **ХОРИЗОНТАЛНИ ПРАШАЊА**

*Тековна состојба*

Управувањето и контролата на буџетските фондови наменети за поддршка на развојот на земјоделството, како и воспоставувањето на регистрите потребни за контрола, следење и оценка на активностите се регулирани со следниве правни акти:
Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00; 44/02; и 82/08)
Закон за буџетите („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/05; 04/08; 103/08; 156/09; и 95/2010)
Закон за ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/05; и 103/08);Закон за државна ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/2010; и 145/2010) и Закон за ревизија на Инструментот за
Претпристапна Помош (ИПА) („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/2010) Закон за податоците во електронски облик и електронски потпис („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/01; 6/02; 98/08)
Закон за заштита на лични податоци („Службен весник на Република Македонија" бр. 07/05)
Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/07 и 05/09),
Закон за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделските стопанства („Службен весник на Република Македонија" бр. 110/07) и
Закон за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" бр. 49/2010 )
Закон за Државниот инспекторат за земјоделство („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/09)

Новиот Закон за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" бр. 49/2010) обезбедува детални одредби за спроведување на мерките на директна исплата, поточно видот на директни плаќања, дефиницијата на корисниците, методологија на пресметка, намалување на исплата, периоди на плаќање на корисниците и контрола, како и одредби за насочување на директните плаќања со цел постигнување на задолжителни стандарди, кои се во согласност со Регулативата 73/2009. Покрај ова, законот ги вклучува одредбите за политиката на рурален развој и нејзините мерки, усогласени со Регулативата 1698/2005, како и одредби за програмирање и спроведување на политиката на државна помош, во согласност со регулативата 1695/2006. Со Законот се регулираат и "хоризонталните" аспекти на политиката за заедничкото уредување на пазарите (ЗУП), особено во смисла на пазарната поддршка и интервентните мерки, како и уредување на основните принципи и начини на трговијата со земјоделски производи, а за целите на подобрување на односите во секторот, законот ги регулира секторските партнерства во земјоделството и руралниот развој преку облиците на вертикална интеграција на земјоделско-прехранбените чинители, т.н. под-секторски постојани групи, како и формите на хоризонтална интеграција на земјоделските производители - организации на производители и групи на производители.

Врз основа на Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" бр. 49/2010) донесени се подзаконски акти кои го регулираат откупот на земјоделски производи и подзаконски акти кои се однесуваат на регистрите на увозници на пченица и брашно.

Од аспект на реализација на исплата на мерките за финансиска поддршка на земјоделството од страна на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во 2010 година се донесени Внатрешни процедури за работа во однос на директните исплати во земјоделството.

Од аспект на воспоставување на информативните системи во земјоделството донесени се Правилник за форма, содржина и начин на водење на Единствен регистер на земјоделски стопанства („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/08) и Правилник за репрезентативни пазари, вид, обем, рокови и субјекти кои ги доставуваат податоците од пазарите за земјоделско-прехрамбени производи („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/09).

Во врска со ФАДН, реализирани се сите подготвителни активности (формиран е Национален комитет за мрежата на сметководствени податоци од земјоделски стопанства, усвоен е Деловникот за работа на Националниот Комитет, утврдена е методологијата и процедурите за прибирање на структурни податоци од земјоделски стопанства, пресметка на Стандард Аутпут (SO) коефициенти специфични за Република Македонија, подготвени се прашалниците за селекција на земјоделски стопанства и прашалниците за прибирање на податоци од семејни земјоделски стопанства и прибирање на податоци од правните лица), што овозможи почеток на прибирање на податоци од земјоделски стопанства согласно националното законодавство и законодавството на ЕУ за ФАДН.

Покрај законските акти, согласно Стратегија за развој на земјоделството и рурален развој за периодот 2007-2013 година, дефинирани се идните мерки за развој на политиката на финансирање во земјоделството, како и воспоставувањето на неопходните системи и институции потребни за нивна реализација.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) е надлежно за програмирањето на директните исплати и останатите мерки наменети за развој на земјоделскиот сектор во Република Македонија, како и за воспоставување на сите системи и регистри неопходни за реализација на мерките за поддршка. Во овој контекст, согласно новата Систематизација на МЗШВ (донесена во јули 2010 година) следниве сектори имаат надлежност во оваа област:

- Сектор за земјоделство со сите свои одделенија,
- Сектор анализа на земјоделска политика со сите свои одделенија,
- Сектор за лозарство, винарство и овоштарство,
- Сектор за маркетинг и квалитет на земјоделски производи,
- Секторот за управување и регистрирање на земјоделско земјиште (СРУЗЗ)
- Сектор за координација на Подрачни Единици, и
- Државниот инспекторат за земјоделство со надлежност во инспекцискиот надзор над спроведување на програмите и мерките.

Почнувајќи од 2008 година, со донесувањето на Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија" бр 72/2007) и Закон за изменување и дополнување на законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2009), Агенцијата, формирана како независно тело, е надлежна за имплементација на финансиската поддршка, следење и контрола на средствата наменети за земјоделството, како и за администрација и контрола на исплатите во земјоделството.

Со донесувањето на Законот за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства (Службен весник на Република Македонија бр. 110/07) и систематизација на МЗШВ во 2007 година, формиран беше Секторот за анализа на земјоделска политика (САЗП), во чија надлежност е воспоставувањето и одржувањето на мрежата. Одделението за сметководствени податоци од земјоделски стопанства во рамките на САЗП ја има улогата на Агенција за врски (Liaison Agency). Покрај Одделението за сметководствени податоци од земјоделски стопанства, носители на системот се и формираниот Националниот Комитет за сметководствени податоци од земјоделски стопанства, Државниот завод за статистика, во однос на планот за селекција на земјоделските стопанства и избор на репрезентативен примерок од кои се прибираат податоците и Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, во својство на тело за прибирањето на сметководствени податоци на ниво на земјоделски стопанства.

Од аспект на регистрите и системите за евиденција во земјоделството, со цел започнување со воспоставување на Системот за идентификација на земјишни парцели (ЛПИС), реализирана е авионско снимање на целата територија на Република Македонија и произведени се ортофото снимки, ДЕМ (дигитален теренски модел) дигитализирани податоци и блок фото-интерпретација, вклучително и контрола на квалитетот на истите, неопходни за воспоставување на системот. Во рамките на ЕРЗС внесени се податоците за земјоделски стопанства во електронска форма и започнати се активности за поврзување со останатите бази на податоци.

Во однос на Земјоделскиот пазарен информативен систем (ЗПИС) во 2010 година продолжија активностите за надградба на системот во насока на проширување на опфатот со групи производи и подигање на функционалноста и ефикасноста на постоечкиот систем со вклучување на повеќе директни доставувачи на податоци (правни лица) и официјализирање на соработката со потпишување на договори за размена на податоци..

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2011 година врз основа на Закон за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" бр. 49/2010) ќе бидат донесени подзаконските акти со кои се регулира спроведување на директите исплати во земјоделството, подзаконските акти со кои се регулира уредувањето на земјоделските пазари, како и подзаконските акти со кои се регулираат условите и принципите за примена на државната помош во земјоделството и руралниот развој.
Покрај ова, во овој временски период ќе се усвои и реализира Програмата за финансиска подршка во земјоделството во 2011 година.

Со цел да се овозможи усогласување со Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/2010) во текот на 2011 година е планирано изменување и дополнување на Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. Покрај тоа, предложените измени и дополнувања на Законот ќе бидат во насока на обезбедување на соодветна законска рамка за добивање на акредитација за нови мерки од Инструментот за претпристапна помош за компонента V ИПАРД, како и искористување на практичното искуство кое го стекна Агенцијата при доделување на финансиска поддршка како од Буџетот на Република Македонија, така и од Буџетот на Европската Унија.

Имајќи ги во предвид измените во Законот, како и подготовката за акредитација за нови мерки од Инструментот за претпристапна помош за компонента V ИПАРД, ќе се реализира и измена и дополнување на актите за систематизација и организација, преку сеопфатна анализа на постоечкиот систем на внатрешна организација и систематизација на Агенцијата по што се очекува измената да биде финализирана до 30 јуни 2011.

Во однос на Интегрираниот Систем за Администрација и Контрола (ИСАК), во 2011 година предвидено е да се донесат подзаконски акти со кои ќе се доуреди начинот на водење на Единствениот регистар на земјоделски стопанства (ЕРЗС) и системот за идентификација на земјишни парцели (ЛПИС), како и начинот на функционирање на ИСАК, односно подзаконски акти за начинот на поврзување на други регистри и евиденции во и надвор од МЗШВ.

Во периодот до март 2011 година ќе се донесат измените и дополнувањата на Законот за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства („Службен весник на Република Македонија“ бр. 110/07), согласно барањата и стандардите на ЕУ (32008R0868, 32008R1242, 32009R1291, 32009R0867 и 32009R1217). Со измените и дополнувањата на Законот за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства ќе биде заокружена законската рамка за македонскиот ФАДН и донесен Правилникот за обемот и начинот на прибирање на сметководствените податоци, како и содржината на единствениот образец за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства, а ќе бидат утврдени и типови и класи на големина на земјоделски стопанства. Врз основа на новите Стандард Аутпут Коефициенти кои се ажурираат секогаш кога се спроведуваат структурни истражувања на земјоделски стопанства, се подготвува нова типологија на земјоделски стопанства, и нов план за избор на репрезентативни земјоделските стопанства, а согласно податоците од прашалникот за селекција на земјоделски стопанства, според економска големина и тип на земјоделско стопанство, ќе биде дефиниран и репрезентативниот примерок на земјоделски стопанства за 2011 година.

Во однос на Земјоделскиот пазарен информативен систем (ЗПИС), покрај тековното подобрување на апликативното решение и збогатување на базата на податоци од аспект на пазари и/или производи, во 2011 година предвидено е да се донесат подзаконски акти со кои се регулираат репрезентативните пазари и податоците кои од истите се добиваат во насока на нивно усогласување со одредбите од Законот за квалитетот на земјоделските производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/2010).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Од институционален аспект, во рамките на *МЗШВ*, предвидено е зајакнување на капацитетот на сите сектори кои имаат улога во хоризонталните активности за потребите на интензивирање на евроинтегративниот процес во областа.

Од аспект на регистрите и системите за евиденција во земјоделството, односно во насока на воспоставување на Интегриран Систем за Администрација и Контрола (ИСАК), по внесувањето на деталните податоци на ниво на земјоделско стопанство кое се реализираше во текот на 2010 година, ќе се интегрираат податоците помеѓу ЕРЗС и Системот за идентификација на земјишни парцели (LPIS) и ЕРЗС и Системот за идентификација и регистрација на животни, а ќе се со интегрирање на ИКТ системите во МЗШВ со регистрите и базите надвор од МЗШВ.

Во текот на 2011 година, по извршеното воздушно снимање и интерпретација на ортофото материјалите, со детална обработка на податоците кои ќе се пријавуваат од страна на земјоделските стопанства, до крајот на 2011 година ќе се воспостави Системот за идентификација на земјишни парцели (LPIS) на територија на Република Македонија со внесување на податоци од најмалку 50% од стопанствата внесени во ЕРЗС. За таа цел, во октомври 2010 година започна со реализација и проектот во рамките на ИПА 1 Компонента (2008) преку кој ќе се обезбеди техничка помош за воспоставување на системите IACS и LPIS.

Во однос на информативните системи во земјоделството, од аспект на Земјоделскиот пазарен информативен систем и ФАДН, ќе продолжат активностите за надградба на системите со набавка и инсталирање на дополнителен хардвер и софтвер, во насока на подигање на функционалноста и ефикасноста на постоечките системи.

Од институционален аспект, во рамките на *Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој*, предвидено е зајакнување на капацитетот согласно потребите за акредитација за имплементација на ИПАРД и

спроведување на националната поддршка, а согласно усвоениот план за обуки, вработените (постоечки и нови) во Агенцијата подлежат на постојана едукација и обука. По реализацијата на новите вработувања и соодветните обуки, предвидено е национална акредитација за Мерката „техничка помош“ Агенцијата да ја добие заклучно со јуни 2011 година.

Од аспект на воспоставување на системите неопходни за реализација на исплата на мерките во рамките на националните програми за поддршка на земјоделството и руралниот развој и ИПАРД програмата, во рамките на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во текот на 2011 предвидено е да се реализираат поголем број на активности. Имено, до септември 2011 година ќе биде реализирана набавката на софтверско и хардверско решение за потребите на Секторот за финансии и сметководство и Националниот фонд (Министерство за финансии).
До крајот на 2011 година ќе бидат реализирани тендерирањето, проценката, набавката и започнувањето на процесот на имплементација на софтверското решение за примена на ИАКС во Агенцијата.

Во однос на Географскиот Информативен Систем (ГИС), во рамките на подготовките за изработката и имплементацијата на IACS системот во Агенцијата, како еден од поважните делови кои треба да се интегрира во него е софтверот за Системот за идентификација на земјишните парцели (МЗШВ) со употреба на Географски Информативен Систем (ГИС). Согласно ова, ќе се преземат активности за поврзување на софтверското решение на Агенцијата со софтверот за LPIS (МЗШВ), во соработка со Проектот за воспоставување на LPIS/IACS (ИПА-ТАИБ 2008). Покрај ова, во рамките на проектот, во текот на 2011 година ќе се реализира и обука за лицата кои директно ќе бидат вклучени во процесот на креирање на методологијата на софтверот, за целите на континуирана обука на вработените во Агенцијата кои ќе работат на системот на административна контрола и контрола на лице место на апликациите за исплата по површина.

Од аспект на процесот на внесување на податоци во софтверското решение за директните плаќања во земјоделството, кој ќе се остварува преку подрачните единици на МЗШВ, предвидено е овозможување на телекомуникациски пристап до постоечкото (веб базирано) софтверско решение, со што ќе се овозможи внесување на податоци од надворешни локации. Оваа активност ќе биде реализирана од страна на Секторите за информатичка технологија на Агенцијата и МЗШВ до јули 2011 година.

За потребите на „Центарот за повици“ на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, набавените софтверско и хардверско решение ќе бидат испорачани во првата половина на декември 2010, а целокупната имплементација ќе заврши до средината на 2011 година.

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој временски период предвидено е да се продолжи со подготовка и реализација на Програмата за финансиска поддршка на земјоделството во 2012 и 2013 година.

Од аспект на информативните системи во земјоделството за потребите на ФАДН ќе се изготви План за селекција на земјоделските стопанства и листа на фарми за 2012 и 2013 година. а во однос на Земјоделскиот пазарен информативен систем (ЗПИС) во 2012/13 ќе се реализираат активности во насока на акредитација на системот од надлежниот одел на Европската комисија.

Од аспект на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, во овој временски период предвидено е донесување на внатрешни процедури за реализација на следниве мерки:

- Организации и групи на производители, во соработка со проектот за заедничко уредување на пазарите во рамките на ИПА 1 Компонента (2008);
- Унапредување на животната средина и природата, во соработка со проектот за воведување и спроведување на агро-еколошки мерки во рамките на ИПА 1 Компонента (2008);
- Подготовка и имплементација на локалните стратегии за рурален развој, во соработка со проектот за заедничко уредување на пазарите во рамките на ИПА 1 Компонента (2008); и
- Рурална инфраструктура, во соработка со проектот за заедничко уредување на пазарите во рамките на ИПА 1 Компонента (2008).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Од институционален аспект, во рамките на МЗШВ, предвидено е зајакнување на капацитетот на сите сектори кои имаат улога во хоризонталните активности за потребите на интензивирање на евроинтегративниот процес во областа.
Од аспект на административните системи во земјоделството, во рамките на ИПА 1 Компонента (2009) во овој временски период ќе започне со реализација проектот со кој дополнително ќе се надградат основните системи за администрација и контрола во земјоделството (IACS и LPIS), додека од аспект на информативните системи, ЗПИС ќе се збогати со интегрирање на евиденцијата за производи кои исполнуваат извесни стандарди за квалитет, или имаат заштита на квалитет од аспект на нивното потекло или традиционална специфичност.

### 3.11.2 **ЗАЕДНИЧКО УРЕДУВАЊЕ НА ПАЗАРИТЕ**

*Тековна состојба*
Правната рамка за уредување на пазарот на растенија и производи од растително потекло и животни и производи од животинско потекло, во моментов ја определува Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/2010) кој е делумно усогласен со законската регулатива на ЕУ и Законот за квалитет на земјоделско-прехранбени производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/2010). Покрај овие закони, следниве законски акти се поврзани со уредувањето на пазарот на овие производи:
Закон за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07);
Закон за јавно ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/07);
Закон за сточарство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/08)
Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/07 и 05/09).

Со Законот за квалитет на земјоделско-прехранбени производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/2010), се регулирани следниве растенија и производи од растително потекло (житарици и ориз; сушена храна за добиток и свежо овошје и зеленчук), како и производи од животинско потекло (говедско месо; јајца и месо од живина; свинско месо; овчо и козјо месо; млеко и млечни производи и мед и други производи од пчели). Во однос на овие производи, Законот ги уредува општите параметри на примарното производство, а особено ги уредува нивните пазарни стандарди и маркетинг (пласман на пазарот, пакување и информирање на потрошувачите), како и методите за нивна класификација, проверка, контрола и инспекција на пазарот, усогласени со тековните ЕУ стандарди во рамките на различните ЗУП, а првенствено со единечната Регулативата на ЕУ бр. 1234/2007 за ЗУП.

Голем дел од хоризонталните аспекти на ЗУП кои се релевантни за сите поединечни пазари на земјоделски производи (интервентниот откуп, помош за складирање, посебни мерки за заштита на пазарот и мерките за поттикнување на потрошувачката) се регулирани во рамките на новиот Закон за земјоделство и рурален развој, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/2010).

Правната рамка за уредување на винскиот сектор е утврдена со новиот Законот за виното (Службен весник на Република Македонија бр. 50/2010). Покрај Законот за виното во примена се и правилници донесени врз основа на законот кои дополнително ги уредуваат областите на енолошките средства и постапки кои се применуваат во производството на вино, методите за анализа, класификацијата на сорти на грозје за производство на вино, условите за производство на вино, формата, содржината, димензиите и другите податоци на етикетата, содржината и формата на придружниот документ и влезните и излезни регистри за производи од грозје и вино, како и географските области насадени со винова лоза за заштита на географското потекло на виното во Република Македонија, листата на заштитени имиња на вина обележани со географска ознака и правилата во врска со обележувањето на нивните производни области.

Правната рамка за уредување на пазарот на суров тутун во моментов ја определуваат Законот за тутун и тутунски производи (Службен весник на РМ бр.24/06, 88/08 и 31/2010). Врз основа на Законот за тутун и тутунски производи донесени се и подзаконски акти кои дополнително ги уредуваат областите на откуп, сместување, чување и индустриска обработка на тутун; картон за производство на тутун; пријавувањето на договореното производство на тутун; запишување во регистарот на откупувачи на тутун и начинот на водење на регистарот на откупувачи на тутун; квалитативна и квантитативна процена на суровиот тутун во лист; како и дозволените и забранетите адитиви во тутунските производи.
Покрај ова, во јуни 2007 е усвоена и Стратегија за развој на земјоделството и рурален развој за периодот 2007- 2013 година, во која се наведени насоки, мерки и активности за идниот развој на сите госпоменати производи, како и начинот на организираност на пазарите за истите.

Во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство следниве органи и организациони единици се надлежни за подготовка на законска регулатива и спроведување на мерките од аспект на уредување на пазарите на земјоделски производи од животинско и растително потекло, согласно новата Систематизација на МЗШВ (усвоена во јули 2010 година):

- Сектор земјоделство, Одделение за поледелство; Одделение за градинарство, Одделение за сточарство;
- Сектор за анализа на земјоделска политика; Одделение за следење на пазари на земјоделско-прехранбени производи; Одделение за анализа на земјоделска политика;
- Сектор за маркетинг и квалитет на земјоделски производи; Одделение за стандарди и квалитет на земјоделски производи; Одделение за маркетинг на земјоделски производи; Одделение за економско здружување на земјоделски производители;
- Сектор за лозарство, винарство и овоштарство; Одделение за овоштарство;
- Управа за ветеринарство;
- Државен инспекторат за земјоделство; и
- Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

Од аспект на институционално зајакнување на капацитетот на органите кои се вклучени во уредување на пазарите на земјоделски производи од животинско и растително потекло, воспоставени се Националниот регистар на лозови насади и Земјоделскиот Пазарен Информативен Систем (ЗПИС) на ниво на државата:

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во периодот до октомври 2011 година, предвидено е донесување на над 50 подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за квалитет на земјоделско-прехранбени производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/2010), со кои се регулира заедничкото уредување на пазарите по производи од *растително* и *животинско* потекло.
Од аспект на *специјализираните култури*, во првата половина на 2011 година предвидено е донесување на останатите подзаконски акти од новиот Закон за вино.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Од аспект на уредувањето на пазарите на земјоделските производи од растително и животинско потекло, согласно новата Систематизација на МЗШВ (усвоена во јули 2010 година), формирани се нови два сектори: Сектор за маркетинг и квалитет на земјоделски производи и Сектор за лозарство, винарство и овоштарство, и во 2011 година предвидено е зајакнување на соодветните Одделенија во рамките на новите два сектори, како и зајакнување на соодветните Одделенија во рамки на Секторот земјоделство и Секторот за анализа на земјоделска политика со нови вработувања. Од аспект на инспекциски надзор врз спроведувањето на мерките во рамките на уредувањата на пазарите на земјоделските производи, предвидено е зајакнување на Државниот инспекторат за земјоделство, со нови вработување во 2011 година.

Во насока на реализација на овие активности предвидена е продолжување со реализација на поголем број проекти во областа на уредувањето на пазарите: Воспоставување на заедничко уредување на пазарот на јајца и живина - G2G08/MK/8/2 (билатерална соработка со Кралството Холандија), АгБиз Програмата на USAID, поголем број на активности во рамките на Инструментот TAIEX, како и реализацијата на проектот во рамките на ИПА 1 Компонента 2008, започнат во август 2010 год., преку кој е обезбедена техничка помош за воспоставување на правна рамка и институционално зајакнување во областа на заедничкото уредување на пазарите на земјоделски производи.

Во врска со ЗУП за вино, предвидено е зајакнување на Сектор за лозарство, винарство и овоштарство, Одделението за лозарство и Одделение за винарство со соодветни нови вработувања во 2011 година, како и соодветно зајакнување на Државниот инспекторат за земјоделство во истиот временски период. Во првата половина на 2011 година предвидено е интегрирање на Националниот регистер на лозови насади и Националниот регистер на овошни насади во рамките на Системот за идентификација на земјишните парцели (LPIS).

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Од аспект на производите од растително и животинско потекло, како и специјализираните култури, на среднорочна основа предвидено е донесување на евентуални дополнителни подзаконски акти согласно Законот за квалитет на земјоделско-прехранбените производи, усогласени со промените на ЗУП на земјоделски производи во рамките на ЕУ.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
За уредувањето на пазарите на земјоделските производи од растително и животинско потекло, како и пазарите на специјализираните култури, предвидено е зајакнување на соодветните Одделенија во рамките на Секторот за маркетинг и квалитет на земјоделски производи, Секторот за лозарство, винарство и овоштарство, Секторот земјоделство и Секторот анализа на земјоделска политика во 2012-2013 година. Во контекст на инспекциски надзор врз спроведувањето на мерките во рамките на уредувањата на пазарите на земјоделските производи, предвидено е и зајакнување на Државниот инспекторат за земјоделство и Ветеринарниот Инспекторат во периодот 2012-2013 година.

### 3.11.3 **РУРАЛЕН РАЗВОЈ**

*Тековна состојба*
Во однос на *претпристапната помош на ЕУ за рурален развој (ИПАРД),* ИПАРД Програмата е усвоена со Одлука на Комисијата на 25.02.2008 година. Воедно, донесен е националниот акт за спроведување на ИПАРД Програмата, односно Програма за користење на средства од Инструментот за претпристапна помош за рурален развој на Европската Унија (ИПАРД) за период 2007-2013 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 83/2009). Покрај ова, Владата на Република Македонија на предлог на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во својство на ИПАРД Агенција) донесе Уредба за начинот и постапката за користење на финансиската поддршка за мерките за рурален развој финансирани од компонента V – ИПАРД од Инструментот за предпристапна помош ИПА („Службен весник на Република Македонија“ бр. 112/2009) со која поблиску се дефинираа начинот на спроведување на ИПАРД Програмата.
Од аспект на акредитација на ИПАРД оперативната структура, односно пакетот на внатрешни процедури и прирачници за работа на Телото за управување со ИПАРД Програмата и ИПАРД Агенцијата, во март, 2009 година, НАО издаде национална акредитација на ИПАРД оперативната структура и по пат на изјава за соодветност го започна процесот на пренос на правото за управување со ИПАРД фондовите од Европската Комисија односно за одобрување на системот за целосно децентрализирано управување. Со Одлука на Комисијата на 18.12.2009 година, Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој и Телото за управување со ИПАРД беа акредитирани и го стекнаа правото за целосно децентрализирано управување со ЕУ Фондовите од ИПА Компонентата 5 за рурален развој.
На 02.03.2010 година потпишан беше и повеќегодишен финансиски договор за финансирање на ИПАРД Програмата за период 2007-2010.

Врз основа на добиеното право за целосно децентрализирано управување и потпишаниот финансиски договор, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој при Владата на Република Македонија и објави два јавни повици за доставување на барања за користење на финансиски средства од петтата компонента на Инструментот за претпристапна помош за рурален развој на Европската Унија.

*Националното финансирање* на мерките за рурален развој се спроведува согласно Програмата за финансиска поддршка на рурален развој за 2010 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/2010) и Уредбата за спроведување на политиката за рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/08; 53/09 и 122/09). Покрај ова, во 2010 година, со донесување на новиот Закон за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/2010) утврдени се детални одредби во однос на политиката за рурален развој и мерките за спроведување на политиката за рурален развој, при што покрај дефинирањето на општите принципи на политиката за рурален развој и дефинирањето на руралните средини, руралните заедници и руралните региони, законот го утврдува спроведувањето и остварувањето на приоритетните цели за решавање на развојните прашања во руралните области и поттикнување на искористување на можностите и предностите за рурален развој во Република Македонија.

Врз основа на законот, објавени се следните подзаконски акти во "Службен весник на Република Македонија" бр. 96/2010: Правилник за стручната оспособеност и соодветната техничка опрема за вршење на дополнителна дејност на семејно земјоделско стопанство, Правилник за форма и содржина на решението за вршење на дополнителна дејност на семејно земјоделско стопанство и начин на водење на евиденција за вршителите на дополнителни дејности, додека Уредбата за видовите на дејности кои можат да се вршат како дополнителни дејности на семејните земјоделски стопанства и нивниот обем е донесена и објавена во "Службен весник на Република Македонија" бр. 111/2010. Кодексот на добра земјоделска и хигиенска пракса е донесен и објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр. 112/2010, како и Водичот за достигнување на принципите на добра земјоделска и хигиенска пракса ("Службен весник на Република Македонија" бр. 138/2010). Покрај тоа, донесени се и Правилникот за начинот на запишување на давателите на советодавни услуги во евиденцијата на давателите на советодавни услуги, потребната документација и начинот на водење на евиденцијата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 138/2010) и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за воспоставување на Меѓуресорското тело за рурален развој ("Службен весник на Република Македонија" бр. 144/2010).

Секторот за рурален развој во рамките на МЗШВ е надлежен за реализација на кохерентна рурална развојна политика, како и за интегрирање на различните програми и иницијативи за развој на руралните подрачја во Република Македонија, а Телото за управување со ИПАРД, чии функции и одговорности се извршуваат преку соодветни организациони единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, е одговорно за управување со ИПАРД Програмата согласно принципите на ефективно и квалитетно користење на средствата од Компонента V на ИПА.
Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој е надлежна за спроведување на мерките на политиката за рурален развој согласно ИПАРД Програмата и годишната програма за финансиска поддршка на рурален развој.

Од аспект на следење на ИПАРД Програмата во текот на 2010 се одржани два редовни состаноци на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата (пролетен состанок на 28 мај 2010 и есенски состанок на 16 декември 2010). Изработен е првиот Годишен извештај за следење на ИПАРД Програмата и тематско истражување на мислењето на апликантите од првиот јавен повик за постапката за припрема на апликацијата, достапност на информации за ИПАРД, соработката со надлежните институции и останати аспекти.

Реализирани се поголем број на активности за јакнење на административниот и институционалниот капацитет во рамките на Инструментот TAIEX, КАРДС 2006 Проект за поддршка на подготовките за ИПАРД (СИПП) и билатералната донаторска соработка со Република Словенија.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во однос на *претпристапната помош на ЕУ за рурален развој (ИПАРД)*, предвидено е изготвување на предлог за четврта модификација на ИПАРД Програмата и соодветна измена на подзаконски акти за спроведување на ИПАРД Програмата доколку е неопходно.

Како предуслов за ефикасно и ефективно управување со ИПАРД Програмата се предвидува продолжување на активности за функционирање на системот за следење и проценка на спроведување на ИПАРД Програмата кој систем е неопходно да биде целосно функционален заради изготвување на првиот Годишен извештај за имплементација на ИПАРД Програмата кој треба да биде доставен до Европската Комисија кон средина на 2011 година. Резултатите од активностите за тековна проценка на ефикасноста и ефективноста од спроведувањето на ИПАРД Програмата во текот на 2011 година ќе се содржат во Годишниот извештај за тековна проценка на ИПАРД Програмата за 2011 година кој треба да биде доставен до Комитетот за следење на ИПАРД кон крајот на 2011 година.

Заради спроведување на мерката за Техничката помош од ИПАРД Програмата, во 2011 година се предвидуваат активности за подготовка за акредитација на оваа мерка за да завршат до крајот на 2011 година. Од овој аспект се предвидува финализација на соодветни внатрешни процедури за спроведување на мерката и од страна на Телото за управување и од страна на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. Воедно се предвидува изготвување на Акционен План за воспоставување и функционирање на Национална мрежа за Рурален развој во Република Македонија со цел утврдување на неопходните правни акти за функционалност на мрежата како и вклучување на активностите на мрежата за финансирање од ИПАРД средствата наменети за техничка помош.
Во поглед на навремено информирање на корисниците на ИПАРД фондови за можностите на ИПАРД Програмата, во 2011 година ќе продолжи реализацијата на активностите за публицитет со спроведување на кампања согласно Годишен план за комуникација со јавноста за ИПАРД Програмата за 2011 изготвен врз основа на Планот за комуникација на ИПАРД Програмата 2007-2013 и одобрен од Комитетот за следење на ИПАРД на есенскиот состанок (16 декември 2010).

Подготвителни активности за воведување и спроведување на нови мерки во рамките на ИПАРД Програмата 2007-2013, особено LEADER мерка и Подобрување на обуките во земјоделството, предвидено е донесување на подзаконски акти од Законот за земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/2010) во насока на уредување на областа согласно принципите за користење на ИПАРД помошта. Од аспект на *националното финансирање* на мерките за рурален развој, во 2010 година предвидено е донесување на поголем број подзаконски акти кои ја регулираат областа а во согласност со донесување на новиот Закон за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/2010).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Комитетот за следење на ИПАРД Програмата ќе одржува редовни состаноци за целите на подобрување на програмата, најмалку два пати годишно во 2012 и 2013. Следствено на ова, ќе се интензивира работата и состаноците на Меѓуресорското тело за рурален развој.

Од институционален аспект, во 2011 година се предвидува измена на актите за организација и систематизација заради вклучување на работни процеси за спроведување на правната рамка за политика за рурален развој особено од аспект на управување со новите програмски мерки во ИПАРД Програмата и нивно спроведување, како и за спроведување на мерката за Техничка помош. Во оваа насока, ќе се продолжи со зајакнување на организационите единици на Телото за управување со ИПАРД и во Агенцијата за финансиска поддршка на руралниот развој заради обезбедување на работни позиции за управување и имплементација на новите инструменти на политиката за рурален развој како и за спроведување на законската рамка за земјоделство и рурален развој. За сите постојни и нововработени планирана е изведба на соодветна обука и/или доусовршување, како и воспоставување на системите за следење на реализацијата и проценка на влијанието на мерките за рурален развој. Во оваа насока, во 2011 година ќе започне со реализација и проектот во рамките на ИПА 1 Компонента (2008) преку кој ќе се обезбеди техничка помош за воспоставување на административен и институционален капацитет за реализација на агро-еколошки мерки во МЗШВ и во Агенцијата за финансиска поддршка на руралниот развој. Проектот во рамките на ИПА 1 Компонента (2008) за воспоставување на Заеднички пазарни организации (СМО) ќе обезбеди техничка помош за обука на човечките ресурси во Агенцијата за финансиска поддршка на руралниот развој за спроведување и контрола на ИПАРД мерката за поддршка на воспоставување на групи производители. Во насока на техничка помош за воспоставување на административен и институционален капацитет за реализација на ИПАРД мерките и новововедените инструменти за рурален развој ќе се користи и техничката помош од други билатерални и мултилатерални донатори (Холандија-Г2Г за мерката „Подобрување на обуките во земјоделството, и останати). Во насока на зајакнување на капацитетите на МЗШВ и Агенцијата, предвидена е реализација на поголем број на активности во рамките на Инструментот TAIEX.
Комитетот за следење на ИПАРД Програмата ќе продолжи редовно да се состанува два пати годишно.

Во поглед на координација на политиката за рурален развој и мерките кои ги превземаат различни институции ќе се интензивира работата и состаноците на Меѓуресорското тело за рурален развој во 2011 година и за својата работа ќе ја информира ВРМ согласно обврските кои произлегуваат од Закон за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10) најдоцна до крајот на 2011.

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

За потребите за реализација на *претпристапната помош на ЕУ за рурален развој (ИПАРД)*, ќе се реализираат предвидените годишни измени и дополнувања на програмата (2012, 2013) во насока на проширување на мерките од ИПАРД Програмата со нови типови на инвестиции во согласност со Повеќе-годишниот индикативен плански документ и согласно стратешките цели на Владата на Република Македонија од аспект на користење на ЕУ-фондовите преку петта ИПА компонента. Во 2012 и 2013 година ќе се продолжи со активностите за тековна проценка на спроведувањето на ИПАРД Програмата при што кон крајот на 2012 и 2013 ќе се изготви Годишен извештај за тековна проценка на ИПАРД Програмата. Како резултат на функционалноста на системот за следење на ИПАРД Програмата, кон средината на 2012 и 2013 ќе се доставува редовниот Годишен извештај за спроведување на ИПАРД Програмата за 2011 и 2012 година респективно.

Комуникацијата на ИПАРД Програмата со јавноста ќе се одвива врз основа на изработка на редовни годишни акциски планови за комуникација со јавноста за ИПАРД Програмата во 2012 и 2013.
Во однос на *националното финансирање* на руралниот развој ќе бидат усвоени Програмите за финансиска поддршка за рурален развој за 2012 и 2013 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

На среден рок (во почетокот на 2012 и 2013) се предвидува измена на актите за организација и систематизација заради вклучување на работни процеси за спроведување на правната рамка за политика заруралeн развој и ефикасно и ефективно управување со ИПАРД Програмата и спроведување на мерката за Техничка помош. Во оваа насока, ќе се продолжи со зајакнување на на МЗШВ за јакнење на управувачките капацитети на политиката за рурален развој особено на организационите единици во состав на Телото за управување со ИПАРД со вработување и обука на постојните и дополнително вработените лица. Во таа насока, ќе се продолжи со зајакнување на човечкиот потенцијал и капацитети на Агенцијата за финансиска поддршка на руралниот развој за ефикасно финансиско спроведување на мерките согласно политиката за рурален развој и особено спроведување на ИПАРД Програмата.

Комитетот за следење на ИПАРД Програмата ќе одржува редовни состаноци за целите на подобрување на програмата, најмалку два пати годишно во 2012 и 2013. Следствено на ова, ќе се интензивира работата и состаноците на Меѓуресорското тело за рурален развој и за својата работа ќе ја информира ВРМ согласно обврските кои произлегуваат од Закон за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10).

### 3.11.4 **ОРГАНСКО ЗЕМЈОДЕЛСТВО**

*Тековна состојба*

Согласно Законот за органско земјоделско производство (Службен весник на РМ бр. 146/09), донесени се поголем број на подзаконски акти и тоа: Правилник за начинот и постапката за вршење на стручна контрола во органското земјоделско производство, Правилник за формата и содржината на годишниот извештај, Правилник за начинот на издавање на овластувањата на контролни/сертификациски тела за вршење на стручна контрола и стручни научни установи или други правни лица за вршење на анализи и суперанализи во органското земјоделско производство, потребната документација, формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата, Правилник за поблиските правила и постапувања во пчеларството, Правилник за формата и содржината на потврдата, начинот на нејзиното издавање, како и постапката за собирање, превоз и складирање на органски производи, Правилник за постапките за одгледување, минимум површините за сместување на различни видови животни и максимален број на животни по хектар, Правилник за постапките за производство на органски преработена храна, Правилник за поблиските правила и постапки за растително органско производство, Правилник за формата, содржината и бојата на националната ознака за органски производ и националната ознака за производ во преод, Правилник за формата, содржината и начинот на водење на евиденциите и базите на податоци за субјектите и за органски семенски и саден материјал, Листа на ѓубрива и средства за подобрување на својствата на почвата, Листата на додатоци во добиточната храна и други материи кои се користат во исхраната на животните, Листа на крмни суровини, Листа на состојки кои не биле произведени според принципите на органското земјоделство, Листа на производи за заштита на растенијата, Листа на средства за чистење и дезинфекција и Листа на производи и супстанции кои се користат во процесот на производство на органски преработена храна.
„Националната Стратегија со Акционен План за органско земјоделство во Република Македонија 2008-2011” успешно се имплементира.

Во рамките на Програмата за финансиска поддршка на земјоделството за 2011 година, потпрограмата за Финансиска поддршка за органско земјоделско производство предвидува мерки со зголемена финансиската поддршка од околу 30% за органското производство во однос на редовното производство и дополнителна поддршка за преработка и трговија на органски производи, како и покривање на 50% од трошоците за сертификација на органското производство.

Севкупната надлежност за уредување на областа на органското земјоделско производство во Република Македонија ја има Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) - Сектор земјоделство, Одделение за органско земјоделско производство.

Во реализацијата на мерките и активностите поврзани со органското земјоделско производство учествуваат и Државен инспекторат за земјоделство (МЗШВ), Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за економија, Институт за акредитација на РМ, Институт за стандардизација на РМ, Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството, Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Факултетите за земјоделство, ЈНУ Земјоделски Институти, Национален Сојуз на органски здруженија, Акредитирани тела за стручна контрола.
Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство води евиденција на правни лица за вршење на стручна контрола во органското земјоделско производство.

Системот на контрола на органското производство во РМ е делегиран на две сертификациски тела кои се акредитирани од страна на Институтот за акредитација на РМ. Институтот за акредитација на РМ е член на ЕА (European Cooperation for Accreditation) и е во процес да стане потписник на Мултилатералниот договор (EA MLA) во областа на тестирање, сертификација и инспекција на производи. Сертификациските тела во РМ се акредитирани врз основа на оценување на воспоставеноста и имплементацијата на системот за квалитет согласно барањата на стандардот EN 45011. Врз основа на добиената акредитација од страна на Институтот за акредитација на РМ, сертификациските тела добиваат овластување од страна на МЗШВ за вршење на стручна контрола во органското производство.

Контролата над работата на сертификациските тела, како и целокупниот надзор над спроведувањето на одредбите на Законот за органско земјоделско производство и прописите донесени врз основа на истиот ја врши Државниот инспекторат за земјоделство.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**
Заради подобрување на Законот за органско земјоделско производство, согласно коментарите на ЕК и насоките на Координативното тело на Владата на РМ за унапредување на казнената политика, се предвидува измена и дополнување на Законот за органско земјоделско производство.

Покрај ова, во овој временски период ќе се усвои и реализира Програмата за поттикнување и развој на органското земјоделство за 2011 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Предвидено е зајакнување на Одделението за органско земјоделско производство, Сектор земјоделство (СЗ) со ново вработување во 2011 година и на Државниот инспекторат за земјоделство, како и обуки на кадарот на институционално ниво.

Покрај ова, ќе се воспостави и евиденција за капацитети и субјекти од системот на органското земјоделско производство(преработувачи, трговци, увозници, извозници).
Во насока на зајакнување на капацитетите на МЗШВ, предвидена е реализација на поголем број на активности во рамките на Инструментот TAIEX. Покрај тоа, во рамките на претпристапната помош на ЕУ за 2009 година, 1-ва Компонента (IPA-TAIB) ќе започне со реализација Twinning проект за институционално зајакнување за спроведување на новата законска рамка за органско земјоделско производство.

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**
Во оваа временска рамка ќе се изработи Националната Стратегија со Акционен План за органско земјоделство во Република Македонија 2012-2017.

Покрај ова, предвидено е интегрирање на правилата и постапките предвидени во Регулативата на Комисијата бр. 1235/2008 кои се однесуваат на увоз на органски производи од трети земји во националната правна рамка.
Подготовка и реализација на Програмата за поттикнување и развој на органското земјоделство за 2012 и 2013 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Предвидено е дополнително зајакнување на Одделението за органско земјоделско производство, Сектор земјоделство (СЗ) и на Државниот инспекторат за земјоделство во периодот 2012-2013 година, како и нивна обука.

### 3.11.5 **ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ**

*Тековна состојба*
За целите на усогласување на македонското законодавство со истото на ЕУ во областа на политиката на квалитет, донесен е Законот за квалитетот на земјоделските производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/2010), кој ги уредува општите параметри на примарното производство на поголем број земјоделски производи, а особено ги уредува нивните пазарни стандарди и маркетинг, усогласени со тековните ЕУ стандарди. Покрај ова, Законот ги уредува и карактеристиките на зголемена вредност во земјоделството, односно атрибутите на производството на земјоделски и прехранбени производи со повисока, дополнителна вредност, преку воспоставување на систем за квалитет и „ознаки за квалитет“ слични на истите од ЕУ за производизаштитени со ознака на потекло (ОП), географска ознака (ГО) и ознака за гарантиран традиционален специјалитет (ТС), усогласени со Регулативите 32006R0509, 32006R0510, 32006R1898, 32007R1216, 32008R0003, 32008R0501, 32008R0628, 32008R1313, како и препораките од Комуникација на ЕК до Парламентот “COM(2009) 234 final“, односно документите {SEC(2009) 670}, {SEC(2009) 671}. Законот ја дава основната рамка за донесување подзаконски акти кои дополнително ќе ја доуредат политиката на квалитет на земјоделските производи.

Во рамките на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2010 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 07/2010 се реализираше предвидената Потпрограма – Финансиска поддршка за стандарди за квалитет и безбедност на храна.

Согласно Законот за квалитетот на земјоделски производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/2010) и последната измена на систематизацијата на МЗШВ, сите активности од аспект на квалитетот и заштитата на квалитетот

на земјоделските и земјоделско-прехранбените производи, како и промоцијата на истите, се во надлежност на Сектор за квалитет и маркетинг на земјоделски производи. Во рамките на секторот, Одделението за стандарди и квалитет на земјоделските производи, во кое во моментов има вработено 4 лица, е директно надлежно за заштитата на квалитетот на земјоделските производи.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во тек на 2011 година, ќе се донесат сите подзаконски акти согласно Законот за квалитетот на земјоделските производи со кои се регулираат квалитетот и заштитата на квалитетот на земјоделско-прехранбените производи, а во рамките на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2011 година ќе се предвиди и Потпрограма за финансиска поддршка за стандарди за квалитет и безбедност на храна.

Покрај ова, во тек на 2011 година, врз основа на усвоената приоритетната листа, предвидена е изработка на елаборати и заштита на 2 земјоделски производи.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во насока на зајакнување на институционалниот капацитет, покрај искористувањето на Инструментот TAIEX, во рамките на претпристапната помош на ЕУ од 1-та Компонента (IPA-TAIB), ќе започне со реализација Twinning проект за административна соработка помеѓу МЗШВ и Земја членка на ЕУ за целите на правно усогласување и институционално поставување на системите за развој и заштита на квалитет на земјоделско-прехранбените производи, како и воспоставување на евиденција на производи кои исполнуваат извесни стандарди за квалитет и/или имаат заштита на потекло и/или географски/традиционален назив.

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој временски период предвидена е подготовка на елаборати и реализација на заштитата на ознаки за потекло и традиционален специјалитет на земјоделски производи , како и подготовка на Потпрограма за стандардите за квалитет и безбедност на храна за 2012 и 2013 година и реализација на истите.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во рамките на МЗШВ предвидено е зајакнување на Секторот за маркетинг и квалитет на земјоделски производи, Одделение за стандард и квалитет на земјоделски производи и Одделение за маркетинг на земјоделски производи со нови вработувања во 2011 година, како и обука и надградба на тековно и нововработените лица од областа заштитата на географските називи, квалитетот на земјоделските производи и нивна промоција.

## 3.12. БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНАТА, ВЕТЕРИНАРНА И ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА

### 3.12.1. ОПШТИ НАЧЕЛА

*Тековна состојба*

Законот за безбедност на храната е усвоен од страна на Собранието на Република Македонија. Истиот е објавен во „Службен весник на РМ“ бр. 157/2010.

Со Законот за безбедност на храната се формира Агенција за храна и ветеринарство во која се инкорпорираат постојните органи: Управа за ветеринарство, во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Дирекцијата за храна, во состав на Министерството за здравство. Со Законот се предвидува формирање на интегриран систем за контрола на безбедноста на храна и соодветна координација на активностите, со што ќе се обезбеди ефикасна имплементација на законските решенија од областа на безбедноста на храната. Освен тоа, целта на законот е: да се обезбеди високо ниво на заштита на здравјето кај луѓето како и заштита на интересите на потрошувачите во однос на храната, да го регулира внатрешниот промет со храна, да воведе општи начела и одговорности на операторите со храна вклучени во некоја од фазите на производство, преработка, складирање или дистрибуција на храната, да обезбеди научен пристап кон безбедноста на храната и да ја уреди работата и надлежностите на органот кој ќе го спроведува. Законот е во целост усогласен со „хигиенски пакет“ на Регулативи на Европската Унија.

Владата на Република Македонија на 182-та седница, одржана на 07.09.2010 г. ја усвои Националната стратегија за за имплементација на НАСРР во Република Македонија за периодот од 2010-2014, со Акционен план за реализација на активностите. Основна цел на Стратегијата за имплементација на НАССР е поддршка на операторите со храна за имплементирање на ефективен и ефикасен НАССР систем, како и реализација на Акциониот план со кој се утврдени реални временски рокови за негово имплементирање. Крајна цел е операторите со храна да ги воспостават соодветните системи за безбедност на храна – инфраструктура, опрема, ДПП, ДХП и НАССР. Со акциониот план се предвидени обуки за инспекторите и операторите со храна, кои ќе бидат усогласени на нивните потреби, како и изработка на упатства (генерички модели за целни индустрии).

Изготвен е Предлог-План за управување со кризи од областа на безбедноста на храната, како правно барање од Законот за безбедност на храната и на производите и материјалите во контакт со храната („Службен весник на Р.М.“, бр. 54/02 и 84/07), со кој се утврдува постапувањето на сите надлежни институции во случај на кризи со храна. Планот ќе се операционализира со донесувањето на Законот за безбедност на храна (моментално во Собраниска процедура).

Во насока на обезбедување на интегриран и сеопфатен приод во безбедноста на храната, во втората половина на 2010 година усвоен е новиот организациски модел за безбедност на храната во Република Македонија. Комплексната институционална поставеност со распределба на надлежностите за безбедност на храната меѓу две министерства се заменува со нов организациски модел формирање на Агенција за храна и ветеринарство, како независна институција, под директна надлежност на Владата на Република Македонија. Во неа ќе се интегрираат двете постоечки институции, Дирекцијата за храна орган во состав на Министерстото за здравство и Управа за ветеринарство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Национална контакт точка за комуникација со Европската агенција за безбедност на храна – EFSA за Република Македонија е Агенција за храна и ветеринарство на РМ.

Агенцијата за храна и ветеринарство е контакт точка за Системот за брзо предупредување за храна и добиточна храна (Rapid Alert System for Food and Feed) за Република Македонија. Обврската на Агенцијата е да ги обработи и проследи алерт нотификациите кои се добиваат од Европската Комисија во Брисел, за небезбеден прехранбен производ кој е пласиран во Република Македонија или е произведен во Република Македонија, а е пласиран на пазарите во ЕУ. За таа цел, номинирано е контакт лице за RASFF за Република Македонија, кое има пристап до доверливите информации од DG SANCO – RASFF, секојдневно на барање од канцеларијата на Европската Комисија во Скопје.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2011 се очекува усвојување на Стратегијата за транспозиција и имплементација на европското законодавство опфатено со Поглавје 12 (Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика) од страна на Владата на РМ, во која ќе биде утврдена и динамиката на транспозиција на европското законодавство и негово усогласување со националното.

Изработката на Повеќегодишен контролен план за споведуведување на службени контроли, согласно Регулативата 882/2004, е предвидена како активност во проектот со ИПА 2008, што започна да се спроведува во септември 2010 година. Со неговата примена ќе обезбеди интегриран пристап во вршењето на контролите во ланецот со храна и храна за животни од страна на надлежните институции во Република Македонија.
Вршењето на редуцираните прегледи (reduced frequency checks) се однесува на ветеринарни инспекциски места на граничните премини. Имплементирачкото законодавство е усвоено и усогласено со одредбите од 31994D0360.
Имплементацијата на законодавството за редуцирани прегледи како и воведувањето на процедурите се очекува да започне во текот на првата половина на 2011 година.
Во текот на 2011 година согласно Законот за безбедност на храна ќе започне да се применува Планот за управување со кризи од областа на безбедноста на храната.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
На 01.01.2011 година се формира и започнува со работа Агенцијата за храна и ветеринарство.

Контролните системи на Агенцијата за храна и ветеринарство во интегрираниот систем на контрола на храна се класифицирани во 13 области: Контролен систем за здравствена заштита на животните, Контролен систем за храна од животинско потекло, Контролен систем за увоз на храна од животинско потекло, Контролен систем за добиточна храна и исхрана на животните, Контролен систем за ТСЕ и нус производи од животинско потекло, Контролен систем за ветеринарно-медицински препарати и резидуи, Контролен систем за општа безбедност на храната, Контролен систем за храна од растително потекло, Контролен систем за увоз на храна од растително потекло, Контролен систем за резидуи од пестициди и други контаминенти, Контролен систем за специфични видови храна (храна за посебна нутритивна употреба, додатоци на храна, храна од ГМО, храна произведена со иновирани технологии, збогатена храна, природни минерални води и др.), Контролен систем за предмети и материјали што доаѓаат во контакт со храната и Контролен систем за благосостојба на животните.

Планирана е надградба на Системот за Брзо Предупредување (РАСФФ), преку воспоставување на апликативен софтвер и поврзување на сите надлежни институции вклучени во контролата на храната.

Предвидено е формирање на Одделение за внатрешна контрола во рамки на Агенцијата, со што ќе се овозможи следење на професионалните перформанси на официјалните ветеринари и Државните инспектори за храна како и воспоставување на корективни мерки за нивно подобрување.

Клучни активности на институциите од Поглавје 12 кои воедно се надлежни за воспоставување, одржување и надградба на интегриран приод во системот за контрола на безбедноста на храната во текот на 2010 година, ќе бидат насочени кон операционализирање на надлежностите на органите во областа на безбедноста на храна и утврдени со новиот Закон за безбедност на храна.

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**
До 2013 година се очекува да се продолжи со целосна имплементација на новиот Закон за безбедност на храната.
Донесување на подзаконските акти согласно Законот за безбедност на храна (рамковен закон).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
До 2013 година се очекува целосно усогласување на работата на надлежните тела за безбедност на храната со одредбите на новиот Закон за храна и воспоставување на структурните и организациони промени кои произлегуваат од Законот за храна.

Континуитет во имплементацијата на законските барања од областа на безбедност на храната.

Воспоставувањето на процедурите за намалена фреквенција на контроли согласно целосна проценка на ризикот исто така е планирана како приоритетна активност.

Со ИПА 2009 планирани се бројни активности: подготовка на официјални процедури за соработка помеѓу надлежните органи за безбедност на храна, изработка на оддржлив бизнис план и поделба на одговорностите на надлежните органи, подобрување на капацитетот на персоналот на надлежните органи, анализа на ризик, комуникација и управување со ризик.

Со Проектот ИПА 2010 се предвидува набавка на хардвер за системот, поврзување на сите институции надлежни за безбедност на храна во еден систем.

### 3.12.2. **ВЕТЕРИНАРНА ПОЛИТКА**

*Тековна состојба*
По однос на подрачјето Ветеринарна политика, напредок е регистриран во делот на донесување на подзаконски прописи согласно *Законот за ветеринарно здравство* ("Службен весник на Република Македонија" 113/07), и тоа:

*Од областа на системи за контрола на увозот* усвоен е Правилник за условите кои треба да ги исполнат објектите, опремата и стручниот кадар потребни за вршење на ветеринарна инспекција на граничен премин. ("Службен весник на Република Македонија" 40/2010), Во правилникот се содржани одредбите за одобрување на инспекциски места на граничен премин. Во правилникот се транспонирани одредбите од: 32001D0812; 31991L0496 и 31997L0078.

*Од областа контролни мерки за болести кај животните* усвоена е Програма за искоренување и сузбивање на бруцелоза кај овците и козите ("Службен Весник на РМ„ бр. 46/2010). Со Програмата, согласно препораките на Европската Комисија, се воведува нов пристап со што се воспоставува масовна вакцинација како и контрола на болеста со помош на систем на мониторинг на движењето на малите преживари на територијата на Република Македонија, при тоа следејќи ги критериумите на ризикот за ширење на болеста и преваленотност на болеста во стадата. Од истата област донесен е Правилникот за болести што задолжително се пријавуваат, објавен во "Службен Весник на РМ" бр. 110/2010 од 20.08.2010, усогласен со одредбите од 31982L0894 и 32005D0176.

Во поглед на *забрана за користење на супстанции и контрола на резидуи* Националната програма за мониторинг на одредени супстанции и нивни резидуи за одредени видови живи животни и производи од животинско потекло беше надополнета со 6 нови производи и одобрена од страна на Европската Комисија. Подзаконските акти со кои детално се уредува областа некомерцијалното движење на домашни миленици[24] се објавени и во Службен весник на РМ 102/08. Истите се усогласени во целост со одредбите од: 32007D0025, 31990L0539, 32003R0998, 32003D0803, 32005D0091 и 3204D0824. Во текот на 2009 година донесени се измени и дополнувања на законодавството од оваа област и истите се објавени во "Службен весник на РМ" бр. 10/2009. Причина за измените и дополнувањата е усогласување со 32003R0998.

Согласно Законот *за благосостојба и заштита на животните* ("Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07) е донесен Правилникот за благосостојба и заштита на експерименталните животни, објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр. 110/2010 од 28.08.2010 и усогласен со одредбите од 1986L0609 и 31999D0575. Од областа услови за увоз на живи животни и производи од животинско потекло[1] во Правилникот за начинот и постапките за увоз и транзит, листа на трети земји од кои е одобрен увоз, формата и содржината на ветеринарно-здравствениот сертификат или друг документ што ги придружува пратката на живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, како и начинот и постапката на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло е усвоен и објавен во "Службен Весник на РМ" бр. 53/2010" од 19.04.2010. Правилникот е усогласен со релевантните одредби од законодавството на ЕУ што ја регулираа оваа област. После неговото објавување уследија две измени и дополнувања објавени во "Службен Весник на РМ" бр. 86/2010 и 144/2010 како резултат на потребата од усогласување со новоусвоеното ЕУ законодавство што ја регулира оваа област. Станува збор за ЕУ мерките: 32010R0605, 32010R0810, 32010R0925, 32010D0333, 32010D0463 и 32010D0266.

Согласно *Законот за идентификација и регистрација на животните* ("Сл. весник на РМ„ бр. 69/2004 и 81/2007) усвоен е *Правилник за идентификација и регистрација на животните од свињи.* Истиот е објавен во "Службен Весник на РМ" бр. 84/2010 од 28.06.2010 и усогласен со одребите од*: 2000D0678, 32008L0071, 31964L0432.*

*Законот за ветеринарно-медицински препарати* е усвоен и објавен во "Службен Весник на РМ" бр. 46/2010 од 26 март 2010. Согласно истиот закон во текот на 2010 година донесени се следните подзаконски акти: Листа на фармаколошки супстанции одобрени за употреба во ветеринарната медицина ("Службен Весник на РМ" 133/2010), Правилник за условите во поглед на објектите, опремата и кадарот кој треба да го исполнат производителите и увозниците на ветеринарно медицински препарати ("Службен Весник на РМ" бр.113/2010), Правилник за начелата и упатствата за добра производна пракса за ветеринарни медицински препарати ("Службен Весник на РМ" 118/2010) и Правилник за условите кои треба да ги исполнуваат ветеринарните аптеки како и начинот на работа ("Службен Весник на РМ" бр.133/2010).

---

[24] Според коментарите на Европската Комисија од последниот Извештај за напредок на РМ во евроинтеграциските процеси за 2010 имплементирачкото законодавство од областите некомерцијално движење на домашни миленици и увозни барања за живи животни и животински производи допрва треба да се донесе. Истите веќе се донесени и за нивното доенсување Европската Комисија беше навремено информирана.

Од областа на *зоотехничките прашања* врз основа на Законот за сточарство ("Службен весник на РМ„ бр. 7/2008 и 116/2010) донесени се 4 пратечки прописи од делот на биолошката разновидност во сточарството кои се објавени во "Службен весник на Република Македонија„ бр. 151/2010, како и програма за биолошка разновидност во сточаратво објавена во "Службен весник на Република Македонија„ бр. 144 /2010.

*Меѓународните ветеринарни спогодби стануваат* обврска за Република Македонија со нејзното пристапување во ЕУ.

Намалувањето на *ветеринарните трошоци* предвиедни со Програмата за здравствена заштита на животните за 2010 се намалени за 20% како резултат на мерките за справување со економската криза што ја оневозможува реализација на активностите од Програмата во целост. Неопходни се дополнителни средства од други извори на финансирање.
Во текот на 2010 година во организација на DG SANCO одржани се голем број обуки за имплементација на Европското законодавство во ветеринарната политика (здравствена заштита на животните, благосостојба на животните и нивна заштита, контрола на увозот). Заради потребата од поддршка во транспозицијата и импелментацијата во одредени области во надлежност на Управата за ветеринарство во организација на TAIEX беа реализирани 7 настани (работилници и експертски мисии).

*Од областа контролни мерки за болести кај животните* започната е имплементацијата на Програмата за искоренување и сузбивање на бруцелоза кај овците и козите ("Службен Весник на РМ„ бр. 46/2010). Со нов пристап со кој се воспоставува масовна вакцинација и/или контрола на болеста со систем на мониторинг на движењето на малите преживари на територијата на Република Македонија, следејќи ги критериумите на ризикот за ширење на болест и превалентност на стада на болеста.

Во областа на *идентификација и регистрација на животните* значителен прогрес беше направен во контролата на движењето на животните. Сите одгледувалишта во земјата се регистрирани и во овој момент во Централната база на податоци се регистрирани вкупно 804.770 *овци и кози*. Од активностите за воспоставување на системот за *идентификација и регистрација на животните од видот свињи* изготвена е Стратегија за понатамошна надградба на постоечкиот систем, осмислување и изработка на формулар за попис на одгледувалишта за свињи. За зајакнување на административниот капацитет на Управата за ветеринарство за *идентификација и регистрација на животните* во текот на 2010 година не беа одобрени финасиски средства и активноста се одложува за наредниот период.

Со зајакнување на капацитетите на Сектор за земјоделство - Одделенито за сточарство овозможени се иницијални активности во областа на *зоотехничките прашања*. Непосредно одговорен за инспекцискиот надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за сточарство е Државниот инспекторат за земјоделство, кој е орган во состав на МЗШВ. За поефикасно вршење на надзор и контрола во областа на зоотехниката во Одделението за сточарство вработени се 3 лица.

Во рамките на *CARDS 2006 Проект за Интегрирано Гранично Управување завршена е изградбата на ветеринарно инспекцско место на граничен премин Табановце.*

Процедурите за потврдување на *лабораториите на Факултетот за ветеринарна* се подобрени со акредитација на дополнителни 20 дијагностички методи на почетокот од 2010 година.

Од 01-ви септември 2010 започна да се имплементира *Проектот за Зајакнување на капацитетот на ветеринарните институции за имплементација на ЕУ Законодавството (IPA 2008).*Со истиот се опфатени бројни активности во насока на ефикасно спроведување на ветеринарната политика согласно барањата на ЕУ. На овој начин ќе се овозможи покрај другото и зајкнување на капацитетите на Управата за ветеринарство во поглед на вршење на систематски контроли на преносливи болести кај животните.

Во поглед на имплементација на Законот за благосостојба на животните подготвени се листи за официјални контроли за барањата и методите за заштита на животните држени во фармски услови, особено држењето на свињи, говеда и несилки што се вршат од страна на официјалните ветеринари. Со ова е овозможено униформно и професионално вршење на контролите преку вршење на контроли и промовирање на свеста на фармерите во однос на заштита и благосостојба на животните. Освен тоа, зајакнати се надзорот и контролата врз спроведувањето на Законот за благосостојба и заштита на животните во зоолошките градини. Изработени се контролни листи за заштита на животните во зоолошките градини.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2011 година продолжуваат активностите од апсект на усогласување на националното законодавство со релевантното EU acquis. Се очекува да бидат донесени голем број подзаконски акти, а попрецизно:

- Согласно Законот за ветеринарно здравство ("Службен весник на Република Македонија" 113/07),

А. Од областа *на системи за контрола на увозот* Агенцијата за храна и ветеринарство продолжува со редовно следење на промените во Европското законодавство, преземање и примена на соодветните мерки за заштита (safeguard measures) усвоени од страна на Европската Унија.

Б. Од областа *контролни мерки за болести кај животните* ќе бидат усвоени подзаконски акти: План за итни мерки за болести кај аквакултурата (користени ЕУ мерки:32006L0088); План за итни мерки за Африканска болест кај свињите (користени ЕУ мерки:31992L0035); План за итни мерки за Њукастелска болеста (користени ЕУ мерки:31992L0066); План за итни мерки за болеста класична свинска чума (користени ЕУ мерки:32001L0089); План за итни мерки за везикуларна болест кај свињите (користени ЕУ мерки:32002L0060, 31992L0119, 32000D0428 ); План за итни мерки за болестите кај рибите (користени ЕУ мерки:32006L0088; 32009D0177; 32008D0896;32004D0453; 32008D0392), План за итни мерки за болести кај аквакултурата (користени ЕУ мерки:32006L0088) и План за итни мерки за болеста африканска чума кај свињите (користени ЕУ мерки: 32002L0060).

Заради целосно транспонирање на одредбите од EU acquis за трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии – ТСЕ (32001R0999 со нејзините измени и дополнувања), ќе се донесе нова Програма за сузбивање и искоренување на трансмисивните спонгиоформни енцефалопатии. Од областа на *внатрешен промет во Европската Заедница со живи животни, ембриони, јајце клетки и семе за вештачко осеменување*[25]*:*

Правилник за условите за здравствениот и репродуктивниот статус на животните, ветеринарно-здравствените услови за исправноста на семето за вештачко осеменување, јајце клетките и ембрионите, како и начинот на водење на евиденција (користени ЕУ мерки: 31992L0065, 31990L0429, 31988L0407, 31990L0120, 31989L0556); Правилник за условите за ставање во промет на одделни видови животни и нивна намена (користени ЕУ мерки: 31992L0065, 31990L0425); Правилник за условите за центри за репродукција и вештачко осеменување и начинот и условите за одобрување на тимовите за ембриотрансфер (31992L0065).

- Согласно Законот за *благосостојба и заштита на животните* ("Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07), ќе биде донесен Правилникот за благосостојба на животните за време на транспорт (користени ЕУ мерки: 32005R0001, 32004D0544). Со негово донесување ќе се овозможи целосна имплементација на правилата за благосостојба на животните предвидени со релевантното EU acquis.

- Од областа *идентификација и регистрација на животните*, се очекува да се усвојат измените и дополнувањата на Законот за идентификација и регистрација на животните ("Службен весник на Република Македонија" бр. 54/05 и 81/07) заради целосно усогласување со релевантното законодавство на ЕУ. Последователно на тоа ќе биде усвоен Правилник за идентификација и регистрација на копитари усогласен со одредбите на следните ЕУ мерки: 31990L0426; 31990L0427; 31997R0820; 31993D0623.

До крајот на 2011 година се предвидува изработка и донесување на подзаконските акти од законот за сточарство од областа на *зоотехниката*. Со нивното донесување ќе се уреди формата, содржината и начинот на водење на регистерот на признатите организации на одгледувачи, формата и содржината на зоотехничките документи како и матичната книга, критериумите за пуштање во промет на семе од добиток и условите за признавање на организациите на одгледувачи по одделни видови на добиток. Подзаконските акти ќе бидат усогласени со следните ЕУ мерки: 31984D0247, 31989D0501, 31989D0504, 31989D0505; 31977L0504, 32005D0379, 31988L0661, 31989D0503, 31989D0506, 31990D0258, 31990L0427, 31996D0078; 31977L0504, 31984D0247, 31984D0419, 31989D0502, 31989D0503, 31989D0506, 31989L0361, 31990D0255, 31993D0623 и 31990D0258; 31977L0504, 32005D0379, 31989L0361 и 31996D0079; 31992D0353, 31992D0354, 31984D0247, 31989D0504, 31992D0353. До крајот на месец февруари 2011 година во областа на *зоотехниката* предвидено е донесување на Заедничка основна програма за одгледување на добиток за период од 10 години (2011-2020 година) како и Годишната Програма со мерки за унапредување на сточарството во 2011 година, со начин/упатство за реализација на истите.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

---

[2] Со исклучок на имплементирачкото законодавство за внатрешен промет со семе за вештачко осеменување од животни од видот говеда што веќе е донесено и објавено во Сл. весник на РМ 143/2008 од 13.11.2008. Истото е во целост усогласено со законодавството на ЕУ што ја регулира оваа специфична област.

Предвидени се вработувања на нови официјални ветеринари како и обуки за зајакнување на капацитетите на ветеринарните инспекциски служби. На овој начин се очекува да се постигне одреден напредок во имплементација на контролниот систем компатибилен со истиот на ЕУ.

Меѓу планираните активности за 2011 година е продолжување со развојот и тестирање на веке развиените модули од Ветеринарниот Информациски Систем – ВИС. Откако ќе бидат развиени сите модули, секој од нив ќе работи независно, но ќе биде поврзан со останатите (interface) што ќе овозможи проток на специфични и јасно дефинирани работни задачи на ветеринарните служби во Република Македонија. Системот ќе има можност за надградба, т.е. додавање на нови сегменти/модули во случај на потреба.

Според препораките на Европската Комисја планирано е ажурирање на системот за идентификација и регистрација на животните со цел негово поврзување со системот за сузбивање на бруцелозата. Системот за идентификација и регистрација на свињите се очекува да биде воспоставен и имплементиран во текот на 2011.
До крајот на 2011 година се очекува да се заврши со воспоставувањето на систем за *идентификација и регистрација на домашни миленици (кучиња и мачки)*.

*Ветеринарниот Информациски Систем – ВИС* како активност во рамки на Проектот за зајакнување на Земјоделството и пристап во ЕУ на РМ (со финаскиска поддршка од Светска Банка во вид на заем) се очекува да биде целосно развиен до крајот на 2011. Воведувањето на системот за идентификација и регистрација (ИиР) на свињите, мониторингот на резултатите од имплементацијата на системот за ИиР на свињите се очекува да биде завршено до крајот на 2011 година, како и воспоставувањето на системот за идентификација и регистрација на домашни миленици од видот кучиња. Во рамки на Агенцијата за храна и ветеринарство е предвидено формирање на Одделение за внатрешна ревизија и оценка на извршувањето односно стручното работење на ветеринарните инспекциски служби. Со ова ќе се овозможи спроведување на системот за надзор на ветеринарните инспектори и ветеринарните станици. До крајот на 2011 година планирано е да заврши постапката за акредитација на други дијагоностички методи на лабораториите во рамки на Факултетот за ветеринарна медицина согласно барањата на ЕУ.

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2012 година се очекува донесување на дел од подзаконските акти од Законот за ветеринарно-медицински препарати. Дел од одредбите од ЕУ мерките: 32006L0130, 31990R2377, 31999D0879, 31995R1662, 31996R2141, 31998R1069, 32003R1084, 32003R1085, 31993R2309, 31990L0219, 31998L0081, 32001L0018, 31991L0412, 31995R0540 се инкорпорирани во Законот, додека останатите ќе бидат инкорпорирани во подзаконските акти кои ќе произлезат од овој Закон. Истото важи и за подзаконските акти што произлегуваат од Законот за безбедност на храна за животни.

Од областа контролни мерки за болестите согласно Законот за ветеринарно здравство ќе се донесат: Правилник за правата и обврските на учесниците во Системот за надзор (користена ЕУ мерка: 31964L0432) и Правилник за условите за начинот на работа на Ветеринарниот Информациски Систем (користени ЕУ мерки: 31992D0503, 31997D0394, 32002D0459, 32003D0623, 32004D0675, 32005D0176, 32007D0013).

Освен тоа, согласно препораките на Европската Комисија планирана е ревизија на Законот за заштита и благосостојба на животните со цел негово усогласување со одредбите од новите ЕУ мерки кои се однесуваат на благосостојбата на животните и роковите за нивна имплементација.

Од областа на идентификација и регистрација на животните ќе биде донесен Правилник за идентификација и регистрација на домашните копитари усогласен со ЕУ мерките 31990L0427, 31990L0426, 31993D0623 и 31997R0820.

До крајот на 2012 година се предвидува донесување на останатите подзаконски акти од областа на зоотехниката согласно одредбите од Законот за сточарство. Со нивното донесување ќе се утврдат критериумите за определување и употреба на приплодниот добиток како и критериумите во поглед на објектите, опремата и кадрите за тестирање на својствата на добитокот за потребите на одгледувачките програми, постапките и начинот на тестирање кај одделни видови на добиток, методите и постапките за мерење на својствата и прогнозирање на генетската вредност на добитокот како и начинот на ставање во промет на приплодниот добиток и вршење на промет со семе. Донесувањето на подзаконските акти ќе биде усогласено со релевантното законодавство на ЕУ и тоа: 31977L0504, 31987L0328, 31990D0257 и 31990L0427, 32006D0427, 31994D0515, 31990D0256, 31990D0257, 31977L0504, 31988L0661, 31990L0428 и 31992D0216, 31977L0504, 31990L0118, 31990L0119 и 31988L0661.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со цел запознавање со ЕУ стандардите и процедурите, како и успешна имплементација на релевантното ветеринарно законодавство на Република Македонија предвидени се низа обуки за нововработените лица. Исто така предвидени се и континуирани обуки за надградба на знаењата на останатите вработени чии задачи и обврски се директно поврзани со евроинтеграцискиот процес.

Во текот на 2012 година се планира опремување и обука за официјалните ветеринари на ветеринарно инспекциско место на граничен премин Табановце како активност во рамки на Проектот ИПА 2010.
Исто така Проектот ИПА 2010 се предвидува градење на објекти за ветеринарна и фитосанитарна контрола – на Аеродромот Александар Велики-Скопје, како и комплетно опремување на истите, како и твининг проект кој ќе помогне во јакнење на капацитетите на Агенцијата за храна и ветеринарство во поглед на имплементација на Европското законодавство кое е транспонирано во националното.

Во делот на зоотехничките прашања за период од 2012-2013 година предвидено е да се воспостават регистри на признатите организации на одгледувачи по одделни видови на добиток како и регистар на автохтони раси/линии на добиток во Република Македонија.
Имплементацијата на повеќето активности од *Проектот за Зајакнување на капацитетот на ветеринарните институции за имплементација на ЕУ Законодавството (IPA 2008)* продолжува во текот на 2012 година.

По исполнувањето на барањата за изградба на објектите и набавка на опрема за вршење ветеринарни прегледи на инспекциските места на граничните премини ќе се воспостави систем за контрола целосно компатибилен со системот на ЕУ.

Во поглед на имплементација на законодавството од областа на *благосостојба на животните и нивна заштита* посебен акцент ќе биде ставен на имплементација на системот за контрола на благосостојбата на несилките, но по претходна ревизија на Законот за благосостојба на животните и нивна заштита.

Заради обемноста во изготвувањето на подзаконските акти од делот на зоотехниката која е регулирана со Законот за сточарство, како и заради нивното усогласување со релевантното законодавство на ЕУ, стручно-административниот кадар во Одделението за сточарство има потреба од посета на некоја земја членка на ЕУ заради размена на искуства од областа на зоотехниката, како и користење на TAIEX експертска помош за усогласување со релевантното ЕУ законодавство од наведената област, со цел започнување на имплементација на ЗОПОД како и на Програмата за биолошка разновидност во сточарството.

### 3.12.3 **СТАВАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА ХРАНА И ДОБИТОЧНА ХРАНА**

*Тековна состојба*
Измените и дополнувањата на Правилникот за безбедност и хигиена на млекото и производите од млеко (”Службен Весник на Република Македонија” бр. 151/07) се донесени и објавени во “Службен Весник на РМ„ бр. 93/2010. Измените и дополнувањата имаат за цел транспонирање на одредбите од релевантните ЕУ мерки што се однесуваат на млеко и производи од млеко наменети за извоз во ЕУ и нивна целосна имплементација. Во врска со горенаведеното, Управата за ветеринарство постапи по забелешките и препораките дадени во текот на *ФВО Мисијата за проценка на ситуацијата во поглед на ветеринарно-здравствените контроли и надградба на одредени категории/класи на објекти за производство на храна (црвено месо и млеко)* одржана во текот на претходната година (2009).

Согласно Законот за нус производи од животинско потекло ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 113/2010) донесени се:
- Правилник за ограничувањата на употребата на нус-производите од животинско потекло во исхраната на животните објавен во "Сл. Весник на РМ" бр. 121/2010 *(32002R1774),*
- Правилник за исклучоците во однос на употребата на нус-производите од животните објавен во "Службен Весник на РМ" бр. 113/2010 *(32002R1774),*
- Правилник за посебните услови во однос на објектите,техничката опременост, како и постапките и условите за вршење на соодветна дејност кои треба да ги исполнуваат преработувачките објекти на нус производите од животинско потекло објавен во "Сл. Весник на РМ" бр. 73/2010 *(32005R0079),*
- Правилник за условите кои треба да ги исполнуваат објектите за производство на храна за домашни миленици и техничките објекти за нус производи од животинско потекло и посебните технички услови и постапки за преработка при ставање во промет и увоз на храна за домашни миленици и технички производи од нус производи од животинско потекло објавен во "Сл. Весник на РМ" бр.110/2010 *(32002R1774)*

- Правилник за техничките услови за постапување и нештетно отстранување на специфичниот ризичен материјал (СРМ) објавен во "Сл. Весник на РМ" бр. 113/2010 (*32001R0999).*

Со ова одредбите од "хигиенскиот пакет" на ЕУ што се однесуваат на *хигиенски правила, специфични правила за животински производи, контролни правила* и *специфични контролни правила за животински производи* се во целост транспонирани во националното законодавство.

Во однос на оценувањето (евалуацијата) на земјоделско–прехранбените претпријатија за усогласеност со стандардите на ЕУ и програмите за унапредување, изготвени се *Листи за контрола на усогласеноста на објектите со ЕУ стандардите*.

Управата за ветеринарство изработи *Национален План за подобрување на квалитетот на суровото млеко во однос на ЕУ критериумите* со кој се утврдуваат активностите на Управата за ветеринарство во однос на подобрување на квалитетот на суровото млеко согласно критериумите на Европската Унија. Истиот е усвоен од страна на Влада на РМ.

Во текот на 2010 година беше донесена *Програма за* мониторинг на безбедноста на храната во Република Македонија за 2010 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.44/10). Донесувањето на Програмата е предвидено со Законот за безбедност на храна, како годишна активност за вршење на мониторинг на одредени контаминенти во прехранбени производи кои се произведени и ставени во промет во Република Македонија, а која ќе обезбеди донесување на целни мониторинг програми за одделни видови производи.

Во организација на DG SANCO во рамки на програмата Better training for safer food во текот на 2010 година одржани се голем број обуки за имплементација на Европското законодавство од страна на официјалните ветеринари заради организација и униформен пристап во вршењето на официјалните контроли согласно барањата на ЕУ во поглед на контрола на производите од животинско потекло.

Во текот на 2010 година извршени се *обуки* на сите одговорни вработени лица во Дирекцијата за храна за повеќе области и преку соработка со повеќе домашни и меѓународни органи и организации.
Во 2010 се реализирани 9 TAIEX проекти (експертски мисии, работилници и студиски посети) за: проверка, подготовка и имплементација на законодавството за безбедност на храната во Република Македонија и тоа: студиска посета за имплементација на HACCP, работилница за службени контроли во однос на HACCP, работилница за имплементација на HACCP, работилница за калибрација на референтни термометри кои се користат за аудит и контрола на термометри кои се применливи во индустрија за храна каде се користат HACCP стандарди, работилница за земање мостри при службени контроли, работилница за службени контроли, работилница за RASFF, експертска мисија за микробиолошките критериуми за безбедност на храна и експертска мисија за поделба на надлежности помеѓу органите.

Во тек е процесот за утврдување на нова постапка за обезбедување на контрола и зголемување на свеста кај операторите со храна од животинско потекло од млеко-производството во однос на здравствениот статус на животните од фармите од каде што се снабдуваат со суровина. Во тек се обуките наменети за операторите со храна од животинско потекло вклучени во примарното и пост-примарното производство во соработка со Факултетот за ветеринарна медицина во рамки на универзитетот "Св. Кирил и Методиј" од Скопје .

Во рамките на *Проектот за интегрирано гранично управување* обезбедена е информатичка опрема и софтвер за процедурата при увоз на храна, извршени се обуки за користење на апликацијата и постигната е имплементација на овој проект. Проектот е финансиран и управуван од ЕАР. Владата на РМ ја усвои Националната стратегија за интегрирано гранично управување, со Акционен план.

Процесот на воспоставување на стандарди за квалитет во работата (ISO 9001: 2000) е во завршна фаза, со цел унифицираност во работата на инспекторите за храна и до крајот на 2011 се очекува негова целосна имплементација што има за цел обезбедување на квалитет во работењето.

Во Дирекцијата за храна во тек е проектот „Quality and Regulatory Infrastructure Development for Food safety and Quality in South East Europe" (период, од 1 Февруари 2008 до 31 Декември 2011), како резултат на потпишан Специфичен договор и Меморандум за соработка помеѓу Министерството за здравство на Република Македонија и конзорциумот составен од Шведскиот Одбор за акредитација и сообразност и Шведската Национална Администрација за храна.

Инспекциските служби (официјални ветеринари во поглед на храна од животинско потекло односно инспектори за храна во однос на храна од неживотинско потекло) вршат аудит и редовни контроли врз спроведувањето на HACCP принципите

од страна на операторите за храна. Во случај на некоректна примена на истите се преземаат корективни мерки предвидени со националното законодавство усогласено со законодавството на ЕУ.

Оценувањето на претпријатијата за преработка на храна за утврдување на сообразеност со стандардите на ЕУ и нивните програми за надградба се врши на терен од страна на официјалните ветеринари. Изработени се листи за контрола на усогласеноста на објектите за производство на храна од животинско потекло со стандардите на ЕУ.

Поголем број на модули за обука беа посетувани од страна на вработените во Дирекцијата за храна кои генерално се однесуваат на HACCP процедури ISO/IEC 17020 акредитација, Методологија на проценка на ризик, Здравствена заштита и благосостојба на животни.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2011 година ќе се продолжи со усогласувањето на националното законодавство со соодветното ЕУ Acquis преку донесување на подзаконски акти.

Со донесување на новиот Закон за безбедност на храната се предвидува да се направи исклучок за *операторите со храна со мали капацитети во поглед на нивна надградба и мониторинг* на флексибилен начин, но при тоа да се задржат начелата предвидени со Европското законодавство како и утврдување на одредби за транзициони периоди и одредби за категоризација и класификација на објектите – операторите со храна.

Во 2011година ќе бидат донесени *Националниот план за контрола на резидуи и контаминентни во храната за 2011 година* и *Програма за мониторинг на безбедноста на храната во РМ за 2011 година.* Согласно новоусвоениот Закон за безбедност на храна ќе се донесат неколку подзаконски акти заради детално уредување на: начинот и постапката за мониторинг и контрола на резидуи и недозволени супстанции во храната, мониторинг на антимикорбна отпорност, контролата на предизвикувачи на зоонози како и условите за контрола на температурата за храна. Ќе биде донесен нов Правилник за начините на земањето мостри од храна („Службен весник на Република Македонија" 78/08); 32002L0063, 32004R0882; 32006R0401, 32006R1882, 32006R1881, 32006R1883, 32007R0333

Законот за нус производи од животинско потекло („Службен Весник на Република Македонија" 113/07) ќе претрпи соодветни измени, со оглед на фактот дека Регулативата 2002/1774/ЕК е укината со усвојувањето на Регулативата 32009R1069 што стапува на сила во 2011 година,

Согласно законот за нус производи од животинско потекло ќе се донесе Правилник за исклучоците во однос на отстранувањето на нус-производите од животните (користени ЕУ мерки:32002R1774). Со ова ќе се заокружи правната рамка за нус-производи од животинско потекло.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во рамки на ИПА 2008 се предвидува: стратегија за обработка на животински нус- производи, развој на систем за собирање, преработка, употреба, трговија и нештетно уништување на нус-производите од животинско потекло, изработка на оперативни водичи за здравствените барања во однос на нус-производите од животинско потекло кои не се наменети за човечка исхрана, како и обуки на официјалните ветеринари. Активностите ќе започнат во текот на 2011 година.
Зајакнување на соработката на институциите вклучени во контрола на храната преку развивање на процесот на интегриран приод за контрола на безбедноста на храната на надлежните органи во Република Македонија согласно новиот Закон за храна.

Заради зајакнување на капацитетите на Агенцијата за храна и ветеринарство, предвидени се:

- општи /генерички обуки и специјализирани обуки од областа на безбедноста на храната во организација на TAIEX (експертски мисии, работилници, студиска посета), EFSA, SIDA проектот, Обука на инспекторите за храна за вршење надзор во објекти со имплементиран HACCP систем, Обуки во сопствена организација (нова легислатива, обезбедување на соодветни обуки за новвработените инспектори за храна).
- обезбедување на опрема за инспекторите (Моторни возила, канцелариска и информатичка опрема, Опрема за софтверско поврзување на подрачните единици на Агенцијата за храна и ветеринарство, опрема за земање мостри и друга опрема за инспекторите за инспекторите за храна).

Новиот систем на плаќање во однос на финансирање на резултатите од контролите на земање на мострите ќе започне да функционира во текот на 2011 година.

Усвојување на Националниот план за подобрување на квалитетот на суровото млеко и по имплеменатција на оперативниот план Агенцијата за храна и ветеринарство ќе врши проценка на успешноста на Националниот план за подобрување на квалитетот на суровото млеко и ќе предложи соодветни корективни мерки.

Со ИПА 2008 предвидена е изработка на *Повеќегодишен план за официјални контроли* усогласен со Регулативата 882/2004 како и имплементациски процедури за систематско и унифицирано вршење на официјалните контроли.

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**
На среден рок предвидено е предвидено е изменување и дополнување на Правилникот за посебните барања за безбедност на храната по однос на микробиолошки критериуми ("Службен весник на Република Македонија" бр.78/08), кои ќе бидат усогласени со одредбите од: 32005R2073, 32007R1441.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Со ИПА 2009 планирани се бројни активности: анализа на актуелната состојба во однос на локацијата, транспортот и нештетното уништување на нус-производите од животинско потекло.

Со проектот ИПА 2010 планирана е воспоставување на центар за обука, обука на обучувачи од областа на ветеринарното јавно здравство.

Планирана е сертификација на стандардот ИСО 17020 за инспекциско тело за безбедност на храната во рамките на Агенцијата за храна и ветеринарство.

Планирано е спроведување на специјализирани обуки кои во моментот се договараат во соработка со EFSA, TAIEX, SIDA и други проекти и институции.

За постигнување на овие цели планирано е набавување опрема за инспекторите за храна за вршење на контрола на производните капацитети, како и опрема за земање на мостри.

## 3.12.4. **ПРАВИЛА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА**

**Тековна состојба**
Согласно Законот за безбедност на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/02 и 84/07) донесени се следните правилници, усогласени со соодветните ЕУ правни акти:

- Правилник за посебните барања за безбедност на жестоките алкохолни пијалоци („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2010) 32008R0110
- Правилник за производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 93/2010) 32004R1935, 32009R0450, 32005R1895, 32007R0372, 31984L0500, 31993L0010, 31993L0011, 32002L0072, 31978L0142, 32004L0014, 31982L0711, 31985L0572, 32007L0042, 31980L0766, 31981L043;
- Правилник за посебните барања за безбедност на пивото . („Службен весник на Република Македонија" бр. 128/2010)- национален акт;
- Правилник за дополнување на Правилникот за адитивите што можат да се употребуваат за производство на храна(„Службен весник на Република Македонија" бр. 147/2010) 32009L0032, 32010L005;
- Правилник за посебните барања за безбедност на храната во која се додадени витамини, минерали и одредени други супстанции. („Службен весник на Република Македонија" бр. 152/2010) 32006R1925, 32009R1170.

Во првиот квартал на 2010 година реализирани се 6 нови вработувања во рамки на Дирекцијата за храна (4 државни инспектори за храна, 1 виш соработник и 1 соработник).

Дирекцијата за храна води Регистер на производители на храна како и одделен регистер за производители на храна за посебна нутритивна употреба, додатоци на храна, храна од ГМО и храна произведена со иновирани технологии.
Одделението за храна за посебна нутритивна употреба, додатоци на храна, ГМО храна и храна произведена со иновативни технологии спроведува регистрација на храна за посебна нутритивна употреба и додатоци на храна, ГМО храна и храна произведена со иновирани технологии на пазарот на РМ.

Дирекцијата за храна води и редовно ажурира одделен Регистер за природни минерални води.

Дирекцијата за храна води евиденција за адитивите кои може да се користат во прехранбената индустрија и истите се евидентираат во Регистер за увоз на адитиви во РМ.

Во 2010 се реализирани 6 TAIEX проекти – експертски мисии, работилници и студиски посети за проверка, подготовка и имплементација на законодавството за безбедност на храната во Република Македонија: Студиска посета за нутритивни и здравствени тврдења, Експертска мисија за храна за посебна нутритивна употреба и здравствени и нутритивни тврдења, Експертска мисија за млечна храна за доенчиња, Експертска мисија за додатоци на храната, Работилница за материјали во контакт со храна и Работилница за означување, рекламирање и презентација на прехранбените производи. Дирекцијата за храна, Министерство за здравство како контакт точка за предпристапната програма на Европската Агенција за безбедност на храна, учествуваше во активности за обуки организирани преку EFSA: Комитет за пестициди (Парма, Италија), Советодавен Форум за Комуникација на EFSA, Студиска посета на Агенцијата за безбедност на храна и исхрана во Шпанија за експертите од Турција и Македонија, Семинар за различни пристапи во анализа на ризик на безбедност на храна во ЕУ во Турција, Семинар за адитиви во храна и засладувачи, Хрватска, Технички состанок за новостите во врска со нутритивните и здравствени тврдења на храната (Италија), Четиринаесетти научен колоквиум за класификација на храна (Италија), Научен Колоквиум за нови ризици во храната: од идентификација до комуникација (Италија) и Научен Колоквиум за храна од ГМО, Италија;

Голем број обуки за вработените лица во Дирекција за храна беа реазлизирани во текот на 2010 година и тоа: Зајакнување и имплементација на јавната внатрешна финансиска контрола на централно ниво, во организација на Министерството за финансии (MATRA проект), Семинар за имплементација на ЕУ легислатива во организација на SIDA проектот, Систем за раководење и чување на документи, во организација на Министерство за информатичко општество, Семинар за стратешко планирање, во организација на Секретаријатот за европски прашања, Семинар за Меѓународни GS1 стандарди во функција на следливоста и Семинар за Следливост - предизвик на македонското стопанство и решенија што ги нуди Меѓународниот GS1 систем на стандарди, во организација на GS1, Стопанска комора на РМ (во Скопје), Тренинг курс за најдобри практики за зголемено ниво на контрола на сточна храна и храна од неживотинско потекло, во организација на DG SANCO (во Италија), Обука на тема „Процес на преговори за пристапување кон ЕУ “во организација на Секретаријатот за европски прашања, Обука за внесување на ѕвездичка во подзаконските акти кои се хармонизираат со ЕУ легислативата, во организација на Секретаријатот за законодавство, Обука за изготвување на кореспондентни табели, во организација на Секретаријат за законодавство, Тренинг курс за предмети и материјали кои доаѓаат во контакт со храната, во организација на DG SANCO, Естонија и Португалија. Во организација на Агенција за државни службеници спроведени се следните обуки: Конзистентна примена на Законот за јавни набавки, Програмска обука за управување со проектен циклус, Регистар на државни службеници, Постапка за селекција и вработување на државни службеници, Вовед во е-влада, Антикорупциски мерки и етика на државната служба.

Беа одржани и неколку настани на кои земаа учество преставници од Дирекцијата за храна: Втора годишна конференција на Мрежата на сектори/одделенија за управување со човечките ресурси, во организација на Агенција за државни службеници и Секретаријат за европски прашања на тема: “Инвестирање во човечките ресурси” и работилница „Spicing up RASFF with iRASFF“, во организација на Европската Комисија, DG SANCO, Италија.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Заради усогласување со европското законодавство потребно е во наредната година да се извршат изменувања и дополнувања на следните правилници со цел нивно ажурирање согласно со промените во ЕУ легислативата:

- Правилник за посебните барања за безбедност на млечна храна за доенчиња 32006L0141, 32008L1243
- Правилник за посебните барања за безбедност на храна на житна основа за доенчиња и мали деца 32006L0125
- Измени и дополнување на Правилникот за адитивите што можат да се употребуваат во производство на храна („Службен весник на Република Македонија” бр. 118/2005) 32008R1331, 32008R1332, 32008R1333, 32008R1334, 32008L0060, 32010L0037, 32008L0084, 32008L0128, 32010L0257
- Измени и дополнувања на Правилникот за општи барања за безбедност на храна („Службен весник на Република Македонија” бр. бр.118/2005) 32006R1881, 32003L0598, 32006L0088, 32006L0794, 32007L0331, 32006L0583, 32009R1152, 32008L0047, 32009R1152, 32009L1135, 32009L0470, 32005R0369, 32009L0669, 31993L0315
- Измени и дополнување на Правилник за посебните барања за безбедност на храна за посебна нутритивна употреба и дозволените нивоа на дневен внес на витамини и минерали („Службен весник на Република Македонија” бр. 3/2007) 32009L0039, 32009L0953, 31996L0008, 31999L0021, 32009L0041, 32006R1925

- Изменување и дополнувања на Правилникот за начинот на означување на храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 118/2005) 31989L0396; 31990L0496; 31987L0250; 31994L0054; 32000L0013; 32003L0120;
- Изменување и дополнувања на Правилникот за посебните барања за безбедност на додатоците на храната („Службен весник на Република Македонија" бр. 108/2007) 32002L0046; 32008R1137; 32009R1170
- Правилник за нутритивни и здравствени тврдења 32006R1924.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Предвидени се вработувања на нови Државни инспектори за храна, како и нови вработувања од редот на стручни државни службеници, како и обуки за зајакнување на капацитетите на службите за контрола на храна.

Со Годишната програма за обука на вработените лица од Агенцијата за храна и ветеринарство за 2011 година ќе бидат предвидени покрај општи/генерички обуки и специјализирани обуки од областа на безбедноста на храна на следните теми: обука за контрола на прехранбени производи и предмети и материјали што доаѓаат во контакт со храна, обука за храна од ГМО и храна произведена со иновирани технологии, обука за храна за посебна нутритивна употреба и додатоци на храна, обука за означување, здравствени и нутритивни тврдења на храната, во организација на TAIEX (експертски мисии, работилници, студиски посети), EFSA, во рамки на Проектот SIDA, како и обуки во сопствена организација (нова легислатива, обезбедување на соодветни обуки за ново вработените инспектори за храна).

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Надлежниот орган ќе продолжи со усогласување на законодавството со кое се регулира оваа поширока област, при тоа секогаш имајќи ги во предвид измените и дополнувањата на релевантното ЕУ законодавство од истата и од специфичните области. За постигнување на усогласеност предвидено е до крај на 2012 година да бидат подготвени:
- Изменување и дополнувања на Правилникот за посебните барања за безбедност на брзо замрзнатите прехранбени производи („Службен весник на Република Македонија" бр. 32/2006) 32005L0037
- Правилник за посебните барања за безбедност на природната минералната вода („Службен весник на Република Македонија" бр. 32/2006);
- Правилник за посебните барања за безбедност на храната произведена со иновирани технологии ("Службен весник на Република Македонија" бр.46/08); 31997R0258
- Правилник за посебни барања за безбедноста на храната која содржи или е произведена од генетски модифицирани организми („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/08). 32003R1829, 32003R1830, 32001L0018, 32004L0065, 31990L0219
- Листа на дозволена и забранета храна од ГМО
- Листа на дозволена и забранета храна произведена со иновирани технологии
- Национален контролен план за ГМО во храна.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во рамки на Агенцијата предвидено е воспоставување на соодветни механизми за подобрување на административните капацитети (зголемен број на вработени, обуки, проверка на стручноста итн.). Покрај обуки за сите вработени лица во Агенцијата за храна и ветеринарство со цел континуирана надградба на знаењата и вештините, соодветни обуки за инспекторите за храна како и обуки на вработените во Одделението за видови нутритивна храна, храна произведена со иновирани технологии и храна од ГМО, предвидени се и обуки за вработените во Одделението за квалитет во работењето и запазување на стандардните процедури, како и за вработените во Одделението за мониторинг програма за безбедност на храна.

### 3.12.5 **ПОСЕБНИ ПРАВИЛА ЗА ДОБИТОЧНА ХРАНА**

*Тековна состојба*

Во втората половина на 2010 година усвоен е *Законот за безбедност на храна за животни* („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/2010 од 05.11.2010). Истиот е усогласен со следните ЕУ мерки: 31990L0167; 31970L0373;

31979L0373; 31982L0471; 31993L0074; 31980L0511; 31982L0475; 31983L0228; 31993L0113; 31971L0250; 31971L0393; 31972L0199; 31973L0046; 31976L0371; 31976L0372; 31978L0633;31981L0715; 31984L0425; 31993L0117; 31994L0039; 31996L0025; 31993L0070; 32002R0178; 32002L0032; 32003R1831; 32003L0126; 32004D0217; 32004R0882; 32005R0183; 32005R0943; 32006R0401.

Целта на Законот е да се обезбеди правна основа за хигиена и контрола на добиточната храна и исхраната на животните преку утврдување на основни начела за хигиена и контрола на добиточна храна и исхрана на животните согласно високите стандарди и процедури на Европската Унија. Индиректно со овој закон се обезбедува висок степен на здравствена заштита на животните преку користење на хигиенски исправна добиточна храна како и здравствена заштита на луѓето како крајни потрошувачи на храната од животинско потекло како и заштита на животната средина од загадување со отпад од животинско потекло .

Во текот на 2010 година се одржаа неколку обуки на тема Законодавството на ЕУ од областа на добиточна храна во организација на DG SANCO. Целта на обуката беше детално запознавање на учесниците со многуборјните мерки развиени од страна на ЕУ чија цел е да се осигура безбедноста на храната за животни во сите фази на производството и последователно заштита на здравјето на луѓето и животните преку преземање на соодветните мерки содржани во релевантното законодавство на ЕУ. Во рамки на Проектот "Зајакнување на Земјоделството и пристап во ЕУ на РМ" - Потпроект "Обуки за вработените од Управата за ветеринарство" (со финаскиска поддршка од Светска Банка во вид на заем), реализирана е последната обука за Хигиена на добиточна храна (тероетски, практичен дел и студиска посета).

*Краторочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2011 година започнува постапката на донесување на подзаконските акти согласно Законот за безбедност на храна за животни („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/2010 од 05.11.2010), имајќи ги секогаш во предвид и измените и дополнувањата на релевантното ЕУ законодавство во дадената, специфична област.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2011 година ќе се спроведе обука на сите одговорни лица за активности од областа на *хигиена на добиточната храна* преку теоретска, практична обука како и студиска посета.

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Надлежниот орган ќе продолжи со усогласување на скунадарното законодавство (подзаконските акти) кои ќе произлезат од Законот за *безбедност на храна за животни* по редовна Собраниска постапка и истиот е објавен во („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/2010 од 05.11.2010), имајќи ги секогаш во предвид и измените и дополнувањата на релевантното ЕУ законодавство во областа.

## 3.12.6 **ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА**

*Тековна состојба*

### Правна рамка

Значителен напредок е постигнат во однос на законодавните активности со донесувањето на голем број на подзаконски акти во текот на 2010. Во надлежност на Фитосанитарната Управа донесени се следните подзакоски акти и тоа врз освова на од следните закони :

- Закон за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/05, бр 81/08/ бр 20/09 и бр 57/10),
- Законот за производи за заштита на растенија („Службен весник на Република Македонија" бр. 110/07 и бр. 20/09)
- Законот за ѓубрињa („Службен весник на Република Македонија" бр. 110/07 и бр 20/09)

Растенијата како добра од општ интерес за Републиката имаат посебна заштита утврдена со Уставот на Република Македонија. Оттука здравјето на растенијата е право и одговорност на Република Македонија – Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во чиј состав се Фитосанитарната управа, Државната фитосанитарна лабараторија , Државниот инспекторат за земјоделство и Управата за семе и саден материјал. Надлежностите на

Фитосанитарната управа произлегуваат од: Законот за здравје на растенијата, Законот за производи за заштита на растенијата и Законот за ѓубрињa .

**Законот за здравјето на растенијата** (**„Службен весник на Република Македонија" бр**. 29/05, 81/08/ 20/09 **и** 57/10),

Цели кои се остваруваат со законот се однесуваат на заштита на растенијата и растителните производи од штетни организми, спречување на внесување и ширење на штетни организми и обезбедување на нивно сузбивање со примена на мерки за заштита на растенијата,растителните производи и другите објекти и предмети како и откривање и одредување на штетни организми и овозможување на оптимално производство на одгледуваните растенија и трговија со иститеасте.

Од овој закон во 2010 година се донесени следните подзаконски акти:

- Закон за дополнување на Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 57/10) , усогласен со одредбите од ЕУ мерки: 32000L0029, Директивата на Советот бр.2000/29/ЕЗ од 8 мај 2000 за заштитните мерки против воведување во Заедницата на организми штетни за растенијата или растителните производи и против нивното ширење во Заедницата.
- Одлука за определување на места на влез на кои ќе се врши фитосанитарна инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр. 59 од 28 април 2010) .
- Листи на штетни организми, растенија и растителни производи и други објекти и предмети („Службен весник на Република Македонија" бр. 65 од 12 мај 2010 год.), усогласен со одредбите од ЕУ мерки: 32000L0029,
- Правилник за формата и содржината на фитосанитарниот сертификат или фитосанитарниот сертификат за реекспорт и формата и содржината на пријавата за издавање на фитосанитарен сертификат во („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/10 од 27.08.2010,), усогласен со одредбите од ЕУ мерки: 32000L0029, и според пропишаните обрасци од Меѓународната конвенција за заштита на растенијата (IPPC)
- Правилник за начинот и постапката за вршење на фитосанитарна инспекција на растенија, растителни производи и други објекти и предмети на места на влез во Република Македонија во („Службен весник на Република Македонија" бр. 111/10 од 25.08.2010) , усогласен со одредбите од ЕУ мерки: 31998L0022, и која се однесува на минимум услови за спроведување на проверка на здравјето на растенија во Заедницата, на инспекциските служби поинакви отколку тие на местата на дестинација на растенија, растителни производи и други објекти кои доаѓаат од трети земји,
- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на производители, преработувачи, увозници и дистрибутери на растенија, растителни производи и други објекти и предмети, во („Службен весник на Република Македонија" бр. 131/10 од 01.10.2010), усогласен со одредбите од следните ЕУ мерки: 32000L0029, 31992L0090, 31993L0050,
- Правилник за начинот на водење на евиденција, начинот на спроведување на проверките на здравјето на растенијата, содржината и начинот на известување за податоците за производство, преработка, промет со растенија, растителни производи и други објекти и предмети во („Службен весник на Република Македонија" бр. 131/10 од 01.10.2010), усогласен со одредбите од следните ЕУ мерки: 32000L0029, 31992L0090,
- Правилник за поблиските критериуми за утврдување на малите производители или преработувачи и локалните пазари, во („Службен весник на Република Македонија" бр. 131/10 од 01.10.2010) , усогласен со одредбите од следните ЕУ мерки: 32000L0029,
- Правилник за условите за движење на пратките на растенија, растителни производи и други објекти и предмети наведени во Листа V дел А секција 2, во („Службен весник на Република Македонија" бр. 131/10 од 01.10.2010) (предвидено беше да се донесе до 31.12.2012), усогласен со одредбите од следните ЕУ мерки: 32000L0029,
- Правилник за временски периоди и начинот на вршење на фитосанитарна инспекција на растенија, растителни производи и други објекти и предмети наведени во Листа V дел А секција 1 и Листа V дел А секција 2 , во (Службен весник на Република Македонија бр.131/10 од 01.10.2010) (предвидено беше да се донесе до 31.12.2011), усогласен со одредбите од следните ЕУ мерки: 32000L0029,
- Правилник за пасоши за растенија. во („Службен весник на Република Македонија" бр. 131/10 од 01.10.2010), усогласен со одредбите од следните ЕУ мерки: 32000L0029, 31992L0105 и изменета со 32005L0017,
- Правилник за мерките и начинот на спроведување на мерките за уништување или отстранување на штетните организми и мерките и начинот на спроведување на дезинфекција, дезинсекција или дератизација на штетните организми во („Службен весник на Република Македонија" бр. 131/10 од 01.10.2010), усогласен со одредбите од следните ЕУ мерки: 32000L0029,
- Правилник за начинот на вршење на фитосанитарна инспекција при увоз на пратките од Листа V дел Б секција 1 во („Службен весник на Република Македонија" бр. 131/10 од 01.10.2010), усогласен со одредбите од следните ЕУ мерки: усогласен со одредбите од следните ЕУ мерки: 32000L0029,

- Правилник за мали количества на растенија, растителни производи и други објекти и предмети, вклучувајќи и прехрамбени производи во („Службен весник на Република Македонија” бр. 131/10 од 01.10.2010), усогласен со одредбите од следните ЕУ мерки: 32000L0029.

**Законот за производи за заштита на растенија** („**Службен Весник на Република Македонија**” **бр**. 110/07 **и** 20/09)

Цели кои се остваруваат со законот за производи за заштита на растенијата се издавање на одобренија на производите за заштита на растенијата и пласирањето на пазарот, употребата и контролата на производите за заштита на растенијата, пласирањето на пазарот и контрола на активните супстанции кои претставуваат производи, максимално ниво на резидуи, опрема за користење на производи, евиденција на правните и физички лица вклучени во производството и пласирањето на производи на пазарот одговорни за имплементација, мониторинг и контрола на овој закон.

Од овој закон во 2010 година се донесени следните подзаконски акти:

- Правилник за поблиските услови за пакување на производите за заштита на растенијата, декларирањето и означувањето на стандардните фрази во ("Службен весник на РМ" 144/2010 од 01.11.2010 год)од 01.11.2010,), усогласен со одредбите од ЕУ мерки: 31991L0414.
- Правилник за постапката за обработка на барањата и подетална документација и податоците за оценување на досието на активна супстанција во „Службен весник на Република Македонија” бр. .28/2010 од 26 Февруари 2010 год.),усогласен со одредбите од ЕУ мерки: 31991L0414.
- Правилник за процедуралните правила за работа на стручната комисија за потврдување на стручните работи од областа на одобрувањето на производите за заштита на растенијата објавен во („Службен весник на Република Македонија” бр. 139/2010 од 19 октомври 2010), усогласен со одредбите од ЕУ мерки: 31991L0414.

**Законот за ѓубрива** („**Службен Весник на Република Македонија**” **бр** 110/07 **и** 20/09)

Со Законот за ѓубрива се уредува употреба на ѓубрињата и пуштање во промет кој е имплементиран согласно регулативата 2003/2003.
Со овој закон се уредуваат условите за производство, пласирање на пазар, увоз, употребата на ѓубрива,видови на ѓубрива, идентификација, квалитет, состав, земање примероци, пакување, обележување, испитување, декларирање, следење, регистрирањето на ѓубрињата.

Од овој закон во 2010 година се донесени следните подзаконско акти:

- Правилник за пакувањето и доработувањето на ѓубрињата како и другите услови што треба да ги исполнува производителот во „Службен весник на Република Македонија” бр. 119/2010 од 10.09.2010, усогласен со одредбите од ЕУ мерки: 32003R2003
- Правилник за поблиските услови за магацините, условите за сместување и чување на ѓубривата за пласирање на големо и на мало и условите за заштита на животната средина во („Службен весник на Република Македонија” бр. 150/2010 од 21.11.2010, усогласен со одредбите од ЕУ мерки: 32003R2003
- Правилник за содржината, формата и начинот на водење на регистарот на правни лица за пласирање на пазар на ѓубриња на големо и на мало објавен во „Службен весник на Република Македонија” бр. 145/2010 од 05.11.2010, усогласен со одредбите од ЕУ мерки: 32003R2003
- Правилник за поблиските услови кои мора да ги исполнува овластената лабораторија, методите и податоците што треба да ги содржи извештајот на овластената лабараторија објавен во „Службен весник на Република Македонија” бр. 129/2010 од 28.09.2010, усогласен со одредбите од ЕУ мерки: 32003R2003.

Во надлежност на Управата за семе и саден материјал донесени се следните подзаконски акти:

**Од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија** во 2010 година донесени се повеќе подзаконски акти од различна област:

- Од областа на признавањето на сортите е донесен - Правилник за постапките и методите за испитување на различност, еднообразност и стабилност на сортата (DUS- тест) за земјоделските растенија („Службен весник на Република Македонија” бр. 110/2010). Овој правилник е донесен поради потребата за пропишување на постапките и методите за испитување на различност, еднообразност и стабилност на сортите кои се спроведуваат на поле и во лабораториски услови.

- Од областа на запишување и пријавување на сортите во Националната сортна листа е донесен Правилник за формата и содржината на барањето за продолжување на запишувањето на сортата во националната сортна листа, како и начинот  и постапката за продолжување на запишувањето објавен во „Службен весник на Република Македонија” бр.  137/2010) кој е усогласен со ЕУ Директива 2002/53/ЕЗ. Со овој правилник се пропишува постапката за продолжување на запишување на сотрата во Нацилонална сортна листа, како и формата и содржината на пријавата за продолжување на запишаната сорта во Национална сортна листа

**Законот за селекционерски права** („Службен весник на Република Македонија” бр. 52/09) е донесен по UPOV - стандарди и со него се уредува постапката, начинот и условите за доделување на селекционите права односно начинот на создавање на нова сорта на земјоделски растенија, заштита и престанок на селикционерските права,  како и водењето на регистар на селекционерски права во Република Македонија.

Од **Законот за селекционерски права** се донесени следниве правилници:

- Правилник за формата, содржината и постапката за поднесување на пријавата за доделување на селекционерското право; како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот за селекционерско право објавен  во („Службен весник на Република Македонија” бр. 134/2010),
- Правилник за составот и  начинот на работа на Комисијата за заштита на растителни родови и видови на земјоделски растенија објавен  во („Службен весник на Република Македонија” бр.  134/2010).

Во постапка е измена и дополна на постоечкиот Закон за семенски и саден материјал за земјоделски растенија  39/06 и 89/08) по препораката од Европската комисија за прифаќање на Европскиот заеднички каталог на сорти за земјоделски растителни видови и укинување на одобренијата за увоз на семенски и саден материјал. Забелешките од комисијата се прифатени и вградени во измените на Законот и истиот е доставен во Собраниска постапка заради негово усвојување. Со измените ќе се дозволи либерален увоз на сортите кои се запишани во Европскиот каталог и ќе се поедностави постапката за увоз на семенскиот и саден материјал во Република Македонија.

**Институционална рамка**

За спроведувањето на фитосанитарната политика надлежна е Фитосанитарната управа, Управата за семе и саден материјал, Државниот инспекторат за земјоделство, Фитосанитарната лабораторија и Секторот за шумарство и ловство како  органи во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Во Фитосанитарната Управа во текот на 2010 година реализирани се 5 вработувања на лица кои работат на проблематиката на имплементација и транспонирање на подзаконските акти во рамки на фитосанитарната политика.

Во  2010 година започнати се инцијални активности за воспоставување на Регистарот за производи за заштита на растенијата, како и Регистарот на производители, преработувачи, увозници и дистрибутери на растенија, растителни производи и други објекти и предмети.Започната е изработката на фитосанираните сертификати за извоз и реекспорт и имплементиране на  Лиаст 5 дел Б при увоз на пратки од трети земји и воспоставување на мониторинг на земјоделските култури.

Согласно законската регулатива, Управата за семе и саден материјал ја врши постапката на  признавање и одобрување на сорти од семенски и саден материјал што се објавуваат во Службен весник на Република Македонија,  контрола на етикетирањето за производство на сертифициран семенски и саден материјал како и изготвување на Национална сортна листа во која се запишани сите соти дозволени за увоз и трговија во РМ. Во надлежност на Управата се Ген банките во кој трајно се чува и одржува семенски и саден материјал од дивергентни популации и автохтони видиви каде  се чуваат примероци на признаени сорти од семенски и саден материјал кој се запишани во Национална сортна листа во РМ.
Во 2010 година се спроведе обуки од TAIEX – мисијата и  од организација на CPVO и овие обуки беа  особено важни при изготвување и имплементација на подзаконските акти од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија.

Во тек се активностите од неколку меѓународни проекти заради помош за зајакнување на капацитетите на Државната Фитосанитарна лабораторија (ДФЛ) на оперативно ниво. За разлика од претходната година забележан е значителен напредок во смисла на зајакнување на кадровските капацитети и опремување на лабораторијата. Исто така организациската структура има претрпено промени заради соодветно функционирање на лабораторијата. Работењето на лабораторијата зависи од функционалноста на фитосанитарниот систем, поточно од работата на фитосанитарната инспекција и инситуциите надлежни за креирање на фитосанитарната политика во Република Македонија.

*Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Законодавните активности во однос на понатамошно усогласување на националното законодаство со релевантното EU acquis од фитосанитарната област ќе продолжи и во 2011 година со донесување на предвдените подзаконски акти кои произлегуваат од постоечките закони кои ја уредуваат фитосанитарната политика.

Во 2011 година Фитосанитарната управа ќе продолжи со активностите за усогласување на националното законодавство со ЕУ регулативите, за таа цел предвидено е донесување на следниве Правилници:

Согласно Закон за здравјето на растенијата: во 2011 година предвидени се да се донесат 5 подзаконски акти.

Согласно Закон за производи за заштита на растенија : за периодот 2011 година предвидени се да се донесат 7 подзаконски акти.

**Согласно Закон за ѓубрива** : за периодот 2011 година предвидени се да се донесат 15 подзаконски акти.

Во 2011 година Управата за семе и саден материјал ќе продолжи со активностите за усогласување на националното законодавство со ЕУ регулативите, за таа цел предвидено е донесување на следните Правилници:

- Правилник за трговија со материјал за размножување и саден материјал на овошни растенија наменет за производство на овошје усогласен со Директивите 92/34/EEC и 2008/90/EC (рок на донесување 30.04.2011 година),
- Правилник за трговија со саден материјал од винова лоза усогласен со Директива 68/193/EEC (рок на донесување 31.05.2011 година),
- Правилник за определување на мали производители на семенски материјал од земјоделски растенија (рок на донесување 31.06.2011 година).

Во 2011 година, согласно Закон за семенски и саден материјал за земјоделски растенија, Управата за семе и саден материјал ќе склучува договори согласно дадените јавни овластувања на правни лица за стручна контрола на производство на семенски посеви и насади, постконтрола и за испитување на видови на сорти на земјоделски растенија, како и јавни овластувања на лаборатории за испитување на семенски и саден материјал, земање и чување на дефинитивните примероци на сорти во ген банки.

Заради успешна имплементација согласно Законот за селекционерски права планирно е да се донесе Правилникот за висината на трошоците за доделување на селекционерското право, носителот на селекционерското право и проверка на условите за доделување на селекционерското право во надлежност на Управата за семе и саден материјал.

До крајот на 2011 година се предвидува да биде донесен Закон за изменување и дополнување на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја заради целосно усогласување со Директивата 1999/105/ЕЗ за маркетинг на шумски репродуктивен материјал и преостанатите ЕУ мерки: 32002R1597, 32002R1598, 32008D0971, 32008D0989, 31988L0332 и 31996D0653.

**Институционална рамка**

Заради потребата од понатамошно зајакнување на административните капацитети на Фитосанитарната Управа што се директно поврзани со евроинтеграциските процеси во текот на 2011 година планирани се зајакнувања на административните капацитети.. Исто така со Проектот ИПА 2009- 2011 год. предвидени се обуки за администрацијата и нејзино зајакнување и обучување за потребите на Фитосанитарната Управа.

За спроведување на меѓународните стандарди за фитосанитарните мерки , изготвување и спроведување на мониторингот на земјоделски култури за успешна имплементација на подзаконските акти односно меѓународните стандарди за фитосанитарните мерки прерхнодно се потребни обуки за фитосанитарните инспектори заради нивно детално запознавање посебно за момиторингот на земјоделски култури кој ќе започне во 2011 година со практична примена на терен кој ке го спроведуваат фитосанитарните инспектори.

Непосредно одговорен за инспекцискиот надзор над спроведувањето на одредбите од Законите кои се уредени во Фитосанитарната управа се фитосанитарните инспектори кои се во составот на Државниот инспекторат за земјоделство.

Помал  дел од вработените во Фитосанитарната управа во имаат следено обуки кои се поврзани со здравјето на растенијата и производите за заштита на растенијата заради запозанвање со имплементирачкото законодаство на ЕУ како и заради стекнување на искуства од земјите членки на ЕУ од соодветната област. Поголем дел од обуките се организирани од страна на Европската Комисија како што е инструментот за техничка помош TAIEX  во вид на експертизи и  работилници  и DG SANCO.

Во текот на 2011 година предвидено е дополнително административно зајакнување во Управата за семе и саден материјал. Со ова кадровски ќе зајакне Управата за да може успешно да реализира активности од областа на семе и саден материјал.

Во текот на 2011 година Управата за семе и саден материјал ќе продолжи со законски предвидената активност на етикетирање на сертифициран семенски и саден материјал, се со цел подобра контрола и следење на квалитетот на истиот. Оваа активност обезбедува евиденција на производство на сертифициран материјал од сорти и контрола на семенскиот и садниот материјал кој се пушта во трговија. Официјалните етикети треба да се во согласност со условите на OECD  и ISTA стандардите кој важат за земјите членки на ЕУ, а Република Македонија во најскоро време ќе ги прифати овие стандарди и практично ќе започне да ги применува на терен.

Со Проектот ИПА 2010 предвидени се изградба на објект за фитосанитарна контрола на Граничен Премин на Аеродромот "Александар Велики"-Скопје. На овој начин значително ќе се подобрат човечките ресурси, опремата и капацитетите за гранични контроли.

Започнувајќи од 01.01.2011 година започнува постапката на акредитација на методи за испитување на Државната Фитосанитарна Лабораторија (ДФЛ) согласно барањата на ЕУ.

Во овој период ќе се преземат активности за реализирање на нови вработувања и јакнење на капацитети на Секторот за шумарство и ловство во делот на имплементација на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја.

Конечно, планирано е подготовка на апликација за TAIEX Експертска мисија за 2011 година со цел анализа и давање препораки за изменување и дополување на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја.

*Среднорочни приоритети*

**Правна рамка**

Врз основа на Законот за производи за заштита на растенија потребно е да се донесат следните подзаконски акти:

- Правилник за потребните податоци, документите и постапката за одобрување на производите, што содржат активни супстанци што не се вклучени во листата Анекс 1 кои биле присутни на пазарот  до јули 1993 година,  усогласен со одредбите од  ЕУ мерки: 31991L0414
- Правилник за начинот и постапката под кои треба да се извршат експерименти или тестови, за истражување и развој што вклучуваат испуштање на неодобрени производи во животната средина  и производ  кој се корисни на начин различен од оној што е одобрен, просторните, кадровските или другите услови за физичкото или правното лице, усогласен со одредбите од  ЕУ мерки: 31991L0414

Врз основа на Законот  за ѓубриња до крајот на 2012 година планирано е да се донесат:

- Правилник за формата и содржината на декларацијата за квалитет и означувањата на ѓубрињата , (рок на донесување 31.12.2012 год) усогласен со одредбите од  ЕУ мерки: 32003R2003
- Правилник за начинот и принципите за работа на стручниот совет (рок на донесување 31.12.2012 год), усогласен со одредбите од  ЕУ мерки: 32003R2003
- Правилник за висината на трошоците за испитување при контрола на ѓубрињата кои се  произведуваат , увезуваат или пласираат  на пазарот (рок на донесување 31.12.2012 год), усогласен со одредбите од  ЕУ мерки: 32003R2003

Врз основа на Закон за здравјето на растенијата во текот на 2012 година предвидени се да се донесат 6 подзаконски акти со што посебно ќе се уредат меѓунардоните стандарди за фитосанитарни мерки според Меѓународната конвенција за заштита на растенијата (IPPC).

**Институционална рамка**

Со цел имплементација на ЕУ стандардите и процедурите, како и успешна примена на националното законодавство, предвидени се обуки за постоечките и нововрботените лица.

За подобро спроведување на фитосанитарната политика во надлежност на Управата за семе и саден материјал ќе има потреба од нејзино целосно доекипирање .

За подобро спроведување на фитосанитарната политика од областа на Фитосанитарната управа ќе има потреба од нејзино целосно доекипирање. Во поглед на имплементацијата на законодавството акцент се става на следниве области: воспоставување на регистрарот на производители, преработувачи и дистрибутери на растенија, растителни производи и други објекти и предмети и воведување и издавање на пасоши за растенија со кои ќе се гарантира здравствената состојба на растенијата дека се слободни од штетни организми; воспоставување на мониторинг на земјоделските култури за следење и мониторирање од штетни организми; воспоставување на Регистрарот на производи за заштита на растенијата и резидуи; воспоставување на мониторинг на пропишаните производи за заштита на растенијата и резидуи според ЕУ и воспоставување на регистрарот на ѓубриња.

Заради следење и мониторинг на штетни организми кај шумските растенија и воспоставување на пасош за шумски растенија во рамки на Државниот Инспекторат замјоделство, Фитосанитарната Управа и Државната Фитосанитарна Лабораторија (ДФЛ) потребно е јакнење на капацитетите на институцијата се планира зголемување на бројот на човечките ресурси и обезбедување на професионални обуки за вработените. За таа цел ќе се оствари со вработување на инспекциски кадар со образовен профил шумарски инженер и обуки на истиот заради ефикасност во вршењето на фитосанитарната контрола.

## 3.13 **РИБАРСТВО**

*Тековна состојба*
Законот за рибарство и аквакултура, објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/2008 и 67/2010 ја уредува областа на рибарството и аквакултурата. Врз основа на законот, изработени се и донесени 19 пратечки прописи кои се објавени во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 53 и 54 од 2008 година и број 7 и 94 од 2009 година 93 и 117 од 2010 година.

Покрај Законот за рибарство и аквакултура, правната рамка во областа ја сочинуваат и пакет на закони од областа на ветеринарството, особено Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07) и Законот за јавно ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/07) како и Законот за Државниот инспекторат за земјоделство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/09) и донесените пратечки прописи врз основа на овие закони. Законите и подзаконските акти претставуваат основа за понатамошно уредување на материјата и политиката во областа на рибарството и аквакултурата во согласност со принципите на Заедничката политика за рибарство на ЕУ.

Во делот на *управувањето со ресурси, инспекцијата и контролата во рибарството,* одредбите од Законот за рибарство и аквакултура и претечките прописи кои поблиску ја уредуваат оваа материја, се однесуваат на дефинирање на риболовните води, начинот на вршењето на стопански и рекреативен риболов и дозволените риболовни средства за вршење риболов, постапките за одгледувањето на риби (аквакултурата), како и производството на порибителен материјал. Во функција на трајно користење на рибите преку одржлив развој, врз основа на законот, изработени се и донесени риболовните основи за три риболовни подрачја (природните езера), девет поголеми вештачки езера и за сите риболовни ревири во Република Македонија со определување на рекреативни зони.

*Структурните активности*, согласно одредбите од Законот за рибарство и аквакултура се уредуваат преку годишните програми за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата, кои ги носи Владата на Република Македонија.

*Пазарната политика* покрај Законот за рибарство и аквакултура е уредена и со пратечките прописи кои се однесуваат на организирање и здружување во рибарството, местата за прва продажба на рибата како и квалитетот, големината и начинот на декларирање на рибите кои се ставаат во промет.

Во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Одделението за рибарство и аквакултура (Сектор за земјоделство) е надлежно за изготвување, предлагање и надзор над спроведувањето на одредбите од законот за рибарство и аквакултура, како и за управни и стручни прашања од областа на рибарството. Во одделението за рибарство и аквакултура вработени се две лица.
Непосредно одговорен за инспекцискиот надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за рибарство и аквакултура е Државниот инспекторат за земјоделство, кој е орган во состав на МЗШВ. Во Одделението за инспекциски надзор од областа на рибараството и аквакултурата при ДИЗ за вршење на инспекцискиот надзор се вработени вкупно 8 лица.

Здравствената заштита на рибите, како и безбедноста на производите од рибарството кои се пласираат на пазарот се во надлежност на Агенцијата за храна и ветеринарство.

За реализација на активностите во делот на *управувањето со ресурси, инспекцијата и контролата во рибарството* од вкупниот број вработени во Одделението за рибарство и аквакултура е надлежно едно лице, а во делот на инспекциската контрола се вработени 4 лица во Одделението за инспекциски надзор од областа на рибараството и аквакултурата при ДИЗ.
За реализација во делот на *структурни активности и пазарна политика* во Одделението за рибарство и аквакултура е надлежно едно лице, а за целите на поефикасно вршење на надзор и контрола во областа вработени се 2 лица.

За реализација на активностите во делот на *пазарната политика* за целите на поефикасно вршење на надзор и контрола во областа во ДИЗ вработени се 2 лица.

Покрај тоа, во рамките на Одделението за рибарство и аквакултура се води евиденција за регистрираните репроцентри, производители на порибителен материјал од рибник наменет за промет, одгледувачи на риба, како и корисниците (концесионерите) на рибите од отворените риболовни води, со сите потребни податоци за следење на состојбите во областа.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**
Во 2011 година се предвидува изработка и донесување на последните пет пратечки кои произлегуваат од Законот за изменување и дополнување на законот за рибарство и аквакултура „Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/2010.

Пратечките прописи кои ќе се донесат во 2011 година се однесуваат на *управувањето со ресурси, инспекцијата и контролата во рибарството,* а ќе ги допрецизираат одредбите околу искористувањето на природните ресурси (рибите) преку доуредување на начинот на вршење на рекреативниот риболов. Во ова подрачје, за дооформување на правната рамка се предвидува и изработка на риболовни основи за сите риболовни води (помалите акумулации) кои не се опфатени со изработените риболовните основи во периодот од донесување на законот.

Во текот на 2011 година во областа на *структурните активности* предвидено е донесување на Програмата за унапредување на рибарството и аквакултурата за период од 12 години, како и годишната Програма за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата во 2011 година, со начин/упатство за реализација на истите.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
За зајакнување на административниот капацитет во тек на 2011 година во Одделението за рибарство и аквакултура се предвидува вработување на едно лице за подрачјето на *пазарната политика*, со оглед на проширување на обемот на работа во областа. За зајакнување на инспекциската контрола и вршењето на инспекциски надзор во областа, во 2011 година ќе се зајакнат административните капацитети на Одделението за инспекциски надзор на рибарството и аквакултурата при ДИЗ.
Во текот на 2011 година предвидено е воспоставениот систем за следење на состојбите во рибарството и аквакултурата да се дополни со воспоставување на евиденцијата за користењето на државната помош во областа.
Покрај тоа, за потребите за вршење и следливост на стопанскиот риболов согласно законот, во 2011 година ќе се изградат места за влез и излез од риболовните води (риболовни пунктови).

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**
Во овој временски период ќе се изработат и реализираат годишните програми за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата во 2012 и 2013година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Заради проширување на обемот на активностите во областа и зајакнување на административниот капацитет, на среден рок во Одделението за рибарство и аквакултура се предвидува вработување на едно лице, како и зајакнување на капацитетите на Одделението за инспекциски надзор на рибарството и аквакултурата при ДИЗ.

Во овој временски период се планира изградба на риболовни пунктови на оние риболовни води кои се дефинирани за стопански риболов.

## 3.14 **СООБРАЌАЈНА ПОЛИТИКА**

### 3.14.1 **ПАТЕН СООБРАЌАЈ**

*Тековна состојба*

Областа на патниот сообраќај ја регулира материјата што се однесува на основниот транспортен вид на превоз на патници и стока. Фокусот на политиката во овој дел во Република Македонија се однесува на прилагодување на регулативата со онаа на европското законодавство во делот на контрола на трошоците, воспоставување на безбедносните барања на европските стандарди, воведување на конкурентна дејност со правила за пристап во професијата и технички стандарди што треба да ги исполнуваат возилата учесници во патниот сообраќај.

*3.14.1.1 Пристап на пазарот*

Со Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10 и 140/10) се регулирани условите и начинот на вршење на превозот на патници и стока во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај. Во Законот се имплементирани повеќе директиви и регулативи на Советот на Европската Унија и тоа: Директива 96/26/ЕЗ (делумно), Директива 96/96/ЕЦ, Директива 2000/30/ЕЦ, Директива 84/647/ЕЕЗ, Регулатива 56/83/ЕЕЗ, Регулатива 684/92/ЕЕЗ, Регулатива 881/92/ЕЕЗ, Регулатива 3118/93/ЕЕЗ, Регулатива 792/94/ЕЗ, Регулатива 3315/94/ЕЗ, Регулатива 12/98/ЕЗ, Регулатива 2121/98/ЕЗ, Директива 59/03/ЕЦ, Директива 94/06/ЕЦ. Врз основа на Законот донесени се подзаконските акти кои произлегуваат од истиот и ја овозможуваат имплементацијата на законските решенија, а посебно во делот на правилата за пристап до професијата и тоа критериуми за добра репутација со цел да се обезбеди адекватно претприемачко и етичко однесување, финансиска состојба на операторите со минимум капитал по возило за операторите и професионализација на професијата. Со овие правила транспонирани во Законот за превоз за патниот сообраќај Република Македонија обезбеди хармонизација со европските стандарди олеснувајќи го правото за основање и взаемно признавање на професионалниот статус.

*Патна инфраструктура*

Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08, 52/09, 114/09 и 124/10) ги уредува условите и начинот на изградбата, реконструкцијата, одржувањето, заштитата, користењето, управувањето, финансирањето на јавните патишта, како и надзорот. Во Законот се имплементирани следните директиви: Директива 62/99/ЕЗ и Директива 52/04/ЕЗ.

Во насока на спроведување на реформата во управувањето со патната инфраструктура и користењето и одржувањето на истата, донесен е Закон за трансформација на ЈП “Македонија пат“. Владата на РМ го отпочна процесот на трансформација на Јавното претпријатие “Македонија пат“, изготвени се задолжителните елементи на планот за поделба, се работи на решавање на имотно правниот статус на претпријатието, по што ќе следи финализирање на трансформацијата на претпријатието согласно законот. Паралелно со ова се превземаат активности за определување на најсодветен модел за воведување на електронска наплата на таксата за користење на инфраструктурата (патарина).

Во врска со обновувањето на сообраќајната сигнализација во Република Македонија, за Коридорот 10 изготвен е проект за сообраќајна сигнализација и потпишан е договор за проектирање на сообраќајната сигнализација на магистралните патишта.

Во тек е постапката за давање под концесија на патиштата (пакет 1 и 2). Планирано е на наплатните станици да се воведе нов интегриран систем за наплата на патарина.

Првата фаза од постапката е завршена и пет конзорциуми ги исполнија условите за понатамошно учество во постапката за добивање на концесија за изградба, реконструкција, одржување, наплата на патарини и користење на патните правци, за двата пакета.

Агенцијата за државни патишта ги има следните активности финансирани со странска помош :

- Во фаза на изградба е делницата од автопатот Табановце-Куманово. Вкупното чинење на Проектот согласно основните договори за градежни работи изнесува: 11,7 мил. ЕУР и за надзор на градежните работи: 0,89 мил. ЕУР или

вкупно 12,6 мил. ЕУР. Со последното реструктуирање на заемот од Светска Банка за оваа компонента наменети се 12 мил. ЕУР. Финансирањето од Светска Банка до 1 Јуни 2010 год. изнесуваше 78% од вкупно извршените работи со ДДВ, што значи до 1 јуни Агенцијата за државни патишта има платено сопствени средства во износ од 1,72 мил. ЕУР. По 1 јуни финансирањето од Светска Банка е зголемено на 100% , заедно со ДДВ. Заклучно со III квартал 2010 год. Повлечени се вкупно 5,68 мил. ЕУР за градежни работи и надзор за Табановце-Куманово.

- Проектот за подобрување на постоечката регионална и локална патна мрежа во износ од 70 мил ЕУР, исто така се финансира од Светска банка. Заклучно со III квартал 2010 год., од почетокот на Проектот повлечени се 21 мил. ЕУР и платени се од сопствени средства за ДДВ 5,6 мил. ЕУР.
- Од Проектот за подобрување на постоечката регионална и локална патна мрежа во износ од 50 мил ЕУР, кој се финансира од ЕБРД, досега не се повлечени средства.

*3.14.1.2 Превоз на Опасни материи во патниот сообраќај*

Превозот на опасни материи е регулиран со Закон за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/07 и 161/09) во кој се уредени условите под кои се врши превозот на опасните материи (подготвување на материјата, товарење, превоз, попатни манипулации, истивар, безбедност во превозот, опремување на возилата и обука на кадри). Во Законот се имплементирани следните мерки од законодавството на ЕУ: Директива 94/55/ЕЗ, Директива 2000/61/ЕЗ, Директива 2001/7/ЕЗ, Директива 95/50/ЕЗ, Директива 2001/26/ЕЗ, Директива 2004/112/ЕЗ, Директива 1996/35/ЕЗ, Директива 2000/18/ЕЗ, Директива 98/91/ЕЗ, Директива 96/49/ЕЗ, Директива 2006/90/ЕЗ. Врз основа на Законот донесени се сите подзаконски акти за спроведување на законските решенија.

Во Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај, транспонирана е дел од директивата 94/63/ЕЗ кој се однесува на спецификациите за возилата цистерни, и која понатаму преку имплементација на законот треба да ги воведе правилата за техничките карактеристики на возилата-цистерни кои превезуваат бензини и органски растворувачи за спречување на испарувањето на органските компоненти од овие материи, и тоа во првата фаза од резервоарите и рафинериите до бензиските станици, а во втора фаза на среден и долг рок, од станиците до резервоарите на возилата.

*Безбедносни прашања*

Со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата(„Службен весник на Република Македонија“ бр.54/07, 86/08, 98/08, 64/09 и 161/09) се утврдени мерките за безбедност и заштита на патиштата, основните начела и меѓусебни односи на учесниците и другите субјекти во сообраќајот на патиштата, правилата на сообраќајот на патиштата, сообраќајните знаци и опремата на патиштата, должностите во случај на сообраќајна незгода, возачи, возила, уредите и опремата што мора да ги имаат возилата, посебните мерки на безбедност и друго. Во Законот се имплементирани следните мерки од законодавството на ЕУ: 2002/85/ЕЗ, 1996/53/ЕЗ, 1991/671/ЕЗ, 1985/3820/ЕЗ, 1985/3821/ЕЗ, 1991/439/ЕЗ, 1997/26ЕЗ, 2002/15ЕЗ, 2004/11ЕЗ, 1992/6ЕЗ, 2000/56ЕЗ, 1996/47ЕЗ, 1996/96, 2003/127, 1989/459ЕЗ, 1988/599ЕЗ. Врз основа на Законот донесени се сите подзаконски акти кои произлегуваат од истиот. Врз основа на член 421 став 1 алинеја 1 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/07, 86/08, 98/08, 64/09 и 161/09) донесен е нов „Правилник за сообраќајни знаци, опрема и сигнализација на патот“ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/10) усогласен со препораките на ОН.

Со Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08), се регулира испитувањето на возилата, регистрацијата на возилата и техничкиот преглед на возилата. Врз основа на Законот се донесени сите подзаконски акти кои произлегуваат од него.

Министерството за внатрешни работи со цел зголемување на безбедноста на сообраќајот на патиштата, изготви и усвои „Програма за унапредување на безбедноста во патниот сообраќај“ која веќе почна да се спроведува.
„Во 2010 година на предлог на Координативното тело на Владата на Република Македонија за имплементација на Националната стратегијана Република Македонија за унапредување на безбедноста во сообраќајот на патиштата 2009 - 2014 година, Владата на Република Македонија, го усвои Акциониот план за спроведување на оваа Стратегија. По ова, сите надлежни државни органи и институции усвоија свои посебни програми за реализација на Акциониот план. Исто така, утврдени се конкретни индикатори за секој одделен орган, односно институција, за следење на реализацијата на Акциониот план. Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, согласно своите законски обврски ќе продолжи до Собранието на Република Македонија да доставува годишни извештаи за безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Политиката на безбедност во сообраќајот на патиштата во Република Македонија во делот на усогласувањето со барањата на законодавството на ЕУ ја дефинира и Законот за работното време, задолжителните одмори на мобилните

работници и уредите за запишување во патниот сообраќај се регулира прашањето за воведување на дигитални тахографи во возилата како технички и безбедносен стандард од една страна и дефинирање на правата на оваа група на мобилни работници и возачи од друга страна. Од 2011 година се очекува задолжителна примена на дигиталните тахографи за возилата кои се учесници во меѓународниот патен сообраќај. Избрано е правно лице (СИЗ "Македонија сообраќај" АМЕРИТ од Скопје) кое ќе ги издава тахографските картички и започнат е процесот на воспоставување на системот за издавање на картичките.

Националната политика за тахографите е изготвена и одобрена од страна на Европската Комисија и добиени се електронските клучеви за издавање на тахографските картички.

Во однос на јакнењето на административните капацитети, Министерството за внатрешни работи изготви план за обука на униформираните полициски службеници во сообраќајот за нивна подготовка и обука за вршење контрола над возилата кои имаат вградени дигитални тахографи и истиот се спроведува согласно предвидената динамика. По завршување на обуката припадниците на Министерството за внатрешни работи спремни ќе го дочекаат задолжителното воведување на дигиталните тахографи во возилата во однос на контрола над истите.

Донесен е Закон за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници и уредите за запишување во патниот сообраќај со кој ќе се регулира прашањето за воведување на дигитални тахографи во возилата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 161/09) . Во Законот се имплементирани следните мерки од законодавството на ЕУ: Регулатива бр. 3821/85/ЕЕЦ, Регулатива 561/2006/ЕЦ, Директива 2006/22/ЕЦ, Директива 2002/15/ЕЦ.

Согласно одредбите од законот донесени се следните подзаконски акти:

- Правилник за начинот на пренос на податоците и начинот на водење на евиденција од тахографот
- Правилник за техничките карактеристики на тахографот и начинот на употреба, вградување, поправање, проверка и контрола на тахографот
- Правилник за формата и содржината на барањето за издавање или продолжување на овластувањето за инсталирање, проверка, контрола и поправка на тахографи
- Правилник за формата и содржината на барањето и постапката на издавање на мемориски картички

Надлежни органи за имплементација на работите што се однесуваат на превозот на патници и стоки во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај се: Министерството за транспорт и врски, Државниот инспекторат за транспорт – орган во состав на Министерството за транспорт и врски овластен за инспекциски надзор, Министерството за финансии – Царинска управа и Единиците на локална самоуправа.

Во Секторот за патен сообраќај и инфраструктура до октомври 2010 година се издадени 2278 лиценци за вршење превоз на стоки во патниот сообраќај и 428 лиценци за вршење превоз на патници во патниот сообраќај.

Државниот инспекторат за транспорт има вкупно 45 вработени лица од кои 29 се инспектори за патишта и патен сообраќај.

Во 2010 (јануари-октомври) година Државниот инспекторат за транспорт ги има спроведено следните инспекциски контроли:

- Државните инспектори за патишта изготвиле вкупно 2003 записници, донесени се вкупно 574 решенија и поднесени се вкупно 763 барања до суд.
- Државните инспектори за патен сообраќај изготвиле вкупно 3001 записници, донесени се вкупно 1183 решенија и поднесени се вкупно 1211 барања до суд, 220 возила се исклучени од сообраќај и 19 дозволи се одземени.

Во делот на спроведувањето на Законот за јавните патишта Министерството за транспорт и врски е надлежна институција за подготовка на сите правни акти кои произлегуваат како обврски, а надлежни институции за имплементација на Законот за јавни патишта се: Агенцијата за државни патишта и Единиците на локалната самоуправа.

Во рамките на Министерството за транспорт и врски работите од областа на патната инфраструктура се во налдежност на Одделението за патна инфраструктура  во Секторот за патен сообраќај и инфраструктура.

Согласно Законот, Агенцијата за државни патишта изготвува предлог Годишна програма за работите во врска со планирањето, финансирањето, изградбата, реконструкцијата, одржувањето и заштитата на државните патишта во Република Македонија. Програмата ја донесува Владата на Република Македонија.

Во врска со превозот на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај, Министерството за транспорт и врски е надлежен орган за изготвување на законската регулатива и имплементирање на законските одредби. Во рамките на Министерството за транспорт и врски, во Секторот за патен сообраќај и инфраструктура функционира одделение за превоз на опасни материи во кое се вработени две лица со висока стручна подготовка.

Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата

Министерството за внатрешни работи е надлежен орган за имплементација на работите што се однесуваат на безбедноста и контролата на сообраќајот на патиштата. Надлежни структури во Министерството за внатрешни работи кои се грижат за безбедноста на патниот сообраќај се: Секторот за сообраќајни работи при Биро за јавна безбедност; 8 Полициски станици за безбедност на патен сообраќај, 26 Полициски одделенија за безбедност во патниот сообраќај и 3 полициски станици за безбедност на патниот сообраќај на автопатиштата.

Во текот на своето работење во 2010 година МВР има спроведено 41 селективни контроли на републичко ниво што е за 30% повеќе од 2009 година и истите се со цел зголемување на безбедноста на сообраќајот на патиштата, а спроведените контроли се за:

- Општи контроли, (пет републички селективни контроли),
- Управување на моторно возило под дејство на алкохол, дрога и други психотропни супстанции, (шест републички селективни контроли),
- Престигнување спротивно на правилата на сообраќајот на патиштата, (пет републички селективни контроли),
- Управување на моторно возило со неприлагодена брзина според условите на патот (шест републички селективни контроли),
- Контрола на пешаците како учесници во сообраќајот, (четири републички селективни контроли),
- Контрола над возач на велосипед со помошен мотор, мопед, мотоцикл, лесен трицикл, трицикл, лесен четирицикл и четирицикл и лицата кои се превезуваат(пет републички селективни контроли),
- Контрола на техничката исправност на такси – возила и автобуси, (пет републички селективни контроли),
- Непочитување на правилата во сообраќајот во однос на недавање на првенство на минување, (пет републички селективни контроли)

Како резултат на работата на Министерството за внатрешни работи, во период од 01.01 до 01.10.2010 преземени се вкупно 229 305 мерки, од кои:

- Сообраќајни незгоди со квалификација на прекршоци – 8004,
- Поднесени барања за поведување прекршочна постапка – 113059,
- Предупредени учесници во сообраќајот – 21739,
- Времено одземени возачки дозволи – 3370,
- Спроведени санкции, забрана за управување на моторно возило – 1323,
- Упатени возачи на лекарски преглед – 39,
- Возачи исклучени од сообраќај – 12980,
- Возила исклучени од сообраќај – 12646,
- Упатени возила на вонреден технички преглед – 2809,
- Повикани на сообраќајна поука за сторен сообраќаен прекршок – 2858,
- Приведени возачи – 86,
- Задржани возачи – 2,
- Земено крв и урина за анализа – 820 и
- Употребен алкотест – 44611 и покажале знаци на алкохол – 4158.

Целосно е заживеана регистрацијата на негативните бодови за возачите на моторни возила кои направиле прекршок согласно со одредбите на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата(„Службен весник на Република Македонија“ бр.54/07, 86/08, 98/08, 64/09 и 161/09).

Во текот на 2010 година нивото на безбедност на сообраќајот на патиштата е подигнато на повисоко ниво со самиот факт дека е извршена реконстукција на повеќе патни правци на територијата на Република Македонија, а со тоа е извршено обновување на сообраќајните знаци, опремата и сигнализацијата на истите.

Формирано е и функционира Координативно тело за безбедност на сообраќајот на патиштата, чија цел е следење на напредокот во однос на реализацијата на Националната стратегија, во кое свои претставници имаат сите институции и правни лица кои имаат надлежност во било кој сегмент од безбедноста во сообраќајот на патиштата.

Министерството за внатрешни работи во текот на 2010 година собира и врши анализа на податоци со цел откривање на делници од патиштата со голем ризик, според бројот на настанати сообраќајни незгоди со цел да преземе мерки во соработка со другите надлежни институции за нивно санирање и отстранување.

Министерството за внатрешни работи има активно учество во изготвување и спроведување на голем број на кампањи чија цел е зголемување на безбедноста на сообраќајот на патиштата преку снимање и емитување на спотови кои се застапени во печатените и електронските медиуми во Република Македонија.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2011 година во делот на понатамошно усогласување, а заради целосно регулирање на односите во патниот сообраќај со земјите од Европа, се планира склучување на Спогодби за меѓународен правоз на патници и стоки со земјите со кои Владата на Република Македонија сеуште нема склучено спогодба, имено:

- Закон за ратификација на Спогодбата за меѓународен патен транспорт со Република Чешка, со рок 01.12..2011 година.
- Закон за ратификација на Спогодбата за меѓународен патен транспорт со Кралството Шведска, со рок 01.12..2011 година.

Со спогодбите треба да се регулира пристапот на пазарот во внатрешниот и меѓународен превоз на стоки и патници во патниот сообраќај.

Во делот на патната инфраструктура во 2011 се предвидува обновување на сообраќајната сигнализација на патната мрежа во Република Македонија со цел подобрување на безбедноста на главните транспортни рути.

Предвидено е обновување на сообраќајната сигнализација на следните патни делници:
Клучка Хиподром, клучка Стенковец, клучка Рафинерија, клучка Сарај и клучка Катланово.
Проектот за реконструирање на сообраќајните знаци и ознаки на коловоз ќе продолжи и постапката ќе се одвива во фази.
Во 2011 година предвидено е замена на основната стандардна сообраќајната сигнализација на целиот Коридор 10 од граничен премин Табановце до граничен премин Богородица. Потоа на Обиколницата Скопје, замена и дополнување на најнеопходната сообраќајна сигнализација за известување и водење на сообраќајот на магистралниот пат М-4 и регионалниот пат Р-420 во правец на Охрид, како и целосна промена на сигнализацијата на клучката Катланово.

Петте конзорциуми кои се пласираа за понатамошно учество во постапката за издавање на концесија на патиштата, можат да ја подигнат тендерската документација и првите понуди се очекуваат во првата половина од 2011 година. Повеќе за овој проект во делот инфраструктура, Поглавје за транс-европски мрежи.

Реформата на патниот сектор исто се планира да продолжи во 2011 година со цел комплетирање на преструктуирањето на Јавното претпријатие Македонија пат, согласно одредбите од законот.

<u>Безбедносни прашања</u>

Во 2011 година ќе се работи на детектирање на делници од патиштата со голем ризик, според бројот на настанати сообраќајни незгоди со цел да бидат превземени мерки во соработка со другите надлежни институции за нивно санирање и отстранување.

Со оглед на тоа дека согласно програмата на Влада на Република Македонија и активностите на Агенцијата за државни патишта веќе се работи на отсранување на факторот "ПАТ" како причина за настанати незгоди, факторот "ВОЗИЛО" со Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/08) кој е изработен и целосно усогласен со европските директиви, за наредната година планирано да се посвети повеќе внимание на факторот "ВОЗАЧ" преку иницирање на поквалитетна обука на возачите со донесувањето на новиот Правилник за критериумите, начинот на работа на автошколите, наставниот план и програма за обука, стручниот кадар, опремата со која мора да располагаат како и евиденциите што треба да ги водат автошколите за оспособување на кандидати за возачи согласно член 422 став 1 алинеја 1 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата(„Службен весник на Република Македонија" бр.54/07, 86/08, 98/08, 64/09 и 161/09).

Согласно Планот за спроведување на акциските контроли во наредднта година е предвидено е спроведување на поголем број на републички, регионални и локални селективни акциски контроли.

Се работи на Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.

МВР зема активно учество во измените и дополнувањата на Законот за возила се цел подобрување и дополнување на истиот, како и отстранување на некои недоследности во истиот.

Сите овие активности во НПАА матрицата се одразени во кварталните извештаи за спроведување на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за безбедност на сообраќајот на патиштата во Република Македонија.

Дополнително се предвидува Законот за изменување и дополнување на законот за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници и возачите во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај со цел да се допрецизираат одредбите за практична примена на законот.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Секоја транспортна компанија во Република Македонија која ги исполнува условите предвидени во Законот за превоз во патниот сообраќај и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот, може да аплицира за добивање на лиценца за вршење на одделни видови превоз во патниот сообраќај. Континуирано се издаваат сертификати за професионална компетентност, сертификати за превоз на опасни материи за возачите, како и сертификати за советници за безбедност при превоз на опасни материи.

Капацитетите на Државниот инспекторат за транспорт ќе се зајакнат со вработување на нови лица, обезбедување на опрема, како и обука за спроведување на инспекциските контроли при вршење на превозот на патници и стоки во патниот сообраќај.

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Заради целосно регулирање на односите во патниот сообраќај со земјите од Европа, ќе продолжат активностите за склучување на Спогодби за меѓународен правоз на патници и стоки со земјите со кои Владата на Република Македонија сеуште нема склучено спогодба и тоа:

- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Португалија, рок 01.12.2012 година,
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Финска, рок 01.12.2012 година,
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Литванија, рок 01.12.2012 година,
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Ирска, рок 01.12.2012 година,

На среден рок Република Македонија ќе се сконцентрира на спроведување на релевантното законодавство, посебно спроведувањето на регулативата за дигиталните тахографи и остварување на целите дефинирани во стратешките документи во делот на безбедноста на сообраќајот на патиштата, пред се за намалување на бројот на жртвите во несреќи во патниот сообраќај.

## 3.14.2. **ЖЕЛЕЗНИЧКИ СООБРАЌАЈ**

*Тековна состојба*

Усогласувањето со барањата на Европската унија во делот на железничкиот сообраќај како исклучително важен тип на превоз за стоки и патници во Република Македонија продолжи со спроведувањето на основната реформа на секторот со транспонирање на acquis во делот на тн. Втор железнички пакет, која на долг рок какви што се европските искуства треба да се прилагоди на реалнста на единствениот европски пазар.

Во 2010 година беше донесен Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/2010) кој го уредува развојот на железничкиот сообраќај и железничката инфраструктура, организацијата на железничкиот систем, начин и услови за извршување на железничкиот превоз и видовите превоз, управувањето, организирањето, заштитата на железничката инфраструктура и пристапот до железничка инфраструктура, наплата за пристап за користење на железничката инфраструктура, доделувањето на инфраструктурните капацитети, објавата на мрежа, основањето на независно и самостојно регулаторно тело, доделувањето и видовите на концесија, финансирањето на железничката инфраструктура и услугите од јавен интерес во железничкиот превоз на патници усогласен. Овој закон е усогласен со ЕУ директиви: 31991L0440, 32001L0012, 32004L0051, 32007L0058, 31995L0018, 32001L0013, 32001L0014, 32004L0049, 31992L0106 и 32007R1370.

Дополнително беше донесен Законот за сигурност на железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/2010) кој го уредува начинот и условите за обезбедување сигурност во железничкиот систем кој ги опфаќа

сигурносните барања на системот во целина, вклучувајќи го и сигурносното управување со инфраструктурата и сообраќајните операции и соработката помеѓу железнички превозник и управител на инфраструктура. Овој закон е усогласен со ЕУ прописите: 32004L0049, 32008L0110 и 32007L0059.

Министерството за транспорт и врски подготви Предлог на Закон за интероперабилност во железничкиот систем ги пропишува условите што треба да се исполнат за да се постигне интероперабилност на железничкиот систем во Република Македонија на начин што е компатибилен со одредбите од Законот за сигурност во железничкиот систем. Овој закон е усогласен со ЕУ директива 32008L0057. Интероперабилноста треба да воведе уште подлабоки реформи во железницата во делот на воведување на техничките спецификации за технологија, сигнални системи и безбедносни стандарди, операции и управување со возниот парк. Крајната цел е да се воведе способност да се оперира на било кој дел од железничката мрежа без разлика на земјата во која се патува во ЕУ но и истовремено отварање на пазарот за овие делови и потсистеми на барањата утврдени ви техничките спецификации.

Во делот на спроведување на законодавството беа донесени следниве подзаконски акти кои понатаму транспонираат европски правила:

- Правилник за формата и содржината на барањето и упатството за пополнување на барањето за издавање на сертификат за сигурност, формата и содржината на образецот на сертификатот за сигурност, како и формата и содржината на регистарот за издадени сертификати за сигурност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/2010), усогласен со ЕУ директива 32007R0653.
- Правилник за формата и содржината на барањето и упатството за пополнување на барањето за издавање одобрението за сигурност за управување со железничка инфраструктура, формата и содржината на образецот на одобрението за сигурност, како и формата и содржината на регистарот на издадени одобренија за сигурност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/2010).
- Правилник за постапката за издавање на дозвола, формата и содржината на дозволата за машиновозачот и формата и содржината на регистарот за издадени дозволи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/2010) усогласен со ЕУ директива 32010R0036.
- Правилник за формата и содржината на сертификатот за познавање на железничка инфраструктура и железничко возило („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/2010) усогласен со ЕУ директива 32010R0036.
- Правилник за содржината на извештајот за случени сериозни несреќи, несреќи и инциденти во железничкиот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/2010) усогласен со ЕУ директива 32004L0049, анекс V.
- Правилник за заеднички сигурносни показатели („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/2010) усогласен со ЕУ директива 32004L0049, анекс I.

Во делот на останатите програмски документи:

- Предлог Националната програма за железничка инфраструктура за период 2011-2013, одредува приоритети за изградба на нова, реконструкција, модернизација и одржување на постојната железничката инфраструктура.

- Годишен план за изградба, реконструкција, моденизација, ремонт и одржување на железничка инфраструктура („Службен весник на Република Мкаедонија“ бр. 8/2010 и 135/2010) со кој се реализираат средства во висина од 175.000.000 денари наменети за одржување на железничката мрежа и извршено е осигурување на 9 патни премини на релација Ѓ.Петров-Гостивар и на 7 патни премини на релација Велес-Битола.

- Годишен план за изработка на проектна докуметација за Коридор VIII („Службен весник на Република Мкаедонија“ бр. 8/2010 и 135/2010), со кој се реализраат средства во висина од 38.000.000 денари наменети за изработка на инвестиционо техничка документација за Коридор VIII, дел према Република Бугарија и Република Албанија.

- Одлука за определување на услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата согласно возен ред 2009/2010 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 101/2010 од 27 јули 2010 година) со која се определува дека железнички превоз на патници за возен ред 2009/2010 година е услуга од јавен интерес, која согласно член 134 од Законот за железничкиот систем ја извршува Македонски Железници Транспорт АД-Скопје со Договор за компензирање на дел од трошоците (надоместок за користење на железничка инфраструктура) направени при јавен железнички превоз на патници за период од 01.08.2010 година до 31.12.2010 година, склучен меѓу Министерот за транспорт и врски и Директорот на Македонски Железници Транспорт АД –Скопје.

Министерство за транспорт и врски –Сектор за железници е надлежен за спроведување на политиката за развојот на железниците. Согласно Правилникот за организацијата и работни места во Серкторот има две одделенија: Одделение за железничка инфраструктура во кое се вработени 4 и Одделение за железнички транспорт во кое е вработен 1 државен службеник или вкупно 6 државни службеници, вклучувајќи го раководителот на сектор.

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници-Скопје (управител на железничка инфраструктура), е задолжено за управувањето со изградбата, реконструкцијата, ремонтот, одржувањето, заштитата на железничката инфраструктура, организирањето и регулирањето на железничкиот сообраќај, раководењето со системите за регулирање и сигурност и доделување на инфрастуктурните капацитети како дејности од јавен интерес. Заклучно со 31.12.2009 година во ЈП МЖ Инфартсруктура имаше вкупно вработени 1520, а со пресек 30.09.2010 бројот на вработените е намален на 1491, кое се должи на природен одлив на вработените.

Македонски железници Транспорт АД-Скопје (железнички превозник врши превоз на патници и/или стока во железничкиот сообраќај, и е самостоен во своето работење, поседува дозвола за вршење на јавен превоз на патници и стока и сертификат за сигурност, сопствен имот и средства. Заклучно со 31.12.2009 година во МЖ Транспорт АД имаше вкупно вработени 1312, а со пресек 30.09.2010 бројот на вработените е намален на 1296, кое се должи на природен одлив на вработените како и понуден пакет за доброволно заминување од компанијата.

Агенција за регулирање на железничкиот сектор (регулаторно тело) обезбедува транспарентно и недискриминаторно работење на управителот на инфраструктура, превозниците, телата и институциите поврзани со работењето на железницата како и други учесници кои обезбедуваат железнички услуги во железничкиот јавен превоз. Бројот на вработените изнесува 4 вклучително и директорот. Во текот на 2010 година, Агенцијата изготви Годишен финансиски извештај со завршна сметка за 2009 година, Извештај за реализација на годишната програма за работа и развој на Агенцијата за 2009 година, Годишна програма за работа и развој за 2010 година и Годишен финансиски план 2010 година кои беа усвоени од Собранието на Република Македонија. Со влегувањето во сила на новиот Закон за железнички систем, и заради усогласување со одредбите на овој закон, Агенцијата изготви измени и дополнувања на Годишната програма за работа и Годишниот финансиски план за 2010 година. Постапката за нивно усвојување е во тек во Собранието на Република Македонија (постапката е започната на 06.08.2010 година). Агенцијата воспостави комуникација со регулаторните агенции од регионот, заради стекнување искуства и размена на информации во врска со работењето и имплементацијата на барањата предвидени со ЕУ легислативата (со регулаторните тела на Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија, Бугарија, Црна Гора и Косово). Во текот на 2010 година, беше остварено учество на работилници, работни средби со други регулаторни агенции од земјите, учество меѓународни саеми.

Во текот на 2010 година беа изготвени две студии за: дефинирање на основните критериуми за квалитетот на услугите во превозот на патници со железница и дефинирање на основните критериуми за квалитетот на услугите кои инфраструктурната компанија им ги овозможува на железничките превозници. Студиите беа презентирани пред Управниот одбор на Агенцијата и Министерството за транспорт и врски. Критериумите за квалитет на услуги беа испратени до ЈПМЖИ и МЖТАД, за постапување согласно обврските на Агенцијата. На состаноците одржани со двете компании (МЖТАД и ЈПМЖИ) за предложените критериуми немаше забелешки и истите беа прифатени за постапување.

Управата за сигурност во железничкиот систем (орган за сигурност) извршува задачи поврзани со сигурноста на железницата. Во месец ноември назначен е Директор на Управата за сигурност.

Комитет за водење на истрага при случена сериозна несреќа, несреќа и инцидент (тело за инвестигација), постојано тело кое е независно во својата организација, и во донесување на одлуки и е независен од секој управителот на инфраструктура, превозникот, органот за сигурност, регулаторот на железницата и Министерството за транспорт и врски. Владата на Република Македонија донесе Одлука за формирање на Комитетот на 11.05.2010 година под број 51-2952/1 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 74/2010 од 03.06.2010), кој е екипиран со 3 иследници од кои еден е одговорен иследник.

**Странска помош**

Проект за реформа на железницата, од Светска Банка, бр.83499 е во фаза на имлементација. Поголем дел од компонентите се релизирани. Проектот се планира да заврши до април 30, 2011 година.
*(види поглавје 3.21.1 Трансевропски мрежи);*

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**
Со цел подобрување на функционирањето на регулаторот и адресирање на некои од наодите за спроведувањето на постапката за издавањето на лиценци за вршење на железнички дејности и дефинирање на правила и процедури ќе бидат донесени:
- Закон за изменување и дополнување на Законот за железнички систем
- Закон за изменување и дополнување на Законот за сигурност во железничкиот систем,

Дополнително ќе биде донесен и Законот за изменување и дополнување на Законот за договори за превоз, со цел да се усогласи со 32007R1371, кој ќе се фокусира на примена на европските правила за договори и осигурителни аранжмани помеѓу патниците и железничките оператори.

Во делот на спроведување на законодавството и програмирање на нивото на инвестиции во железницата ќе бидат донесени:

- Годишна програма за железничка инфраструктура за 2011.
- Одлука за определување на услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата, со Договор за компензирање на дел од трошоците меѓу МТВ и МЖТ-АД
- Договор за финансирање на железничка инфраструктура меѓу МТВ и ЈП МЖ-И.

Во насока на подобрување принципите за слободно гранично регулирање со цел зголемување на конкурентноста на железничките услуги, поедноставување на граничното регулирање на железничкиот сообраќај и намалување на времето на задржување на граничните железнички премини меѓу соседните држави и елиминирање на тн. Тесни грла,

- Закон за ратификација на Спогодба за гранично регулирање на железничкиот сообраќај меѓу Република Косово и Република Македонија
- Закон за ратификација на Спогодба за гранично регулирање на железничкиот сообраќај меѓу Република Србија и Република Македонија

Агенција за регулирање на железничкиот сектор (регулаторно тело) Агенцијата ќе овозможи транспарентно и недискриминаторско работење на управителот на инфраструктурата и железничкиот превозник. Агенцијата ќе изготви годишна програма за работа и финансиски план за 2011 година и активно ќе го контролира квалитетот на услугата обезбедена од сите учесници на пазарот на железнички услуги како и ќе се грижи за почитување на правата на патниците кои ја користат железницата како превозно средство. Во текот на 2011 година, планирано е организирање на обуки на вработените со цел зајакнување на капацитетите на Агенцијата. До 31.03.2011 година до Собранието на Република Македонија ќе поднесе Извештај за реализација на годишната програма и финансискиот план за 2010 година.

Во делот на спрведување на законодавството и посебно за ставање во целосна функционалност на сигурносното тело се предвидени активности за Зајакнување на административни капацитети за Управата за сигурност во железничкиот систем при МТВ. Со соодветното екипрање во 2011 ќе се створат и услови за истата да пропише упатства за издавање на сертификати за сигурност, одобренија за сигурност, дозволи за машиновозачи, потврди за пуштење во употреба на железнички возила, ќе води регистер на возила и на инфрасруктура и други надлежности утврдени со законот.

Дополнително се предвидени две нови вработувања во секоторот железници при Министерството за транспорт и врски.
Во делот на практичната имплементација на реформата во железница операторот на инфраструктурата и транспортниот оператор ќе донесат Три-годишен бизнис план 2011-2013, со инвестициони програми за три години и финансиска програма за една година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

*Министерство за транспорт и врски:* Предвидено е зајакнување на Секторот за железници преку нови вработувања, техничка опременост и организирање на обуки на вработените. Кадровското екипирање ќе допринесе да се навреме, квалитетно и ефикасно реализираат потребните реформи во железницата. Согласно Правилникот за систематизација на работните места на Министерството за транспорт и врски, во Секторот за железници има потреба да се вработат 2 лица.

*Агенција за регулирање на железничкиот сектор (регулаторно тело):* Во текот на 2011 година во согласност со расположивите финансиски средства се планира едно ново вработување, кое од финансиски причини не беше реализирано во 2010 година. Во текот на 2011 година планирано е организирање на обуки на вработените.
*Управа за сигурност во железничкиот систем:* Предвидено е зајакнување на Управата преку 10 нови вработувања, техничка опременост и организирање на обуки на вработените, согласно Правилникот за систематизација на работните места на Министерството за транспорт и врски.

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2012 и 2013 година ќе се следат измените и донесувањето на нови директиви на Европската унија кои ќе се усогласуваат со постојната законска рамка на Република Македонија во делот на железницата. Исто така ќе се иницира побрзо имплементирање и заживување на комбинираниот превоз по мрежата на железницата во Република Македонија.

До крајот на 2013 година на предлог на Владата на Република Македонија, Собранието на Република Македонија ќе ја донесе *Националната програма за железничка инфраструктура за период 2014-2016 година.*

*Агенција за регулирање на железничкиот сектор (регулаторно тело):* Агенцијата ќе овозможи транспарентно и недискриминаторско работење на управителот на инфраструктурата и железничкиот превозник. Агенцијата ќе изготви годишна програма за работа и финансиски план за 2012 и 2013 година и активно ќе го контролира квалитетот на услугата обезбедена од сите учесници на пазарот на железнички услуги како и ќе се грижи за почитување на правата на патниците кои ја користат железницата како превозно средство. Во текот на 2012 и 2013 година, планирано е организирање на обуки на вработените со цел зајакнување на капацитетите на Агенцијата.

*Управа за сигурност во железничкиот систем* ќе ја имплеметира законската рамка од областа на железниците, а во нејзин делокруг на работа и ќе предлага измени во насока на подобрување на реализација на законите.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
*Министерство за транспорт и врски:* Предвидено е зајакнување на Секторот за железници преку нови вработувања, техничка опременост и организирање на обуки на вработените. Согласно Правилникот за систематизација на работните места на Министерството за транспорт и врски, во Секторот за железници има потреба да се вработат4 лица и тоа 2 лица во 2012 година и 2 лица во 2013 година .

*Управа за сигурност во железничкиот систем:* Предвидено е зајакнување на Управата преку 10 нови вработувања, и тоа 5 лица во 2012 година, и 5 лица во 2013 година, техничка опременост и организирање на обуки на вработените, согласно Правилникот за систематизација на работните места на Министерството за транспорт и врски.

### 3.14.3 **ВНАТРЕШЕН ВОДЕН СООБРАЌАЈ**

*Тековна состојба*

Внатрешната пловидба во Република Македонија опфаќа пловидба на природните и вештачки езера и пловидба на еден канал. Пловидбата се одвива за туристички цели и спорт и рекреација. Превоз на стоки не се врши. На внатрешните води забранет е превоз на опасни материи.

Со донесувањето на Законот за внатрешната пловидба (Сл.весник на РМ бр.55/2007, 26/2009 и 22/2010) и подзаконски акти, чиј основ за донесување е цитираниот закон, е заокружена правната рамка со која се регулира внатрешната пловидба.

Надлежни органи за имплементација на работите што се однесуваат на безбедноста во внатрешната пловидба се Министерството за транспорт и врски и Капетанијата на пристаништата – орган во состав на Министерството за транспорт и врски. Во рамките на Капетанијата постои едно одделение со вработени седум лица.

*Краткорочни приоритети*

За 2011 година е предвидена реконструкција на пристаништето во Охрид, со изведба на градежни санациони работи на опреативниот дел од пристаништето. Оваа активност треба ќе значи зголемување на инвестициите во овој дел и стварање на претпоставки за исполнување на правните одредби кој ја регулираат материјата за внатрешен воден сообраќај.
Дополнително, со оглед на тоа што во Република Македонија не се врши транспорт на стоки фокусот ќе се стави на спроведување на законодавството кое се однесува на безбедносните стандарди.

*Среднорочни приоритети*
Уредување на условите што мора да ги задоволуваат пристаништата во поглед на нивната безбедност, опременост и капацитет.

### 3.14.4. **КОМБИНИРАН СООБРАЌАЈ**

*Тековна состојба*

Како дел од активностите за хармонизација на Европските директиви и регулативи во домашното законодавство е видливи и во: Законот за железнички систем (СВРМ 48/2010), Законот за сигурност во железничкиот сиетм (СВРМ 48/2010) и Законот за договорите за превоз во железничкиот сообраќај (Службен весник на РМ бр. 55/07) се вградени одредби со кои се регулираат односите помеѓу страните вклучени во вршењето на комбиниран превоз на стоки.
Усвоениот Закон за Јавни патишта во 2008 год (Службен весник на РМ бр. 84/08) вметнати се Европските позитивнуи искуства и е усогласен со Европските директиви.

*Краткорочни приоритети*

- Промоција на модалната распределба од автомобилите кон пешачење, велосипедизмот и јавниот транспорт
- Воведување на политика за пренасочување на товарот и патниците од патиштата кон транспортните видови кои не се штетни за животната средина
- Стандардизација и хармонизација на мултимодалните товарни единици со промоција на Европската интермодална товарна единица
- Изработка на секторска физибилити студија и cost-benefit и анализа за стратешки мултимодални транспортни јазли на национално ниво;

*Среднорочни приоритети*

- Интегрирање на издавање билети и услуги за багаж помеѓу различни видови на транспорт
- Формирање на мултимодални транспортни јазли (промовирање на интермодални и мултимодални транспортни системи, според физибилити студијата);

### 3.14.5. **ВОЗДУШЕН СООБРАЌАЈ**

*Тековна состојба*

Усогласувањето на националното законодавство со правилата на ЕУ во делот на воздушниот сообраќај за Република Македонија ќе значи воведување вклучување во внатрешниот пазар на ЕУ, преку усвојување на заедничките правила за доделување на дозволи за вршење на дејноста, управување со аеродромите, усвојување на технички барања и процедури на Заедничките воздухопловни власти, пристап до пазарот за услуги ( чистење, полнење гориво, багаж) стандарди за ареодромите во ЕУ. Понатаму, воспоставување на заедничка рамка во делот на наплатата на аеродоромските услуги, доделување на слотовоите на недискриминаторски и независен начин од независен координатор во корист на задоволувањето на барањата за зголемени капацитети, дефинирање на минимум одговорност на операторите со леталата во однос на патниците, багажот, товарот или спрема трети страни, заеднички правила за прифаќање на дозолите и квалификациите за луѓето во цивилното воздухопловство и воспоставување на правила на заедницата за лиценци за контролор за летање со цел надминување на партикуларноста на националните правила.
Во делот на правата на патниците европската политика е фокусирана на заштита на интересите на патниците во воздушниот сообраќај, на лицата со редуцирана способност, системи за компјутерска резервација итн.

Дополнително, се спроведуваат политиките за воздухопловната безбедност, Европското единствено небо и воздухопловното управување.
Транспонирањето на европското acquis во Република Македонија во делот на воздушниот сообраќај се врши во:

- Закон за воздухопловство („Службен весник на РМ“ бр.14/2006, 27/2007 и 103/2008) - ги уредува условите и начинот на вршење на дејностите од областа на воздухопловството во Република Македонија, ја воспоставува правната основа за трансформација на Управата за цивилна воздушна пловидба на регулатор и давател на услуги на воздухопловна навигација и ги регулира аеродромските такси. Подзаконските акти предвидени со овој Закон се изготвуваат во согласност со прифатените меѓународни воздухопловни стандарди, препорачаните практики и легислатива на ЕУ, ICAO, ECAC, JAA/EASA и EUROCONTROL. Меѓународните стандарди, регулативи, упатства и препорачани практики на кои подзаконските акти вршат само упатување се сметаат за прифатени и директно се применуваат. Овој закон дава основа за транспонирање на ЕУ мерки во подзаконските акти.
- Закон за облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај („Службен весник на РМ“ бр.85/2008) - ги регулира прашањата поврзани со приватното право во доменот на воздухопловството, во однос на договорот за превоз, т.е. авиокартата за превоз на патници, одговорноста на авиопревозниците што произлегува од договорот за превоз, надоместување на штета, осигурување и сл. Овој закон е усогласен со следниве ЕУ мерки: 31992R2409, 31997R2027, 32002R0889, 32004R0261, 32005R2111, 32004R0785, 31989R2299 , 31999R0323 и 31993R3089.

- Закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство („Службен весник на РМ“ бр.67/2010) – ги уредува правилата за доделување на слотови, пристапот на пазарот за извршување на аеродромски услуги, истражувањето и пријавување на воздухопловни несреќи, сериозни инциденти, инциденти и настани, организацијата на работното време, времетраењето на одморот и другите права на членовите на екипажот на воздухоплов, заедничките правила за вршење на јавен воздушен превоз во меѓународниот воздушен сообраќај и обезбедува целосна политичка и функционална независност на Агенцијата за цивилно воздухопловство. Овој закон е усогласен со следниве ЕУ мерки: 31993R0095, 31996L0067, 31194L056, 32003L0042, 32000L0079, 32008R1008 и 32005R2111.

Пречистениот текст на Законот за воздухопловство е објавен во Службен весник на Република Македонија бр.118 од 06.09.2010 година.

Со ратификација на Мултилатералната спогодба за основање на Европска заедничка воздухопловна област (ECAA), потпишана на 09.06.2006 година во Луксембург („Службен весник на РМ“ бр.27/2007 и 98/2009) за Република Македонија и ЕУ создадени се унифицирани услови за слободен пазар на услуги во воздушниот транспорт и унифицирани правила во областа на сигурноста, безбедноста, управувањето со воздушниот сообраќај, социјалната сфера и заштитата на животната средина.

Во декември 2006 година Република Македонија ја ратификуваше Хоризонталната спогодба (Спогодба помеѓу Република Македонија и ЕУ за некои аспекти на воздушниот сообраќај), потпишана на 09.06.2006 година во Луксембург („Службен весник на РМ“ бр.127/2006). Нејзина цел е измена или дополнување на некои одредби од билатералните спогодби за редовен воздушен сообраќај кои Република Македонија ги има склучено со земји членки на ЕУ со цел истите да бидат усогласени со законодавството на ЕУ и на тој начин да се одбегне дискриминацијата во воздушниот сообраќај во однос на другите земји членки на ЕУ.

**Билатерални спогодби**

Во 2010 година Република Македонија ја ратификуваше Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Швајцарскиот Сојузен Совет за редовен воздушен сообраќај („Службен весник на РМ“ бр.24/2010), а беше парафирана Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Државата Катар за редовен воздушен сообраќај.

Со оглед на тоа што со Законот за воздухопловство беше воспоставена правната основа за транспонирање на голем дел од европските регулативи во областа, во текот на 2010 година, беа донесени подзаконски акти со кои се транспонираа тринаесет регулативи и четири директиви на ЕУ согласно обврските од Спогодбата за Европска заедничка воздухопловна област: 32008R0300, 32008R0820, 32008R1138, 32003R1217, 32003R1486, 32008R1057, 32006L0023, 31991L0670, 31991R3922, 32000L0079, 32008R0216, 31993R0095, 32008R1008, 31994L0056, 32007R1330, 32003L0042 и 32007R1321.

Националната воздухопловна политика на Република Македонија претставува главна основа за дефинирање на стратешките цели и приоритети на Република Македонија во областа на воздухопловството и е ориентирана кон реализирање на приоритетите во секоја од областите дефинирани во Спогодбата за создавање на Европска заедничка воздухопловна област и тоа: безбедност, услуги на воздухопловна навигација, инфраструктура, сигурност, заштита на животната средина, заштита на правата на потрошувачите, конкуренција и останати области поврзани со воздухопловството во Република Македонија.

Национална стратегија за развој на воздухопловството во Република Македонија дава насоки за: модернизирање и оптимизирање на идната организациона структура на националниот воздухопловен сектор, исполнување на високите меѓународни стандарди за безбедност и сигурност, подобрување на воздухопловната инфраструктура, одржливост на животната средина во услови на пораст на обемот на воздушниот сообраќај и транспорт, управување со воздушниот простор согласно принципот Единствено европско небо, либерализација на услугите во воздушниот транспорт, како и мерките за заштита на постоечките и новите корисници на услугите во воздушниот транспорт во Република Македонија.

*Институциите кои се надлежни за спроведување на политиката и правната рамка во воздухолпвниот сообраќај се:*

- *Министерство за транспорт и врски.* Надлежностите на Министерството за транспорт и врски - Сектор за воздухопловство се утврдени во член 6 од Законот за воздухопловство. Во моментов, има седум (7) вработени, од кои шест (6) се во редовен работен однос и еден (1) со Договор за вработување преку Агенцијата за привремени вработувања. На 06 и 16.09.2010 година Министерството за транспорт и врски објави два огласи за вработување на три лица во Секторот за воздухопловство и тоа еден помлад соработник и двајца советници. На 29.10.2010 година донесени се решенија за вработување на еден советник за аеродроми и аеродромски услуги и еден советник за

стратешки план и економски развој на цивилното воздухопловство (со важност од 01.11.2010 година), со што се реализирани предвидените вработувања по НПАА 2010.

- *Агенција за цивилно воздухопловство.* На 17.09.2010 година Комисијата за прашања на изборите и именувањата при Собранието на Република Македонија ја утврди предлог Одлуката за именување на претседател и членови на Управниот одбор на Агенцијата за цивилно воздухопловство. Собранието на Република Македонија на Сто дваесет и првата седница, одржана на 04.10.2010 година донесе Одлука за именување на претседател и членови на Управниот одбор на Агенцијата за цивилно воздухопловство. На 19.10.2010 година во дневниот весник „Вечер“ Управниот одбор на Агенцијата за цивилно воздухопловство објави јавен оглас за именување на директор на Агенцијата.
- *Давател на услуги за воздухопловна навигација (ANSP).* Врз основа на член 60 од Законот за воздухопловство („Службен весник на РМ“ бр.14/2006, 24/2007, 103/2008 и 67/2010) за вршење на услуги на воздухопловна навигација, Владата на Република Македонија формираше Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје. Агенцијата за цивилно воздухопловство на 10.03.2010 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје му издаде Уверение за оспособеност за давање на услуги на воздухопловна навигација со број МК-01/2010ANSP М-НАВ АД СКОПЈЕ. Уверението е издадено во согласност со член 10 и член 53 став 4 од Законот за воздухопловство, а во врска со Уредбата за начинот на давање на услугите на воздухопловна навигација, како и посебните услови во однос на потребниот персонал, опремата и другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење („Службен весник на РМ“ бр.114/2008 и 117/2009).
- *Јавно претпријатие за аеродромски услуги „Македонија“ – Скопје.* Новото Акционерско друштво за аеродромски услуги „АЕРОДРОМИ НА МАКЕДОНИЈА“ – во државна сопственост е регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија на 22.08.2008 година.
- *Концесионер „ТАВ Македонија“ ДООЕЛ.* На 01.03.2010 година концесионерот „ТАВ Македонија“ ДООЕЛ го превзема оперирањето со аеродромите „Александар Велики“ – Скопје и „Св. Апостол Павле“ – Охрид.
- *Комисија за испитување на несреќи и сериозни инциденти во воздухопловството.* Согласно член 166 од Законот за воздухопловство формирана е Комисијата за испитување на несреќи и сериозни инциденти. Оваа Комисија ги испитува несреќите и сериозните инциденти на воздухоплови или падобрани во воздушниот простор на Република Македонија и е самостојна во својата работа. Има постојан член именуван од Владата на Република Македонија и променлив состав чии членови, во случај на несреќа или сериозен инцидент на воздухоплов или падобран, ги именува министерот за транспорт и врски од листата на воздухопловни стручњаци, во зависност од типот на воздухопловот за кој се работи.
- *Национален комитет за обезбедување во цивилното воздухопловство.* Согласно Националната програма за воздухопловна безбедност, формиран е Национален комитет за воздухопловна безбедност и именувани се членовите на Националниот комитет за воздухопловна безбедност. Национален координатор за воздухопловна безбедност е директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство.
- *Национален комитет за олеснување на превозот во воздушниот сообраќај.* Согласно Националната програма за олеснување на превозот во воздушниот сообраќај („Службен весник на РМ“ бр.1272008) и стандардите од Анекс 9 кон Чикашката конвенција формиран е Национален комитет за олеснување на превоз во воздушниот сообраќај. Конститутивен состанок на Националниот комитет за олеснување на превоз во воздушниот сообраќај е одржан на 01.04.2009 година. Национален координатор за олеснување на превозот во воздушниот сообраќај е директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство.

**Странска помош**

Програма за имплементација на регулативата за Единствено европско небо во земјите на Југоисточна Европа ИСИС - ISIS Programme

ISIS Програмата, која беше неактивна извесен период повторно беше иницирана од страна на Европската унија во септември 2010 година. Имено, Програмата целосно ја превзема техничката помош за ЕУ прописи од областа на навигацијата. На 06 и 07.09.2010 година во Агенцијата за цивилно воздухопловство се одржа состанок со претставник од Секретаријатот на ISIS, на кој беше утврден акционен план за транспонирање на ЕУ Регулативите 551/2004, 552/2004, 2150/2005 и 1315/2007. На 08.09.2010 година во Будва, Црна Гора, се одржа состанок на Управувачкото тело во рамки на ISIS на кој се усвоија заклучоците за повторно иницирање на ISIS Програмата. Активностите на Република Македонија за техничка помош преку ISIS Програмата се предвидени за 2011 година, а согласно Националната програма за усвојување на правото на Европската унија.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

*Предлог за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство:* Донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство е во насока на измена на член 12 од Законот за воздухопловство со цел имплементирање на Регулативата (ЕЗ) бр.1794/2006 на Комисијата од 6 декември 2006 година за утврдување на заеднички систем за наплата на услугите на воздухопловната навигација и обезбедување на стабилни извори на финансирање и финансиска независност на Агенцијата за цивилно воздухопловство.

Во рамки на Програмата за имплементација на регулативата за Единствено европско небо во земјите на Југоисточна Европа - ISIS утврден е акционен план за транспонирање на ЕУ Регулативите 551/2004, 552/2004 2150/2005 и 1315/2007, со предвидените подзаконски акти за 2011 година како и за измена на член 12 од Законот за воздухопловство.

*Предлог за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај:* Законот за облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај („Службен весник на РМ“ бр.85/2008) транспонира девет ЕУ регулативи, меѓу кои и ЕУ Регулативата 2409/92, превземена со Анекс I од Мултилатералната спогодба за основање на Европска заедничка воздухопловна област т.н. Спогодба за ЕЗВО („Службен весник на РМ“ бр.27/2007 и 98/2009).

Собранието на Република Македонија го донесе Законот за ратификација на Анексот за изменување на Анекс I на Спогодбата за ЕЗВО („Службен весник на РМ“ бр.98/2009), со кој се укинува ЕУ Регулативата 2409/92. Донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај е во насока на транспонирање на ЕУ Регулативата 1008/2008, која ја укинува ЕУ Регулативата 2409/92.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со цел адресирање на забелешките и наодите од извештајот за напредокот од 2010 година се предвидува соодветно институционално и административно зајакнување на капацитетот на институциите и тоа во :

- *Кадровско екипирање на Секторот за воздухопловство:* Во Секторот за воздухопловство при Министерството за транспорт и врски потребно е да се вработи уште 1 (едно) лице.
- *Кадровско екипирање на Агенцијата за цивилно воздухопловство:* Согласно акционите планови доставени до меѓународните воздухопловни организации потребно е кадрово зајакнување_на Агенцијата со најмалку 12 лица кои ќе бидат стручен и воздухопловен кадар и тоа: 1 (еден) сообраќаен пилот со АТПЛ дозвола, 1 (еден) комерцијален пилот со ЦПЛ дозвола за специјализирани услуги, 1 (еден) воздухопловен електро инженер со ИРЕ дозвола, 1 (еден) советник за лиценцирање на воздухопловен-технички персонал, еден (1) инспектор за обезбедување од незаконско постапување (security), 1 (еден) правник со правосуден испит, 1 (еден) внатрешен ревизор, 1 (еден) референт за сметководство, 1 (еден) систем администратор, 1 (еден) контролор на летање, 1 (еден) економист и најмалку 1 (еден) воздухопловен сообраќаен инженер.
- *Формирање на Цивилно-воен комитет:* Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство („Службен весник на РМ" бр.67/2010) за извршување на работите поврзани со управување со воздушниот простор и флексибилно користење на воздушниот простор Владата на Република Македонија треба да формира Цивилно-воен Комитет за управување со воздушниот простор. Во Комитетот ќе членуваат претставници од Министерството за транспорт и врски, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Агенцијата и давателот на услуги на воздухопловна навигација. Работата на Комитетот ќе ја координира претставникот од давателот на услуги на воздухопловна навигација. Комитетот за својата работа ќе поднесува извештај до Владата на Република Македонија најдоцна до 31 јануари во тековната година за претходната година.
- *Формирање на Комитет за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти:* За спроведување на техничко истражување на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство („Службен весник на РМ" бр.67/2010) Владата на Република Македонија формира Комитет за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти како независно истражно тело. Главна задача на Комитетот за истрага е да ги истражува и анализира несреќите и сериозните инциденти со цел утврдување на фактите и околностите под кои се случиле и да предлага мерки за нивно спречување. Комитетот треба да биде организациски, функционално и финансиски независен од Министерството за транспорт и врски, Агенцијата и од субјектите на воздухопловната индустрија чии интереси можат да бидат во конфликт со неговите задачи и овластувања. Комитетот се состои од тројца истражители кои ги именува Владата на Република Македонија, од кои еден се именува за претседател на Комитетот. Претседателот на Комитетот во случај на несреќа или сериозен инцидент може да ангажира надворешни експерти од областа на воздухопловството и странски истражни тела од цивилното воздухопловство и други тела кои се квалификувани за истрага на воздухопловни несреќи или сериозни инциденти.

*Ревидирање на постоечките билатерални спогодби за редовен воздушен сообраќај*

Република Македонија има парафирано билатерални спогодби со 28 земји, а ратификувано со 24 земји. Овие билатерални спогодби содржат одредени ограничувања (во поглед на сообраќајните права, формирањето на рути, капацитетот и фреквенциите на летање) за авиокомпаниите кои летаат кон и од аеродромите во Република Македонија.

Министерството за транспорт и врски во соработка со Агенцијата за цивилно воздухопловство ќе започне постапка за ревидирање на постоечките билатерални спогодби за редовен воздушен сообраќај со цел отстранување на оние одредби кои што ги дискриминираат странските авиокомпании и авиокомпаниите од Република Македонија. Со ревидираните билатерални спогодби за редовен воздушен сообраќај ќе им се овозможи на авиопревозниците на двете земји слободно да го определуваат бројот на фреквенциите за вршење на редовниот воздушен сообраќај, ќе се обезбеди спречување на формирање на неразумно дискриминаторски тарифи и ќе се обезбедат поголеми поволности за патниците, како и комерцијални можности за авиопревозниците.

*Претседавање на Република Македонија со Постојаната Комисија за безбедност во воздухопловната навигација на Европската организација за безбедност на воздушната пловидба – Eurocontrol*

Република Македонија е членка на Европската организација за безбедност на воздушната пловидба (Eurocontrol - European Organization for the Safety of Air Navigation) од 1999 година и оттогаш воздухопловните енититети на државата активно партиципираат во сите активности на организацијата.

Во управната структура на Eurocontrol главно одлучувачко тело е Постојаната Комисија за безбедност во воздухопловната навигација на Eurocontrol (Permanent Commission for the safety of Air Navigation of Eurocontrol) каде членуваат земјите членки претставени од министрите за транспорт, а земјите членки може да делегираат и повеќе делегати за да се овозможи соодветна застапеност на цивилните државни воздухопловни ентитети и државната одбрана. Во работата на Постојаната Комисија на Eurocontrol секоја земја членка без разлика на бројот на номинирани делегати има право само на еден глас во работата на Комисијата (член 1 точка 1 од Правилата за процедура на Постојаната Комисија).

Во работата на состаноците на Комисијата како постојани членови учествуваат министрите за транспорт на земјите членки или еден претставник кој треба да има обезбедено авторизација од постојаните членови на Комисијата.
Согласно ротациониот систем за назначување на претседател и потпретседател на Постојаната Комисија, според кој земјите членки на Eurocontrol го делегираат претседателот и потпреседателот на Комисијата со мандат од една година (член 2 од Правилата за процедура на Постојаната Комисија) предвидено е Република Македонија да претседава со работата на Комисијата во 2011 година, односно министерот за транспорт и врски.

*Среднорочни приоритети*

На среден рок Република Македонија ќе ги спроведува обврските преземени со втората преодна фаза на Спогодбата за европска заедничка воздухопловна област.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

*Координиран аеродром или аеродром со олеснет распоред*
Во случаите кога ќе се појават проблеми со капацитетот на одреден аеродром, согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство („Службен весник на РМ" бр.67/2010) и согласно условите од ЕУ Регулативата 95/93, Владата на Република Македонија на транспарентен, неутрален и недискриминирачки начин ќе дезигнира аеродром за координиран аеродром или аеродром со олеснет распоред.
Координиран аеродром значи секој аеродром каде со цел за слетување или полетување на некој авиопревозник или некој друг оператор на воздухоплов неопходно е да му биде доделен слот од страна на координаторот, со исклучок на државните летови, принудните слетувања и хуманитарните летови.

Аеродром со олеснет распоред значи аеродром на кој постои можност од загушување во некои периоди од денот, недела или година, кој е согласен за постигнување решение со доброволна соработка помеѓу авиопревозниците и каде е именуван олеснувач на распоред за да се олеснат операциите на авиопревозниците кои вршат сообраќај или имаат намера да вршат сообраќај на тој аеродром.

*Координатор на аеродром или олеснувач на распореди за алокација на слотови за полетување и слетување*
Согласно член 71-а став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство („Службен весник на РМ" бр.67/2010) Владата на Република Македонија ќе именува физичко или правно правно лице за координатор на аеродром или независен олеснувач на распоред по извршени консултации со превозниците, операторот на аеродром или Комитетот за координација, ако таков комитет постои. Со подзаконски акт Владата на Република Македонија ги пропиша

правилата за доделување на слотови во кој ја транспонира ЕУ Регулативата бр.95/93 (Уредба за правилата за доделување на слотови „Службен весник на РМ“ бр.121 и 125/2010).

*Комитет за координација*
Согласно член 71-а став 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство („Службен весник на РМ" бр.67/2010) на координиран аеродром Владата на Република Македонија формира Комитет за координација согласно ЕУ Регулативата 95/93. Комитетот за координација може да е дезигниран за повеќе од еден аеродром. Членството во овој комитет е достапно за авиопревозниците кој редовно го користат предметниот/ите аеродромот/ите и нивните претставништва, операторот на предметниот аеродром, надлежната контрола на летање и претставници на општата авијација кои редовно го користат аеродромот. Како набљудувачи на состаноците од Комитетот за координација може да учествуваат претставници на Министерството за транспорт и врски и координаторот. Комитетот за координација ги дискутира предложените локални упатства за доделување на слотови како и оние предложените за надгледување на употребата на доделените слотови.

*Дефинирање на ставовите на Република Македонија за вклучување во FAB (Functional Airspace Block – Функционален блок на воздушниот простор)*
Следејќи го концептот на „Единствено европско небо“, балканските држави превземаат чекори за реструктуирање на нивниот горен воздушен простор врз основа на протокот на сообраќај, а не според националните граници.

Согласно член 13 од Мултилатералната спогодба за основање на Европска заедничка воздухопловна област т.н. Спогодба за ЕЗВО („Службен весник на РМ“ бр.27/2007 и 98/2009), договорните страни соработуваат во областа на организацијата на воздушниот сообраќај со цел да се прошири Единственото европско небо во ЕЗВО, за да се подобрат тековните безбедносни стандарди и севкупната ефикасност на општите стандарди за воздушен сообраќај во Европа, да се оптимизираат капацитетите и да се намалат доцнењата. Европската заедница ги обврзува земјите пред-пристапнички со секоја работна иницијатива во областа на услугите за воздушна пловидба, воздушниот простор и заедничкото работење, кои произлегуваат од Единственото европско небо, конкретно преку рано вклучување на обидите на односните договорни страни за формирање на функционални блокови во воздушниот простор.

Согласно член 2 став 1 точка iv од Протоколот V од Спогодбата за ЕЗВО, Република Македонија треба да започне реорганизација на својот воздушен простор во функционален блок или блокови.

### 3.14.8 **САТЕЛИТСКА НАВИГАЦИЈА**

*Тековна состојба*

Од аспект на иницијалното поставување на системот за сателитска навигација и позиционирање, во Република Македонија нема експлицитна законска рамка која го тангира прашањето во врска со сателитската навигација и позиционирање во делот на транспортот, што значи дека условите и начинот на користењето и примената на сателитската навигација и сателитското позиционирање во транспортниот сектор на Република Македонија не се регулирани.

Во однос на поедините области од транспортот во Република Македонија:

<u>*Патен сообраќај*</u>
Во делот на патниот сообраќај во одредбите кои ја регулираат сателитската навигација не се транспонирани: Директивата 2004/52/ЕС од 29.04.2004 година на Европскиот Парламент и на Советот за интероперабилност на електронските системи за патарина, со која се регулираат условите кои треба да се исполнат за да се постигне интероперабилност на електронските системи на наплата на патиштата во Заедницата.

<u>*Железнички сообраќај*</u>
Во делот на железничкиот сообраќај во одредбите кои ја регулираат сателитската навигација не се транспонирани: Директивата 2001/16/ЕС од 19.03.2001 година на Европскиот Парламент и на Советот за интероперабилност на транс-Европскиот конвенционален железнички систем, со која се регулираат условите кои треба да се исполнат за да се постигне интероперабилност на железничката конвенционална мрежа; Одлука на Комисијата 2004/446/ЕС за буката, товарните вагони и телемтските апликации за товарните технички спацификации за интероперабилност на кои се однесува Директивата 2001/16/ЕС.

<u>*Воздушен сообраќај*</u>

Во делот на воздушниот сообраќај во одредбите кои ја регулираат сателитската навигација не се транспонирани: Регулативата на Советот 219/2007 од 27.02.2007 година („Службен весник на Европска Унија“, L 64, 02.03.2007) за преземање на заеднички активности за развој на новата генерација на Европскиот систем за управување со авио-сообраќајот (SESAR), со која се поставуваат основите за развоја на овој систем.

*Внатрешен воден сообраќај*

Во делот на внатрешниот воден сообраќај во одредбите кои го регулираат внатрешниот воден сообраќај не се транспонирани: Регулативата 2371/2002 („Службен весник на Европска Унија“, L 358, 31.12.2002), која наведува дека на рибарските бродови им е забрането вршат активности на риболов ако не се инсталирани уреди со кои истите ќе бидат детектирани и лоцирани; Регулативата 2244/2003 од 18.12.2003 („Службен весник на Европска Унија“, L 333, 20.12.2003) со која се поставуваат детализираните одредби за Бродскиот Систем за Мониторинг-БСМ (Vessel Monitoring System-VMS) и Директивата 2005/44/ЕС на Европскиот Парламент и Советот од 07.09.2005 за усогласени речни информативни услуги на внатрешнитре водени патишта во Заедницата. Со оваа Директива се поставува рамка за поставување и користење на систем на хармонизирани речни информативни услуги во Заедницата за поддршка на внатрешниот воден сообраќај во поглед на зголемување на безбедноста, ефикасноста, заштитата на животната средина и олеснивање на врските со другите транспортни модуси.

*Пристап кон пазарот на стоки и услуги*

Со Законот за заштита на потрошувачите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/04) се уредени заштитата на правата на потрошувачите, условите и начинот на заштитата на потрошувачите, условите за трговско работење што се од значење за заштита на правата на потрошувачите, правата и обврските на здруженијата на потрошувачите, како и надлежностите на органите на државната управа во однос на заштитата на потрошувачите.

Имајки во предвид што нема законска рамка со која ќе се уреди и регулира сателитската навигација и позиционирање во делот на транспортот, со тоа не е утврдена и институционалната рамка за спроведување на сателитската навигација во Република Македонија.

*Среднорочни приоритети*

Република Македонија ќе пристапи кон изготвување на Стратегија за сателитска навигација која ќе треба да ги даде основните претпоставки за користење на системите за сателитска навигација и доменот на нивното користење. Истовремено, Стратегијата треба да даде насоки за правно и институционално уредување на оваа материја и врз основа на истата ќе се пристапи кон подготовка на Закон за примена на сателитската навигација во транспортот, кој ќе ја утврди и дефинира правната и институционалната поставеност  за користење на системите за сателитска навигација.

### 3.15 **ЕНЕРГЕТИКА**
### 3.15.1 **СИГУРНОСТ ВО СНАБДУВАЊЕТО**

*Тековна состојба*

Во ноември 2010 година до Собранието на Република Македонија е доставен нов *Предлог на Закон за енергетика*. Предлог законот за енергетика е изработен согласно обврските кои Република Македонија ги има во процесот на пристапување кон Европската унија, односно Догворот за стабилизација и асоцијација со Европската унија, како и врз основа на Догворот за основање на енергетска заедница Со предлог законот се уредува правната рамка за вршење на дејностите во областа на енергетика која овозможува сигурно, безбедно и квалитетно снабдување на потрошувачите со енергија и енергенти; создавање на ефикасен, конкурентен и финансиски одржлив сектор; поттикнување на конкуренцијата на енергетските пазари почитувајќи ги начелата на недискриминација, објективност и транспарентност; интегрирање на енергетските пазари на државата во регионалните и меѓународните енергетски пазари во согласност со обврските преземени со ратификуваните меѓународни договори; зголемување на енергетската ефикасност и поттикнување на искористувањето на обновливите извори на енергија и заштита на животната средина од негативните влијанија при вршењето на одделни дејности од областа на енергетиката.

Во април 2010 година Владата на Република Македонија ја донесе *Стратегијата за развој на енергетиката на Република Македонија до 2030 година*. Со предметната Стратегија се утврдуваат: долгорочните цели за развој на поедини енергетски дејности за да се обезбеди сигурност во снабдувањето со различни видови на енергија; приоритети на развој, извори и начин за обезбедување на потребни количества енергија и енергенти, утврдување и користење на енергетските ресурси и капацитети од стратешка важност за државата, преобразба на енергетскиот сектор, поттикнувачки мерки за инвестирање во енергетски објекти во кои се користат обновливи извори на енергија, поттикнувачки мерки за зголемување на енергетската ефикасност, исполнување на обврските од меѓународните повелби, спогодби, договори, конвенции, и други документи кои ги ратификувала и кон кои пристапила Република Македонија, услов и начин за обезбедување на заштита на животната средина и мерки за реализација на заштитата, и други елементи од значење за енергетскиот развој на Република Македонија.

Во досегашниот период завршени се вкупно *3 постапки за давање на концесија за вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи* и потпишани се вкупно 35 Договори за концесија со 9 (девет) концесионери. Вкупниот инсталиран капацитет изнесува 21,06 MW, просечното годишно производство изнесува 85.000 MWh додека очекуваните инвестиции се на ниво од 38.7 милиони евра. Во Буџетот на Република Македонија по основ на еднократен надоместок за концесија уплатени се вкупно 228.219.594,00 денари. Владата на Република Македонија на седницата одржана на 12.10.2010 година донесе Одлуки за избор на најповолен понудувач за 13 локации од четвртиот јавен оглас.

Вкупниот инсталиран капацитет на овие 13 мали хидроелектрични централи изнесува 15,50 MW, очекуваното годишно производство на електрична енергија ќе изнесува 63.000 MWh. Проценетата инвестиција изнесува 25-30 милиони евра. Концесионерите во наредните два месеци во Буџетот на Република Македонија ќе уплатат еднократен надоместок за концесија во износ од 114.525.422,00 денари.

Во тек се подготовки за петтиот јавен оглас кој се очекува да биде објавен до крајот на оваа година. Согласно досегашните анализи во истиот би требало да бидат опфатени до 50-тина локации за мали хидроелектрични централи.

До крајот на годината се очекува да се објави Меѓународен јавен оглас за учество во претквалификација за изградба на *ХЕЦ Чебрен и ХЕЦ Галиште* согласно Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

Во делот на задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, Владата на Република Македонија на 09.03.2010 година ја донесе Среднорочната програма за формирање на задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, изградба, одржување и купување на складишни капацитети 2010 - 2015 година. Глобална цел на програмата е набавка на нафтени деривати заради достигнување на задоволително нивото на резервите на нафта и/или нафтени производи со критериумите утврдени во Директивите на ЕУ (2006/67/ЕС). Согласно наведеното вкупните количини на задолжителните резерви на секој одделен вид нафтен дериват треба да достигнат покриеност на потрошувачката за период од 90 дена пресметано врз основа на остварената просечна дневна внатрешна потрошувачка во претходната календарска година. Со програмата се утврдува динамиката на набавки за секоја година одделно како и проектираните финансиски средства согласно изворите утврдени со закон.

Управниот одбор на Дирекцијата, во април 2010 година ја донесе *Годишната програма за формирање, чување, обновување и користење на задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати за 2010 година*. Со оваа

програма се уредува динамиката на набавки на задолжителните резерви во текот на 2010 година и потребните финансиски средства за реализација на истите.

Согласно Среднорочната и Годишната програма, изготвен е План за јавни набавки за 2010 година, врз основа кој е извршена јавна набавка на Еуросупер БС 98, Екстра лесно масло за домаќинство -ЕЛ 1 и Течен нафтен гас (ТНГ).

Дирекцијата во јули 2010 година, склучи писмени договори за складирање, чување и обновување на нафтените деривати од задолжителните резерви, со трговските друштва – складиштари.

Со Ребалансот на Буџетот од јули 2010 година, се изврши измена на Годишната програма за формирање, чување и обновување на задолжителните резерви и Годишниот план за јавни набавки, со кои до крајот на 2010 година не се предвидуваат нови набавки на нафтени деривати, а неискористените финансиски средства се пренесуваат во буџетот на Дирекцијата за 2011 година.

Во текот на декември 2010 година, Управниот одбор треба да ја донесе *Годишната програма за формирање, чување и обновување на задолжителните резерви со финансиски план за 2011 година.*

Улогата на креатор на политиката во енергетскиот сектор ја има Владата на Република Македонија, односно *Министерството за економија*. Во Министерство за економија, во *Секторот за енергетика,* во кој постојано се вработени 14 лица.

Носител на правата, обврските и одговорностите во работењето со задолжителните резерви е *Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати*. Дирекцијата е самостојна во вршењето на работите од својата надлежност и за својата работа одговара пред Владата на Република Македонија.

Со Дирекцијата управува Управен одбор, кој се состои од седум члена и тоа: пет члена се именуваат на предлог на министерот за економија, од кои три члена се на предлог на трговските друштва-нафтени компании, еден член е на предлог на министерот за финансии и еден член е на предлог на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

Во текот на февруари и март 2010 година, согласно закон и актите за организација и систематизација спроведени се постапки за вработување со што е извршено делумно екипирање на Дирекцијата, односно пополнети се 8 (осум) работни места со цел да се овозможат минимум услови за функционирање на институцијата.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2011 година, согласно Законот за енергетика на предлог на Министерството за економија, Владата на Република Македонија ќе донесе Програма за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката, согласно новиот Закон за енергетика по предлог на министерството, Владата на Република Македонија, најдоцна една година од денот на донесување на Стратегијата за развој за енергетиката, донесува Програма за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката за период од пет години. Со Програмата се утврдуваат: мерките, условите, начинот и динамиката на реализација на Стратегијата, како и обврските на државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа и вршителите на енергетските дејности што имаат обврска за обезбедување на јавна услуга. Во Програмата ќе се утврдат и потребните финансиските средства за нејзина реализација, како и изворите и начинот на обезбедува на средствата.

Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството, донесува *Уредба за квалитетот на течните горива* која особено содржи: вид на течни горива што можат да се пуштат на пазарот со нивните карактеристики, начин на утврдување на квалитативните својства на течните горива, начин и постапка за следење на квалитетот на течните горива, права и обврски на учесниците на пазарот на сурова нафта, нафтени деривати и горива за транспорт и права и обврски на учесниците на пазарот и државните органи во преодниот период потребен за замена на резервите на мешавините од фосилни и биогорива за транспорт. Учесниците на пазарот на течните горива се должни да се придржуваат кон обврските утврдени во уредбата.

Во текот на 2011 година се очекува да биде спроведена една *постапка за доделување на концесија за вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи,* како и да се започне со нова постапка. Во секоја постапка се очекува да бидат објавени по 40 – 50 локации за изградба на мали хидроелектрични централи.

До крајот на јануари 2011 година треба да се донесе Годишниот план за јавни набавки според кој треба да се вршат набавки на нафтени деривати во 2011 година, за секој нафтен дериват одделно.

Во текот на 2011 година планирани се активности за формирање на работна група и по потреба ангажирање на експерти за изготвување на нов *Закон за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати* во кој целосно ќе се имплементира новата важечка Директива ЕУ 2009/119/ЕС.

Во соработка со Агенција за катастар на недвижности на Република Македонија во текот на 2011 година се планира да се започне процес на решавање на имотно-правниот статус на складишните капацитети сопственост на Република Македонија, со тенденција истиот процес да заврши до крајот на 2012 година. Овој процес е со цел наведените капацитети да бидат ставени на користење и управување на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати.

Во тековните 2011, 2012 и 2013 година, врз основа на одделни годишни програми ќе се врши набавка на нафтени деривати за задолжителните резерви со цел достигнување на планираното ниво на покриеност на потрошувачката од претходната календарска година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2011 година во *Министерството за економија* се планира нови вработување во секторот енергетика,. За реализација на активностите во Секторот енергетика неопходни се 3 нови вработувања во 2011 година

Во периодот од 2011 планирани се активности за кадровско екипирање на *Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати*.

*Среднорочни приоритети* (2012-2013)

Во текот на 2012 и 2013 година се планира отпочнување на повеќе конкретни проекти во делот на електроенергетиката и делот на гасоводниот сектор со што би се зголемила безбедноста во снабдувањето со енергија во Републиката.

Во 2012-2013 година се предвидува да се објават меѓународни јавни огласи за давање на концесија за вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи.

До крајот на 2012 година, Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати планира да донесе нов *Закон за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати* во кој ќе се транспонира Директивата на Советот на ЕУ 2009/119/ЕС, која ги обврзува земјите членки на унијата до 31.12.2012 година да ја имплементираат во националното законодавство, и ги укинува Директивите 73/238/ЕЕС и 2006/67/ЕС и Одлуката 68/416/ЕЕС.

Во текот на 2011-2012 година, *Министерството за економија*, планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот. За реализација на активностите во Секторот енергетика неопходни се 4 нови вработувања во 2012 година и 3 нови вработувања во 2013 година

Во периодот од 2012 – 2013 година планирани се натамошни активности за кадровско екипирање на *Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати*.

## 3.15.2 **ВНАТРЕШЕН ПАЗАР НА ЕНЕРГИЈА**

*Тековна состојба*

Во текот на 2010 година интензивно се изготвуваше предлог Законот за енергетика. Во текот на изработката на предлог Законот за енергетика се спроведоа неколку јавни расправи, засегнатите страни доставуваа мислења, предлози и сугестии за подобрување на текстот, додека решенијата во предлог текстот на законот за енергетика на неколку наврати беа дискутирани со претставници од Секретаријатот на енергетската заедница.

Предлог Законот за енергетика на 24 ноември 2010 година беше усвоен од страна на Владата на Република Македонија и истиот беше доставен до Собранието на Република Македонија по што започна собраниската процедура. Во предлог Законот за енергетика опфатен е цел корпус на ЕУ мерки, дел од нив истовремено се и обврска од Договорот за

Енергетска заедница, како: 32003L0054; 32003L0055; 32005L0089; 32004L0067; 32003R1228; 32005R1775; 32006L0032; 32004L0008; 32009L0028; 32009L0125; 32003L0030; 32010L0030; 32010L0031 и 32000L0055.

Целта на предлог на Законот за енергетика е натамошно усогласување со Европското законодавство во областа на енергетиката, односно со Директивите и Регулативите на ЕУ, кои се основни елементи од правната рамка на Договорот за основање на енергетска заедница, со крајна цел за натамошна либерализација на пазарите на енергија и создавање услови за стабилен и одржлив енергетски сектор. Со предлог законот се уредува правната рамка за вршење на дејностите во областа на енергетика која овозможува сигурно, безбедно и квалитетно снабдување на потрошувачите со енергија и енергенти; создавање на ефикасен, конкурентен и финансиски одржлив сектор; поттикнување на конкуренцијата на енергетските пазари почитувајќи ги начелата на недискриминација, објективност и транспарентност; интегрирање на енергетските пазари на државата во регионалните и меѓународните енергетски пазари во согласност со обврските преземени со ратификуваните меѓународни договори; зголемување на енергетската ефикасност и поттикнување на искористувањето на обновливите извори на енергија и заштита на животната средина од негативните влијанија при вршењето на одделните дејности од областа на енергетиката.

Решенијата во предлог законот за енергетика се во насока на либерализација на пазарите на електрична енергија и природен гас согласно обврските превземени со Договорот за основање на енергетската заедница и се предвидува, по исполнување на одредени услови, односно носење на суштински акти, пазарот на електрична енергија и природен гас да се отоврат за сите потрошувачи освен за домаќинствата. Понатаму се решаваат начелата на недискриминаторен пристап на трети страни, како и пристап на мрежите за прекугранична размена на електрична енергија и пристап на мрежите за природен гас, правата и обврските на операторите на преносните и операторите на дистрибутивните системи, и др.

Посебно се разработени одредбите кои се однесуваат на правата и обврските на Регулаторната комисија за енергетика во правец на зајакнување на мониторингот на пазарите на енергија. Исто така се дефинираат надлежности во областа на сигурност во снабдувањето, пристапот на трети страни, изготвување на методологии и тарифи за регулирани услуги, разрешување на спорови и др.

Паралелно со подготвоките за отварање на пазарите, врз основа на Меморандумот за разбирање на социјалните прашања во контекст на Енергетската заедница, Владата на Република Македонија донесе Програма за субвенционирање на потрошувачката на енергија (Службен Весник на Република Макеодонија бр. 113/2010), која ги дефинира корисниците на субвенциите, мерките, релевантните институции за спроведување на активностите, финансиските извори итн. Висината на месечната субвенција изнесува 600 денари од сметка за енергија.

## I. **ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

Согласно Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“, бр. 63/2006, 36/2007, 106/2008 и 119/2010), на 27.01.2010 година Регулаторна комисија за енергетика донесе Тарифен систем за електрична енергија („Службен весник на Република Македонија“, бр. 13/2010). Овој Тарифен систем се применува на тарифните потрошувачи на електрична енергија кои се приклучени на преносната мрежа и дистрибутивните мрежи на територијата на Република Македонија, и има за цел да поттикне рационално и ефикасно производство, пренесување и користење на електричната енергија, како и да обезбеди остварување на регулираниот максимален приход утврден согласно актот за регулирање на цените на електрична енергија на следните енергетски дејности: регулирано производство, пренос, дистрибуција и снабдување со електрична енергија. Правилникот ја транспонира Директивата 32003L0054.

На 15.02.2010 година, Регулаторна комисија за енергетика донесе Решение за одобрување на Мрежни правила за дистрибуција на електрична енергија на АД ЕЛЕМ ЕНЕРГЕТИКА („Службен весник на Република Македонија“, бр. 23/2010). Со овие Мрежни правила се уредуваат техничките услови за сигурно и безбедно функционирање на дистрибутивниот систем, планирањето, одржувањето и развојот на дистрибутивниот систем, правилата за приклучување и др. Правилникот ја транспонира Директивата 32003L0054.
Во октомври и ноември 2010 година компаниите АД ЕЛЕМ, АД МЕПСО, АД ЕВН Македонија, АД ЕЛЕМ Подружница Енергетика, ТЕЦ Неготино и ЈП Стрежево, согласно Правилникот за начинот и условите за регулирање на цени на електрична енергија („Службен весник на Република Македонија“, бр. 167/2008) поднесоа барања за одобрување на цена и приход. Регулаторната комисија за енергетика ќе донесе одлуки за одобрување на цени и приходи на компаниите до крајот на 2010 година.

## II. **ПАЗАР НА ПРИРОДЕН ГАС**

На 26.03.2010 година, Регулаторна комисија за енергетика донесе Тарифен систем за изменување и дополнување на Тарифниот систем за продажба на природниот гас на тарифни потрошувачи („Службен весник на Република Македонија“, бр. 43/2010).

Согласно Законот за енергетика, Регулаторна комисија за енергетика издаде Решение на ТЕ-ТО АД Скопје, со кое истиот е прогласен за квалификуван потрошувач на природен гас.

Во 2010 година Регулаторната комисија за енергетика ги донесе следните одлуки:

- Одлука за одобрување на цена за вршење на дејностите пренос на природен гас и управување со системот за пренос на природен гас за регулиран период 2010-2012 година на АД ГА-МА – Скопје;
- Одлука за одобрување на цена за вршење на дејноста снабдување со природен гас на тарифните потрошувачи приклучени на системот за пренос на природен гас за регулираниот период 2010-2012 година на МАКПЕТРОЛ АД Скопје;
- Одлука за одобрување на цена за регулиран период за вршење на дејностите дистрибуција на природен гас, управување со системот за дистрибуција на природен гас и снабдување со природен гас на тарифните потрошувачи приклучени на ситемот за дистрибуција на природен гас на Дирекцијата за технолошко-индустриски развојни зони-Скопје,
- Одлуки за определување продажна цена на природен гас на квартално ниво, како резултат на договорот помеѓу „АД Макпетрол“ како снабдувач со природен гас и „Газехпорт“ како продавач на природен гас,
- Одлуки за утврдување продажна цена на природен гас за тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас во Технолошко-индустриска развојна зона-Скопје на квартално ниво.

Улогата на креатор на политиката во енергетскиот сектор ја има *Владата на Република Македонија*, односно *Министерството за економија*. Во секторот енергетика има 5 одделенија и тоа: одделение за електроенергетски систем, одделение за анализа и развој, одделение за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија, одделение за инвестиции и одделение за течни и фосилни горива. Во 2010 година во одделението за течни и фосилни горива е вработено 1 лице на работното место советник за природен гас.

Во текот на 2010 година се финализираше Проектната задача (Terms of References) за Проектот за зајакнување на административниот капацитет на Секторот за енергетика при Министерството за економија и Агенцијата за енергетика на Република Македонија по ИПА програмата за 2009 година. Се очекува проектот да започне кон крајот на 2011 година.

*Регулаторна комисија за енергетика* согласно Законот за енергетика[26], е независен орган во однос на работењето и донесувањето на одлуки во рамките на надлежностите дадени со Законот за енергетика. Со новиот Закон за енергетика ќе се зајакне независноста на Регулаторната комисија за енергетика и ќе се зголемат нејзините надлежности.

Во февруари и април 2010 година, Регулаторната комисија за енергетика вработи 4 лица за работните места: стручен советник во Секторот за правни работи, стручен советник во Секторот за техничко-енергетски работи од областа на природен гас, течни горива, топлинска и геотермална енергија, стручен соработник во Секторот за економски работи и специјалист за компјутерска техника и автоматика во Административно –техничката служба.

Со цел зајакнување на административните капацитети на Регулаторна комисија за енергетика и согласно Финансискиот план на Регулаторната комисија за енергетика за 2010 година одобрен од Собранието на Република Македонија, до крајот на 2010 година ќе се вработат две нови лица на следните работни места: стручен советник за електро – енергетски системи и стручен соработник за правно – нормативни работи.

На 31.03.2010 година Регулаторната комисија за енергетика достави до Собранието на Република Македонија, до Владата на Република Македонија и до Министерство за економија, детален Годишен извештај за работењето и детални информации за материјално-финансиско работење на Регулаторната комисија за енергетика во 2009 година, и истиот е усвоен од Собранието на Република Македонија и е објавен на веб страната на РКЕ: www.erc.org.mk .

На 01.10.2010 година Регулаторната комисија за енергетика достави до Собранието на Република Македонија заради одобрување предлог Финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика за 2011 година, кој ги содржи сите приходи и расходи на Регулаторната комисија за енергетика и во кој се предвидуваат 3 нови вработувања во 2011 година.

[26] (“Службен Весник на Република Македонија”, бр. 63/2006, 36/2007, 106/2008 и 119/2010)

Регулаторната комисија за енергетика остварува соработка со повеќе меѓународни организации, регулаторни тела и донатори, со што се зајакнува капацитетот на Регулаторната комисија за енергетика како независен државен орган во енергетскиот сектор на Република Македонија. Регулаторната комисија за енергетика е полноправен член на Регулаторниот Одбор на Енергетската Заедница (ECRB) и полноправен член на Регионалната асоцијација на енергетски регулатори (ERRA). Во овој период Регулаторната комисија за енергетика учествуваше на состаноците на работните групи за електрична енергија, природен гас и заштита на потрошувачите на ECRB, состаноците на Групата за имплементација на канцеларијата за координирани аукции во Југоисточна Европа, состаноците и обуките на ERRA, Форумите за електрична енергија и природен гас во Југоисточна Европа и др.

ИПА Твининг проектот за институционално зајакнување на Регулаторната комисија за енергетика официјално започна на 01.01.2010 година и ќе заврши на 30.04.2011 година. Во рамки на ИПА Твининг проектот за институционално зајакнување на Регулаторната комисија за енергетика, во периодот од 26.04.2010 до 30.04.2010 година се одржаа работни состаноци помеѓу претставниците на РКЕ и претставниците на Е-Контрол, ТУВ, ЕХХА, Секретаријатот на Енергетската Заедница, посета на ХЕЦ и на диспечерскиот центар во Виена, Австрија.

ИПА проектот за Техничка помош на Регулаторната комисија за енергетика започна на 18.09.2009 година и ќе заврши на 18.03.2011 година. Во рамки на ИПА проектот за техничка помош на Регулаторната комисија за енергетика, во периодот од 13 до 17 септември 2010 претставници на Регулаторната комисија за енергетика беа на студиска посета во Даблин, Ирска, при што се одржаа состаноци со Регулаторната комисија за енергетика на Ирска, Пазарниот оператор за електрична енергија СЕМО и компанијата за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија.

Со ИПА проектите се обезбедува техничка помош и препораки за Регулаторната комисија за енергетика за имплементација на активностите и задачите дефинирани со Законот за енергетика и Договорот за основање на енергетска заедница, како и подготовка на прирачници за иден развој на пазарот и критериуми за отворање на пазарот во согласност со барањата од Договорот за основање на енергетска заедница, извештаи за преглед на тарифи и цени, правилници за регулирање на цени и други подзаконски акти.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2011 година согласно новиот Закон за енергетика, ќе се донесат подзаконските акти во делот на внатрешниот пазар на енергија, со кои поблиску ќе се имплементира законот.

*Регулаторната комисија за енергетика* во текот на 2011 година ќе ги донесе следните подзаконски акти потребни за воспоставување на функционални пазари на енергија согласно новиот Закон за енергетика и ЕУ законодавството, односно ќе се изврши имплементација на одредбите од директивите 2003/54/ЕК, 2003/55/ЕК како и регулативите 1228/2003 и 1775/2005:

- Правилник за следење на функционирањето на енергетските пазари
- Правилник за формирање на цени за регулираните енергетски дејности од областа на електрична енергија
- Правилник за формирање на цени за регулираните енергетски дејности од областа на природен гас
- Правилник за цени на електричната енергија за снабдувачот во краен случај
- Правилник за цени на природниот гас за снабдувачот во краен случај
- Тарифен систем за пренос на електрична енергија
- Тарифен систем за дистрибуција на електрична енергија
- Тарифен систем за пренос на природен гас
- Тарифен систем за дистрибуција на природен гас
- Правилник за пазар на електрична енергија
- Правилник за пазар на природен гас
- Правила за снабдување со електрична енергија
- Правила за снабдување со природен гас
- Правила за снабдување во краен случај со електрична енергија
- Правила за снабдување во краен случај со природен гас
- Правила за доделување на прекуграничните преносни капацитети (АД МЕПСО).

На предлог на Министерство за труд и социјална политика, Владата на Република Македонија во првиот квартал на 2011 година ќе се донесе Програма за субвенционирање на потрошувачката на енергија, со цел да ги дефинира корисниците на

субвенциите, мерките, релевантните институции, финансиските извори, а која ќе придонесе за зголемување на стапката на наплата на сметките за електрична енергија во домаќинствата.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

За реализација на активностите во Министерството за економија (сектор за енергетика) неопходни се 3 нови вработувања во 2011 година.

Проектот за зајакнување на административниот капацитет на Секторот за енергетика при Министерството за економија и Агенцијата за енергетика на Република Македонија по ИПА програмата за 2009 година се очекува да започне кон крајот на 2011 година.

На 01.10.2010 година *Регулаторната комисија за енергетика* достави до Собранието на Република Македонија заради одобрување предлог Финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика за 2011 година, во кој се предвидуваат 3 нови вработувања во 2011 година.

Во 2011 година ќе се продолжи со имплементација на ИПА Твининг проектот за институционално зајакнување на Регулаторната комисија за енергетика и ИПА проектот за Техничка помош на Регулаторната комисија за енергетика.

*Среднорочни приоритети* (2012-2013)

**ПРАВНА РАМКА**

Во периодот 2012-2013 година ќе продолжи имплементацијата на новиот Закон за енергетика и ќе продолжи отварањето на пазарите на електрична енергија и природен гас. Во периодот 2012-2013 година ќе започне анализата за натамошно транспонирање и имплементација на Третиот пакет на законодавството за внатрешен пазар на енергија, сигурност во снабдувањето и пристапот на мрежите за прекугранична размена на електрична енергија и природен гас.

Во периодот 2012-2013 година ќе продолжат активностите за усогласување на националното законодавство со европското законодавство, а со цел да се обезбеди сигурно и безбедно функционирање на пазарот на енергија Регулаторната комисија за енергетика ќе донесе соодветна регулатива (Тарифен систем за продажба на електрична енергија на потрошувачите што се снабдуваат од снабдувач во краен случај, Тарифен систем за продажба на природен гас на потрошувачите што се снабдуваат од снабдувач во краен случај) и ќе ги одобри соодветните Мрежни правила за пренос и дистрибуција на електрична енергија и природен гас. Со донесувањето на овие подзаконски акти во 2012 година, ќе се постигне целосна имплементација на ЕУ законодавството.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2012-2013 година, *Министерството за економија*, планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за следење на влучувањето на обновливите извори на енергија во енергетската потрошувачка во Републиката. За реализација на активностите во Министерството за економија (сектор за енергетика) неопходни се 4 нови вработувања во 2012 година и 3 нови вработувања во 2013 година.

Проектот за зајакнување на административниот капацитет на Секторот за енергетика при Министерството за економија и Агенцијата за енергетика на Република Македонија по ИПА програмата за 2009 година ќе се имплементира во текот на 2012 и 2013 година.

Со цел да се обезбеди непречено извршување на надлежностите на *Регулаторната комисија за енергетика* се предвидува јакнење на административниот капацитет потребен за извршување на мониторинг на пазарот на енергија, при што се предвидени за 2012 година 2 нови вработувања и за 2013 година 2 нови вработувања.

### 3.15.3 **ДРЖАВНА ПОМОШ**

*Тековна состојба*

Во врска со ажурирањето на постојната Национална програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА), Комисијата за заштита на конкуренцијата во текот на 2010 година нема донесено ниту една одлука за доделување на државна помош во полето на енергетиката.

Во 2010 година во областа на државната помош е донесен Законот за контрола на државната помош („Службен весник на РМ„ бр. 145/2010) и со тоа престана да важи Законот за државната помош („Службен весник на РМ„ бр. 24/2003, 70/2006 и 55/2007).

Комисијата за заштита на конкуренцијата е надлежен орган за оцена и надзор на секој облик на државната помош.

Улогата на креатор на политиката во енергетскиот сектор ја има Владата на Република Македонија, односно Министерството за економија.

Во врска со тековната состојба, институционалната рамка, вработувањата и обуките, краткорочните и среднорочните приоритети на Комисијата за заштита на конкуренцијата во Секторот за контрола на државната помош, информациите се наведени во поглавјето 3.8.2 (Конкуренција – Државна помош) од страна на работната група.

### 3.15.4 **ОБНОВЛИВА ЕНЕРГИЈА**

*Тековна состојба*

Република Македонија активно ги следи актите кои се донесуваат од страна на Европската унија во областа на обновливи извори на енергија и воедно го подготвува националното законодавство усогласено со регулативата на ЕУ земајќи ја предвид и новата Директива на ЕУ 2009/28 за промоција на енергијата произведена од обновливи извори на енергија. Во таа насока се подготви нов Закон за енергетика кој има посебна глава која се однесува на обновливите извори на енергија и истата е усогласена со ЕУ препораките и ЕУ законодавството од предметната област.

На 07.09.2010 година Владата на Република Македонија ја донесе *Стратегијата за искористување на обновливите извори на енергија во Република Македонија до 2020 година.* Стратегијата за искористувањето на обновливите извори на енергија ги дефинира целите за искористувањето на обновливите извори на енергија и начините на кои таквите цели се постигнуваат, а особено: законодавството на Европската унија во врска со ОИЕ, законски и институционални аспекти за ОИЕ во Републиката, преглед на релевантни ОИЕ во Републиката, анализа на влијанието на ОИЕ врз електроенергетскиот систем, кус опис и апсорпциониот капацитет на електроенергетскиот систем во Републиката, примена на повластени тарифи во Републиката, механизми за финансирање на повластени тарифи во Републиката, определување на процент на учеството на обновливите извори на енергија во финалната потрошувачка на енергија (21% во 2020 година) како и учеството на биогоривата во вкупната потрошувачката на горива во сообраќајот (10% во 2020 година), можност за смалување на емисиите на стакленички гасови, субвенционирање на ОИЕ во ЕУ и во земјите од ЈИЕ и др.

Владата на Република Македонија во октомври 2010 година донесе *Одлука за целниот процент на енергија произведена од обновливи извори на енергија, како и начинот и динамиката на постигнување на целниот процент на енергија произведена од обновливи извори на енергија.* Процентуалното учество на обновливите извори на енергија во вкупната потрошувачка на финалната енергија во 2020 година треба да изнесува 21%. Целниот процент треба да се постигне со изградба на нови енергетски објекти кои користат обновливи извори на енергија како и засилени мерки на енергетска ефикасност согласно Стратегијата за искористување на обновливи извори на енергија во Република Македонија до 2020 година и Стратегијата за унапредување на енергетската ефикасност во Република Македонија до 2020 година. Преметната Одлука ќе се применува од 1 јануари 2012 година, односно кога се очекува новата Директива да се усвои од страна на Министерскиот совет на Секретаријатот на енергетската заедница и да стане обврска за земјите потписнички на Договорот за основање на енергетската заедница, вклучително и за Република Македонија.

На 4 октомври 2010 година Собранието на Република Македонија го донесе *Законот за Ратификација на Статутот на Меѓународната агенција за обновлива енергија* (ИРЕНА) (International Renewable Energy Agency – IRENA). Согласно Статутот, ИРЕНА ќе подготвува анализи, ќе ги следи и систематизира актуелните практики за обновлива енергија, вклучувајќи ги политичките инструменти, инвестиционите механизми и механизмите за поддршка, најдобрите практики, достапни технологии, интегрирани системи и опрема, ќе ги анализира факторите за успех и евентуалните недостатоци.

Согласно Законот за енергетика, во 2010 година *Регулаторната комисија за енергетика* ги донесе следните правилници во кои е транспонирана ЕУ мерката 32001L0071:

- Правилник за начин и постапка за утврдување и одобрување на користење на повластена тарифа за купопродажба на електрична енергија произведена во електроенергетски постројки кои како погонско гориво користат биомаса („Службен весник на Република Македонија“, бр. 44/2010);

- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начин и постапка за утврдување и одобрување на користење на повластена тарифа за купопродажба на електрична енергија произведена во електроенергетски постројки кои како погонско гориво користат биогас добиен од биомаса („Службен весник на Република Македонија", бр. 44/2010);
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начин и постапка за утврдување и одобрување на користење на повластена тарифа за купопродажба на електрична енергија произведена од фотоволтаични системи („Службен весник на Република Македонија", бр. 44/2010).

Во областа на обновливи извори на енергија, РКЕ ги донесе следните одлуки за повластени тарифи за електрична енергија:

- Одлука за утврдување на повластена тарифа за купопродажба на електрична енергија произведена и испорачана од електроенергетски постројки кои како погонско гориво користат биомаса;
- Одлука за утврдување на повластена тарифа за купопродажба на електрична енергија произведена и испорачана од електроенергетски постројки кои како погонско гориво користат биогас добиен од биомаса; и
- 2 Одлуки за утврдување на повластена тарифа за купопродажба на електрична енергија произведена и испорачана од фотоволтаични системи.

Во 2010 година (заклучно до 01.12.2010 година) Регулаторната комисија за енергетика ги донесе следните одлуки:

- 2 Одлуки за одобрување на користење на повластени тарифи за купопродажба на електрична енергија произведена во малите хидроелектрани [27];
- 2 Одлуки за одобрување на користење на повластени тарифи за купопродажба на електрична енергија произведена во малите хидроелектрани[28]
- 1 Одлука за одобрување на користење на повластена тарифа за купопродажба на електрична енергија произведена во фотоволтаичен систем[29];
- 1 Одлука за одобрување на користење на повластена тарифа за купопродажба на електрична енергија произведена во фотоволтаичен систем, [30].

*Агенцијата за енергетика на Република Македонија* во согласност со Правилникот со кој се пропишува начинот за стекнување на статус на повластен призводител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија како и содржината и формата и начинот на водење на регистар на повластени производители на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија (Службен весник на Република Македонија, бр.29/09), издава решенија за стекнување на статус на повластен производител и води регистар на повластени производители.

Во текот на 2010 година, Агенцијата за енергетика Република Македонија има издадено 7 решенија за повластени производители на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија.

Во септември 2010 година, се изврши реструктуирање на ГЕФ-Проект за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија и истиот се пренесе во надлежност од Агенцијата за енергетика на Република Македонија во Министерството за економија, согласно Заклучоците на Сто триесет и деветата седница на Влада на Република Македонија одржана на 16.02.2010 година.

На 24 септември 2010 година во Скопје се одржа 8-от состанок на Министерскиот совет на Енергетската заедница. На Министерскиот совет на енергетската заедница фокусот на вниманието беше насочен кон неколку точки кои се од значење за исполнување на целите на Договорот за основање на енергетската заедница како што се: имплементација на обврските на земјите потписнички на Договорот, сигурност во снабдувањето, инвестиции, енергетска ефикасност, обновливи извори на енергија, и друго. Во делот на законодавството во делот на ОИЕ беше донесена препораки со која им се препорачува на земјите потписнички да се имплементираат одредени делови од Директивата 28/2009/ЕС за промоција на користењето на обновливи извори на енергија. Исто така беше продолжен мандатот на Работната група за Обновливи извори на енергија до крајот на 2011 година.

По преструктуирањето на ГЕФ проектот за одржлива енергија, *Студијата за можноста за вклопување на ветерни електрани во електропреносниот систем на Република Македонија* преминува во рамките на Првата компонента на проектот, која се имплементира од страна на Министерството за економија, преку воспоставената Единица за спроведување на проектот. Постапката за избор на странски консултант за изработка на студија за можноста на

[27] МХЕ Охрид 2 и МХЕ Охрид 3 на Друштвото за производство, трговија и услуги Мали Хидро Електрани ЛЕТНИЧКИ ИЗВОРИ ДОО Скопје
[28] МХЕ Белица 1 и МХЕ Белица 2 на Друштвото за производство, трговија и услуги Мали Хидро Електрани ГОРНО БЕЛИЧКИ ИЗВОРИ ДОО Скопје;
[29] Друштво за внатрешна и надворешна трговија ПЕТРО М ДОО Илинден
[30] Друштво за транспорт, промет и услуги ГЕО-ЛИНК ГРОУП ДООЕЛ Скопје

вклопување на ветерна енергија во преносниот систем на Република Македонија, во рамките на ГЕФ проектот за одржлива енергија, е во фаза на извршена техничка евалуација на понудите и избран е консултант со кој се планира да се потпише договорот до до крајот на 2010 година. Согласно предметниот договор, консултантот треба да ја изготви предметната студија во рок од 4 месеци од денот на потпишување на договорот.

Во текот на 2010 година преку ИПФ (Infrastructure Project Facilities – IPF ) на Европската комисија изработена е Физибилити студија за оценка на исплатливоста на изградба на ветрени електрани во Република Македонија, чија изработка е побарана од страна на АД ЕЛЕМ. Во овој момент во тек е верификација на податоците од страна на независна компанија (3-та страна) кој а се планира да биде финализирана до крајот на 2010 година.

Улогата на креатор на политиката во енергетскиот сектор ја има *Владата на Република Македонија*, односно *Министерството за економија*. Во секторот енергетика има 5 одделенија и тоа: одделение за електроенергетски систем, одделение за анализа и развој, одделение за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија, одделение за инвестиции и одделение за течни и фосилни горива.

Во текот на 2010 година се финализираше Проектната задача (Terms of References) за Проектот за зајакнување на административниот капацитет на Секторот за енергетика при Министерството за економија и Агенцијата за енергетика на Република Македонија по ИПА програмата за 2009 година. Се очекува проектот да започне кон крајот на 2011 година.

*Регулаторна комисија за енергетика*, согласно Законот за енергетика[31], е независен орган во однос на работењето и донесувањето на одлуки во рамките на надлежностите дадени со законот. Со новиот Закон за енергетика ќе се зајакне независноста на Регулаторната комисија за енергетика и ќе се зголемат нејзините надлежности. (за повеќе види 3.15.2 Внатрешен пазар, Институционална рамка)

Регулаторната комисија за енергетика утврдува повластени тарифи за електрична енергија која ја продаваат повластените производители на електрична енергија и производителите на електрична енергија од високоефикасни комбинирани постројки.

Во моментот во *Агенцијата за енергетика* вработени се Директор и 5 лица на неопределено време.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2011 година, согласно новиот Закон за енергетика (кој е во собраниска процедура за донесување) се планира донесување на следниве подзаконски акти:

Заради реализација на Стратегијата за обновливите извори на енергија, Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството, донесува *Акционен план за обновливите извори на енергија* за период од десет години. Акциониот план за обновливите извори на енергија ги дефинира мерките за унапредување на искористувањето на обновливите извори на енергија, а особено содржи: очекувана бруто финална потрошувачка на електрична енергија, горива за транспорт, енергија за греење и ладење, во согласност со Стратегијата за развој на енергетиката и Стратегијата за обновливите извори на енергија, притоа водејќи сметка за мерките за зголемување на енергетската ефикасност, зацртани цели и годишна динамика на пораст на учеството на енергијата од обновливи извори во потрошувачката на енергија, мерки за остварување на зацртаните цели, приказ на релевантните политики и мерки за промоција на обновливите извори на енергија, специфични мерки за намалување на административните бариери, мерки за информирање и обуки и соодветен развој и усовршување на преносните и дистрибутивни системи, мерки за поддршка за производство на електричната енергија, за искористување за греење и ладење, транспорт и користење на биомасата, оценка на очекуваниот придонес на одделните обновливи извори на енергија заради постигнување на целите зацртани во Стратегијата за обновливи извори на енергија, оценка на можни заеднички проекти со други земји со цел за исполнување на целите зацртани во Стратегијата за обновливи извори на енергија, финансиски извори, носителите и роковите за реализација на предвидените активности.
Акциониот план за обновливите извори на енергија согласно предлог Законот за енергетика треба да се донесе најдоцна 18 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Владата на Република Македонија со *Одлука ќе ги пропише целите и годишната динамика на порастот на учеството на енергијата од обновливи извори во потрошувачката на енергија*, во согласност со Акциониот план за обновливи

[31] ("Службен Весник на Република Македонија", бр. 63/2006, 36/2007, 106/2008 и 119/2010),

извори на енергија и обрските на Република Македонија превземени со ратификуваните меѓународни договори. Оваа одлука, согласно предлог Законот за енергетика треба да се донесе најдоцна 18 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Заради заштита на животната средина Владата на Република Македонија во согласност со Акциониот план, со *Одлука ја определува годишната процентуална застапеност на биогоривата во вкупните количини на горивата за транспорт во Република Македонија*. Одлуката може да се однесува за една или повеќе календарски години и истата се донесува најдоцна шест месеци пред нејзиното влегување во сила. Со одлуката ќе се определи и минималниот процент на намешаност на биогоривата во мешавините од фосилни и биогорива за транспорт, како и преодниот период за замена на резервите на мешавините од фосилни и биогорива за транспорт.Истата ќе ја транспонира Директивата 32009L0028.

Согласно новиот Закон за енергетика, Министерот со *Правилник за обновливи извори на енергија* поблиску ги пропишува видовите на постројки за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија, методологија за пресметка на потребниот процент на намешување на фосилните и биогоривата за транспорт, заради реализација на зацртаните цели од Акциониот план за обновливи извори на енергија, начинот на мерење на потенцијалот на ветерот за производство на електрична енергија, начинот за издавање на одобрение за мерење на потенцијалот на ветерот за производство на електрична енергија, содржината, формата и начинот за водење на регистарот на електроцентралите кои што користат обновливи извори на енергија,начинот за издавање, пренесување и одземање на гаранциите за потекло на електричната енергија произведена од обновливи извори на енергија, исодржината, формата и начинот на водењето на регистар на издадени гаранции за потекло на електричната енергија од обновливи извори на енергија. Правилникот за обновливи извори на енергија согласно Предлог Законот за енергетиак треба да се донесе  најдоцна шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Владата на Република Македонија, со *Уредба за повластени тарифи за електрична енергија*, за секој вид повластен производител одделно, ги пропишува: специфичните услови што треба да ги исполни електроцентралата за да се стекне со статус на повластен производител, горната граница на инсталираната моќност на електроцентралата што може да се стекне со статус на повластен производител, и повластените тарифи за електрична енергија и периодот на нивно користење. Уредбата за повластени тарифи за електрична енергија согласно Предлог Законот за енергетика треба да се донесе најдоцна една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Во текот на 2011 година во согласност со новиот Закон за енергетика *Регулаторната комисија за енергетика* ќе го донесе Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија.

Во рамките на ГЕФ проектот, во првата поливина на 2011 година, ќе биде изработена *Студијата за можноста за вклопување на ветерни електрани во електропреносниот систем на Република Македонија.*

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во секторот за енергетика има посебно одделение за енергетска ефикасност и обновливи извори.  За реализација на активностите во Министерството за економија (сектор за енергетика) неопходни се 3 нови вработувања во 2011 година.

На 01.10.2010 година *Регулаторната комисија за енергетика* достави до Собранието на Република Македонија заради одобрување предлог Финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика за 2011 година, во кој се предвидуваат 3 нови вработувања во 2011 година.

Во 2011 година ќе се продолжи со имплементација на ИПА Твининг проектот за институционално зајакнување на Регулаторната комисија за енергетика и ИПА проектот за Техничка помош на Регулаторната комисија за енергетика.

Во *Агенцијата за енергетика на Република Македонија* за 2011 година, со цел зајакнување на капацитетите на Агенцијата и одговор на големиот број активности (што се предвидуваат со новиот закон за енергетика), се предвидени 5 нови вработувања од тековните проекти.

Проектот за зајакнување на административниот капацитет на Секторот за енергетика при Министерството за економија и Агенцијата за енергетика на Република Македонија по ИПА програмата за 2009 година се очекува да започне кон крајот на 2011 година.

*Среднорочни приоритети* (2012-2013)

**ПРАВНА РАМКА**

Изготвување на подзаконски акти и ажурирање на постојните со цел целосно имплементирање на Директива на ЕУ 2009/28 за промоција на енергијата произведена од обновливи извори на енергија, како и следење на новодонесените Директиви на Европска Унија од предметната област и нивно транспонирање во националното законодавство.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2011-2012 година, *Министерството за економија*, планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за следење на влучувањето на обновливите извори на енергија во енергетската потрошувачка во Републиката. За реализација на активностите во Секторот енергетика неопходни се 4 нови вработувања во 2012 година и 3 нови вработувања во 2013 година

*Регулаторната комисија за енергетика* планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за следење на пазарот на енергија во делот на обновлива енергија.

*Агенцијата за енергетика* планира јакнење на капацитетите и обука на кадарот за следење на вклучувањето на обновливите извори на енергија во енергетската потрошувачка во Републиката.

### 3.15.5 **ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ**

*Тековна состојба*

Владата на Република Македонија донесе Стратегијата за унапредување на енергетската ефикасност во Република Македонија до 2020 година (Службен Весник на Република Македонија бр. 143/2010) која има за цел да го постигне следното: зголемување на сигурноста во снабдување со енергија; намалување на зависноста од увезени енергенси; зголемување на придонесот за заштита на животната средина; модернизација на енергетската инфраструктура и диверзификација на снабдувањето со енергија; регионална соработка и исполнување на законодавството на Енергетската заедница; Трансфер на современи енергетски ефикасни технологии; градење рамка која ќе овозможи одржливост на подобрувањата на енергетската ефикасност на комерцијална основа; стимулирање на учеството на приватниот сектор за да обезбедува услуги за подобрување на енергетската ефикасност на комерцијална основа; подобрување на користењето на енергија од обновливи извори и инвестирање во научни истражувања, едукација и промоција на технологии и апарати со висока енергетска ефикасност.

Согласно Стратегијата, доколку се одржат тековните трендови, енергетската потрошувачка во Република Македонија до 2020 година ќе постигне ниво од 2703 ktoe *(килотон нафтен еквиваленти)*, додека со засилена примена на мерки за енергетска ефикасност потрошувачката на енергија ќе се намали до ниво од 2.466 ktoe, што претставува околу 9% намалување во однос на сценариото без примена на мерки за енергетска ефикасност.

За реализацијата на предвидените мерки во оваа Стратегија потребни се околу 522 милиони евра, а придобивките што ќе се одразат на финансиско, социјално и еколошко ниво се многу поголеми. Со реализација на овие мерки ќе се постигнат вкупни финансиски заштеди од околу 1203 милиони евра, според сегашните цени на енергијата на пазарот и намалување на емисиите на јаглероден двооксид во износ од околу 5792 kt.

Во текот на 2010 година продолжија активностите на Работната група за енергетска ефикасност - РГЕЕ (Energy Efficiency Task Force) при Енергетската заедница, во чиј состав учествува и Министерство за економија. На 23 февруари 2010 година се одржа 8-от состанок на РГЕЕ. РГЕЕ се фокусира на следење на реализацијата на АПЕЕ преку изработка и примена на методологија за собирање на податоци за енергетската ефикасност, начинот на пресметка на заштедите на енергија и модели на извештаи кои треба да се доставуваат до Енергетската заедница и Европската комисија. Исто така ќе се подготвуваат извештаи за степенот на транспонирање и имплементација на директивата 2006/32/ЕС за енергетска ефикасност на крајни корисници и енергетски услуги, Директивата 2010/31/EU за енергетски карактеристики на згради и Директивата 2010/30EU за означување по пат на етикетирање и стандардни информации на производите, за потрошувачката на енергија и други ресурси за производите кои трошат енергија.

На 24.09.2010 година, во Скопје се одржа Министерски совет на Енергетската заедница, на кој, покрај останатото, се донесе Одлуката бр. 20101021MC-EnC за измена и дополнување на Одлуката D/2009/05/MC-EnC од 18 Декември 2009 година. Согласно Одлуката бр. 20101021MC-EnC, секоја земја членка потписник на Договорот за основање на Енергетската заедница треба да ги транспонира во националното законодавство новите Директиви на ЕУ, и тоа, Директивата 2010/30/EU и Директивата 2010/31/EU, кои претставуваат замена за Директивата 92/75/ЕЕС, односно Директивата 2002/91/ ЕС, соодветно.

Изработен е нацрт Прв Акционен план за енергетска ефикасност на Република Македонија (АПЕЕ), кој произлегува од работната задача бр.1 на РГЕЕ при Енергетската заедница за 2010 година, и која пак е во врска со потребата од транспонирање на Директивата 2006/32/ЕС за енергетска ефикасност на крајни корисници и енергетски услуги. Во текот на 2010, нацрт АПЕЕ и доставен на мислења до сите релевантни институции, компании и меѓународни институции, но исто така, и објавена на веб страницата на Министерството за економија со цел заинтересираната јавност да доставува мислења по истиот. Финалниот нацрт на првиот АПЕЕ, согласно обврските, беше доставен до Секретаријатот на Енергетската заедница на 25.06.2010 година. Дополнително, по финалниот нацрт на АПЕЕ се одржа јавна расправа, по што ќе биде спроведена владина процедура за негово донесување.

Согласно Законот за енергетика, преку компонентата Пазарна Рамка на ГЕФ Проектот за одржлива енергија се изработија два подзаконски акти, кои транспонираат ЕУ мерки, како :

Донесен е Правилник за начин за стекнување на статус повластен производител на електрична енергија произведена од високоефикасни комбинирани постројки, како и содржината, формата и начинот на водење на регистар на повластени производители на електрична енергија произведена од високоефикасни комбинирани постројки (Службен Весник на Република Македонија бр. 40/2010). со кој се врши транспонирање на Директивата 2004/8/ЕС за промоција на комбинирано производство и со него се уредуваат начинот на водење на регистарот на високоефикасни комбинирани постројки, но исто така и условите, начинот и постапката за стекнување на статус повластен производител, како и содржината, формата и начинот на водење на регистар на повластени производители. Истиот се применува од 01.07.2010 година.

Донесен е Правилникот за начинот на издавање на гаранции за потекло на електрична енергија произведена од високоефикасни комбинирани постројки, како и содржината, формата и начинот на водење на регистарот на издадени гаранции за потекло на електрична енергија произведена од високоефикасни комбинирани постројки (Службен Весник на Република Македонија број 56/2010). Со предметниот правилник се врши транспонирање на Директивата 2004/8/ЕС за промоција на комбинирано производство и одлуките на Европската комисија, и тоа: Одлуката од 21 декември 2006 година за воспоставување на хармонизирани референтни вредности за ефикасност на одделно производство на електрична енергија и топлина за примена и Одлуката од 19 ноември 2008 година за воспоставување на детални прирачници за имплементација и примена на Анекс II од Директивата 2004/8/ЕС. Правилник го регулира начинот на издавање, пренесување, признавање и отповикување на гаранциите за потекло на електрична енергија произведена од високоефикасни комбинирани постројки и начинот, формата и содржината на регистарот на гаранции за потекло на електрична енергија од високоефикасни комбинирани постројки. Истиот се применува од 01.07.2010 година.

Правилник за енергетски карактеристики на зградите[32] е во фаза на подготовка. Како дел од предметниот правилник ќе бидат изработени методологијата за енергетски карактеристики на зградите и минималните барања за енергетската ефикасност на зградите. Со донесувањето на овој подзаконски акт ќе се овозможи транспонирање на Директива 2010/31 за енергетски карактеристики на зградите. Правилникот ќе ги пропише барањата и условите кои што се однесуваат на: методологија за пресметка на енергетските карактеристики на зградите, минималните барања за енергетската ефикасност на новите згради, како и зградите што се предмет на значителна реконструкција, услови за проектирање и градба на нови и значителна реконструкција на постојни згради од аспект на енергетска ефикасност, начинот и периодот на контрола на системите за греење со котли и на системите за климатизација, и друго. Согласно временската рамка во новиот Законот за енергетика, правилникот треба да биде донесен во втората половина на 2011 година.

Кампања за подигање на јавната свест и едукација – Штедете електрична енергија започна да се спроведува од ноември 2010 година и се спроведува преку електронските и преку печатените медиуми. Со кампањата предвидено е изработка и дистрибуција на информативен материјал (флаери) наменет за домаќинствата и информативен материјал (флаери) наменет за деловните субјекти, во врска со најдобрите практики за заштеда на електрична енергија; Подигнување на свеста за штедење на електричната енергија кај населението со организирање на предавања во основните училишта за начинот и можностите за штедење на електрична енергија и организирање на трибини по градовите/општините во Република Македонија; Креирање на идејно решение за билборд и поставување на билборди на фреквентни места на територијата на Република Македонија и; Изработка и дистрибуција на прирачник со конкретни примери за примената на енергетски ефикасни уреди и мерки во домаќинствата.

Улогата на креатор на политиката во енергетскиот сектор ја има Владата на Република Македонија, односно *Министерството за економија*. Во Министерство за економија, во *Секторот за енергетика,* постојат пет одделенија, во кои постојано се вработени 14 лица, заедно со Државниот Советник за енергетика и минерални суровини.

---

[32] Правилникот се подготвува во рамки на Проектот за создавање на средина за воведување на енергетска ефикасност на градежни објекти во Република Македонија.

*Агенција за енергетика на Република Македонија* е одговорна за изработка на среднорочни и долгорочни стратегии и развојни планови, подготвување на долгорочни и краткорочни програми за енергетска ефикасност и искористување на обновливи извори на енергија, подготвителни и координативни активности за имплементација на инвестициони проекти. Во моментот, во Агенцијата за енергетика се вработени Директор и 5 лица на неопределено време.

- За реализација на Проект за создавање на средина за воведување на енергетска ефикасност на градежни објекти во Република Македонија (2010 - 2012) на 15.01.2010 година се потпиша Договорот за услуги помеѓу Министерство за економија и Агенција за енергетика на Република Македонија и Австриската Агенција за енергетика за спроведување на Проектот. Проектот е предвидено да се реализира во период од четири години за што се предвидени грант средства од Австриската Влада преку Австриската агенција за развој (АДА), Швајцарски државен секретаријат за економски прашања (SECO), со финансиски придонес на Министерството за економија на Република Македонија. Имплементатори на проектот се Агенцијата за енергетика на Република Македонија и Австриската агенција за енергетика, а согласно потпишаниот Договор за услуги, рокот за имплементација е 15.09.2012 година. Проектот се состои од следните компоненти:
  Компонента 1: Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за енергетика на Република Македонија;
  Компонента 2: Усогласување на националната законска регулатива со Директивата на ЕУ за енергетски карактеристики на згради и развој на потребни алатки за имплементација на регулативата;
  Компонента 3: Реализација на пилот проект за подобрување на енергетската ефикасност на објект од јавниот сектор и
  Компонента 4: Вклучување на факултетите со цел за обезбедување на одржливост на програмата на долг период.
  Компонента 5: Подигнување на јавната свест

Во месец февруари, беше формиран Управен комитет на проектот. Агенцијата за енергетика на Република Македонија и Австрската Агенција за енергетика изврши избор на двајцата консултанти во проектната единица, заменик раководител на тимот и проектниот администратор. Во месец мај беше отпочната постапка за избор на две консултантски куќи кои треба да го изработат Правилникот за енергетски карактеристики на зградите и методологијата. Дополнително, во рамки на проектот се ангажирани и поединечни консултанти коишто треба да изработат минималните барања за енергетската ефикасност на зградите, а кои, исто така, ќе бидат дел од правилникот.

- Проект за Ублажување на климатските промени преку подобрување на енергетската ефикасност во градежниот сектор (октомври 2009 - октомври 2011) има за цел ублажување на климатските промени во земјата преку подобрување на енергетската ефикасност во градежниот сектор, зголемување на јавната свест и капацитетите на соодветните институции за енергетска ефикасност. Долгорочно, активностите на проектот ќе придонесат за намалување на потрошувачката на енергија во станбените и јавни објекти. Главни резултати од овој проект ќе бидат: воспоставување на национална база на климатолошки параметри по региони, инвентар на јавните објекти по општините во целата земја, како и развивање на најефективна инвестирачки ориентирана програма за енергетска ефикасност на јавните објекти. Партнери во овој проект се:Извршна институција: Министерство за животна средина и просторно планирање а имплементатори: УНДП и АДЦ (Австриска Развојна Кооперација), директни корисници: Министерство за економија и ЗЕЛС. Во рамките на проектот се реализираа бројни активности меѓу кои позначајни се:
  - Потпишан меморандум за соработка со ЕВН Македонија за размена на податоци за потрошувачка на електрична енергија од јавните објекти и соработка на полето на подигнување на јавна свест;
  - Потпишан меморандум за соработка со Топлификација А.Д. Скопје за размена на податоци за потрошувачка на топлинска енергија од јавните објекти;
  - Изработена климатолошка мапа на Република Македонија;
  - Ангажирана компанија за изготвување на тренинг програма и спроведување на обуки за претставниците на локалните самоуправи;
  - Ангажирана компанија за изработка на софтверска алатка за базите на податоци и негово понатамошно ажурирање;
  - Финализиран софтвер за енергетски мониторинг;
  - Изработен портал за енергетска ефикасност во јавни објекти (http://www.eeportal.mk);
  - Подготвена програма за обука на локаните самоуправи која содржи прирачник за енергетска ефикасност и прирачник за користење на софтверот;
  - Отпочнати обуки на претставниците на локалните самоуправи; и
  - Реализирана студиска посета во Чешката Република на претставници од единиците на локалната самоуправа.

- ГЕФ Проект за одржлива енергија е финансиран од Глобалниот еколошки фонд (ГЕФ) со цел да промовира инвестиции во енергетска ефикасност и обновливи извори со поддршка на создавање на рамка, институционални

капацитети и неопходни финансиски механизми. Со преструктуирањето на ГЕФ Проектот за одржлива енергија ќе се реализираат активностите по следните компоненти:

*Компонента 1:* Институционална подршка, техничка помош и управување со проектот (Министерството за економија), вклучува три под-компоненти: а) Воспоставување на Проектната единица за одржлива енергија; б) Техничка поддршка за енергетска ефикасност во јавни згради; и в) Реализација на започнати активности од проектот пред неговото преструктуирање.

*Компонента 2:* Финансиска поддршка за реализација на мерки за енергетска ефикасност во згради од јавниот сектор (Министерството за економија) обезбедува финансиски средства за примена на мерки за енергетска ефикасност во јавните изгради, со фокус на училишта и градинки. Оваа компонента е насочена кон тоа да овозможи поддршка за развој на едноставни и применливи модели на проекти од енергетската ефикасност кои би биле дел од националната програма за енергетска ефикасност на јавни згради. Оваа програма ќе се состои од две фази, и тоа: Првата фаза ќе се реализира со 100% средства од ГЕФ грантот, почнувајќи во 2010 година, со избор на квалификувани проекти за енергетска ефикасност на јавни згради во различни општини. Втората фаза ќе се спроведе во следниот период до завршување на проектот, со учество на ГЕФ средства, но и со кофинансирање од страна на општините или од други извори за финансирање.

*Компонента 3:* Финансиска поддршка на проектите за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија (Македонската Банка за Поддршка на Развојот), Кредитна линија наменета за кредити за приватни проекти за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија ќе се реализира со финансиски средства од ГЕФ грантот, финансиски средства од МБПР, но и со кофинансирање од страна на комерцијалните банки и сопствено учество на позајмувачот. Средствата од оваа кредитна линија за квалификуваните проекти ќе се пласираат преку комерцијалните банки.

- Проект за енергетска ефикасност UN ECE (EE 21) (2009 - 2010). Проектот за финансирање на инвестициите во енергетска ефикасност за ублажување на климатските промени е финансиран од грантот на UNECE –Економската Комисија за Европа на Обединетите Нации од Женева и истиот е управуван од Агенцијата за енергетика на Република Македонија одредена како Национална Институција за Учество и спроведување на овој проект, а Директорот на Агенцијата за енергетика е Национален Координатор за спроведување на проектот. Проектот е оперативен од денот на потпишување на Меморандумот за разбирање односно од 09.02.2009 година и истиот е во завршна фаза на реализација. Проектот [33] е регионален и има три основни цели: Идентификација и развој на инвестициски проекти, јакнење на политики за енергетска ефикасност и обновливи енергии како и промовирање на можности за инвестирање кај комерцијалните банки и компаниите. Во рамки на истиот оформена е регионална web-платформа на експерти и изработена е анализа на реформите во енергетските политики и студија на случај за финансирање на проекти од обласна на енергетска ефикасност.

- Со финансиска и техничка подршка од УСАИД во тек е реализацијата на Проектот за енергетска ефикасност во згради во кои живеат семејства со ниски приходи. Избрани се три пилот згради и тоа две во Скопје и една во Куманово (со вкупно 57 стана) во кои живеат семејства со ниски приходи. Со овој Проект ќе се спроведат соодветни мерки за станбена енергетска ефикасност, при што треба да се покаже дека инвестициите во подобрувањето на енергетската ефикасност треба да се користат како модел за намалување на енергетската сиромаштија. Реализацијата на Проектот започна во декември 2009 година, а планирано е да заврши за период од 18 месеци.

- Проект за формирање на база на податоци за ветерна енергија и набавка на една мерна станица. Проектот се продолжи да се реализира во текот на 2010 година. Првиот дел за набавка и поставување на една мерна станица за мерење на потенцијал на ветерната енергија и нејзин целосен надзор од екипа на експерти, а вториот дел отворање на прв Инфоцентар за енергетика, донација од Министерство за животна средина, земја и море на Република Македонија. Целта на отварањето на Инфоцентар за енергетика е обезбедување на информации и подигнување на јавната свест за воведување на мерки за енергетска ефикасност во сите сектори: индустрија, домаќинства и јавен сектор.

- Проект за Градење на капацитети за системи за мониторинг, верификација и евалуација на енергетски политики во Југоисточна Европа, во однос на процесот на пристапување кон Европската унија е финансиран од отворениот регионален фонд за енергетика на ГТЗ (GTZ ORF-E) и е наменет за државите потписнички на договорот за Енергетска

[33] Овој регионален проект вклучува дванаесет земји во Југоисточна Европа, Источна Европа и Централна Азија. Проектот промовира формирање на пазар што ќе овозможи идентификација, развивање, финансирање и локално реализирање на само одржливи проекти од областа на енергетската ефикасност и обновливата енергија.

заедница. Целта на овој проект е да воспостави систем за следење на реализацијата на Акционите планови за енергетска ефикасност (АПЕЕ), преку дефинирање на методологија за собирање на податоци во врска со енергетската ефикасност, начинот на пресметка на заштедите на енергија и модели на извештаи кои ќе треба да се доставуваат до Енергетската заедница и Европската комисија.

Со вклучувањето во овој проект Република Македонија ќе има бенефити во насока на подобрување на енергетската статистика; воспоставување на стандардизиран и прилагоден на локалните услови пресметковен метод за мониторинг, верификација и евалуација на мерките предвидени во АПЕЕ; анализа на законодавната рамка и можности за нејзино подобрување, преку транспонирање на релевантните европски директиви во областа на енергетската ефикасност во националното законодавство; анализа на институционалната рамка и др.

Дополнително, во рамки на овој проект е обезбедена техничка поддршка за Република Македонија за изработка на Правилник за енергетска контрола, Правилник за енергетска ефикасност за електричните и други уреди и апарати и Уредба за еко дизајн. Проектот ќе се спроведува во периодот до декември 2011 година.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2011 во областа на енергетска ефикасност, предвидени се следните активности:
Донесување на 1 Акционен план за енергетска ефикасност на Република Македонија (АПЕЕ). По влегувањето во сила на новиот Закон за енергетика, ќе биде спроведена постапка за донесување на прииот АПЕЕ на Република Македонија до 2018 година, и тоа најдоцна шест месеци од денот на неговото влегувањето во сила.

Изработка и донесување на Уредба за индикативните цели за заштеда на енергија. Според предлог Законот за енергетика, кој е во фаза на донесување, изработката на Уредбата ќе биде во согласност со Стратегијата за енергетска ефикасност и ќе се однесува за периодот од девет години од денот на донесување на прииот Акционен план за енергетска ефикасност. Составен дел на Уредбата е и методологијата за пресметка на индикативните цели. На тој начин ќе се придонесе кон транспонирање на Директивата 2006/32/ЕС за ефикасност на крајното користење на енергијата и за енергетски услуги. Потребно е Уредбата да биде донесена најдоцна шест месеци од денот на влегувањето во сила на новиот Закон за енергетика.

Во 2011 година ќе продолжат активностите за изработка и донесување на Правилникот за енергетски карактеристики на зградите, со вклучена методологија. Правилник треба да биде донесен најдоцна девет месеци од денот на влегувањето во сила на новиот Закон за енергетика. Исто така, во 2011 година ќе продолжат активностите кон понатамошно ажурирање на национална база на климатолошки параметри по региони и на национална база на јавните објекти по општини во целата држава, со цел нивна примена при користењето на веќе донесениот Правилник за енергетски карактеристики на зградите.

Во 2011 година согласно новиот Закон за енергетика ќе се реализираат активности за изработка и донесување на Уредбата за еко дизајн. Со донесувањето на уредбата ќе се овозможи производите кои што користат енергија или производите кои што влијаат врз потрошувачката на енергија да можат да се пуштат на пазар или да се стават во употреба само ако се сообразни со пропишаните барања за еко дизајн на производите и ако се означени во согласност со прописот кој што се однесува на таа група на производи. На тој начин ќе се овозможи транспонирање на Европската Директива 2009/125/ЕК за воспоставување на рамка за барања за еко дизајн на производи кои се поврзани со потрошувачка на енергија. Потребно е Уредбата да биде донесена најдоцна шест месеци од денот на влегувањето во сила на новиот Закон за енергетика.

Со Правилник за енергетска ефикасност на електричните и други уреди и апарати ќе се пропишат барањата од аспект на енергетската ефикасност што треба да ги исполнат уредите што можат да се продаваат во Република Македонија, а се однесуваат на уредите во домаќинствата и другите уреди. На тој начин ќе се овозможи транспонирање на Европската Директива 2010/30/EU за означување по пат на етикетирање и стандардни информации на производите, за потрошувачката на енергија и други ресурси за производите кои што влијаат врз потрошувачката на енергија.Правилник треба да биде донесен најдоцна една година од денот на влегувањето во сила на новиот Закон за енергетика, крај на 2011.

Донесување на Правилник за високоефикасни комбинирани постројки е предвиден во текот на 2011. Со правилникот поблиску ќе се пропишат: методологијата за пресметка на коефициентот на полезно дејство на високоефикасните комбинирани постројки за производство на електрична и топлинска енергија, методологијата за проценка на заштедата на примарната енергија во високоефикасните комбинирани постројки,содржината, формата и начинот за водење на

регистарот на високоефикасните комбинирани постројки, начинот за издавање, пренесување и одземање на гаранциите за потекло на електричната енергија произведена од високоефикасните комбинирани постројки, како и начинот, постапката и условите за признавање на гаранциите за потекло издадени во странство, начинот и постапката за определување на енергетската вредност на горивата што се користат во високоефикасните комбинирани постројки, и содржината, формата и начинот на водењето на регистар на издадени гаранции за потекло на електрична енергија од високоефикасните комбинирани постројки. Оваа активност произлегува од новиот Закон за енергетика и во најголем дел ќе значи преуредување на веќе донесени подзаконски акти[34]. При неговата изработка повторно ќе се земат во предвид Директивата 2004/8/ЕС за промоција на комбинирано производство и одлуките на Европската комисија, и тоа: Одлуката од 21 декември 2006 година за воспоставување на хармонизирани референтни вредности за ефикасност на одделно производство на електрична енергија и топлина за примена и Одлуката од 19 ноември 2008 година за воспоставување на детални прирачници за имплементација и примена на Анекс II од Директивата 2004/8/ЕС.

Донесување на Упатство за примена на мерките за енергетска ефикасност и заштеда на енергија при определување на карактеристиките на стоките и услугите што се предмет на јавните набавки. Агенцијата за енергетика, по претходно прибавено мислење од Бирото за јавни набавки, донесува упатство за примена на мерките за енергетска ефикасност и заштеда на енергија при определување на карактеристиките на стоките и услугите што се предмет на јавните набавки, како и за примена на критериумите коишто се однесуваат на енергетската ефикасност и заштедата на енергија при изборот на најповолен понудувач. На тој начин ќе се придонесе кон транспонирање на Директивата 2006/32/ЕС за ефикасност на крајното користење на енергијата и за енергестки услуги. Потребно е Упатството да биде изработено и донесено од страна на Агенцијата за енергетика најдоцна девет месеци од денот на влегување во сила на новиот Закон за енергетика.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со донесувањето на предлог новиот Закон за енергетика обемот на активности на *Секторот за енергетика при Министерството за економија* ќе биде уште повеќе зголемен. За реализација на овие активности неопходни се 3 нови вработувања во 2011 година во Секторот енергетика при Министерство за економија.

Со цел зајакнување на капацитетите на *Агенцијата за енергетика на Република Македонија* и исполнување на големиот број обврски кои ќе произлезат со донесувањето на новиот Закон за енергетика, како и заради спроведување на превземените обврски за спроведување на странските проекти во 2011 година се предвидени 5 нови вработувања од тековни проекти *(види 3.15.4)*. Потребни се вработувања на експерти кои ќе се испраќаат на дополнителна едукација во центрите за обука на инвеститорите на проектите.

Согласно компонента 1 и компонента 4 од ИПА Проектот "Зајакнување на административните капацитети на Секторот енергетика во Министерството за економија и Агенцијата за енергетика", предвидени се активности за зајакнување на капацитетите на Секторот енергетика и Агенцијата за енергетика. Се очекува дека проектот ќе започне во почетокот на 2011 година.

Исто така, во рамките на Проектот за овозможување средина за воведување на енергетска ефикасност на градежни објекти во Република Македонија се предвидени низа на мерки за едукација и обука во областа на енергетска ефикасност, пред се на вработените од Агенцијата за енергетика, но и на вработени во Министерството за економија.

Во текот на 2011 продолжува имплементацијата на гореспоменатите проекти:

Проект за промоција на енергетската ефикасност ENER Supply. Агенцијата за енергетика на 29.06.2010 година потпиша договорот со Делегацијата на Европска унија во Скопје за потребите од реализација на овој проект. Проектот ќе се спроведува во соработка со 14 партнери од 11 земји под раководство на општина Potenza Италија. Целта на овој проект е да им се помогне на локалните самоуправи во остварување на нивната цел за зголемување на користење на обновливите извори и воведување на мерки за енергетска ефикасност, и тоа преку размена на економско-правно и техничко знаење на искусните партнери од ЕУ кон локалната самоуправа во земјите од СЕЕ Транснационалната програма за соработка. Во рамките на овој проект планирано е: Организирање на обука на тренери, 9 обуки на избрани локални институции за примената на мерките за енергетска ефикасност на локално ниво, претставување на концептот на управување со енергетски системи, тестирање и оценка на превземени мерки во локалните самоуправи, изготвување на мапа на потенцијални инвестиции во енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија, изработка на студии за изводливост на предложени проекти, дефинирање на потенцијалните финансиски извори, промоција на проектите пред потенцијалните

[34] Правилник за начин за стекнување на статус повластен производител на електрична енергија произведена од високоефикасни комбинирани постројки, како и содржината, формата и начинот на водење на регистар на повластени производители на електрична енергија произведена од високоефикасни комбинирани постројки и Правилник за начинот на издавање на гаранции за потекло на електрична енергија произведена од високоефикасни комбинирани постројки, како и содржината, формата и начинот на водење на регистарот на издадени гаранции за потекло на електрична енергија произведена од високоефикасни комбинирани постројки

инвеститори и издржана информативна кампања ќе го следи проектот во целиот негов тек. Овие рамки се прифатени од градот Скопје и Охрид. Сеуште не е отпочнато реализирањето на проектот.

*Среднорочни приоритети* (2012-2013)

**ПРАВНА РАМКА**

Согласно временската рамка дадена во новиот предлог Закон за енергетика, како и обврската од Директивата 32006L0033, како среднорочна активност е предвидено донесување на Вториот Акционен план за енергетска ефикасност на Република Македонија.

Во Правилник за енергетска контрола ќе се транспонира Директивата 2006/32/ЕС за ефикасност на крајното користење на енергијата и за енергестки услуги, истиот ќе се изработи со техничка помош обезбедена во рамки на Регионалниот проект "Градење на капацитети за системи за мониторинг, верификација и евалуација на енергетски политики во Југоисточна Европа, во однос на процесот на пристапување кон Европската унија". Со предметниот правилник поблиску ќе се уредат спроведувањето на енергетската контрола, начинот на проценка на основната потрошувачка на енергија, содржината и формата на извештајот за енергетската контрола, основните елементи за формирање на износот на надоместокот за вршење на енергетската контрола, начинот, постапката и условите за избор на правни лица што ќе вршат обуки за енергетски контролори, основните елементи на програмата и начинот на вршење на обука и полагање на стручен испит за енергетски контролори, издавањето, продолжувањето и одземањето на овластувањата за вршење на енергетска контрола, како и признавањето на важноста на овластувањата или други соодветни документи за вршење на енергетска контрола издадени во други држави, формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лицата овластени за вршење енергетска контрола и содржината и формата на извештаите што ги доставуваат лицата од јавниот сектор, односно Агенцијата за енегетика. Составен дел на предметниот Правилник ќе биде и методологијата за мерење и верификација на заштедата на енергија, на која е ставен посебен акцент во проектот на ГТЗ. Донесувањето на предметниот Правилник ќе се донесе една година по влегувањето на сила на новиот Закон за енергетика, на почетокот на 2012 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2012-2013 година, *Министерството за економија*, планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за реализација на активностите согласно надлежостите кои произлегаат од Законот за енергетика. За реализација на активостите во Секторот енергетика неопходни се 4 нови вработувања во 2012 година и 3 нови вработувања во 2013 година.

*Агенцијата за енергетика на Република Македонија* планира јакнење на административните капацитетите заради спроведување и одговор на голем број од предвидени обврски (следење на спроведувањето на мерките и активностите од Акционите планови за енергетската ефикасност, учество во изработката на Вториот Акционен план за енергетска ефикасност, организирање на обуки и полагање на испити за енергетски контролори, како и обуки за усовршување на енергетските контролори, и други), што се предвидуваат со новиот Закон за енергетика.

Во однос на Проект за создавање на средина за воведување на енергетска ефикасност на градежни објекти во Република Македонија, ГЕФ Проект за одржлива енергија и Проект за промоција на енергетската ефикасност ENER Supply, продолжуваат активностите и во 2012 година.

## 3.15.7 **НУКЛЕАРНА СИГУРНОСТ И РАДИЈАЦИОНА ЗАШТИТА**

*Тековна состојба*

Областа на нуклеарна сигурност и радијационата заштита во Република Македонија е регулирана согласно Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност („Службен весник на Република Македонија" бр. 48/2002 и 135/2007).

Дирекција за радијациона сигурност (ДРС) е единствена надлежна институција за вршење на управните и стручните работи од областа на заштитата од јонизирачко зрачење. Согласно Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност („Службен весник на Република Македонија" бр.48/2002 и бр.135/2007), статусот на Дирекцијата за радијациона сигурност е дефиниран како самостоен орган на државната управа со својство на правно лице.

Согласно Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, во текот на 2010 година донесени се следните подзаконски акти:

- Правилник за формата и содржината на образецот на пријавата за извори на јонизирачко зрачење како и начинот и постапката за пријавување („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/2010);
- Правилник за здравствени услови за работа со извори на јонизирачко зрачење, како и мерките, содржината и начинот на вршење на здравствените прегледи на лица кои работат со извори на јонизирачко зрачење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2010);
- Правилник за граници на изложеност на јонизирачко зрачење и условите на изложеност во посебни случаи и во вонредни настани („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/2010);
- Правилник за начинот и мерењето на изложеноста на професионално изложени лица, водење на евиденција и поднесување на извештаи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/2010);
- Правилник за максимално дозволени количини на радионуклиди во металите, градежниот материјал, вештачки ѓубрива, пепел од термоелектраните и отпадниот материјал од рудници и топилници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/2010);
- Правилник за висината на трошоците за издавање на дозволи и лиценци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 112/2010);
- Правилник за начинот и роковите на испитување на изворите на јонизирачко зрачење, мерење на изложеноста на пациенти при дијагностички и терапевтски постапки, водење на евиденција и поднесување на извештаи („Службен весник на Република Македонија“ бр.126/2010);
- Правилник за начинот и мерењето на изложеноста на населението, водење на евидеција и поднесување на извештаи („Службен весник на Република Македонија“ бр.126/2010);
- Правилник за критериумите во однос на просторните услови, објектите, материјално-техничката опрема и стручниот кадар на овластените стручни технички сервиси и на правните лица за деконтаминација, како и формата и содржината на барањето за издавање на лиценца и формата и содржината на лиценцата („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/2010);
- Правилник за критериуми и мерки за заштита од јонизирачко зрачење за вршење на дејност со рендгенски апарати, акцелератори и други уреди кои произведуваат јонизирачко зрачење („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/2010);
- Правилник за критериуми за примена на извори на јонизирачко зрачење во медицината, ветеринарната медицина, фармацијата и стоматологијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/2010) и
- Правилник за начинот на ракување, односно собирање, чување, кондиционирање, транспортирање и одлагање радиоактивен отпад („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/2010).

Во погоренаведените правилници е делумно транспонирано следново ЕУ законодавство: 31996L0029, 31997L0043 и 31990L0641. Донесувањето на горенаведените правилници од страна на Дирекцијата придонесе кон понатамошо усогласување на националното законодавство во областа на нуклеарната сигурност и радијационата заштита со ЕУ законодавството.

Во однос на активностите за изградба на склад за радиоактивен отпад, како приоритет од Партнерството за пристапување, во периодот 14-18 јуни 2010 година се реализираше TAIEX експертска мисија за обезбедување на експертска помош на ДРС при прегледување на документите во процесот на лиценцирање на национален склад за радиоактивен отпад. Исто така, во периодот 19-30 Јули 2010 година, се спроведе експертска мисија на Меѓународната агенција за атомска енергија. Во рамките на експертската мисија е подготвен извештај и се дадени препораки до Дирекцијата во однос на прегледувањето на документите во постапката на лиценцирање на национален склад за радиоактивен отпад кои препораки ќе бидат следени од страна на Дирекцијата при спроведување на постапката на лиценцирање на национален склад за радиоактивен отпад.

Во декември 2009 година, Дирекцијата за радијациона сигурност изврши ревизија на стратешкиот план и изработи нов Стратешки план 2010-2012 година. Донесувањето на овој стратешки план претставува втор циклус на стратешко планирање од страна на Дирекцијата, во кој јасно се претставени нејзините насоки и цели и во чија основа се наоѓаат стратешките приоритети на Владата на Република Македонија за интеграција на Република Македонија во Европската Унија и НАТО. Истовремено Стратешкиот план претставува водич кон реално остварување на поставените цели и приоритети на Дирекцијата во среднорочен период, при што неговото доследно спроведување ќе придонесе во зголемувањето на оперативноста, ефикасноста и транспарентноста во спроведувањето на надлежностите на Дирекцијата.

На 31 март 2010 година, влезе во сила Заедничката Конвенција за сигурност при управување со искористено нуклеарно гориво и сигурност при управување со радиоактивен отпад („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/2009).

Притоа, од страна на Дирекцијата за радијациона сигурност е номинирано контакт лице за следење на спроведувањето на обврските од конвенцијата .

Во рамките на соработката на Република Македонија со Меѓународната агенција за атомска енергија (МААЕ) во Охрид се одржа регионален тренинг курс во периодот 17-21 Мај 2010 година на тема: „Подготовка, спроведување и евалуација на вежби за тестирање на системот на подготвеност за радијациони вонредни настани". На истиот присуствуваа претставници од Република Македонија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Малта, Црна Гора и Србија.

Во поглед на зајакнување на меѓуинституционалната соработка е потпишан Меморандум за соработка меѓу Националниот координативен центар за гранично управување, Дирекцијата за радијациона сигурност и Центарот за управување со кризи со кој се утврдува рамката во која ќе се остварува соработката меѓу потписниците. Притоа соработката меѓу потписниците е во функција на координација на активностите во врска со граничното управување, а со цел ефективна и ефикасна поддршка на превенција, рано предупредување и справување со кризи и други радијациони вонредни настани што имплицираат загрозување на животот, здравјето и имотот на граѓаните, животната средина и безбедноста на Република Македонија при увоз, извоз или транзит на радиоактиви извори низ територијата на Република Македонија, како и при други активности поврзани со изворите на јонизирачко зрачење.

Во поглед на зајакнување на меѓународната соработка во областа на заштитата од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, Дирекцијата за радијациона сигурност потпиша:

- Меморандум за разбирање со Словенечката администрација за нуклеарна сигурност за размена на информации по прашања од нуклеарна и радијациона сигурност;
- Меморандум за разбирање со Националната комисија за контрола на нуклеарните дејности на Романија за соработка по прашања во однос на регулативата за радијационата заштита и
- Договор со Нуклеарната регулаторна агенција на Република Бугарија за соработка по прашањата на радијациона заштита.

Во периодот 12-13 јули 2010 година, во Скопје, во Дирекцијата за радијациона сигурност се реализира "Работилница за имплементација на националната регулаторна инфраструктура за сигурност", со експерти од МААЕ. На работилницата присуствуваа вработените од Дирекцијата за радијациона сигурност со цел нивно запознавање со алатката и методологијата на Меѓународната агенција за атомска енергија за самопроценка на регулаторната инфраструктура.

Согласно обврските од Законот за ратификација на Дополнителниот протокол кон Спогодбата меѓу Република Македонија и Меѓународната агенција за атомска енергија за примена на гаранциите во врска со договорот за неширење на нуклеарно оружје, Дирекцијата за радијациона сигурност поднесе квартални и годишни извештаи.

Дирекцијата за радијациона сигурност го поднесе 2-риот Национален извештај согласно Законот за ратификација на Конвенцијата за нуклеарна безбедност („Службен весник на Република Македонија" бр. 10/2006) за имплементација на обврските кои произлегуваат од одредбите на Конвенцијата и наменет за 5 –тиот состанок за преглед.

Со цел да се зајакнат капацитетите на останатите институции кои се во контакт со извори за јонизирачко зрачење, како и да се допринесе за нивна заштита, Дирекција за радијациона сигурност ги спроведе следните обуки:

- На 23 Ноември 2010 година, Скопје, се спроведе Обука за радијациона заштита и сигурност за претставници од Царинската Управа на Република Македонија и претставници од Граничната полиција – МВР, при што беа обучени 19 претставници од наведените институции.
- На 24 Ноември 2010 година, Скопје, се спроведе Обука за радијациона заштита и сигурност за одговорни лица за радијациона заштита во правните лица кои вршат дејност со извори на јонизирачко зрачење, при што беа обучени 18 лица одговорни за радијациона заштита, претставници на правните лица кои вршат дејност со извори на јонизирачко зрачење.

Дирекцијата за радијациона сигурност учествува во повеќе регионални проекти[35] на Меѓународната агенција за атомска енергија (МААЕ).

---

[35] Зајакнување на национална инфраструктура за контрола на радијациони извори, *RER/9/096;* Зајакнување на националните капацитети за радиолошка заштита на работници и контрола на професионалната изложеност, *RER/9/097;* Надградба на националните капацитети за контрола на изложеност на население, *RER/9/094;* Зајакнување на радиолошка заштита на пациенти и контрола на медицинската изложеност, *RER/9/093;* Градење на компетентност преку едукација и тренинг како подршка на регулаторната инфраструктура *RER/9/101*; Воспоставување на национални капацитети за одговор на радиолошки и нуклеарен вонреден настан *RER/9/100;*

Од страна на ЕК, одобрен е регионалниот проект „Управување на затворени радиоактивни извори вклучувајќи и радиоактивни громобрани“, со кој ќе се реши прашањето на демонтирањето, кондиционирањето и одлагањето на радиоактивните громобрани поставени на различни објекти во Република Македонија и безбедно пренесување на складираните радиоактивни извори како резултат на минати дејности од времените складишта. Имплементирањето на проектот е предвидено да започне во 2010 и вредноста на проектот е предвидена да биде 1,35 милиони евра, кој ќе ги покрива Македонија, Црна Гора и Косово.

Во текот на 2010 година Дирекцијата за радијациона сигурност продолжи со континуираните активности: издавање на дозволи за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење и со вршење на инспекциски увид, како во постапка на лиценцирање така и над лиценцирани корисници.
Националниот регистар на извори на јонизирачко зрачење, кој го води Дирекцијата за радијациона сигурност се ажурира постојано, со користење на електронски систем за евиденција на извори и корисници на извори на јонизирачко зрачење.

Во септември 2010 година претставници од Дирекцијата за радијациона сигурност учествуваа на 54-та Генерална конференција на Меѓународната агенција за атомска енергија (МААЕ) како членови на делегацијата на Република Македонија.

Вработените во Дирекцијата за радијациона сигурност континуирано учествуваа на обуки, како во однос на општи обуки организирани од Агенцијата за државни службеници така и на специјализирани обуки организирани од МААЕ, Амбасада на САД во РМ итн.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**
Согласно Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07), Дирекцијата за радијациона сигурност во текот на 2011 година ќе донесе Правилник за квалификации и здравствена состојба на лица кои може да ракуваат со извори на јонизирачко зрачење, кој ја транспонира делумо директивата 31996L0029.

Со цел поголема заштита на населението на Република Македонија, Дирекцијата за радијациона сигурност ќе изработи План за заштита на населението во случај на радијационен вонреден настан во Република Македонија.

Во текот на 2011 година се предвидува потпишување на Меморандуми за соработка со Албанија и Црна Гора.

Во текот на 2011 година се предвидува ратификација на изменувањата и дополнувањата на Конвенцијата за физичка заштита на нуклеарен материјал.

Дирекцијата за радијациона сигурност ќе поднесе Национален извештај како обврска согласно одредбите од Заедничката конвенција за сигурност при управување со искористено нуклеарно гориво и сигурност при управување со радиоактивен отпад како и реализирање на обврските од другите ратификувани конвенции и договори на Република Македонија во полето на радијационата и нуклеарната сигурност и безбедност.

За зајакнување на контролата на изворите на јонизирачко зрачење континуирано се предвидува извршување на следните активности:
- Континуирана контрола на извори на јонизирачко зрачење.
- Континуирана контрола на возила наменети за превоз на радиоактивни извори.
- Континуирана контрола на функционирањето на статичните панел детектори поставени на царинските испостави на граничните премини.
- Континуирана контрола на употребата на мобилните дозиметриски уреди од страна на царинските службеници и граничната полиција на граничните премини.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
За 2011 е предвидено јакнење на административните капацитети на Дирекцијата за радијациона сигурност со реализација на нови вработувања.

Со цел зајакнување на меѓуинституционална соработка и зајакнување на контролата на извори на јонизирачко зрачење Дирекцијата во 2011 година предвидува спроведување на обуки за радијациона заштита и сигурност за одговорни лица за радијациона заштита во правните лица кои вршат дејност со извори на јонизирачко зрачење.

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**
Согласно Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност („Службен весник на Република Македонија" бр.135/07), Дирекцијата за радијациона сигурност во текот на 2012 година ќе ги донесе следните подзаконски акти, во кои се врши усогласување со ЕУ мерката 31996L0029:

- Правилник за просторот, уредите, опремата и лицата кои можат да работат со извори на јонизирачко зрачење и
- Правилник за критериуми и мерки за заштита од јонизирачко зрачење при вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење.

Зајакнување на контролата на изворите на јонизирачко зрачење е континуирана активност, која се предвидува да продолжи и во текот на 2011-2012 година.

Со оглед на тоа дека во законодавството на ЕУ во полето на нуклеарна сигурност беше усвоена нова Директивата на ЕУ за воспоставување правната рамка на Заедницата за нуклеарна сигурност на нуклеарните инсталации (CELEX 32009L0071), која истовремено е и препорака од ЕК, Дирекцијата за радијациона сигурност ќе изврши анализа на влијанието на истата во постоечкото законодавство. По што истата се планира да се транспонира во националното законодавство во текот на 2013.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
За 2012 е предвидено јакнење на административните капацитети на Дирекцијата за радијациона сигурност со реализација на нови вработувања.

Со цел зајакнување на меѓуинституционална соработка и зајакнување на контролата на извори на јонизирачко зрачење Дирекцијата во 2012 година предвидува реализирање на обука за радијациона заштита и сигурност за одговорни лица за радијациона заштита во правните лица кои вршат дејност со извори на јонизирачко зрачење.

3.16 **ОДАНОЧУВАЊЕ**
3.16.1 **ИНДИРЕКТНО ОДАНОЧУВАЊЕ**

## ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

*Тековна состојба*
Оданочувањето на потрошувачката на стоки и услуги во Република Македонија е регулирано со Законот за данокот на додадена вредност (Сл. весник на РМ бр. 44/99, 59/99, 86/99, 11/2000, 8/2001, 21/2003, 19/2004, 33/2006, 101/2006 , 114/2007, 103/2008, 114/2009, 133/2009, 95/2010 и 102/2010). Со овој закон како основен правен акт е уредено пресметувањето и плаќањето на данокот на додадена вредност при промет на добра и услуги кој се врши со надоместок во земјата од страна на даночниот обврзник во рамките на неговата стопанска дејност, како и увозот на добра.

Законот за данокот на додадена вредност во РМ е со примена од 1.04.2000 година, и во него во најголем дел се транспонирани барањата од ЕУ законодавството за ДДВ и тоа на :
- Шестата (системска) директива на Советот 31977L0388 за усогласување на законодавство на земјите членки во врска со даноците на промет – Заеднички систем на данокот на додадена вредност: единствена основа на пресметување, и
- Тринаесеттата директива на Советот - 31986L0560, за усогласување на законодавството на земјите - членки во врска со даноците на промет - Аранжмани за рефундирање на данокот на додадена вредност на даночни обврзници кои немаат седиште на територијата на заедницата.

Во ЗДДВ, согласно со ЕУ актите се регулирани предметот на оданочување, даночен обврзник, местото на прометот, даночната основа, даночните ослободувања, времето на настанување на даночниот долг, одбивката на претходниот данок, оданочувањето, регистрацијата, враќањето на данокот, административните обврски, пропишувањето на специјални шеми за оданочување за тур-операторите.

Во однос на висината и бројот на применетите даночни стапки, ЗДДВ кореспондира со она што е предвидено во Директивите на ЕУ, од причина што во РМ во примена се две даночни стапки и тоа општата од 18%, и повластената од 5%.

Хармонизираност е постигната и во делот на даночниот третман на инвестиционите добра (опремата наменета за производство на стоки и услуги кои подлежат на оданочување и недвижностите потребни за вршење на стопанската дејност) кај кои со примена на механизмот на одбивка на претходниот данок се постигнува оданочувањето во целокупниот претприемачки домен да не доведе до даночно оптоварување. Согласно постојната регулатива е постигнато оптоварување на целокупната приватна и јавна потрошувачка како и потрошувачката на деловните субјекти чии вкупни приходи не го надминале прагот на регистрација и доброволно не се регистрирани за целите на ДДВ, а со тоа и немаат можност да го користат правото на одбивка на претходен данок.

Заради продолжување на процесот на хармонизација на македонското даночно право со правото на ЕУ, поконкретно, усогласување на Законот на данокот на додадена вредност на Република Македонија со Директивата 32006L0112 (со сите нејзини измени и дополнувања) која е замена на Шестата (системска) директива на Советот 31977L0388, како и други акти на ЕУ, во тек е проект-Хармонизација на македонското даночно право со правото на ЕУ, во кој е вклучена техничка помош од страна на GTZ (Германско друштво за техничка соработка) со чија помош се врши анализа на постојните законски решенија и нивата усогласенот со Директивата 32006L0112, се утврдува потребата од измени и дополнувања, односно изготвување на нови даночен прописи кои во целост ќе бидат усогласено со европското право кое ја уредува материјата што се однесува на данокот на додадена вредност.

Во текот на месец јули донесен е Законот за изменување на Законот за данокот на додадена вредност (Службен Весник на Република Македонија бр.95 од 16.07.2010) со кој се изврши продожување на рокот за примена на повластена даночна стапка од 5% за прометот и увозот на земјоделска механизација. Рокот за примена на повластена даночна стапка за земјоделската механизација беше со важност до 30 јуни 2010 година, а со измената на Законот на данокот на додадена вредност се изврши продолжување на примената на повластена даночна стапка од 5% за прометот и увозот на земјоделска механизација до пристапување на Република Македонија во Европската Унија. Иако со ова измена се пролонгира примената на оваа мерка, сепак треба да се има во предвид дека се работи за времена мерка, која ќе биде предмет на ревидирање при пристапување на Република Македонија во Европската Унија

На крајот на месец јули донесен е Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност (Службен Весник на Република Македонија бр. 102 од 29.07.2010). Со овие измени и дополнувања се изврши продолжување на рокот во кој даночните обврзници регистрирани за целите на данокот на додадена вредност се должни

да поднесуваат даночни пријави, односно наместо во рокот од 15 дена, даночните обврзници се должни да ги поднесуваат даночните пријави во рок од 25 дена по истекот, на даночниот период за кој се пресметува данокот на додадена вредност, а кое решение не е во спротивност со постојното право на Европска Унија. Според постојните прописи кон даночната пријава, за соодветниот даночен период, даночниот обврзник регистриран за цели на данокот на додадена вредност е должен да поднесе периодичен извештај од банкарските сметки преку кои го остварува работењето. Во функција на намалување на административните трошоци, со донесената измена доставувањето на истите до надлежниот даночен орган ќе го врши носителот на платниот промет по електронски пат.

Исто така со овие измени, се изврши зголемување на прагот за задолжителна регистрација за целите на данокот на додадена вредност од 1.300.000 на 2.000.000 денари . Оваа одредба ќе биде во примена од 1 јануари 2011 година.

Во овие измени на законот исто така се пропишува ново решение со кое на даночните обврзници кои започнуваат со вршење на дејност им се продолжува рокот (од осум на петнаесет дена) во кој можат да се регистрираат за цели на данокот на додадена вредност.

Согласно Законот за ДДВ, надлежни институции за негова имплементација се Министерството за финансии, Управата за јавни приходи и Царинската Управа.

*Краткорочни приоритети*
Во текот на 2011 година ќе продолжи да се врши анализа на постојните законски решенија кои се однесуваат на данокот на додадена вредност и нивата усогласеност со Директивата 32006L0112 и останатите даночни прописи на Европската Унија, кои се однесуваат на оваа материја.

*Среднорочни приоритети*
Во периодот од 2012-2013 година ќе следи континуиран и интензивен процес на проучување и усогласување на законодавството со одредбите на директивите на ЕУ од што ќе се утврди потребата за донесување на Закон со кој ќе се изврши изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност или пак ќе резултира со донесување на нов Закон за данок на додадена вредност со соодветни под законски акти. Процесот на хармонизација особено ќе оди во насока на: Примена на ДДВ при вршењето на промет на добра и услуги внатре во Заедницата помеѓу даночните обврзници.

Во процесот на хармонизација на домашното законодавство во делот на ДДВ во предвид ќе бидат земени следните ЕУ акти:

- Директива на Советот 2006/112/ЕЗ од 28 Ноември 2006 година за заеднички систем на данокот на додадена вредност и сите нејзини измени и дополнувања;
- Директива на Советот 2007/74/ЕЗ за ослободување од данок на додадена вредност и акцизни давачки за лица кои увезуваат стоки при патување (влез) од трети земји
- Директива на Советот 2008/9/ЕЗ од 12 Февруари 2008 година со која се пропишуваат правилата за враќање на данок на додадена вредност предвидени во Директива на Советот 2006/112/ЕЗ, за даночни обврзници кои не се со седиште во земјата членка на враќање, но се со седиште во друга земја членка (со сите нејзини измени и дополнувања)
- Тринаесетта директива на Советот 31986L0560 (Тринаесетта директива на Советот 86/560/ЕЕЗ од 17 ноември 1986 за усогласување на законодавството на земјите - членки во врска со даноците на промет - Аранжмани за рефундирање на данокот на додадена вредност на даночни обврзници кои немаат седиште на територијата на заедницата);
- Директива на Советот 2009/132/ЕЗ од 19 Октомври 2009 со која се утврдува опфатот на член 143(б) и (в) од Директивата Директива на Советот 2006/112/ЕЗ во врска со ослободување од данок на додадена вредност на крајниот увоз на определени добра.
- Регулативата бр. 1777/2005 на Советот за утврдување на мерките за имплементација на Директивата 77/388/ЕЕЗ за заедничкиот систем на ДДВ.
- Директива 2006/79/ЕЗ од 5 октомври 2006, за ослободување од даноци за увоз на мали пратки на стоки за некомерцијални цели од трети земји.

## АКЦИЗИ

*Тековна состојба*
Законот за акцизите (Службен весник на РМ, број 32/2001, 50/2001, 52/2001, 45/2002, 98/2002, 24/2003, 96/2004, 38/2005, 88/2008,105/2009 и 34/2010), е основен правен акт кој ги уредува акцизите кои се наплаќаат посредно или непосредно за потрошувачка на територијата на Република Македонија и тоа за: минерални масла, алкохол и алкохолни пијалоци,

тутунски добра и патнички автомобили и ги содржи одредбите за оданочување, акцизните повластувања, акцизните ослободувања, административните обврски, регистри, правна заштита и казнените одредби.

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите кој е објавен во Службен весник на Република Македонија број 105 од 21 август 2009 година, надлежноста за управување со акцизите се пренесува од Управата за јавни приходи во Царинската управа од 1 јануари 2010 година.
Изготвен е Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за спроведување на Законот за акцизите кој е објавен во Службен весник на Република Македонија број 122 од 7 октомври 2009 година, а се применува од 1 јануари 2010 година.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите, кој е објавен во Службен весник на Република Македонија број 34 од 11 март 2010 година, е пропишано пресметување на акцизата на патнички автомобили како процент од вредноста на возилата. Пропишаниот модел овозможува акцизата за употребувани возила да биде пониска од претходната која се пресметуваше по работна зафатнина на моторот и не зависеше од вредноста по која се набавени. Донесувањето на овој Закон е поради создавањето услови за регистрација на употребувани возила со странски регистарски таблици во Република Македонија на кои сопственици се македонски граѓани, а во насока на намалување на трошоците за нивна регистрација.

Законот за акцизите е делумно хармонизиран со новата Системска Директива на Европската Унија, како и нејзините придружни структурни директиви поодделно за секој вид добро кое подлежи на оданочување со акцизи, и тоа со:

- Диретива на Советот 2008/118/ЕЗ од 16 декември 2008 година во врска со општите аранжмани за акцизи и укинување на Директивата 92/12/ЕЕЗ,
- Директива 2003/96/ЕЗ на Советот од 27 октомври 2003 година за преструктурирање на рамката на Заедницата за оданочување енергетски производи и електрична енергија,
- Директивата на Советот 2010/12/EU на 16 февруари, 2010 на амандмани на директивите 92/79/EEC, 92/80/EEC и 95/59/EC за структурата и стапките на акциза примени на преработен тутун и Директивата 2008/118/EC,
- Регулатива (ЕЗ) бр. 684/2009 на Комисијата од 24 јули 2009 година за применување на Директивата 2008/118/ЕЗ на Советот за компјутеризираните постапки за движење на акцизни стоки под режим на одложено плаќање на акцизни давачки

Сегашните стапки за неколку акцизни производи сеуште се пониски од минималните барања на acquis. Со започнувањето на преговорите за влез во ЕУ, Република Македонија ќе има потреба од транзиционен период за примена на минималните стапки предвидени со ЕУ acquis, првенствено заради ублажување на ценовниот удар врз населението и адаптирање на домашните претпријатија на конкурентските услови на стопанисување во заедничкиот пазар на ЕУ.

Согласно Законот за акцизите надлежни институции за негова имплементација се Министерството за финансии и Царинската Управа.

*Краткорочни приоритети*

Во текот на 2011 година ќе продолжи континуирано проучување на деловите на директивите на ЕУ кои не се усогласени со системот на акцизите.

*Среднорочни приоритети*

Во периодот од 2012-2013 година ќе следи интензивен процес на усогласување со директивите на ЕУ, кои децидно се однесуваат на системот за акцизите. Ќе се изврши усогласување и вградување на одредбите од Директивата на Советот 2008/118/ЕЗ од 16 декември 2008 година во врска со општите аранжмани за акцизи и укинување на Директивата 92/12ЕЕЗ.

Истовремено, ќе се изврши усогласување и вградување на одредбите на Директивата за преструктуирање на рамката на Заедницата за оданочување на енергетски производи и електрична енергија (32003L0096), како и усогласување на стапките на акциза на тутунските добра и алкохолните пијалаци со минималното ниво на акцизите кое е пропишано со Директивите. Бидејќи вградувањето на одредбите од овие директиви ќе има значителни импликации врз малопродажните цени на енергетските производи и електричната енергија и на цигарите, РМ веројатно ќе има потреба од транзиционен период заради ублажување на ценовниот удар врз населението.

Новиот Закон за акцизите во кој ќе бидат вградени одредби од новата системска директива како и нејзините придружни структурни директиви поодделно за секој вид добро кое подлежи на оданочување со акцизи ќе се имплементираат со влезот на РМ во ЕУ.

### 3.16. 2 **ДИРЕКТНО ОДАНОЧУВАЊЕ**

#### ДАНОК НА ДОБИВКА

*Тековна состојба*
Законот за данокот на добивка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 80/93, 33/95, 43/95, 71/96, 5/97, 28/98, 11/01, 2/02, 44/02, 51/03, 120/05,139/06,160/07,159/08 и 85/10) го уредува начинот на оданочување на добивката што ја остваруваат правните лица, резиденти и нерезиденти на Република Македонија.

Со цел да се поттикне инвестиционата активност и економскиот развој на земјата, нераспределената добивка на компаниите е ослободена од оданочување со данокот на добивка. Имено, компаниите ќе имаат обврска да платат данок на износот на непризнаените расходи за даночни цели и на износот од добивката, но доколку одлучат да ја распределат истата за дивиденди и други распределби од добивката, во моментот на исплатата,освен за дивиденди кои се исплатуваат на правните лица- резиденти на Република Македонија.

Надлежни институции за имплементација на Законот за данокот на добивка се Министерството за финансии и Управата за јавни приходи.

*Краткорочни приоритети*

Во текот на 2011 година ќе продолжи континуираното проучување на директивите на ЕУ кои се однесуваат на системот за данокот на добивка, а ќе продолжи и имплементацијата на проектот "Поддршка на даночната реформа" финансиран од ЕУ преку ИПА 2007 програмата, кој претставува техничка помош во насока на правилно толкување на директивите на ЕУ, утврдување на отстапувањата на Законот за данокот на добивка во однос на европското законодавство како и ефикасно транспонирање на директивите во Законот.

*Среднорочни приоритети*

Во периодот од 2012-2013 година ќе продолжи процесот на усогласување на Законот за данокот на добивка со директивите на ЕУ. Предмет на хармонизација ќе бидат одредбите на директивите кои се однесуваат на: заедничкиот систем на оданочување во случај на спојување, поделба, трансфер на средства и размена на акции помеѓу компании од различни земји членки (31990L0434 - 32009L0133), заедничкиот систем на оданочување во случај на матични компании и подружници во различни земји членки (31990L0435), наплатата на давачка за придонеси на капитал во капиталните компании (31969L0335-32008L0007) и заедничкиот систем на оданочување во случај на исплати на камати и авторски права помеѓу поврзани претпријатија од различни земји членки (32003L0049).

#### ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК НА ДОХОД

*Тековна состојба*
Законот за персоналниот данок на доход ("Службен весник на Република Македонија" бр.80/93, 3/94, 70/94, 71/96, 28/97, 8/01, 50/01, 52/01, 2/02, 44/02, 96/04, 120/05, 52/06, 139/06, 160/07, 159/08 и 139/09) го уредува начинот на оданочување на доходот на физичките лица остварен во текот на годината како збир од следите видови приходи: лични примања, приходи од самостојна дејност, приходи од имот и имотни права, приходи од авторски права и права од индустриска сопственост, приходи од капитал, капитални добивки, добивки од игри на среќа и од други приходи. Освен приходите на кои се плаќа данок, со Законот е уредено и кои приходи се изземени од оданочување, кој е даночен обврзник, даночната основа, даночната стапка и начинот на пресметување и плаќање на персоналниот данок на доход.

Надлежни институции за имплементација на Законот за персоналниот данок на доход се Министерството за финансии и Управата за јавни приходи.

*Краткорочни приоритети*

Во текот на 2011 година ќе продолжи континуираното проучување на директивите на ЕУ кои се однесуваат на системот на персоналниот данок на доход, а ќе продолжи и имплементацијата на проектот "Поддршка на даночната реформа" финансиран од ЕУ преку ИПА 2007 програмата, кој претставува техничка помош во поглед на правилно толкување на директивите на ЕУ, утврдување на отстапувањата на Законот за персоналниот данок на доход во однос на европското законодавство и ефикасно транспонирање на директивите во Законот.

*Среднорочни приоритети*

Во периодот 2012-2013 година ќе продолжи процесот на усогласување на Законот за персоналниот данок на доход со директивите и препораките на ЕУ. Во законската регулатива ќе бидат вградени директивите и препораките од оваа област и тоа: директивата за заедничкиот систем на оданочување кој се применува на интеграции, поделби,делумни поделби, префрлување на средства и размена на акции кои се однесуваат на компании на различни земји -членки (31990L0434-32009L0133), во делот кој се однесува на оданочувањето на акционерите односно кој го третира подрачјето на доходот на физичките лица, како и на Препораката за оданочување на одделни ставки на доходот што го добиваат нерезиденти во друга земја-членка (94/79 ЕС) и Препораката за оданочување на мали и средни претпријатија, чии одредби се однесуваат на физичките лица -вршители на самостојна дејност кои се обврзници на персоналниот данок на доход (94/390 ЕС) .

Од особена важност за овој закон ќе биде неговото усогласување со директивата (32003L0048) која се однесува на оданочувањето на доходот во форма на каматни исплати. Основна намена на оваа директива е потврдување дека доходот од заштедите во облик на плаќања на камати, кои се исплатени во државата членка на физичко лице кое е резидент на друга држава членка, да биде успешно оданочен во согласност со законодавството на последната држава, односно на државата во која физичкото лице е резидент. Со оглед на наведената намена, за повеќе држави членки е одреден механизам на автоматска размена на информации за исплатените камати на физичките лица. За таа цел, а во согласност со Директивата за заедничката помош од органите во земјите членки надлежни за директните даноци, одредени видови акцизни давачки и оданочувањето на премиите за осигурување, Република Македонија по усогласувањето на домашното со ЕУ директивите, треба да ги примени условите за автоматска размена на информации во делот на каматните исплати и другите приходи на физичките лица кои се предмет на оданочување согласно персоналниот данок на доход.

### 3.16.3 **АДМИНИСТРАТИВНА СОРАБОТКА И МЕЃУСЕБНА ПОМОШ**

*Тековна состојба*

Хармонизацијата на законодавството по однос на взаемната помош кај директното оданочување (31977L0799, изменета со директивата број 1070/ЕЕЦ од 06.12.1979), се применува преку Договорите за одбегнување на двојното оданочување склучени помеѓу Република Македонија и земјите членки на ЕУ.

Република Македонија има склучено вкупно 37 Договори за одбегнување на двојното оданочување, и тоа со: Албанија, Австрија, Белорусија, Бугарија, Данска, Египет, Естонија, Иран, Ирска, Италија, Катар, Латвија, Литванија, Молдова, Мароко, Народна Република Кина, Обединето Кралство на Велика Бријатнија и Република Ирска, Полска, Република Кина, Романија, Русија, Словачка, Словенија, СР Германија, СР Југославија, Турција, Украина, Унгарија, Финска, Франција, Холандија, Хрватска, Чешка Република, Швајцарија, Шведска и Шпанија а се применуваат уште 2 договори кои ги има преземено од СФРЈ и тоа со СР Германија и Белгија (ќе се применуваат до датата на примена на договорите кои Република Македонија ги има склучено со овие земји). Од вкупниот број на 37 договори, 23 се со земјите членки на ЕУ.

Регулативата 32003R1798, како еден од најбитните документи од областа на размената на информации и взаемна соработка на државите членки, директно ќе се применува од датумот на пристапување на Република Македонија во ЕУ, со оглед на тоа што е правен пропис кој директно ја обврзува земјата членка на примена на истата и нема потреба од нејзино претходно инкорпорирање во македонското законодавство.

Договорите за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија кои Република Македонија ги има склучено со други земји вклучувајќи ги и земјите членки на ЕУ, претставуваат правна рамка и основа за унапредување економската соработка помеѓу државите договорнички како во доменот на размената на стоки и услуги така и во доменот на заедничките вложувања.
Како основа за водење на преговорите при склучувањето на овие договори се користи ОЕЦД моделот.

Размената на информации со земјите со кои е склучен меѓународен договор за одбегнување на двојното оданочување се врши врз основа на договорот.
Размената на информации со земји со кои не е склучен меѓународен договор за обегнување на двојното оданочување се врши преку органот на државната управа надлежен за надворешни работи (Министерството за надворешни работи).

Управата за јавни приходи е орган на државната управа во состав на Министерството за финансии со својство на правно лице. Работите од својот делокруг ги извршува преку Генерална дирекција, регионални дирекции (пет регионални дирекции и една Дирекција за големи даночни обврзници), даночни одделенија (8) и даночни шалтери (72) со вкупно 1.254 вработени
Како земја кандидат за членство во ЕУ, Република Македонија преку Управата за јавни приходи врши размена на информации со соодветните органи на државите договорнички, со што придонесува за развој на системот на взаемна размена на информации согласно Регулативата 32003R1798.

*Краткорочни приоритети*

Краткорочни приоритети се забрзување на процесот на потпишување и ратификација на Договорите за одбегнување на двојното оданочување со Белгија, Луксембург, БиХ и Кувајт, како и склучување на Договори за одбегнување на двојното оданочување со останатите земји членки на ЕУ и тоа со Португалија, Грција, Кипар и Малта.

Приоритети на Управата за јавни приходи на краток рок во однос на размената на податоци согласно член 26 од ОЕЦД моделот на даночна конвенција за данок на доход и данок на капитал се:

- ажурирање и комплетирање на регистарот на овластени лица за размена на информации со овластените лица од сите земји со кои е склучен меѓународен договор за одбегнување на двојното оданочување и
- воспоставување на непосреден контакт со овластени лица од други држави за размена на искуство во примена на договорите за одбегнување на двојно оданочување

*Среднорочни приоритети*

Како приоритет на среден рок претставува продолжувањето на водење на преговори со цел склучување на Договори за одбегнување на двојното оданочување со земји членки на ЕУ како и други воневропски држави.

Среднорочни приоритети на Управата за јавни приходи се воспоставување на електронска и спонтана размена на податоци со земјите членки на ЕУ и со други земји.

## 3.16.4 **ОПЕРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ И КОМПЈУТЕРИЗАЦИЈА**

*Тековна состојба*

Управата за јавни приходи во насока на подобрување на услугите на даночните обврзници, зголемување на ефикасноста на контролата и зголемување на приходите по основ на сите јавни давачки, активно работи на операционализација на Стратешките цели, дефинирани во Стратешкиот план за период 2011 – 2013 година.

Стратешкиот план на Управата за јавни приходи е усогласен и произлегува од:

- Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија во 2011 год ("Службен весник на РМ" бр.58/2010)
- Имплементација на препораките од Поткомитетот за трговија. индустрија, царина и оданочување
- Имплементација на Партнерството за пристапување на РМ.
- Проектот за техничка помош во спроведувањето на модернизацијата на УЈП за период 2010 – 2011 година, спроведуван со Одделот за фискални работи на ММФ

Со имплементација на стратешките цели се зајакнуваат административните капацитети на УЈП и се прошируваат функциите и надлежностите на овој орган, со што се обезбедува зголемено ниво на даночните приходи во Буџетот на РМ, подобрување на услугите кон даночните обврзници, развој на човечките ресурси и зајакнување на меѓународната соработка со органите и институциите од членките на ЕУ и земјите надвор од неа.

Проширувањето на функциите и надлежностите на УЈП се остварува преку воведување на интегриран систем на наплата на социјалните придонеси и даноците и наплата на државните побарувања по основ на парични казни, глоби и трошоци во

корист на РМ. Со ваквиот начин на работа се зголеми ефикасноста и ефективноста во наплатата на приходите и истовремено се олеснети и поедноставени процедурите и обврските на даночните обврзници пред органите на државната управа.

Дизајнот на политиките на Управата за јавни приходи води кон централизација на надлежностите, а истовремено воведува високо децентрализирање на услугите на даночните обврзници. Оваа определба ја олеснува комуникацијата, даночен службеник-даночен обврзник, преку отварање на нови организациони ентитети кои се лесно достапни  и целосно одговараат на потребите за давање на квалитетни и брзи услуги на даночни обврзници. Отварањето на  Контакт центарот овозможува централизирано имплементирање на податоците со кои располага базата на знаење на УЈП и директно применување на сите видови и начини на комуникација (контакт преку е-маил, пошта, телефон, итн.). Во 2011год. ќе се операционализира третата фаза од Проектот е-услуги за физички лица, и со тоа ќе се овозможи целосна електронска комуникација на сите даночни обврзници со Управата за јавни приходи.

Надворешната контрола на даночната администрација во РМ ја зголеми својата ефикасност и ефективност со примена на ново дефинираните критериуми за ризик, како и операционализација на методологиите за контрола по видови на даноци. Активната обука на даночните инспектори за примена на овие нови ИТ алатки ја олеснуваат имплементацијата на законските процедури за спроведување на надворешната контрола и овозможуваат следење на мерките за учинок кај секој инспектор поодделно.

Позитивните искуства во функцијата на надворешна контрола беа презентирани на повеќе меѓународни форуми, конференции и работилници каде се оценети како високо професионални и модернизирани начини на контрола.

Воведувањето на системот за Централизирана обработка на податоци доведе до унифицирање на процесуирањето на даночните пријави. Крајната цел на овој Проект е македонската даночна администрација да ги генерира сите видови на даночни пријави кои ќе бидат верификувани или дополнувани од страна на даночните обврзници.

Во делот од Годишните даночни пријави со упарување на податоците од трети страни се зголеми наплатата на даноците и едукативно се влијаеше во насока на доброволно плаќање на обврските.
Превземените мерки од страна на УЈП за менаџирање со стариот долг, на краток рок резултираа со зголемена наплата по основ на сите видови на даноци.
Со цел зголемување_на наплатата на заостанатите даночни долгови се отвори Центар за впаричување на долг на национално ниво, со кој се подобри наплатата на приходите од добра кои се запленети во процесот на присилна наплата.

2010 година, меѓудругото, ја одбележа и развојот на системот за аналитичко информирање за состојбите од работењето на функциите на УЈП - анализи, менаџерски извештаи, периодични извештаи и редефинирање на стандардите за мерење на учинок. Евиденциите и статистиките со кои располага Управата за јавни приходи, преку новиот начин на планирање на активностите, индиректно дадоа силна поддршка на сите функции во оваа институција.

Во ниту еден момент не е заборавена основната цел на УЈП која води до модернизирање на даночната администрација, а тоа е да биде сервис на даночните обврзници.

Правната рамка која го одредува административниот капацитет на Управата за јавни приходи во поглед на делокругот, организацијата, начинот на вршење на работата и раководењето, како и овластувањата и одговорностите при собирањето, евидентирањето, обработката и заштитата на податоците во врска со работите на Управата за јавни приходи претставува Законот за Управата за јавни приходи.
Со Законот за Даночна постапка се создаваат единствени основи за општото даночно право и даночната управна постапка. Со него на единствен начин се регулира: општото даночно право, постапката на утврдување на данокот, постапката на контрола, постапката на наплата на јавните приходи, правата и обврските на даночните обврзници и даночната казнена постапка и постапката за паричните казни. За примена на овој закон донесени се повеќе подзаконски акти и оперативни инструкции за работа на функциите.
Со оваа правна рамка се обезбедува засилување на административниот капацитет за спроведување на законодавството и борба против одбегнување на плаќање на даноците со преземање на краткорочни и среднорочни мерки.

Управата за јавни приходи е орган на државната управа во состав на Министерството за финансии со својство на правно лице. Работите од својот делокруг ги извршува преку Генерална дирекција, регионални дирекции (5 регионални дирекции и една Дирекција за големи даночни обврзници) и даночни одделенија (8) даночни одделенија 72 и  со вкупно 1.303 вработени (состојба на 07.12.2010)

*Краткорочни приоритети*

Управата за јавни приходи во рамките на своите надлежности и овластувања ќе се фокусира на зајакнување на административните капацитети и подигнување на квалитативните стандарди на работењето, потпомогнато со систематска и современа едукација на вработените, со што УЈП ќе претставува модел за високо професионална организација во јавниот сектор. Оваа заложба ќе се постигне со исполнување на следните краткорочни приоритети:

- Унапредување на ИТ системот за деловните процеси во УЈП
- Воспоставување на интерконекција со трети страни за ефикасна и ефективна размена на податоци.
- Развој и целосна операционализација на Канцеларија за комуникации и односи со јавноста
- Обезбедување на сите технички предуслови за администрирање на систем на извршување на државните побарувања по основ на парични казни, глоби и трошоци во корист на РМ
- Јакнење на капацитетот на надворешната контрола и развој на нови методи за борба против корупцијата и сивата економија.
- Модернизирање на националениот Центар за вparичување на долг.
- Имплементирање на Програмата за развој на Контакт центар.
- Регионална даночна академија
- Стратегијата за човечки ресурси и акти за мотивација на вработените.

*Среднорочни приоритети*

Управата за јавни приходи во рамките на своите надлежности и овластувања, ќе се фокусира на зајакнување на административните капацитети, како и надградување на ИТ системот, со цел зголемување на наплатата на приходите. Оваа заложба ќе се постигне со исполнување на следните среднорочни приоритети:

- Воведување на интегриран информатички систем кој ќе биде зајакнат со силни безбедносни критериуми
- Остварување на размена на податоци на УЈП со даночните администрации од државите членки на ЕУ
- Развој на комуникациските капацитети и усовршување на Интранет,
- Успешно администрирање на систем на извршување на државните побарувања по основ на парични казни, глоби и трошоци во корист на РМ
- Воспоставување на електронска и спонтана размена на податоци со други земји со цел одбегнување на двојното оданочување или неоданочувањето.
- Се работи на создавање на хардверска и софтверска основа за размена на податоците за даночни измами, што ќе доведе до намалување на финансискиот криминал и даночните измами.
- Се работи на формирање на Канцеларија за врски за размена на податоци од областа на ДДВ во рамките на ЕУ и создавање на соодветна хардверска и софтверска база за VIES со кој ќе се овозможи основа за унифицираната конекција за размена на податоци за ДДВ во рамките на ЕУ.

**Странска поддршка**

- ММФ – гранд од Холандска Амбасада - техничка поддршка за имплементација на програма за модернизација на УЈП
- ГТЗ – легислатива, подзаконски акти на Закон за даночни постапки,
- УНДП – Проект “e - accounting“
- ИПА - Проекти

## 3.17 **ЕКОНОМСКА И МОНЕТАРНА УНИЈА**

### 3.17.1 **МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА**

*Тековна состојба*
Со новиот Закон за Народна банка на Република Македонија кој Собранието на Република Македонија на 06.12.2010 година („Службен весник на Република Македонија“ број 158/2010), се врши (целосно усогласување) прилагодување со Протоколот за Статутот на Европскиот систем на централни банки и Европската централна банка од 1992 година.

***Инструменти на монетарна политика и политика на девизен курс***
Поволните трендови на девизниот пазар и растот на девизните резерви во 2010 година создадоа простор за релаксирање на монетарната политика. Во такви околности, Народната банка во 2010 година постепено ја намалуваше каматната стапка на основниот инструмент за монетарно регулирање - благајничките записи. Каматната стапка на благајничките записи на крајот на ноември 2010 година изнесуваше 4,5% и споредено со нивото на крајот на 2009 година (8,5%) беше пониска за 4 п.п. Паралелно со намалувањето на основната каматна стапка се намали и каматната стапка на кредитите преку ноќ (ломбардните кредити), од 10,0% на 6,0%. Намалувањето на основната каматна стапка имаше влијание и врз движењата на меѓубанкарскиот пазар на депозити, резултирајќи со намалување на референтната каматна стапка - МКДОНИА (MKDONIA) за околу 3,7 п.п.

Во насока на натамошен развој на девизниот пазар, Народната банка во 2010 година донесе Одлука за начинот на формирање и објавување на курсевите на Народната банка на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 13/10), со што започна да ја применува новата методологија за утврдување на средниот курс на денарот, согласно промените кај понудата и побарувачката за девизи во текот на денот.

Во рамки на активностите за усогласување на регулативата за пресметување на казнена камата за задоцнето плаќање во РМ со Директивата на ЕУ за спречување на задоцнето плаќање 2000/35/ЕС, Народната банка во 2010 година ја укина есконтната стапка, која претставуваше основа за пресметување на законската казнена камата во Република Македонија (Одлука за измена на Одлуката за референтната каматна стапка за пресметување на стапката на казнената камата, "Службен весник на Република Македонија" бр. 13/10). Почнувајќи од февруари 2010 година, основа за пресметување на казнената камата во РМ е каматната стапка на благајничките записи, која Народната банка ја објавува на официјалната интернет страна два пати годишно, во јануари и во јули.

Со цел подобрување на квалитетот на проекциите на ликвидноста на банкарскиот систем и поефикасна оцена за насоката и обемот на интервенции преку инструментите на монетарната политика, Народната банка во 2010 година активно го применуваше воспоставениот модел за проектирање на готовите пари во оптек, како комплементарен метод на искуствениот пристап.

Во насока на натамошен развој на финансиските пазари во 2010 година беше извршена надградба на електронската платформа за меѓубанкарско тргување со депозити и хартии од вредност, со можност за склучување на репо трансакции. Дополнително, Народната банка подготви и Правила за изменување на Правилата за начинот и постапката за тргување и порамнување на трансакции со хартии од вредност на пазарите преку шалтер, со што се проширува опфатот на хартиите од вредност за склучување репо-трансакции. Со овие измени, покрај придобивките за меѓубанкарскиот пазар, ќе се овозможи и зголемување на портфолиото на хартии од вредност за спроведување монетарни интервенции.

Во функција на натамошно зголемување на транспарентноста во поглед на ликвидносната состојба на банкарскиот систем, Народната банка од почетокот на април 2010 година започна со дневно објавување на податоците за ликвидноста на банките на официјалната интернет страница. Податоците претставуваат синтетички приказ на состојбата и промените на ликвидноста на банките, и на ликвидносниот ефект на најзначајните автономни фактори (готовите пари во оптек, депозитите на државата и девизните трансакции на Народната банка) и интервенциите на Народната банка преку инструментите за монетарно регулирање.

***Статистика***
Народна банка на Република Македонија во март 2010 година ги објави податоците за временската серија на девизните резерви изготвени согласно прирачникот и препораките на ММФ (Data Template on International Reserves / Foreign Currency Liquidity). На интернет страната на НБРМ објавени се месечни податоци почнувајќи од јануари 2005 година, заедно со методолошките појаснувања, со истовремено воспоставување на процедура за редовно месечно изготвување и објавување на овие податоци.

Во рамки на подготовката за редовна трансмисија на податоците од платно-билансната статистика до ЕУРОСТАТ, во текот на 2010 година, извршена е анализа на барањата на ЕУРОСТАТ наведени во Balance of Payments Vademecum, како и на техничките можности на НБРМ за трансмисија на овие податоци. Во реализацијата на овие активности беа опфатени и обука на кадри и размена на билатерални искуства преку експертска мисија од Чешката Народна Банка.
Во рамки на активностите за воспоставување на статистиката на инвестициските и приватните пензиски фондови, анализирани се искуствата и применетите методологии на неколку земји членки на ЕУ. Во соработка со домашните инвестициски и приватни пензиски фондови изготвен е предлог на месечен прашалник кој овие финансиски институции ќе треба да го доставуваат до НБРМ.

Во насока на намалување на товарот врз известувачите за кредитните работи со нерезиденти, во ноември 2010 година воведени се нови поедноставени извештајни форми за овој тип на трансакции со нерезиденти. Воведен е збирен квартален извештај за побарувања/обврски настанати по основ на преземање обврски/откуп на побарувања со нерезиденти. Кај поединечното известување за кредитни работи со нерезиденти имплементиран е нов апликативен софтвер за пресметка на состојбите и тековите по инструментот заеми, како предуслов за поедноставено известување до НБРМ за овие работи со нерезиденти.

Согласно член 60 од Уставот на Република Македонија, Народна банка е утврдена како емисиона банка која е самостојна и одговорна за стабилноста на валутата, за монетарната политика и за општата ликвидност за плаќањата во Републиката и кон странство. Согласно Уставот, организацијата и работата на НБРМ се уредуваат со закон.

Во согласност со Законот за организација и работа на органите на државна управа („Службен весник на РМ" бр.58/00, 44/00) надлежна институција за подготовка на Законот за Народна банка е Министерство за финансии, предлагач е Владата, а Народна банка е надлежна институција за имплементација на законот, како и носител и надлежна институција на подзаконските прописи. Законот е во собраниска процедура и се очекува негово донесување во најкус рок.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

***Инструменти на монетарна политика и политика на девизен курс***
Во 2011 година Народната банка ќе продолжи со примената на пазарно-ориентирани монетарни инструменти заради остварување на ефикасна имплементација на монетарната политика. Притоа, во фокусот на активностите ќе биде натамошното подобрување на процесот на управување со ликвидноста во банкарскиот систем, при што воспоставениот систем за проектирање на ликвидноста се планира да се збогати со модел за утврдување на износот на интервенции преку основниот инструмент за монетарно регулирање.

Во насока на натамошен развој на меѓубанкарскиот пазар на депозити, а заради подобрување на основата за согледување на очекувањата за пазарните учесници на подолг рок, Народната банка ќе иницира продолжување на рочностите на котираните каматни стапки СКИБОР.

Во функција на натамошно поддржување на развојот на меѓубанкарскиот девизен пазар, Народната банка ќе ја разгледа можноста за воведување на стандардизиран договор за девизен своп.

***Статистика***
На полето на статистиката до крајот на 2011 година ќе се реализираат следните активности:

- Изработка на апликативен софтвер за редовно изготвување и објавување со месечна динамика на извештаите за девизните резерви во согласност со прирачникот и препораките на ММФ (Data Template on International Reserves / Foreign Currency Liquidity) на интернет страната на НБРМ;
- Подготвителен процес за редовна трансмисија на податоци за платно-билансните статистики до ЕУРОСТАТ;
- Воспоставување на статистика на инвестициски и приватни пензиски фондови;
- Прилагодување на екстерните статистики кон новите меѓународни стандарди кои ќе отпочнат да се применуваат од 2014 година;
- Спроведување на ново анкетно истражување за подобра проценка на приватните трансфериво платниот биланс;
- Развој на статистика на финансиски сметки.

**Финансиско сметководство**
Во доменот на финансиско сметководство со цел воведување на интегриран сметководствен систем се изработи Проект за набавка на софтвер за интегриран сметководствен систем. Во тек е објавување на тендер, по втор пат, за набавка на софтвер за интегриран сметководствен систем. Изборот на добавувач би требало да се изврши до крајот на февруари 2011 година. Во вториот квартал од 2011 година е планирано да се изработи blueprint за имплементација на сметководствениот софтвер со избраниот понудувач.

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

***Усогласување со регулаторната и оперативната рамка на ЕСЦБ и на ЕЦБ***
Јакнењето на институционалниот капацитет на НБРМ, во смисла на овозможување на повисок степен на усогласеност со регулаторната и оперативната рамка на ЕСЦБ и на ЕЦБ претставува среднорочен приоритет, при што, еден сегмент од неговата реализација ќе биде поддржан со Проектот "Needs Assesment Project for the NBRM in the Process of ECB and ESCB accession", финансиран во рамки на првата компонента на ИПА. Целта на овој проект е да даде оцена на јазовите во регулаторната и оперативната рамка на работењето на НБРМ во однос на работењето на ЕСЦБ и ЕЦБ, со што ќе се идентификуваат приоритетните области каде е потребно усогласување. Проектот ќе резултира со изготвување на синтетички извештај во кој ќе се презентираат рамка за активности и временска рамка за усогласување, како и потребните финансиски средства и човечки ресурси за реализација на активностите. На ваков начин ќе се овозможи систематизирање на сите аспекти на процесот на регулативно и оперативно усогласување на работењето на НБРМ согласно фазите на ЕУ интеграцијата, а воедно ќе се воспостават и формални врски со институциите - партнери на НБРМ во процесот на интеграција.

Почетокот на имплементацијата е планиран за јануари на 2011 година, веднаш по потпишувањето на финансиската спогодба за децентрализирано имплементирање на проектите од првата компонента во рамките на ИПА 2009 година. Во текот на првата половина на 2011 година се очекува да завршат потребните технички подготовки за проектот, а во текот на втората половина на годината се планира почеток на самиот проект.

***Инструменти на монетарна политика и политика на девизен курс***
На среден рок Народната банка ќе продолжи да го прилагодува монетарниот инструментариум согласно поставеноста и трендовите во евро-зоната, понапредните транзициски економии и економиите кои спроведуваат слична монетарна стратегија. Во таа насока, се планира континуирано прилагодување на подзаконската регулатива на Народната банка кон директивите на Европската Унија, подобрување на институционалниот и стручниот капацитет на Народната банка, како и натамошна надградба на инфраструктурата за спроведување на монетарните операции.

***Статистика***
Со цел понатамошно прилагодување на статистиката (делот кој е во домен на НБРМ) кон барањата на ЕЦБ, во наредниот период НБРМ континуирано ќе врши прилагодувања.

- Народната банка на Република Македонија ќе работи на обезбедување на соодветно ниво на дезагрегираност по земји, по валути и по сектори, соодветна поделба на финансиските инструменти, како и на понатамошно унапредување на квалитетот на податоците, применетата методологија и изворите на податоци;
- Подготвителен процес за редовна трансмисија на податоци за платно-билансните статистики до ЕУРОСТАТ;
- Прилагодување на екстерните статистики кон новите меѓународни стандарди кои ќе отпочнат да се применуваат од 2014 година;
- Унапредувања на методологијата за проценка на приватните трансфери во платниот биланс преку вклучување на добиените резултати од спроведеното анкетно истражување;
- Развој на статистика на финансиски сметки.

***Финансискосметководство***
За примена на сметководствените политики од ЕЦБ е неопходно сметководствениот систем на НБРМ да биде што поинтегриран. Веќе е планирано воведување на интегриран сметководствен систем, за кој е во тек постапка за објавување на тендер.

Согледувајќи ја потребата дека НБРМ како членка на ЕСЦБ и ЕЦБ ќе известува и според Guideline of European Central Bank of 10 November 2006 on the Legal Framework for Accounting, во вториот квартал од 2011 година ќе се започне со анализа за разликите кои произлегуваат од примената на ИФРС стандардите и стандардите на ЕЦБ за сметководствено известување. Воедно ќе се подготви и План и динамика на активности за усогласување на евидентирањето и

подготвувањето на финансиските извештаи на НБРМ во согласност со политиките на Европската Централна Банка. Идентификуваните разлики би биле: правила за признавање на реализирани и нереализирани приходи, измени на дел од правилата на вреднување на билансните позиции, промени во начинот на финансиско известување и други промени. За реализација на овој Проект е потребна техничка помош од некоја од централните банки или од ЕЦБ.

Во насока на започнување на активностите за изработка на документ за усогласување на сметководствените политики на НБРМ со политиките на ЕЦБ, побарано е и одобрено користење на средства од TAIEX. Помошта треба да се реализира како експертска мисија во април 2011.

### 3.17.2 **ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА**

*Тековна состојба*

**Јавен долг**

Законската регулатива која го регулира задолжувањето на јавниот сектор во Република Македонија е следна:

- Законот за јавен долг и Правилникот за начинот и постапката за издавање и исплата на државни хартии од вредност како негов подзаконски акт;
- Упатство за начинот и постапката за задолжување на општините, јавните претпријатија и трговските друштва во целосна или доминантна сопственост на државата, општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје.
- Законот за буџети;
- Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и
- Стратегијата за управување со јавен долг.

Во јуни 2010 година беше донесена Стратегијата за управување со јавниот долг за периодот 2010-2012 година, со која се постави рамката за управувањето со јавниот долг.

Во текот на 2010 година, беше одлучено Уредбата за начинот и постапка на задолжување на општините, јавните претпријатија и трговските друштва во целосна или доминантна сопственост на државата, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје да се инкорпорира во новиот закон за јавен долг.

Основни цели во управување со јавниот долг согласно Законот за јавен долг се:

- Стабилно финансирање на потребите на државата со минимални трошоци, на среден и долг рок, како и со прифатливо ниво на ризик и
- Развој и одржување на ефикасен домашен финансиски пазар.

Задолжување во јавниот сектор може да биде во форма на заем од домашни или странски кредитори или во форма на државни хартии од вредност издадени на домашен или странски пазар.

Согласно Законот за јавен долг носители на јавниот долг се: Владата на Република Македонија, општините и градот Скопје, јавните претпријатија и трговските друштва кои се во целосна или доминантна сопственост на државата, како и Народна Банка на Република Македонија. При надворешното и домашното задолжување и при издавање на државни гаранции за надворешно и домашно задолжување согласно Законот за јавен долг потребно е добивање на позитивно мислење од Министерството за финансии, а потоа и согласност од Владата на Република Македонија. Понатаму, доколку се работи за надворешно задолжување и издавање на државна гаранција при надворешно задолжување потребно е усвојување на закон за задолжување/издавање на државна гаранција од страна на Парламентот на Република Македонија.

**Макроекономска политика**

За посеопфатна и поквалитетна анализа на макроекономските индикатори, изготвување на нивни проекции, поквалитетна подготовка на стратешките документи (Претпристапна економска програма, Макроекономска политика, Национален развоен план), неопходно е понатамошно институционално јакнење.

Во текот на 2010 година беа реализирани активности во насока на унапредување на економското планирање и дизајнирање на економските политики. Имено, во рамки на инструментот за техничка помош и размена на информации, преку релевантни експертски посети беа реализирани: обука за квантитативни проценки за макроекономски и фискални прашања, преку која беа пренесени искуствата на Романија во соодветната област и обука за економските политики на

ЕУ. Исто така, капацитетите на Секторот за макроекономска политика за поквалитетни макроекономски анализи и проекции на макроекономските варијабли беа зајакнати и со соодветни обуки на дел од вработените.

**Јавен долг**
Министерството за финансии има склучено договор за фискален агент со Народна Банка на Република Македонија за спроведување на аукциите на државните хартии од вредност, договори за овластени директни учесници на пазарот на државни хартии од вредност со комерцијалните банки и договор со Централниот депозитар на хартии од вредност за запишување, водење и доставување на податоци за имателите на државните хартии од вредност.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**
Рамката која ја одредува политиката на задолжување во Република Македонија е Стратегијата за управување со јавен долг која се однесува на период од следните 3 години. Во меѓувреме, со започнатите измени и дополнувања на Законот за јавен долг, а во интерес на конзистентност на сите документи кои ги подготвува Министерството за финансии, Стратегијата за управување со јавен долг ќе биде дел од фискалната стратегија во која ќе се разработува политиката на управување со јавен долг.

Во првиот квартал 2011 година, се планира измена на Законот за јавен долг во делот на прекршочните одредби, при што се предвидува намалување на износот на глобите согласно мерките за унапредување на казнената политика на Република Македонија усвоена од Владата на Република Македонија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Макроекономска политика**
Во текот на следната 2011 година, се очекува и одржување на кратка експертска мисија, која ќе помогне за јакнење на административните капацитети за подготовка на поквалитетна Претпристапна економска програма (ПЕП).

**Јавен долг**
Секторот за управување со јавен долг заклучно октомври 2010 година брои 10 вработени лица. Согласно потребата од проширување на активностите во следните години, потребни се административни зајакнувања во текот на 2011 и 2012 година, во сите одделенија во рамки на секторот. Исто така, потребно е и дополнување на испразнетото место на раководител и помошник раководител на Секторот за управување со јавен долг.

Исто така, се очекува имплементација на набавената софтверска апликација во која ќе се креира интегрирана база на податоци на целокупниот јавен долг на државата. Имплементацијата на софтверска апликација со која ќе се креира интегрирана база на податоци на целокупниот јавен долг ќе овозможи подобрување на функциите на управувањето со јавниот долг. Имено, имплементацијата на софтверот ќе овозможи централизирање на податоците за долгот, поддршка во процесот на донесување одлуки, подобрување на квалитетот и брзината на извршување на работните активности, различни сценарија и проекции за движењата на јавниот долг и др.

*Среднорочни приоритети*

**Макроекономска политика**
На среден рок, преку Проектот "Зајакнување на капацитетот на Секторот за макроекономска политика за макроекономски анализи и формулирање на политики со цел подобрување на креирањето на политиките и остварување на критериумите за влез во ЕУ", се очекува значително да се зголеми капацитетот на Секторот за макроекономска политика за подготовка на макроекономски анализи, проектирање на макроекономските варијабли, оценка на ефектот од планираните владини политики и мерки, како и за проектирање на буџетските приходи.

**Јавен долг**
Поради испразнетост на одредени позиции во рамки на Секторот за управување со јавен долг, потребно е пополнување на истите. По зајакнувањето на административниот капацитет на одделенијата, Секторот ќе биде целосно кадровски екипиран.

## 3.18 **СТАТИСТИКА**

### 3.18.1 **СТАТИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА**

*Тековна состојба*

Законот за Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2011 е усвоен од страна на Собранието на Република Македонија и објавен во Службен весник на Република Македонија бр. 156/2010. Врз основа на овој закон Пописот на населението и домувањето во Република Македонија, 2011 ќе се спроведе во периодот од 1-15 април 2011 година. Пред тоа, во согласност со оперативната динамика за подготовка, организирање и спроведување на Пописот ќе се реализираат сите техничко-организациони работи за негово спроведување (изборот на учесниците за спроведување на пописот, обука на попишувачи, печатење на пописни инструменти). Непосредно по завршување на Пописот, во периодот од 16 до 22 април 2010 година ќе се спроведе Пост-пописно истражување за оценување на квалитетот на извршениот Попис.

*Краткорочни приоритети*
Усогласување на Законот за државната статистика со регулативата на ЕУ во однос на користење микроподатоци: Закон за изменување и дополнување на Законот за државната статистика.

### **АДМИНИСТРАТИВНИ КАПАЦИТЕТИ НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА**

*Тековна состојба*
Во 2010 година, во Државниот завод за статистика (ДЗС) беа вработени 2 лица, од кои едно по НПАА, а друго по основ на трансформација на работен однос од определено на неопределено време. Вкупниот број на вработени во ДЗС, на почетокот на декември 2010, изнесува 274 лица, од кои 86 се вработени во регионалните одделенија.

Буџетот на ДЗС во 2010 година беше намален за 22,2% во однос на 2009 година.

Донесен е Стратешкиот план на ДЗС за периодот 2011-2013.

Во согласност со планот за обука за 2010, ДЗС и во 2010 година продолжи со практиката за организирање на предавања, реализирани од страна на своите вработени. Предавањата се однесуваа на сезонски АРИМА процеси, ОУТЛИЕРС, подготовка на извештај за квалитет, методологија за стратешко планирање и подготовка на Годишна програма за работа на Владата, законски основи на државната статистика, користење на грантови од ИПА 2009 Повеќекорисничката програма за статистичка соработка, правни основи на статистичката доверливост, напредни методи за примерочни истражувања, временски серии, паритет на куповна моќ и пресметка на БДП на тримесечно ниво. Во просек, на предавањата учествуваа по 20 лица.

Во Државниот завод за статистика во тек се следниве проекти:
- Националната програма ИПА 2007 - Поддршка на Државниот завод за статистика во имплементацијата на Acquis, кој опфаќа развој на квалитетен систем за сите процеси на производство на статистики, проект за метаподатоци и доверливост на податоците, подобрување на националните сметки и другите економски статистики, понатамошно хармонизирање на деловните статистики, воспоставување на рутини за одржување на деловниот регистар и имплементирање на НАЦЕ Рев.2, воспоставување на нови истражувања во транспортните статистики, подобрување на социјалните статистики вклучувајќи воведување на истражување ЕУ-СИЛК, ИТ набавки.
- Грант на ЕК за спроведување на Анкета за мислење на потрошувачите 2010
- Грант на ЕК за Сателитски сметки на здруженија – единици од интерес
- Грант на Еуростат за спроведување на Анкета за работна сила 2011 ад хок модул за усогласеност меѓу работата и семејниот живот
- Грант на Еуростат за спроведување на Анкета за работна сила 2011 ад хок модул за вработување на инвалидизирани лица
- ИПА 2008 Повеќекорисничка програма за статистичка соработка која опфаќа 11 пилот проекти: статистика на надворешна трговија, паритет на куповна моќ, хармонизиран индекс на трошоци на живот, подготовка на Пописи на население 2011, статистика на слободни работни места, национални сметки, подготовка на економски сметки за земјоделството, трансмисија на резултати од Пописот на земјоделство или структурното истражување на фарми до Еуростат, структурни деловни статистики, Продком и деловни регистри

- Македонско-шведско партнерство во статистика 2009-2011, кој опфаќа техничка помош во развојот на земјоделските структурни статистики, регистар на фарми, цени на земјоделските статистики и економски сметки во земјоделството, статистика на приватни шуми, статистика на животната средина, PC Axis, метаподатоци и набавка на ИТ опрема.

Покрај тековните проекти, во ДЗС се планирани и следниве проекти:
- Национална програма ИПА 2009 која опфаќа приближување со законодавството на ЕУ во националните сметки, деловните статистики, анкета за органско производство, статистика на животната средина, социјални статистики, квалитет на статистиките, развој на систем за онлајн прибирање на податоци како и набавка на опрема за централизиран бекап и архивирање, развој на ГИС алатки и пилот истражувања
- ИПА 2009 Повеќекорисничка програма за статистичка соработка која предвидува користење на директни грантови
- Грант на ЕК за спроведување на Анкета за мислење на потрошувачите 2011

*Краткорочни приоритети*
- Зајакнување на административните капацитети на ДЗС: Ангажирање на потребната работна сила за поддршка на ДЗС во имплементацијата на европското законодавство (продолжува и во среднорочни приоритети)

- Намалување на товарот на извештајните единици: Реализирање на активностите од акциониот план (продолжува и во среднорочни приоритети)

- Зголемување на ефикасноста на процесот на стратешко планирање, буџетирање и на менаџментот со човечки ресурси:
  - Анализа од резултатите од пилот примената на системот за следење на трошоците по активности
  - Спроведување трето само-оценување според заедничката рамка за оценување (Common Assessment Framework - CAF)

*Среднорочни приоритети*
- Зголемување на ефикасноста на процесот на стратешко планирање, буџетирање и на менаџментот со човечки ресурси: Анализа на резултатите од третото само-оценување според заедничката рамка за оценување (Common Assessment Framework - CAF)

## ПОДДРШКА НА СТАТИСТИЧКИТЕ АУТПУТИ, ТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

### А. **ОЦЕНКА И УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ**

*Тековна состојба*
Согласно акцискиот план за имплементација на стратегијата за управување со квалитет, дваесетина лица беа обучени за подготовка на извештаи за квалитет. Во текот на обуките детално беа елаборирани поедините индикатори за квалитет. Посебно внимание беше посветено на поврзаноста на референтните метаподатоци и индикаторите за квалитет што на крајот резултираше во шема за пресликување помеѓу Еуро SDMX (Statistical Data and Metadata Exchange) структурата и стандардниот извештај за квалитет на Еуростат.

*Краткорочни приоритети*
- Изготвување на извештаи за квалитет за истражувањата: Изготвување на извештаи за квалитет по завршувањето на статистичките истражувања (продолжува и во среднорочни приоритети)

*Среднорочни приоритети*
- Развивање на систем за управување со квалитетот на статистичките податоци и процеси
  - Подготвување на документ за следење на квалитет на процесите
  - Подготвување на прирачници и процедури за собирање, контрола, шифрирање, внес и обработка на податоци

### Б. ИТ ИНФРАСТРУКТУРА И УСЛУГИ НА ДЗС

*Тековна состојба*

Информатичката инфраструктура е солидно зајакната со набавка на сервери, персонални компјутери и зајакнување на вертикалниот дел на локалната комјутерска мрежа (1Gbps) кои се добиени преку ЕУ финансираниот проект ИПА 2007. Во рамките на истиот проект како дел од националното кофинансирање купени се 24 рачни компјутери кои ќе се користат за прибирање на податоци за статистиките за цени. Изработена е апликација за нивно користење и во тек е тест прибирање на податоци со овие рачни компјутери на терен. Набавени се и 10 мобилни компјутери, првенствено наменети за држење презентации и други едукативни активности. Заради соодветна поддршка на семинарите, работилниците и другите обуки кои се држат во ДЗС набавена е и проекциска опрема и интерактивна табла.

*Краткорочни приоритети*

- Одржување континуитет во осовременување на ИТ опкружувањето, во функција на ефикасна поддршка на процесот на статистичка продукција и интерна и екстерна комуникација
- Изработка на апликации за внес на податоците од Пописот 2011
- Изработка на апликации за контрола на внесениот материјал од Пописот 2011 (продолжува во среднорочен приоритет)
- Подобрување на техничка инфраструктура (сервери, персонални компјутери и софтвер) набавка на опрема и софтвер за спроведување на Пописот 2011
- Подобрување на капацитетот на компјутерска мрежа со регионалните одделенија

*Среднорочни приоритети*

- Одржување континуитет во осовременување на ИТ опкружувањето, во функција на ефикасна поддршка на процесот на статистичка продукција и интерна и екстерна комуникација
- Табелирање на податоците од Пописот 2011
- On-line прибирање на податоци за 5 статистички истражувања

## В. ИТ НОРМАЛИЗАЦИЈА И КОЛАБОРАТИВНА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ЕВРОПСКИОТ СТАТИСТИЧКИ СИСТЕМ (ЕСС)

*Тековна состојба*

Назначениот координатор од ДЗС за пренос на податоци одржа презентација за Единствената влезна точка (Single Entry Point – SEP) на Еуростат за претставници на НБРМ. Редовно се следат промените и унапредувањата што ги прави Еуростат кај алатките за трансмисија на податоци (eDAMIS веб апликација, веб портал и веб форми), а кои овозможуваат мониторинг на трансмисијата како и upload и on-line форми заедно со автоматска валидација и конверзија на форматите.

Бројот на пренесени датасетови до Еуростат преку користењето на единствената влезна точка е зголемен за приближно 76% во однос на 2009 година. Кај дел од истаржувањата е применет SDMX стандардот за пренос на податоци и метаподатоци.

**Споредба на број на датотеки пратени од ДЗС во Еуростат** (2009 - 2010)

| | 01.01.2010-25.11.2010 | 01.01.2009-25.11.2009 | 01.01.2010-25.11.2010 | 01.01.2009-25.11.2009 |
|---|---|---|---|---|
| | Први појавувања | Први појавувања | Вкупно датотеки | Вкупно датотеки |
| Вкупно | 171 | 97 | 214 | 125 |
| eWA | 163 | 88 | 206 | 116 |
| eWP | 1 | 6 | 1 | 6 |
| eWF | 7 | 3 | 7 | 3 |

*Краткорочни приоритети*

- Користење на Единствена Влезна Точка за редовно доставување на податоци и метаподатоци до Еуростат
- Зголемување на дата сетовите доставени до Еуростат (продолжува и во среднорочни приоритети);

- Изработка на апликации за транскодификација на податоци од статистички истражувања кои се доставуваат до Еуростат (продолжува и во среднорочни приоритети)

## Г. РЕФЕРЕНТНИ ПОДАТОЦИ И МЕТАДАТА СКЛАДИШТА

*Тековна состојба*

Постоечката метабаза што содржи основни податоци за организациската структура, статистичките истражувања и публикуваните документи, како и релациите помеѓу нив, континуирано се ажурира, а расположивите метаподатоци се користат во продукциски цели за подготовка на Годишната програма за статистички истражувања, како и во одделни модули во системот за пресметка на трошоци. Беше направено значајно подобрување на ИТ системот за поддршка на подготовката на годишната програма за работа на ДЗС. Новиот каталог на статистички истражувања, хармонизиран со Компендиумот на Еуростат беше подготвен и беше подобрено генерирањето на извештаи. Каталогот беше имплементиран и во постоечките модули на ИТ системот за пресметка на трошоци. Континуирано се работи на внесување на метаподатоци во централната база на референтни метаподатоци и во текот на годината тоа е направено за дваесетина статистички истражувања.

Усвоен е документот за статистички бизнис процес модел изработен врз основа на генеричкиот статистички бизнис-процес модел (ГСБПМ) дефиниран од Евростат и Економската комисија за Европа при Обединети нации, за документирање на процесите при производство на официјалната статистика. Изработена е класификација на фазите, потпроцесите и активностите од статистичкиот бизнис-процес модел на ДЗС, како и документ со детален опис на фазите. Исто така дефинирани се влезните и излезните метаподатоци за секоја фаза од статистичкиот бизнис процес.

Во врска со активностите за опишување на статистичките варијабли, подготвени се прелиминарни листи на фамилии на варијабли, фамилии на класификации и статистички единици кои се анализираат од страна на членовите на метадата работната група. Извршена е идентификација на потребните промени во апликацијата за регистрирање варијабли која е дадена на располагање од Шведската статистика во рамки на СИДА проектот.

*Краткорочни приоритети*

- Развој на систем на метаподатоци во ДЗС
  - Полнење на базата на референтни метаподатоци според ESMS структурата за 30 статистички истражувања
  - Имплементација на статистичкиот бизнис процес модел во ИТ системите на ДЗС
  - Подготвена стратегија за развој на метаинформациски систем на ДЗС

- Дефинирање и имплементација на ИТ систем
  - Прилагодување на постоечка апликација од ЕСС за регистрирање на статистички варијабли и ставање во функција во опкружувањето на ДЗС (продолжува во среднорочен приоритет)

## Д. ИСТРАЖУВАЊА ВО СТАТИСТИКАТА И МЕТОДОЛОГИИ

*Тековна состојба*

Преку работилници и стажирање во заводи од европскиот статистички систем (ЕСС), три лица беа обучени за современи методологии кои се применуваат во ЕСС, а потоа своето знаење го споделија преку повеќе презентации за вработените во ДЗС. За прв пат е применета анализа на временски серии за прогноза на претходни резултати за индекс на индустриско производство.

Во областа на статистички методологии беше извршена нова стратификација на земјоделските стопанства според новоутврдената типологија и големина. Беа дизајнирани примероци за Анкетата за приходи и услови на живеење (СИЛК – Survey on Income and Living Conditions - SILC), за Истражувањето за структура на фарми, Товарен сообраќај, Употреба на пестициди, Пилот Истражувањето за континуирана стручна обука.

## Ѓ. СИГУРНОСТ НА ПОДАТОЦИТЕ И СТАТИСТИЧКА ДОВЕРЛИВОСТ

*Тековна состојба*

Заштитата од вируси е обезбедена со софтверот McAfee Total Protection кој е инсталиран на засебен сервер и дневно се ажурира. Поставен е и антиспам филтер. Паралелно со техничките мерки се работеше и на подобрување на организациските правила и мерки во поглед на статистичката доверливост.

Комитетот за статистичка доверливост, го финализира Правилник за процедурите и мерките за заштита на податоците прибрани со програмата за статистички истаржувања. Политиката за пристап до микроподатоци се доработува во склад со

практиките во другите заводи од Европскиот статистички систем. Се работеше на усвојување на концептите, дефинициите и методите за заштита од статистичко разоткривање, како и на алатките за заштита од статистичко разоткривање кои вообичаено се користат во европскиот статистички систем. Подготвена е нацрт верзија на документот Политика и правила за информатичка безбедност.

*Краткорочни приоритети*

- Имплементација на европската регулатива за статистичка доверливост
  - Имплементација на процедури за пристап до микроподатоци од различни статистички области (подготовка на заштитени микро датотеки), за научноистражувачки цели (продолжува во среднорочен приоритет)
  - Објавување на процедурите за пристап до микроподатоци за научноистражувачки цели на веб страната на ДЗС
  - Усвојување на европските методологии и алатки за заштита од статистичко разоткривање (продолжува во среднорочен приоритет)
  - Подготовка на прирачник за заштита од статистичко разоткривање
  - Имплементација на контрола на статистичката доверливост во различни статистички области со прилагодување на расположиви софтвери во ЕСС (продолжува во среднорочен приоритет)

*Среднорочни приоритети*

- Подобрување на сигурноста на податоците со ажурирање на технологијата (хардвер, софтвер) и правилата за заштита од неавторизиран пристап до податоци
  - Набавка и ставање во функција на хардвер и софтвер за централизирано архивирање и бекапирање
  - Подготовка на прирачник и кодекс за управување со информатичката безбедност

**ДИСЕМИНАЦИЈА**

*Тековна состојба*

Во областа на дисеминацијата во 2010 година донесени се следните документи:

- Стратегија за дисеминација и акционен план за нејзино спроведување;
- Документ за содржинска, дизајнерска и техничка промена на веб страницата на ДЗС и акционен план за негово реализирање

Остварени се следните резултати:

- дополнување на базата на статистички податоци на интернет со податоци по области и по општини
- бројот на посетители на WEB страницата изнесува 900000 посети, а само WEB базата на податоци ја посетиле 28000 посетители
- објавени се 255 изданија во едицијата „Соопштенија“,
- објавени се 24 изданија во едицијата „Статистички прегледи“,
- објавени се 6 други публикации,
- добиени се 571 барања за податоци од корисниците во земјата и во странство.
- Присуството во печатените медиуми е 523 написи,

*Краткорочни приоритети*

- Редизајн на ВЕБ страната на Заводот
  - Редизајн на содржинската и техничката поставеност на ВЕБ страницата
  - Воведување на кориснички ориентирани алатки за флексибилна употреба на дисеминираните податоци на ВЕБ страницата (продолжува во среднорочни приоритети)

- Редизајн на статистички публикации
  - Анализа на постоечките статистички публикации (содржина)
  - Подготвка на план за редизајн на статистички публикации (содржина)
  - Воведување на нови статистички публикации (продолжува во среднорочни приоритети)

- Дефинирани форми за редовна комуникација со корисниците: Спроведување на Анкета за мерење на задоволство на корисниците

- Промовирање на Кодексот за работа на европската статистика: Публикување на брошура за примената на Кодексот за работа на европската статистика од страна на ДЗС

*Среднорочни приоритети*

- Дефинирани форми за редовна комуникација со корисниците
    - Воспоставување и одржување на регистар на корисници
    - Анализа за имиџот на институцијата
    - Анкета за мислење на давателите на податоци

### 3.18.2 **КЛАСИФИКАЦИИ И РЕГИСТРИ**

*Тековна состојба*

Подготовката на Националната класификација на занимања е во завршна фаза, во тек се консултации со релевантни деловни субјекти и институции. Во првиот квартал од 2011 година Владата на РМ треба да ја донесе Националната класификација на занимања подготвена врз основа на ISCO 2008.

*Краткорочни приоритети*

Усогласување на системот на националните стандарди со европскиот систем на стандарди:

- Следење на промените во економски класификации НКД Рев. 2, КПД, ННИП, Царинска номенклатура (продолжува во среднорочни приоритети)
- Донесување на националната класификација на занимања – НКЗ усогласена со меѓународната класификација на занимања ISCO-08 (International Standard Classification of Occupations)
- Следење на процесот на донесување на ISCED 2011 - Меѓународна стандардна класификација за образование и подготовки за нејзино имплементирање

### **РЕГИСТРИ**

*Тековна состојба*

Развиено е апликативно решение и развиени се процедури за ажурирање на Регистарот на земјоделски стопанства;
Воведени се процедури за ажурирање на Регистарот на фарми;
Воведени се нови варијабли согласно упатството за типологија на земјоделските стопанства на европската статистика;

Статистички деловен регистар (СДР) - Континуирано се работи на развивање на методолошките основи и функционалноста на СДР, усогласени со европските стандарди и препораки (воведување на групи на претпријатија и демографија на претпријатија). Завршени се следниве активности за подобрување на СДР:

- Подготвено е методолошко упатство за пресметување на податоци за демографија на претпријатијата (новосоздадени, згаснати претпријатија);
- Подготовка на прегледи со податоци за демографија на претпријатијата (популација на активни претпријатија, новосоздадени претпријатија и згаснати претпријатија од 2004 до 2007 за секторите на дејност од С/В до К/И според НКД Рев.1);
- Ревидирана е логичката контрола на податоците во СДР и овозможена е рачна корекција на податоците;
- Утврдени се варијаблите поврзани со групата на претпријатија и детектирани се административните извори;

*Краткорочни приоритети*

- Активности за ослободување на Државниот завод за статистика од административните и управните функции и целосно насочување кон основната дејност: Трансфер на методолошко-организационата и техничката обработка на податоците од Избирачкиот список во Државна изборна комисија (ДИК).
- Водење и ажурирање на Статистичкиот деловен регистар (СДР): Развивање на методолошките основи и функционалноста на СДР, усогласени со европските стандарди и препораки (воведување на група на претпријатија и мултинационални групи на претпријатија) (продолжува и во среднорочни приоритети).

- Водење и ажурирање на статистичкиот регистар на население (СРН): Дефинирање на нови варијабли за потребите на СРН, усогласени со европските стандарди и препораки и согласно методолошките подобрувања во административниот регистар на население (во МВР)
- Водење и ажурирање на статистичкиот Регистар на фарми:

- Развиено апликативно решение за историјат на промени во Регистарот на фарми
- Имплементација на воведените процедури за ажурирање на Регистарот на фарми (продолжува и во среднорочни приоритети)

*Среднорочни приоритети*

- Водење и ажурирање на Статистичкиот деловен регистар (СДР)
- Спроведување на статистичко истражување за подобрување на квалитетот на податоците во СДР
- Вклучување во ЕУРОГРОУП регистар – трансмисија на податоци од СДР

### 3.18.3 **СТАТИСТИКА ПО СЕКТОРИ**

**ДЕМОГРАФСКА**, **СОЦИЈАЛНА СТАТИСТИКА**

*Тековна состојба*

Во рамките на статистиката на населението:

Законот за Попис на население, домаќинствата и становите е усвоен од страна на Собранието на РМ. Направена е проценка на потребните финансиски средства за реализација на Пописот. Подготовен е оперативен план за организација и спроведување на Пописот на населението, домаќинствата и становите, 2011. Подготовени се Методологијата и методолошките упатства и инструменти за спроведување на Пописот на населението, домаќинствата и становите, 2011, во согласност со меѓународните препораки на ОН/Евростат за спроведување на пописите на население околу 2010 година. Предлог содржината на пописните обрасци е усвоена по претходна консултација со поширок круг на корисници. Усвоено е упатство за ревизија на документите за просторните единици за Пописот на населението, домаќинствата и становите, 2011  во соработка со Агенцијата за катастар на недвижности. Подготовена е пописната картографија со користење на новата расположлива технологија. Во однос на статистиката на миграции на странци, воспоставена е редовна процедура на  прибирање на податоците преку  базата на податоци од МВР.

Во статистика на образование, во тек се подготовките за спроведување на Анкетата за континуирана стручна обука - АКСО (CVTS - Continiung Vocational Training Survey), треба да се утврди содржината на прашалникот врз основа на дадените препораки за CVTS4.

Во статистиката на социјална заштита во координација од страна на Министерството за труд и социјална политика формирана е Работна група за проучување и примена на методологијата за трошоци на социјална заштита (ESSPROS) Членовите на Работната група во текот на 2010 година работеа на утврдување на нацрт програми-шеми за сите области кои ги покрива ЕССПРОС методологијата.

- Анкета за работната сила (АРС) во Република Македонија:  Започнато е со  трансмисија на податоците од АРС на квартално ниво за  2010 г. до Евростат.
- Анкета за работната сила - ад хок  модул - Усогласеност помеѓу работата и семејниот живот, 2010: Во текот на 2010 година во рамките на Анкетата за работна сила се спроведе и дополнителниот модул за Усогласеност помеѓу работата и семејниот живот.
- Анкета за работната сила - ад хок  модул – Вработеност на инвалидизирани лица, 2011
- Подготвена е содржината на прашалникот и методолошките инструменти за спроведување на ад хок модулот за 2011 година - Вработеност на инвалидизирани лица (Employment of disabled people).
- Структура на заработувачка: Подготвен е оперативен план за спроведување на пилот анкетата за структура на заработувачката. Избран е примерок на деловни единици, подготвен е прашалник и методолошки основи.
- Истражување за слободни работни места: Реализирана мисија во рамки на ИПА 2008.
- Анкета за приходи и услови на живеење (СИЛК) (Survey on Income and Living Conditions - SILC) - Во периодот мај - јули 2010 година во согласност со препораките на Евростат беше спроведена Анкетата за приходи и животен стандард (СИЛК) 2010 - како редовно истражување.

*Краткорочни приоритети*

- Реализирање на активностите во согласност со оперативниот план за спроведување на Пописот на населението, домаќинствата и становите, 2011
- Организација и спроведување на Пописот на населението, домаќинствата и становите, 2011
- Подготовка и објавување на први резултати од спроведениот Попис на населението, домаќинствата и становите, 2011

- Започнување со обработка на податоците од спроведениот Попис на населението, домаќинствата и становите, 2011 (продолжува и во среднорочни приоритети)

- Спроведување на Анкета за континуирана стручна обука (CVTS-Continuation Vocational Training Survey): Спроведување на Анкета

- Примена на методологијата за трошоци на социјална заштита-ESSPROS: Пресметка на трошоци за социјална заштита по категории корисници според ESSPROS (утврдување на програми-шеми за социјална заштита,утврдување на пробни квалитативни и квантитативни обрасци, утврдување на базен период од кој ќе се доставуваат податоци, регулирање на односи меѓу институции,пробно доставување на податоци ) продолжува и по 2011 г.

- Трансмисија на податоците до Еуростат во согласност со стандардите на ЕУ
- Трансмисија на податоците од Анкетата за работната сила по квартали за 2010 и 2011 година,
- Трансмисија на податоците од ad hoc модулот Усогласеност помегу работата и семејниот живот, 2010,

- Спроведување на ad hoc модулот Вработеност на инвалидизирани лица (Employment of disabled people), 2011, во рамки на Анкетата за работна сила: Спроведување на Анкета

- Подготовки за спроведување на Анкетата за приходи и животен стандард (СИЛК): Спроведување на Анкетата за приходи и животен стандард (СИЛК)

- Анализа на добиените податоци од спроведената пилот анкета за структура на заработувачката
- Спроведување на пилот анкета за структура на заработувачка
- Спроведување на редовно истражување во текот на октомври 2011 година, истражувањето се спроведува на четири години;

- Истражување за слободни работни места
- Анализа на можностите за добивање на податоците од административни извори
- Спроведување на пилот истражување за слободни работни места во мај 2011 година

*Среднорочни приоритети*

- Реализирање на активностите во согласност со оперативниот план за спроведување на Пописот на населението, домаќинствата и становите, 2011
- Објавување на дефинитивните податоци од Пописот на населението, домаќинствата и становите, 2011,
- Примена на методологијата за трошоци на социјална заштита-ESSPROS
- Примена на методологија за трошоци на социјална заштита-ЕССПРОС и доставување на податоци до Еуростат согласно ЕУ стандардите (1. Пресметка на трошоци за социјална заштита по категории корисници според ESSPROS; 2. Доставување на податоци за трошоци за социјална заштита)

- Трансмисија на податоци до Еуростат согласно ЕУ стандардите
- Трансмисија на податоците од ад хок модулот Вработеност на инвалидизирани лица
- Транскодификација и трансмисија на податоците од Анкета за потрошувачка на домаќинства (АПД) за 2010 година
- Трансмисија на податоците од Анкетата за приходи и животен стандард (СИЛК) до Еуростат (2012)

- Анализа на добиените податоци од спроведената Анкета за Структура на заработувачката: Анализа и публикување на податоците од Анкетата – Структура на заработувачката, 2012

## СТАТИСТИКА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

*Тековна состојба*

Во согласност со предвидената динамика, во текот на 2010 година, во обласа на статистикта за животна средина се реализирани следните активности:

- Подготовка на истражување за отпад во останатите НКД сектори (Национална класификација на дејности) (енергија, рударство и вадење камен)
- Спроведено е пилот истражување за пестициди
- Извршена е трансмисија на податоците за комунален отпад во Еуростат

*Краткорочни приоритети*

- Обезбедување на податоци за следење на статистиката на животната средина во согласност со Европските регулативи:
- Спроведување на истражување за отпад во остатнатите НКД сектори (енергија, рударство и вадење камен) во Еуростат
- Подготовка и спроведување на пилот истражување за трошоци за животна средина
- Извештај од извршената анализа од пилот истражувањето за пестициди
- Усогласување на промените во Регулативата за отпад (2120/02) според новите категортии на отпад со Листата на видови на отпад

*Среднорочни приоритети*

- Обезбедување на податоци за следење на статистиката на животната средина во согласност со Европските регулативи: Трансмисија на обезбедените податоци за отпад од други НКД сектори (енергија, рударство и вадење камен) во Еуростат

**МАКРОЕКОНОМСКА СТАТИСТИКА**

*Тековна состојба*

Во текот на 2010 започна проектот ИПА 2007 во кој поголемиот дел е посветен на понатамошната хармонизација на националните сметки согласно ЕСА 1995 (Европски систем на сметки - European System of Accounts – ESA). Со цел подобрување во националните сметки во согласност со Регулативата на Комисијата бр. 1889/2002 (Commission Regulation (EC) No 1889/2002), од сите земји-членки на ЕУ се бараше да направат пресметки и алокација на финансиските услуги мерени индиректно помеѓу секторите – корисници на овие услуги, со употреба на референтна стапка дефинирана како “метод 1” во точката1(б) од Анексот 3 на Регулативата на Советот бр. 448/98 (Council Regulation (EC) No 448/98. Како резултат на соработката со НБРМ, врз основа на расположливите податоци од НБРМ, во Државниот завод за статистика се направени пресметки и алокација на финансиските услуги мерени индиректно, по сектори и по корисници, во согласност со наведените регулативи на ЕУ. Пресметките се однесуваат за 2008 година, а податоците за 2003 - 2007 година се ревидирани според новите пресметки и се објавени. За таа цел беше организирана посебна мисија преку инструментот TAIEX.

Во 2010 година се подготвија и објавија табелите за понуда и употреба за 2007 и истите се доставени до Еуростат.

Во текот на 2010 година ДЗС подготви податоци за БДП на регионално ниво за 2008 година. Можностите за подобрување на методите за пресметка се разгледуваат континуирано со анализа на постоечките податоци, а со цел податоците да се хармонизираат со препораките за регионални сметки (Регулатива бр. 2223/96).

Во рамките на ИПА 2008 Повеќекорисничката програма за статистичка соработка спроведено е истражување за основни средства за малите субјекти а резултатите ќе бидат вградени во редовните пресметки.

Во тек е реализацијата на активностите од Европската програма за споредба 2010, при што тековно се снимаат пазарните цени на производите и услугите по претходно формирани и усогласени листи на производи и услуги од страна на Еуростат. Сите фази се усогласени со временската табела на Еуростат и со земјата-лидер. За пресметките на БДП според Стандард на куповна моќ (PPS - Purchasing Power Standard, Регулатива бр. 1445/2007) за 2007-2009 година се доставени сите потребни табели.

Подготвени се податоци за индикаторите за одржлив развој.

Составувањето на нефинансиските сметки по сектори се работи континуирано.

Потпишан е Анекс кон Меморандумот за соработка мегу меѓу ДЗС, НБРМ и МФ во врска со одговорностите за статистиката за странски инвестиции.

*Краткорочни приоритети*

- Составување на економски сметки по институционални сектори и изработка на интегрирани сет на економски сметки: Составување на годишни нефинансиски сметки

- Хармонизација на пресметките на макроагрегатите согласно ЕСА 95
- Продолжување на активностите во рамките на Проектот ППП (паритет на куповната моќ), рунда 2011

- Примена на класификацијата COPNI
- Испитување на расположиви податоци за проценка на вредноста на инвестиции за софтвер од сопствено производство
- Подобрување на опфатот на податоците за инвестициите во основни средства
- Доставување на податоци до Еуростат согласно Регулативата бр. 1392/2007

- Унапредување на секторските сметки: Билансирање меѓу сметките по сектори вклучително и сметката Странство (продолжува во среднорочен приоритет)

- Подобрување на методите за пресметка на додадената вредност на регионално ниво
  - Унапредување на методите за пресметка (продолжува во среднорочен приоритет)
  - Ревизија на податоците согласно подобрени методи за пресметка вклучувајќи и НАЦЕ Рев. 2 (продолжува и во среднорочен приоритет)

- Подготвување на податоците за БДП на квартално ниво
  - Подобрување на категориите на БДП и пресметка на додадената вредност на квартално ниво (продолжува во среднорочен приоритет)
  - Експериментални пресметки согласно НКД рев 2

- Подобрување на квалитетот на податоците во инпут-аутпут табелите за доставување до Еуростат
  - Унапредување на методолошките постапки при балансирањето на податоците во табелата на понуда и на употреба (продолжува во среднорочен приоритет)
  - Пресметка на табелите на понуда и на употреба по постојани цени (продолжува во среднорочен приоритет)

- Обезбедување на индикаторите за одржлив развој: Унапредување на воспоставениот сет на индикатори за одржлив развој (продолжува во среднорочен приоритет)

- Развивање на сметките за здравство
  - Анализа и подготвување на расположливите податоци за сметките во здравството (продолжува во среднорочен приоритет)
  - Составување на експериментална табела за здравствена потрошувачка (продолжува во среднорочен приоритет)

- Имплементирање на НКД Рев. 2 (Национална класификација на дејности),СНА 2008 (Систем на национални сметки - System of National Accounts - СНА)и ЕСА 2010 (Европски систем на сметки – European System of Accounts – ESA)
  - Подготвителни активности за имплементирање на СНА 2008 (продолжува во среднорочен приоритет)
  - Подготвителни активности за имплементирање на ЕСА 2010 (продолжува во среднорочен приоритет)

*Среднорочни приоритети*

- Подготвување на податоците за БДП на квартално ниво: Подготвување на податоци согласно НКД Рев. 2

- Развивање на сметките за здравство: Подобрување на податоците за сметките

- Имплементирање на НКД Рев. 2 (Национална класификација на дејности),СНА 2008 (Систем на национални сметки - System of National Accounts - СНА)и ЕСА 2010 (Европски систем на сметки – European System of Accounts – ESA): Имплементирање на НКД Рев. 2 во системот на пресметки во националните сметки

## ЦЕНИ НА МАЛО

*Тековна состојба*

Индекс на трошоци на живот - Подготвени се пондерите на база на податоците од Секторот за национални сметки и направени се експериментални пресметки за Хармонизираниот индекс на трошоци на живот (ХИЦП) (Harmonized Index of Consumer Prices – HICP) за 2006, 2007, 2008, 2009 година, а од јуни 2010 година експерименталните пресметки за ХИЦПсе пресметуваат со месечна динамика како и редовниот индекс на цени на мало и трошоци на живот. Како базен период за ХИЦП се користи декември од претходната година.

*Краткорочни приоритети*

- Воспоставување на методологија за пресметка на ХИЦП: Пресметка на националниот индекс во насока на ХИЦП, експериментални пресметки на пондери и индекси за 2011
- Доставување на експерименталните пресметки за хармонизираниот индекс на трошоци на живот (ХИЦП) до Еуростат
- Евалуација на хармонизираниот индекс на трошоци на живот (ХИЦП) од страна на Еуростат;
- Воспоставување на редовна месечна трансмисија на хармонизираниот индекс на трошоци на живот (ХИЦП) до Еуростат

## СТАТИСТИКА ЗА АНАЛИЗА НА ДЕЛОВНИТЕ ЦИКЛУСИ

*Тековна состојба*

Во 2010 година следниви активности се реализираа:

- Се дефинираа постапките за пресметување на цените на трошоците за градење и се изработи пондерационата структура
- Имплементација на НКД Рев.2 во краткорочните статистики (една година двојно кодирање)
- Формирана е база согласно Регулативата за краткорочни статистики (Short Term Statistics - STS) (2010 =100) за истражувањето на нови нарачки и приходи од продажба во индустријата
- Редовно доставување на годишни податоци за индустриското производство по Номенклатурата за индустриско производство ПРОДКОМ (Nomenclature of Industrial Products – PRODCOM) до Еуростат ( за прв пат се доставија на 30.6.2010)

*Краткорочни приоритети*

- Обезбедување на краткорочни статистички податоци за цени во градежништвото: Пресметка на индексите за цените на трошоците за градење по позиции на градба од расположивите податоци во ДЗС со базна 2005 година

- Обезбедување на краткорочни статистички податоци во индустријата
- Пресметки на индексите на приходи од продажба во индустријата (редовно месечно соопштение)
- Пресметка на индекси на цени на индустриски производители за странски пазар и вкупен индекс (вклучувајки го домашниот пазар) (продолжува во среднорочни приоритети)
- Пресметка на индекс на индустриско производство прилагоден со работни денови согласно Регулативата за краткорочни статистики (1165/98)
- Промена на базна година во цените на индустриски производители (2010 = 100) (продолжува во среднорочен приоритет)

- Обезбедување на релевантни статистички податоци во согласност со регулативата на ЕУ за ПРОДКОМ: Изработка на ротирачки примерок за малите претпријатија за годишното истражување ПРОДКОМ

*Среднорочни приоритети*

- Обезбедување на краткорочни статистички податоци во индустријата: Промена на базна година во индустријата (2010 = 100)

## ДЕЛОВНИ СТАТИСТИКИ

*Тековна состојба*

Подготвени се податоци во согласност со Регулативата за структурни деловни статистики (СДС) (Structural Business Statistics - SBS) бр.58/97 и 295/08 за 2008 година според НКД Рев.1. Во тек е постапка за трансмисија на податоците до Евростат.

Континуирано се врши усогласување на статистиките од областа на енергијата со ЕУ регулативи.
Проучување на методолошките основи за воведување на варијабла за нето искористеност на капацитетите (ќе се воведе на почетокот на 2011).

Направено е ревидирање и хармонизирање на статистиката за месечно следење на дистрибутивната трговија согласно Регулативата за краткорочни статистики.

*Краткорочни приоритети*

- Обезбедување на структурни статистики во согласност со ЕУ регулатива за СДС бр.58/97 и бр.295/08
- Пресметка на варијаблите од СДС дефинирани во Анекс 2 од ЕУ регулативата бр. 295/2008 (продолжува во среднорочен приоритет)

- Имплементирање на НКД Рев. 2 во системот на пресметки на СДС (продолжува во среднорочен приоритет)

- Обезбедување на краткорочни статистички податоци во енергија: Усогласување на Листата на енергенти со Класификација на производи по дејности и Комбинираната номенклатура

- Обезбедување на краткорочни статистички податоци во туризамот, угостителството и транспортот
- Трансмисија на податоците од спроведениот Попис на патничкиот сообраќај, 2010 до Еуростат
- Трансмисија на податоците од железничкиот сообраќај, 2010 до Еуростат
- Оценка на квалитетот и натамошно хармонизирање на статистиката на товарниот транспорт со ЕУ регулативите за товарен транспорт

- Обезбедување на краткорочни и структурни статистички податоци во трговијата
- Доставување на податоци од областа на краткорочните статистики до Еуростат за дистрибутивна трговија
- Првично публикување на податоците од дистрибутивната трговија во согласност со извршената хармонизација

*Среднорочни приоритети*

- Обезбедување на структурни статистики во согласност со ЕУ регулатива за СДС бр.58/97 и бр.295/08: Обезбедување на податоци за финансиските институции

- Обезбедување на краткорочни статистички податоци во туризамот, угостителството и транспортот
- Хармонизирање со европските регулативи за патничка мобилност
- Обезбедување на краткорочни статистички податоци во трговијата

**СТАТИСТИКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО**

*Тековна состојба*

Спроведување на првото истражување за структура на фармите на терен и обработка на податоците. Подготвен и имплементиран е алгоритам за типологија на земјоделските стопанства. Спроведено е статистичко истражување за растително производство врз основа на примерок (по пошта). Одржана е мисија за техничка помош за подготовки на методолошки основи за статистичкото истражување за шумарство во приватниот сектор. Подготвен е план за избор на репрезентативни земјоделски стопанства со цел прибирање на сметководствени податоци од земјоделските стопанства. Подготвен е сет од податоци за регионални сметки во земјоделството (експериментално ) и се врши анализа.

*Краткорочни приоритети*

- Обезбедување релевантни податоци за поддршка на донесувањето на одлуки за развој на земјоделскиот сектор во РМ
- Транскодификација на податоците од истражувањето за структура на фармите, 2010
- Хармонизирање на статистиката на шумарство со европските регулативи преку воведување на нови варијабли
- Пресметка на стандард аутпут коефициенти за 2005-2009 и пресметка на економската големина и типот на фармите врз основа на резултатите од структурното истражување 2010
- Транскодификација на податоците од Пописот на земјоделство, 2007 до Еуростат

- Обезбедување на релевантни податоци за агромонетарните сметки во земјоделството
- Подготовка, анализа и објавување на економските сметки во земјоделството по постојани цени
- Подготовка на сет од податоци за регионални сметки во земјоделството (продолжува во среднорочни приоритети)
- Подготовка на Методолошко упатство за агро-монетарни сметки

*Среднорочни приоритети*

- Обезбедување релевантни податоци за подршка на донесувањето на одлуки за развој на земјоделскиот сектор во РМ: Воведување на статистика на органско производство

**МОНЕТАРНА, ФИНАНСИСКА, ТРГОВСКА СТАТИСТИКА И СТАТИСТИКА НА ПЛАТНИОТ БИЛАНС**

*Тековна состојба*

Народна банка на Република Македонија, во март 2010 година ги објави податоците за временската серија на девизните резерви изготвени согласно прирачникот и препораките на ММФ (Data Template on International Reserves / Foreign Currency

Liquidity). На интернет страната на НБРМ објавени се месечни податоци почнувајќи од јануари 2005 година, заедно со методолошките појаснувања, со едновремено воспоставување на процедура за редовно месечно изготвување и објавување на овие податоци.
Во рамките на подготовката за редовна трансмисија на податоците од платно-билансната статистика до ЕУРОСТАТ, во текот на 2010 година, извршена е анализа на барањата на ЕУРОСТАТ наведени во Balance of Payments Vademecum, како и техничките можности на НБРМ за трансмисија на овие податоци. Во реализацијата на овие активности беа опфатени и обука на кадри и размена на билатерални искуства преку експертска мисија од Чешката народна банка.
Во рамките на активностите за воспоставување на статистиката на инвестициските и приватните пензиски фондови, анализирани се искуствата и применетите методологии на неколку земји членки на ЕУ. Во соработка со домашните инвестициски и приватни пензиски фондови изготвен е предлог на месечен прашалник кој овие финансиски институции ќе треба да го доставуваат до НБРМ. Во насока на намалување на товарот врз известувачите за кредитните работи со нерезиденти, во ноември 2010 година воведени се нови поедноставени извештајни обрасци за овој тип на трансакции со нерезиденти. Воведен е збирен квартален извештај за побарувања/обврски настанати по основ на преземање обврски/откуп на побарувања со нерезиденти. Кај поединечното известување за кредитни работи со нерезиденти имплементиран е нов апликативен софтвер за пресметка на состојбите и тековите по инструментот заеми, како предуслов за поедноставено известување до НБРМ за овие работи со нерезиденти.

Министерството за финансии заедно со НБРМ и ДЗС учествува во проект Техничка помош за Државниот завод за статистика кој е финансиран од страна на Европската Унија и чиј главен координатор и корисник е Државниот завод за статистика. Министерството за финансии учествува во втората компонента на овој проект кој се однесува на понатамошна хармонизација на Националните сметки со ESA 95 и учествува во повеќе обуки, работилници кои се однесуваат на владината статистика. Министерството за финансии активно соработува со Државниот завод за статистика во процесот на имплементација на методологијата од Европскиот систем на сметки (ЕСА) (European System of Accounts - ESA) преку поврзување на националната класификација со ESA'95 методологијata, во поглед на поделба на единиците во потсектори во рамки на секторот Држава, како и во однос на расположливоста на базата со податоци. Министерството за финансии и понатаму ќе продолжи да соработува со ДЗС во рамките и надвор од проектот, особено во делот на пополнување на табелите за државен долг (ЕДП) (EDP) нотификациите.

Статистиката на надворешната трговија целосно е усогласена со европските регулативи за ЕКСТРАСТАТ, освен во делот за пасивна доверливост на податоците.

*Краткорочни приоритети*

- Министерството за финансии планира имплементација на методологијата на ЕУРОСТАТ, односно ЕСА'95 во делот на подготовка на табелите за државниот долг (ЕДП) нотификации: Изготвување на финансиски извештаи за остварените приходи и извршените расходи на Буџетот на РМ (продолжува и во среднорочен приоритет);

- Редовно изготвување и објавување со месечна динамика на извештаите за девизните резерви во согласност со прирачникот и препораките на ММФ (Data Template on International Reserves/Foreign Currency Liquidity) на интернет страната на НБРМ: Изработка на апликативен софтвер за изготвување на извештајот

- Подготвителен процес за редовна трансмисија на податоци за платно-билансните статистики до ЕУРОСТАТ: Развој и адаптација на апликативните софтвери, со цел рационализација во изготвувањето на податоците и задоволување на потребите за известување до ЕУРОСТАТ (продолжува и во среднорочни приоритети)

- Воспоставување на статистика на инвестициски и приватни пензиски фондови:
- Воспоставување на систем на редовно известување од овие финансиски институции преку донесување на подзаконски акт за известување.
- Изготвување на биланси и прегледи на останати финансиски посредници и изработка на консолидиран преглед на финансиски институции.
- Изградба на апликативен софтвер за обработка на податоци

- Прилагодување на екстерните статистики кон новите меѓународни стандарди кои ќе отпочнат да се применуваат од 2014 година:
- Вклучување на податоците за услугите за финансиско посредување мерени индиректно (ФИСИМ) (Financil Intermediation Services Indirectly Measured - FISIM) во платниот биланс.
- Воведување на принципот на пресметана камата (accrual) во податоците за кредитните трансакции со нерезиденти, кој треба да го замени постојниот принцип на доспеаност.
- Изготвување на податоците за нето надворешен долг за останатите сектори по одделни подсектори.

- Унапредувања на методологијата за проценка на приватните трансфери во платниот биланс
- Спроведување на ново анкетно истражување за подобра проценка на приватните трансфери
- Анализа на добиените резултати од анкетата за приватни трнсфери

- Развој на статистика на финансиски сметки
- Меѓуинституционална соработка со цел утврдување на институција примарен носител за изготвување на финансиски сметки.
- Изготвување на акционен план на активности и потпишување на меѓуинституционален договор за размена на податоци потребни за изготвување на финансиски сметки

- Обезбедување на краткорочни статистички податоци од областа на надворешна трговија
- Усогласување на Законот за државна статистика со европската регулатива за надворешно трговското работење во однос на доверливоста на податоците т.е. воведување на пасивна доверливост
- Подготовка на План со активности за воведување на нов систем за обработка на податоци за надворешо трговска размена – ИНТРАСТАТ
- Подобрување на квалитетот на податоците за надворешно трговската размена со воведување на дополнителни контроли во царинското работење (продолжува во среднорочен приоритет)

*Среднорочни приоритети*

- Подготвителен процес за редовна трансмисија на податоци за платно-билансните статистики до ЕУРОСТАТ: Развој и адаптација на апликативните софтвери, со цел рационализација во изготвувањето на податоците и задоволување на потребите за известување до ЕУРОСТАТ (продолжува и во среднорочни приоритети)

- Прилагодување на екстерните статистики кон новите меѓународни стандарди кои ќе отпочнат да се применуваат од 2014 година
- Методолошки усогласувања и прилагодувања на изворите на податоци за директни инвестиции кон барањата на новата Основна рамка за директни инвестиции на ОЕЦД (Benchmark Definition 4).
- Методолошки усогласувања и прилагодувања на изворите на податоци за платно билансната статистика кон барањата на новиотПрирачник за меѓународна инвестициона позиција и платен биланс на ММФ (BOP ManualVI).

- Унапредувања на методологијата за проценка на приватните трансфери во платниот биланс: Вклучување на добиените резултати во платно-билансната статистика

- Понатамошно прилагодување на статистиката (делот кој е во домен на НБРМ) кон барањата на EUROSTAT: Усовршување на постојните извори на податоци за платно-билансна и монетарна статистика со цел обезбедување на податоци со соодветна секторска и валутна дистрибуција, како и соодветна поделба по финансиски инструменти

- Развој на статистика на финансиски сметки: Постепена реализација на активностите од акциониот план за одделните институционални сектори и финансиски инструменти во рамки на финансиските сметки

- Обезбедување на краткорочни статистички податоци од областа на надворешната трговија
- Пилот истражување за реални извозно-увозни цени согласно Регулативата за краткорочни статистики
- Анализа на добиените резултати од пилот-истражувањето за реалните извозно-увозни цени и подготовка за редовно истражување
- Воведување на редовно статистичко истражување за реални увозно-извозни цени согласно Регулативата за краткорочни статистики

- Министерството за финансии планира имплементација на методологијата на ЕУРОСТАТ, односно ЕСА'95 во делот на подготовка на табелите за државниот долг (ЕДП) нотификации: Изготвување на финансиски извештаи за остварените приходи и извршените расходи на Буџетот на РМ

## 3.19 **СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ВРАБОТУВАЊЕ**
### 3.19.1 **ТРУДОВО ПРАВО**

*Тековна состојба*

Во текот на 2010 година, во рамките на процесот за хармонизација на трудовото законодавство со законодавството на Европската унија, од страна на Собранието на Република Македонија беа усвоени измени на Законот за работните односи, Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност и Законот за агенциите за привремени вработувања.

Со измените на Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/10) се изврши транспонирање на одредбите од повеќе Директиви и тоа: Директива 98/59/ЕЗ за колективни отпуштања; Директива 2001/23/ЕЗ за заштита на правата на вработените во случај на префрлање на сопственоста на претпријатие и негови делови; Директива 96/71/ЕЗ за испраќањето на работници во рамките на давање услуги; Директива 91/533/ЕЗ за информирање на работниците за условите од договорот за вработување; Директива 94/33/ЕЗ за заштита на младите луѓе на работно место; Директива 2002/14/ЕЗ за општата рамка за информирање и консултирање на вработените во Европската унија; Директива 2000/43/ЕЗ за еднаков третман на луѓето без оглед на расна и етничка припадност; Директива 2000/78/ЕЗ за општата рамка за еднаков третман при вработување и занимање; Директива 2006/54/ЕЗ за имплементација на принципот на еднакви можности на мажите и жените за прашања поврзани со вработување и професионално ангажирање; Директивата 2002/73/ЕЗ за спроведување на принципот за еднаков третман на мажи и жени во однос на пристапот за вработување, стручна обука и унапредување на работните услови; Директива 86/378/ЕЗ за еднаков третман на мажи и жени во шемите за социјално осигурување при вработување; Директива 96/34/ЕЗ за рамковниот договор за родителско отсуство; Директива 86/613/ЕЕЗ за примена на принципот за еднаков третман меѓу мажите и жените ангажирани во некоја активност, вклучувајќи и земјоделие, во капацитетите на самовработен и за самовработените жени за време на бременост и мајчинство; Директива 1999/70/ЕЗ за рамковниот договор за работа на определено време; Директива 89/391/ЕЗ за воведување на мерки за поттикнување на подобрувањата во однос на безбедноста и здравјето на работниците; Директива 91/383/ЕЗ за дополнување на мерките за поттикнување на подобрувањето на безбедноста и здравјето на работното место на работниците со вработување на определено време или привремено вработување, изменета и дополнета со Директива 2007/30/ЕЗ и Директива 97/80/ЕЗ за товарот на докажување во случај на полова дискриминација.

Во измените на Законот за агенциите за привремени вработувања („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10) се транспонираа Директивата на Советот 91/383/ЕЕЗ за дополнување на мерките за подобрување на безбедноста и здравјето при работа на работниците со договор на определено време или договор за привремено вработување и Директива 2008/104/ЕЗ на Европскиот Парламент и на Советот за привремена агенциска работа.

Во Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на Република Македонија“ бр.50/10) се транспонирани директивите 97/80/ЕЗ, 2000/43/ЕЗ, 86/613/ЕЗ, 2004/38/ЕЗ, 2006/123/ЕЗ, Регулативата 1612/68/ЕЗ и Одлуката на Комисијата 2003/8/ЕЗ.

Отпочната е подготовка на текстот на два подзаконски акти во делот на трудово право, и тоа Правилник за определување на работите кои не смеат да ги вршат работници кои не наполниле 18 години возраст и Правилник за определување на работите кои не смеат да ги вршат работнички за време на бременост и доење, како дел од процесот за хармонизација на законодавството и спроведување на измените на Законот за работните односи.

Истовремено, во овој период интензивно се работеше на континуирано јакнење на човечките капацитети, така што беа организирани повеќе одделни обуки поврзани со европската легислатива и нејзиното транспонирање, како и за други институционални прашања поврзани со имплементацијата на Законот за работните односи и Законот за агенциите за привремено вработување. Во таа насока, во февруари беше организиран и семинар во врска со Конвенцијата бр.181 на Меѓународната организација на трудот (МОТ) за приватните агенции за вработување, во рамките на кој беа презентирани добрите практики и искуства на соработка помеѓу приватните и јавните агенции за вработување.

Во текот на годината, со поддршка од страна на Програмата MATRA-FLEX на Владата на Кралството Холандија, се имплементираше Проектот „Техничка помош за подобрување на националното трудово законодавство и пракса преку зајакнување на интегрираниот пристап на флексигурност“. Во рамките на овој проект, беше обезбедена експертска помош од Министерството за социјални работи и вработување на Холандија, а беше организирана и студиска посета за претставници од Министерството за труд и социјална политика и социјалните партнери од Македонија, со цел запознавање со функционирањето и имплементацијата на интегрираниот пристап на флексигурноста на пазарот на трудот и пренесување на позитивните искуства во овој дел.

Во октомври со поддршка од страна на TAIEX инструментот на Европската унија, се одржа и работилница на тема „Транспонирање на европското законодавство во делот на заштитата на работниците во случај на несолвентност на работодавачот“. Преку оваа работилница претставниците на македонските институции и социјалните партнери поблиску се запознаа со конкретните искуства и практики во транспонирањето на Директивата 2008/94/ЕС во три земји-членки на Европската унија (Холандија, Франција и Словенија) кои ги презентираа своите искуства во однос на правната рамка, воспоставената административна структура (Гарантен фонд), начинот на функционирање и потребните човечки ресурси.

*Краткорочни приоритети*

- Во согласност со резултатите од извршената анализа на законодавството и утврдените приоритети, продолжува процесот на хармонизирање на националната трудова легислатива со Директивите на Европската Унија од оваа област, што останува приоритет и во наредната година.
- Ќе се подготви Закон за работни совети, во кој ќе се изврши транспонирање на одредби од Директивата 2002/14/ЕЗ на Европскиот Парламент и на Советот за општата рамка за информирање и консултирање на вработените во Европската унија, како и Директивата 2009/38/ЕЗ на Европскиот Парламент и на Советот и Директивата 2006/109/ЕЗ за адаптирање на Директивата 94/45/ЕЗ за формирање на Европски работни совети или постапки за претпријатија на ниво на заедница и група на претпријатија со цел информирање и консултирање на вработените. Во носењето на овие законски решенија ќе се обезбеди целосна вклученост и учество и на социјалните партнери.
- Ќе продолжат активностите насочени кон јакнење на капацитетите на стручните лица од институциите, како и останатите инволвирани страни, кои работат на проблематиката поврзана со трудово право, како во делот на изготвувањето на легислативата, така и во делот на нејзината практична имплементација и спроведување.
- Значително внимание ќе се посвети на јакнењето на капацитетите за доследната примена и спроведување на законската регулатива од областа на трудовото право, преку понатамошното јакнење на капацитетите на Државниот инспекторат за труд, организирањето на обуки за инспекторите од областа на работните односи, зголемувањето на нивната ефикасност и подобрувањето на квалитетот на инспекциските контроли.
- Во текот на 2011 година ќе отпочне имплементацијата на Проектот „Подобрување на борбата против непријавената работа“, финансиран преку Оперативната програма „Развој на човечките ресурси 2007-2013“ (IPA Компонентата 4). Проектот ќе обезбеди значително зајакнување на капацитетите на инспекциските служби, останатите релевантни институции, како и на социјалните партнери и создавање на услови за нивно поголемо, систематско и координирано учество во напорите за справување со непријавената работа.

*Среднорочни приоритети*

- Се планира изготвување на посебен закон за заштита на вработените во случај на несолвентност на работодавачот, во кој ќе се обезбеди транспонирање на Директивата 2008/94/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 22 октомври 2008 година, за заштита на работниците во случај на несолвентност на работодавачот, која ги заменува и кодифицира директивите 80/987/ЕЗ и 2002/84/ЕЗ.
- Во наредниот период и понатаму активно ќе се работи на јакнењето на капацитетите на институциите и социјалните партнери во областа на трудовото право, унапредување на легислативната рамка и нејзина доследна имплементација. И понатаму ќе бидат организирани обуки и останати активности и проекти за јакнење на капацитетите, во согласност со потребите, планираните задачи и можности.

### 3.19.2 **ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА**

*Тековна состојба*

Во текот на 2010 година, во согласност со утврдениот план и динамика, продолжи процесот на хармонизирање на националната легислатива во областа на безбедноста и здравјето при работа и транспонирање на релевантните директиви на Европската заедница во овој дел, при што беа донесени правилници во кои се транспонирани следниве директиви:

- Директива на Советот 98/24/ЕС за заштита на здравјето и безбедноста на работниците од ризици поврзани со хемиски агенси на работа (14-та индивидуална Директива); Директива на Комисијата 2000/39/ЕС со која се воспоставува прва листа на индикативни гранични вредности на професионално изложување за примена на Директивата 98/24/ЕС; Директивата на Комисијата 91/322/ЕЕС со која се воспоставуваат индикативни гранични вредности за примена на

Директивата 80/1107/ЕЕС и Директивата на Комисијата 2006/15/ЕС со која се воспоставува втора листа на индикативни гранични вредности на професионално изложување за примена на Директивата 98/24/ЕС и со која се изменуваат Директивите 91/322/ЕЕС и 2000/39/ЕС - транспонирани во донесениот *Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработените од ризици поврзани со изложување на хемиски супстанции* („Службен весник на Република Македонија“, бр.46/2010);

- Директива 2004/37/ЕС на Европскиот парламент и на Советот за заштита на работниците од ризици поврзани со изложување на канцерогени или мутантни супстанции при работа (6-та индивидуална Директива во согласност со членот 16(1) од Директивата 89/391/ЕЕС) - транспонирана во *Правилникот за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработени од ризици поврзани со изложување на канцерогени, мутагени и супстанци токсични за репродуктивниот систем* („Службен весник на Република Македонија “ бр. 110/2010).

Во завршна фаза на подготовка е *Правилникот за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработени од ризици поврзани со изложување на биолошки агенси*, во кој се врши транспонирање на Директивата 2000/54/ЕС на Европскиот парламент и на Советот од 18 септември 2000 година, за заштита на работниците од ризици поврзани со изложување на биолошки агенси на работа (7-ма индивидуална Директива во согласност со членот 16(1) од Директивата 89/391/ЕЕС).

Во процесот на изготвување на наведените подзаконски акти и транспонирањето на релевантните Директиви од областа на безбедност и здравје при работа, во текот на годината, беше обезбедена и дополнителна експертска подршка и размена на искуства преку TAIEX инструментот на Европската унија (за транспонирањето на Директивите за хемиски и за биолошки агенси), како и преку Програмата за билатерална соработка помеѓу Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија и Министерство за труд, општествени односи, семејство, солидарност и урбано живеење на Република Франција (за Директивата 2004/37/ЕС).

Со цел понатамошно јакнење на капацитетите на Државниот инспекторат за труд (ДИТ), во текот на годината, беа реализирани неколку семинари и работилници кои имаа за цел подобрување на знаењата, вештините и ефикасноста во спроведувањето на регулативата, меѓу кои обука и размена на искуства со експерти од областа од Република Франција за примената на прописите за безбедност и здравје при работа на привремени и мобилни градилишта, потоа обуки за зајакнување на капацитетите на инспекторите за безбедност и здравје при работа за примена на прописите во делот на изложување на хемиски супстанции и третирање на хемиски отпад, изложување на опасност од експлозивни атмосфери, дополнителни обуки за примена на прописите во градежништвото, итн. Исто така, со поддршка од Меѓународната организација за трудот беа организирани обуки за проценка на ризик, како и пренесување на искуства од држави членки на Европската унија за принципите и основите на безбедност и здравје при работа и модерно управување со безбедноста, искуства од вршењето на инспекциските надзори, итн. На овие обуки и семинари, беа вклучени сите инспектори од областа на безбедност и здравје при работа, како и претставници од останати релевантни организации, Македонското здружение за заштита при работа и претставници на социјалните партнери.

Во текот на годината, беше ставена во употреба нова софтверска Web-базирана апликација за потребите на ДИТ со која се овозможува функционално поврзување и размена на податоци и информации на ДИТ со повеќе релевантни институции (Централен регистар на Република Македонија, Управа за јавни приходи, Агенцијата за вработување на Република Македонија, Агенција за државни службеници, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, Центрите за социјална работа, Управен суд, Институт за јавно здравје на Република Македонија, Министерство за здравство и Заедницата на заштитни друштва). Исто така беше одржана соодветна обука на сите вработени во ДИТ за користење и употреба на новата софтверска апликација. Во тек се постапките за потпишување на договори за соработка и размена на податоци со институциите.

Изготвена е и ставена во функција и нова web-страница на ДИТ (http://www.dit.mk), преку која, меѓу другото работниците и работодавачите ќе можат да се информираат за своите права и обврски, а исто така ќе можат и да се пријавуваат прекршоци и неправилности во работењето. Паралелно со тоа, отворен е и call-центар (телефонски број: 151 31) на кој се пријавуваат работа на црно или други неправилности при работа.

Меморандум за разбирање, беше потпишан помеѓу ДИТ и Македонското здружение за заштита при работа за постојана меѓусебна комуникација и размена на информации за пријавените и идентификуваните повреди на работно место, извршените увиди и наоди од страна на Инспекторатот. Овој меморандум ќе придонесе кон континуирана меѓусебна комуникација и кон отстранување на проблемите и големите несогласувања кои се јавија во претходниот период во однос на информациите и извештаите за бројот на тешки повреди и смртни случаи при работа.

Во 2010 година, во согласност со одредбите од Законот за безбедност и здравје при работа, беше формиран и започна со работа Советот за безбедност и здравје при работа, како владино советодавно експертско тело за прашања од областа на безбедност и здравје при работа.

Во однос на лиценцираните фирми, односно овластени правни субјекти за вршење стручни работи за безбедност при работа, пропишана е соодветна постапка која вклучува комисиски испитувања на условите за испитување на кадровскиот потенцијал, техничките и други услови, согласно Правилникот за условите за вработените, организацијата, технички и други услови кои треба да ги исполни правното или физичкото лице за вршење на стручни работи и Правилникот за постапката и висината на трошоците за издавање овластување за вршење на стручни работи за безбедност при работа на правното или физичкото лице. До овој момент овластени се вкупно 15 правни субјекти за вршење на стручни работи за безбедност при работа.

*Краткорочни приоритети*

Националната програма за безбедност и здравје при работа е во фаза на изготвување и истата ќе биде финализирана и усвоена во првиот квартал на 2011 година. Во рамките на овој документ ќе биде утврдена стратегија за развој на безбедноста и здравјето при работа, во однос на заштитата на животот, здравјето и работоспособноста на вработените и спречување на повреди при работа, како и професионални и други болести поврзани со работењето. Исто така, ќе биде изготвен и Акционен план за практична имплементација на Програмата.

Во текот на 2011 година ќе бидат изготвени измени и дополнувања на Законот за безбедност и здравје при работа, во кои ќе бидат земени во предвид и инкорпорирани коментарите и забелешките на Европската комисија (DG EMPL) за усогласеноста на Законот со рамковната Директива од областа на здравје и безбедност при работа - 89/391/EEC, презентирани на Мисијата од областа на безбедност и здравје при работа, што се одржа во Македонија кон крајот на јуни 2010 година.

И понатаму, согласно утврдениот план и динамика, како еден од главните приоритети во оваа област, ќе продолжи процесот на хармонизација на националната легислатива со директивите на Европската Заедница во областа на здравје и безбедност при работа.

Во текот на 2011 година ќе бидат изготвени правилници од областа на безбедност и здравје при работа, со кои ќе се изврши транспонирање на следните Директиви на Европската Заедница:

- Директива на Советот 92/85/EEC од 19 октомври 1992 година за воведување на мерки за поттикнување на подобрувањето во безбедноста и здравјето на работа на бремените работнички и работнички кои неодамна се породиле или дојат (десетта посебна Директива со значење на член 16 (1) од Директива 89/391/EEC);
- Директива на Советот 92/91/EEC од 3.12.1992 година, за минималните барања за подобрување на безбедноста и здравјето на работниците во индустриите за вадење на минерали со бушење (11-та индивидуална Директива во согласност со членот 16(1) од Директивата 89/391/EEC).

Ќе продолжи и реализацијата на активности насочени кон континуирано зајакнување на административните капацитети за доследно спроведување на законската регулатива во областа на безбедност и здравје при работа. Ќе бидат реализирани различни активности за јакнење на капацитетите, зголемување на знаењето и стручноста на инспекторите од ДИТ. Меѓу другото, планирани се семинари и работилници за пренесување на искуства во однос на практична имплементација на подзаконските акти за безбедност и здравје на вработените на работниот простор, за употреба на опрема за работа, за заштита од ризик од бучава и др. За реализација на овие предвидени активности, ќе биде обезбедена и експертска подршка од странски експерти, а исто така за јакнење на капацитетите и подобрување на знаењата и експертизата во оваа област, за претставници од ДИТ е планирано и реализирање на студиска посета во Република Франција, со поддршка од TAIEX инструментот на Европската унија, која ќе има за цел подобро запознавање со француските искуства во практичната имплементација на легислативата за безбедност и здравје при работа, а особено со директивите за работа на привремени и мобилни градилишта и за ризиците поврзани со изложување на азбест.

ДИТ ги отпочна активностите за обезбедување на услови и воспоставување на процедури за размена на податоци, како и за консолидирано собирање и евидентирање на податоците за несреќите при работа во државата. За таа цел од страна на ДИТ беа изготвени Меморандуми за соработка со поголем број на релевантни институции и органи кои ќе обезбедат размена и користење на соодветните податоци и информации со кои тие располагаат, меѓу кои и податоците за несреќи при работа. Овие Меморандуми за соработка се во завршна фаза на изготвување и истите ќе бидат потпишани од страна на ДИТ и останатите институции во првиот квартал на 2011 година. Се планира потпишување на вакви меморандуми со

Агенцијата за вработување, Агенцијата за државни службеници, Управа за јавни приходи, Централниот регистар, Министерство за внатрешни работи, Министерство за здравство, Заводот за јавно здравство, Институт за медицина на трудот, Фондот за здравствено осугурување, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Министерството за транспорт и врски, Државен инспекторат за техничка инспекција, Државен инспекторат за транспорт, Државниот завод за статистика, Царинската управа, Управен суд. Една од целите на овие меморандуми, покрај полесна, побрза и поефикасна размена на податоците, е и поефикасно и консолидирано евидентирање на сите повреди при работа, тешки повреди со смртни последици, како и повредите во рударство и повредите во јавниот сообраќај. ДИТ, по потпишувањето на овие меморандуми и отпочнувањето на размената на податоците, ќе располага со една единствена база на податоци, по што и ќе биде во можност да изготвува редовни месечни извештаи.

*Среднорочни приоритети*

На среден рок ќе продолжи процесот на усогласување со acquis, од областа на безбедност и здравје при работа. Во рамките на овој процес, планирано е изготвувањето на подзаконски акти/правилници, во рамките на кои ќе бидат транспонирани следниве директиви:

- Директива на Советот 2004/40/ЕС на Европскиот Парламент и на Советот од 29 април 2004 година за минималните барања за безбедност и здравје на вработените изложени на физички агенси - електромагнетни полиња;
- Директива на Советот 92/104/ЕЕС од 3 декември 1992 година, за минималните барања за подобрување на безбедноста и здравјето на работниците во индустриите за површинска и подземна експлоатација на минерали (12-та индивидуална Директива во согласност со членот 16(1) од Директивата 89/391/ЕЕС);
- Директива на Советот 93/103/ЕС од 23 ноември 1993 година, за минималните барања за безбедност и здравје за работа на рибарски бродови (13-та индивидуална Директива во согласност со членот 16(1) од Директивата 89/391/ЕЕС);
- Директива 2006/25/ЕС на Европскиот парламент и на Советот од 5 април 2006 година, за минималните барања за здравје и безбедност на вработените изложени на ризици од физички агенси-вештачко оптичко зрачење (19-та индивидуална Директива во согласност со членот 16(1) од Директивата 89/391/ЕЕС).

Континуирано ќе продолжи организирањето и реализацијата на активности за понатамошно зајакнување на административниот капацитет на ДИТ, подобрување и унапредување на спроведувањето на постојната регулатива во делот на безбедност и здравје при работа, како и активното вклучување на социјалните партнери во сите фази на изготвување на регулативата од оваа област и во нејзината практична имплементација на терен.

### 3.19.3 **СОЦИЈАЛЕН ДИЈАЛОГ**

*Тековна состојба*

Во насока на развој и поттикнување на социјалниот дијалог, активностите кои се реализираа во текот на 2010 година беа насочени кон определување на репрезенативни синдикати и здруженија на работодавачи, како предуслов за развој и унапредување на функционален и ефикасен социјален дијалог.

- Согласно утврдени критериуми за репрезентативност и пропишаната процедура и постапка, со статус на репрезенативни синдикати на национално ниво се стекнаа два синдикати и една организација на работодавачи. На ниво на гранка, со статус на репрезентативност се стекнаа 16 синдикати.
- Владата на Република Македонија заедно со репрезентативните синдикати и репрезентативната организација на работодавачите на национално ниво, во август 2010 година потпишаа нова Спогодба за основање на Економско-социјалниот совет, со која попрецизно се дефинираа составот и надлежностите на ова тело. Економско-социјалниот совет има советодавно-консултативна улога при креирање и имплементација на економски и социјални стратегии и политики и ќе има влијание во создавањето на услови за економска и социјална стабилност во земјата. По потпишувањето на Сопогодбата, одржани се две седници на Советот, од кои првата беше конститутивна, а на втората се разгледуваше Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2010 година, а беа дискутирани и одделни предлози за изменување и дополнување на закони.
- Во рамки на процесот на консултирање и активна вклученост на социјалните партнери, репрезентативните синдикати и организацијата на работодавачите учествуваа и во подготовката на измените на Законот за работните односи, како и во работата на надлежната Собраниска комисија при неговото разгледување. Согласно измените и дополнувањата на Законот за работните односи, се реализира и постапката на пререгистрација на синдикатите и здруженија на работодавачи на повисоко ниво и регистрација на нови синдикати и здруженија на работодавачи.

- Социјалните партнери активно партиципираа и на состаноците на Заедничкиот консултативен комитет за граѓанското општество на Европската унија и Република Македонија. Преку одржаните состаноци на Комитетот, учесниците меѓу кои и социјалните партнери, имаа можност да се запознаат и да дадат свои видувања во однос на состојбите со воспоставувањето на репрезентативен социјален дијалог во државата, прашања поврзани со процесот на европска интеграција на Република Македонија, како и подготвеноста на македонските институции за отпочнување на процесот на преговори за членство во ЕУ, а се дискутираше и за транспортната политика во државата, во регионот и во рамките на ЕУ.
- Во рамки на процесот на бипартитниот социјален дијалог на национално ниво направени се измени и дополнувања на 7 колективни договори (1 општ и 6 грански).
- Во текот на 2010 година, организирани и имплементирани се поголем број на активности кои имаа за цел јакнење на капацитетите на социјалните партнери. Така, се организираа повеќе обуки, работилници, семинари и конференции со поддршка од страна на Меѓународната организација на трудот во врска со бипартитниот социјален дијалог на ниво на гранка и претпријатие, разгледување на можности за ратификација на конвенции на Меѓународната организација на трудот, трудовите стандарди, соработка на јавните и приватните служби за вработување, обуки за зајакнување на капацитетите на Државниот инспекторат за труд и социјалните партнери за спроведување и развој на практиките за процена на ризикот во претпријатијата, мирно решавање на трудови спорови на ниво на претпријатие, како и социјален дијалог за медиумите. Социјалните партнери учествуваа и на регионална трипартитна конференција посветена на улогата на Економско-социјалните совети во време на криза, како и на годишната Меѓународна Конференција на трудот во Женева.
- Во рамките на програмата за соработка помеѓу министерствата за труд и социјална политика на Македонија и Словенија беше организиран семинар за функционирањето на социјалниот дијалог и социјално партнерство.
- Посебен семинар на тема „Социјален дијалог“ на кој учествуваа и социјалните партнери, се одржа со поддршка од страна на TAIEX инструментот на Европската унија, на кој беа презентирани состојбите во оваа област на ниво на ЕУ и поконкретно во неколку земји-членки на Унијата.
- Со цел зајакнување на капацитетите на социјалните партнери, истите учествуваа и на повеќе други настани и семинари во делот на евалуација на активните политики за вработување, ИПА проектите поврзани со политиките за вработување, легислативата за заштита на работниците во случај на инсолвентност на нивните работодавачи, зајакнување на интегрираниот пристап на флексигурноста на пазарот на труд, дизајнирање и имплементација на националната рамка на квалификации итн.
- Се одвиваа и активности за потикнување и јакнење на социјалниот дијалог на локално ниво. Како една од активностите во овој дел, со поддршка на УСАИД се одржа работилница за подготовка на предлог проекти за користење на средства од ИПА фондовите, на која учествуваа членовите на Економско-социјалниот совет на општината Куманово, како и претставници на социјалните партнери од соседните општини.
- Започнати се активности за јакнење на социјалното партнерство и учеството на социјалните партнери на сите нивоа и фази во стручното образование и обука. Во таа насока во октомври се потпиша Протокол за социјално партнерство во областа на стручното образование и обука, прв од ваков вид во Македонија, кој има за цел пред сé, да помогне во прилагодувањето на стручното образование и обуката кон потребите на работодавачите.
- Потпишан е Меморандум за соработка со Меѓународната организација на трудот и сите регистрирани синдикати и здруженија на работодавачи на национално ниво, за имплементација на „Националната програма за пристојна работа 2010-2013“, која има за цел да ги имплементира дефинираните приоритети за развој на пристојна работа на национално ниво.

*Краткорочни приоритети*

- Во наредниот период ќе се преземаат активности за зголемување на ефикасноста на работата на Економско-социјалниот Совет, како и мерки и активности за зголемено учество на социјалните партнери во целокупниот процес на развој и имплементација на политиките од областа на економската и социјална сфера, имајќи ги во предвид и меѓународните искуства.

- Истовремено ќе се настојува да се поттикнува трипартитниот дијалог и на локално ниво, како и бипартитниот социјален дијалог преку колективното договарање на ниво на гранка и на ниво на претпријатие.

- Особено внимание ќе се посвети на понатамошно подобрување и јакнење на капацитетите на социјалните партнери со цел да се овозможи нивно поголемо влијание во развојот и имплементација на социјалните политики и политиките за вработување. За таа цел во текот на годината ќе се реализираат поголем број на обуки, семинари, работилници, конференции и слични настани за јакнење на капацитетите во кои активно ќе бидат вклучени социјалните партнери. Исто така, од големо значење ќе биде и планираното активно вклучување на социјалните партнери во

имплементацијата на поголем број на активности во рамките на Twinning Проектот за „Поддршка на политиките за вработување“, во рамките на кој ќе се безбеди и јакнење на капацитетите и на социјалните партнери за долгорочни предвидувања и проекции на пазарот на трудот и мониторинг и оценка на политиките и програмите за вработување.

*Среднорочни приоритети*

- Како еден од приоритетите во наредниот период е постојаната поддршка на механизмите за ефикасно и континуирано функционирање на социјалниот дијалог на сите нивоа, како и зајакнување на капацитетите на социјалните партнери за нивна активна партиципација во креирањето и водењето на политиките и мерките од економската и социјалната сфера, учество во подготовката на законската регулатива преку работа во работните групи во Економско- социјалниот совет.

- Преку имплементација на Програмата за пристојна работа 2010-2013 дополнително и понатаму ќе се зајакнуваат капацитетите на социјалните партнери, што ќе придонесе и кон подобрување на можностите за нивното активно вклучување во Европскиот социјален дијалог, по зачленувањето на Македонија во ЕУ.

### 3.19.4 **ПОЛИТИКА НА ВРАБОТУВАЊЕ И ЕВРОПСКИ СОЦИЈАЛЕН ФОНД**

*Тековна состојба*

***<u>Политика на вработување</u>***
Политиките на пазарот на трудот во 2010 година беа насочени кон креирање и имплементација на политики за вработување кои ќе влијаат врз задржување на позитивниот тренд на пазарот на трудот и имаа за цел пред сé, усогласување на понудата и побарувачката на работна сила и креирање нови работни места, согласно потребите на пазарот на трудот, зголемување на вработливоста на невработените лица, како и натамошно подобрување на капацитетите на институциите на пазарот на трудот.

За остварување на планираните цели во делот на усогласување на понудата и побарувачката на работната сила и креирање на нови работни места согласно потребите на пазарот на трудот, поттикнување за вработување на невработени лица кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот, зголемување на вработливоста, намалување на сивата економија, Владата на Република Македонија во 2010 година изготви и го имплементираше годишниот Оперативен план за активни програми и мерки за вработување.

Согласно Оперативниот план и оваа година се имплементираат различни видови на програми и мерки насочени кон различни целни групи на невработени лица и тоа преку поддршка за самовработување, формализација на постојни бизниси, поддршка за дополнителни вработувања во фирми регистрирани преку програмите за самовработување во 2007 и 2008 година, подготовка за вработување, субвенционирање на вработување, програма за практиканство-како поддршка за прво вработување на млади лица, економско јакнење на жени жртви на семејно насилство, како и програми за поддршка за вработување на Роми и инвалидни лица. За реализација на Оперативниот план за 2010 година беа обезбедени 526,843,350 денари, со планирано вработување или ангажирање на 6,947 невработени лица.

Покрај тоа, во текот на оваа година се продолжи со имплементација и на Програмата за самовработување со кредитирање, со искористување на средствата од доспеаните рати од страна на корисниците на кредит во 2008 и 2009 година. Преку оваа програма се одобруваат кредити по поволни услови за самовработување на долгорочно невработени лица и невработени млади лица до 27 годишна возраст, невработени лица корисници на паричен надоместок по основ на невработеност и постари невработени лица над 55 годишна возраст. Вкупниот износ на расположиви средства изнесува 115,074,336 денари и се планира до крајот на 2010 година да се одобрат кредити за вработување на 600 невработени лица.

Продолжија активностите за спроведување на процесот на оценка на ефектите од имплементацијата на активните политики за вработување. Согласно ова, се изготви Извештај за оценка на ефектите од активните мерки на пазарот на трудот-програмата за Формализација на постојните бизниси, имплементирана како дел од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување во 2008 година. Резултатите во Извештајот покажуваат дека уште во првата година од спроведување на програмата постојат нето придобивки за економијата, а за буџетот - после петатта година, при што се покажа дека од вкупно 113 регистрирани претпријатија 79 се активни, што претставува 70% од вкупниот број поджани претпријатија. Истите сеуште вработуваат 102 лица, односно 90% од вкупниот бројот на вработени лица.

Исто така, редовно се следеше имплементацијата на политиките за вработување утврдени согласно Националната стратегија за вработување 2010 и Националниот акционен план за вработување 2009-2010 година, од страна на меѓуинституционална работна група со учество и на социјалните партнери, пред сé заради согледување на ефектите од нивна имплементација. За ова се подготви и Извештај во кој, покрај резултатите од релизацијата на планираните програми, се дадени и соодветни препораки кои треба да се имаат во предвид и се во насока на реформи на пазарот на трудот.

Во октомври 2010 година се потпиша Протокол за социјално партнерство во областа на стручното образование и обука, прв од ваков тип во Македонија, кој ќе помогне во прилагодувањето на стручното образование и обука кон потребите на работодавачите. Основната цел на овој Протокол е да обезбеди партнерство со кое ќе се овозможи да преку стручното образование и обука, работната сила се здобие со вештини и знаења потребни за пазарот на трудот, со што ќе се зголеми и конкурентноста на работната сила. Потписници на протоколот се министерствата за труд и социјална политика, за образование и наука и за економија, Агенцијата за вработување, Центарот за стручно образование и обука, Заедницата на единиците на локална самоуправа (ЗЕЛС), повеќе организации на работодавачи и стопански комори и Синдикатот на образование, наука и култура.

Во текот на годината се изврши селекцијата на twinning партнерот со кого заеднички се работеше и на утврдувањето на работниот план за twinning проектот „Поддршка на политиките за вработување", што се финансира во рамките на IPA Компонентата 4 и чијашто имплементација ќе отпочне на почетокот на 2011 година. Во рамките на овој Проект ќе се работи на зајакнување на капацитетите на вработените во Министерството за труд и социјална политика и во другите надлежни органи и институци и социјалните партнери за долгорочно предвидување на пазарот на трудот и за следење и евалуација на политиките за вработување.

Во текот на годината се продолжи со реализација на активности за јакнење на националните капацитети за креирање и имплементирање на политики на пазарот на труд. Меѓу другото, со поддршка од TAIEX инструментот на Европската Унија, се одржа семинар во врска со Стратегијата за вработување, со специјален фокус на евалуацијата на активните политики за вработување, ИПА проектите поврзани со политиките за вработување и моменталната состојба во државата во однос на евалуацијата на активните политики за вработување.

АВРМ во 2010 година продолжи со континуирани активности за зајакнување на сопствените капацитети за ефикасна имплементација на политиките за вработување, нивно континуирано следење и оценка на успешноста, како и со активностите за имплементација на Новиот модел за услуги во сите Центри за вработување. Во текот на годината, беа воведени и новите видови на услуги за невработените лица и работодавачите, т.е. Отворената канцеларија и Службата за информирање - Call центар, а се работеше и на реконструкција на просторните услови. Унапреден е и ИТ системот со целосна имплементација на софтверската апликација за поддршка на целокупното работење на АВРМ, а имплементиран е и нов софтвер за електронски услуги за вработување преку web-порталот. Со имплементацијата на оваа современа комуникациска алатка се подобри квалитетот на постојните услуги и се воведоа нови услуги за самоинформирање, посредување при вработување и кариерно насочување по електронски пат. Од технички аспект, направена е надградба на ИТ системот во АВРМ за електронска пријава/одјава за агенциите за привремени вработувања, како и обезбедување на пристап на Државниот инспекторат за труд во базата на пријави/одјави на работен однос.

Во текот на 2010 година се реализираа и голем број на обуки за вработените АВРМ, при што со разни видови на обуки беа опфатени сите вработени. Темите на обуките беа поврзани со различни аспекти од работењето на АВРМ, како на пример: спроведување на активните програми и мерки за вработување, обуки за проектен менаџмент; имплементација на активностите согласно Новиот модел на услуги, обуки за пазарот на трудот и анализа на потребите од вештини на пазарот на трудот, примена на новите софтверски апликации во АВРМ, подготовка на индивидуални планови за вработување на невработени лица, обуки за call центарот, обуки за ИПА проекти поврзани со активните политики за вработување и други видови обуки. Беше изготвен и соодветен промотивен материјал за невработените лица и работодавачите - брошура за електронските услуги за вработување.

***Европски Социјален Фонд***

Во насока на ефективно искористување на финансиските средства од Инструментот за претпристапна помош, Оперативната структура за IPA компонентата 4 работеше на подготвување на тендерската документација и на реализација на тендерските постапки за проектите предвидени со Оперативната програма „Развој на човечките ресурси 2007-2013", за финансиските алокации за периодот 2007-2009 година.

Во четвртиот квартал на 2010 година започна да се имплементира и првиот проект во рамки на компонентата 4 во областа на вработување.

Оперативната програма „Развој на човечките ресурси 2007-2013“ беше ревидирана и одобрена на 24.11.2010 година од страна на Европската комисија со одлука бр.C(2010) 8350/1, со што беа додадени нови финансиски алокации за периодот 2010-2011.

Информациите за постигнатиот прогрес во однос на институционалниот и административниот капацитет за апсорпција на компонентата 4 од IPA се наведени и во *Поглавјето 22 „Регионална политика и координација на структурни инструменти“*.

*Краткорочни приоритети*

***<u>Политика на вработување</u>***

Во наредниот период ќе се продолжи со реформи на пазарот на трудот, односно дефинирање на главните предизвици на пазарот на трудот, согласно Европската економска стратегија – Европа 2020, за што ќе се подготват и национални стратешки и оперативни документи. Во истите ќе се предвидат мерки за намалување на структурната невработеност, развој на квалификувана работна сила која одговара на потребите на пазарот на трудот, прилагодување на системот на стручното образование и обука според потребите на пазарот на трудот, дополнето со ефикасни неформални облици на образование (доживотно учење), унапредување на социјалната инклузија, намалување на сиромаштијата, сивата економија и слично.

Во претстојниот период, ќе се имплементира новиот годишен Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2011 година, како и Програмата за самовработување со кредитирање, со цел да се влијае врз подобрување на состојбите и намалување на стапката на невработеност кај најранливите категории на невработени лица. Согласно Оперативниот план, во рамките на обезбедените средства, ќе се имплементираат програми и мерки кои ќе обезбедат различни видови на поттикнување и поддршка на невработените лица, пред сé на младите невработени лица, жените, повозрасните лица, посебните ранливи социјални групи, како и програми за подобрување на вештините на невработените лица, согласно потребите на пазарот на трудот.

Во текот на годината ќе се имплементира Проектот „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени“, ко-финансиран од Европската унија во рамките на Оперативната Програма „Развој на човечките ресурси 2007-2013“ (IPA Компонента 4). Овој проект ќе се реализира преку доделениот директен грант на АВРМ, кој ќе претставува директна поддршка на активните мерки и програми за вработување, кои се имплементираат од страна на АВРМ и ќе има за цел да обезбеди полесно интегрирање на пазарот на трудот на младите лица, долгорочно невработените и жените, преку подобрување на нивната вработливост, односно зголемување на нивните компетенции, знаења и вештини. Со овој проект ќе бидат опфатени неколку активни програми и мерки за вработување и тоа практиканство, као поддршка за прво вработување на млади лица до 27-годишна возраст, обуки за општи вештини и обуки за вештини според потребите на пазарот на трудот. Реализацијата на проектот ќе трае 15 месеци.

Во почетокот на 2011 година ќе отпочне и практичната имплементацијата на Twinning Проектот „Поддршка на политиките за вработување“, ко-финансиран од Европската унија преку IPA Компонентата 4. Главната цел на овој проект е обезбедување на поддршка за воспоставување на систем за долгорочно предвидување на пазарот на трудот и развој на капацитетите во Министерството за труд и социјална политика и останатите релевантни институции и социјалните партнери за долгорочно предвидување на пазарот на трудот, како и за мониторинг, евалуација и известување за политките за вработување. Со имплементација на овој проект ќе се изврши оценка на постојните капацитети за долгорочно планирање, ќе се развие систем за долгорочно планирање преку соодветни методи, техники, постапки и соодветна институционална рамка. Ќе се обезбеди и соодветна обука на стручните лица за долгорочно планирање на пазарот на трудот, ќе се зајакне меѓуинституционалната соработка и координација и соработката со социјалните партнери во врска со овие прашања. Со развивање на системот за следење и оценување на политиките за вработување, ќе се направи проценка на постоечките политики, ќе се идентификуваат предизвиците, ќе се создаде детален систем за следење и оценка на политиките и програмите за вработување, во согласност со Европската стратегија 2020, ќе се воведат индикатори потребни за исполнување на европските обврски, како и целосно вклучување на насоките за вработување.

Во текот на годината редовно ќе се следи текот на имплементацијата на активните програми и мерки за вработување, што ќе претставува основа за дизајнирање на програмите и мерките за наредната година.

Ќе се продолжи со јакнење на капацитетите на институциите одговорни за планирање, креирање, следење и имплементација на политиките на пазарот на трудот, а ќе се настојува да се обезбеди и поголемо вклучување и на социјалните партнери во фазата на подготовка и имплементација.

Исто така, активно ќе продолжи имплементацијата на активности насочени кон јакнење на капацитетите на АВРМ и другите релевантни институции во делот на пазарот на труд, креирањето и имплементацијата на политиките за вработување.

Во однос на АВРМ, во текот на 2011 година, ќе отпочне и имплементацијата на Проектот за „Модернизација на АВРМ", ко-финансиран од Европската унија, преку IPA Компонентата 4. Целта на проектот е понатамошна модернизација на АВРМ, подобрување на квалитетот, ефикасноста и ефективноста на услугите што ги обезбедува за работодавачите и невработените лица. На долг рок, проектот се очекува да допринесе во подготовка на АВРМ соодветно да одговори на предизвиците што ќе произлезат во процесот на приближување на Република Македонија кон ЕУ на полето на политиките за вработување.

Во рамките на континуираниот развој на информациониот систем на АВРМ, ќе бидат преземени активности во насока на понатамошна надградба на ИТ системот со цел интегрирање на едношалтерскиот систем на Централниот регистар на РМ - фаза 2 (можност за новорегистрираните фирми од приватниот сектор да направат пријава за заснован работен однос за овластените лица на фирмата на самиот ден на регистрација во Централниот регистар).

***<u>Европски Социјален Фонд</u>***

Приоритет на краток рок е имплементација на Оперативната програма „Развој на човечките ресурси 2007-2013". За таа цел, ќе се продолжи со комплетирање на тендерските постапки за проектите предвидени со финансиските алокации за периодот 2007-2009 година. Во првата половина на 2011 година се очекува да започне практичната имплементација на најголем дел од овие планирани проекти. Исто така, врз основа на ревидираната Оперативна програма „Развој на човечките ресурси 2007-2013", Оперативната структура за IPA компонентата 4, во текот на 2011 година ќе подготвува нови проекти за финансиските алокации 2010-2011 година во делот на развој и имплементација на политики за вработување, образование и обука и социјална инклузија. Исто така, ќе се спроведе среднорочна евалуација на имплементацијата на Оперативната програма „Развој на човечките ресурси 2007-2013". Врз основа на резултатите од оваа евалуација ќе се планира ревидирање на Оперативната програма.

Во функција на ефикасна и ефективна имплементација на Оперативната програма, Оперативната структура за IPA компонентата 4 ќе биде поддржана и со twinning проектот „Поддршка за подготовка на земјата за управување со Европскиот социјален фонд, преку спроведување на IPA компонентата-Развој на човечките ресурси". Практичната имплементација на овој проект ќе започне во првиот квартал на 2011 година. Целта на овој проект е да се зајакнат капацитетите на Оперативната структура и да се обезбеди ефикасна примена на воспоставените процедури, особено на ресорните министерства надлежни за спроведување на Оперативната програма во согласност со IPA регулативата, како и да се подобри меѓуресорската и меѓуинституционална соработка и соработката со други институции/организации директно или индиректно вклучени во имплементацијата на Оперативната програма.

Информациите за краткорочните приоритети во однос на институционалниот и административниот капацитет за апсорпција на IPA компонентата 4 се елаборирани во *Поглавјето 22 „Регионална политика и координација на структурни инструменти"*.

*Среднорочни приоритети*

***<u>Политика на вработување</u>***

Ќе се продолжи со реализација на Twinning Проектот „Поддршка на политиките за вработување", како и имплеменатција на политики кои ќе бидат насочени кон зголемување на стапката на вработеност и намалување на стапката на невработеност. Како основни приоритети во делот на политиките за вработување на среден рок, и понатаму остануваат потребата од зголемување на средствата и опфатот на целните групи, следење на имплементацијата на политиките за вработување, евалуација на постигнатите резултати од имплементираните програми и мерки, како и искористување на овие резултати и оценки во циклусот на креирање на програми и мерки за вработување.

Во наредниот период ќе се реализираат и понатаму активности за понатамошно јакнење на капацитетите на релевантните субјекти во планирањето, креирањето, имплементација, следењето и оценувањето, зајакнување на

меѓуинституционалната соработка за успешноста на политиките за вработување преку обуки, семинари и работилници, како и поголема вклученост на социјалните партнери во процесот на креирање и имплеменатција на политиките за вработтување.

Планираните активности за зголемување на вработеноста и понатаму ќе се реализираат преку политики и мерки насочени кон поттикнување и подршка за вработување на невработени лица кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот (млади, долгорочно невработени лица, жени, лица со хендикеп и др.), заради зголемување на нивната вработливост и конкурентноста на пазарот на трудот, како и намалување на сивата економија.

***<u>Европски Социјален Фонд</u>***

На среден рок, приоритетно е да се обезбеди ефективна и ефикасна имплементација на Оперативната програма „Развој на човечките ресурси 2007-2013". За таа цел, ќе продолжи имплементацијата на започнатите проекти.
Се планира ревизија на Оперативната програма, како и развој и имплементација на проекти за финансиските алокации 2012-2013 година.

И понатаму ќе се унапредува институционалниот капацитет за управување и апсорпција на IPA компонентата 4, преку оптимизација на структурите и натамошно подобрување на кадровските капацитети и процедури.

За информации за среднорочните приоритети во однос на институционалниот и административниот капацитет за апсорпција на IPA Компонентата 4, види *Поглавје 22 „Регионална политика и координација на структурни инструменти"* од IPA.

### 3.19.5 **СОЦИЈАЛНА ВКЛУЧЕНОСТ**

*Тековна состојба*

Во текот на 2010 година континуирано се реализираа активности кои се во функција и поддршка на подготовките на државата за отпочнување на процесот на изготвување на JIM (Заедничкиот меморандум за социјална инклузија) и партиципацијата во Отворениот метод на координација, преку јакнењето на партнерскиот приод помеѓу сите засегнати страни за прашањата од областа на социјалното вклучување.

Во октомври 2010, усвоена е *Националнта стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост* во Република Македонија 2010-2020, документ во кој се предвидени мерки и активности за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост преку подобро користење на расположливите човечки и материјални ресурси, подобрување на условите за живот и работа на граѓаните, системско и институционално содејство во функција на побрз развој, повисок стандард и поквалитетно живеење. Подготовката на Стратегијата е резултат на еден широк процес на консултации меѓу релевантните институции на национално и локално ниво, невладиниот сектор, социјалните партнери, академски професори и експерти од областа, како и ранливите социјални категории на население. Во рамките на овој процес формирана е *Македонската Платформа против сиромаштија (МППС)*, како сојуз во кој моментално членуваат 35 граѓански организации. Оваа платформа активно беше вклучена и во одбележувањето на Европската 2010 година за борба против сиромаштијата и социјалната исклученост. Во тек е изработката на Оперативниот план за 2011 година за имплементација на Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјална исклученост.

Кон крајот на годината отпочната е јавна кампања за борба против сиромаштијата и социјалната исклученост, организирана од страна на Македонската платформа и Министерството за труд и социјална политика, како партнер во активностите за подигнување на свеста кај сите актери за постоење на проблемите и изнаоѓање на решенија за искоренување на сиромаштијата.

Согласно ревидираните Национални акциони и Оперативни планови од Декадата и Стратегијата за Роми, во текот на оваа година, продолжи имплементацијата на активностите и програмите од приоритетните области за подобрување на социјалната инклузија на Ромите. Во таа насока, реализирани се повеќе проекти и активности, меѓу кои:

- вклучување на Ромските деца во предучилишно образование (детските градинки), проект кој се реализираше со активно учество и на локалната самоуправа во 19 детски градинки низ државата и во кој во учебната година (2009/2010) беа опфатени 367 деца Роми на возраст од 4.5 до 5.5 години;

- обезбедување на поддршка на функционирањето на Ромските информативни центри, формирани како линк помеѓу ромската заедница и институциите на локално и национално ниво. Организирани се и повеќе обуки за вработените во овие центри;
- имплементација на проект за јакнење на капацитетите за превенција на илегална миграција и трговија со луѓе кај ромската заедница. Во проектот беа вклучени и невладини ромски организации, се обезбеди зајакнување на работните вештини на повеќе од 100 Роми, преку стручни курсеви и тренинзи на работното место;
- имплементирање на активни мерки за вработување на Роми, преку организирање на обука за занаети;
- продолжување на активностите за изготвување/ревидирање на локални акциони планови за вклучување на Роми. Подготвена е нацрт-верзија на Локален акционен план за вработување на општина Велес и ревидирани се Локалните акциони планови за вработување за Куманово и Штип;
- се потпиша Меморандум за соработка со мисијата на ОБСЕ во Република Македонија, согласно кој беше обезбедена експертска поддршка за оценка на имплементацијата на Акциониот План за Ромите во областите на ОБСЕ во Македонија;
- во рамките на претседавањето на Македонија со Комитетот на министри при Советот на Европа, се организираше Регионална конференција на тема „Обезбедување на пристап на Ромите до документи за лична идентификација - регионален предизвик", на која беа дискутирани овие релевантни прашања и беа предложени соодветни препораки за понатамошно дејствување;
- програма за стипендирање на средношколци Роми за учебната 2009/2010 година, со цел зголемување на бројот на Роми со завршено средно образование, подобрување на успехот и стапката на задржување;
- на почетокот на годината започна изградбата на средно училиште во Општината со ромско население - Шуто Оризари во Скопје;
- со финансиски средства издвоени од Буџетот, од локалната самоуправа и од странски донации се реализираат проекти за изградба и подобрување на инфраструктурата, во делот на водоснабдителните и канализационите системи, за изработка на урбанистички планови, реконструкција на улици во 5 населби во кои живее ромско население;
- реализирање на активности за подобрување на пристапот кон здравствени услуги и континуиран опфат на ромското население во системот на здравствена заштита;
- Подготвена е Програма за работа на Ромски здравствени медијатори, кои меѓу другото, ќе обезбедуваат едукација на ромската популација во делот на здравствената заштита, учество во кампањи за промоција на здравјето, имунизацијата итн.

Во насока на подобрување на правичната зстапеност на припадниците на помалите етнички аедници во тек е постапката за нови 328 вработувања на припадници на помалите етнички задници (Турци, Роми и други).

Во однос на употребата на јазикот на немонозинските заедници во Република Македонија, има подобрување на употребата на јазиците во работата на Собранието на Република Македонија, посебно во делот на работата на комисиите на Собранието, како и во единиците на локалната самоуправа, во делот на преведување на работните материјали за работата на општинските совети. Сите општини во кои се зборува повеќе од еден јазик на заедниците во Република Македонија, се опремени со кабини за симултан превод.

Во однос на спроведувањето на Стратегијата за деинституционализација, во текот на 2010 година, отворени се дополнителни 5 станбени единици во кои се сместени (деинституционализирани) 21 корисници од Специјалниот Завод „Демир Капија". Исто така извршена е и обука на 24 лица за работа со овие корисници. Во рамките на имплементацијата на процесот на деинституционализација, до сега вкупно се отворени 13 станбени единици во кои се сместени вкупно 54 корисници - штитеници од СЗ „Демир Капија".

Во 2010 година, усвоена е *Национална стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност 2010-2018* година (Ревидирана) и Оперативен план за спроведување на истата. Со овие документи се определуваат мерките кои секој надлежен орган ќе ги превзема за исполнување на целите на Стратегијата, а кои придонесуваат за што поквалитетна и поцелосна заштита, поддршка и социјална инклузија на лицата со инвалидност.

Подготвена е анализа на законските и финансиските импликации од ратификувањето на Конвенцијата на ООН за лицата со инвалидност. По разгледувањето и усвојувањето на оваа анализа/информација од страна на Владата, Министерството за надворешни работи ќе подготви Закон за ратификација на Конвенцијата на ООН и за ратификување на Факултативниот протокол кон Конвенцијата на ООН.

Согласно Законот за употреба на знаковниот јазик, спроведени се повеќе обуки за изучување на знаковниот јазик и тоа за родители на деца со оштетен слух и за деца на родители со оштетен слух, како и обуки за толкувачи. Формирана е и Комисијата за стандардизација на знаковниот јазик, чија работа е финансирана од Буџетот на Република Македонија.

Во јули, Владата на Република Македонија ја усвои *Националната стратегија за стари лица 2010-2020 година*, а во завршна фаза е и изготвувањето на Оперативниот план за имплементација на Стратегијата. Стратегијата предвидува и овозможува стратешки и координиран пристап во подигнувањето на квалитетот на живот на оваа ранлива категорија, со посебен акцент на развој на социјалните сервиси за стари и изнемоштени лица на локално ниво. Оперативниот план јасно ги дефинира конкретните активности и мерки за постигнување на предвидените цели и насоки во Стратегијата, како и индикаторите и очекуваните резултати за следење на напредокот во спроведувањето на Стратегијата.

Отворен е Дневен центар за стари и возрасни лица во Самоков (општина Македонски Брод) кој е третиот ваков Дневен центар во државата, а во завршна фаза на подготовка е и Дневниот центар за стари лица во Општина Крушево, кој ќе биде отворен наредната година.

Спроведена е масовна медиумска кампања за *борба против семејното насилство*, со ТВ спот, постери, брошури, која има за цел да се делува пред сé превентивно во насока на намалување на појавата, но исто така и да обезбеди подигнување на свеста за пријавување на случаите на семејно насилство. Покрај тоа, спроведени се поголем број на обуки за зајакнување на капацитетите на стручните работници за постапување во случаите на семејно насилство, за евидентирање на податоците за оваа појава, обуки за пружање на психосоцијална подршка на жртви на семејно насилство итн.

Во соработка со локалната самоуправа во 5 пилот општини отпочна реализација на активности за економско јакнење на жртви на семејно насилство, преку вработување, поддршка во мали бизниси, преквалификација и доквалификација.

Во завршна фаза е отварањето и на советувалиште за деца и семејства жртви на семејно насилство.

Во делот на заштитата и обезбедувањето на правата и заштитата на децата, во текот на годината реализирани се повеќе програми и проекти.

Усвоен е *Мултидисциплинарен Протокол за постапување со деца на улица*, преку кој на унифициран, стандардизиран и единствен начин е создадена основа за оттргнување на овие деца од штетното влијание на улицата, нивна заштита и целосно вклучување во општеството.   Отворен е Дневен центар за деца на улица во општина Битола, со што е проширена мрежата на дневни центри за деца на улица, во насока на подобрување на заштитата на овие деца и намалување на негативните влијанија што ги има улицата врз нивниот развој.

Во текот на 2010 година изработена е студија под наслов „*Добросостојбата на децата во време на економска криза*" која има за цел да ги идентифукува проблемите на семејствата со деца, а посебно на оние од социјално исклучените и маргинализирани семејства во време на влошени економски и социјални услови, како и да понуди конкретни препораки за редуцирање и целосно надминување на овие проблеми.

На локално ниво, во 11 општини во државата се спроведува  проектот „*Општини по мерка на детето*" со локалните комисии за правата на децата, во рамките на општинските совети. Во 6 од нив изготвени се локални акциски планови за правата на децата, а останатите се во фаза на изработка. Континуирано се спроведуваат обуки за членовите на овие комисии, за прашања од областа на правата на децата, а посебен акцент се става на социјално ранливите групи на деца како што се сиромашните деца, децата-Роми, децата со посебни потреби и други.

Со цел подобрување на соработката помеѓу надлежните институции во државата, како и стандардизација на процедурите во случаите на сексуална злоупотреба на деца и педофилија, изготвен и усвоен е *Протокол за постапување во случаи на сексуална злоупотреба на деца и педофилија*, а во тек е и финализирањето на студијата за состојбата со сексуалната злоупотреба и педофилијата во Македонија, во чија изработка се вклучени домашни и странски експерти и која има за цел да обезбеди релевантни информации за тековните состојби во оваа област, како и конкретни препораки и мерки за зајакнување на системот на заштита на децата од сексуална злоупотреба и педофилија.

Во текот на 2010 година продолжи континуираното јакнење на соработката со граѓанските организации, со тоа што оваа година финансиски се поддржани 8 здруженија на граѓани, активни во делот на социјална заштита на различни маргинализирани групи и тоа: лица со пречки во интелектуалниот развој, деца на улица, жртви на семејно насилство, помош и поддршка на деца со воспитно социјални проблеми, справување со случаи на сексуална злоупотреба и педофилија, ресоцијализација и реинтеграција на корисници на дрога.

Поставени се над 500 бесплатни интернет киосци во руралните средини низ Република Македонија, заради подобрување на пристапот на граѓаните, пред сé од руралните средини, до непречена интернет комуникација.

Во рамки на проектот „Компјутер за секое дете“ опфатени се вкупно 94 средни училишта, 354 централни основни училишта и 213 подрачни училиште во Република Македонија, при што за учениците од прво до трето одделение се набавени и дистрибуирани 53,000 преносни компјутери, за наставниот кадар во средните училишта се обезбедени околу 6,000, а за основните училишта околу 16,000 преносни компјутери. Во текот на 2010 година, 2,067 безжични пристапни точки се дистрибуирани до сите 84 општини во Македонија.

Во завршна фаза е постапката за донесување на Националниот Акционен план за популациски развој во Република Македонија, согласно стратешките цели од веќе усвоената Стратегија за демографски развој на РМ 2008-2015, кој ги дефинира активностите што надлежните институции треба да ги превземат во насока на целосна имплементација на популациските развојни цели. Акциониот план за популациски развој предвидува обврски за подобрување на популационата политика во државата, во делот на потикнување на раѓања и грижа за децата, подобрување на условите за планирање на семејството и мајчинството, еднакви можности помеѓу мажите и жените, во функција на подобрување на квалитетот на семејниот живот, во согласност со европоските стандарди и практики. Во Акциониот план се определени индикаторите и очекуваните резултати за следење на прогресот во спроведувањето на Стратегијата, како и временската рамка и одговорните институции за спроведување на истата.

*Краткорочни приоритети*

- Ќе биде изготвен и усвоен Оперативниот план за 2011 година за имплементација на усвоената Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјална исклученост во Република Македонија 2010-2020. Исто така, во функција на јакнење на меѓуинституционалната соработка и координација во оваа област, ќе биде изработен и Протокол за размена на податоци кои се однесуваат на социјалното вклучување, помеѓу релевантните институции (Министерството за труд и социјална политика, Агенција за вработување, Државен завод за статистика, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и други релевантни институции), како и вклучување на Македонската платформа за борба против сиромаштија.
- Ќе се реализираат интензивни активности за јакнење на капацитетите за прашањата на социјална инклузија и борба против сиромаштијата на локално ниво. Во оваа насока, на почетокот на годината ќе биде финализирана посебна студија за состојбите во делот на социјална инклузија, во избрани 8 партнерски општини, која ќе се искористи како основа за креирање на локални стратегии за социјално вклучување и намалување на сиромаштијата во овие општини и нивно поврзување со националните стратешки документи. По изготвувањето и усвојувањето на локалните стратегии за социјалната инклузија од страна на Советите на општините, ќе се подготват и Оперативни планови за имплементирање на овие локални стратегии на локално ниво. Процесот на изработка на документите ќе се заокружи со спроведување на микропроекти во областа на намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во 8$^{-те}$ општини, со финансиска партиципација на министерството, самите општини и обезбедената странска поддршка.
- Во однос на активностите за подобрување на социјалната вклученост на Ромите, ќе се продолжи со имплементација на Националните Акциони Планови од Стратегијата за Ромите и Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015. И во текот на 2011 година ќе продолжи функционирањето и обезбедената поддршка на работата на 8$^{-те}$ Ромски Информативни Центри, а во согласност со потребите и можностите, ќе се направи напор и за отворање на нови 2 Ромски информативни центри. Преку имплементација на Проектот „Поддршка на имплементацијата на Стратегијата за Роми“ (финансиран преку IPA Компонентата 1) планирано е одржување на повеќе дополнителни обуки на вработените во овие центри со цел зголемување и јакнење на нивните капацитети за обезбедување на ефикасна поддршка на ромското население.
- Во делот на јакнењето на административните капацитети за координација на активностите, во текот на 2011 година планирано е доекипирање на Одделението за имплементација на Стратегијата и Декадата на Ромите, во рамките на Министерството за труд и социјална политика, со дополнителни вработувања. Исто така, планирано е имплементирање на програма за нивна интензивна обука и јакнење на нивните капацитети за поуспешно координирање и реализирање на мулти-ресорските активности за инклузија на Ромите.
- За поддршка на имплементацијата на активностите за социјална инклузија на Ромите, имплементацијата на Стратегијата за Ромите и јакнење на механизмите за координацијата на овие активности на национално и локално ниво, во првата половина на 2011 година, ќе отпочне имплементацијата на Проектот „Поддршка на имплементацијата на Стратегијата за Роми“, финансиран преку IPA Компонентата 1, кој ќе се имплементира во текот на 18 месеци. Во рамките на овој проект ќе биде обезбедена експертска помош и поддршка за јакнење на капацитетите на релевантните субјекти на национално и локално ниво вклучени во координацијата и имплементацијата на акционите

планови за инклузија на Ромите, ќе бидат организирани обуки, работилници и семинари, ревидирање на постоечки и изработка на нови локални акциони планови, како и обезбедување на соодветна поддршка во имплементацијата на активностите.

- Во рамките на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување, да се имплементираат програми за вработување на Роми, со што директно ќе се придонесе кон подобрување на состојбата кај ромската популација.
- Проектот „Инклузија на децата Роми во предучилишното образование“ ќе продолжи да се имплементира и во текот на 2011 година (410 деца на возраст 4.5 до 5.5 во учебната 2010/2011 година), а поради покажаните позитивни резултати и успешноста во имплементирањето од претходните три години, во соработка со Ромскиот образовен фонд од Будимпешта и Единиците на локалната самоуправа, ќе се подготви нов Проект за негово имплементирање и во текот на учебната 2011/2012 година.
- Ќе се продолжи со доделување на стипендии за учениците Роми во средно образование, при што стипендиите ќе се доделуваат на ученици Роми од средните училишта од прва, втора, трета и четврта година со просек 3.0 и повеќе, за учебната 2010/2011 година и обезбедување на ментори или тутори.
- Ќе бидат интензивирани и активностите за подобрување на инфраструктурата во ромските населби, во соработка помеѓу Министерството за транспорт и врски и Единиците на локалната самоуправа, согласно потпишаниот Меморандум за соработка.
- Ќе продолжи имплементацијата на програмите за вклучување и поголема опфатеност на ромското население во системот на здравствена заштита и подобрување на пристапот до здравствените услуги. Така, во текот на 2011 година, во согласност со Националниот акционен план за здравство, како и со Декадата за вклучување на Ромите, планирано е ангажирање на теренски Ромски здравствени медијатори кои ќе придонесат кон поврзување на ромската заедница со здравствените служби, едукација на ромската популација во областа на здравствената заштита, учество во кампања за промоција на здравјето, имунизацијата и друго.
- Во однос на деинституционализацијата на лицата со попреченост во менталниот развој, во текот на 2011 година планирано е проширување на постоечката мрежа на станбени единици за организирано живеење со поддршка, со отворање на дополнителни три станбени единици на територијата на град Скопје. Ќе отпочне и спроведувањето на Програмата за психосоцијална интервенција и интеграција на лицата со ментална попреченост кои користат право на организирано живеење со поддршка во станбена единица, која ќе допринесе кон подобрување на менталното здравје на овие корисници, преку развој на позитивна слика за себе, развој на самопочитување, развивање квалитетни интерперсонални односи, социјализација, задоволство од сопствениот живот и олеснување на нивната интеграција во локалната заедница. За оваа цел, ќе се спроведе едукација на стручниот персонал вработен во станбените единици, за реализација на психосоцијалната програма. Во соработка со локалната самоуправа ќе се преземат активности за отварање на Дневен центар за возрасни лица со попреченост во менталниот развој на територијата на град Скопје.
- Во делот на активностите за инклузија на лицата со инвалидност, ќе биде извршена годишна оценка на спроведувањето на Национална стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност 2010-2018 година (Ревидирана) и Оперативниот план за нејзино спроведување, од страна на Националното координативно тело за еднакви права на лицата со инвалидност во Република Македонија, во соработка со Министерството за труд и социјална политика.
- Исто така, во функција на доследна имплементација на Законот за употреба на знаковниот јазик, ќе продолжат обуките за изучување на знаковниот јазик, во согласност и со Програмата на Националниот сојуз на глуви и наглуви на Македонија, како и поддршката на работата на Комисијата за стандардизација на знаковниот јазик и обезбедување на средства за толкувања наменети за задоволување на секојдневните потреби на глувите лица, во согласност со одредбите од Законот.
- Во насока на подигнување на грижата за децата со посебни потреби, вклучувајќи ги и децата со аутизам, планирано е отворање на 1 дневен центар за деца со аутизам во Скопје.
- Во делот на заштитата на старите лица, ќе биде отворен Дневен центар за стари лица во Општина Крушево.
- Ќе биде финализиран и усвоен Оперативниот план за имплементација на Национална стратегија за стари лица 2010-2020, а во текот на годината ќе започне со работа и Национално координативно тело за имплементација на Националната стратегија за стари лица, кое ќе изврши годишен мониторинг и евалуација на реализацијата на истата.
- Во рамките на програмата за социјални и економски политики за заштита на децата, ќе се спроведе сеопфатна анализа на системот за администрација на паричните трансфери за деца и теренско истражување за потребите на најсиромашните домаќинства. Целта е оваа анализа да помогне во подобрување на системот на доделување на паричните трансфери за деца и во надминувањето на проблемот со детската сиромаштија.
- Ќе се продолжи со градење на капацитетите на вработените во центрите за социјална работа и другите институции надлежни за детска заштита и креирање и усвојување на нови стандарди и принципи при обезбедувањето социјални услуги за деца.
- Исто така, ќе продолжи да се работи на основање на Центар за менторство на деца кои се во конфликт со законот, вклучувајќи креирање на алатки за индивидуални програми и планови за менторство, менторство на деца кои служат алтернативни мерки на територијата на Скопје и спроведување анализа за примената на алтернативните мерки.

- Во доменот на образование ќе се продолжи со поддршката за училиштата и локалните заедници за воведување на практики за инклузивно образование. Планирано е да се работи и на изготвување на анализа на потребите, подготовка и имплементација на програми за едукатори за деца со посебни потреби во основните училишта, а ќе се продолжи и со обука на наставниот кадар за превенција на насилството во училиштата. Интензивно продолжуваат и активностите за јакнење на капацитетите на стручните работници кои работат на проблемот со деца на улица.
- Во рамките на спроведувањето на Националната Стратегија за заштита од семејно насилство ќе се спроведе национално истражување кое ќе има за цел утврдување на појавата на семејното насилство на територијата на целата држава, кое ќе послужи за понатамошно креирање на национални политики за унапредување на системот за заштита на жртвите на семејно насилство. Планирано е реализирање на обуки за 200 професионалци од различни ресори, со цел обезбедување на унифициран пристап во работата со случаи на семејно насилство. Исто така, ќе продолжи и имплементацијата на Програмата за економско јакнење на жртвите на семејно насилство, а се планира и отворање на советувалишта за деца и мајки-жртви на семејно насилство, советувалиште за насилници, како и реализација на соодветни обуки за работа во овие советувалишта. Во оваа област се планираат и дополнителни активности за јакнење на капацитетите на локално ниво, преку формирање на локални координативни тела за одговор на семејно насилство, во рамките на Советите на 10 пилот општини во државата. Ќе биде обезбедена и дополнителна обука на околу 300 стручни лица од различни профили, од центрите за социјална работа, полиција, здравство, образование и невладиниот сектор.

*Среднорочни приоритети*

- Континуираната и доследна реализација на целите кои се зацртани во усвоените стратешки документи - Националната стратегија за борба против сиромаштијата и социјалното исклучување, Стратегијата за деинституционализација, Стратегија за заштита од семејно насилство, Национална стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност 2010-2018, Националната стратегијата за заштита на старите лица.
- Активно ќе се работи на целите од Националната стратегија за Ромите во Република Македонија и Декадата за вклучување на Ромите и на имплементација на планираните активности за подобрување и унапредување на положбата и социјалната инклузија на ромската популација. Ќе продолжи имплементацијата на ревидираните Национални Акциони и Оперативни Планови од приоритетните области, но исто така и понатаму ќе се реализираат активности за јакнење на капацитетите на институциите и сите други релевантни чинители на национално и на локално ниво одговорни за координирање, планирање и имплементирање на овие политики и програми за инклузија на Ромската популација.
- Од јули 2011 година, Република Македонија ќе го преземе претседавањето со Управниот Комитет на Декадата за вклучување на Ромите, во рамките на кој период, и во текот на 2012 година, ќе бидат организирани и дополнителни настани, работилници и конференции за приоритетните области од Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015.

### 3.19.6 **СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**

*Тековна состојба*

Во делот на реформите на пензискиот систем, во април 2010 година Собранието на Република Македонија го усвои Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр.50/2010). Значајна измена во Законот се однесува на пропишувањето на буџетска независност на Агенцијата за супервизија на капиталното финансирано пензиско осигурување (МАПАС). Со оваа измена се врши усогласување со повеќе добиени препораки од релевантни институции, како и препораките на Европската комисија.

Исто така, се изврши и намалување на трошоците во задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување преку намалување на надоместоците на институциите и друштвата. Максималниот надоместок на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување се намали од 2.5% на 0.8%, а досегашниот максимален надоместок на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија од 0.8% се намали на 0.1%. Извршено е и зголемување на бројот на инструменти во кои можат да се вложат средствата на задолжителните пензиски фондови, со тоа што се дозволува инвестирање во фондови кои претежно инвестираат во инструменти од земјите на Европската унија и ОЕЦД, со зголемување на можноста за инвестирање во странство од 30% на 50% (при што во акции, корпоративни обврзници и фондови од земјите членки на ЕУ и ОЕЦД може да се инвестираат 30% од средствата на задолжителните пензиски фондови).

Развојот на доброволното капитално финансирано пензиско осигурување наметна потреба за допрецизирање, изменување и дополнување на одредени одредби од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, со што би се овозможила успешна оперативност на капитално финансираното пензиско осигурување. Со измените на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.83/2010), се дефинира поимот вкупен капитал на Фондот стекнат по основ на трансформација на претпријатијата со општествен капитал, начинот и процентот на продажба на акциите и уделите.

Во собраниска процедура се наоѓаат измените на Законот за пензиското и инвалидското осигурување со којшто се отстрануваат различните услови во однос на возраста за стекнување право на семејна пензија за вдовица /вдовец заради постигнување на начелото на еднаквост на граѓаните по основ на пол, определено во член 9 од Уставот на Република Македонија, како и правната сигурност на граѓаните утврдени во членовите 8, 34 и 35 од Уставот на Република Македонија. Со овие измени се предлага вдовицата/вдовецот да остваруваат право на семејна пензија ако до смртта на брачниот другар наполнила 50 години живот.

Во системот на социјалната заштита се обезбеди дополнителна помош за најзагрозените категории на граѓани - корисници на одредени права на парична помош од социјална заштита, преку Програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија, која отпочна да се применува од 1 септември 2010 година и Програмата за условени парични надоместоци за средно образование, која се применува од учебната 2010/2011година. Со овие програми се обезбедува дополнителен надоместок за намалување на енергетската сиромаштија за корисниците на социјална парична помош и постојана парична помош, како и посебен надоместок како дополнителен стимул за завршување на средното образование на децата од домаќинства, корисници на социјална парична помош.

Социјалното домување за најзагрозените граѓани се обезбедува преку посебна Програма за изградба и одржување на станови во сопственост на Република Македонија, донесена од страна на Владата на РМ во 2009 година. Со оваа програма е предвидена и изградба на вкупно 1,101 социјални станови, наменети за непрофитно домување на лица во социјален ризик. Во текот на 2009 година спроведена е постапка и распределени се 102 стана во Скопје и 29 во Македонска Каменица, а за 2010 година, во тек е постапката за распределба на 228 станови за непрофитно домување во повеќе општини (Охрид-71, Кичево-32, Кочани-29, Кавадарци-30 и Крива Паланка-46 ).

Во септември 2010 година, беше усвоена Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2021 година. Во тек е конституирање на Координативно тело за следење и евалуација на имплементацијата на програмата, а во завршна фаза е и изготвувањето на Оперативниот план за 2011 година.

Во текот на годината се реализираа бројни активности за јакнење на административните капацитети во областа на социјалната заштита и подобрување на квалитетот на социјалните услуги, преку редовни стручни надзори и консултативни средби кои ги организира Заводот за социјални дејности и установите за социјална заштита, спроведување на обуки, тркалезни маси, работилници за стручните работници. Меѓу другото, беа организирани обуки за извршување на алтернативни мерки за полнолетни лица, за зајакнување на системот на детска заштита според стандардите на ЕУ, обука на тема психотераписки пристап за унапредување на социјални услуги итн.

Воспоставен е систем за собирање податоци, т.е. ресурсен центар за корисниците на социјалните услуги, по што за воспоставување на базата на податоци, беше спроведена обука за користење на web апликацијата за електронска евиденција, на тим од 13 лица кои спроведоа обука на 140 стручни работници во центрите за социјална работа.

Секторот за инспекциски надзор над примената на законите и другите прописи во областа на социјалната заштита, согласно со Програмата за работа за 2010 година изврши редовен и контролен инспекциски надзор во 24 Центри за социјална работа и во 10 Установи за социјална заштита, а до крајот на годината планирани се инспекциски надзори во 5 Центри за социјална работа и во една Установа за социјална заштита. Во рамките на вонредниот инспекциски надзор, постапувано е во 21 субјекти.

Во периодот јануари-ноември 2010 година при инспекцискиот надзор прегледани се вкупно 5,980 предмети на корисници на право од социјална заштита, при што за утврдените неправилности во работењето определени се соодветни мерки и рокови за нивно отстранување. Поднесени се иницијативи до директорите на јавните установи за покренување на дисциплинска постапка за утврдени неправилности во работењето за 156 стручни работници и раководители на одделенија во установите.

*Краткорочни приоритети*

- Планирано е донесување на Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување, кој ќе биде усогласен со одредбите на Регулативата 32004R0883. Со овој закон ќе се регулираат видовите на исплати на пензии од капиталното финансирано пензиско осигурување (ануитети, програмирани повлекувања, еднократни повлекувања), институциите за исплата на пензиите, начинот на пресметка на пензија од капиталното финансирано пензиско осигурување, и други прашања.
- Во Фондот за пензиското и инвалидското осигурување, ќе биде инсталирана и ставена во употреба новата софтверска апликација за остварување на правата и исплата на пензиските давања, изработена со поддрша во рамките на СПИЛ проектот на Светската Банка. Со ова софтверско решение ќе се обезбеди автоматизација на целокупниот процес со формирање на електронски предмет, почнувајки од архива, матична евиденција, донесување на решение, контрола и исплата на пензиските давања, со што ќе се елиминира рачната работа и постоењето на предмет во хартиена форма. На овој начин ќе се обезбеди поголема ефикасност и подобра контрола над процесите за утврдување на правата и исплата на пензиските давања во Фондот.
- Ќе започне анализа на можноста и начинот на воспоставување на мултифондови во вториот и третиот столб на пензискиот систем, со цел да се овозможи избор на инвестициски опции за членовите во зависност од нивните преференции за ризик и принос во рамките на пензиско штедење усогласено со животниот циклус на членовите.
- Во согласност со целите предвидени со Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2021, во почетокот на 2011 година ќе биде усвоен и Оперативниот план за имплементација на Програмата со што ќе отпочне реализацијата на активности поврзани со имплементација на оваа програма.
- Тековните активности за воспоставување електронска евиденција во Центрите за социјална работа преку проектите кои се имплементираат со поддршка од страна на УНИЦЕФ и СПИЛ Проектот на Светската банка, продолжуваат и во текот на 2011 година. Во рамките на овие активности ќе се изврши едукација на вработените во Центрите за социјални работи за користење на компјутерските системи за евиденција на социјалните услуги и ќе се донесе подзаконски акт (Правилник) со кој што ќе се регулира начинот на водење на евиденција и документација и пристапот и користењето на овие системи.
- Од страна на Заводот за социјални дејности ќе се изврши ревизија на стандардите и нормативите за социјалните услуги за деца, во надлежност на Центрите за социјална работа. Предвидена е и проценка на образовните потреби на стручните работници од установите за социјална заштита и подготовка на тренинг програма во насока на обезбедување на континуирана професионална едукација за стручните работници во овие установи. Овие активности се во склад со целите на Националната програма за развој на социјалната заштита.
- Во 2011 година е планирано да се изврши анализа на потребите од социјални услуги на локално ниво во сите општини во Република Македонија. Користејќи ги сознанијата добиени од оваа анализа и развојните смерници зацртани во Националната програма, ќе се изврши обука на општинската администрација заради нивна подготовка да се вклучат активно во нејзината реализација.

*Среднорочни приоритети*

На среден рок, од 2012 година ќе отпочнат подготвителни активности за измена и дополнување на Законот за социјална заштита, како клучен предуслов за имплементација на основните системски промени предвидени со Националната програма. Од 2013 година, со усвојувањето на измените и дополнувањата на Законот за социјална заштита ќе отпочне практичната имплементација на мерките предвидени во Националната програма во делот на социјалните услуги и паричните надоместоци.

### 3.19.7 **АНТИДИСКРИМИНАЦИЈА И ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ**

*Тековна состојба*

Законот за спречување и заштита од дискриминација е усвоен од страна на Собранието на Република Македонија на 8 април 2010 година (објавен во „Службен весник на РМ“, бр.50/2010 од 13.04.2010).
По донесувањето на Законот, отпочна реализација на поголем број на активности за негово промовирање, јакнење на свеста и обуки наменети за релевантните субјекти на национално и локално ниво кои дејствуваат во областа на антидискриминацијата и еднаквите можности, за содржината на Законот и неговата практична имплементација.

Така, во април, во функција на подготовки за практична имплементација на Законот, во соработка со Британскиот Совет во Република Македонија, Министерството за труд и социјална политика спроведе обука за обучувачи на полето на превенција и заштита од дискриминација. Во рамки на овие активности, беше изработен и посебен Прирачник наменет за обучувачи. Во соработка со локалната самоуправа беа реализирани едукативни семинари за промоција на Законот за

спречување и заштита од дискриминација и создавање услови за негова успешна имплементација. Преку овие обуки беа зајакнувани капацитетите на локалните институции и невладините организации за содржината на Законот, разбирањето на дискриминацијата и нејзино успешно идентификување, обезбедувањето заштита и начинот како граѓаните да побараат помош во случај на дискриминација. Беа организирани и регионални работилници на тема унапредување на меѓуинституционална соработка при постапување во случај на дискриминација, во рамките на кои се дискутираше за модалитетите на комуникација и соработка помеѓу релевантните чинители на национално и локално ниво и обезбедување на поголема достапност на услугите и поефикасна заштита во случаите на родово-базирана дискриминација.

Во текот на годината беа реализирани четири конференции посветени исклучиво на прашања поврзани со моделот, функционирањето, составот и структурата на Комисијата за заштита од дискриминација, чие што формирање произлегува како обврска од Законот за спречување и заштита од дискриминација. На овие тематски конференции беа разгледувани и презентирани европските искуства во формирањето и функционирањето на телата за еднаквост и заштита од дискриминација, беа дискутирани позитивните практики, искуства и предизвици, прашања поврзани со меѓуинституционалната соработка помеѓу Комисијата и другите институции во државата, прашања поврзани со финансиската независност и изворите на приходи на Комисијата итн.
Исто така, се спроведе и кампања за недискриминација и еднакви можности, која имаше за цел подигање на јавната свест за важноста и значењето на антидискриминацијата како општествен процес, како и промовирање на ингеренциите на правниот застапник за родова рамноправност. Во рамки на кампањата беа реализирани низа промотивни активности, јавни настани, директни средби со граѓани, средби со новинари, одржување на панел дискусии.

Во текот на годината се имплементираше Проектот „Воведување на индикатори за мерење на дискриминацијата на локално ниво (преку информации, едукација и индикатори за мерење)“, имплементиран од невладиниот сектор и финансиски поддржан од Програмата PROGRESS на Европската Унија („Програма на Заедницата за вработување и социјална солидарност PROGRESS 2007-2013“). Во рамките на проектот беа реализирани поголем број на активности како обуки на претставници од локалните институции и невладиниот сектор, истражување за појавата и разбирањето на дискриминацијата на локално ниво, изготвување на индикатори за мерење на дискриминацијата на локално ниво итн.

Министерството за труд и социјална политика организираше повеќе промотивни настани (работилници, семинари, трибини) кои имаа за цел промовирање на правниот застапник за утврдување на нееднаков третман на жените и мажите. Преку овие настани, на кои учествуваа претставници на релевантни институции, локална самоуправа, невладиниот сектор, се обезбеди промовирање на правниот застапник, неговите надлежности, постапување и неговата улога во превенцијата и заштитата од нееднаков третман на граѓаните на целата територија на Република Македонија.

Во март 2010 година се одржа меѓународна конференција на тема „Родовото буџетирање како алатка за унапредување на родовата рамноправност“, на која се дискутираше за реформите во буџетските политики и можностите за инкорпорирање на родовиот концепт, а беа споделени и добри искуства и позитивни примери во оваа област на национално и локално ниво, од страна на претставниците од земји од регионот,како и примери од неколку земји-членки на Европската Унија. На оваа тема во ноември, во рамки на претседавањето на Република Македонија со Комитетот на министри на Советот на Европа, Министерството за труд и социјална политика во соработка со Советот на Европа, организираше и меѓународна конференција на тема „Родово буџетирање - од теорија до пракса“.

Министерството за труд и социјална политика, во партнерство со граѓанскиот сектор реализирше серија на трибини наменети за жените од руралните средини и помалите етнички заедници, во делот на правата на жените и родовата рамноправност. Трибините беа заокружени со завршна конференција која се одржа во Скопје.

Во завршна фаза е изработката на нов Акциски план за унапредување на статусот на жената Ромка 2011-2013.

Во текот на втората половина на годината, Министерството за труд и социјална политика реализираше четири тркалезни маси и една регионална конференција посветени на психичкото вознемирување на работа - мобинг, на кои се анализираше состојбата на оваа појава на локално и национално ниво, се дискутираше за прашања во однос на тоа што претставува мобингот, кој се може да биде жртва на ваквото однесување, кој може да биде мобер, како да се препознае ова однесување, како да се реагира и каде да се пријави итн. На овие настани учествуваа релевантните институции на локално ниво, невладините организации, како и социјалните партнери.

*Краткорочни приоритети*

- Во текот на 2011 година ќе се изврши усогласување на Законот за еднакви можности на жените и мажите со Директивата која се однесува на пристапот до добра и услуги (*Council Directive 2004/113/EC of 13 December 2004 implementing the principle of equal treatment between men and women in the access to and supply of goods and services*).
- Како една од редовните активности, планирано е на почетокот на годината да се изработи Оперативна програма за 2011 година за имплементација на Националниот план за акција за родова рамноправност 2007-2012.
- Во текот на годината и понатаму ќе продолжат активностите за соработка и координација со институционалните механизми за еднакви можности на национално и локално ниво.
- Во рамки на имплементацијата на Законот за спречување и заштита од дискриминација ќе биде формирана и ќе отпочне со работа Комисијата за заштита од дискриминација, а ќе се спроведуваат и трибини и средби за промоција на Законот.
- На почетокот на годината ќе биде усвоен Акциониот план за унапредување на статусот на жената Ромка 2011-2013, по што ќе се работи на реализирање на активностите предвидени во Планот.

*Среднорочни приоритети*

За наредниот период планирано е изработка и донесување на Стратегија за родова рамноправност.
Во претстојниот период ќе се изготви евалуација на постоечкиот, согласно која ќе се изработи нов Акциски план за родова рамноправност (2013-2017).

Ќе се продолжи со јакнење на капацитетите на механизмите за родова рамноправност на национално ниво.

## 3.20 **ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА**

### 3.20.1 **ПРИНЦИПИ НА ПРЕТПРИЈАТИЈА НА ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА**

*Тековна состојба*

Принципите на политика на претпријатија во Република Македонија се реализираат преку постојано подобрување на деловната клима и елиминирање на административните бариери (регулаторната гилотина, РИА, едношалтерски систем) и политики и програмски активности за создавање и поттикнување на конкурентноста на економијата преку имплементација на мерките од: Индустриската политика на Република Македонија 2009-2020, Националната стратегија за развој на мали и средни претпријатија во Република Македонија 2002-2013, базирана на принципите на Актот за мали бизниси (Small Business Act), Програмата за поттикнување инвестиции, насочена кон елиминрање на разни бариери за инвестиции, како и многу други развојни стратегии и документи, кои директно влијаат на поттикнување на конкурентноста, интернационализација (инвестиции и извоз), развој на иновации, претприемничкиот дух и развој на МСП, преземање структурни реформи, итн.

Со успешното спроведување на Регулаторната реформа преку Регулаторна гилотина и Проценката на влијанието на регулативата (РИА) се намалија бирократските процедури и се олесни водењето бизнис. Во октомври 2010 година, Владата на Република Македонија во рамки на третата фаза на регулаторната гилотина усвои нов пакет на 47 мерки кои се во фаза на имплементација. Мерките се однесуваат на процедури од повеќе области: земјоделство, труд и социјална политика, здравство, животна средина, осигурување и друго. Нивната имплементација е во тек и е предвидена да заврши до средината на 2011 година, по што ќе следат нови консултации со бизнис заедницата и утврдување на можноста за формулирање на нов сет на мерки за поедноставување на административните процедури.

Како комплементарна алатка на проектот Регулаторна гилотина, а во насока на превенција на создавање на дополнителни административни пречки и бариери во новите законски решенија е процесот на РИА. Проектот Регулаторна гилотина ќе се спроведува во континуитет се до изградбата на капацитети за спроведување на РИА и во подзаконските акти, каде што всушност се наоѓаат и најголемите административни оптоварувања. До крајот на ноември 2010 година, во Единствениот електронски регистар на прописи се внесени 1573 постојни прописи, од кои 235 се предлог закони што биле достапни за коментари на јавноста и кои поминале низ РИА процесот.

Процесот на забрзување на постапката за регистрација на компании продолжува со реализација на втората фаза на Проектот едношалтерски систем за регистрација, кој ги вклучува Агенција за вработување, Фондот за здравство, Фондот за пензиско осигурување. Проектот се состои од три компоненти и тоа: електронско поднесување документи при регистрација, воведување „црна листа“ на субјекти и електронски систем за стечајни постапки и електронски систем за регистрација на залог и лизинг.

Во континуирана соработка со бизнис заедницата, а како одговор на нивните барања, Владата на Република Македонија во март 2010 година го донесе четвртиот пакет со нови 25 антикризни мерки. Новиот сет на мерки беше дизајниран во насока на олеснување на процедурите за водење бизнис во земјата, подобрување на пристапот до кредити на микро и МСП, зголемување на нивната ликвидност, стимулирање на градежништвото, зголемување на приватизацијата на земјиштето, промовирање на вработувањата во земјоделството, подобрување на туризмот, промоција на извозот, како и намалување на нелојалната конкуренција. Имплементација на четвртиот пакет на антикризни мерки е со динамика на реализација до крајот на 2011.

Од аспект на принципите за создавање конкурентна економија базирана на знаење и иновации процесот на зголемување на конкурентноста како комплексен процес вклучува многу актери.

Документот „*Индустриска политика на Република Македонија 2009-2020*“, кој ги дефинира основните правци во развојот на македонската индустрија базирани на знаење, иновации, интернационализација, соработка и еко аспектите во развојот, е донесен во 2009 година, а неговата имплементација се реализира тековно преку повеќе програми и мерки кои ги реализираат различни институции- министерства и агенции. Во документот се дефинирани неколку области на интервенција:

- Зголемување на применетите истражувања, развојот и иновациите со пораст на инвестициите во истражување и развој;

- Зголемување на меѓународната соработка  и интернационализација на клучните засегнати страни во процесот на економски развој (претпријатијата, универзитетите и развојните институции);
- Промоција на одржливиот развој преку искористување на природните можности за производство на обновлива и алтернативна енергијата и природните еколошки можности кои постојат во земјата;
- Зголемување на конкурентноста на македонската индустрија со стимулирање на соработка преку регионално и меѓународно вмрежување на кластерите  и други  мини асоцијации на мали претпријатија и
- Унапредување на развојот на МСП и претприемништвото со зголемен годишен број на нови претпријатија и промоција на брзо растечки иновативни МСП преку подобро финансирање

Во иплементацијата на Индустриската политика, се одвиваат активности за координација, комуникација, консултација и постојан дијалог со сите инволвирани стејкхолдери, вклучувајки ја и бизнис заедницата, преку формираниот Меѓуминистерки комитет за конкурентност и Меѓуминистерката експертска работна група за индустриска политика - МЕРГ. Оваа работна група досега одржа четири состаноци, дискутирајќи за постојните состојби, координација на мерките во рамки на програмите, предлагање нови програми и мерки, запознавање со искуствата на другите земји, новите комуникации поврзани со ЕУ 2020 и следни чекори.

Политиките и активностите за поддршка и развој на МСП произлегуваат од Националната стратегија за развој на мали и средни претпријатија во Република Македонија 2002-2013, Програмата за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија 2007-2010, годишните програми за МСП и Актот за мали бизниси на ЕУ.
Со новата 3-годишна Програма за подобрување на претприемништвото и конкурентноста на МСП (2011-2013), која ќе се базира на принципите на Актот за мали бизниси (Small Business Act), ќе бидат промовирани конкретните мерки за реализирање на овие цели и ќе бидат вградени препораките од бизнис заедницата.

Во однос на институционалната поддршка на претпријатијата постојат неколку клучни агенции и тоа Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на РМ, повеќе бизнис и регионални центри. Секако дека од посебна важност се разните форми на партнерства како Националниот центар за развој на иновации и претприемничко учење – НЦДИЕЛ (со поддршка на АДА- Австриска Развојна Агенција), кластерите и други организациони форми поддржани од разни донатори.

Во насока на подобар и поефикасен дијалог со бизнис заеницата во тек се активности за реактивирање на Националниот совет за претприемништво и конкурентност и изградба на капацитети за негова одржливост. За регуларно следење на конкурентноста во економијата следејќи ги реномираните методологии на СЕФ во тек е подготовка на Национален извештај за конкурентност за 2010 година, кој треба да укаже на конкурентските слабости на Република Македонија и да даде препораки за унапредување на конкурентската позиција на земјата. Врз основа на анализите и дијалог во соработка со Националниот совет за претприемништво и конкурентност (НСПК) ќе се подготви заедничка платформа на Владата на Република Македонија и бизнис заедницата за унапредување на конкурентската позиција на земјата. Во координација со сите Министерства, беше изготвена Информација за подобрување на конкурентноста на Република Македонија со предлог акциски план за 2010 година кој вклучува околу 330 мерки. Во овој интегриран план се вклучени дел од мерките на индустриската политика, поддршка на МСП и пошироко. Воедно, во Акцискиот план се вклучени и предложените мерки од страна на стопанските комори, бидејќи дел од активностите за подобрување на Индексот на Глобална конкурентност директно зависат од бизнис заедницата.

Во насока на координирање и усогласување на донаторската помош се реализираат активности согласно потребите кои произлегуваат од стратешкиот документ Индустриска политика на РМ.

Поттикнувањето на технолошкиот развој е регулирано со Законот за поттикнување и помагање на технолошкиот развој (Службен весник на Република Македонија бр.  41/2008 и 106/2008) и подзаконските акти. Министерството за образование и наука секоја година подготвува и имплементира Програма за технолошки развој со која директно се поттикнува и поддржуваат претпријатијата во насока на зголемен технолошки развој и иновативност.

*Краткорочни приоритети*

Како краткорочни приоритети од аспект на подобрување на деловната клима се планира понатамошна имплементација на проектите за создавање поволна и атрактивна деловна клима за водење бизнис преку Проектот Регулаторна Гилотината, како и понатамошно имплементирање на *Проценка на влијанието на регулативата.*

Со цел олеснување на процесот на започнување и водење на бизнис во Република Македонија, како и овозможување на потенцијалните инвеститори сите потребни информации за процедурите, постапките и потребните документи да ги добијат од едно место, Владата на Република Македонија спроведува активности за формирање на One Stop Shop за инвеститори (Регистар). Формирањето на ваков Регистар ќе овозможи информациона поддршка, посредување, усогласување, техничка помош и финансиско информирање.

Имајќи ја предвид комплексноста на проектот и потребата од вмрежување на повеќе институции, се предвидува активностите за воведување на Регистарот да траат до 2012 година. За 2011 планиран е Пилот проект со Министерство за транспорт и врски, а во координација од Министерството за информатичко општество.

Имплементација на четвртиот пакет на антикризни мерки е предвиден со динамика на реализација до крајот на 2011.

Поттикнувањето на конкурентноста на македонската индустрија е еден од клучните приоритети и за негова реализација продолжува процесот на развивање програми, нивна координација, дијалог со бизнис заедницата и другите актери, како и евалуација на истите.

Како краткорочен приоритет за понатамошна поддршка и поттикнување на конкурентноста е успешна имплементација на стратешките документи за индустриска политика, развој на МСП и други поврзани документи, преку имплементацијата на програми и мерки кои се имплементираат од различни институции – министерства и агенции. Фокусот кон поддршка и поттикнување на конкурентноста ќе се продолжи со понатамошни анализи и конкретни препораки за подобрување на конкурентноста за наредниот пет годишен период 2011-2015 година. Од огромна важност е успешното реактивирање на НСПК и изградба на капацитети за негова одржливост, како форум за дијалог, ефикасно следење на конкурентноста и проактивност во дизајнирање на мерки.

Со носењето на новите документи: Програма за подобрување на претприемништвото и конкурентноста на МСП, Стратегија за занаетчиството, Стратегија за извозна промоција и Програма за поттикнување на инвестициите, во следниот период следат активности за нивна имплементација. Се очекува потврда од ОЕЦД за предложениот проект за подготовка на Иновациона стратегија/програма за Република Македонија 2012-2020.

Заради успешно имплементирање на мерките ќе продолжи активноста за координација на донаторските проекти преку програмскиот пристап и билатерално.

*Среднорочни приоритети*

На среден рок ќе се работи на континуирано подобрување на деловната клима, привлекување СДИ, зголемен извоз и успешна имплементација на мерки за поттикнување на конкурентноста преку стратешкиот документ *Индустриска политика на Република Македонија 2009-2020, Прогрмата за развој на МСП и други*. За имплементација на дел од мерките на индустриската политика подготвен е проект *Зајакнување на капацитетите за имплементација на индустриската политика* и во однос на истиот поднесена е апликација за користење на ИПА Компонента 1. Реализацијата на проектните активности е планирана во 2012, што ќе има позитивни ефекти на сите стејкхолдери, а ќе бидат преземени активности за ревизија на индустриската политика и понатамошна соработка и координација на донаторските проекти.

### 3.20.2 **ИНСТРУМЕНТИ НА ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА**

*Тековна состојба*

Инструментите кои се користат за спроведување на индустриската политика на Република Македонија се дефинирани во повеќе програмски документи. Во оваа насока, во изминатиов период континуирано се спроведуваа следниве програми: Програма за поддршка на МСП, Програма за развој на МСП, Програмата за подобрување на конкурентноста на македонските производи и услуги, Програма за развој на кластерите, Програма за технолошки развој, Програма за поттикнување СДИ и Програмата за техничка култура. Стратегија за извозна промоција е во фаза на подготовка.

Поддршката на МСП се реализира преку две програми имплементирани на годишно ниво од страна на Министерство за економија и Агенцијата за поддршка на претприемништвото.

Програма за развој на МСП имплементирана преку Министерството за економија се фокусира на следниве активности: кофинансирање на програмските активности на бизнис инкубаторите, проекти од нефинансиска природа за поддршка на МСП на регионалните центри и бизнис центрите во општините, проекти за поддршка и развој на занаетчиството на занаетчиските комори и активностите на ЕИИЦМ, изготвување на Стратегијата за развој на занаетчиството во РМ, реализацијата на проектот "Меѓународна техничка помош за имплементација на Европската иновативна таблица во Република Македонија", изготвување на Извештај за потребите од обуки на МСП, реализација се Проектите "Претприемништвото во високото образование" (ETF-European Training Foundation) и "Градење на капацитетите за создавање економија базирана на знаење" ( Австриска развојна фондација), изработка на интернет порталот за МСП кој ќе биде активиран кон крајот на годината на доменот www.smeportal.mk.

Со Програмата за поддршка на МСП реализирана преку АППРМ фокусот на делување на Агенцијата е имплементација на мерки за директна помош на фирмите преку: ваучерскиот систем на советување, Инфо – Пулт активност која се реализира во соработка со Регионалните Центри, подготовка на брошури и промотивни активности за МСП поврзани со иновативноста, продуктивноста, правата од интелектуална сопственост, создавање и користење на сертификатни марки и географски називи за МСП и земјоделски здруженија, ИКТ, човечки ресурси, како и информативни сесии за достапност од финансиски инструменти за МСП.

Промоцијата на претприемништвото и претприемачкото учење, Агенцијата го поддржува преку активности во делокругот на претприемачкото образование, претприемачки награди, организирање натпревар за бизнис план, доживотно учење – претприемништво како и глобални промотивни настани од видот на Европска недела на МСП и Глобална недела на претприемништвото, со посебен акцент на обуки за женско претприемништво. Воедно активностите на Агенцијата се зајакнати и преку учеството како партнер институција во конзорциумот на Европскиот Информативен и Иновативен Центар во Македонија (дел од Enterpise Europe Network), Проектот "Градење на капацитетите за создавање економија базирана на знаење„ - поддржан од Австриската Развојна Агенција, Проектот "Интеррегионална соработка за валоризација на истражувачките резултати„-ИПА Програма за транснационална соработка на ЕУ за ЈИЕ; Проектот "Регионална Програма за докторски студии за претприемништво и менаџмент во земјите на Западен Балкан„ - во рамките на TEMPUS Програмата. Исто така, Агенцијата е вклучена и во програмата на Владата на РМ за Активни политики за вработување за 2011 – поддршка за самовработување со грант и кредитирање.

Следејќи ја методологијата на Европската иновациона матрица, во рамките на БЕРИС проектот се изработи Иновационата матрица на Република Македонија.

Министерството за образование и наука ја имплементира годишна Програма за технолошки развој со која се поттикнуваат и помагаат субјектите на технолошкиот развој во остварување на нивните развојни цели и програми. Исто така, Министерството секоја година подготвува и имплементира Програма за техничка култура со која се поттикнува и помага реализирање на програмските активности на носителите на јавни овластувања во техничката култура.

Во врска со создавање поволна деловна клима за инвестиции, продолжува имплементацијата на Програмата за поттикнување инвестиции, а во тек се активности за подготовка на Извештај за инвестиционата политика на РМ и подготовка на Нацрт-Програма за поттикнување инвестиции 2011-2014. Овие документи се подготвени во соработка со деловната заедница, инвеститорите и владините институции.

На 01.07.2010 година стапи во сила новиот закон за основање на Агенцијата за странски инвестиции и извозна промоција, со кој на Агенцијата и е доделена и нова активност, промоција на извозот. Во фаза на изработка е Стратегијата за промоција на извозот на Република Македонија, финансирана од BERIS програмата на Светска банка, која треба да послужи како основа за дефинирање на програмата и планот на понатамошните активности во врска со промоција на извозот. Со институционализирањето на извозната промоција најголем дел од мерките од Програмата за поттикнување на конкурентноста на македонските производи и услуги ќе продолжат да се имплементираат преку Агенцијата, а дел преку програмата за развој на МСП.

Во моментот од страна на Агенцијата ангажирани се 22 промотори од кои 19 се оперативни и вршат активна промоција на инвестициските можности на Република Македонија.

Иплементацијата на Национална Агенда за општествена одговорност на претпријатијата (ООП) 2008-2012 година се реализира тековно, преку промовирање на принципот на општествена одговорност со што се поттикнуваат компаниите да ги интегрираат социјалните грижи и грижата за заштита на околината во нивните деловни активности и во нивната интеракција со заинтересираните страни.

Проектот "Топ менаџмент" на Владата на Република Македонија, за обука на најмалку 200 менаџери од извозно ориентираните компании со теоретски и практични обуки во странски компании, започна да се спроведува во првата половина од 2009 година и е сеуште во тек.

*Програмата за поддршка и развој на кластерското здружување поддржува* предвидени активности за подобра промоцијата на можностите кои што ги нудат кластерите, обука и унапредување на менаџментот на кластерите, подобрување на вмрежувањето на кластерите, како и поддршка за формирање на нови кластери.

*„Enterprise Europe Network"* и *Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија* (ЕИИЦМ) како дел од оваа мрежа активно продолжува да ги реализира зацртаните проектни активности во делот на бизнис соработка и информации за европскиот пазар и ЕУ фондовите, трансфер на иновации, технологии и знаења, научни истражувања и развој.

Македонија има пристап за користење на првата компонента на ЦИП (*Competitiveness and Innovation Programme*), поточно *Под- програмата за претприемништво и иновации*, а во тек се активности за вклучување на Македонија и во *Под-програма за поддршка на информациски и комуникациски технологии* и *Под- програма за интелигентна енергија на Европа* односно втората и третата компонента од ЦИП. За Програмата на ЕУ за конкурентност и иновации (ЦИП), Министерството за економија, како национална партнер институција ги обезбеди сите потребни средства за учество на РМ во оваа програма и активно работи на негова промоција, преку учество на јавни настани, конференции (конференција за Програми на ЕУ во организација на холандската SNV, Бизнис форум организиран од Конрад Аденауер и МФС, средба на бизнис заедница во стопанска комора), објавува информации за програмата директно и преку ЕИИЦМ. Се преземаат активности за поуспешно користење на програма – отварање на влез за финансиски инструменти, преку соработка со МБПР.

Република Македонија се стекна со статус на полноправна членка на *Програмата ЕУРЕКА*, преку која со партнери од земјите членки на ЕУРЕКА, се реализираат иновациски и развојни проекти со кои се поддржува бизнис секторот.

Потпишан е Меморандум за користење на средства од Рамковната програма за научноистражувачка дејност и технолошки развој (*FP 7- Seventh Framework Programme for research and technological development*).

Од аспект на подобрување на пристапот до финансии во тек е реализација на повеќе мерки преку МБПР и тоа:

- Воведена е нова кредитна линија од ЕИБ 100 мил. ЕУР за поддршка на МСП и приоритетни проекти. Станува збор за една од најголемите и најповолните кредитни линии посебно имајќи предвид дека каматната стапка е фиксирана на 5,5% годишно (истата е субвенционирана од страна на државата).
- Намалена е каматната стапка кај кредитната линија за поддршка на извозни компании од 8% фиксно годишно на 7% фиксно годишно, односно на 6,5% фиксно годишно ако дел или цел извоз е осигуран преку МБПР. Исто така продолжен е рокот на отплата до 2 години како и скратена е постапката и процедурата за аплицирање и одлучување по истата.
- Покрај осигурувањето на извозните побарувања, со цел намалување на ризиците на компаниите воведено е и осигурување на домашни побарувања. Притоа, и кај двата вида на осигурувања, МБПР гарантира наплата од минимум 90% од вредноста на побарувањето,
- Воведено е и осигурување на побарувањата на подружниците на македонските компании во странство, и воведено е осигурување од политички ризик.

Стратегијата за унапредување на извозот на софтвер и ИТ услуги се подготви од страна на кластерот за ИКТ, индустријата МАСИТ и ГТЗ. Целта на стратегијата е на еден систематизиран начин да им се помогне на македонските фирми да пристапат на странските пазари, посебно германскиот.

*Краткорочни приоритети*

Во 2011 планирано е да се усвојат и да се имплементираат новите годишни програми и тоа: Програма за имплементација на индустриската политика, Програма за развој на кластерите, Програма за поддршка на МСП, Програма за развој на МСП, Стратегија за извозна промоција, Програма за поттикнување СДИ, Програмата за технолошки развој и Програмата за техничка култура, и други стратешки документи како Стратегија за развој на занаетчиство.

Со овие програми ќе се продолжи процесот на поддршка на фирмите во поттикнување и развој на конкурентноста и зајакнување на институционалниот капацитет за поддршка.

Од 2011 се отпочнува со имплементација на нова Програма за индустриска политика која опфаќа мерки од документот индустриска политика во делот на иновации, технолошки развој, интернационализација, поддршка на еко производство. Преку Програмата за кластери и Програмите за МСП во целост ќе бидат имплементирани мерките од овие области на интервенција.

Ревидираната Национална стратегија за развој на мали и средни претпријатија во Република Македонија 2002- 2013 ги дефинира активностите за поддршката на развојот на секторот за МСП кои треба да придонесат за уште поефикасно работење на претпријатијата и создавање на конкурентност. Во новата 3-годишна Програма, која ќе содржи мерки и активности за поддршка на МСП и развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста за периодот 2011-2013, како и во Стратегијата за занаетчиството во РМ ќе бидат конкретизирани мерките и активностите за развој на секторот на МСП. Имплементацијата на овие документи ќе се реализира преку Програмата за поддршка на МСП, Програмата за развој на МСП кои се имплементираат од страна на МЕ и АППРМ. Исто така, активностите ќе бидат насочени кон зајакнување на институционалната инфраструктура, подобрување на деловното опкружување и подобрување на конкурентноста и иновативноста. Ова ќе го детерминира и оперативното работење на *Агенцијата за поддршка на претприемништвото* за која е планирано континуирано зајакнување на капацитетот со нови вработувања и обуки на вработените.

Во 2011 година *Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија* ќе продолжи со следење на најновите и најуспешни практики на европските агенции за промоција на инвестиции, и преку бенчмарк анализи на земјите во регионот до владините одлучувачки структури ќе предлага новитети во пакетот на инвестициони поволности за потенцијални инвеститори и активно ќе работи на координација со ресорните министерства и други институции за олеснување на административните процедури при услужување на инвеститорите во реализација на инвестиционите проекти. Притоа фокусот ќе биде на зголемување на интерактивноста и комуникацијата со постојните инвеститори и пречките со кои се соочуваат, идентификација на слабостите и дејствија за нивно отстранување.

Во моментот од страна на *Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот*, ангажирани се 22 промотори од кои 19 се оперативни и вршат активна промоција на инвестициските можности на Република Македонија, 3 промотори ја комплетираат обуката, и се очекува нивно заминување и почеток со активности во земјите на упатување на почетокот на 2011 година. Истовремено, привршуваат и активностите околу изборот на дополнителни 7 промотори, кои по спроведената обука ќе бидат упатени на работа во странство по првиот квартал на 2011 година. Планирано е оваа бројка на промотори по потреба да се зголеми, со цел дефинитивно позиционирање на земјата во кратката листа на држави, разгледувани во стратегиите за експанзија и релокација на бизнис активностите на големите странски компании.

По однос на воведувањето на промоција на извозот како нова основна активност која и е доделена на Агенцијата со новиот Закон, по подготвувањето и усвојување на Стратегијата за извозна промоција, која се изработува со поддршка на Светска Банка се очекува нејзина имплементација во 2011.

За да се обезбеди одржливост и ефикасно реализирање на поставените цели на Агенцијата согласно Законот, неминовно е најитно да се обезбеди стручно и кадровско зајакнување со нови вработувања, како и континуирана обука на новите и постојни вработени за најдобрите пракси и современи методологии за реализација на промоцијата (извозна и инвестициона), поефикасна логистика за подобрување на понудените услуги, соработка, комуникација и поддршка на таргетните групи инвеститори и извозници.

Новиот проект на USAID - IDEAS - Investment Development and Export Advancement Support, ќе започне со имплементација во 2011 година. Тој е фокусиран на техничка помош на Владата на РМ за подобрување на капацитетите и координација поврзано со зголемување на домашните инвестиции и привлекување повеќе странски инвестиции во рамки на новата Индустриска политика на РМ; поддршка на сеопфатна и ефективна стратегија за извозна промоција; развивање и иституционализирање на посилен механизам за јавно- приватен дијалог.

Во 2011 година ќе продолжи реализацијата на годишната Програма за технолошки развој во која се планира со финансирање развојно- истражувачки проекти/програми, иновациски проекти до фаза на изработка на прототип, поддршка за стекнување информациски и комуникациски знаења и трансфер на знаења и информации, подобрување и развој на технолошката инфраструктура. Ќе продолжи поддршката на Програмата ЕУРЕКА и на апликации од Програмата ФП-7 на ЕУ.

Во 2011 година ќе продолжи поддршката за реализација на програмите/проектите на носителите на јавни овластувања во техничката култура. Тоа подразбира поддршка за организирање обуки преку семинари и курсеви, како и организирање и учество на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари и манифестации во областа на техничката култура.

Во врска со поттикнување на иновативност на македонското стопанство, покрај мерките и програмите кои ги преземаат Министерство за економија и Министерство за образование и наука, со поддршка од ОЕЦД ќе се изработи стратегија/програма за иновации, ќе продолжи поддршката преку АДА на Националниот центар за развој на иновации и претприемничко учење, а планирано е и формирање на Центар за иновации со поддршка од УСАИД. Секако дека сите овие мерки и активности создаваат услови за подигање на свеста и поддршка на развојот на иновативноста во Македонија. Ова ќе придонесе кон подобро искористување и вклучување на македонските компании во програмите ЦИП, ФП 7, ЕУРЕКА и подобрување на рангирањето на РМ во EISB.

Министерството за економија се вклучува во неколку регионални проекти за поддршка на иновативноста и тоа WBC, INCO, NET и FINNO.

Од аспект на понатамошно учество на РМ во ЦИП, за 2011 година планирани се следните активности:

- обезбедување средства и плаќање на финасиските обврски
- учество во координативното тело на Подпрограма за претприемништво и иновации (ЕИП)
- потпишување на Меморандуми за разбирање за влез во Подпрограма за поддршка на политики за информатичко комуникациски технологии и Подпрограма за интелегентна енергија на Европа
- промоција на целата програма и трите подпрограми ЕИП, ИЦТ, ИЕЕ

Планирани активности на МБПР за понатамошно подобрување на пристапот до финансиски средства во 2011 се:

- Воведување на нови кредитни линии за подршка на МСП (се преговара за италијанска кредитна линија, KfW кредитна линија, кредитна линија за поддршка на МСП со гарантна шема).
- Отпочнување со директна подршка на извозни компании.
- Отпочнување со практицирање на факторинг, особено во однос на побарувањата кои се осигурани во МБПР при што значајно би се подобрила ликвидноста на компаниите.
- Отпочнување со осигурување за извоз пред испорака (покривање на случаи кога специфицна стока е нарачана, истата е произведена и во последен момент купувачот поради стечај не е во можност да ја плати нарачаната стока).

Владата, како дел од стратешката определба за поддршка на развојот на приватниот сектор, презема активности за формирање на Еквити инвестициски фондови во Република Македонија. Активностите за основање на фондовите се со временска рамка од 2011-2013 година.

Формирањето на фондовите има за цел да обезбеди поддршка на развојот на МСП, да овозможи трансфер на нови технологии и know-how, како и поттикнување на иновациската активност во овој сектор.
Фондовите за техничка помош ќе бидат обезбедени од страна на различни меѓународни финансиски институции и донатори кои ќе покажат интерес. Исто така, фондовите ќе соработуваат со програмите за техничка помош и обуки кои се во организација на Владата на Република Македонија.

Со цел утврдување на законската рамка за транспонирање на новата директива за борба против задоцнетите плаќања, во периодот по нејзиното објавување ќе се превземат активности за анализа на директивата и временската рамка за транспонирање во националното законодавство.

*Среднорочни приоритети*

На среден рок, ќе продолжи координацијата и имплементацијата на сите програмски документи од страна на министерствата и соодветните агенции. Предвидено е зајакнување на капацитетите на институциите за имплементација на политиките и ефикасно координирање на странската помош и структурните фондови.

### 3.20.3 **ПОЛИТИКИ ПО СЕКТОРИ**

*Тековна состојба*

Во Република Македонија досега се изработени следниве секторски стратегии:

- Националната програма за реструктуирање и преобразба на челичната индустрија на РМ;
- Стратегија за развој на текстилната индустрија и Програма за пресруктуирање на текстилната индустрија
- Национална Стратегија за развој на туризмот (2009-2013) и Програма за развој на туризмот за 2011

За секторот туризам, покрај споментата стратегија и програма релевантни се и следниве законски акти: Закон за угостителска дејност (Службен весник на Република Македонија бр. 62/2004, 89/2008, 72/10) и Закон за туристичка дејност (Службен весник на Република Македонија 62/2004, 89/2008,12/2009), Законот за такса за привремен престој (Службен весник на Република Македонија бр. 19/96, 26/02, 51/03) и Законот за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија бр. 103/08).

*Краткорочни приоритети*

Во секторот на челик продолжува имплементацијата на Националната програма, како и подготвување на Информацијата за процесот на имплементација на Националната Програма за реструктурирање на челичната индустрија на Република Македонија и Индивидуалните бизнис планови. Предвидено е издавање на информативен *Билтен за челик* во кој се содржани информации и податоци за трендовите во челичната индустрија, како и организирање и одржување на меѓународна регионална конференција за металуршкиот сектор.

Мерките кои беа наменети за поддршка на текстилниот сектор преку *Програмата за поддршка на текстилната индустрија* во Република Македонија од 2011 ќе бидат интегрирани во Програмата на индустриска политика, која ќе важи за сите индустрии.

Во рамките на Секторот туризам и угостителство и Агенцијата за промоција и подршка на туризмот во Република Македонија, предвидени се голем број на активности во делот на развојот на туризмот, поддршка на туристички проекти, ревидирање на законската регулатива и системот на категоризација на угостителските објекти, правење на неколку студии и анализи од областа на туризмот, подршка и кофинансирање на разни туристички манифестации и форуми, субвенционирање на странски организираниот туристички промет и меѓународни односи со организации од областа на туризмот (СТО, ЕТЦ, ЦЕИ, и др), како и капиталниот објект, изградба на туристичката атракција Македонско село.

Во делот на промовирањето на Македонија како туристичка дестинација предвидено е изготвување и печатење на промотивни материјали во одделни сегменти на туристичката понуда, презентација на меѓународни туристички берзи; субвенции за учество на бизнис форуми и други манифестации; соработка со странски туроператори, новинари и разни федерации во функција на промоција на македонскиот туризам преку странски туристички медиуми.

*Среднорочни приоритети*

Имплементација на секторските стратешки документи.

## 3.21 **ТРАНСЕВРОПСКИ МРЕЖИ**

### 3.21.1 **ТРАНСПОРТНИ МРЕЖИ**

*Тековна состојба*

Во завршна фаза се преговорите за основање на Транспортна заедница на земјите од Западен Балкан и Европската Унија. Потпишување на Договорот се очекува во вториот кваратал на 2011 година, да се ратификува во текот на 2011/2012 и да стапи на сила по ратификувањето. Последниот состанок на кој се договорија сите технички детали околу договорот беше на 18 мај 2010 во Брисел. Финалните коменари на последната верзија на договорот од страна на преговараќкиот тим на Република Македонија беа доставени во 8 ноември 2010 година .

Во рамките на СЕЕТО Република Македонија ја продолжува имплеменатацијата на Меморандумот за разбирање од 2004 година за развој на главната транспортна мрежа и имплементацијата на Повеќе –годишниот план 2011-2015 Спроведувањето на приоритетните проекти, координирањето на инвестициите и годишните ревизии на Повеќе – годишниот план бараат континуирана соработка во рамките на СЕЕТО. На состанокот на Управен одбор (УО) на СЕЕТО во Загреб на 12.10.2010 година беа предложени и усвоени одредени измени на Повеќегодоишниот план и истиот беше одобрен како финален. Од страна на Република Македонија беше уплатено нациноналното годишно учество за 2010 година на 01.10.2010 година.

Третото ажуирање на Националната транспортна стратегија е завршено во март 2010 година.

Градежните работи на автопатот Табановце-Куманово како дел од Пан евроспкиот Коридор X, се тековни и истите ќе завршат во вториот квартал на 2011 година.

Отпочнување со реализација на проектот *Демир Капија-Смоквица* во должина од 28.13км. кој ќе започне при крајот на 2011 година. Тендерската и проектната документација за изградба на оваа делница се комплетирани и доставени до службите на Европската Комисија во третиот квартал на 2010 година.

**Модернизација на Коридор** X –**железница**
Во 2010 година склучен е договор меѓу Министерство за финансии и ЕБОР за кредит во износ од 17.6 милиони евра за ремонт на 54 км од Коридор X за што е донесен Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за Проектот за подобрување на железничката пруга на Коридор X.

**Комплетирање на Коридор** VIII-**железница**
Исто така склучен е договор на 25.11.2010 година меѓу Министерство за транспорт и врски и ЕБОР за Грант средства во висина од 0.5 милиони евра за изработка на физибилити студија и ЕСИА (Студија за проценка на социјално влијанието и влијание животната средина) за Коридор VIII, западен дел од Куманово до граница со Р.Бугарија и Договор меѓу Министерство за транспорт и врски и избраната консултантска куќа за изработка на Физибилити студија и ЕСИА (Студија за проценка на социјално влијанието и влијание животната средина) за Коридор VIII, западен дел према Република Бугарија.

Во 2010 година реализирани се 175.000.000,00 денари од Буџетот на Министерство за транспорт и врски за одржување на железничката мрежа. Направено е осигорување на 9 патни премини на релација Ѓ.Петров-Гостивар и осигорување на 7 патни премини на релација Велес-Битола, како и 38.000.000,00 денари за Изработка на проектна документација на Коридор VIII (делот према Републиа Бугарија и Република Албанија).

Телекомандата е поставена во станица Трубарево, инсталирана е целата опрема и пуштена е во пробна работа, исто така реализиран е проектот за Интегрирана комуникациска мрежа Тетово – Гостивар.

Правната рамка која се однесува на транспортните мрежи е дел од правната рамка која ја регулира транспортната политика. (Види Поглавје 3.14 Транспортна политика)

**Стратешки документи**

o **Повеќе-годишен план на Транспортната опсерваторија за Југоисточна Европа-СЕЕТО** (2011-2015)

Повеќегодишен план на СЕЕТО 2011-2015 ќе се фокусира на имплементацијата на проектите за развој на главната мрежа и инвестираните средства за таа намена, како и на јасно дефинирање на инвестициските проекти во периодот 2011-2015. Исто така, се усвоени извештаите за работата на Работните група за железници и за безбедност во сообраќајот на патиштата и се изрази поддршка за нивно понатамошно делување во рамките на СЕЕТО во насока на спроведување на меките мерки од Повеќегодишниот план.

o **Програма за јавни инвестиции** (2011-2013)

Програмата за јавни инвестиции е стратешки документ на Владата на Република Македонија за период од три години. Развојната политика на Владата на Република Македонија за инвестирање во јавната инфраструктура на земјата на среден рок се базира на динамична инвестициона активност која се очекува да резултира со оптимализација на користење на постојните капацитети, реконструкција и модернизација на јавната инфраструктура во функција на обезбедување економичност и повисока ефикасност.

o **Национална транспортна стартегија** (2007-2017)

Третото ажурирање на Националната транспортна стратегија е направено во март 2010 година

Во иднина, на секои 2 (две) години ,Министерството за транспорт и врски, со меѓусекторска соработка, е одговорно за следење на имплементација на целите предвидени во Националната транспортна стратегија 2007 – 2017, како и за подготовката на информацијата за степенот на реализација на целите предвидени во Националната транспортна стратегија (2007 до 2017) која ќе се доставува до Владата на Република Маеќдонија. Следното ажурирање на Националната транспортна Стратегија е предвидено за месец април 2012 година.

Во рамките на Министерството за транспорт и врски, Секторот за Евроспка интеграција согласно систематизацијата се состои од три одделенија : Одделение за преговори и интеграција, Одделение за ИПА фондови , и Одделение за програми на Заедницата и други меѓународни инвестиции. Во Секторот за Европска унија има 14 вработени кои се постојано вработени. Во однос на зајакнување на капацитетите во Секторот за Европска унија при Министерството за транспорт и врски, во 2010 се реализираше едно вработување во одделението за ИПА фондовите.

Надлежни институции за спроведување на проектите од трансевропските мрежи се Министерство за транспоррт и врски, Агенцијата за државни патишта, МЖ Инфраструктура.

За институционалната рамка за железничка инфраструктура и инфраструктура во воздушниот сообраќај (види Поглавје 3.14 Транспортна политика).

*Краткорочни приоритети*

Отпочнување со реализација на проектот Демир Капија-Смоквица во должина од 28 км ќе се реализира со средства од ИПА Компонентата за Регионален развој, Владата на Република Македонија, Европска Банка за обнова и развој и Европска инвестициона банка. Во 2011 година се очекува објавување на тендерот за изградба на оваа делница. Градежните работи се предвидува да траат 4 години, а со вкупна цена околу 250 милиони Евра.

На крајот на 2008 година започна изградбата на делницата Табановце-Куманово со должина 7,5км. Со проектот се предвидува делницата Табановце-Куманово да биде автопат со изградба на нова еднонасочна коловозна лента со широчина од 11 метри. Постојниот паралелен пат ќе стане еднонасочен и ќе биде проширен од постојните 7.5 метри на 11 метри. Обезбедени се финансиски средства се 11.9 мил.евра преку заем од Светска Банка и буџетски средства. Продолжениот рок за завршување на работите на оваа делница е до 30 јуни 2011 година

Владата на Република Македонија одбра два модела за давање под концесија на патиштата. Министерство за транспорт и врски активно учествува во процесот на избирање концесионер за проектот за концесија со изградба, реконструкција, одржување, наплата на патарина и користење на дел од државните патишта на Република Македонија. Според утврдента динамика кон крајот на првиот квартал на 2012 година треба да се потпише договорот. Периодот за изградба е предвиден да биде 8 години од денот на потпишување на договорот, а периодот на концесија е 35 години.

Во однос на Модернизација на Коридор X –железница во втората половина од 2011 година ќе започне реализација на проектот ремонт на 54 км од Коридор X со средства обезбедени по пат на кредит од ЕБОР. Имено во првата половина од 2011 година ќе се распише тендер за избор на градежна фирма која ќе го реализира првиот лот односно ремонтот на делниците Табновце-Куманово (13,3 км) и Миравци-Смоквица (13,1км). Ремонтот на двете делници се планира да се реализира во рок од 14 месеци.

Реконструкција на Железничка станица Скопје. Со проектот за реконструкција на Железничката станица Скопје ќе се санира моменталната лоша состојба на истата од аспект на функционалност и безбедност. Со проектот се планира да се рехабилитира и да се надгради според најдобрите искуства од Европската Унија. Консултанти- проектанти од Италија и Шпанија го изработија Идејниот проект според кој на патниците им се олеснува пристапот до станицата како и до пероните со помош на три лифтови. Посебно внимание ќе се посвети на луѓето со специјални потреби на кои ќе им се олесни пристапот до објектот и во него. Се предвидува воведување на современи системи за сигнализација и информирање на патниците како и зголемена безбедност и сигурност.

За овој проект се потребни 2,9 милиони евра од кои 725.000 ги обезбеди Владата на Република Македонија, останатите 2.175.000 евра се обезбедени преку ИПА. Градежните работи се планира да започнат при крајот на четвртиот квартал на 2011 година, а се очекува да заврши во 2013 година

Подготовка на проектни студии и проектна документација за железничките делници по должина Коридор 10 и 10Д. Со овој проект се предвидува подготовка на физибилити студии, студии за анализа на трошоци и продобивки и студии за влијанието врз животната средина како изработка на идејни и основни проекти согласно потребата за комплетирање на проектната документација за железничките делници Куманово – Дељадровце, Драчево –Велес и Битола – Кременица. Тендерската и проектната документација за подготовка на студиите е доставена до Европската комисија и во третиот квартал на 2010 година е објавен огласот за предквалификација. Во вториот кваратал 2011 година се планира да започне имплементацијата на овој проект и истот ќе трае до крај на 2012 година. За овој проект Владата на Република Македонија обезбеди средства во износ од 425.000 евра како и средства преку ИПА во износ од 1.275.000 евра.

Комплетирање на Коридор VIII-железница. Во 2011 година треба да се изработи Физибилити студија и ЕСИА студија за Коридор VIII, западен дел према Р.Бугарија. По добивање на првичниот извештај од Студијата, Министерство за транспорт и врски преку СЕП по добиено позитивно мислење од Министерство за финансии ќе достави апликација до (WBIF) Western Balkans Investment Framework за обезбедување на финансиски средства по пат на донација за доизработка на основната техничка документација за железничкиот Коридор VIII, делот од Куманово до Деве Баир граница со Република Бугарија. Се планира изработката на документацијата да чини 6.5 милиони евра, а истата да се изработи во рок од 3 години. Изработката на документацијата се планира да биде фазно и тоа: од Куманово до Бељаковце, од Бељаковце до Крива Паланка и од Крива Паланка до граница со Република Бугарија.

Подготовка на Студии и потребна документација за железничка линија Кичево – Струга - граница со Република Албанија. Со средства од Буџет на Министерството за транспорт и врски се изработи Физибилити студија, со идејно решение и Елаборат за екологоја за делницата од Кичево до Лин, граница со Република Албанија. Во овој момент се врши ревизија на идејниот проект. Се планира проектот да заврши во вториот квартал на 2011 година.

Подготовката на секторска физибилити студија за идентификација на стратешки мулти модални транспортни јазли и кост бенефит анализа е планирано да започне во вториот квартал на 2011 година. Студијата е од големо значење и воедно основа за идно финансирање и изградба на овие јазли на територија на Република Македонија. Овие јазли функционално ќе ги поврзат различните видови на транспорт како патнички, железнички, авио сообраќај со што ќе се овозможи поефективна размена и движење на стоки и патници. За овој проект во вредност од 1.1 милиони евра Владата на Република Македонија обезбеди 276.500 евра а преку ИПА е обезбеден грант од 829.500 евра. Студиите се очекува да бидат готови при крајот на 2012 година.

Во март 2010 година концесионерот „ТАВ Македонија“ ДООЕЛ го превзеде оперирањето со аеродромите „Александар Велики“ “ – Скопје и „Св. Апостол Павле“ – Охрид. На аеродромот „Александар Велики“ во Скопје во рок од 20 месеци концесионерот „ТАВ“ се очекува да изгради нова терминална зграда, да се продолжи полетно-слетнатата патека, да се изгради паркинг за автомобили, пристапен пат, заедно со нова клучка, да се изврши инсталирање на системите за земска навигација, да се изгради потребната комунална инфраструктура, да се изврши доградба на административната зграда, нов карго терминал, нова противпожарна станица и нов паркинг за воздухоплови. Министерстовото за транспорт и врски издаде дозвола за градба, по што градежните работи на аеродромот „Александар Велики“ – Скопје се извршуваат во полн интензитет.

На аеродромот „Св. Апостол Павле“ во Охрид во рок од 12 месеци се предвидува реконструирање на постоечкиот паркинг, реновирање на објектите во карго центарот, изградба на ВИП објект, пречистителна станица, реконструкција на постоечката административна зграда, набавка на нови патролни и противпожарни возила, како и набавка на нова потребна опрема за аеродромот да функционира согласно меѓународните стандарди.Потпишаниот договор се однесува на концесија во период од 20 години. Министерстовото за транспорт и врски издаде дозвола за градба, по што градежните работи на аеродромот „Св. Апостол Павле“ во Охрид се извршуваат со полн интензитет.

Потпишувањето на Договорот за транспортна заедница е предвиден во вториот квартал на 2011 година, истиот ќе се ратификува во текот на 2011/2012 по што ќе стапи во сила.

Во 2011 година се планира вработување на две лица во Секторор за Европска унија при Министерството за транспорт и врски.

*Среднорочни приоритети*

Изградба на делницата Велес-Прилеп претставува дел од Европскиот коридор 10д и е врска од особено значење за транспортот на целиот регион спрема централна и западна Европа. Од страна на Балкан Консалтинг изработени се Студија за оправданост, Студија за животна средина и изработен е идеен проект со автопатско решение помеѓу Велес и Прилеп. Истиот ќе биде со 2 коловозни ленти, 2 сообраќајни ленти и 1 лента за запирање, со ширина на коловоз 2x10,75м. Вкупната должина ќе изнесува 57км, со елементи на патот кои овозможуваат брзина на сообраќајот од 100км/час. Во иднина треба да се изработи основен и изведбен проект за автопатот Велес-Прилеп.

Надградба на делница Битола-Ресен-Охрид-Подмоље е предвидена во рамки на програмирањето на СЕЕТО и претставува среднорочен приоритет. Надградба на делницата е предвиена на ниво на автопат. Од страна на консултанската куќа изработен е предпроект.

Четвртото ажурирање на Националната транспортна стратегија е планирано за април 2012 година.

Договорот за транспортна заедница ќе стапи на сила по 2012 година.

Комплетирање на Коридор VIII-железница. Во 2012 година се планира да се објави тендер за вториот лот односно за ремонт на преостанатата делница Ногаевци – Неготино (30 км), ремонтот се планира да се реализира во рок од 14 месеци односно до крајот на 2013 година.

Во овој период се планира да се обезбедат средства преку (WBIF) Western Balkans Investment Framework за изработка на основна техничка документација за Коридор VIII дел према Р.Бугарија, а во зависност од висината на обезбедени средства од ЕБОР или ЕИБ да започне изградбата на делницата Куманово - Бељаковце во 2012 година и Бељаковце - Крива Паланка во 2013 година.

Подготовка на основен и изведбен проект за железничка линија Кичево-Струга –граница со Република Албанија во должина од 66.0 км се планира да се се реализира со средства од ИПА Компонентата за Регионален развој и да започне кон крајот на 2011 година, со рок на реализација до крај на 2013 година.

### 3.21.2 **ТРАНС-ЕВРОПСКИ ЕНЕРГЕТСКИ МРЕЖИ**

*Тековна состојба*

**Стратешки документи**

За постигање на целите на *Договорот за основање на Енергетска заедница*, активностите на земјите потписнички опфаќаат, меѓу останатото, и создавањето единствен механизам за прекугранична алокација на капацитети и пренос или транспорт на овој вид енергија и создавање пазар на електрична енергија и природен гас без внатрешни граници за сите земји-потписнички на Договорот, вклучително и координација на заемната помош во случај на сериозно нарушување на функционирањето на енергетските мрежи. За имплементација на механизмот за прекугранична алокација на капацитет и пренос на електрична енергија, потребно е да се формира проектен тим (компанија) која ќе биде задолжена за воспоставување на аукциска куќа во регионот на југоисточна Европа која ќе има задача да биде оперативна од правен, технички и организационен аспект. Во фаза е процесот на потпишување на декларација за финансико учество на сите преносни-систем оператори од југоисточна Европа за формирање на проектниот тим.

Европска асоцијација на електропреносните-систем оператори ENTSO-E[36] ( European Network of Transmission System Operators for Electricity) е составена од електропреносните систем-оператори од 34 земји во Европа. АД МЕПСО е полноправен член на ENTSO-E. Формирањето на ENTSO-E ја зајакнува соработката меѓу електропреносните систем -

[36] формирана во декември 2008 година

операторите на многу полиња: развој на технички и маркет ориентираните кодови, координација на работата на систем операторите и развој на мрежата, а една од главните цели на оваа асоцијација е да се забрза развојот на европскиот единствен пазар на електрична енергија, што ќе придонесе за сигурна и координирана работа на целиот европски преносен систем на електрична енергија. Во рамките на работните групи од ENTSO-E е и изработен *10 Годишниот план за развој на преносната мрежа на Европа*. Во изработката на овој план учествува и МЕПСО преку регионалната група на Југоисточна Европа која го припрема регионалниот план за инвестиции во регионот на ЈИЕ. При изработката на овој план главен акцент ќе се стави на определување на приоритетни далекуводи преку изработката на Пазарни студии за преносната мрежа.

Во рамки на *Програмата SECI* (Southeast European Cooperation Initiatve) во тек е реализација на Проектот за регионално планирање на електроенергетските системи во Југоисточна Европа (Transmission System Planning - TSP), започнат во 2001 година со техничка помош од USAID и USEA (United States Energy Association). Работата во рамките на овој проект продолжува со изработка на регионалните модели на преносната мрежа за 2015 и 2020 година. Изработена е и објавена студијата "Неизвесности во преносната мрежа на Југоисточна Европа и евалуација на ризиците за идните инвестиции во преносната инфраструктура". Започнуваат активностите за изработка на регионална студија за интеграција на голем обем на ветероелектрани во Југоисточна Европа.

*Стратегија за развој на енергетиката на Република Македонија до 2030 година* усвоена и донесена во 2010 година. Во неа е предвидено поврзување на електроенергетскиот систем на Република Македонија со 400 КВ интерконективни далноводи: Македонија – Србија, Македонија- Албанија и Македонија  Косово со цел за целосна интеграција во регионалниот систем. За развој на електроенергетскиот систем во Републиката е предвиден 110 КВ далновод за поврзување на ХЕ Бошков Мост на преносната мрежа, како и вложување и во ревитализацијата и замена на делови од преносната мрежа и трафостаници.

*Студијата за развој на преносната мрежа на Република Македонија во период 2010-2020 година* е изработена врз основа на Студијата за доверливост на електроенергетскиот систем утврдена во Мрежните правила за пренос на електрична енергија и истата претставува законска надлежност за одржување и развивање на преносната мрежа, како и извршување на обврските за обезбедување на јавна услуга на сигурен начин, што подразбира сигурно, навремено и квалитетно напојување со електрична енергија по разумна цена на испорака и грижа за заштита на животната средина. МЕПСО ќе ја развива преносната мрежа на начин предвиден во предметната студија.

**А) ЕЛЕКТРОПРЕНОСНА ИНФРАСТРУКТУРА**

Во насока на Коридор 10

*400 kV интерконеконективна врска Штип (Македонија) – Ниш  (Србија)*
Предвидените средства за реализација на овој проект се 19,2 милиони евра од кои 14 милиони евра се странски средства(заем од Светска Банка) а останатите 5,2 милиони евра се сопствени средства на АД МЕПСО. Започнување со изградбата предвидено за четвртиот квартал од 2011, а завршување на изградбата на далекуводот во првиот квартал 2013.

Бидејќи Владата на Република Македонија одобри државна гаранција во висина од 11 милиони евра за изградба на далекуводот Штип (Република Македонија) – Ниш (Република Србија), а Светска Банка во својата стратегија одобрила 19 милиони долари(14 милиони евра) за овој проект, МЕПСО побара дополнително задолжување со државна гаранција со вредност од 3 милиони евра.

Завршена е Студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина и истата е одобрена од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање. Финална ревизија на Основниот проект заврши во средина на декември 2010.

Во тек е реконструкција и ревитализација на постојните преносни трафостаници и далекуводи со Проектот *„Изградба на објекти од електрична мрежа“* што се подобруваат перформансите на електропреносниот систем на РМ и се обезбедува доверливо снабдување со електричната енергија на потрошувачите. Проектот е започнат во 2004 година и е финансиран од Европската Банка за Инвестиции (EIB) со кофинансирање од страна на АД МЕПСО. До сега е завршена изградбата на ТС Скопје 5 – I фаза и набавена е високонапонска опрема за ТС Драчево и ТС Петровец. ТС Драчево е завршена и пуштена под напон месец Ноември 2009. Продолжуваат активностите за изведба на ТС Петровец,  како и за 2 x 110 kV двосистемски ДВ од Вруток до Тетово чија прва делница Вруток – Гостивар е завршена.

Во рамките на Стратешкиот план на Светска Банка за инвестирање во Енергетската заедница на Југоисточна Европа за Развој на Регионалниот Енергетски Пазар влезен е *„Проектот за развој на електроенергетскиот систем на Република Македонија“*. Проектот е комплексен со 5 компоненти од кои во тек се следните компоненти:

*Компонента 2:* Реконструкција и градба на интерконективен и надземни далекуводи. Во рамките на оваа компонента планирана е изградбата на 2x110 kV ДВ ТС Битола 3 - ТС Битола 4 за која е добиена согласност за изработената Студијата за влијание врз животната средина од МЖСПП. Изработката на техничката документација со соодветна целосна ревизија како и тендерската документација која е потврдена од Светка Банка се завршени во почеток на четвртиот квартал 2010. Тендерот во четвртиот квартал 2010.
Во рамките на оваа компонента планирана е и реконструкцијата на постојниот 110 kV ДВ ТС Скопје 1-ТС Тетово 1 за кој е добиена согласност за изработената Студијата за влијание врз животната средина од МЖСПП. Изработката на техничката документација со соодветна целосна ревизија е завршена во почеток на четвртиот квартал 2010. Тендерската документација е доставена до Светска Банка. Но бидејќи со заемот APL3 не може да се финансира овој проект, за истиот ќе се побараат дополнителни средства за реализација.

*Компонента 4:* Надградба и реконструкција на постојните 110/x kV трафостаници е тековна и ќе заврши во прв квартал 2013 година. Потпишани се договори за: - набавка на високонапонска опрема, - набавка на опрема за непрекинато напојување во 110 kV ТС-и, - набавка на опрема за заштита и локално управување на дел од 110 kV ТС-и, - набавка на крајни станици и мерни претварачи за 110 kV ТС-и, - набавка на оптичко јаже. Сите активности се во фаза на реализација.

*Компонента 5:* Поддршка на институционалниот развој. Потпишан е договор за консултански услуги за имплементација на интегриран деловен информациски систем. Продолжува реализацијата која се очекува да заврши во првиот квартал од 2012 година.

Проектот Четири трафостаници 400/110 kV за реконструкција на постојната опрема за управување и заштита во четири трафостаници од 400/110 kV, односно Скопје 1, Скопје 4, Битола 2 и Дуброво е тековен и истиот се реализира со средства преостанати од кредитот на ЕБОР за 400 kV интерконекција ТС Штип (Макеоднија) – ТС Червена Могила (Бугарија), во износ од 6,25 мил.евра од кои АД МЕПСО кофинансира со 0,60 мил. евра и 5,65 мил.евра од ЕБОР. Овој проект е во фаза на реализација. До 2013 година треба да се имплементира целокупната опрема.

**Б) ГАСОВОДНА ИНФРАСТРУКТУРА**

*Проширување на Магистралната гасоводна мрежа*
Студијата за Регионална гасификација на ЈИЕ (Energy Community Ring) ги опфаќа изворите за снабдување со природен гас почнувајќи од Русија, Каспискиот регион и други транзитни коридори (вклучувајќи и ТПГ) и воедно ги обработува деветте пазари на гас во регионот на ЈИЕ како што се: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Македонија, Црна Гора, Косово, Романија и Србија. Концептот на Регионалниот прстен е резултат на развојот на постоечките гасоводни гранки кои можат да се појават од секој посебен главен влезен преносен гасовод и истите можат да се набљудуваат дека истите заедно претставуваат гасоводна врска од гасифицираните и негасифцирани пазари на ЈИЕ.

Физибилити студија за гасоводен систем во Република Македонија со идеен проект ги дефинира стратешки услови и фазите за временската реализација на гасоводниот систем, како и соодветните приоритетни правци за најбрза реализација. Во рамките на досегашните активности во врска со предметната студија во тек е изработката на проектна документација на ниво на основен и изведбен проект за приоритетните магистрални гасоводни правци Клечовце-Битола и Скопје-Тетово-Гостивар со крак до Кичево.

Во однос на Транс - балканскиот нафтовод АМБО, по должина на Коридорот 8, во изминатиот период не се бележат значајни активности.

Министерство за економија, Сектор за енергетика во име на Владата на Република Македонија ја има улогата на креатор на политиката во енергетскиот сектор. *(Види поглавје 3.15 Енергетика).*

Министерство за транспорт и врски, со своите расположливи секторски капацитети ја спроведе постапката за изработка на Физибилити студијата за гасоводен систем во Република Македонија и ја реализира изработката на проектната документација на ниво на Основен и Изведбен проект за петте делници на приоритетниот магистрален гасоводен правец.

*Краткорочни приоритети*

**А) ЕЛЕКТРОПРЕНОСНА ИНФРАСТРУКТУРА**

Краткорочното – годишно, среднорочното и долгорочното планирање и инвестирање во електропреносниот систем на МЕПСО се заснова на Стратегијата за развој на енергетиката во Република Македонија до 20103 година и Студијата за развој на преносната мрежа на Република Македонија во период 2010-2020 година. Во Стратегијата е предвидено поврзување на електроенергетскиот систе на Република Македонија со 400 КВ интерконекктивни далноводи: Македонија – Србија, Македонија- Албанија и Македонија Косово со цел за целосна интеграција во регионалниот систем. За развој на електроенергетскиот систем во Републиката е предвиден 110 КВ далновод за поврзување на ХЕ Бошков Мост на преносната мрежа, како и вложување и во ревитализацијата и замена на делови од преносната мрежа и трафостаници.

Активностите во проектот *„Изградба на објекти од електрична мрежа“*- поточно за изградбата на ТС Петровец и 2 x 110kV двосистемски ДВ Вруток -Тетово продолжуваат и во 2011 година.
За изградбата на ТС Петровец и приклучниот 110 kV далекувод се очекува до третиот квартал во 2011 година да биде комплетирана документацијата заедно со тендерската документација и да се добие одобрение за градење кога и ќе започне изградбата на објектите.
За 2 x 110 kV двосистемски ДВ Вруток -Тетово се очекува до третиот квартал 2011 година да заврши изградбата на далекуводот со комплетирање на втората и третата делница Гостивар - Полог и Полог – Тетово.

Во рамки на *„Проектот за развој на електроенергетскиот систем на Република Македонија“* во *Компонента 2* за 2x110 kV ДВ ТС Битола 3 - ТС Битола 4, во првиот квартал во 2011 ќе се избере изведувачот согласно процедурата на Светска Банка. Постапката за експропријација се очекува да заврши до вториот квартал 2011 кога се очекува да се добијат и решението за локациски услови и одобрението за градење. Изградбата на далекуводот се очекува да заврши во четвртиот квартал од 2011.
За реконструкцијата на постојниот 110 kV ДВ ТС Скопје 1-ТС Тетово 1 до почетокот на третиот квартал од 2011 се очекува да заврши постапката за експропријација и да се добијат Решенеито за локациски услови и Одобрението за градење. Во четвртиот квартал 2011 ќе се објави меѓународен тедер за избор на изведувач. Реализацијата во *Компонента 4* и *Компонента 5* продолжува.

Реализација на Проектот Четири трафостаници 400/110 kV продолжува.

*Коридор 10*:
*400 kV интерконеконективна врска Штип (Македонија) – Ниш (Србија)*
Основниот проект за пристапни патишта ќе биде изработен и ревидиран заклучно со втриот квартал од 2011 год. Изработена и одобрена ДУПД и изработена АУП се очекува да бидат во првиот квартал на 2011. Елаборатот за нумерички податоци и самата експропријација се очекува да заврши до третиот квартал 2011. До крајот на првиот квартал 2011 се очекува заемот да биде одобрен од Бордот на WB. Во третиот квартал 2011, АД МЕПСО ќе аплицира за решението за локациски услови и одобрение за градба. Изработката на тендерската документација се очекува да биде во вториот квартал 2011 кога и ќе се објави тендерот. Потпишувањето на договорот за градба се очекува да биде во третиот квартал 2011 година (ќе зависи од динамиката на одвивање на постапката за експропријација).

*Коридор 8*:
*Во однос на 400 kV интерконеконективна врска Република Македонија (Скопје) – Косовоо (Косово Ц)* вкупната инвестиција се предвидува да изнесува 6,4 милиони евра, во која сопствените средства на АД МЕПСО би изнесувале 2.200.000 евра, додека останатите средства во висина од 4,2 милиони евра се предвидува да се обезбедат со заем од меѓународните финансиски институции. Треба да се воспостави соработката помеѓу двата електро преносни оператори МЕПСО и КОСТ за да може да се спроведе изработката на фисибилити студијата за нова интерконекција.

*400 kV интерконеконективна врска Македонија) – (Албанија)* е приоритетен проект согласно Стратегијата за развоја на енергетиката на Република Македонија до 2030 година како и во среднорочните проекти на АД МЕПСО. Истиот е предвиден во Програмата за јавни инвестиции 2010-2012 година. Оваа интерконекција претставува еден од трите приоритетни проекти во делот на секторот за електрична енергија на Енергетската заедница за 2010 година. Поради големата поддршка од страна на донатори/финансиери кои ја финансираат ИПА повеќекорисничката програма во која е воспоставен нов инструмент за поддршка на економскиот развој во регионот - инвестициска рамка на Западен Балкан(WBIF), од страна на Секретаријатот на енергетската заедница е предложено да се достави апликација за барање донација за финансирање на заедничката фисибилити студија до WBIF[37]. Министерство за економија, даде позитивна поддршка на овој проект, а Министерството за финансии се изјасни дека може да ја подржи оваа апликација за добивање на грант поддршка од инструментот WBIF доколку Владата на Република Македонија веќе има донесено

[37] Western Balkans Investment Framework

заклучок за прифаќање на иницијативата за ново задолжување во странство за проектот. Во тек е процедурата за прифаќање на иницијатива за ново задолжување со државна гаранција, кое Министерството за финансии го прифати со напомена да после изработката на фисибилити студијата МЕПСО поднесе барање со задолжување до Министерството за финансии. Се очекува на следната седница на Владата на Република Македонија оваа иницијатива да биде прифатена и апликацијата да биде доставена до WBIF преку NIPAC од СЕП.

Со одобрување на донацијата, МЕПСО и OST- Албанија ќе треба да потпишат меморандум за разбирање за заедничките обврски кон фисибилити студијата. Проектната задача за студијата ќе треба да биде изработена од консултантот на WBIF и потврдена од МЕПСО и OST.

**Б) ГАСОВОДНА ИНФРАСТРУКТУРА**

Врз основа на изработените идејни проекти од Физибилити Студијата се изработуваат Основни и Изведбени проекти за 5 делници од приоритетниот магистрален правец:

- делница Клечовица-Штип-Кавадарци, должина 96,6км;
- делница: Кавадарци-Прилеп-Битола, должина 91,7 км;
- делница Штип-Радовиш-Хамзали, должина 59.96км;
- делница Хамзали-Струмица-Богданци-Грција, должина 50,39км и
- делница Скопје-Тетово-Гостивар со крак до Кичево, должина од 110,00 км.

Се предвидува изработката на проектната документација за сите пет делници да биде завршена до крајот на 2011 година.

*Среднорочни приоритети* (2012-2015)

**А) ЕЛЕКТРОПРЕНОСНА ИНФРАСТРУКТУРА**

Активностите во проектот *„Изградба на објекти од електрична мрежа“*- поточно изградбата на ТС Петровец се очекува да заврши во третиот квартал на 2012 година.

За *Проектот за развој на електроенергетскиот систем на Република Македонија*, се предвидува во *Компонента 2* да продолжат активностите за изградба и реконструкцијата на постојниот 110 kV ДВ ТС Скопје 1-ТС Тетово 1 и да продолжи реализацијата на *Компонента 4* и *Компонента 5.*

Продолжува со реализација Проектот Четири трафостаници 400/110 kV.
*Коридор 10*: *400 kV интерконеконективна врска Штип (Македонија) – Ниш (Србија)*- Почетокот на изградбата е предвиден во четвртиот квартал 2011 и ќе трае 18 месеци односно до првиот квартал од 2013 година.

*Коридор 8*: Во однос на *400 kV интерконеконективна врска Република Македонија (Скопје) – Косовоо (Косово Ц),* на среднорочен план предвидено е изработка на фисибилити студија, документација, како и добивање на одобренија и согласности и изградба на проектот. Коридорот на 400 кV интерконекција ќе ги користи постојните коридори на 220 kV ДВ-и од Скопје до Косово А кои не се во функција од 1999 год.

Во однос на *400 kV интерконеконективна врска: 400 kV далековод (Македонија) – (Албанија)* по изработка на фисибилити студијата, АД МЕПСО потребно е да обезбеди задолжување во странство со државна гаранција и во соработка со Министерството за финансии да избере најповолна меѓународна финансиска институција која ќе го финансира проектот. Активностите ќе продолжат со изработка документација, добивање на одобренија и согласности и изградба на проектот.

**Б) ГАСОВОДНА ИНФРАСТРУКТУРА**

Според динамиката дадена во Извршното резиме на Физибилити студијата за гасоводен систем во Република Македонија, по обезбедување на финансиски средства, се предвидува да започне изградбата на три делници Клечовце-Штип-Кавадарци, Кавадарци-Прилеп-Битола и Скопје-Тетово-Гостивар со крак до Кичево од приоритетниот магистрален гасоводен правец во периодот од 2011-2015 година.

### 3.21.3 **ТРАНС-ЕВРОПСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ**

*Тековна состојба*

Во текот на 2010 година, Република Македонија започна преговори со Европската Комисија (ЕК) за членство во втората програма на Рамковната Програма за конкурентност и иновации (ЦИП) 2007-2013 на Европската Унија, Подпрограмата за поддршка на политики за информатичко комуникациски технологии. Комуникацијата на преговори се водеше помеѓу Министерството за економија како национална партнер институција на РМ за ЦИП и Генералниот директорат за информатичко општество и медиуми, како институција која управува со потпрограмата за поддршка на политики за информатичко комуникациски технологии во рамки на ЕК.

Од страна на ЕК добиена е последната нацрт верзија на Меморандумот за разбирање за учество на РМ во Подпрограмата за поддршка на политики за информатичко комуникациски технологии. Во завршна фаза е меѓуресорската консултација по меморандумот, по што ќе следи и формално овластување на министерот за економија, во име на Владата на Република Македонија да го потпише Меморандумот за разбирање за учество во Потпрограмата за поддршка на политики за информатичко комуникациски технологии.

Понатаму, во делот на финансиските обврски, во рамки на предлог Буџетот на РМ за 2011 година предвидени се средства за исплата на влезниот билет за оваа подпрограма за 2011 година. Средствата кои ќе бидат исплатени од страна на Република Македонија за влезен билет, во одреден износ ќе бидат рефундирани од страна на Европската Комисија согласно ИПА проектот за Учество во Програмите и Агенциите на Унијата.

Постојните вработени од Министерството за економија, Секторот за ЕУ интеграција, како национални координатори на ЦИП програмата учествуваа во подготовка на Меморандумот за разбирање за учество на РМ во Подпрограмата за поддршка на политики за информатичко комуникациски технологии како и на сите подготвителни активности. По потпишувањето на истиот, надлежностите за исполнување на финансиската обврска, плаќање на влезниот билет остануваат на МЕ како национална партнер институција додека оперативната и промотивнта реализација на програмата со одлука на ВРМ, треба да ги превземе соодветното министерство кое работи во областа на информатичко општество.

*Краткорочни приоритети*

Се предвидува во првиот квартал од 2011 година да се потпише Меморандумот за разбирање за учество на Република Македонија во Потпрограмата за поддршка на политики за информатичко комуникациски технологии. Понатаму, ке следи исполнување на финансиската обврска, односно плаќање на влезниот билет на РМ за Потпрограмата за поддршка на политики за информатичко комуникациски технологии за 2011 година, именување на член на РМ за учество во координативното тело на оваа програма, и промовирање на програмата со цел запознавање на јавноста за можностите кои ги нуди оваа програма.

*Среднорочни приоритети (2012-2015)*

На среден рок, бидејки Рамковната Програма за конкурентност и иновации (ЦИП) 2007-2013 на Европската Унија предвидено е да трае до 2013 година, оттука согласно Меморандумот за разбирање за учество на Република Македонија во Потпрограмата за поддршка на политики за информатичко комуникациски технологии, ќе продолжат тековните активности за координација и имплемнтација на потпрограмата.

## 3.22 **РЕГИОНАЛНА ПОЛИТИКА И КООРДИНАЦИЈА НА СТРУКТУРНИ ИНСТРУМЕНТИ**

### 3.22.1 **ЗАКОНОДАВНА РАМКА**

*Тековна состојба*

Република Македонија во делот на регионалната политика и координација на структурните инструменти треба да го спроведе законодавството на Европската унија во насока на користење на Структурните фондови и кохезивниот фонд по добивањето на статусот земја членка во ЕУ.

На 13.11.2010 година стапија во сила Законот за заштита на конкуренцијата и Законот за контрола на државната помош, објавени во Службен весник на РМ бр.145/10, при што орган надлежен да врши надзор и контрола над примената на овие законите е Комисисијата за заштита на конкуренцијата.

Во тек е анализа за изменување и дополнување на Законот за рамномерен регионален развој. За таа цел, одржани се консултации со Центрите за развој на осумте плански региони, ангажирен е консултант од Република Словенија со поддршка на ГТЗ-Ред програма од Германската техничка помош за Република Македонија.

Со цел комплетирање на правната и стратешка рамка за спроведување на политиката за рамномерен регионален развој беше донесен Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Македонија (2010 – 2012 година) (62/2010). Овој акцискиот план се однесува врз основа на Стратегијата за регионален развој донесена на 30 Септември 2009 година која се однесува на периодот 2009-2019 година (119/09) и ги утврдува приоритетните мерки во функција на потикнување на економскиот раст на планските региони, инфраструктурна изградба и развој на компаративните предности на различните плански региони. Во моментов, се подготвува извештај за Владата на Република Македонија за спроведување на Акцискиот план за спроведување на Сратегијата за регионален развој на Република Македонија за 2010 година.

Националниот совет за рамномерен регионален развој како главно тело за координација заседаваше во декември 2009 каде беа одобрени Програмите за развој на планските региони. Овие програми се среднорочни плански документи со време на важење од 5 години, изработени согласно Стратегијата за рамномерен регионален развој, со кои се утврдуваат потребните цели на регионалниот развој и мерките, инструментите и потребните финансиски и други ресурси за остварување на тие цели.

Исто така, донесени се и Акциските планови за спроведување на програмите за развој на планските региони со временска важност од 1 година. Донесувањето на овие акциски планови е во надлежност на Советите на планските региони. Советите се составени од градоначалниците на општините кои влегуваат во состав на планскиот регион, кои на седници на Советот ги донесуваат овие годишни Акциски планови.

Со цел утврдување на приоритетите за финансирање и утврдување на буџетските средства беа донесени Програмата за рамномерен регионален развој за 2010 година (‘‘Службен весник на Република Македонија ‘‘ бр. 08/2010 ) и Програмата за рамномерен регионален развој на Бирото за регионален развој (‘‘Службен весник на Република Македонија ‘‘ бр. 20/2010 ) од 11.02.2010 година. Со овие програми се уредува намената на средствата за спроведување на политиката за рамномерен регионален развој на Република Македонија односно на Бирото за регионален развој во определен износ утврден во Буџетот на Република Македонија за тековната година.

Во согласност со Законот за рамномерен регионален развој беа донесени следниве подзаконски акти:

- Правилник за постапка за избор на оценувачи и методологија за оценување на планските документи за регионален развој.
- Правилник за избор на оценувачи и постапка и методологија за тековно и завршно оценување на проектите за регионален развој.

Проектите кои се спроведуваа во текот на 2010 година а беа наменети за развој на селата се во согласност со Одлуката за доделување средства за финансирање на проекти за развој на селата за 2009 година (150/2009).

Во Декември 2010 од страна на Министертсво за локална самоуправа се подготвува нова Програма за 2011 година за утврдување на приоритетите за финансирање и утврдување на буџетските средства која Владата на Република Македонија ќе ја донесе во Јануари 2011 година а на регионално ниво се подготвуваат Акциски планови за спроведување на Програмите на планските региони.

Во делот на законодавната рамка, во септември 2009 година *“Уредбата за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите на децентрализирано управување со првите четири компоненти од Инструментот за прет-пристапна помош (ИПА) на Европската Унија*”, ("Службен весник на Република Македонија", бр. 132/2008) беше изменета и дополнета (”Службен весник на РМ” број 119/2009) со цел да се вградат забелешките од Ревизорскиот извештај изготвен од Генералниот Директорат за Проширување на Европската Унија испратен како резултат на Ревизорска Мисија одржана во периодот од 9 до 13 март 2009 година во поглед на органите и структурите за децентрализирано управување со првата ИПА Компонента. Измените и дополнувањата се однесуваа на начинот на номинирањето на Програмскиот службеник за авторизација и Вишиот програмски службеник.

Со цел усогласување на Уредбата со организационата поставеност на Одделението за внатрешна ревизија за ИПА средствата во Министерството за финансии, како и со барањата на Генералниот директорат за регионална политика и Генералниот директорат за вработување, социјални прашања и еднакви можности за назначување на Раководителот на Оперативната структура за ИПА Компонентата III и IV, како и назначување на ИПА Координаторите во ресорните министерства, на 18 јуни 2010 година влезе во сила Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите на децентрализирано управување со првите четири компоненти од Инструментот за прет-пристапна помош (ИПА) на Европската Унија и истата е објавена во „Службен весник на Република Македонија бр.81/2010).

Согласно со измените и дополнувањата во Уредбата за ДИС (наведена погоре), донесени се нови Решенија за назначување на Раководител на Оперативната структура за ИПА Компонентите III и IV од страна на Владата на Република Македонија на 22 јуни 2010 година, како и ИПА Координаторите во ресорните министерства за ИПА Компонента III и IV од страна на ресорните министри.

Согласно препораките од Мисијата на ЕК за оценка на усогласеноста на системот за децентрализирано управување со ИПА помошта во Република Македонија со критериумите за акредитација воспоставени од страна на Европската комисија, ревидирана е правната рамка која го дефинира системот за децентрализирано управување со ЕУ фондовите, и тоа:

- ревидиран е Договорот за спроведување на проектите финансирани од ИПА во кои се утврдени одговорностите и взаемните права и обврски на Националниот координатор за авторизација (НКА)/ Националниот фонд (НФ) и Секторот за централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД),
- ревидирани се Оперативните договори потпишани помеѓу ЦФЦД и ресорните министерства кои се дел од Оперативните структури за тратата и четвртата ИПА компонента;
- ревидиран е Договорот за субделегирање на задачи во однос на Проектот Коридор X од ИПА Компонента III – Регионален развој, потпишан помеѓу Министерството за транспорт и врски и Агенцијата за државни патишта, и одобрен од Раководителот на Оперативната Структура за Регионален развој.

Соодветните Генерални директорати во Европската комисија се известени за погоре наведените измени од страна на Националниот координатор за авторизација.

*Краткорочни приоритети*

Донесување и спроведување на Програмата за рамномерен регионален развој за 2011 година и Програмата за рамномерен регионален развој на Бирото за регионален развој за 2011 година.

Потпишана Финансиска спогодба за Оперативна програма за регионален развој.

Потпишана Финансиска спогодба за Оперативна програма за развој на човечки ресурси.

*Среднорочни приоритети*

Утврдување на потребите од измени во постоечката релевантна правна рамка согласно европското законодавство, а во рамки на Акциските планови со цел воведување на Целосно децентрализирано управување со ИПА компонентите 3 и 4 , што треба да овозможи оперативната структура да се подготви за користење на програмите од структурните и кохезиониот фонд на Европската Унија во согласност со: релевантните ЕУ Регулативи 38.

---

[38] Regulation (EC) No 1080/2006 of the European Parliament and of the Council of 5 July 2006 on the European Regional Development Fund and repealing Regulation (EC) No 1783/1999; Regulation (EC) No 1081/2006 of the European Parliament and of the Council of 5 July 2006 on the European Social Fund and repealing Regulation (EC) No 1784/1999; Regulation (EC) No 1082/2006 of the European Parliament and of the Council of 5 July 2006 on a European grouping of territorial cooperation; Council

**Странска помош**

Информации се дадени во подрачјето 3.22.3

## 3.22.2 **ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

*Тековна состојба*

**ИПА Компонента** III **и** IV

Во согласност со препораките од Мисијата за проценка на усогласеноста на системот со критериумите за акредитација на Европската унија ревидиран и одобрен е Прирачникот за внатрешните постапки за работа во ЦФЦД ,верзијата 3.0, и истиот стапи во сила во јануари, 2010 година. Исто така, во септември 2010 година повторно беше ревидиран Прирачникот за внатрешни постапки на Секторот за централно финансирање и склучување на договори и верзијата 4.0 на Прирачникот стапи во сила во септември 2010 година.

Во согласност со препораките од Мисијата за проценка на усогласеноста на системот со критериумите за акредитација на Европската унија ревидирани се и одобрени верзија 3.0 од Прирачниците за внатрешни постапки за работа на ИПА координаторите за ИПА Компонента III – Регионален развој истите стапија во сила во јуни 2010 година.

Во согласност со препораките од Мисијата за проценка на усогласеноста на системот со критериумите за акредитација на Европската унија ревидирани се и одобрени верзија 3.0 од Прирачниците за внатрешни постапки за работа на ИПА координаторите за ИПА Компонента IV – Развој на човечки ресурси и истите стапија во сила во декември 2010 година.

Измените одеа во насока на подобрување на Системот за управување и контрола кој се ажурираше во делот на. спроведување на само-проценка на воспоставената ИПА структурата во линиските министерства, а се со цел подготовка на Годишна изјава за гаранција за функционирање на системот за децентрализирано управување со ИПА средствата. Исто така се подобрија внатрешните постапки за јавни набавки, финансиско управување, за контрола на проектите, постапката на проценка и управување со ризик, постапките за известување на нерегуларности (“whistle blowing principle”). Воспоставениот систем за управување со ризици тековно се спроведува и тоа преку редовно ажурирање на регистрите на ризици и оддржување на Панел за ризици за ефикасно следење и надминување на идентификуваните ризици во рамки на оперативните структури за трета и четврта ИПА компонента.

Во периодот октомври 2009 - мај 2010 година, Ревизорското тело изврши системска ревизија во ИПА структурите во рамки на Оперативните структури за Компонентите III и IV и во Националниот фонд, чија цел беше верификација на ефективното функционирање на системите за управување и контрола за ИПА Компонента III – Регионален развој и ИПА Компонента IV – Развој на човечки ресурси. Во периодот септември – ноември 2010 година беа доставени конечните ревизорски наоди од спроведените ревизии во сите институции кои се дел од Оперативните структури за ИПА Компонента III и ИПА Компонента IV. При тоа, не беа идентификувани поголеми слабости во функционирање на системот За надминување на ревизорските наоди кои се однесуваат за ИПА Компонента III беше подготвен Акциски план на НАО и во тек е подготовката на Акцискиот план за надминување на ревизорските наоди кои се однесуваат на ИПА Компонента IV.

Дополнително заради надминување на ревизорските наоди подготвен е "Guidelines for grants" за ИПА Компонентата IV – Развој на човечки ресурси. Документот е подготвен од страна на Секторот за централно финансирање и склучување на договори во соработка со Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука, а со техничка поддршка од страна на твининг партнерот од Литванија.

Согласно член 8(4)(ц) од Регулативата за спроведување на ИПА 32007R0718, како и согласно член 31 и Анекс 7 од Финансиската спогодба за повеќегодишната Оперативна програма, со допис бр. 28-44527/1 Националниот координатор за авторизација (НАО) на 29-ти декември 2009 година достави до службите на Европската комисија Предлог-Патоказ за

---

Regulation (EC) No 1083/2006 of 11 July 2006 laying down general provisions on the European Regional Development Fund, the European Social Fund and the Cohesion Fund and repealing Regulation (EC) No 1260/1999; и Council Regulation (EC) No 1084/2006 of 11 July 2006 establishing a Cohesion Fund and repealing Regulation (EC) No 1164/94

воспоставување на децентрализиран систем за спроведување на средствата алоцирани во рамки на третата ИПА Компонента - Регионален развој, без “ex-ante” контрола од страна на Делегацијата на Европската унија (ЕДИС). Во јуни 2010 година, Службите на Европската комисија (DG REGIO) доставија коментари по однос на документот кои главно се однесуваат на дефинирање на временските рокови за започнување на различните фази на спроведување на ЕДИС, како и на индикаторите за следење кои ќе бидат користени за следење на подготвеноста на структурите за превземање на одредени одговорности.

Коментарите и забелешките добиени од страна на ЕК беа детално разгледани и беа инкорпорирани во текстот на документот. При ревидирањето на документот беше користена помош од страна на експертоте од Литванија во рамките на Твининг лајт проектот. Измените на Патоказот за воспоставување на децентрализиран систем за спроведување без “ex-ante” контрола од страна на Делегацијата на Европската унија беа презентирани пред претставниците од ДГ РЕГИО на Секторскиот комитет за следење на имплементацијата на Оперативната Програма за регионален развој. Изменетата верзија на Патоказот ќе биде испратена до ДГ РЕГИО до крајот на 2010 година.

Дополнително, на 19 мај, 2010 година, со допис бр.28-17014/1 од страна на НАО до Генералниот директорат за вработување, социјални работи и еднакви можности, е доставен Патоказ (Roadmap) со Акциски план за воспоставување на целосен систем за децентрализирано спроведување (ЕДИС) на четвртата ИПА Компонента. Генралниот директорат за вработување социјални работи и еднакви можности не достави официјални коментари и забелешки на текстот на документот. Патоказот (Roadmap) со Акциски план за воспоставување на систем за децентрализирано спроведување без “ex-ante” контрола од страна на Делегацијата на Европската унија (ЕДИС), беше дискутиран на Секторскиот комитет за следење на имплементацијата на Оперативната Програма за развој на човечки ресурси. Од страна на ЕК беше најавено дека ќе биде доставена генерална белешка до сите земји кои имаат потпишано Финансиска Спогодба и имаат обврска да доставаt Roadmap до ЕК, во однос на содржината и целта на овој документ. По добивањето на оваа белешка, текстот на Патоказот (Roadmap) со Акциски план за воспоставување на систем за децентрализирано спроведување без “ex-ante” контрола од страна на Делегацијата на Европската унија (ЕДИС) ќе биде ревидиран и испратен до ЕК.

Патоказите се во функција на определување на главните чекори на процесот на воспоставување на систем за децентрализирано управување без претходна ex-ante” контрола од страна на Делегацијата на Европската Унија, преку поставување на одредници и барања кои треба да се исполнат од страна на Република Македонија. Истовремено, крајна цел на децентрализираното управување во контекст на претпристапната стратегија е да се овозможи Република Македонија во иднина самостојно да ги користи ЕУ фондовите и да покаже подготвеност за преземање на обврските кои произлегуваат од идното членство во насока на користење на структурните и кохезиони фондови.

**ИПА Компонента** II

Во периодот од 19-21 Јули 2010 година беше одржана советодавна мисија за втората ИПА компонента од страна на Генералниот Директорат за проширување. Целта на мисијата беше да се насочат националните структури во понатамошните активности за воспоставување на систем за децентрализирано управување со втората ИПА компонента. Главни теми на кои се разговараше на мисијата беа: воспоставување на оперативната структура и позицијата на Раководителот на оперативната структура; воспоставување и надлежности на CBC телото (CBC Body); воспоставување и надлежности на Агенцијата за имплементација (Implementing Agency); програмите за кои ќе се поднесе апликација за децентрализација; реализирање на ревизија за проценка на усогласеноста со акредитациските критериуми пред доделување на националната акредитација; идните чекори и временска рамка за доделување на надлежностите за децентрализирано управување со средствата од оваа компонента. Извештајот од реализираната мисија со конкретни заклучоци од мисијата сеуште не е доставен до националните власти.

Во делот на спроведувањето на *ИПА компонентата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Грција* беа одржани два технички состаноци (09 февруари 2010 година во Битола и на 04 март 2010 во Солун), помеѓу претставниците на Управувачкиот орган на програмата, националните органи (МЛС, МФ, СЕП), задолжени за имплементација на програмата и претставник од Делегацијата на Европската унија. Целта на состаноците беше усогласување на ставовите на двете страни во однос на подготвувањето на апликацискиот пакет за објавувањето на првиот Повик за проектни предлози. Со реализацијата на програмата се овозможува, на еднаква основа за програмирање и одлучување земја членка и земја кандидат да соработуваат врз заеднички правила во области каде е идентификуван заедничкиот интерес.

Во однос на спроведувањето на *Програмата за прекугранична соработка меѓу Република Македонија и Република Бугарија* беа спроведени активности за промовирање на Програмата во регионите кои ги исполнуваат условите за аплицирање. Надлежните органи од двете земји ги подготвија исто и документите за проценка на усогласеност на програмите.

*Краткорочни приоритети*

Донесување на одлука за вклучување на регионалната конкурентност во оперативната програма за трета компонента врз основа на спроведената оценка за дадени приоритети во земјата и препораки за предлог мерки како и предлог институција одговорна за спроведување на активностите во рамки на регионалната конкурентност.

*Среднорочни приоритети*

Национална акредитација на Оперативната структура за ИПА Компонента II, подготовка и доставување на акредитациски пакет до Европската Унија и добивање одлука за пренос на надлежностите за децентрализирано спроведување на втората ИПА Компонента од Европската Унија на националните структури во Република Македонија.

**Странска помош**

Информации се дадени во подрачјето 3.22.3

## 3.22. 3 **АДМИНИСТРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ**

*Тековна состојба*
Градењето на административните капацитети е континуиран процес кој што се реализира во текот на целата година. Согласно акредитацискиот критериум 1 од Анекс I од Регулативата за спроведување на ИПА 718/2007 и воспоставената Процедура за Постапки за контрола во рамки на системот за децентрализирано управување со ИПА (ДИС), на редовна основа се собираат сите потребни информации во однос на бројот на нови вработувања, потребите за обуки, како и информации за реализираните обуки на вработените лица во рамки на Оперативните структури за ИПА Компонентите II, III и IV.

Основа за зајакнување на административните капацитети на Оперативните структури за ИПА Компонентите II, III и IV во текот на 2010 година се Анализите на обем на работа, Плановите за вработување, Регистрите на обуки, Анализата за потреба од обуки и Планот за обуки за 2010 година кои се реализираа во текот на годината.

Подготвени се Анализите за обем на работа и Плановите за вработување за 2010 година од страна на НФ, ЦФЦД и сите ресорни министерства/институции корисснички кои се дел од Оперативните структури за децентрализирано спроведување на ИПА средствата. ЦФЦД и НФ извршија проверка на квалитетот на Анализите за обем на работа и Плановите за вработување за 2010 година, подготвени од страна на сите институции. Вработувањата согласно Плановите за вработување за 2010 година се следат континуирано во текот на целата година.

Во текот на 2010 година настанати се следниве промени во кадровската екипираност на институциите кои се дел од Оперативните структури и тоа:

- Во февруари 2010 година во Секторот за централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД) беше вработен Раководител на Одделението за следење на програми. Во истиот период си замина едно лице од позицијата Заменик раководител на Секторот. Во ноември 2010 година беа редовно вработени три лица на позицијата помлад соработник кои претходно беа ангажирани преку Агенција за привремени вработувања.

- Во Националниот Фонд во текот на 2010 година беа настанати следните промени:

- Едно лице од Одделението за внатрешна ревизија на ЕУ-ИПА при Министерството за финансии беше прераспределено во НФ во Февруари 2010, со договор за привремено вработување.
- Помошник Раководителот на Сектор за Трезор (Раководител на Национален Фонд) беше вработен во Јуни 2010 година по престанокот на вработувањето на претходниот Помошник Раководителот на Сектор за Трезор (Раководител на Национален Фонд).
- На две лица (Помлад соработник за сметководствени работи на фондовите на ЕУ и Советник - финансиски менаџер) им престана работниот однос во Министерството за финансии во периодот Септември - Ноември 2010 година.
- Во ноември 2010 година беше редовно вработено едно лице кое претходно беше ангажирано преку Агенција за привремени вработувања. Во истиот период едно лице ангажирано преку Агенција за привремени вработувања по завршувањето на Договорот, му заврши работниот однос во МФ.

- Согласно ревизорските препораки од ЕК, Раководителот на одделение за координација, програмирање, следење и евалуација во *Министерството за локална самоуправа* започна со работа на 01 јуни 2010 година.

- Во ИПА структурата во *Министерството за животна средина и просторно планирање* од 14 април 2010 година започна со работа Раководител на Одделение за ИПА. Ова место беше истакнато како клучно и од страна на ревизорите од ЕК. Дополнително, на договорна основа беше ангажирано уште едно лице на позицијата Советник за програмирање на проектите финансирани од ИПА.

- Во текот на февруари 2010 година, во ИПА структурата во *Министерството за труд и социјална политика* вработени се еден Советник за мониторинг на проекти - ИПА Компонента I и IV и еден Советник за програмирање на ИПА Компонента IV. По донесувањето на новиот Акт за систематизација на работни места на Министерството за труд и социјална политика Советникот за мониторинг на проекти – ИПА Компонента I и IV беше интерно прераспределен во друг сектор во министерството со што се намали бројот на лица во ИПА структурата во МТСП.

- Во *Министерството за образование и наука* на три лица им е трансформиран работниот однос од привремено вработени во државни службеници во април 2010 година. Дополнително, беше вработено уште едно лице на позицијата советник за техничка имплементација.

Во јануари 2010 година до сите вработени во Оперативните структури беа циркулирани нови формулари за потребите од обуки врз основа на кои беа подготвени Анализата на потреби од обуки и Планот за обуки за 2010 година. Планот содржи преглед на обуки за реализација во рамките на проектите за техничка помош и Твининг проекти финансирани преку мерките за техничка помош од ИПА Оперативните програми и ИПА Центарот за обуки кој започна со имплементација во јуни 2010 година.

Реализацијата на обуките според Планот за обуки за 2010 година од 11.03.2010 година во најголем дел се обезбедува во рамки на проектите за техничка помош кои се финансирани преку алоцираните средства од Инструментот за претпристапна помош – ИПА (подетални информации во однос на статусот на реализација на овие проекти е даден подолу во текстот - во последниот дел од ова Подрачје кој се однесува на странска помош).

Во текот на 2010 година започнаа со имплементација следниве проекти за техничка помош во рамки на IPA TAIB 2007:
- Техничка помош за ДИС ,
- Твининг лајт (краток твининг) за поддршка на Националниот фонд и ЦФЦД,
- Центар за обуки за ИПА.

Во ноември 2010 година во рамки на Твининг лајт проектот беше спроведена Обука за неправилности која беше наменета за вработените задолжени за управување со неправилности во рамки на сите четири компоненти на ИПА, а во декември 2010 година се спроведе обука за значењето и процесот на подготовка на Годишната изјава за гаранција за функционирање на децентрализираниот систем за спроведување на ИПА средствата.

Дополнително, според Планот за обуки 2010 година вработените во ЦФЦД обезбедуваат воведни обуки за нововработените лица во Оперативните структури.

Во текот на август 2010 година се одржаа обуки за подготовка на проектни задачи и индикативен буџет за "Framework contract", како дел од формалните обуки за ПРАГ. Обуките беа наменети за вработените од Оперативните структури за сите четири ИПА Компоненти. Во септември 2010 година, се одржаа обуки за Институционалната поставеност на ДИС и Хоризонтални постапки во рамки на Процедурата за контролни постапки. Обуките беа наменети за нововработените лица во Оперативните структури за сите четири компоненти на ИПА.

Како дополнување на обуките кои се планирани во рамки на Планот за обуки, вработените во Оперативните структури за ИПА континуирано посетуваа обуки организирани во рамки на нивните институции/министерства како дел од помошта обезбедена преку програмите на билатералните донатори и програмите за обуки на Агенцијата за државни службеници.

Во согласност со воспоставените процедури за оперативните структури, Раководителот на Оперативната структура спроведува континуирана проценка на капацитетите на сите ИПА структурите во рамките на оперативната структура. Во таа насока, ЦФЦД најмалку еднаш годишно спроведува верификациски мисии на институции кои се дел од Оперативната структура. Во согласност со Планот за реализирање на верификациските мисии за 2010 година кој што е одобрени во мај 2010 година, се реализирани верификациските мисии за проценка на капацитетите во институциите од Оперативните

структури за ИПА Компонентите I, III и IV. Досега не се идентификувани поголеми проблеми во функционирање на системот, а за сите помали проблеми веднаш е известен НАО.

*Краткорочни приоритети*

Да се зајакне административниот капацитет на Националниот фонд и институциите кои се дел од Оперативните структури за ИПА Компонентите II, III и IV за управување и контрола на претпристапните средства од ЕУ, како подготовка за спроведување на Кохезиската политика на ЕУ.

*Среднорочни приоритети*

Владата на РМ континуирано ќе продолжи со зајакнување на административните капацитети преку вработувања и интензивни обуки на структурите за управување со средствата од претпристапната помош од ЕУ, а потоа и за управување со средствата од Кохезискиот и Структурните фондови на ЕУ кои се достапни на земјите-членки.

**Странска помош**

Во рамки на *ТАИБ Националната програма за 2007 година*, од средствата алоцирани во рамки на инструментот "Поддршката за подготовка на проекти (Project Preparation Facility – PPF)" ангажиран е експерт за развивање на Проектни задачи за воспоставување на Менаџмент информативен систем (МИС). Проектот започна во август 2009 година, а заврши во февруари 2010 година.

Во рамките на *ТАИБ Националната програма за 2007 година*, во рамки на Проектното фише 1.3, предвидени се два договора за техничка помош и еден договор Твининг лајт (twinning light) кои имаат за цел поддршка на ДИС системот, и тоа:

- Твининг лајт проект кој треба да придонесе за зајакнување на капацитетите на Националниот координатор за авторизација (НАО)/ Националниот фонд (НФ) и Секторот за централно финансирање и склучување на договори (ЦФЦД). Овој проект вклучува активности за поддршка на процесите на тендерирање, исплати, обезбедување на квалитет на тендерски документи и сметководство во однос на проектите финансирани од ИПА. Реализацијата на проектот започна на 1 јули 2010 година и ќе трае вкупно 9 месеци, од кои 6 месеци за имплементација на активностите од проектот, а 3 месеци за започнување, односно затварање на проектот. Во рамките на овој проект се реализираа бројни активности во насока на јакнење на капацитетите во областа на ЕУ јавни набавки, финансиско управување, функционирање на системот за управување и контрола, сметководство, управување со неправилности, следење на проекти итн. Помошта во рмки на проектот беше обезбедена преку организирање на обуки и работилници, поддршка на работното место и студиска посета во Литванија.
- Проект за техничка помош за Центар за обуки за ИПА - Договор за услуги. Проектот има за цел воспоставување на одржливо тело кое е специјализирано за спроведување обуки во областите кои се однесуваат на регулативата, принципите на политиките на ЕУ и регулативата за ИПА и Структурните и Кохезиските фондови. Проектот започна со имплементација во јуни 2010 год. и ќе се спроведува до јуни 2012 година. Во рамките на компонента 3 од проектот се предвидени обуки за обучувачи кои понатаму ќе одржуваат тренинзи на лица од државната администрација кои ќе управуваат со средствата од ИПА. Во тек е одржување на обуки за ИПА обучувачи.
- Проект за техничка помош за ДИС - Договор за услуги, со кој е предвидено понатамошно развивање на административните капацитети на ДИС структурите во земјата како би се овозможило ефективно и ефикасно управување со ИПА средствата. Носител на проектот е СЕП. ЦФЦД, НФ/НАО и линиските министерства /институциите кои се јавуваат како корисници на дел од техничката помош. Со цел да се избегне преклопување на активностите кои треба да се реализираат во рамки на договорот за "twinning light", во текот на јули се одржа координативен состанок меѓу експертите анагажирани во рамки на овие два проекта и се дефинираа одделните задачи кои ќе ги извршуваат двата проекта. Исто така, доставен е и Воведниот извештај (јули 2010 година) за проектот кој ќе се одобри по назначување на нов тим лидер (официјало одобрено дополнување на договорот на 17.11.2010 година).

Подетални информации во однос на реализацијата на проектот за воспоставување на Електронскиот систем за управување со информации кој треба да помогне за соодветно следење на спроведување на проектите се дадени во делот за Следење и евалуација, 3.22.5. Проектот е финансиран со средства алоцирани во рамки на *ТАИБ Националната програма за 2007 година*.

Исто така во рамките на *ТАИБ Националната програма за 2008 година* предвиден е договор за техничка помош чија што цел е градење на капацитетите на децентрализираниот систем за управување (ДИС) со ИПА. Проектот има за цел е да се

зајакнат административните капацитети за ефективно и ефикасно управување со проектите финансирани од ИПА средствата.

Во рамки на *ТАИБ Националната програма за 2008 година*, од средствата алоцирани во рамки на инструментот "Поддршката за подготовка на проекти (Project Preparation Facility – PPF)" финансиран е проектот "Поддршка на Оперативната структура за децентрализирано спроведување на проектите финансирани со средства алоцирани во рамки на Националната програма за 2009 за ИПА Компонентата - ТАИБ". Проектот се спроведе во периодот мај - јули 2010 година.

Во рамки на четвртата приоритетната оска од *Оперативната програма за Регионален развој (2007-2009)* предвидено е да се обезбеди техничка помош која ќе обезбеди обуки за зајакнување на капацитетите на Оперативната структура за Регионален Развој. Овој проект ќе се реализира преку три одделни договори, т.н. Framework Contracts како што следи:

- Техничка помош за поддршка на Оперативната структура за спроведување на ОПРД – Подготовка, организирање, спроведување на обуки. Целта на помошта е да обезбеди обуки за вработените во Оперативнста структура за ИПА Компонента III со цел да ги зајакне административните капацитети и вештини потребни за управување и спроведување на ИПА фондовите во рамки на регионалниот развој.
- Поддршка за идентификација, проценка и селекција на проекти погодни за финансирање преку ИПА Компонентата за Регионален развој во делот на животна средина. Помошта ќе придонесе кон развој на капацитетите на Министерството за животна средина и просторно планирање за развивање на солидна и одржлива листа на инвестициски проекти во областите на управување со отпадни води и цврст отпад.
- Поддршка за идентификација, проценка и селекција на проекти погодни за финансирање преку ИПА Компонентата за Регионален развој во делот на транспорт. Помошта е насочена кон развој на капацитетите на Министерството за транспорт и врски за развивање на солидна и одржлива листа напроекти во областите на железнички и патен транспорт.

Предвидено е проектот да започне со имплементација до крајот на 2010 година.

- Дополнително при крајот на 2010 година, односно почетокот на 2011 година планирано е да започне еден Твининг проект за подготовка за управување со Европскиот социјален фонд финансиран од *ИПА Компонентата за развој на човечки ресурси* - Мерката за техничка помош кој што е наменет пред се за поддршка на Оперативната структура за спроведување на оваа ИПА компонента. Во рамките на овој проект, предвидени се обуки за сите аспекти на управување, имплементација и одржување на ревизорски траги во постапките во врска со Оперативната Програма за развој на човечки ресурси. Овој проект овозможува и одржување на дополнителни семинари, конференции, работилници и студиски посети во насока на зајакнување на капацитетите во Оперативната структура.

### 3.22.4 **ПРОГРАМИРАЊЕ**

*Тековна состојба*

**<u>ИПА Компонента I I – Прекугранична соработка</u>**

Оперативната програма за прекугранична соработка со Република Албанија е усвоена од страна на Европската комисија на 10 декември 2007 година.

Ревидираната Нацрт-програма за прекугранична соработка Република Македонија – Република Албанија беше доставена до Европската комисија на одобрување на 16 ноември 2009 година. Ревидирањето се однесуваше на додавање на нови финансиски алокации за периодот 2010-2011 година. Европската комисија достави официјален одговор на 29 март 2010 година со кој извести дека се согласува со ревидираната Програма со одредени мали промени. Националниот ИПА Координатор достави официјален допис до Европската комисија на 27 април 2010 година со кој ја известува Комисијата за прифаќање на предложените промени од нивна страна.

Оперативната програма за прекугранична соработка со Република Бугарија е усвоена од страна на Европската комисија на 14 декември 2007 година. На 24 септември 2009 година беше иницирана „пишана постапка" за одобрување на предложените промени на Програмата во однос на промените во структурите одговорни за спроведување на Програмата во Република Бугарија и додавање на финансиските алокации за периодот 2010-2011 година. Одлуката за одобрување на ревидираната Програма беше донесена на 21 јуни 2010 година.

Оперативната програма за прекугранична соработка со Република Грција е усвоена од страна на Европската комисија на 5 септември 2008 година.

Ревидираната ИПА Програма за прекугранична соработка Република Македонија - Република Грција, во која беа вклучени две нови општини како дел од програмската подобна област (Лозово и Свети Николе), откако беше усвоена од страна на членовите на Заедничкиот комитет за следење (JMC), во април 2010 година беше испратена до Европската комисија на одобрување.

Оперативната програма за транснационална прекугранична територијална соработка со Југоисточна Европа 2007-2013 е усвоена на 20 декември 2007 година. Ревидирањето на Програмата започна во мај 2010 година по одржувањето на состанокот на Комитетот за следење во однос на вклучување на поефективно надворешно финансирање на Програмата. Ревидираната Програма се очекува да биде одобрена од Европската комисија до крајот на 2010 година.
Во однос на соработката со Косово, нацрт верзија на ИПА *Програмата за прекугранична соработка со Косово* беше изготвена и испратена на одобрување до Европската комисија на 13 мај 2010 година.

**ИПА Компонента III – Регионален развој**

Оперативната структура за Регионален развој подготви Предлог за модификација на Оперативната програма за Регионален развој 2007 – 2009 ("ОПРД (2007 – 2009)"), во консултации со експерти од релевантната област која е предмет на ревизија. Стратешкиот координатор континуирано ја следеше работата се со цел да се обезбеди конзистентност помеѓу Предлогот за ревидирање и Стратешката кохерентна рамка. Модификацијата е направена со додавање на нови финансиски алокации за календарските години 2010 (29,4 милиони евра) и 2011 (39,3 милиони евра) во рамките на постојната стратегија и претходно дефинираните приоритети во ОПРД (2007 – 2009). Вкупната сума на средствата на годишно ниво, предложена како алокации за ОПРД (2007 – 2011) е конзистентна со индикативните финансиски алокации во рамките на ИПА Компонентата за Регионален развој усвоени во последната Повеќегодишна индикативна финансиска рамка - МИФФ (2011 – 2013). Со модификацијата беа земени во предвид измените направени во ИПА Регулативата во однос на стапката на кофинансирање за проектите финансирани во рамките на ИПА Компонентата за Регионален развој. Исто така, националните власти предложија мали измени во однос на активностите оправдани за финансирање во рамките на оваа програма, како и индикаторите и резултатите опфатени во ОПРД (2007 – 2009). Барањето за модификација е официјално доставено од страна на Стратешкиот координатор до Европската комисија на 28 јануари 2009 година.

Европската комисија на 4 ноември 2010 година ја усвои Одлуката бр. C(2010) 7569 со која се менува Одлуката бр.C(2007) 5721 која се однесува на усвојување на Оперативната Програма за Регионален развој. Имено, со оваа Одлука се одобрува горенаведеното барање на националните власти за модификација на Оперативната програма.

Оперативната структура за Регионален развој во Република Македонија започна со подготовка на *тендерската документација за проектите финансирани со ИПА средства* во согласност со Планот за јавни набавки за спроведување на ИПА Компонентата за Регионален развој.

Имајќи во предвид дека недостатокот на *Листа на Проекти во подготовка (project pipeline)* кои би се финансирале во рамките на ИПА Компонентата за Регионален развој беше идентификуван уште во фазата на програмирање, Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање, секое во доменот на своите надлежности, направија одредена оценка на степенот на подготвеност на проектите кои би можеле да се предложат за финансирање во рамките на ИПА Компонента III во наредниот програмски период (2010-2011). Исто така, определен е и буџетот за подготвителни активности, како и за инвестиционите трошоци. Во почетокот на 2010 година, индикативните листи на приоритетни проекти за секторот транспорт и сектор животна средина се усвоени од страна на Владата на Република Македонија.

Дополнително, со средствата алоцирани во рамки на мерката за техничка помош од Оперативната програма за Регионален развој, преку два договори за техничка помош, предвидено е да се ангажираат експерти кои ќе дадат поддршка во понатамошното развивање на капацитетите на Оперативната структура за подготовка на одржлива Листа на проекти во подготовка во областа на транспортот и животната средина. Техничката помош се очекува да се спроведува од почетоткот на 2011 година.

Техничката помош ќе помогне во развивање на методологија за идентификување, оценување и селектирање на проектите кои се погодни за финансирање со средствата алоцирани во рамки на ИПА Компонента за Регионален развој. Дополнително, техничката помош ќе обезбеди и обуки на работното места на вработените во Оперативната структура за

соодветно применување на методологијата, како и за подготовка на акциски планови за подготовка на проектите вклучени во Листата на проекти во подготовка до фаза во која би биле спремни за финансирање.

**ИПА Компонента** IV**- Развој на човечки ресурси**

Во однос на ревидирање на Оперативната програма за Развој на човечки ресурси (2007-2013), подготвен е *Предлог за ревидирање на ОПХРД (2007-2013)* од страна на Оперативната структура за четвртата ИПА Компонента, во кој што детално е елабориран предлогот за ревидирање на ОПХРД (2007-2013). Предложената модификација се однесува на активностите оправдани за финансирање, во рамки на постоечките приоритетни оски/ мерки во рамки на ОПХРД, имајќи ги во предвид новите финансиски алокации за 2010 и 2011 година. Предлогот исто така содржи и Финансиски табели, во кои што е предложена дистрибуција на ИПА алокациите помеѓу приоритетните оски и мерки за периодот 2010-2011.
Предлогот за ревидирање на Оперативната програма за Развој на човечки ресурси беше разгледан на состанокот на Секторскиот комитет за следење одржан на 24 март 2010 година.
Владата на Република Македониа со Заклучок од Сто седумдесет и четвртата седница го усвои текстот на Предлогот за ревидирање на Оперативната програма за развој на човечки ресурси (ОПХРД) 2007-2013 со вклучување на финансиски алокации за програмскиот период 2010-2011. На 28 јули, 2010 година, Стратешкиот координатор официјално го достави Предлогот за ревидирање на ОПХРД 2007-2013 со вклучување на финансиски алокации за програмскиот период 2010-2011 до службите на Европската комисија - Генерален директорат за вработување, социјални работи и еднакви можности. Ревидирањето на Оперативната програма беше усвоено од страна на Европската комисија на 23 ноември 2010 година (Одлука број C(2010)8305/1).

Со цел обезбедување на принципот на партнерство при подготовка на стратешки и програмско оперативни документи, а согласно со Заклучокот од Вториот официјален состанок на секторскиот комитет за цледење (СМЦ) на оперативната програма за развој на човечки ресурси, на 6 мај 2010 година се одржа информативна сесија со новите членови на СМЦ од навладиниот сектор и социјалните партнери. За време на информативната сесија беше презентиран децентрализираниот систем за спроведување на ИПА во Република Македонија, Оперативната структура за ИПА Компонентата IV, како и целата на Оперативната програма за за ИПА Компонентата IV –Развој на човечки ресурси и при тоа се даде краток осврт на приоритетните оски и мерки во рамки на Оперативната програма.

На 9 јули 2010 година во Владата на Република Македонија, се одржа промотивен настан во врска со Оперативната програма за развој на човечки ресурси 2007-2013 Инструмент за претпристапна помош (ИПА Компонента IV) последователно по објавувањето на првата грантова шема финансирана во рамките на оваа програма. Промоцијата беше организирана од Оперативната структура за развој на човечки ресурси (Секторот за централно финансирање и склучување договори при Министерството за финансии и ИПА структурата на Министерството за труд и социјална политика). Промоцијата се состоеше од два дела: промовирање на Оперативната програма за развој на човечки ресурси и информативен настан за претставниците на граѓанскиот сектор заинтересирани да аплицираат за првата грантова шема објавена во рамките на оваа Оперативна програма - "Подобрување на потенцијалите за вработување на жените од малцинските етнички заедници на пазарот на трудот".

Оперативната структура за Развој на човечки ресурси во Република Македонија започна со спроведување на пооделните фази од *тендерските постапки за проектите финансирани со ИПА средствата за периодот 2007-2009 година,* во согласност со предвидената динамика во работниот план и планот за јавни набавки за ИПА Компонентата за Развој на човечки ресурси. Во четвртиот квартал на 2010 гдина започна да се спроведува и првиот проект – директен грант за Агенцијата за вработување, финансиран во рамките на оваа ИПА Компонента.

*Краткорочни приоритети*

- Програмирање на финансиските алокации за 2010 и 2011 година во рамките на ревидираната Оперативна програма за Регионален развој;
- Програмирање на финансиските алокации за 2010 и 2011 година во рамките на ревидираната Оперативна програма за Развој на човечки ресурси;

*Среднорочни приоритети*

- Подготовка на Оперативната програма за Регионален развој за наредниот програмски период 2012-2013 година согласно резултатите од спроведената среднорочна евалуација на Програмата, со цел постигнување на конзистентност со програмските документи за рамномерен регионален развој;

- Подготовка на Оперативната програма за Развој на човечки ресурси за наредниот програмски период 2012-2013 година согласно резултатите од спроведената среднорочна евалуација на Програмата, со цел постигнување на конзистентност со програмските документи за рамномерен регионален развој;
- Програмирање на финансиските алокации за 2012 и 2013 година во рамките на ревидираната Оперативна програма за Регионален развој;
- Програмирање на финансиските алокации за 2012 и 2013 година во рамките на ревидираната Оперативна програма за Развој на човечки ресурси;
- Редовно ревидирање и одржување на Листата на проекти во подготовка.

**Странска помош**

Информации се дадени во подрачјето 3.22.3

3.22.5 **СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ**

*Тековна состојба*

Годишниот извештај за имплементација на Оперативната програма за регионален развој за 2009 година и Годишниот извештај за имплементација на Оперативната програма за развој на човечки ресурси за 2009 година беа подготвени од страна на Оперативните структури за ИПА Компонентите III и IV и по претходно разгледување на текстот на Извештаите од страна на релевантните Секторски комитети за следење, на 30 јуни 2010 година истите беа доставени до Европската комисија, Националниот ИПА Координатор, Стратешкиот координатор и Националниот службеник за авторизација.

Ревидиран е Работниот план за Оперативната програма за трета компонента, и истиот е разгледан од членовите на Секторскиот комитет за следење на состанокот одржан на 25 јуни 2010 година.

*Електронски Систем за управување со информации (МИС)*

Со цел редовно информирање за статусот на спроведување на проектите и програмите во рамки на децентрализираното управување со ИПА помошта, како и следење и контрола на нивното спроведување - како физичко така и финансиско, ќе се воспостави електронски Систем за управување со информации. Овој систем ќе овозможи широк пристап, како и прибирање на податоци од страна на структурите и институциите вклучени во децентрализираното управување со ИПА фондовите. Основни модули кои ќе бидат вклучени во системот се: модул за набавки и склучување на договори, модул за следење, евалуација и управување со ризици, модул за финансии и сметководство и модул за извештаи. За воспоставување на овој систем со техничка поддршка преку Националната ИПА 2007 програма за градење на институционалните капацитети, во рамки на Инструмент за поддршка при подготвување на проекти подготвена е техничка спецификација за набавка на МИС, а повикот за понуди е објавен на 23.03.2010 (EuropeAid/129433/C/SUP/MK), по што следеше процесот на евалуација и склучување на договорот на 19.05.2010 год. Во текот на јуни 2010 година се подготви План со временски распоред за реализација на активности и се одржа почетниот состанок на Проектот (kick-off состанок). По реализација на овие активности започна фазата на анализа и дизајн, во рамките на која се изврши детална анализа на бизнис процесите и детална анализа на потребите. За реализација на оваа фаза, во текот на јули 2010 година се одржаа серија на состаноци меѓу ЦФЦД, НФ, ИТ Секторот во МФ, претставниците од ДЕУ и избраната фирма за МИС, а исто така беше усогласен текстот и потпишан документот „Улоги и одговорности (“Roles and responsibilities”). Дополнително, на крајот на јули 2010 год. од страна на избраната фирма за МИС доставен е на коментари документот “Customer Requirement Document” (CRD).

Во текот на август 2010 год. крајните корисници на проектот одржаа серија на состаноци со избраната фирма за МИС, со цел усогласување на текстот на документот. Коментарите на крајните корисници се внесени во текстот на самиот документ.

Во текот на октомври 2010 година документот беше усогласен и финализиран од страна на избраната фирма, корисникот на проектот и Делегацијата на ЕУ, со што е завршена фазата на анализа и дизајн. По спроведување на фазата на развивање на посебни модули и приспособување кон потребите на корисникот (customisation phase) во тек е фазата на имплементација со почетно тестирање на модулите и одржување на обуки за крајните корисници кои се реализираа во текот на месец декември 2010 година. Согласно Акцискиот план за имплементација на проектот - Воспоставување на МИС предвидено е МИС-от да биде финализиран во текот на јануари 2011 година по што ќе следи гарантен период од една година. Предлог-техничката спецификација за набавка на информатичка опрема за МИС е составен дел на Документ со

барања на корисниците каде е дадена детална спецификација на процесот и определување на функциите кои треба да се воспостават во системот. Предлог-техничката спецификација треба да се разгледа заеднички помеѓу ИТ Секторот и Консултантот.

*Секторските комитети за следење*

Секторските комитети за следење се највисоко тело во рамките на системот за децентрализирано управување што врши редовно следење на активностите во делот на реализацијата на Оперативните програми.

Имајќи предвид дека повеќе важни документи требаше да се одобрат од страна на членовите на Секторскиот комитет за следење на Оперативната програма за развој на човечки ресурси, вториот официјален состанок на Комитетот се одржа на 24 март 2010 година, на кој се финализираа дискусиите за модификација на Оперативната програма за Развој на човечки ресурси согласно финансиските алокации за 2010 и 2011 година, а воедно се информираше дека од вкупно 15 планирани операции во рамки на програмата, 12 се усогласени со Европската комисија. Исто така, Комитетот го одобри и *Планот за евалуација на Оперативната програма* кој предвидува спроведување на времена евалуација во почетокот на 2011 година, а во наредниот период се очекува да се формира и Евалуациониот надзорен комитет. Со цел за зголемување на транспарентноста во реализацијата на ИПА Компонентата IV, во составот на Секторскиот комитет за следење се усвои мандатот на новите членови од граѓанскиот сектор и социјалните партнери, кој ќе трае до завршување на програмата.

На 25 јуни 2010 година во Скопје се одржа вториот официјален состанок на Секторскиот комитет за следење на Оперативната програма за Регионален развој. За време на состанокот беше презентиран напредокот во однос на реализација на активностите за имплементација на операциите идентификувани во рамки на ОПРД, при што посебно беше разгледан напредокот во однос на реализација на двата големи проекти "Доизградба на Коридор X" и "Изградба на Пречистителна станица за одпадни води" во Прилеп.

Дополнително, со цел обезбедување целосна транспарентност при користење на ЕУ фондовите, *Секторските комитети на трета и четврта компонента соодветно, ги усвоија Акциските планови за комуникација* кои треба да придонесат и кон зголемување на свесноста за ЕУ помошта во земјата.

На 25 ноември 2010 година се одржа третиот официјален состанок на Секторскиот комитет за следење на Оперативната програма за развој на човечки ресурси. За време на состанокот беше презентиран напредокот во имплементацијата на идентификуваните операции. Имено, беше потенцирано дека од 15 планирани операции, 14 се одобрени од Европската комисија/Делегацијата на ЕУ во земјата. Од вкупните финансиски алокации во износ од 19,17 милиони евра за периодот 2007-2009 година, идентификувани се операции во вкупен износ од 16,78 милиони евра што претставува 87,55% од вкупните алокации за 2007-2009. Исто така, беше разгледан и прогресот во спроведувањето на тендерските постапки за секој договор поединечно.

На 2 декември 2010 година се одржа третиот официјален состанок на Секторскиот комитет за следење на Оперативната програма за регионален развој. За време на состанокот беше презентиран напредокот во имплементацијата на идентификуваните операции и секој договор поединечно. За двата големи проекти "Доизградба на Коридор X" и "Изградба на Пречистителна станица за одпадни води" во Прилеп беше потенцирано дека објавата на договорите ќе се реализира со суспензивна клаузула. Исто така, беше договорено да се интензивира подготовка на нови Обрасци за идентификување на операции предвидени со ревидираната Оперативна програма за регионален развој.

Не 3 декември 2010 година се одржа состанок на ИПА мониторинг комитетот на кој се разгледа постигнатиот прогрес во рамки на секоја од петте ИПА компоненти.

*ИПА Компонента II*

Во однос на *Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Грција, состанокот на Заедничкиот комитет за следење на програмата* се одржа на 30 април 2010 година каде се усвои Апликацискиот пакет за првиот Повик за проектни предлози во вкупен износ од 6.188.651 евра.

*Комитетот за следење на Транснационалната програма* за соработка во Југоисточна Европа, каде активно учествуваат и македонски претставници, се одржа на 4 и 5 мај 2010 година.

*Краткорочни приоритети*

- Воспоставување на  Системот за управување со информации (МИС).
- Спроведување на Ревизија на Системот за управување со информации.
- Подобрување на Системот за управување со информации.
- Набавка на информатичка опрема согласно техничката спецификација.
- Спроведување на среднорочната евалуација за Оперативната  програма за Регионален развој.
- Спроведување на среднорочната евалуација за Оперативната  програма за Развој на човечки ресурси.

**Странска помош**

Информации се дадени во подрачјето 3.22.3

3.22.7 **ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА**

*Тековна состојба*

**ИПА Компонента** III
Согласно член 40(3) од Регулативата за имплементација на ИПА, на 25 февруари 2010 година, НАО/НФ достави до релевантните служби на Европската комисија *План за користење на алоцираните ИПА средства* за тековната и наредната година за III компонента од ИПА. Согласно плановите за користење на алоцираните ИПА средства, соодветно е планирано и националното ко-финансирање во националниот буџет.

**ИПА Компонента** IV
Согласно член 40(3) од Регулативата за имплементација на ИПА, на 25 февруари 2010 година НАО/НФ достави до релевантните служби на Европската комисија План за користење на алоцираните ИПА средства во рамки на IV компонента за тековната и наредната година за IV компонента од ИПА. Согласно плановите за користење на алоцираните ИПА средства, соодветно е планирано и националното ко-финансирање во националниот буџет.

Со цел да се подобрат законски инструменти за управување со неправилности, Уредба за начинот и постапката за спречување на неправилности, начинот на меѓусебната соработка, формата, содржината и рокот и начинот на известување на неправилностите е подготвена и доставена до ЕК за коментари. Добиените забелешки од страна на Европска Комисија соодветно се инкорпорирани во предлог-финалната верзија на Уредбата. Уредбата ќе ја зајакне правната основа за заштита на финансиските интереси на Европската унија. Напредокот во врска со заштитата на финансиските интереси на Европската унија се дадени во Поглавје 3.32 финансиска контрола

**Хоризонтални активности**
Во текот на 2011 година на квартална основа беа извршени анализи за трошење на ИПА средствата за III и IV компонента од ИПА согласно правилото за "N+3" и врз основа на резулататите од анализите Оперативната структура превзема соодветни активности за намалување на ризкот од губење на ИПА средствата.

Со цел ефикасно користење на средствата предвидени во рамките на III и IV компонента од ИПА, НАО во координација со НФ, ЦФЦД и ресорните  министерства ги превзема сите потребни активности во процесот на подготвување на Буџетот на РМ, со цел обезбедување на национално кофинансирање во Буџетот на Република Македонија за 2011 година.

Прирачниците за финансиско управување, контрола, сметководство, известување на неправилности и следење на ревизорските наоди  се  оперативни односно почнато е со нивна практичната примена од страна на ИПА структурата за III и IV компонента .

Исто така, обезбеден е доволен капацитет за внатрешна ревизија во секоја институција која е дел од структурата за имплементација на II, III и IV ИПА компонента, во рамките на постоечките Одделенија за внатрешна ревизија во ресорните министерства.

ИПА структурите за III и IV компонента почнаа со практично користење на Внатрешните постапки за работа за финансиско управување, контрола, пресметки и известување за неправилности. Идентификуваните слабости во Внатрешните постапки  за работа беа дискутирани со експертите ангажирани во рамките на Твининг проектот при што се изготвени нацрт верзии на измени на Внатрешните постапки за работа. Измените на Внатрешните постапки за работа ќе се усвојат во текот на 2011 година.

**Заштита на финансиските интереси на ЕУ  и Ревизија на ЕУ фондовите**
Прогресот во однос на административниот капацитет како и правната рамка за заштита на финансиските интереси на ЕУ и ревизија на ЕУ фондовите е прикажан во подрачје 3.22.3  - административен капацитет и во поглавјето 3.32 Финансиска контрола .

*Краткорочни приоритети*

- Доследно почитување на правилото “n+3” за користење на средствата од третата и четвртата компонента на ИПА и минимизирање на ризикот од губење на средства заради ненавремено склучување договори
- Висока стапка на исплатени средства по склучените договори,
- Подобрување на Внатрешните постапки за Работа на Национален фонд и ЦФЦД.

**Странска помош**

Информации се дадени во подрачјето 3.22.3

3.23 **ПРАВОСУДСТВО И ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА**
3.23.1 **СУДСТВО**

*Тековна состојба*

**Независност**, **ефикасност и професионализација на правосудството**

Во насока на натамошно зајакнување на независноста, непристрасноста и професионализацијата на правосудството, согласно препораките на Европската Унија, во текот на 2010 година беа донесени поголем број на закони и тоа:

Закон за изменување и дополнување на Законот за судовите[39]со кој се редефинират општите услови за избор на судија, одредбите за утврдување на нестручност, несовесност и дисциплинската постапка во вршењето на судската функција, се воведува систем на кариера, како и формирање на нов Виш управен суд.

Закон за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија, со кој се дефинираат објективни и мерливи критериуми за следењето и оценувањето на работата на судиите, се доуредуваат постапките за утврдување на нестручно и несовесно вршење на судиската функција и дисциплинска одговорност на судија.

Закон за изменување и дополнување на Законот за судски буџет[40] со кој е унапредена постапката за изготвување и менаџирање на судскиот буџет, како и утврдување на фиксен процент во износ од 0,8% од БДП, со цел за обезбедување на стабилни извори на финансирање на судството.

Закон за изменување и дополнување на Законот за управните спорови, со кој се обезбедува уставно загарантираното право на жалба во управните спорови, преку воведување на второстепена постапка по која ќе одлучува новиот Виш управен суд.

Закон за Академија на судии и јавни обвинители[41], чија цел е создавање на висок профил на стручен кадар за вршење на функцијата судија или јавен обвинител, преку утврдување на нови услови за прием на кандидати, полагање на психолошкиот тест и тестза интегритет, зголемување на времетраењето на почетната обука на 24 месеци и доуредување на континуираното стручно усовршување на судиите и јавните обвинители.

Во насока на натамошно зголемување на **ефикасноста на правосудството**, надоградена е законската рамка со:

Законот за изменување и дополнување на Законот за парнична постапка[42] со кој се обезбедува поефикасно и поекономично постапување на судовите и создавање на поповолна бизнис клима, преку намалување на времетраењето на постапката, задолжителноста на подготвителното рочиште, воведувањето на алтернативните начини за решавање на споровите (медијација), воведување на електронска достава, тонско снимање на рочиштата и пропишување на парични казни за повреда на процесните права во постапката.
Закон за вештачење[43] со кој за прв пат се уредува оваа материја со пропишување на јасни критериуми за вршење на вештачењата од страна на високо – професионални и стручни субјекти.

Предлог Закон за управување со судски предмети (Собраниска постапка II читање) со кој се предвидува користење на автоматизиран компјутерски систем за управување со движењето на предметите во судовите, се уредуваат постапката за објавување на судските одлуки на веб страницата на судот, работата на канцелариите за односи со јавност,почитување на законските рокови за донесување, изготвување и објавување на судските одлуки, во насока на спречување на застој во движењето на судските предмети и спречување на создавање на заостаток на нерешени судски предмети.

Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување [44]донесен во април 2010 година, со кој се уредува начинот на вршење надзор над работата на извршителите, дисциплинската одговорност и именувањето на извршител, во

[39]На 17.11.2010 донесен е пакет на закони: Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите, Закон за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија, Закон за изменување и дополнување на Законот за управните спорови, Законот за измените и дополнувањата на Законот за судска служба и Закон за кривична постапка објавени во Службен весник на РМ бр. 150/2010.
[40]Службен весник на РМ бр. 145/2010
[41]Службен весник на РМ бр. 88/2010
[42]Службен весник на РМ бр.116/2010)
[43]Службен весник на РМ бр. 115/2010
[44] Службен весник на РМ бр 50/2010,

случај на престанок на веќе именуван извршител; Во јули 2010 донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување со кој трансферот на извршните предмети од сите судови кај извршителите се оддложува до 01.07.2011 година.

Закон за измени и дополнувања на Законот за судска служба[45], донесен во ноември 2010 год. со кој се доуредуваат правата, обврските и одговорностите на судските службеници.

Нов Закон за кривична постапка[46], донесен на 17.11.2010 година (vacatio legis од 2 години), со кој се воведуваат новини во структурата на претходната и судската постапка: нова поактивна улога на јавните обвинители во претходната постапка, формирање на истражни центри на јавното обвинителство, правосудна полиција,достава по електронски пат, се уредува нов основ за определување притвор, се уредува мерката задржување од страна на полицијата и постапување со задржаните лица,целосно се преуредува материјата која се однесува на посебните истражни мерки преуредување на системот на редовни правни лекови и други новини. Донесен е Акционен план за имплементација на новиот Закон за кривична постапка.

Во рамки на Проект ИПА 2007 во мај 2010 година беше изготвен Извештај за спроведувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот систем, во кој е потврдена успешната имплементација на Стратегијата.

Советот за судски реформи, редовно одржува состаноци во полн состав, за следење на реализацијата на реформите во правосудството, до крајот на 2010 година од основање на Советот одржани се вкупно 9 девет состаноци.

Судскиот совет на Република Македонија (ССРМ), како гарант на судската независност и самостојност ефикасно ги спроведува своите функции преку одржување на редовни седници, при што во 2010 година одржани се 12 седници на кои се избрани 69 судии, од кои еден кандидат е од првата генерација од АСЈО и 10 судии од втората генерација кандидати; поведени се 12 постапки за нестручно и несовесно вршење на судиската функција, 4 судии се разрешени поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција; 4 постапки се запрени, а 8 постапки се во тек.

ССРМ на 01.07.2010 година донесе Одлука за проширување на систематизациите во четирите апелациони судови за 11 судиски места и во Врховниот суд на Република Македонија за 2 судиски места.

Во соработка со АСЈО во октомври 2010 година донесе План за избор на 17 судии од редот на кандидатите од втората и третата генерација, кои ја завршиле обуката во АСЈО. На седницата од 07.12.2010 година Советот ги разгледа извештаите за работата на судовите за третото тромесечие од 2010 година и го усвои Етичкиот кодекс за членовите на Судскиот совет.

Во ССРМ се воспостави електронско водење на предмети и преставки, а исто така започна да се користи и Регистарот за судии и судии поротници, со што се овозможува следење на работата на судиите и судовите.

По однос на транспарентноста во работата на Советот, функционира web – страната и седниците на Советот се јавни, со исклучок на дисциплинските постапки.

За подобрување на пристапот на граѓаните до правдата во судовите воспоставени се Канцеларии за односи со јавноста, континуирано се објавуваат судски одлуки на веб страните на судовите (досега објавени 48.850 одлуки), извршена е надградба на веб страниците на судовите со воведување на линк со кој на граѓаните ќе им се овозможи преку електронско барање пристап до информации од јавен карактер.

За ефикасно менаџирање со буџетот на судската власт, Судскиот буџетски совет изготви: Стратешки план за судството за период 2010-2012; План за капитални инвестиции и имплементација (ПКИ) за 2011-2013[47]; како и Информатор за реализираните активности на СБС[48]. Реализацијата на Инвестиционата програма во судството, до декември 2010 година изнесува 89.5%. Буџетот за судската власт за 2010 година во однос на 2009 година е зголемен за 0,4% и изнесува 1.772.594.000 денари. Извршена е и надградба на Регистарот на судски службеници[49] за евиденција на бројот и статусот на пополнети работни места.

---

[45] Службен весник на РМ бр 150/2010
[46] Службен весник на РМ бр 150/2010
[47] Во рамките на Проектот на Светската банка
[48] Во тираж од 350 примероци
[49] Во октомври 2010 год.

Во тек е изготвување на Студија за определување на цена на чинење на судски предмет[50], со која ќе се олесни процесот на подготовка на предлог буџетот на судската власт од страна на Судскиот буџетски совет.

Советот на јавните обвинители (СЈО), ефикасно ги спроведува своите функции преку одржување на редовни седници, при што во 2010 година одржани се 24 седници, на кои се избрани 23 јавни обвинители, од кои 1 јавен обвинител од првата генерација и 3 јавни обвинители од втората генерација кандидати од АСЈО, а извршен е и избор на нов Претседател и заменик претседател на СЈО. Во соработка со АСЈО во октомври 2010 година донесен е План за избор на 15 јавни обвинители од редот на кандидатите од втората и третата генерација, кои ја завршиле обуката во АСЈО. Воедно, на 16.12.2010 година распишан е оглас за избор на 6 јавни обвинители од редот на кандидатите кои ја завршија обуката во Академијата за судии и обвинители.

Јавното обвинителство на Република Македонија, изготви Извештај за надзорот над работата на јавните обвинители, спроведен во периодот од 25.05.2010 до 25.06.2010 година со препораки за зајакнување на професионалното и стручното вршење на нивната функција.

Академијата за судии и јавни обвинители, како институција која обезбедува професионализација и стручност, ефикасно ги спроведува Програмите за почетна и континуирана обука. Со цел имплементација на новиот Закон за Академија за судии и јавни обвинители, во подготовка е нов Статут на Академијата. Со почетната обука, досега опфатени се 4 генерации со вкупно 81 кандидат, од кои 54 кандидати[51] успешно ја завршија обуката и до ноември 2010 година избрани се вкупно 38 кандидати (24 судии и 14 јавни обвинители).
Третата генерација кандидати (вкупно 17) ја заврши почетната обука на 19.11.2010 година и во текот на декември ќе се спроведе завршниот испит, додека четвртата генерација (9 кандидати) од 15 септември 2010 година започна да ја следи теоретската обука.

Рамковната програма за постојано стручно усовршување 2009-2010 ефикасно е реализирана при што во 2010 година спроведени се вкупно 220 обуки со 5.805 учесници[52] на теми од областа на: граѓанско право, кривично право, меѓународно право, право на ЕУ, трговско право, управно право и уставно право.

Реализирана е и Специјализираната програма за обуки на новоизбрани судии и јавни обвинители[53] со која се опфатени 2 генерации новоизбрани судии и јавни обвинители со вкупно 92 учесници, од кои: 58 новоизбрани судии и 34 новоизбрани јавни обвинители. Усвоени се новите: Рамковна програма за постојано стручно усовршување на судии и јавни обвинители за периодот 2011-2013 година.; Рамковна програма за едукација на судската служба и Рамковна програма за обука на јавнообвинителски службеници за периодот 2011-2013 год.

Во поглед на меѓународната соработка, Академијата интензивно соработува со школите за правосудна обука од други држави, со Лисабонска мрежа на Советот на Европа, со Европската мрежа за судска обука (EJTH), како со Академијата за европско право (ЕРА) во Триер. Проектот ИПА 2008 за натамошно јакнење на институционалните капацитети на Академијата започна со имплементација.

Започната е имплементација на проектот ИПА 2007 „Поддршка за поефикасно, ефективно и модерно функционирање на Управниот суд“, кој ќе придонесе за подобрување на спроведувањето на законодавството за управните спорови и подобрување на одлуките на Управниот суд, зајакнување на организациските капацитети на Управниот суд, зајакнување на стручните вештини на вработените во Управниот суд и подобрување на системот на информатичко управување со предмети.

Стратегијата за ИТ во правосудството ефикасно се спроведува и од 01.01.2010 година во сите судови започна да се користи Автоматизиран информатички систем за управување со судски предмети (ACCMIS), за што беа спроведени обуки за 2037 судии и судски службеници. Базата на закони ЛДБИС, континуирано се пополнува со новите правни прописи, при што досега внесени се вкупно 20.120 прописи.

За унапредување на ИКТ во јавните обвинителства, на 23.09.2010 година формирана е работна група[54] чија цел е утврдување на постојната состојба во сите јавни обвинителства, како и предлагање на мерки за унапредување на ИКТ во

[50]на 11.06.2010г. објавен е меѓународен тендер за избор на фирма и во тек е постапка за избор на најповолен понудувач

[51]Прва и Втора генерација

[52]судии, обвинители, стручни соработници од судовите, стручни соработници од обвинителствата, раководни службеници од судството, раководни службеници од обвинителствата, административни судски службеници, административни службеници од обвинителствата и други учесници вработени во министерствата

[53]Се состои од три модули: граѓанско право, кривично право и општи теми.

[54]претставници од ЈОРМ, СЈО, ОЈО за организиран криминал и корупција и МП,

Јавните обвинителства. Изготвена е Студија за утврдување на состојбата со просторните услови и ИТ опрема во јавните обвинителства.

На 16.12.2010 година потпишан е Протокол за соработка меѓу Владата, органите на државната управа и Државното правобранителство за заштита на имотните интереси и права на Република Македонија, со кој се уредува соработката во постапувањето по предмети во кои Државното правобранителство ги застапува органите пред судовите и другите органи во земјата и странство, а со цел активно и брзо делување кога ќе се направи штета на буџетот.

За подобрување на судската инфрастуктура и обезбедување на соодветни услови за работа во судовите[55], целосно е завршено реновирањето и опремувањето на 10 судски згради на основни судови со проширена надлежност, и тоа: ОС Тетово, ОС Велес, ОС Струга, ОС Охрид, ОС Штип, ОС Струмица, ОС Прилеп, ОС Гостивар, ОС Кочани и ОС Куманово.

Во тек е изградба на нова заграда на Кривичниот суд во Скопје со површина од 8.826 м2, како и изградба на нова зграда на Јавното обвинителство со површина од 9.620 м2.

**Стратешки документи**
Стратешки план на Министерство за правда за 2010-2013година.
Стратегија за Информациско комуникациска технологија 2007-2010 година
Стратегија за реформа на казненото право од 2007 – 2010 година.
Пред –пристапна економска програма 2011-2013 година.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

**Независност, непристрасност и професионализација на судството**

Во насока на натамошно зајакнување на независноста, непристрасноста и професионализација на судството, активносите во 2011 година ќе се фокусираат на имплементација на новините кои се однесуваат на: изборот на судиите, системот на кариера, следење и оценување на работата, разрешување и утврдување на дисциплинската одговорност, врз основа на објективни и мерливи критериуми, зголемување на транспарентноста, како и финансирањето на судството.

За имплементација на Законот за изменување и дополнување на Законот за судскиот совет, Судскиот совет на Република Македонија, во првиот квартал од 2011 година ќе изготви Методологија за утврдување на сложеноста на материјата во која спаѓа предметот при утврдувањето на ориентациониот број на предмети што треба да ги реши судијата месечно, Образец за оценка на работата на судиите и претседателите на судовите, заедно со Упатство за пополнување на образецот, а за имплементација на Законот за измени и дополнување на Законот за судовите, ќе се донесе Правилник за начинот на спроведување на испитувањето на претставките и поплаките на граѓаните за работата на судовите, кои се однесуваат на одолжување на судската постапка.

Со цел за уредување на правата, обврските и одговорностите на вработените во јавните обвинителства, во третиот квартал од 2011 година ќе се донесе Закон за јавнообвинителска служба.

За имплементација на Законот за управување со судски предмети, ССРМ ќе ја утврди содржината на Годишниот план за управување со движењето на судските предмети и спречување на создавање на заостаток на нерешени предмети или намалување на заостатокот и спречување на застојот на движењето на судските предмети. Исто така, ќе се донесе подзаконски акт за утврдување на начинот на објавување и пребарување на судските одлуки на веб страницата на судот, како и подзаконски акт за начинот на определување на нивоата и пристапот до судските одлуки.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Советот за судски реформи во текот на 2011 година ќе продолжи со следење на реализацијата на реформата во правосудството, преку одржување на состаноци.

Судскиот совет на РМ, во текот на 2011 година ќе изготви Извештаи за спроведеното оценување на работата на судиите и претседателите на судовите за 2009 и 2010 година, согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за судски совет.

---

[55] во рамки на Проектот за Правна и правосудна имплементација и институционална поддршка, финансиран со заем од Светска банка,

За евиденција на бројот и статусот на лицата кои ја вршат судиската функција, ССРМ преку Регистарот за судии и судии поротници, ќе изготвува квартални Извештаи за бројот на избрани и разрешени судии (со назначување колку се од редот на кандидатите).

Со цел за следење и оценување на работата на судиите и претседатели на судовите. ССРМ ќе изготвува квартални извештаи за поведени постапки против судиите за нестручно и несовесно работење и дисциплинска одговорност.

Советот на јавни обвинители, во текот на 2011 год. ќе продолжи со постапките за избор и разрешување на јавни обвинители. За евиденција на бројот на избрани и разрешени јавни обвинители, СЈО ќе изготвува квартални извештаи за бројот на избрани и разрешени јавни обвинители, како и квартални извештаи за бројот на поведени постапки против судиите за нестручно и несовесно работење и дисциплинска одговорност.

За натамошна професионализација во правосудството, Судскиот совет на РМ и Советот на јавни обвинители, во соработка со Академија за судии и јавни обвинители, во вториот квартал од 2011год. ќе изготват Стратешки План за утврдување на потребниот број на судии и јавни обвинители за период 2011-2013, како и ќе продолжат со реализацијата на Плановите за избор на судии и јавни обвинители од редот на втората и третата генерација кандидати од Академијата.
За евиденција на учеството на судиите во континуираната едукација, ќе се изврши поврзување на дата базите помеѓу ССРМ и АСЈО.

Во 2011 год. ќе се реализира почетната обука за четвртата генерација кандидати, како и реализација на континуираните обуки на судиите и обвинителите, судските и јавно обвинителските службеници, како и специјализирани обуки на новоизбраните судии и јавни обвинители.

Во рамки на проектот ИПА 2008 „Натамошно јакнење на институционалните капацитети на Академијата за судии и јавни обвинители“ ќе се продолжи со реализацијата на активностите за подобрување на системот за изработка на програми за обука, подобрување на веб страницата на Академијата (нејзино редизијанирање и реорганизација), зголемување на фондот на библиотеката и воспоставување на систем на електронско учење (e-learning system).

За натамошно унапредување на планирањето и управувањето со судскиот буџет, Судскиот буџетски совет, ќе изготви Извештај за реализацијата на Годишниот план за капитални инвестиции за 2011 година, Студија за определување на цената на чинење на судските предмети, која ќе овозможи поефиксана подготовка и распределба на буџетот на судската власт, како и ќе придонесе за утврдување на бројот и работните задачи на вработените во судството.

Во насока на ефикасна заштита против управните акти, согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите и Законот за изменување и дополнување на Законот за управните спорови, во првата половина на 2011 година ќе се конституира и ќе отпочне со работа нов Виш Управен суд. ССРМ ќе донесе Одлука за бројот на судиите во Вишиот Управен суд и за бројот на судии во Управниот суд.

Во текот на 2011 година ќе се продолжи со понатамошна имплементација на ИПА 2007 проектот „Поефикасно, ефективно и модерно функционирање на Управниот суд“, преку подобрување на спроведувањето на законодавството за управните спорови и подобрување на одлуките на Управниот суд; јакнење на организациските капацитети на Управниот суд и управување со предмети и човечки ресурси; јакнење на стручните способности на вработените во Управниот суд и подобрување на системот за ИТ менаџирање, особено преку воспоставување на интерконекција на Управниот суд со останатите државни тела.

За континуирана едукација на судиите на Управниот суд во текот на 2011 година ќе се реализираат обуки согласно Стратегијата и Програмата за обуки на судиите, советниците и службениците во Управниот суд.
За обезбедување на веродостојна и унифицирана судска статистика, во првиот квартал од 2011 година ќе се формира работна група со претставници од Министерството за правда[56], Врховниот суд на РМ, Апелационите и Основните судови, за координација на активностите за собирање и обработка на статистички податоци.

Во насока на унапредување на ефикасноста и ажурноста на судовите, Министерството за правда, во соработка со ССРМ и Врховениот суд, ќе изготви полугодишни Извештаи за состојбата со совладување на приливот и намалување на заостатокот на предметите, како и времетраење на постапките, врз основа на податоците од Основните судови, 4 – те Апелациони судови, како и Управниот суд.

---

[56] Сектор за правосудство и Сектор за ИКТ

Значајна активност која ќе придонесе за зголемување на ефикасноста на судството е трансферот на извршни предмети од судовите кај извршителите. Имено, со Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување се предвидува започнатите постапки за извршување до денот на примената на овој закон да се извршуваат според Законот за извршната постапка, а најдоцна до 1 јули 2011 година.

Воедно, во текот на 2011 година ќе се продолжи со именување на извршители за непополнетите извршителски места.

Во насока на целосно извршување на пресудите, Државното правобранителство на Република Македонија ќе изготви Информација за спроведувањето на Протоколот за соработка помеѓу Владата на Република Македонија, органите на државната управа и Државното правобранителство на Република Македонија.

За унапредување на транспарентноста на работењето на судовите, Врховниот суд на Република Македонија, ќе изготви полугодишни Извештаи за работата на Канцелариите за односи со јавноста, додека Судскиот совет на Република Македонија, ќе изготви полугодишни извештаи за одржани јавни седници на ССРМ за расправање по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите и судовите. Исто така, ќе се изврши надградба и ставање во фукнција на веб порталот на Советот на јавни обвинители. За зајакнување на капацитетите на Советот на јавни обвинители, ќе се изврши кадровско доекипирање на советот.

Во текот на 2011 год. ќе се реализираат активностите предвидени со Акцискиот план за имплементација на новиот Закон за кривична постапка, за што ќе бидат изготвени Полугодишни извештаи за статусот на реализација на активностите, од аспект на нормативниот дел, спроведување обуки и јакнење на капацитетите.

Во насока на унапредување на ИКТ во Јавните обвинителства, Министерството за правда во соработка со ЈОРМ, СЈО, ОЈО за организиран криминал и корупција, ќе изготват Информација за студија за унапредување на функционалноста, просторните потреби и информатичката технологија во Јавното овинителство на Република Македонија 2011 – 2012, ќе се превземат активности за воведување на интернет,веб страни и мрежно поврзување на сите Јавни обвинителства.

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Активностите во правосудството, среднорочно ќе бидат насочени кон натамошно јакнење на независноста, ефикасноста, како и на континуирано спроведување на реформата на казненото право.

На среден рок, Судскиот буџетски совет ќе продолжи со активностите за имплементација на Законот за изменување и дополнување на Законот за судски буџет, со кој е предвиден фиксен процент од 0,8% од БДП, кој ќе се зголемува во еднакви износи, така што во 2012 год. е предвидено да се достигне процент од 0,5% од БДП, во 2013 0,6, во 2014 од 0,7% и во 2015 год. од 0,8%.

Врз основа на. Студијата за определување на цената на чинење на судските предмети, СБС ќе изготви Анализа на тековните трошоците од работењето на судовите, како и ќе изврши дефинирање на критериуми за изработка на предлог буџет на судската власт и распределба на средства од судскиот буџет.

Јавното обвинителство на РМ, ќе изготви Извештај за спроведен надзор над работата на јавните обвинители за 2010 година.

На среден рок ќе се продолжи со реализација на активностите предвидени со Акцискиот план за имплементација на новиот Закон за кривична постапка.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Академијата за обука на судии и обвинители, ќе продолжи со натамошна реализација на Програмите за почетна и континуирана обука на судиите и обвинителите, судските и јавно обвинителските службеници, како и Програмата за специјализирана обука на новоизбраните судии и јавни обвинители.
Судскиот совет и Советот на јавните обвинители, ќе продолжат со активностите за пополнување на слободните судиски односно јавно обвинителски места, согласно Стратешкиот план за утврдување на потребниот број на судии и јавни обвинители за период 2011-2013.

Исто така, ССРМ ќе продолжи со следење и оценување на работата на судиите, согласно новите критеруми, предвидени во Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите.

Во рамки на проектот ИПА 2008 „Натамошно јакнење на институционалните капацитети на Академијата за судии и јавни обвинители" ќе се продолжи со реализацијата на активностите за подобрување на системот за изработка на програми за обука, воспоставување на *e-learning* систем (електронско учење), подобрување на веб страницата на Академијата (нејзино редизијанирање и реорганизација), зголемување на фондот на библиотеката и подобрување на системот за децентрализирана обука.

Во рамки на ИПА проект 2009 за Поддршка во спроведувањето на реформата на кривично правниот систем, ќе се превземат активности за јакнење на капацитетите на јавните обвинители, правосудната полиција и останатите релевантни институции со цел имплементација на новата законодавна рамка, како и активности за зголемување на ефикасноста во имплементацијата на кривичната законодавна рамка и обезбедување на усогласеност помеѓу ново донесените закони.

Во рамки на ИПА 2010 се планира проект "Понатамошна поддршка за независно, одговорно, стручно и ефикасно судство", кој треба да започне со реализација 2012 -2013. Цел на Проектот е јакнење на капацитетите на Судскиот Совет и Советот на јавни обвинители за ефикасно вршење на нивните надлежности поврзани со изборот и разрешувањето на судиите и јавните обвинители, планирањето на човековите капацитети, водењето на судските предмети и транспарентност во правосудството.

На среден рок ќе се продолжи со имплементација на Стратегијата за ИКТ во правосудството, во рамки на која ќе се изврши набавка на софтвер за управување со предмети во јавните обвинителства и набавка на ИТ опрема за јавните обвинителства.

### 3.23.2 **АНТИКОРУПЦИСКА ПОЛИТИКА**

*Тековна состојба*

Во насока на зајакнување и подобрување на анти-корупциската политика, правната рамка за борба против корупцијата е надоградена со следниве законски решенија усогласени со меѓународните анти-корупциски стандарди:

Закон за измени и дополнувања на Кривичниот законик[57], (се применува од 22.03.2010 година), со кој се воведува конфискација на посредна имотна корист и проширена конфискација за тешки кривични дела, нови споредни казни за правните лица, како и нови коруптивни кривични дела: „Противправно стекнување и прикривање на имот" и „Измама на штета на фондовите на Европската заедница", со што се зголемија казните за кривичните дела на корупција и се воведе задолжително изрекување на казната „Забрана за вршење професија", дејност или должност за кривичните дела на корупција.

Закон за кривична постапка[58], донесен на 17.11.2010год. (vacatio legis од 2 години), со кој се воведуваат новини во структурата на претходната и судската постапка, нова поактивна улога на јавните обвинители во претходната постапка, формирање на истражни центри на јавното обвинителство, правосудна полиција, достава по електронски пат, се уредува нов основ за определување притвор, се уредува мерката задржување од страна на полицијата и постапување со задржаните лица,целосно се преуредува материјата која се однесува на посебните истражни мерки преуредување на системот на редовни правни лекови и други новини. Донесен е Акционен план за примена на новиот Закон за кривична постапка.
Закон за измени и дополнувања на Законот за спречување на корупција[59], со кој се предвидува професионализација на вршењето на функцијата на членовите на Државната комисија, за зајакнување на институционалната рамка за заштита од корупцијата и спречувањето на судирот на интереси.

Закон за јавни службеници[60], донесен во април 2010 година, со кој се воспоставува правна рамка за јавните службеници која ги регулира основните начела и стандарди на постапките за селекција, вработување, одговорност, оценување, заштита на правата и евидентирање на податоците за јавните службеници. За имплементација на законот, на 01.07.2010 година донесен е Етичкиот кодекс на јавните службеници, кој ги утврдува личните и професионалните вредности за однесување на јавните службеници.

[57]Службен весник на РМ бр. 114/2009
[58]Службен весник на РМ бр. 150/2010
[59]Службен весник на РМ бр. 145/2010
[60]Службен весник на РМ бр. 52/2010

Законот за изменување и дополнување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер[61], донесен во јануари 2010 година со кој врши допрецизирање на опфатот на информациите од јавен карактер и целосна професионализација на претседателот и членовите на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Закон за здруженија на граѓани и фондации[62], донесен во април 2010 год. со кој предвидува формирање на здруженија и фондации и од странците, правните лица и малолетните граѓани на Република Македонија согласно Конвенцијата за правата на детето и Препораката на Советот на Европа во врска со правниот статус на невладините организации во Европа.

Закон за изменување и дополнување на Законот за спречување перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање тероризам[63], донесен во април 2010 год. Се проширува кругот на инкриминираните дејствија, се предвидува одговорност на лицата, вработени во институциите, вклучени во борбата против перењето пари, како и зголемена е казната кај овој вид кривично дело.

Во 2010 година се усвои Законот за изменување и дополнувања на Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија бр.97/2010) заради негово усогласување со последните измени и дополнувања на Кривичниот законик во поглед на изрекувањето на споредни казни за незаконско дејствување во постапките за доделување на договорите за јавни набавки.

Во текот на 2010 година се донесе Стратегија за развој на системот за јавни набавки за периодот 2010-2012 година. Со истата се предвидени мерки и активности со кои ќе се реализираат предвидените цели во поглед на развојот на правната рамка, институционалниот и административен капацитет и мерки за превенција и репресија на корупцијата во јавните набавки.

Република Македонија целосно ги имплементираше сите 14 препораки на ГРЕКО од Вториот круг на евалуација. По однос на Трет круг на евалуација, ГРЕКО го усвои Извештајот за евалуација на Република Македонија, во кој се содржани вкупно 13 препораки, од кои 7 се однесуваат на инкриминациите, а 6 на финансирањето на политичките партии. Препораките треба да се имплементираат заклучно со септември 2011 година. Во таа насока Владата на Република Македонија усвои Информација за превземање на соодветни мерки за реализација на ГРЕКО препораките од III круг на евалуација.

За ратификација на Конвенцијата на ОЕЦД за поткуп на странски јавни службеници во меѓународните трговски трансакции, Република Македонија достави барање за членство во работната група на ОЕЦД за поткуп на странски јавни службеници.

Советот на Владата за имплементација на владиниот Акциски план за борба против корупција, континуирано ги одржува своите состаноци, при што на 04.03.2010 година одржан е состанок на кој беше разгледувана Годишната Информација за статусот на реализација на активностите кои произлегуваат од Акцискиот план на Владата за борба против корупција за 2009 година.

Меѓуресорско тело за координација на активностите за борба против корупција, континуирано одржува состаноци (заклучно со декември 2010 год. одржани се 4 состаноци) на кои се превземаат активности за координација и јакнење на меѓусебната соработка за реализација на препораките содржани во извештаите на ГРЕКО.

Континуирано се реализираат активностите од Државна програма за превенција и репресија на корупцијата[64], како и активностите предвидени со Државната програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси.

Државната комисија, во септември 2010 година донесе Оперативен план за развивање на новите Државна програма за превенција и репресија на корупцијата и Државна програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси. Обезбедена е поддршка од Делегацијата на Европската Унија во РМ за ангажирање на два меѓународни експерти, како и техничка и финансиска поддршка од Канцеларијата на УНДП во Скопје. Во ноември 2010 година беше потпишан Меморандум за соработка со Секретаријатот за европски прашања за поддршка за изготвување на Државните програми.

---

[61] Службен весник на РМ бр. 6/2010
[62] Службен весник на РМ бр. 52/2010
[63] Службен весник на РМ бр.57/2010
[64]. На 18 јуни 2010 год. ДКСК ја одржа **Третата Годишна Конференција за оценка на остварувањето на Државната Програма за превенција и репресија на корупцијата**, на која беше презентиран Извештајот за степенот на реализација на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата

Согласно Оперативниот план одржани се три работилници за изготвување на стратешкиот документ од Државните програми.

Согласно Законот за измени и дополнување на Законот за спречување на судир на интереси, до ДКСК поднесени се 3620 изјави за интереси од службените лица. Досега ДКСК покренала 222 барања за поведување на прекршочни постапки против лицата кои не поднеле изјави за интереси (1 барање е поднесено против вршител на функцијата пратеник во Собранието на РМ, 4 барања против градоначалници на општини, 8 барања против судии на Основните судови на територијата на РМ и 209 барања се поднесени против членови на советите на општините). Истовремено, ДКСК постапила по 173 предмети за утврдување судир на интереси, од кои во 45 случаи констатирано е постоење на состојба на судир на интереси, по што ДКСК се обратила до лицата да излезат од состојбата на судирот на интереси.
ДКСК континуирано ги прибира и објавува на својата веб страна анкетни листови за избраните и именуваните лица (до крај на 2010 година објавени се 2521 анкетни листови). Во 2010 година ДКСК поднесено вкупно 18 барања до УЈП за испитување на имот и имотна состојба. Управата за јавни приходи во текот на 2010 година има завршено 9 постапки за испитување на имот и имотна состојба, од кои во 8 случаи е констатирано дека имотот е стекнат од легални и оданочени приходи, а во еден случај, за поранешен градоначалник на општина е донесено Решение со кое се задолжува со персонален данок на доход во износ од 216.497,00 денари по основ на непријавени и неоданочени приходи.

Во текот на 2010 год. во рамки на Стратешкиот план за унапредување на односите со јавноста на Државната комисија за спречување на корупцијата 2009-2012, беше спроведена кампања за подигање на свеста на јавноста за негативните ефекти на корупцијата, како и три јавни дебати на тема: „Партиско политичко влијание во јавната администрација[65], „Судирот на интереси во локалната власт[66]" и "Корупција во постапувањето на државните органи и ЕЛС во областа на урбанизмот и градежништвото"[67].

Комисијата за слободен пристап до информации од јавен карактер, континуирано обезбедува стручна помош за имателите и за барателите на информации и во текот на 2010 година постапила по 388 жалби од граѓаните и невладините организации, поднесени поради молчење на администрацијата, по што се донесени решенија за задолжување на имателите да ја достават бараната информација до барателот.

Агенцијата за управување со одземен имот, континуирано ги извршува своите надлежности и во текот на 2010 година спроведе повеќе конфискации во кои се одземени хартии од вредност и недвижности во вкупната вредност од околу 20.000.000,00 евра. За унапредување на соработката во октомври 2010 год. потпишан е Меморандум за соработка во постапувањето со одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, помеѓу Агенцијата и Царинската Управа.

Во насока на спречување на коруптивното однесување на вработените во МВР и полицијата, како и откривање и соодветно санкционирање на конкретните случаи на корупција, континуирано се спроведуваат мерките и активностите од Антикорупциската програма на Министерството за внатрешни работи за 2010 година.

Во 2010 год. континуирано се реализираа обуки за борба против корупцијата:

ДКСК во соработка со АСЈО и УНДП, во текот на 2010 год. реализираше 8 обуки за Корупција и судир на интереси, за судии и јавни обвинители, како и за претставници од општините.

Во насока за успешна примена на измените на КЗ, АСЈО во текот на 2010 год. спроведе вкупно 9 обуки за судиите, јавните обивнители и преставници од релевантните институции на тема Проширена конфискација, противправно стекнување на имот и одговорност на правни лица." Исто така, реализирани се и 6 обуки за примена на новините во КЗ и ЗКП.[68]

Во текот на 2010 година, Бирото за јавни набавки со сите свои ресурси активно работеше на зајакнување на капацитетот на договорните органи преку спроведување на обуки и тоа 12 обуки, од кои 5 обуки за „Едукација за системот за јавни набавки за договорни органи (ДО) и економски оператори (ЕО)" со кои се опфатија околку 125 лица и 7 обуки за „Користење на интегрираниот ЕСЈН" со кои се опфатија околу 150 лица. За таа цел се опреми просторија за обука наменета за потребите на договорните органи и економските оператори. Просторијата во која се врши обуката е опремена со современа информатичка опрема за капацитет од 20 до 30 слушатели.

[65]На 11.06.2010 год.
[66]на 15.07.2010 год.
[67]на 08.102010 год.
[68]Ворамки на Проектот на Светска Банка..за поддршка на имплементацијата на новините во КЗ и измените на ЗКП

На 23 и 24 септември 2010 година се одржа Регионална Конференција на тема „Злосторничко здружување - поим, дефиниција, карактеристики и примена на посебните истражни мерки, во организација на Основниот јавен обвинител за гонење на организиран криминал и корупција, во организација на Здружението на јавни обвинители и АСЈО, а со поддршка на ОБСЕ и ОПДАТ.

На 15 и 16 октомври 2010 година, во Охрид, во рамките на Македонското претседателство со Комитетот на Министри на Советот на Европа, се одржа Регионална Конференција: Борба против корупцијата – Интегративна спрега од домашни и меѓународни активности.

По однос на активностите за воспоставување на Националната разузнавачка база на податоци види *Поглавје 3.24.6 Полициска соработка и борба против организиран криминал.*

**Стратешки документи**:

- Акциски план за борба против корупцијата 2007 – 2011;
- Државна програма за превенција и репресија на корупцијата со Акционен план;
- Државна програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси со Акциски план.
- Стратешки план на ДКСК за унапредување на односите со јавноста;

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2011 година ќе се продолжи со натамошно ефикасно спроведување на борбата против корупцијата, преку ефикасна имплементација на новите законски решенија, меѓуинституционалната соработка, реализација на ГРЕКО препораките од III круг на евалуација, како и развивање на нови Државни програми за спречување на корупција и за спречување на судир на интереси.

За реализација на ГРЕКО препораките од Третиот круг на евалуација, до крајот на септември 2011 ќе се превземат следниве активности:

- Во делот на „Инкриминации“, ќе се изготват измени и дополнувања на Кривичниот законик, кои се однесуваат на соодветно регулирање на кривичните дела Поткуп и Противзаконито посредување, согласно Кривичната конвенција за корупција на Совет на Европа и нејзиниот Дополнителен протокол (ЕТС 191);
- Во делот „Транспарентност во финансирањето на политичките партии“, ќе се изготви Закон за измени и дополнувања на Законот за финансирање на политичките партии, во насока на обезбедување на поголема транспарентност на сметките на политичките партии, определување на водечка институција за следење на финансирањето на политичките партии, како и воведување на механизми за практична примена на казнените мерки за повреда на правилата на политичко финансирање и на казнените мерки за губење на државните средства за политичките партии;
- Ќе се изготви Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, во насока на прецизирање на периодот на отпочнувањето на изборните кампањи, со оглед на обврската да се има посебна сметка за кампањите и финансиските извештаи за кампањите како и во насока на проширување на периодот на финансиски активности за изборните кампањи со цел финансиската активност во текот на овој период да биде прецизно и сеопфатно евидентирана;
- Во насока на унапредување на надзорот над финансирањето на политичките партии, Министерството за финансии ќе определи институција/тело кое ќе има водечка улога во системот на контрола над финансирањето на политичките партии и изборните кампањи (со мандат и со соодветни овластувања и ресурси за да врши проактивен и ефективен надзор, истрага и спроведување на регулативата за политичко финансирање).
- Министерството за правда во соработка со Академијата за обука на судии и јавни обвинители и Министерството за внатрешни работи во соработка со Центарот за обуки на МВР, ќе спроведат обуки за судии, јавни обвинители и припадници на полицијата, со цел да се појасни дека активниот и пасивниот поткуп на домашни и странски арбитри, се опфатени преку концептот на службено лице, како што е протолкувано во членот 122 од Кривичниот законик, а согласно Кривичната конвенција за корупција на Советот на Европа.
- За статусот на реализација на ГРЕКО препораките од III круг на евалуација ќе биде изготвена Информација.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

ДКСК во првиот квартал од 2011 година ќе подготви Информација за степенот на реализација на Државната програма за спречување на судир на интереси 2008-2010, а во вториот квартал Информација за степенот на реализација на Државната програма за спречување на корупција 2007-2011.

ДКСК во соработка со МП и СЕП, согласно со Оперативниот план, до крајот на втор квартал на 2011 година ќе ги подготви и донесе новите Државна програма за превенција и репресија на корупцијата и Државна програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси со акциони планови за периодот 2011 – 2015, со Акциски планови за нивна имплементација. Следењето на реализацијата на активностите од Акциските планови ќе започне во четвртиот квартал од 2011 година, за што ДКСК ќе подготви Извештај за степенот на реализација на Акциските планови.

Во насока на зајакнување на меѓуинституционалната соработка, Меѓуресорското тело за борба против корупција ќе продолжи со одржување на координативни состаноци. Во првиот квартал од 2011 година ќе се изготви Информација за работата на Меѓуресорското тело за координација на активностите против корупција во 2010 година, како и Информација за активностите за спроведување на Акцискиот план на Владата за борба против корупција во 2010 год.

Исто така, во текот на 2011 година ќе се продолжи со спроведувањето на Протоколот на ДКСК за соработка за превенција и репресија на корупцијата и на судирот на интереси, при што ДКСК ќе изготви Извештај за спроведување на Протоколот.

Во насока на зајакнување на довербата на јавноста во борбата против корупцијата, ќе се продолжи со спроведување на Стратешкиот план за унапредување на односите со јавноста 2009-2012, за што ДКСК ќе изготви Извештај за реализацијата на Стратешкиот план за унапредување на односите со јавноста 2009-2012.

Во текот на 2011 година, ДКСК ќе продолжи со спроведување на обуки за ризици од корупција, превентини мерки и подигање на свеста на јавноста; Министерството за информатичко општество и јавна администрација, ќе спроведе обука за антикорупциски мерки и Етика во државната служба; исто така Царинската управа ќе продолжи со континуирани обуки на царинските службеници.

За поефикасна примена на Законот за судир на интереси, во првиот квартал од 2011 година преку TAIEX инструментот на Европската комисија, ќе се спроведе Експертска мисија за процедурите за управување со изјавите за судир на интереси, за која ДКСК ќе изготви Извештај за утврдените наоди.

Во текот на 2011 год. ќе се спроведат обуки за обучувачи - претставници од ДКСК, обуки за превенција и намалување на судир на интереси за државни и јавни службеници, како и за судии и јавни обвинители.

Со цел за воспоставување на систем за проверка на податоците од анкетните листови за избраните и именуваните лица, во првиот квартал на 2011 година ќе се отпочне со проверка на анкетните листови согласно Критериумите за начинот за определување на анкетни листови, кои ќе бидат предмет на проверка, утврдени од страна на ДКСК и УЈП.

За натамошно подобрување на транспарентноста на финансирањето на политичките партии, Државниот завод за ревизија ќе изготви Извештај од извршени ревизии на политичките партии согласно Годишната програма, како и ќе продолжи со објавување на конечните ревизорски извештаи на веб страната.

За ефикасна примена на одредбите од Законот за измени и дополнување на Кривичниот законик, Академијата за судии и јавни обвинители, во рамки на програмата за континуирана обука во текот на 2011 година, ќе продолжи со спроведување на обуки за примена на институтите Проширена конфискација, незаконско збогатување и кривична одговорност на правни лица, за судии и јавни обвинители, За примена на Специјалните истражни мерки ќе се спроведат заеднички обуки за судии и јавни обвинители.

Агенцијата за управување со конфискуван имот до крајот на вториот квартал 2011 година, ќе изготви Извештај за реализирани конфискации на имот и имотна корист. Исто така, ќе продолжи со соработката со Царинската управа врз основа на Меморандумот за соработка за постапувањето со одземени предмети во кривична и прекршочна постапка.

Во насока на зајакнување на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, ќе се развие дата база на податоци. Исто така, Комисијата ќе изготвува квартални извештаи за бројот и основот на примени и решени жалби.

Во почеток на 2011 Бирото за јавни набавки ќе започне Твининг проект со германски партнер во кој се предвидени различни активности во поглед на дополнително зајакнување на системот на јавните набавки. По извршените анализи на досега спроеведените обуки ќе се изврши ревизија на Програмата за едукација за обуки за јавни набавки.

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Ќе се продолжи со натамошно ефикасно спроведување на борбата против корупцијата, преку имплементација на правната рамка, како и реализација на активностите од новата Државна програма за превенција и репресија на корупцијата и Државна програма за превенција и намалување на појавата на судирот на интереси.

Во рамки на ИПА 2010 – "Поддршка за ефикасна превенција и борба против корупцијата", ќе се обезбеди подобрување на имплементацијата на националната законодавна рамка за борба против корупција, јакнење на националните механизми за превенција и борба против корупцијата,зајакната соработка помеѓу Државната Комисија за спречување на корупција, правосудните органи,надлежните органи за спроведување на законот и останатите релевантни институции во областа на откривање, превенција и санкционирање на коруптивните кривични дела.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

ДКСК на среден рок, ќе продолжи со следење на реализацијата на активностите утврдени со Акциските планови на Државна програма за превенција и репресија на корупцијата и Државната програма за превенција и намалување на појавата на судирот на интереси, за што ќе изготви Втор Извештај за степенот на реализација на Акциските планови..

Со цел за ефикасно спроведување на антикорупциската политика и понатамошно промовирање на принципот на добро владеење и владеење на правото, во рамки на ИПА 2010, ќе се реализира Твининг проект "Поддршка за ефикасна превенција и борба против корупцијата".

ДКСК ќе продолжи со натамошна реализација на активностите утврдени во Стратешкиот план за односи со јавноста 2009-2012,

За зголемување на транспарентноста на финансирањето на политичките партии, Државниот завод за ревизија ќе продолжи со објавување на конечните ревизорски извештаи на веб страната.

Бирото за јавни набавки континуирано ќе врши следење на правната рамка со цел нејзино подобрување и соодветно на тоа вршење на конкретни измени и дополнувања на подзаконските акти или нивно заменување со нови. На среден рок предвидена е подготовка на Национална стратегија за системот на јавните набавки. Ќе продолжи обуката наменета за потребите на договорните органи и економските оператори.

3.23.3. **ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА** (*види Поглавје 1.02. Човекови права и заштита на малцинства)*

Министерствата и комисиите на Владата за решавање во управна постапка во втор степен, продолжија да одговараат на наодите на Народниот правобранител за што редовно ја информираат Владата на Република Македонија.

Во однос на забраната на тортура и нечовечно или понижувачко постапување или казнување, активности за изградба, реконструкција, одржување на објекти и опремување се превземаат во сите казнено-поправни и воспитно-поправни установи. Истите ќе продолжат и во наредниот период.
Законот за правната положба на цркви, верски заедници и религиозни групи се имплементира континуирано.

Се усвои Законот за спречување и заштита од дискриминација и беа спроведени низа активности во насока на негова промоција. Формирањето на Комисијата за заштита од дискриминација е во тек.

Во однос на родовата еднаквост продолжи праксата на споделување на најдобри пракси и позитивни примери за родовата политика,промовирање наа надлежностите и работењето на правниот застапник надлежен за постапување по жалби за нееднаков третман врз основа на пол како и трибини наменети за жените од руралните средини и помалите етнички заедници. Истото ќе продолжи и во текот на 2011.

Беше донесен Законот за ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на деца од сексуална експлотација и сексуална злоупотреба (Службен венсник на Република Македонија бр.135/2010). Согласно изработената компаративна анализа за усогласеноста на националното законодавство со Конвенцијата за правата на детето во наредниот период ќе се работи на натамошно усогласување на домашното законодавство со Конвенцијата и Протоколите.

Согласно донесениот Протокол за постапување во случаи на пријава на сексуална злоупотреба на деца и педофилија континуирано се спроведува обуки на вработените од центрите за социјална работа за рано препознавање и постапување во случаи на сексуална злоупотреба на деца и педофилија како и на новинарите заради правилно информирање при постоењето на таков случај.

Беа усвоени измени и дополнувања на Законот за малолетничка правда (Службен Весник на Република Македонија, бр. 145/2010), и изработен е Протоколот за упатување на деца во конфликт со законот.
Континуирано се реализираат активности од Национална Стратегија за заштита од семејно насилство 2008-2011.

Започна да се имплементира Законот за бесплатна правна помош(Службен весник на Република Макеонија бр.161/2009), а се донесоа и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот.

Во насока на доследна имплементација на Стратегијата за социјална инклузија на Роми и Декадата на Роми беа спроведени активности предвидени во Национални Акциски и Оперативни Планови за приоритетните области. Оваа пракса ќе продолжи и во текот на 2011 година.

Секретаријатот за спроведување на Охридскиот Рамковен договор (ССОРД) превзема бројни активности во насока на унапредување на правичната застапеност на преставниците на сите етнички заедници, процесот на децентрализација, употреба на јазикот на немонозинските заедници, образовниот систем и недискиминацијата.

**<u>Заштита на личните податоци</u>**

*Тековна состојба*

Се донесоа измените и дополнувањата на Законот за заштита на личните податоци (Службен весник на Република Македонија бр.124/2010). Исто така беа донесени и подзаконските акти[69] за негова имплементација.

Согласно измените во Законот за заштита на личните податоци Дирекцијата отпочна со издавање на одобренија за пренос на лични податоци во други држави и спроведување на инспекциски надзори во случај на поднесени барања за заштитата на личните податоци од страна на граѓаните заради заштита и остварување на нивните права и интереси што се гарантираат со законот.

Дирекцијата брои 19 вработени. Согласно програмите за обуки обезбедени се генерички обуки, и специјализирани обуки за контролорите и обработувачите во клучните сектори. Континуирано се ажурира Централен регистар за збирки на личните податоци што ги водат контролорите и се евидентираат и податоци за офицерот за заштитата на личните податоци. Беше подготвен Годишен план за инспекциски надзори за 2010 и за 2011 година.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**
До крајот на 2011 година, предвидена е подготовка на анализи за состојбата во легислативата по однос на заштитата на личните податоци во областа на образованието. Предвидена е имплементација на измените на Законот во насока на примена на одредбите за инспекциски надзор и текот на постапката согласно ЗЗЛП и Законот и прекршочната постапка. Дирекцијата ќе продолжи со подготовка на водичи/препораки за заштитата на личните податоци во различните сектори и следење на усогласувањето на актите и работењето на контролорите и обработувачите со прописите за заштита на личните податоци како и со давање мислења по законските прописи во постапка во кои се содржани одредби за заштитата на личните податоци. Ќе се донесе Стратегија за заштитата на личните податоци во Република Македонија чија имплементација ќе започне во текот на втората половина од 2011 година. Исто така предвидена е и подготовка на Стратегија за комуникација со јавноста.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во текот на 2011 ќе се даде акцент на имплементација на подзаконските акти. Предвидено е изработка на Стратегија за внатрешна комуникација и комуникација со јавноста. Континуирано ќе се реализираат обуки (генерички и специјализирани обуки по области) за контролорите и обработувачите на збирки со лични податоци. Предвидени се активности во насока на зајакнување на институционалната рамка за вршење на инспекциски надзор и имплементација на Годишниот план за инспекциски надзори за 2011 година и спроведување на вонредни надзори во текот на годината. Во однос на Централниот регистар предвидено е унапредување на неговата функционалност и негово зајакнување за подршка на инспекцискиот

[69] Правилник за начинот на вршење на инспекцискиот надзор; Правилник за формата и содржината на образецот за евиденцијата на извршениот пренос на лични податоци во други држави, како и за начинот на водење на евиденцијата; Правилник за изменување и дополнување на правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци; Правилник за содржината и формата на актот за начинот на вршење на видео надзор; Правилник за изменување и дополнување на правилникот за формата и содржината на образецот на известувањето за обработка на личните податоци и за начинот на известувањето во централниот регистар на збирки на лични податоци; Правилник за изменување и дополнување на Правилник за образецот, формата и содржината на легитимацијата и за начинот на нејзиното издавање и одземање и Правилник за формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата, како и начинот на водење на евиденција за спроведената едукација – Службен весник на РМ, бр.158/2010

надзор. Континуирано ќе бидат превземани активности за зголемување на јавната свест за заштита на лични податоци согласно Стратегијата за комуникација.

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Дирекцијата за заштита на личните податоци тековно ќе партиципира со предлагање на одредби во постоечката легислатива од аспект на заштитата на личните податоци.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

На среден рок се планира промени во организационата поставеност на Дирекцијата што се во функција на зајакнување на инспекцискиот надзор, односите со јавноста и меѓународната соработка и обезбедување доволен стручен и обучен кадровски потенцијал за другите функции на Дирекцијата; Предвидени ќе бидат активности за обезбедување на висок степен на ефикасност во давањето одобренија за обработка на лични податоци и пренос на лични податоци во други држави како и водењето на прекршочните постапки што се во надлежност на Дирекцијата.

3.24 **ПРАВДА**, **СЛОБОДА И БЕЗБЕДНОСТ**

3.24.1 **МИГРАЦИЈА**

*Тековна состојба*

Беа донесени измените и дополнувањата на Законот за странците (Службен весник на Република Македонија бр.156/2010). Законот предвидува воспоставување на национална Интегрирана база за странци, која ќе опфаќа податоци за азил, миграции и визи, рокот за пријавување на странецот кој во Република Македонија престојува до три месеци е ревидиран од 24 на 48 часа, а предвиден е временски рок од шест месеци за постапување на Министерството за внатрешни работи по барањето за издавање на дозвола за постојан престој на странецот во нашата држава.

Усвоени се измените и дополнувањата на Законот за вработување и работа на странци (Службен весник на Република Македонија бр.35/2010), со што постапката за добивање на лична работна дозвола за самовработување на странец е значително олеснета.

Донесена е Одлуката за утврдување на квотите за работни дозволи за странци за 2010 година, каде согласно потребите за работна сила за 2010 година предвидено е издавање на вкупно 3000 работни дозволи.

Изменет е Правилникот за странците согласно измените на Законот за странците со што е извршено целосно усогласување со одредбите од Шенгенскиот граничен кодекс во овој домен.

Усвоен е Миграцискиот профил на Република Македонија за 2009 година.

Донесена е Програма за помош и поддршка при реинтеграција на повратници во Република Македонија согласно која лицата вратени врз основа на договори за реадмисија ќе можат да ги остваруваат своите права од здравствтвената заштита, образование, социјално - економска помош и пристап до потребните лични документи.

Потпишан е Договор за реадмисија помеѓу Република Македонија и Република Србија.

Активностите за воспоставување на Интегрираната база на податоци за странци, која ќе опфаќа податоци од областа на азилот, миграциите и визите се одвиваат континуирано.

Согласно Програмата за помош и поддршка при реинтеграција на повратници во Република Македонија воспоставено е Координативно тело за повратници и одржана е работилница за запознавање на надлежните институции за нејзино спроведување. Извршена е публикација на Програмата и Информативниот прирачник за мигранти –повратници на 3 јазици: македонски, албански и ромски.

ПУ ``Младост`` во Чичино Село, започна со работа како Прифатен центар за повратниците без постојано живеалиште во кој истите се сместуваат за периодот до 60 дена непосредно по враќањето.
Спроведени се континуирани обуки за начинот на издавање на патните и други документи за странец.
Обврските превземени со Спогодбата за реадмисија помеѓу Република Македонија и Европската заедница за преземање на лица со незаконски престој редовно се исполнуваат.

*Краткорочни приоритети*:

**ПРАВНА РАМКА**

Ќе биде донесен Миграциски профил на РМ за 2010 година.

Согласно измените и дополнувањата на Законот за странците, предвидено е донесување на Уредба за доделување на пристап до податоците во Интегрираната база на податоци за странци вклучувајќи податоци за азил, миграции и визи;Уредба за начинот на одржување на Интегрираната база на податоци за странци вклучувајќи податоци за азил, миграции и визи и Уредба за обезбедување на тајност, заштита и безбедност на податоците содржани во Интегрираната база на податоци за странци вклучувајќи податоци за азил, миграции и визи.

Воедно до крајот на 2011 предвидено е усогласување на Законот за странци и со :

- Регулативата (ЕЗ) бр.810/2009 на Европскиот парламент и Советот за воспоставување Визен кодекс на Заедницата (Визен код),
- Регулативата (ЕЗ) бр.562/2006 на Европскиот парламент и Советот за правилата кои го уредуваат начинот на движење на лица преку границите (Шенгенски граничен кодекс) и со

- Директивата бр.2008/115/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 16 декември 2008 година за заедничките стандарди и постапки во земјата членка за враќање на државјани на трета земја со нелегален престој (член 11).

Предвидени се измени на Законот за волонтерство во насока на усогласување со Директива на Советот 2004/114/ЕС од 2004 година за условите за влез на граѓани од трети земји со цел за студирање, размена на ученици, неплатена обука или волонтерски услуги.

Предвидено е спроведување на анализа на постојните одредби и утврдување на потребата од понатамошни измени и дополнување на Законот за социјална заштита (меѓу останатото и член 5 кој ги утврдува корисниците на социјална заштита).

Предвидени се измени и дополнувања на Правилникот за странците со цел усогласување на образецот за одбивање на влез на странец во Република Македонија, согласно Анекс 5 од Шенгенскиот граничен кодекс.

Ќе се продолжат преговорите во насока на склучување на договори за реадмисија со Црна Гора и Исланд.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Ќе се изврши проширување на надлежностите на Центарот за интеграции во насока на негово трансформирање во Националниот центар за интеграција на бегалци и странци и реинтеграција на повратници.

Ќе се превземат активности во насока на развој, односно прилагодување на системот на потребите на новата интегрирана база на податоци за странци вклучувајќи податоци за азил, миграции и визи преку поставување на ИКТ инфраструктура; тестирање и одобрување; обука за крајните корисници; модификација и дополнување; миграција на податоци и целосно инсталирање на софтверот и негово прифаќање. Со базата ќе се обезбеди истоветна терминологија на дефиниции и водење на статистика согласно Регулативата (ЕЗ) бр. 862/2007 на Европскиот парламент и на Советот од 2007 година за статистиката на Заедницата за миграцијата и меѓународната заштита.

Обуката на инспекторите за странци во работењето со ИМАГО – системот за издавање на документи како и обуката на полициските службеници за борба против илегалната миграцијасе планира да се врши континуирано, согласно Годишниот план за обука на МВР.

Ќе продолжи имплементацијата на мерките и активностите утврдени во Акцискиот план на Резолуцијата за миграциската политика на РМ, преку поголема активност и оперативност на Меѓу-ресорска група за креирање на миграционата политика. За таа цел неопходен е зајакнат мониторинг над реализација на предвидените мерки и активности, кој ќе се реализира преку доставување на редовни квартални извештаи за реализација до ВРМ.

*Среднорочни приоритети*

Континуирано ќе се врши процена за понатамошна хармонизација на националното законодавство согласно промените во областа на азилот со законодавството на ЕУ.

Континуирана обука на инспекторите за странци во работењето со ИМАГО - системот за издавање на документи ќе се реализира согласно Годишниот план за обуки на МВР.

Ќе се врши континуирана обука на полициските советници и полициските службеници за користење на НВИС системот - за издавање на визи како и одобрување на привремен престој и одобрување за издавање на патни листови.

Континуирано ќе се спроведуваат обуки за ефикасна имплементација на новините во законодавството кои ќе следат по транспонирањето на предвидените ЕУ директиви.

Ќе се имплементираат мерките утврдени во Акцискиот план за Резолуцијата на Миграциската политика на РМ. И натаму ќе се продолжи со кварталните известувања за степенот на реализација на мерките и активностите утврдени во Акцискиот план за Резолуцијата на Миграциската политика на РМ.

### 3.24.2 **АЗИЛ**

*Тековна состојба*

Успешно се имплементираа измените и дополнувањета на Законот за азил и привремена заштита.

Донесен е Правилник за критериумот и начинот на користење на соодветен стан за сместување или парична помош потребна за обезбедување на простории за сместување на признаен бегалец, согласно измените и дополнувањата на Законот за азил и привремена заштита.

Донесен е Правилник за начинот на остварување на правото на парична помош за социјално домување за лице кое до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, односно и по престанување на старателството, а најмногу до 26-годишна возраст, согласно Законот за социјална заштита .

Донесен е Законот за изменување и дополнување на Законот за управни спорови (Службен весник на Република Македонија бр.150/2010) со што децидно е воведено правото на Управниот суд да одлучува во спор на законитост на актите со решение без расправа. Кога покрај оценката на законитоста на управниот акт Управниот суд одлучува и за самата управна работа, се утврдува правото да одржи јавна усна расправа.
Измените предвидуваат во прв степен да одлучува Управниот суд, во втор степен Вишиот управен суд, а по вонредни правни средства да одлучува Врховниот суд на Република Македонија.

Донесен е Закон за здравствено осигурување (Службен весник на Република Македонија бр.50/2010) со кој се изедначува постапката за остварување на правото на здравствено осигурување на лицата под меѓународна заштита со постапката предвидена за државјаните на Република Македонија.

Правилникот за внатрешна организација и работа на Министерството за труд и социјална политика беше дополнет со цел воспоставување на правен основ за функционирање на Центарот за интеграции .

Извршена е анализа на националното законодавсто со законодавството на ЕУ во насока на утврдување на потребата од дополнителни измени на Законот за азил и привремена заштита како и на други закони кои тангираат прашања од областа на правата на бегалската популација.

Финализиран е процесот на транзиција од хуманитарна во супсидијарна заштита на лицата во Република Македонија.

Започна процесот на издавање на лични карти за лица под супсидијарна заштита, со што се заокружи процесот на издавање на сите идентификациони документи на бегалската популација.
Превземени се мерки и активности во насока на воспоставување на интегрирана база за странци, која ќе опфаќа податоци од областа на азилот, миграциите и визите (во однос на конкретните спроведени мерки види во делот 3.24.1. Миграци).

Прифатниот центар на баратели на право на азил брои 12 вработени. Во периодот 01.01.03.2010 година сместени беа вкупно 120 баратели на азил.

Започна со работа проектната единица Центар за интеграција.

Финансисиската и здравствена заштита на лицата под меѓународна заштита во Република Македонија во целост ја превзема Министерството за труд и социјална политика за што беа обезбедени средства во висина од 60.000.000,00 МКД.

За имплементација на активностите од Националниот Акциски план за Стратегијата за интеграција на бегалци и странци во Република Македонија од страна на УНХЦР Скопје беа донирани средства во висина од 18.000.000,00 МКД.

За подобрување на спроведувањето на законодавната рамка за азил на државата Министерството за внатрешни работи има издвоено 470.000,00 МКД.

Во Одделението за азил при МВР 2 лица засноваа работен однос на неопределено време и 2 лица во Одделението за азил, миграции и внатрешно раселени лица.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**
Предвидени се измени на Законот за азил и привремена заштита преку кои ќе се обезбеди натамошно усогласување со ЕУ мерките од релевантната област. (Директивите 83/2004; 9/2003 и 85/2005)

Предвидено е донесување на Правила за постапување со непридружувани малолетници, со што ќе се прецизираат правата и обврските на релевантните институции во постапката за постапување со непридружуван малолетник, при утврдување на правото на азил.
Ќе се донесат Процедури за меѓуинституционална соработка помеѓу Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука и Министерството за здравство.

Заради обезбедување на соодветни преведувачи на јазиците од Азија и Африка и обезбедување на податоци за земјата на потекло, се предвидува воспоставување на правен основ за соработка со Република Полска (односно со Република Австрија).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Како резултат на потребата од зајакнување на системот на интегрирање на бегалците во Република Македонија, ќе се врши квартално известување за степенот на реализација на мерките и активностите содржани во Националниот Акциски план на Стратегија за интеграција на бегалци и странци во РМ 2008-2015.

Во наредниот период ќе бидат спроведени обуки за судиите за решавање на предметите од областа на азил.

Во насока на следење на новините во законодавството од областа на азилот ќе бидат донесени :
- План за обука на полициските службеници на граничните премини, Секторите за внатрешни работи и Полициските станици од општа надлежност,
- План за обука на вработените во Одделението за азил
- План за обука на вработените во центрите за социјални работи, Агенцијата за вработување, здравствените и образовните работници

По донесувањето на плановите се предвидува нивна имплементација во насока на континуирано следење на новините во европското законодавство, односно воспостаување на најдобра пракса во постапувањето со лицата под меѓународна заштита во земјава.

Предвидено е техничко доопремување и кадровско доекипирање на Прифатниот центар за баратели на азил, кадровско доекипирање на Одделението за азил во МВР и Одделението за азил, миграции и внатрешно раселени лица во МТСП, согласно нивните акти за систематизација на работните места.

Согласно измените и дополнувањата на Законот за управни спорови, предвидено е воспоставување на Виш Управен суд и негово техничко и кадровско екипирање.(за дополнителни информации види Поглавје 3.23. Правосудство и фундаментални права).

*Среднорочни приоритети*

Континуирано ќе се врши анализа за потребите од понатамошна хармонизација на националното законодавство согласно промените во областа на азилот со законодавството на ЕУ.

Предвидени се измени на Актот за систематизација на работните места во МВР, во делот кој се однесува на Секторот за криминалистича техника, со цел зголемување на бројот на извршители за едно лице кое ќе работи на работната единица за обработка, евиденција, идентификација и размена на дактилоскопски материјал.

Ќе се продолжи со организирање на обуки за вработените во Прифатниот центар за баратели на азил, Одделението за азил, миграции и внатрешно раселени лица при Министерството за труд и социјална политика, Одделението за азил при Министерството за внатрешни работи и судиите во Управниот суд, Вишиот Управен суд и Врховниот суд.

Предвидено е воспоставување на Национална единица за споредба на отпечатоци на прсти за ефикасна примена на Даблинската конвенција, која ќе се состои од: компјутеризирана база на податоци и средства за пренос на податоци помеѓу земјите членки и централната база на податоци.

Со цел здобивање на знаење и искуство за потребите наНационална единица за споредба на отпечатоци на прсти предвидени се обуки на вработените во Секторот за криминалистичка техника и Одделението за азил при МВР.

### 3.24.3 **ВИЗНА ПОЛИТИКА**

*Тековна состојба*

Владата на РМ донесе Одлука, преку измени идополнувања на Законот за странците долгорочно да се овозможи секој странец кој поседува важечка повеќекратна Шенген Ц виза, со рок на важност подолг од најмалку пет дена од планираниот престој на странецот во Република Македонија, да може да влезе во Република Македонија без да поседува македонска виза. При секој влез на територијата на Република Македонија, странецот може да престојува во Република Македонија најмногу до петнаесет дена, при што вкупното траење на последователните престои во Република Македонија, не смее да биде подолго од три месеци во текот на секој шестмесеченпериод, сметајќи од денот на првото влегување. Оваа мерка ќе се спроведува се до целосното пристапување на Република Македонија во ЕУ.

Со измените и дополнувањата на Законот за административни такси (Службен весник на Република Македонија бр.06/2010) се изврши усогласување на висината на таксите за визи со предвиденото во чл. 16 став 1,2 и 4 од Регулативата (ЕЗ) бр. 810/2009 на Европскиот парламент и на Советот за воспоставување на Кодекс за Визи на Заедницата (Кодекс за визи) од 13 јули 2009 година.

Министерството за надворешни работи покрена иницијатива за добивање визна либерализација за македонските државјани од страна на Велика Британија.

Меѓуминистерската експертска група изврши детална анализа на усогласеноста на националното законодавство со Регулативата (ЕЗ) бр. 810/2009 на Европскиот парламент и на Советот за воспоставување на Кодекс за Визи на Заедницата (Кодекс за визи) од 2009 година..

Согласно препораките во ЕУ Шенгенскиот каталог за издавање на визи (препораки и најдобра пракса), изработен е Предлог-Елаборат за техничко опремување на дипломатско-конзуларните претставништва со опрема за откривање на фалсификувани документи. Воедно, формирани се меѓуресорски работни групи за изработка на следните елаборати:

- Елаборат за опремување и уредување на ДКП на РМ со цел исполнување на минималните стандарди за безбедност на објектот во кој е лоцирано ДКП-то, пропишани во ЕУ Шенгенскиот каталог за издавање на визи (препораки и најдобра пракса)
- Елаборат за класификација на ДКП според степенот на ризик (низок, среден и висок ризик) и за изборот на кадри со соодветни квалификации во зависност од условите во земјата на приемот.

Формирана е работна група за изработка на Упатство за обука на дипломатско конзуларниот персонал пред заминувањето на работа во ДКП-ата на Република Македонија во странство.

Согласно измените на Актот за систематизација на работните места во МНР, од јануари 2010 година Одделението - Визен центар прерасна во Сектор - Визен центар и Н-ВИС.
Континуирано се врши поврзување со Н-ВИС и обука на кадри во сите новоотворени ДКП на РМ во странство.

<u>Визна либерализација</u>

Продолжуваат активностите за правилно спроведување на визната либерализација со земјите-членки на ЕУ

Формирано е координативно тело за следење на имплементацијата на визната либерализација. Истото е претседавано од страна на Министерот за надворешни работи, а учествуваат ЗПВРМ за европски прашања, ЗПВРМ надлежен за спроведување на Рамковниот договор, Министерот за внатрешни работи, Министерот за правда и Министерот без ресор надлежен за спроведување на Декада за Роми. Континуирано се преземаат мерки за информирање на граѓаните за значењето на визната либерализација и за одвраќање на потенцијалните баратели на азил во европските земји.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**
Согласно анализата на Визниот Код ќе се предложат измени и дополнување на Законот за странци и Правилникот за визи во насока на нивно усогласување со Кодекс за визи.

Врз основа на истата анализа ќе биде донесено ново посебно Упатство за Визниот центар. (втор квартал на 2011).

Во првиот квартал на 2011 година ќе бидат донесени Елаборат за техничко опремување на дипломатско-конзуларните претставништва со опрема за откривање на фалсификувани документи,Елаборатот за класификација на ДКП според степенот на ризик (низок, среден и висок ризик) и за изборот на кадри со соодветни квалификации во зависност од условите во земјата на приемот и Елаборат за опремување и уредување на ДКП на РМ со цел исполнување на минималните стандарди за безбедност на објектот во кој е лоцирано ДКП-то.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Континуирано ќе се врши техничко опремување на ДКП на Република Македонија, врз основа на донесените елаборати, со опрема за откривање на фалсификувани документи, согласно препораките во ЕУ Шенгенскиот каталог за издавање на визи, (препораки и најдобра пракса) и континуирана обука на вработените во ДКП и во Визниот центар (одобрувачи на визи) за откривање на фалсификувани документи (согласно препораките во ЕУ Шенгенскиот каталог за издавање на визи).

Согласно измените на Актот за систематизација на работните места во МНР, во рамките на во Сектор - Визен центар и Н-ВИС ќе бидат воспоставени три функционални одделенија и тоа: Одделение за одобрување на барања за визи за влез и престој во РМ, Одделение за визна и миграциона политика и за усогласување со визната политика на ЕУ и Шенгенското Acquis и Одделение за Н-ВИС и информатичка поддршка на корисниците на системот.

Се предвидува поврзување на ДКП на РМ во Доха и Осло со Н-ВИС, обука на вработените во ДКП и целосна функционалност на ДКП, како и континуирано поврзување со Н-ВИС и обука на кадри во сите новоотворени ДКП на РМ во странство.

<u>Визна либерализација</u>

Активности за добивање визна либерализација за македонските државјани од страна на Велика Британија како и од други држави за чии државјани РМ еднострано ги има укинато визите за влез и престој до 90 дена.

*Среднорочни приоритети*

Континуирано усогласување на Визниот режим на РМ со Регулативата на Советот бр. 539/2001 и Регулативата на Советот бр.851/2005 од 2 јуни 2005 со која се изменува и дополнува Регулативата на Советот бр. 539/2001.

Опремување и уредување на ДКП на РМ со цел исполнување на минималните стандарди за безбедност на објектот во кој е лоцирано ДКП, пропишани во ЕУ Шенгенскиот каталог за издавање на визи (препораки и најдобра пракса), согласнопропишаното во Елаборатот за опремување и уредување на ДКП-та на РМ.

Континуирано спроведување на обуки на дипломатско конзуларниот персонал (вклучително и обуки за откривање на фалсификувани документи) пред заминувањето на работа во ДКП-ата на Република Македонија во странство.

Континуирано поврзување со Н-ВИС и обука на кадри во сите новоотворени ДКП на РМ во странство.

## 3.24.4 **НАДВОРЕШНИ ГРАНИЦИ И ГРАНИЦИ НА ШЕНГЕН – ЗОНАТА**

*Тековна состојба*

Изготвен е предлог на Закон за гранична контрола, со кој се врши понатамошно усогласување со Шенгенскиот граничен кодекс (32006R0562)[70], како и усогласување со Директивата бр. 2004/82/ЕЗ на Советот од 29 април 2004 година, за обврската на авиопревозниците да доставуваат податоци за патниците. Законот се наоѓа во собраниска процедура.

Донесени се Правилникот за формата и содржината на штембилот за влез и излез во Република Македонија и за начинот на неговото втиснувањеи употреба (Сл.весник на РМ 90/2010).и Правилникот за начинот на извршување на обезбедување на државната граница и на граничната контрола.(Сл.весник на РМ 153/2010).

Донесена е Одлука за определување на висината на средствата за издржување на странец за периодот на престој во Република Македонија, за враќање во државата од која доаѓа или за патување во трета држава.(Сл.весник на РМ 146/2010)

[70]Регулатива (ЕЗ) бр. 562/2006 на Европскиот парламент и на Советот од 15 март 2006 за правилата кои го уредуваат начинот на движењето на лица преку границите (Шенгенски граничен кодекс).

Донесен е Законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за основање и функционирање на Заедничкиот контакт центар за полициска и царинска соработка. (Сл весник на РМ 116/2010). Склучен е Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за полициска соработка кој ја вклучува можноста за воспоставување на заеднички гранични полициски патроли. Потпишана е Спогодба помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија за регулирање на режимот на локален граничен сообраќај.

Од страна на Министерството за транспорт и врски во тек е донесување на Правила за стандарди и нормативи за планирање и уредување на граничните премини, со што ќе се обезбеди основа за утврдување на стандардите во овој домен. Истовремено, МВР спроведе постапка за одредување на подрачјето на граничните премини.

Склучен е Договор помеѓу МВР и Аеродромскиот оператор ТАВ со цел регулирање на меѓусебните односи за користење на просторот и објектите за извршување на граничната контрола на меѓународните воздухопловни пристаништа во Скопје и во Охрид.

Во изминатиот период се спроведуваа активностите од Проектот на МАРРИ "Воспоставување на мрежа за соработка помеѓу граничните полиции на меѓународните гранични премини за воздушен сообраќај за земјите членки на МАРРИ". Целта на Проектот е да се зајакнат капацитетите на националните органи за гранично управување особено на граничните премини за воздушен сообраќај, за справување со илегалната миграција и криминалитетот/тероризмот на оддржливо и континуирано ниво, со што ќе се придонесе за усогласување на регионалните стандарди во борба против илегалната миграција и за канализирање на илегалните текови во легални како и зајакнување на регионалната соработка и воспоставување на механизам за информатичка размена на податоци помеѓу земјите членки на МАРРИ. Главната цел на Проектот е етаблирање на ефективната регионална мрежа за соработка помеѓу граничните полиции на меѓународните аеродроми преку постојана регионална работна група. Во Проектот е вклучен и Фронтекс, кој врши анализа на доставените податоци и за состојбата повратно ги известува учесниците во проектот. Формирана е постојана работна група на командирите на меѓународните аеродроми на членките на МАРРИ која редовно оддржува состаноци и разменува искуства и релевантни информации од интерес за поефикасно работење. Проектот завршува во декември 2010 година со потпишување на Меморандум за соработка помеѓу земјите членки на МАРРИ во овој домен.

Се продолжи со издавање на електронски патни документи во согласност со ICAOи европските стандарди.

Донесен е Годишниот план за обуки на МВР за 2011 година во кој се опфатени и обуките предвидени за припадниците на Граничната полиција. Продолжија да се спроведуваат обуките согласно Годишниот план за обуки на МВР за 2010.година во рамките на која се спроведоа обуките за антикорупција, профилирање при трговија со луѓе и криумчарење на мигранти, идентификација на дроги и вештини на испрашување, расудлива употреба на оружје, откривање на фалсификувани документи, откривање на криминал со моторни возила и анализа на ризик.

Покрај наведените обуки, континуирано се спроведуваа курсеви по странски јазици и ракување со компјутери, спортско-рекреативни маршеви, гаѓања со огнено оружје и слично. Извршено е усогласување на Наставната програма за напредни и специјалистички обуки на Граничната полиција со програмите на Фронтекс. Во тек се активностите за имплементација на Наставната програма за основна обука на Фронтекс во МВР

Редовно се ажурира на годишно ниво Шенгенскиот акциски план на Република Македонија.

Моментално, во Граничната полиција се изготвуваат три вида на анализа на ризик и тоа: за фалсификувани документи, за лица со одбиен влез и за украдени возила. Врз основа на добиените податоци истите се изготвуваат на месечно ниво од страна на граничните премини, а потоа од страна на Регионалните центри се прават анализи за тримесечен период. Годишните анализи на ризик се изготвуваат од страна на Секторот за гранични работи и миграција и се доставуваат до сите гранични премини. На зелената граница се изготвува анализа на ризик во областа на спречените обиди за илегално преминување на границата и откриените илегални мигранти. Националниот координативен центар за гранично управување (НКЦГУ) донесе "Методологија за прибирање, обработка и анализа на податоци заради оценување на релевантниот ризик при граничното управување"..До крајот на годината согласно измените на Актот за систематизација на работните места во МВР, ќе се предвидат 2 работни места – полициски комесар за анализа на ризик и главен инспектор за анализа на ризик во Секторот за гранични работи и миграција како и по 2 работни места во Регионалните центри за гранични работи и тоа: еден главен инспектор и еден самостоен инспектор за анализа на ризик. По пополнувањето на предвидените работни места, се планира од страна на истите да бидат изготвени унифицирани формулари кои полициските службеници ќе треба да ги користат во секојдневното работење. Формирана е мобилна единица на централно ниво со цел преземање активности во внатрешноста насочени кон откривање на илегални мигранти и други видови на прекуграничен криминал. Врз основа на усвоената Стратегија за имплементација на Моделот за анализа на ризик во областа на граничното работење и Акциски план за нејзина имплементација, за што се утврдени финансиски

импликации, во текот на 2010 година спроведени се неколку обуки од областа на анализа на ризик за припадниците на Граничната полиција, во соработка со експертите од Холандија како и обуките во организација на Фронтекс и ИОМ.Донесен е Прирачник за методологија за изработка на анализа на ризик од областа на прекуграничниот криминал, организираниот прекуграничен криминал и илегалната миграција.

Врз основа на нова Национална Стратегија и Национален Акционен план за развој на воспоставениот систем за Интегрирано гранично управување, реализирани се активностите кои беа предвидени за реализација за првите шест месеци за 2010 година и се работи на спроведување на активностите предвидени за реализација до крајот на 2010 година. Воедно, отпочнато е со активностите за реализација на долгорочните мерки.

Претставниците на Граничната полиција, континуирано учествуваат во активностите на Фронтекс. Размена на информации во врска со анализа на ризик помеѓу МВР и Фронтекс се одвива во континуитет. На редовна основа се врши размена на статистички информации со Фронтекс и со земјите потписнички на Меморандумот за разбирање за нелегалната миграција.

Континуирано се врши видео надзор на граничните премини, преку инсталираниот систем за видео надзор, кој што овозможува заедничко користење на опремата од страна на полицијата и царината како и другите субјекти на ИГУ, преку НКЦГУ.

МВР започна со имплементација на Проектот – Систем за набљудување и контрола на границата, кој ќе се спроведе на дел од северната граница на РМ, чиј период на имплементација е во траење од 2 години. До сега се изградени три набљудувачки кули и истите се ставени во функција.

Со завршувањето на првата фаза на Проектот ТЕТРА, обезбедена е покриеност на сигналот на 40% од територијата на државата. Втората фаза на Проектот отпочна во април 2010 и се планира, со втората фаза да се опфати покриеност од 80% на територијата.

Во текот на 2010 година континуирано е вршена набавка на опрема за работа на граничната полиција, како од буџетот на МВР така и од странските донации. Извршено е ажурирање на Елаборатот заминимум/оптимум стандарди за техничко опремување на полициските станици и полициските одделенија за гранична контрола, ПС за обезбедување на државната граница и мешовитите полициски станици. Со Елаборатот е предвидена потреба од 1.351.600 евра за оваа намена.

Сите потребни активности во управувањето, уредувањето и одржувањето на објектите на граничните премини за патен сообраќајсе спроведуваат согласно Годишната програма и усвоената категоризација на гранични премини. Започнати се активности за модернизација на Граничниот премин Блаце. Средствата потребни за реализирање на оваа програма се обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2009 година во вкупен износ од 95.500.000 денари, како и од проектот TTFSE 2.

Во тек е донесување на годишната Програма за управување, уредување и одржување на објектите на граничните премини за патен сообраќај за 2011 година, од страна на Царинската управа.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Врз основа на Законот за гранична контрола ќе се донесат следните подзаконски прописи: Правилник за начинот на извршување на гранични проверки и граничен надзор, Правилник за формата и содржината на штембилот за влез и излез во Република Македонија и начинот и постапката на неговото втиснување и употреба и Правилник за обликот, содржината и начинот на поставување на гранични табли, ознаки и друга сигнализација.

Врз основа на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија, ќе се донесат Правилата за функционирање на Заедничкиот контакт центар за полициска и царинска соработка со Р Бугарија, по што официјално ќе започне со работа Заедничкиот контакт центар.

Се предвидува потпишувањето на Договор за полициска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија.

Се предвидува склучување на Договорот помеѓу МВР на Р Македонија и МВР на Р Бугарија за воспоставување на мешовити патроли долж државната граница.

Врз основа на склучениот Договор за полициска соработка со Косово, се планира склучување на Протокол за воспоставување на заеднички полициски патроли долж државната граница.

Ќе се изврши утврдување на Листа  на пасоши и други патни документи издадени во согласност со меѓународните стандарди, а кои се издадени од држави и меѓународни организации кои се признаени и прифатени од страна на Република Македонија, или од специјални административни региони и субјекти и територијални власти кои не се признаени како држави.

Царинската управа во соработка со Министерството за внатрешни работи  и останатите државни институции кои користат објекти на граничните премини ќе изработи нова „Уредба за минималните стандарди за материјално техничките средства,опрема и просторно сместување според категоријата на граничните премини". Врз основа на новата Уредба ќе се изготви акционен план со точно утврдена динамика на спроведување на усвоените стандарди на секој граничен премин поодделно.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Ќе се стави акцент на имплементација на активностите од Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за имплементација на Модел на анализа на ризик во Гранична полиција. Во МВР се предвидува изготвување на анализа на ризик во внатрешноста на државата, од аспект на детерминираните канали за илегална миграција.Воедно предвидена е изработка на заедничка анализа на ризик на ниво на НКЦГУ согласно "Методологијата за прибирање, обработка и анализа на податоци заради оценување на релевантниот ризик при граничното управување" и почнувајќи од 01 јануари 2011 година, НКЦГУ на квартално и на годишно ниво ќе подготвува Извештај за оценување на релевантниот ризик при граничното управување и проценка за можноста од евентуални случувања

Ќе се изврши материјално техничко опремување на мобилни единици на централно (државно) ниво за преземање на активности во внатрешноста насочени кон оперативна примена на анализа на ризик, откривање на илегални мигранти и други видови на прекуграничен криминал. Преку финансиските средства од Буџетот на МВР како и преку странски донации ќе се обезбедат финансиски средства за имплементирање на наведената активност и ќе се изврши обука на припадниците на единицата.

Продолжување на активности со цел реконструкција на полициските станици за обезбедување на државната граница. Во рамките на ИПА 2008 одобрени се 2 милиони евра за реконструкција на полициските станици за обезбедување на државната граница, од кои 1,25 милиони евра ќе бидат средства на Р Македонија по основ на кофинансирање. Предвидено е со реконструкцијата да бидат опфатени полициските станици кон Србија, Косово и Албанија. Од страна на ЕУ ќе биде финансирана реконструкција на четири ПС за ОДГ, во вредност од 750.000 евра.

Се планира учество на припадниците на Граничната полиција во заедничките операции на Фронтекс.

Ќе се продолжи со имплементација на Елаборатот за минимум/оптимум стандарди за техничко опремување на полициските станици и полициските одделенија за гранична контрола, ПС за обезбедување на државната граница и мешовитите полициски станици. Дел од средствата за опремување на граничната полиција ќе се искористат од ИПА програмата за 2010.година.

Се очекува целосна функционалност на електронска база на податоци ХОСТ инсталирана во кабините за вршење на гранична контрола, во секојдневното работење при вршење на граничната контрола.

Со цел телекомуникациско и информатичко поврзување на полициските станици за обезбедување на државната граница со централната база на податоци во МВР,  ќе се изработи  Технички елаборат со утврдени финансиски импликации и превземање на понатамошни мерки со цел конечна реализација на оваа активност. Се предвидува потреба од околу два милиони евра за реализација на оваа активност.

Во врска со воспоставување на централна база на специмени на документи како и централна база на податоци за фалсификувани документи, врз основа на техничките спецификации на постојната опрема на граничните премини, ќе се изврши проценка на потребата од комплетирање на опремата и воедно ќе се утврдат капацитетите и условите за пристап кон соодветните бази на податоци со фискалните импликации потребни за целосно реализирање на оваа активност. Потребните средства ќе се бараат преку странските партнери.

Согласно Наставната програма за напредни и специјални обуки за граничната полиција за 2011 година континуирано ќе се спроведуваат обуки на припадниците на граничната полиција.

Ќе се изврши имплементација на  процесот на персонализација на отпечатоците на прсти во патните документи.

Предвидените активности во доменот на изградба, реконструкција и оддржување на граничните премини ќе се спроведуваат врз основа на Програмата на Царинската Управа за управување, уредување и одржување на објектите на граничните премини за патен сообраќај за 2011 година.

Континуирано ќе се врши имплементација на потпишаните меѓународни договори и протоколи со цел јакнење на прекугранична, регионална и соработка со државите членки на ЕУ., од страна на сите субјекти вклучени во ИГУ.

Заради подобрување на меѓусебната соработка, во наредниот период акцентот ќе биде ставен на имплементација на потпишаните меморандуми за разбирање помеѓу институциите кои имаат надлежност во ИГУ.

*Среднорочни приоритети*

Ќе се донесат Стандардни процедури за координација на активности во меѓународната соработка при гранично управување. Наведената активност ќе се спроведе од страна на НКЦГУ.

Ќе се обезбеди целосна оперативност на дигитален радио-систем ТЕТРА, со што ќе се заокружи информатичко-технолошка структура на ИГУ. Во рамките на ИПА 2008 одобрени се вкупно 5,2 милиони евра за оваа намена, од кои Р Македонија ќе учествува со 0,4 милиони евра по основ на кофинансирање. Со цел зголемување на покриеност со дигитален радио сигнал и зголемување на бројот на корисници на системот ТЕТРА, ќе се реализира втората фаза на Проектот во рамките на ИПА 2008 "Интегрирано гранично управување" како и реализација на третата фаза на Проект во рамките на ИПА 2009 "Интегрирано гранично управување".

Ќе се изврши надградување на постојниот Систем за контрола на патници и возила (СКПВ), со цел автоматска проверка на должината на престојот на странците, при што сите гранични премини ќе имаат пристап кон овој централизиран систем и ќе се овозможи проверка на влез и излез на сите гранични премини.

Ќе се изврши поврзување на централната база на податоци –ХОСТ во ПС за ОДГ како и поврзување на ПС за ОДГ со постојниот Систем за контрола на патници и возила.

Ќе се изврши физичка поделба на протокот на патници на внатрешните летови од протокот на патници на други летови. За таа цел треба да се постави инфраструктура на соодветно место на двата меѓународни аеродроми. Исто така, ќе се изврши изградба на транзитна сала на аеродромот и соодветни услови за работа на Граничната полиција. Наведените активности ќе се превземат согласно Договорот за концесија со аеродромскиот оператор

Техничко опремување на граничните премини и полициските станици ќе се врши согласно Елаборатот за минимум/оптимум стандарди за техничко опремување на полициските станици и полициските одделенија за гранична контрола, ПС за обезбедување на државната граница и мешовитите ПС.

Согласно НАП за ИГУ, ќе се работи на зајакнување на капациетот на НКЦГУ со цел негова целосна оперативност и остварување на неговата функција за координација при граничното управување. Согласно Национален акционен план за развој на воспоставениот систем на ИГУ, ќе се продолжи со поддршка на НКЦГУ во делот на потребните човечки ресурси и јакнење на капацитетите од аспект на нивната стручност, компетентност и обученост за извршување на работните задачи од надлежност на НКЦГУ.

По воспоставувањето на ИТ системот за ИГУ, покрај постоечките капацитети се планира формирање на нови организациони единици во делот на: координација и размена на информациите, анализа на ризик и поддршка и одржување на ИТ системот за ИГУ.

Ќе се изврши надградба на воспоставениот ИТ систем за ИГУ, со надградба на сите ИТ операции во НКЦГУ и во министерствата и институциите кои имаат надлежности во системот на ИГУ. Се предвидува потребата од финансиски средства во износ од 400.000 евра, за оваа намена.

Се предвидува децентрализација на буџетското работење на граничната полиција односно на регионалните центри за гранични работи, што ќе придонесе кон намалување на трошоците за тековно работење како и тековно одржување на објектите.

Продолжување на активности со цел реконструкција на полициските станици за обезбедување на државната граница. Во рамките на ИПА 2008 одобрени се 2 милиони евра за реконструкција на полициските станици за обезбедување на државната граница, од кои 1,25 милиони евра ќе бидат средства на Република Македонија по основ на кофинансирање. Предвидено е со реконструкцијата да бидат опфатени полициските станици кон Србија, Косово и Албанија

Ќе се спроведе Проектот – Систем за набљудување и контрола на границата, на дел од северната граница на Република Македонија. Овој систем ќе овозможи надгледување на активностите на граничната линија на зелениот појас, што ќе биде

следено преку локалните командни центри (во ОДГ) и контролирано од главниот команден центар лоциран во МВР. Со овој систем ќе се зголеми откривачката дејност на Граничната полиција, ќе се зголеми ефикасност во спречување и откривање на обидите за илегално преминување на границата и превенција и сузбивање на прекуграничниот криминал.

Ќе се изврши имплементација на Националната стратегија за ИГУ и Акцискиот план за развој на воспоставениот систем на ИГУ.

### 3.24.5 **СУДСКА СОРАБОТКА ВО КРИВИЧНИ И ГРАЃАНСКИ ПРЕДМЕТИ**

*Тековна состојба*

Во насока на унапредување на меѓународната соработка во кривичната материја, донесен е Законот[71] за меѓународна судска соработка во кривичната материја[72], со кој се уредуваат формите на меѓународна соработка во кривична материја: меѓународна правна помош[73], преземање и отстапување на кривично гонење, екстрадиција и извршување на кривични пресуди и трансфер на осудени лица. Законот е усогласен со Европската конвенција за меѓусебна правна помош во кривичната материја, Европската конвенција за екстрадиција, Европската конвенција за трансфер на осудени лица, со дополнителните протоколи, како и Европската конвенција за пренос на казнените постапки.

За натамошно доусогласување со Регулативата (ЕЗ) бр. 864/2007 на Европскиот парламент и на Советот од јули 2007 година (Рим II), во декември 2010 година донесени се измени и дополнувања на Законот за меѓународно приватно право. Со истите се определува меродавното право за прашања кои произлегуваат од вондоговорна одговорност за штета, неосновано збогатување, работоводство без налог и одговорност за дејствијата што му претходат на склучување на договор.

Договорот за судска соработка помеѓу Република Македонија и Европравда[74] стапи во сила октомври 2010 година. Истиот има за цел зголемување на соработката во борбата против сериозни форми на транснационален криминал, тероризам, како и координацијата на истрагите и гонењата кои ја покриваат територијата на Република Македонија и на една или повеќе земји членки на Европската Унија.

За унапредување на регионалната и меѓународната билатералната соработка, во текот на 2010 год. започнати се активности за склучување на договори со Босна и Херцеговина, Косово, како и со Република Италија.

Во областа на меѓународната правна помош во кривична материја, во текот на 2010 год. постапено е по 4.969 замолници за правна помош, реализирани се 34 екстрадиции на 20 македонски државјани од странство во РМ и на 14 странски државјани од РМ во странство; во постапка се 79 постапки за трансфер на осудени лица (53 постапки за македонски државјани и 25 за странски државјани)..

Во текот на 2010 година континуирано се одржуваа семинари за обука на судии, јавни обвинители, како и припадници на Министерството за внатрешни работи, и Министерството за правда.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во вториот квартал од 2011 година, ќе се изготви Анализа на досегашната примена на постапката за размена на информации во кривични предмети со странски елемент (чл.13 и 22 од Европската конвенција за меѓусебна правна помош), согласно Одлуката за размена на информации од криминалните досиеја, на Советот на Европска Унија[75]

---

[71] Законот ќе отпочне да се применува од денот на отпочнувањето на примената на Законот за кривичната постапка

[72]Сл.весник на РМ бр.123/10 од 20.09.2010 год.

[73] доставување на списи, писмени докази, размена на определени информации и известувања, привремен пренос на лица лишени од слобода, прекугранично набљудување, контролирана испорака, користење на лица со прикриен идентитет, заеднички истражни тимови, следење на комуникации, испитување по пат на видеоконференција, испитување по пат на телефонска конференција, претрес на простории и лица, привремено обезбедување на предмети, имот или средства кои се во врска со кривичното дело, привремено замрзнување, запленување и задржување на фондови, банкарски сметки и финансиски трансакции или приноси од кривично дело, конфискација на имот и имотна корист, одземање на предмети, заштита на личните податоци,кривична и граѓанска одговорност на функционерите и доставување на изводи од казнена евиденција

[74] Договорот е ратификуван на 15.04.2009 година

[75]Одлука за размена на информации од криминалните досиеја на Советот на Европска Унија 2005/876/JHA од 21 ноември 2005 година

Со цел утврдување на досегашните резултати од имплементацијата на Законот за меѓународно приватно право, во вториот квартал од 2011 год. ќе се изготви Анализа на законот.

Во насока на унапредување на билатералната судска соработка во граѓанската и кривичната материја, во текот на 2011 год. ќе се продолжи со активности за склучување на регионални и меѓународни билатерални договори за соработка.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
За ефикасна примена на Договорот за судска соработка помеѓу Република Македонија и Европравда, до крајот на првиот квартал 2011 год. ќе се назначат контакт лица од Јавното обвинителство за организиран криминал и корупција и Министерството за правда.

Во насока на натамошно унапредување на примената на меѓусебна правна помош во текот на 2011 год. од страна на Академијата за судии и јавни обвинители, ќе се спроведат обуки за судии, јавни обвинители, претставници на МВР и МП, во обласа на истрагата, гонењето, судската постапка, доставување на докази, идентификација на приносите од криминал; трансфер  и екстрадиција на осудени лица и заедничко признавање на одлуки.

*Среднорочни приоритети*

За натамошно спроведување на мултилатералните и билатералните договори потребна е континуирана обука, семинари советувања за примена на Европските конвенции во граѓанскаат и кривичната област, на вработените во Секторот за меѓународна правна помош и други вработени во Министерството за правда, судии и јавни обвинители преку Академијата за судии и јавни обвинители.

### 3.24.6 **ПОЛИЦИСКА СОРАБОТКА И БОРБА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ**

*Тековна состојба*
Во рамките на Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа во Софија - Бугарија – се потпиша Меморандум за разбирање за соработка и поддршка на Сектретаријатот на Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна европа.

Текстот на Договорот за оперативна и стратешка соработка меѓу Европол и Министерството за внатрешни работи е усогласен. Потпишувањето на Договорот е одложено поради непостоење заеднички став во однос на именувањето на нашата земја.

Република Македонија ја потпиша СЕЛЕК Конвенција и во тек е нејзината ратификација и истата се наоѓа во собраниска процедура.

Согласно Одлуката за ротацијата на Претседателствувањето со Конвенцијата за полициска соработка за Југоисточна Европа, усвоена од страна на Комитетот на Министри, во периодот јули – декември 2010 година, Република Македонија ја има улогата на претседавач.

Донесена е Одлука за воспоставување на Единица за меѓународна координација на органите за спроведување на законот-ILECUS (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/2010).

Донесен е Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.150/10) со кој се одредува нов модел на кривичната постапка и со која јавниот обвинител ќе има поактивна и раководна улога во преткривичната постапка и истрагата, кој ќе стапи во сила на 26.11.2012 година.

Донесен е Закон за испитување и жигосување односно обележување на огнено оружје и муницијата (“Службен весник на РМ“ бр. 25/2010) со кој се утврди обврска огненото оружје и муниција произведени на територијата на Република Македонија, пред пуштање во промет, да подлежат на испитување и жигосување, а увезените огнени оружја и муниција да подлежат на обележување. Со наведениот закон домашното законодавство се усогласува со Директива 2008/51/ЕС на Европскиот Парламент и на Советот од 21 мај 2008 со која се изменува и дополнува Директива за контрола на набавување и поседување на оружје 91/477/ЕЕСна Совет на Европа, 18.06.1991 година.

Во насока на намалување на степенот на илегално поседување на оружјето донесен е Законот за изменување и дополнување на законот за оружје („Службен весник на РМ„ бр.72/2010) со кој се предвидува доброволно предавање на оружјето кое се поседува илегално, во временска рамка од една година од стапување во сила на измените на законот..

Потпишан е Меморандум за соработка со Национален авторизиран офицер –Министерство за финансии и Управата за финансиска полиција (УФП) по однос на заштитата на финансиските интереси на ЕУ, согласно која Управата за финансиска полиција е определена како контакт точка за соработка со OLAF- Европска агенција за борба против измами и водење на предистражна постапка за детектирани неправилности.

Донесен е Прирачник за Спречување на перење на пари и финансирање на тероризам, од страна на Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам (УСППФТ), финансиран од страна на Холандската Амбасада во Р.Македонија.

Изготвена е ревизија на Стандардни оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе.
Институционална рамка.

Во март 2010 година започнаа да се применуваат измените воведени со Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.114/09) , а кои се однесуваат на проширената конфискација на имот стекнат по пат на криминал, проширување на кривичната одговорност на правните лица за одредени кривични дела, казнување на кривични дела од областа на детската порнографија, зајакнување на борбата против хакерството, трговијата со луѓе, тероризмот и неговото финансирање. Со овие измени за прв пат започна и примената на новото кривично дело "Измама на штета на средствата на Европската заедница" при што се инкриминираат дејствијата со кои се нанесува штета на средства на Европската заедница.

Продолжија да се одвиваат активностите за воспоставување на Националната разузнавачка база на податоци.

Донесена е Одлука за формирање на Координативното тело за воспоставување и имплементација на Национален центар за координација на активностите во борбата против организираниот криминал („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10)кој што претставува обврска утврдена во шестиот приоритет од Акциониот план за борба против организираниот криминал.Координативното тело е составено од претставници од МВР, Јавно обвинителство на РМ, Министерство за финансии- Царинска управа, Управа за финансиска полиција, Управа за јавни приходи и Управа за спречување на перење пари и финансирање на тероризмот. Согласно обврските, изготвени се Предлог-Стратегија и Предлог-Акционен план за воспоставување на Национален центар за координација на активностите во борбата против организираниот криминал

Воспоставен е државен шелтер центар за заштита на жртви на трговија со луѓе. Обезбеден е соодветен простор-објект кој е наменет за заштита на жртвите на трговија со луѓе. Одговорни институции за функционирање на прифатилиштето за жртви на трговија со луѓе се Министерството за труд и социјална политика и Министерството за внатрешни работи. Во работата на шелтер центарот ке бидат вклучени и НВО „Отворена Порта„ и„Срекно Детство„.

Започнат е Проект во соработка со ОБСЕ за изготвување на стандардни оперативни процедури со кои ќе се утврдат и приоритети за работа во однос на криминални групи и банди. Формирана е Работна група со претставници од ОБСЕ и Одделот за Организиран криминал, од чија страна изготвена е Проект идеа.

Воспоставена е разузнавачка база на податоци во Секторот за криминалистичко разузнавање. Набавена комплетна хардверска опрема (компјутери како работни единици, сервери,смарт картички и друга пропратна опрема), софтверот е креиран, мрежата е распространета и изготвено е техничко упатство за пристап и користење на базата на податоци.

Во изминатиот период извршено е материјално-техничко доопремување на Одделот за организиран криминал:

- донација од 30.000 евра од Р. Германија во опрема за следење и документирање на прикриени операции;
- опрема обезбедена од МВР – уреди за тајно следење и документирање;
- во просториите на Касарната „Ѓорче Петров„ опремена е командна соба за менаџирање со операции со подршка на и магацински простории за привремено чување на запленета дрога; Средствата за објектот се обезбедени од старна на Европската Команда на армијата на САД во координација со амбасадата на САД во РМ и програмата ИЦИТАП.
- донации во компјутерски криминал.

Со цел зајакнување на оперативните капацитети на Одделот за организиран криминал во текот на извештајниот период спроведени се повеќе обуки на вработените во ООК за борба против организиран криминал, како и за примена и користење на СИТ.[76]

МВР во соработка со ОБСЕ во изминатиот период превзема кампањи за доброволно прадавање на оружјето.
Секторот за меѓународна полициска соработка продолжи со имплементација на Проектот за воспоставување ILECUs, при што на 29 октомври 2010 година во Охрид беше извршено свечено отворање на Единица во рамките на Министерството за внатрешни работи.

Во однос на активностите од Царинска Управа види поглавје 29.

УСППФТ во рамки на своите активности спроведе голем број на обуки за своите вработени како и за Субјектите задолжени да даваат извештаи за целите на Спречување на перење пари и финансирање на тероризам.[77]

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**
Во текот на 2011 година ќе се донесат следните правни акти во областа на полициската соработка:

- Потпишување и ратификување на Оперативниот договор за соработка со ЕВРОПОЛ.
- Закон за ратификација на СЕЛЕК Конвенцијата.
- Упатство за дефинирање на статусот и надлежностите на ILECUs единицата.
- Меморандум за соработка за начинот на остварување координација на меѓународната соработка меѓу Министерството за внатрешни работи, Царинската управа, Управа за финансиска полиција, Министерство за правда и Јавно обвинителство.
- Правила за постапување од страна на институциите вклучени во ILECUs
- Договори за прекуграничен надзор на лица, со соседните земји, потписнички на Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа
- Договори за константно прекугранично гонење на лица (сторители на сериозни казнени дела и лица избегани од притвор или затвор,) со соседните земји потписнички на Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа.

Со цел создавање на можност за упатување на офицер за врска од Царинска Управа во Единицата ILECUS, ќе се измени актот за систематизација на работни места во Царинската Управа.

Во текот на 2011 година ќе се иницираат преговори за:

- склучување на договори за формирање на заеднички билатерални односно трилатерални центри за полициска и царинска соработка, односно формирање на заеднички полициски станици за гранична контрола помеѓу Република Македонија, Република Албанија, Република Косово, Република Србија, Република Бугарија и Република Грција- март 2011
- склучување на билатерален договор за соработка во борбата против тероризмот, организираниот криминал, нелегалната трговија со наркотични droги, психотропни супстанци и други кривични дела со Република Грција и склучување на Договор за соработка со Република Србија- март 2011

Со цел усогласување со Законот за кривична постапка ќе се извршат измени и дополнувања на Законот за јавно обвинителство, Законот за полиција, Законот за внатрешни работи, Законот за финансиска полиција, Законот за следење на комуникации, Законот за Царинската управа, Законот за спечување на перење на пари и финансирање на тероризам, Закон за надоместок на штета на жртви на кривични дела".

Во насока на овозможување на полицијата да извршува претреси без присуство на надворешни сведоци и во однос на одредбите за амбиенталното прислушкување, ќе се усвојат измени на постоечкиот Закон за кривична постапка, кој ќе се

[76]Во периодот од 13 до 19.09.2010 во Сараево е одржан семинар на тема Специјални Истражни Мерки, во организација на Пактот за Стабилизација на Југоисточна европа(OCTN), на кој учество зема 1 преставник од Секторот за Специјални Истражни Техники. Реализирани се обуки на лица од Единицата за Специјални Истражни Техники во Р.Турција за електронско набљудување и тајни агенти, во организација на меѓународната организација ОБСЕ. Реализирани се вежби за оперативно следење и набљудување во организација на ИЦИТАП во Охрид , Р.Македонија. Секторот за Специјални Истражни Техники со свои преставници учествуваше на Семинар за Справување со Стрес и добра состојба организиран од канцеларијата на ИЦИТАП.

[77]УСППФТ во изминатиот период во рамки на својот План за обука на вработените во Субјектите од областа на СППФТ за 2010, спроведе обука на вработени во Менувачници и Штедилници.

применува се до стапувањето во сила на новиот Закон за кривична постапка (кој ги има инкорпорирано овие решенија). Овие измени ќе се усвојат во вториот квартал на 2011 година.

Во насока на целосно остварување на Шесттиот Приоритет од Акциониот план за борба против организиран криминал, ќе се усвои Национална Стратегија и Акционен план за воспоставување и имплементација на Националниот Центар за координација на активностите во борбата против организираниот криминал.

Согласно Стратегијата, ќе се донесе правен акт за регулирање на целокупните прашања потребни за функционирање на Националниот центар за координација на активностите за борба против организиран криминал и корупција.

Со цел развој на издржан, ефикасен и ефективен процес на криминалистичко разузнвање како метод на полициска работа ќе се донесат следните акти:

- Ќе се донесе Правилникот за анализа и раководење на криминалистичко разузнавачки информации со стандардите на западно европските полициски служби во првата половина од 2011 година.
- Ќе се донесат Општи стандардни оперативни процедури за Одделот за Организиран криминал во прва половина на 2011 година
- Ќе се донесат стандардни оперативни процедури соодветно за секоја област на криминал во првата половина од 2011 година.
- Ќе се донесат подзаконските акти врз основа на Законот за Националната криминалистичко разузнавачка база на податоци.- до март 2011 година.

**ИНСТИТУТИОНАЛНА РАМКА**

Ќе се продолжи со активностите за воспоставување на Националната разузнавачка база на податоци. Во април 2011 ќе биде завршена тендерската процедура и ќе се потпише договорот со најдобриот понудувач.
Управниот Одбор на Проектот ке формира тим во кој ќе земат учество сите преставници на институциите вклучени во НРБП, кој заедно со испорачателот ќе работи на имплементација на НРБП.

Во рок од 3 месеци од склучувањето на договорот со најповолниот понудувач за Националната разузнавачка база за податоци, ќе започнат активностите за воспоставување на Националниот Центар за координација на активностите за брорба против организираниот криминал.

Ќе започне реализацијата на фазата Б од Акциониот план: Дефинирање на концепт за формирање, поврзување, одржување и администрација на НКЦ. За таа цел ќе се формира група на мулти-институтионални аналитичари за дефинирање на образците, и процесите и методите за стандардизирање на размена на податоци.

За успешна имплементација на Законот за кривична постапка ќе се спроведе едукација и обуки на сите релевантни субјекти која ќе ги ги вклучува: јавните обвинители, судиите од кривичните оддели, советниците во јавните обвинителства, како и советниците во судовите кои работат во кривичните оддели ,претставниците на правосудната полиција во Истражните центри (претставници од МВР, Финансова полиција и Царинска управа),кандидати за судии и јавни обвинители од Академијата за судии и јавни обвинители –учесници во почетна обука во Академијата за судии и јавни обвинители.

Во февруари 2011 ќе биде операционализирана ILECUs единицата во Министерството за внатрешни работи.
По потпишувањето на Договорот за оперативна и стратешка соработка меѓу Република Македонија и Европол, ќе се превземат следните активности:

- Потпишување билатерален Договор за интерконекција на компјутерски мрежи меѓу Министерството за внатрешни работи и Европол;
- Учество во Работните досиеја за анализа на Европол.
- Анализа на состојбите и назначување на офицер за врска од Република Македонија во Европол,
- Кадровско доекипирање на Одделението за Европол со двајца офицери за врска.

Имплементација на Акциониот план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција. Финансиските средства за реализација се обезбедени во буџетите на институциите кои партиципираат во извршувањето на утврдените активности.

Имплементација на Акциониот план за борба против мало и лесно оружје.

Ќе се зајакнуваат капацитетите на Одделот за организиран криминал преку:

- кадровско зајакнување во организационите единици на Одделот за организиран криминал согласно актот за систематизација,
- материјално-техничко доопремување на Одделот за организиран криминал и
- специјалистички обуки на вработените. Специјалистичките обуки за вработените во Одделот за организиран криминал ќе се реализираат во рамките на Годишниот план за обуки на МВР и со подршка на странски експерти, особено со акцент на обука за новите законски решенија, примената на специјални истражни мерки и разузнавачкиот процес.

Истовремено ќе се зајакнат капацитетите на Министерството за внатрешни работи на локално и регионално ниво вклучени во борбата против организираниот криминал.

За потребите на борбата против организираниот криминал, во рамките на буџетот на Министерството за внатрешни работи за 2010 година обезбедени се 45.000.000,оо денари.

Ќе продолжат активностите за реализација на проектот “Видео надзор –Безбеден град“ со кој ќе се обезбеди визуелно покритие врз Скопје. Средствата се обезбедени од Буџетот на МВР.

Во насока на обезбедување на соодветен простор на Одделението за заштита на сведоци и негово соодветно опремување ќе се имплементира Финансискиот план за заштита на сведоци. Средствата се обезбедени во Буџетот на РМ.

Ќе се преземат мерки за јакнење на капацитетите на Секторот за специјални истражни техники, за набавка на опрема и обука на вработените.

Со цел зајакнување на капацитетите на Одделението за заштита на сведоци, ќе се спроведе Регионалниот Проект ИПА 2009: Соработка во областа на кривичното право: заштита на сведоци во борбата против сериозниот криминал и тероризмот (WINPRO).

Во наредниот период ќе следи обука на вработени во Управата за финансиска полиција за користење на набавената форензичка опрема, а по спроведувањето на обуката ќе се пристапи кон изготвување на процедури за поефикасно откривање на скриени податоци од компјутерски системи на сомнителни субјекти.

Со цел Усовршување на информатичкиот систем во Управата на сперчување на перење на пари и финансирање на тероризам, во Управата ќе се спроведат 2 проекти:

- Подобрување на капацитетот на Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам (УСППФТ) за спроведување на анализа за финансиско разузнавање.Целта на проектот е да се подобри квалитетот и ефикасноста на анализата за финансиско разузнавање на обработените случаи за перење пари, финансирање на тероризмот, организираниот криминал и корупцијата, во земјата и пошироко. Со овој проект се планира добивање на податоци по електронски пат или подобрување на постоечката комуникација од следните институции: Министерството за внатрешни работи,Министерство за економија, Министерство за Финансии, Министерството за труд и социјална политика,субјектите за локална самоуправа, Агенцијата за супервизија на капитално и финансирано пензиско осигурување, Агенцијата за катастар на недвижности, Централен регистар, Централен депозитар за хартии од вредност,Управа за јавни приходи, Управа за управување со регистарот на државни записи, Управа за водење на матичните книги, Народна банка на Република Македонија, Агенцијата за вработување, Регистар на податоци за кредитни долгови за физички и правни субјекти на банките и штедилниците во земјава, единствен регистар на сметки на банките или другите државни регистар и други релевантни институции. Проектот се состои од 2 компоненти Компонента I: Хардвер Компонента II:Развивање на софтверско решение Проценета вредност на проектот е 800.000,00 евра за која УСППФТ нема обезбедено средства.
- Проект:Disaster recovery на базата на податоци на МФ на РМ - УСППФТ Проектот се состои од две компоненти: Компонента I: Хардвер, Договор за набавка Компонента II: Развој на софтверска апликација, Договор за сервис Со овој проект ќе се обезбедат следните сервиси: - Репликација на базата на податоци на УСППФТ на друга локација според EU стандардите и препораките - Дизајн на софтверот, развој, тестирање и документација - Дизајн и развој на материјали за подршка и обука; - Елаборација и продукција на техничка и функционална документација за потребите на УСППФТ (како Кориснички прирачници, Администраторски водичи и сл.).

Ќе се преземат активности за кадровско зајакнување на УСППФТ.
Ќе се продолжи со заеднички обуки за МВР, јавно обвинителство, судски институции околу дефинициите по однос на СИМ во рамки на борбата против организираниот криминал, како и во однос на капацитетите за откривањето на трудовата експлоатација.

Со цел зајакнување на капацитетите за борба против организиран криминал во рамките на ИПА Проектите започната е имплементацијата на:

- Проект: Регионална поддршка во зајакнувањето на капацитетите на СЕКИ регионалниот центар во борбата против организираниот криминал, Регионална програма ИПА 2008, вкупна вредност на проектот 1.500. 000 евраќ
- Проект: Соработка во областа на кривичното право: заштита на сведоци во борбата против сериозниот криминал и тероризмот (WINPRO), Регионална програма ИПА 2009, Регионална програма ИПА 2009, 30.06.2010-30.11.2012, Времетраење:Почеток-втора половина на септември во времетраење од 29 месеци , Имплементатор на проектот :NI-CO(НВО) ќе го имплементира проектот во 7 земји корисннички: Албанија, БиХ, Хрватска, Црна Гора, Косово, Србија и Македонија

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**
Со дел од предвидените измени во насока на стандардизирање на процедурите на ДНК ќе се изврши хармонизација на Резолуцијата на Советот од 9 јуни 1997 година за размена на резултати од анализи на ДНК (97/C 193/02) и Резолуцијата на Советот од 25 јуни 2001 година за размена на резултати од анализи на ДНК (2001/C 187/01) со изготвување на законска и подзаконска регулатива во која ке бидат инкорпорирани решенијата од предметните ЕУ мерки.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Управата за финансиска полиција е член на работната група од самиот почеток за имплементација на единицата ILECUS и истата како контакт точка за соработка со OLAF во рамките на единицата ILECUS лоцирана во МВРќе биде електронски поврзана.

На среден рок ќе се развиваат капацитетите за развивање на напреден разузнавачки систем за прибирање и анализа на податоци во борба против организиран криминал (согласно проект во рамки на ИПА 2011). Овој систем ќе овозможи:

- воспоставување на метод на напреден разузнавачки систем во полициското работење, преку:
- анализа на постоечката правна рамка и изготување на правна рамка за имплементација на наведениот концепт,
- воспоставување на соодветна организациска структура за имплементација на овој процес,
- изработка на наставна програма за тренери од оваа област и
- спроведување на обука,

- зајакнување на капацитетите за амбиентално прислиушкување, преку:
- донирање на опрема во висна од 600,000 евра,
- изготвување на процедури за користење на опремата и
- спроведување на обука за корисниците.

Линковско поврзување на ILECUs единицата со НРБП.

Спроведување на едукација и обуки на сите релевантни субјекти вклучени во имплементација на Законот за кривична постапка.

Целосно ќе се реализира Проектот за воспоставување Национална разузнавачка база на податоци. Од 01 ануари 2012 година ќе започне примената на Законот за национална криминалистичко разузнавачка база на податоци

Реализација на Акциониот план за воспоставување на Националниот Координативен центар за борба против организиран криминал и корупција.

## 3.24.7 **БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗАМ**

*Тековна состојба*

Со Законот за изменување и дополување на Законот за спречување на перење на пари и финасирање на тероризмот (Службен весник на Република Македонија бр.57/2010) меѓу другото беше извршено усогласување на дефиницијата на финансирањето на тероризмот со таа употребена во Кривичниот законик. Со измените во овој Закон беше извршено потполно усогасување на одредбите од овој закон со Третата директива на ЕУ за спречување на користење на финансискиот систем со цел перење пари и финанасирање на тероризам од 2005 година (2005/60/ЕС), Директивата на Комисијата 2006/70/ЕС за дефинирање на „политички експонираните личности„ за техничките критериуми за

поедноставена анализа на клиентот иислучоци за финансиските активностите кои се извршуваат повремено, 40-те препораки на ФАФТи 9-те Специјални препораки на ФАФТ за спречување на финанасирање на тероризам.

Во текот на 2010 година беше подготвен текстот на Законот за безбедносно-разузнавачките служби. Истиот беше доставен на мислење на неколку партнерски склужби, а во однос на предвидените решенија беза направени дополнителни консултации со НАТО во Брисел.

Изготвена е програмата „Национална безбедност и борба против тероризам„ чија цел е продолжување и интензивирање на активностите на меѓународен план на Управата за безбедност и контраразузнавање како активен чинител на борбата на меѓународната заедница против тероризмот. Наведената програма е составен дел од Стратешкиот план на Министерството за внатрешни работи за 2010-2012.

Во март  2010 година претседателот на Република Македонија ја донесе новата Стратегија за одбрана на Република Македонија како документ кој ги дава стратегиските насоки на развојот и функционирањето на системот на одбрана на Репубулика Македонија до 2015 година. Овој стратешки докумет е усогласен со обврските и одговорностите кои ќе произлезат од членството на Реппублика Македонија во ЕУ и НАТО. Овој докумет ги дава основните насоки за активно учество и придонес на Република Македонија во мисиите на ООН, ЕУ и НАТО и активното вклучување на Република Македонија во борбата на меѓународната заедница  против террозмот.

Од март 2010 започна да се применува Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик со кои се врши усогласување со Конвенцијата за превенција на тероризмот на Советот на Европа, Меѓународната Конвенција за спречување на финансирање тероризам и Рамковната одлука на Советот од 13 јуни 2002 година за борба против тероризам (32002F0475).

Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање во текот на 2010 година продолжија со интензивната меѓународна соработка со странските безбедносни и разузнавачки служби со цел размена на сознанија, разузнавачки податоци и информации заради превентивно делување и преземање на  мерки и активности во правец на откривање и спречување на терористички активности и решавање на безбедносни проблеми од интерес на остварување на безбедноста на национално, регионално и глобално ниво. Во овој период е интензивиран и процесот на размена на аналитички материјали од заеднички интерес на земјите со кои се остварува соработката.

Во правец на подигање на безбедноста во регионот значајно е да се истакне интензивирањето на соработката на Управата за безбедност и контраразузнавање со ) ЕУЛЕКС ,КФОР, (Ј2 и Командата на НАТО во Скопје.

Воспоставена е пракса на одржување на редовни двонеделни и месечни состаноци за размена на информации, а од неодамна е воспоставен и функционира систем за електронска крипто комуникација и размена на информации помеѓу Управата за безбедност и контраразузнавање и ЕУЛЕКС и КФОР.

Соработка со НАТО, односно со NOS(НАТО кацеларија за безбедност),ILU ( Разузнавачка единица за врски) и TTIU(Разузнавачка единица за терористички закани) се одвива и понатаму преку редовна размена разузнавачки информации од заеднички интерес, а со цел спречување на терористички закани насочени кон НАТО, земјите членки на Алијансата, Република Македонија и други земји.

На мултилатерален план во текот на 2010 година Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање продолжија со активното членство и соработка во рамките на  Конференцијата на разузнавачките служби на Југоисточна Европа (SEEIC) и Средноевропската конференција (МЕС).

Како квалитативно нова димензија во соработката помеѓу членките на Средноевропската конференција е воспоставување на системот на криптирана комуникација за размена на класифицирани информации во рамките на оваа конференција со што се олеснува и се забрзува процесот на размена на овие иформации а со цел навремено дејствување и преземање на превентивни мерки за спречување на терористички закани по безбедноста на која и да било земја членка и пошироко.

Во текот на 2010 година за вработените во Управата за безбедност и контраразунавање беа спроведени повеќе обуки и семинари кои се однесуваа на следните теми:

- Анализа на процесот на разузнавање
- Кривични истраги по терористички напади
- Подготовка, спроведување и евалуација на вежби за тестирање на системот на подготвеност на радијационите вонреднинастани

- Фундаменталистички криминални организации за финансирање на тероризам
- Градење на лидрески способности и меѓуагенциска соработка
- Оперативен менаџмет
- Борба против тероризмот и почитување на човековите права
- Брба противтероризмот превенција од хемиско, биолошко радиоактивно и нуклеарно оружје
- Обука за ментори

Во соработка со Центарот за обука се отпочна со проектот за изведување на основна обука за антитерористичка заштита преку експерти од Одделот за антитероризам. Со првата спроведена обука беа опфатени вработените во Одделот за антитероризам, меѓутоа се планира оваа обука како целна група да ги има и другите вработени во Министерството за внатрешни работи како и вработените во другите државни органи.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2011 година ќе се донесе Закон за безбедносно-разузнавачките служби на Република Македонија, со кој ќе се заокружи системот на националната безбедност, положбата, улогата и овластувањата на безбедносните и разузнавачките служби и агенции во Република Македонија, нивната меѓусебна координација и соработка и соработката на овие органи во меѓународни рамки. Со наведениот Закон ќе се изврши квалитативно прилагодување на безбедносниот систем на Република Македонија на европските стандарди. Со предложените решенија во овој Закон треба да се постигнат следниве цели:

- надминување на утврдените недостатоци во поглед на надлежностите на секоја пооделна служба, нивното преклопување и решавање на судирите на надлежност;
- обединување на безбедносната и разузнавачката компонента
- единствено и сеопфатно дефинирање на овластувањата кои ги имаат безбедносно-разузнавачките служби
- ограничување на можноста за произволно и волунтаристичко користење на овластувањата кои ги имаат безбедносно-разузнавачките служби
- проширување и зајакнување на надзорот и контролата врз работата на безбедносно-разузнавачките служби,
- воведување на единствен систем на внатрешна контрола
- зајакнување на соработката помеѓу безбедносно- раузнавачките служби
- зајакнување на меѓународата соработка

Заедно со донесувањето на Законот се планира да се подготви и усвои Акциониот план за спроведување на активностите кои произлегуваат од новиот Закон за безбедносно-разузнавачки служби.

Во текот на 2011 се планира да се донесе Стратегијата на борба против тероризмот во Република Маекдонија со што целосно би се заокружила легислативата во областа на борбата против тероризмот. Овој документ чија подготовка започна во 2010 година треба да ги даде стратешките насоки за фунцкионирање на институциите надлежни за борба против тероризмот во наредниот период. Ова ќе бид прв документ од ваков вид а ќе биде базиран врз основните столбови на борбата против тероризмот на сите европски земји изразени како во Стратегијата за борба против тероризмот на ЕУ.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во насока на зајакнување на институционалните капацитети за борба против тероризмот во 2011 ќе се превземат следните активности:

- Формирање на Координативното тело за безбедност кое треба да произлезе од новиот Закон за безбедносно рзузнавачките служби
- Ново институционално постапување на Управата согласно новите законски решенија
- Распределба и доопремување на постоечките капацитети
- техничко опремување на Управата за безбедност и контраразузнавање и воспоставување на софтверските решенија заради олеснување на процесот на прибирање на податоци и нивна анализа
- Спроведување на планот на активности кои произлегуват од членството во SEEIC и MEC
- Зајакнување на билатерална соработка со безбедносни служби на други земји

По потпишувањето на Оперативен договор со EUROPOL, ќе започне да се регулира начинот на соработка и размена на податоци во врска со истраги за терористички дела, согласно Одлуката на Советот за размена на информации и соработка за кривичните дела тероризам (32005D0671), од 20 септември 2005 година.

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Ќе биде ратификувана Конвенцијата на Советот на Европа против перење пари, претрага, заплена и конфискација како и Конвенцијата за заштита на присилно исчезнати лица.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Тргнувајќи од новата правна рамка за дејствување на безбедносниот систем, Република Македонија во идниот период и понатаму ќе ги зајакнува своите институционални и оперативни капацитети особено во поглед на справувањето со асиметричните закани кои произлегуваат од меѓународниот тероризам како основа за засилување на нејзиното учество и придонес во борбата на меѓународната заедница против тероризмот, при што размената на информации и соработката во меѓународни рамки останува еден од главните приоритети. Во таа насока ќе бидат преземени следниве активности:

- Формирање на Антитерористички центар, како форма на усогласување и координирање на активностите на надлежните органи за борба против тероризмот, во кој ќе партиципираат Министерството за внатрешни работи преку Управата за безбедност и контраразузнавање, специјалните единици и Граничната полиција, Јавното обвинителство, Министерството за одбрана и АРМ, Министерството за надворешни работи, Министерството за финансии преку Управата за спречување на перење на пари и финасирање на терорииризам и Царинската Управа и Министерството за правда
- Институционално оформување на Центарот за безбедносна и антитерористичка обука во рамките на постоечкиот Центар за обука на Министерството за внатрешни работи,
- Натамошно унапредување и интензивирање на соработката на безбедносно-разузнавачките служби во меѓународни рамки како на билателарно така и на мултилатерално ниво.
- Техничко и материјално опремување на новите институции кои ќе настанат со Законот за безбедносно-разузнавачките служби како основа за нивно поефикасно дејствување во рамките на нивните законски надлежности.

## 3.24.8 **БОРБА ПРОТИВ ДРОГА**

*Тековна состојба*

Во насока на имплементација на Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции (Сл.весник на РМ 103/08) донесени се правилниците, кои го уредуваат евидентирањето на растенијата од кои може да се добие опојна дрога, нивното одгледување и управување со истите до процесот на предавање со цел екстракција на алкалоиди (активни компоненти). Во фаза на усвојување се и листата на ветеринарни лекови за фаќање на животни и Упатството за лекови кои се користат за третман на животни, а кои во својот состав содржат контролирани супстанции, во согласност со Меѓународните конвенции.

Со последните акти севкупното законодавство во областа на дрогите е хармонизирано со меѓународните стандарди.

Продолжи имплементацијата на Акцискиот план (за периодот од 2008-20012) во рамките на Националната стратегија, Во согласност со стандардите за квалитет на Европскиот Мониторинг Центар за дроги и зависности од дрога, Центарот за следење на дрога и зависности од дрога (Националниот контакт за Европскиот Мониторинг Центар за дроги и зависности од дрога за Република Македонија) кој се наоѓа во рамките на Секторот за контролирани супстанции, Биро за лекови, Министерство за здравство, спроведе среднорочна и за еден дел завршна анализа на имлементацијата на Националната стратегија за дроги и Акционите планови. Евалуацијата на реализираните активности во среднорочната фаза од имплементацијата на Националната стратегија за дроги покажа високи 79% на реализација. И покрај тоа што рокот на имплементација на АП е до 2012 значајно е да се наведе дека сите предвидени активности во Националната стратегија за дроги и Акциониот план се отпочнати или се во завршна фаза.

<u>А. Намалување на побарувачката на дрога</u>

Со имплементацијата на Националната стратегија за дроги, Владата на Република Македонија обезбеди средства во рамките на “Програмите за здравствена заштита на населението”- загарантирани права и утврдени потреби и интереси за населението; со што набавката на лекот Метадон за третман на зависници од дрога е од национални фондови. Лековите за антиретровирусен третман на пациентите со ХИВ/СИДА и новиот третман со лекот со психотропна компонента Бупренорфин е исто така со средства од буџетот на Република Македонија, за 100 пациенти.Нови можности за третман на зависниците од дрога се овозможени и преку приватните психијатриски здравствени установи. Во 2010, три приватни здравствени установи, започнаа со третман на 123 пациенти и со метадон и со лекот бупрнорфин.

Центарот за третман и намалување на штети од дрога, Кисела Вода, во рамките на ПЗУ Психијатриска болница Скопје е назначен како координативен центар на сите центри за третман на зависности од дрога на територија на РМ.Евалуацијата на состојбите со Центрите за субституциона терапија на зависници од дрога (Метадонски центри) покажа дека 75% од пациентите одговориле дека се задоволни од глобалните услови за третман, а само 24% не се задоволни. 63% од пациентите одговориле дека со оваа терапија тие се работоспособни.

Започнаа активностите во ИПА повеќекорисничкиот проект "Подготовка на ИПА земјите за нивно учество во Европскиот Мониторинг Центар за следење на дроги и зависности од дрога (EMCDDA), Главна цел на овој проект е подршка на земјите во зајакнување на капацитетите на национално ниво во развивањето на информативен систем со стандарди споредливи со европските.

Б. Намалување на снабдувањето со дрога

Отпочнат е "Проект за оформување на Национален центар за координација во рамките на институциите надлежни за спроведување на законот" кој има цел остварување на подобра координација и обезбедување соодветно ниво за собирање и анализа на сознанија, податоци и информации, како и поддршка и развој на стратегии и планови за ефикасно справување со сите појавни облици на организираниот криминал, вклучително и борба против дрога.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Министерството за внатрешни работи, во стручна подршка на Секторот за контролирани супстанции на Министерството за здравство и Државната меѓуресорска комисија за борба против дрога, ќе изработи Стандарден Протокол за движење на информациите при заплена на дрога, во рамките на Министерството за внатрешни работи, со цел подобрување на координираноста.

Во текот на првиот квартал на 2011 година од страна на Министерството за внатрешни работи ќе биде подготвен Протокол за узорцирање на дрога,мерење и подготовка за понатамошна анализа во поглед на стручни и технички предуслови.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

На почетокот на 2011 година предвидено е отпочнувањето на имплементирањето на Програма за превенција од дрога, во рамките на Националната стратегија што ќе биде голем напредок во делот на Имплементација на Акциониот план за дроги 2008-2012, имајќи предвид дека преостанатите 21% од активностите кои не се имплементирани, во голем дел ги опфаќаат превенцијата на дрога.

Министерството за внатрешни работи во стручна поддршка на Секторот за контролирани супстанции на Министерството за здравство и Државната меѓу- ресорска комисија за борба против дрога, ќе изработи акциони планови за активност во 2011 год, за сите 8 Сектори за внатрешни работи и 4 Гранични регионални Центри, имајќи ги предвид предвидените цели за намалување на снабдувањето со дрога од Националната стратегија за дрога, а со цел зголемување на ефикасноста и постапување според евидентирани добри пракси, а не само на база на добиени оперативни сознанија.

Во текот на првите 6 месеци од 2011 година Министерството за внатрешни работи ќе изработи анализа за состојбите поврзани со капацитетите на Лабораторијата за испитување и контрола, во рамките на МВР, во поглед на стручни капацитети за профилирање на дрога, со особен акцент на можности за целосна анализа на растенијата од кои може да се добие дрога, вклучувајќи морфолошки карактеристики, одредување на кванититативно присуство на активната компонента тетрахидроканабинол THC и неговото пред соединение канабидиол (биосинтетски прекурсор) CBD, а не само идентификација. Во согласност со одредбите содржани во член 8 од Законот за контрола на опојни дрогии психотропни супстанции (Службен весник на Република Македонија број 103/08), оваа анализа ќе биде доставена до Државната меѓуресорска комисија за борба против дрога, која со вклучување на предлог мерки и активности ќе ја предложи како Информација до Владата на Република Македонија.

Ќе продолжат активностите околу воспоставувањето на Националниот центар за координација во рамките на институциите надлежни за спроведување на законот. Преку воспоставувањето на Центарот, борбата против корупција и организиран криминал ќе добие нова димензија, бидејќи податоците ќе бидат обединети на национално ниво и ќе се овозможи навремено детектирање на потенцијалните закани и преземање координирани мерки со цел успешно справување со истите. Преку воспоставувањето на Центарот, процесот на модернизирање на постојните капацитети како и дообучувањето на лицата од сите институции кои се одговорни за спроведување на законот, ќе се интензивира.

Во насока на јакнење на капацитетите за подобрување на системот на пробирање и евалуација на податоците за дрога и зависности од дрога (оперативен центар за дроги и зависности од дрога поврзан со Европскиот Центар за дрога и зависности од дрога во Лисабон)- потребно е изработување на софтвер – компјутерски програм во кои во 10 нивоа ќе се внесуваат податоците за дрогата и зависностите од дрога како од страна на одговорните министерства во оваа област, така и од центрите за третман, клиниките кои во делокругот на своите активности ги згрижуваат лицата зависни од дрога; институтите за судска медицина; но и базите на податоци на невладини организации вклучени во ова поле на делување. Софтверот ќе овозможи евалуација на податоците, отстранување на можно двојно прикажување, валидирање на постапките и процесите, со цел добивање на веродостојни мерливи вредности, како индикатори за состојбата.

Во постапка е оформување на овој софтвер за едно ниво, со обединување на центрите за третман на зависници од дрога, финансиските средста ќе се обезбедат од Глобалниот Фонд.
За останатите нивоа од овој информатички систем, упатено е барање до Министерството за информатичко општество за нивна подршка во овој сегмент.

Ќе биде изготвен Извештајот за Прегледот на состојбите со дрогата во Република Македонија за 2010 год, следејќи ги стандардите на Европскиот Центар за следење на дрога и зависности од дрога во поглед на петте епидемиолошки индикатори, како и и индикаторите од областите за намалување на снабдувањето со дрога. Исто така, во согласност со Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции (Сл.весник на РМ 103/08) ќе биде донесен и протокол за информативниот систем за дроги, начините на пробирање на податоците, со потребен квалитет, валидираност, веродостојност и со тоа споредливост со европските индикатори за дрога.

До крајот на 2011 год Центар за дроги и зависности од дрога, Сектор за контролирани супстанции, Биро за лекови, ќе го изготви и Националниот Извештај за состојбите со дрога во Република Македонија, што е редовна практика и стандард на сите Центри за следење на состојбата со дрога од Европската Унија, вклучени во REITOX европската мрежа. Со тоа ќе бидат презентирани капацитетите во оваа област во голема мера во ниво на европските.

### 3.24.9 **ЦАРИНСКА СОРАБОТКА** *(види и поглавје 29 Царинска унија)*

Донесени се измени и дополнувања на Упатството за вршење на селективни контроли во царинското работење.

Донесен е Прирачник за користење на SEMS Системот за размена на разузнавачки пораки на Југоисточна Европа.

Донесени се измени и дополнувања на Упатството за работа на Одделението за координација и комуникација и на Упатството за работа на системот за видео надзор, снимање и трансмисија, со кои е извршено усогласување со Законот за заштита на личните податоци.

Воспоставен е Модул за управување со ризик на граничните царински испостави, кој ќе обезбеди систематизиран и единствен пристап во процесот на управување со ризик на граничните царински испостави

Царинската управа продолжи да учествува во сите меѓународни операции за откривање на незаконска трговија и царински измами. Соработката со Службата за кооперативна иницијатива на Југоисточна Европа ( SEКИ ) и Службата за регионални разузнавачки врсkиво склоп на Светската царинска организација ( РИЛО ) е на редовна основа со размена на информации за запленување и разузнавање на редовно ниво и активно учество во сите активности.

Соработката со земјите членки на Европска унија, ЦЕФТА, СЦО како и со земјите кои не се членки на ЕУ во откривањето на кривичните дела од областа на јавните финансии и царинската измама продолжи.

Започнат е проект за воспоставување на систем за размена на податоци помеѓу Царинската управа на Република Македонија и царинските администрации на Косово, Србија и Албанија. Електронскиот систем за размена на податоци, во тест фаза, Царинската управа веќе го користи со Косово, Србија и Албанија.

Во тек е реализацијата на втората фаза на Проектот кој е поддржан преку интернационален проект во рамките на ИПА 2010 - Systematic Electronic Exchange of Data (SEED) во Западен Балкан.

Имплементиран е електронски систем за размена на разузнавачки пораки SEMS, за комуникација помеѓу Одделението за разузнавање и другите одделенија во Секторот за контрола и истраги.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Предвидено е донесување на Упатство за работа со класифицирани информации, кое ќе опфати пропишување на видот на информации, документи, извештаи, податоци и други акти, кои се определени со степен на класификација, мерки и активности што се превземаат за нивна административна, физичка и информатичка безбедност, безбедност на лицата корисници на класифицираните информации, размена на класифицирани информации со државни органи, физички и правни лица во Република Македонија и размена со странски државни органи и меѓународни организации.

Предвидено е донесување на Упатство за работа на Одделението за истраги, за цели на засилено административно делување на вработените во Одделението за истраги при откривање на разни форми на недозволена трговија. Ќе се донесе Упатство за постапка по откривање на кривично дело или царински прекршок, за цели на јакнење на административниот капацитет.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Ќе се преземат активности за централизирање на дигиталните слики со цел да се креира база на податоци за дигитална библиотека во која ќе можат да се вршат пребарувања и која ќе содржи слики од сите заплени и скривалишта,

Ќе продолжат активностите за јакнење на капацитетот на царинското разузнавање преку кадровско зајакнување и ангажирање на софистицирана компјутерска опрема, возила, други технички помагала, локации за работен простор и сл.

Предвидено е формирање на единствена електронска база на податоци за поддршка на активностите на откривање на недозволената трговија и која ќе овозможи анализа на податоци и информации.

Во 2011 година се очекува организирање на меѓународна операција во рамките на СЕКИ иницирана од Царинската управа. Исто така ќе продолжи соработката и учеството во активностите на РИЛО, како и ЗКА Балкан инфо и соработката со странските царински разузнавачки служби со иницијативи за уште повисок степен на соработка посебно со соседите и земјите во регионот.

Ќе продолжи соработката со земјите членки на Европска унија, ЦЕФТА, СЦО како и со земјите кои не се членки на ЕУ во откривањето на кривичните дела и доследно применување на одредбите од Законот за слободна трговија посебно во делото на утврдув ање на потеклото на стоката.

Во 2011 година се очекува техничко подобрување на системот за размена на податоци помеѓу Царинската управа на Република Македонија и царинските администрации на Косово, Србија и Албанија и користење на редовна основа од страна на царинските управи во регионот.

Ќе се преземат активности за воспоставување на нова разузнавачка база или за консолидирање на веќе постоечката.

*Среднорочни приоритети*

За натамошно зајакнување на капацитетите, кое ќе биде сконцентрирано и на поефикасно делување при спроведување на истраги, Царинската управа ќе донесе Програма за засилување на капацитетите кои ќе бидат ангажирани во примена на посебните истражни мерки пропишани во Законот за кривична постапка, заради зајакнување на механизмите за надзор со дополнителни контроли и инспекциски надзор.

## 3.24.10 **ФАЛСИФИКУВАЊЕ НА ЕВРОТО**

*Тековна состојба*

Донесен е Законот за Народна Банка на РМ (Службен весник на Република Македонија бр.158/2010) со кој се постигнува целосна компатибилност со Договорот за Европската Унија од 1992 година и со Статутот на Европскиот систем на централни банки и Европската централна банка.

Република Македонија останува само земја на транзит на фалсификуваните пари (евра) од изворот до земјите од Западна Европа имајќи предвид дека досега не е пронајдена опрема за изработка и печатење на фалсификувани банкноти.

Во рамките на SEPCA (Асоцијација на директори на полиции на југоисточна Европа) од страна на МВР, достави образложен предлог за регионален проект „Јакнење на капацитетите на Националните полициски служби од Југоисточна Европа за откривање и сузбивање на криминалот поврзан со фалсификувани евра“ .

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**
Врз основа на новиот Законот за Народна банка, ќе се донесе Правилникот за утврдување на начинот на пријавување на фалсификати на евра и начин на постапување при откривање на фалсификатите.

Во соработка со ЕВРОПОЛ ќе се изготви Прирачник за методологија за откривање и документирање на фалсификувани пари.

Ќе се донесе Одлука за воспоставување на Национален аналитички центар за фалсификување на банкноти.

Ќе се донесе Одлука за формирање на Централна канцеларија за истраги согласно Меѓународната конвенција за сузбивање на фалсификување на валута од 1997 година. По донесување на одлуката ќе следи измена на Актот за систематизација на работните места во МВР со цел дефинирање на работните позиции во рамките на новоформираната Централна канцеларија за истраги.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Ќе се воспостави Национален аналитички центар во рамките на Народна банка, единствено овластен да дава стручно мислење за автентичноста на книжните и кованите пари деноминирани во денари или во странска валута.

Ќе се формира Централна канцеларија за истраги која ќе допринесе за олеснување на истрагата и соодветно спречување односно казнување на производство и изработка/дистрибуција на фалсификувани пари.

Континуирано ќе се превземаат мерки и активности со цел профилирање, откривање и идентификување на организирани групи на фалсификување на евро.

Ќе се продолжи со реализација на утврдените мерки и активности за воспоставување на Националната разузнавачка база на податоци која ќе ја содржи и базата на податоци за фалсификувани банкноти односно евра.
Предвидени се обуки на вработените во областа на заштита на еврото од фалсификување.

*Среднорочни приоритети*:

Ќе се продолжи со следење на ЕУ законодавството и континуирано усогласување на националната легислатива.

Континуирано ќе се следат појавите на фалисфикувани банкноти на територијата на РМ и обука на вработените за успешно справување со профилирани криминални групи за изработка и дистрибуција на фалсикувани евра.

3.25 **НАУКА И ИСТРАЖУВАЊЕ**
3.25.1 **ПОЛИТИКА НА ИСТРАЖУВАЊЕ**

Тековна состојба

*Унапредување на правна рамка за научно - истражувачка дејност и технолошки развој:*
Во 2010 година беа усвоени следните подзаконски акти од Законот за научно - истражувачка дејност:

- Правилник за измена и дополнување на Правилникот за постапката и поблиските критериуми за финансирање и надзор на годишните програми за научно - истражувачката дејност на субјектите на научно- истражувачка дејност („Службен весник на РМ бр.149/09“)
- Правилник за измена и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за финансирање на научно - истражувачките проекти односно програми („Службен весник на РМ бр.149/09“)
- Правилник за начинот и постапката за водење на бази на податоци за научно -истражувачка дејност („Службен весник на РМ бр.52/10“).

Се донесе Закон за основање на Национална агенција за нуклеарни технологии на Република Македонија („Службен весник на РМ бр.115/10“) со што се создаде правна основа за поширока соработка со Европската организација за нуклеарни истражувања со цел усовршување на кадри во областа на нуклеарни истражувања.

*Научно - истражувачка дејност:*

- Извршена селекција на 32 проекти од конкурсот за распределба на средства за кофинансирање на годишни програми за научно - истражувачка дејност на Јавните Научни установи за 2010 година во вкупен износ од 13.500.000,00 денари, односно 400.000.00 денари за еден проект
- Извршена селекција на 40 научно - истражувачки проекти во рамки на конкурсот за распределба на финансиски средства за финансирање на научно - истражувачки проекти за 2010 година од сите научни области наменет за државните универзитети, јавни научни установи и приватните универзитети, мешовитите и приватните научни установи, како и самостојните истражувачи и центри за извонредност
- Објавени беа за превод нови 500 наслови во рамки на проектот „Превод на книги од реномирани автори“ од кои се учи на реномираните универзитети во САД, а од областа на правото во Германија и Франција. Во оваа фаза ќе бидат застапени учебници од различни научни области: економија, медицина и стоматологија, правните науки, природно - математичките, био - техничките науки, архитектура, градежништво, машинство, електротехника, земјоделство, ветерина и фармација. Одржани се вкупно 23 промоции на стручни наслови
- Продолжување со активностите на “Проектот за набавка на наставно и научно истражувачка опрема на државните универзитети и јавните научни установи”, со цел јакнење на научно - истражувачките капацитети. Објавен тендер за набавка на опрема за лаборатории за техничко - технолошки науки во јуни, медицински науки во август и социјални и хуманистички науки во септември 2010 година. Вкупната вредност на овој проект изнесува 1.184.476.798,00 денари.

*Технолошки развој:*

На полето на технолошки развој во тек е завршна фаза на евалуација на предлог проекти за доделување финансиски средства за поттикнување и помагање на технолошкиот развој.

Изготвен е нов формулар односно Пријава за кофинансирање на развојно - истражувачки проекти. Објавен е повик за упис на субјектите на технолошкиот развој во Регистарот на субјектите на технолошкиот развој кој се води во МОН.

Изготвени се иновирани годишни програми/проекти за активностите на носителите на јавни овластувања во техничката култура за 2010 година.
Изготвен е нов модел за бодирање на активностите во техничката култура и потпишани се договори за кофинансирање на проектите/ програмите помеѓу МОН и носителите на јавни овластувања во техничката култура.

*Поттикнување на развој на капацитетите на млади научно - истражувачки кадри со цел придонес во квалитетот на научно - истражувачката дејност*

- Доделени 134 стипендии за студии од втор циклус за последипломски студии во земјата во учебната 2009/2010 година

- Доделени 6 стипендии за студии од втор циклус во странство за академската 2010/2011 и на 3 лица запишани на првите дваесет рангирани универзитети во Европа според последната објавена ранг листа на глобалните универзитети од Институтот за високо образование на Шангајскиот Џио Тонг Универзитети и 3 стипендии за студии на ФАМУ -Академија за филмска и ТВ уметност, Прага,Република Чешка
- Распишан конкурс за доделување стипендии „Борис Трајковски" за студенти за втор циклус студии за извршната МБА програма на Универзитетот Шефилд во Република Грција за академската 2010/2011. Средствата се обезбедуваат од Владата на Република Македонија (50%) и СИТИ Колеџот, Факултетот за меѓународни студии при Универзитетот во Шефилд (50%)

*Краткорочни приоритети*

*Креирање национална политика за научно - истражувачка дејност и технолошки развој:*

- Усвојување на Националната Програма за развој на научно - истражувачка дејност 2010-2015 година
- Усвојување на Програма за технолошки развој

*Зајакнување на институционалните капацитети и унапредување на научно - истражувачка дејност, технолошки развој и техничката култура:*

- Формирање на Националнен комитет за развој на научно - истражувачка дејност и технолошки развој во РМ
- Формирање Одбор за етичност
- Утврдување на критериуми за прогласување на Центри за извонредност
- Прогласување Центри за извонредност
- Продолжување со реализација на активности предвидени во рамки на Проект „Превод и печатење на стручни наслови од кои се учи на најреномираните универзитети во светот"
- Продолжување со реализација на активностите предвидени преку Проект „Набавка на наставно научно и истражувачка опрема за јавните научни институти и државните универзитети "
- Креирање на Национален информационен систем E.CRIS.MK, база на податоци за научни институции и научно истражувачки кадар, кој што ќе биде дел од Европскиот информационен систем (Current Research Information System)

*Зајакнување на капацитетите и развој на мобилноста на научно-истражувачкиот кадар:*

- Доделување стипендии „Борис Трајковски" за студенти за втор циклус студии за извршната МБА програма на Универзитетот Шефилд во Република Грција за академската 2010/2011. Предвидени се 20 стипендии за уписнини за вонредни студенти на двегодишните студии од втор циклус
- Продолжување со конкурси за доделување стипендии за последиплопмски студии на врвни 100 светски факултети и 20 европски универзитети

*Среднорочни приоритети*

*Имплементација на активности за развој и унапредување на научно - истражувачка дејност и технолошки развој*

- Доделување на стипендии на млади научно - истражувачки кадри за студии од втор и трет циклус во земјата и странство
- Доделување на еднократни парични средства за изработка на магистерски и докторски трудови на млади научно - истражувачки кадри
- Доделување на средства за обезбедување на финансиска поддршка за студиски престои во странство на домашните и странските научно-истражувачки кадри во Република Македонија
- Обезбедување финансиска поддршка за учество и организација на научни собири во странство на научно - истражувачките кадри од Република Македонија
- Обезбедување пристап до електронски научни списанија со фактор на влијание
- Доделување на финансиски средства за финансирање на научно - истражувачки програми односно проекти на Јавните научно -истражувачки институции како и останатите субјекти на научно - истражувачката дејност
- Доделување на финансиски средства за кофинансирање на проектите/програмите на носителите на јавни овластувања во техничката култура за развој на техничката култура

- Продолжување со поддршка на субјектите на технолошкиот развој преку доделување средства за кофинансирање на развојно – истражувачки и иновациски проект
- Доделување на средства за издавачка дејност на научно - истражувачките кадри во Република Македонија
- Континуирано ажурирање на системот E.CRIS.MK, база на податоци за научни институции и научно истражувачки кадар, дел од европскиот информационен систем (Current Research Information System)
- Доделување на средства за кофинансирање на развојно - истражувачки проекти односно програми на субјектите на технолошкиот развој на бизнис заедницата - поддршка на бизнис сектор преку развивање соработка со научно – истражувачката заедница

3.25.2 **РАМКОВНИ ПРОГРАМИ**

*Тековна состојба*

Во текот на 2010 година, Националните контакт лица за 7мата Рамковна програма одржаа 10 Информативни настани за промоција и презентација на можностите на програмата за академската јавност и малите и средни претпријатија на тема подготовка на предлог апликации, презентација на отворените повици и искуства од учество во ФП 7, преку кои се опфатија различни приоритетни области на оваа програма.

Активности кои треба да се издвојат се Презентациите на можностите кои ги нуди 7мата Рамковна програма и презентацијата на отворените повици одржана во МАНУ, како и одржување на настанот Ноќ на истражувачи на 24.09.2010 година кој во иста вечер се одржува во повеќе од 200 градови во Европа.

Се реализираа активности на координација на мрежата на Националните Контакт Лица за ФП 7 во насока на размена на искуства и информации, надминување на тековните проблеми.

Продолжија активностите во WBC.INCO.NET-FP 7 проектот за координација на политиките за научно - истражувачката дејност во регионот. Претставниците на МОН активно учествуваа во работата на работните пакети (доставување информации, анализи, извештаи) и состаноците на телата. Проектот беше проширен со уште еден работен пакет кој ја има во фокус политиката за иновации. Во овој работен пакет се вклучени и претставници од Министерството за економија.

Учеството во Мари Кири програмата е зајакнато со 3 нови предлог проекти, од кои два се соработка помеѓу индустријата и научно - истражувачката заедница и истите се во фаза на евалуација.

*Краткорочни приоритети*

*Зголемување на учеството на Република Македонија во Седмата рамковна програма*

- Одржување на 10 инфо настани и обуки за промоција на можностите на ФП 7 од страна на МОН и во соработка со други институции
- Одржување на Меѓународна конференција за мобилност во рамки на Мари Кири проект
- Активности за поддршка на локалната самоуправа за поактивно вклучување во ФП7 – одржување средби и обуки за подготовка на предлог апликации
- Активности за поддршка на мали и средни претпријатија за учество во ФП7 – одржување средби и обуки за подготовка на предлог апликации
- Реализација на студиска посета на експерти од РМ на Институти на Заеднички истражувачки центри со цел продлабочување на институционалната и соработката во рамки на ФП7
- Учество во работата и организација на следниот циклус состаноци на телата што функционираат во рамки на WBC-INCO-NET проект во текот на мај / јуни 2011 година во РМ во координација со Република Унгарија како иден претседавач со ЕУ: Извршна платформа, Извршна работна група, Генерално собрание, Регионален дијалог форум и Дијалог форум за Имплементација на Регионална стратегија за истражување и развој и иновации за земјите од Западен Балкан изготвена во рамките на проектот WBC-INCO-NET

*Среднорочни приоритети*

- Континуирана дисеминација на информации и актуелните повици за Седма Рамковна програма преку организирање семинари, инфо денови, обуки и презентации наменети за државни и приватни универзитети, јавни и приватни научни установи, мали и средни претпријатија, самостојните истражувачи и локалната самоуправа
- Континуирана имплементација на Регионална стратегија за истражување и развој и иновации за земјите од Западен Балкан подготвена во рамки на проектот WBC-INCO-NET

- Континуирани активности и придонес за реализацијата на проектот WBC-INCO - NET поддршка на земјите од Западен Балкан за поголемо учество во 7мата Рамковна програма и зајакнување на капацитетите на мрежата на Национални Контакт Лица
- Подготовка за учетсво во претстојната Осма Рамковна Програма

### 3.25.3 **ЕВРОПСКИ ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОСТОР**

*Тековна состојба*
Република Македонија во 2010 година бележи зголемено учество во ЕРА.

Во рамки на SEE ERA NET проектот РМ учествуваше во отворениот повик за заеднички проекти со земјите од Регионот и европските партнери во проектот со 28 апликации и 10 успешно евалуирани проекти.

Во рамки на COST програмата во текот на 2010 година, 83 македонски истражувачи учествуваа во 50 активни акции.

Во програмата ЕУРЕКА во 2010 година активно се реализираа 2 проекта, а уште еден проект е во завршна фаза.

*МААЕ (Меѓународната агенција за атомска енергија):*
РМ активно учествува во проектната соработка со Меѓународната агенција за атомска енергија. Канцеларијата за врски со МААЕ во рамки на МОН ја координира и администрира проектната соработка, чија досегашна вредност изнесува околу 10 милиони УСД во опрема, експертски мисии и обука на кадар. Процентот на имплементација изнесува 97% од планираните активности, за што МААЕ на РМ и одобрува дополнителни бонуси. Во фаза на реализација се 6 национални проекти од проектниот циклус 2009-2011 со вкупна вредност од 1.500.000,00 УСД. Од почетокот на годината реализирани се 20 студиски престои на експерти од РМ во најреномираните институции во Европа. Во тек се подготовките за проектниот циклус 2012-2013 со вкупна вредност од 1.500,000.00 УСД. (инфо денови и институционални посети). Финализирана е Националната програма за соработка со МААЕ за период до 2015година. Националните контакт лица активно учествуваа во изработката на Стратегијата на МААЕ за Европскиот регион. РМ е домаќин на 2 регионални семинари за нуклеарна сигурност и земјоделство финансирани од МААЕ. РМ учествува активно и во 30 регионални проекти на МААЕ преку кои годишно се реализираат околу 50 обуки.

*Заедничките Истражувачки Центри на Европската Комисија:*
МОН во соработка со Заедничките Истражувачки Центри на Европската Комисија организираше Инфо ден на 19.10 2010 посветен на можностите за соработка. На овој настан презентери беа претставници на Зеднички истражувачки центри и Генералниот Директорат за истражување. Присуствуваа 220 претставници од редовите на научната јавност.

*ЦЕРН (Европска агенција за нуклеарни истражувања):*
Врз основа на Спогодбата склучена помеѓу Владата на РМ и ЦЕРН донесен е Закон за основање на Национална агенција за нуклеарни технологии на РМ. ("Службен весник на РМ" бр.115/2010), формиран е Управен одбор и именуван е директор. Спроведен е Конкурс за студиски престој во ЦЕРН на кој ЦЕРН избра 2 кандидати.

*Регионална , билатерална и меѓународна соработка:*
Во рамките на билатералната соработка во 2010 година, активностите се одвиваа врз основа на потпишани Спогодби за соработка во областа на образованието, науката и технолошкиот развој со околу 20 земји.

Во постапка е финансирање на билатерални проекти со Словенија (17), Хрватска (7), Кина (3), Турција (5). Во фаза на евалуација се предлог проектите со Бугарија (46) и Австрија (11).

Согласно Извршните програми за соработка се реализираат конкурси за стипендирање на студии од прв и втор циклус во Руската федерација (15), Турција (5), Јапонија (2), Албанија (12). Паралелно се користат грантови за студиски престои во Египет (20 за земјоделство), Сингапур (12), Индија (5), Британски фонд (7), Италија (30), Хрватска (3) и Белгија (7). Обезбедени се 12 стипендии од Владата на Република Словачка за кандидати од РМ изучување на словачки јазик во текот на академската 2010/11 и подготовки за упис на факултети од технички струки.

Во текот на 2010 година потпишани се:
- две Спогодби со Црна Гора
- Спогодба со Република Чешка меѓу МОН и Министерството за млади и спорт, како договор со Академијата за уметности од Прага (ФАМУ) за последипломски студии на кандидати од РМ од областа на филм и режија

Во фаза на усвојување и потпишување е Протокол за соработка со Универзитетот Шефилд, Велика Британија со седиште во Солун.

Во рамките на учеството на Република Македонија во УНЕСКО програмата, за проектниот циклус 2010/2011, на претходно објавен повик од МОН, пријавени се вкупно 12 предлог проекти од областа на науката и образованието од научно-истражувачки и образовни институции и невладини организации.

*Краткорочни приоритети*

*Зголемување на учество на РМ во Европски истражувачки простор:*
- Потпишување Меморандум за разбирање за соработка со Заеднички Истражувачки Центри на ЕК
- Учество во работата и организација на следниот циклус состаноци на телата во рамки на проектот во текот на мај/јуни 2011 година во РМ во координација со Република Унгарија како иден претседавач со ЕУ и тоа: извршната платформа, извршната работна група, генерално собрание, регионален дијалог форум и дијалог форум за иновации

*Јакнење на регионалната и билатералната соработка во областа на науката, образование и технологија:*
- Потпишување на Спогодба меѓу Владата на РМ и Советот на министри на Босна и Херцеговина во областа на образование и наука
- Потпишување на Спогодба за соработка во областа на образованието и науката со Република Косово
- Потпишување на Протокол за соработка во областа на образованието меѓу МОН и Министерството за високо образование, наука и технологија на Република Словенија
- Изработка на Извршни програми за имплементација на Спогодбите со Република Црна Гора за соработка во областа на образованието и научно техничка соработка
- Потпишување на Спогодба за соработка со Република Србија во областа на наука и технологија

*Среднорочни приоритети*
- Имплементација на активностите предвидени со Меморандумот за разбирање со Заедничките Истражувачки Центри
- Презентирање на проектите WBC INCO-NET, SEE ERA NET plus пред научноистражувачката јавност и информациите и резултатите кои произлегуваат од работата на нивните тела и реализација на проектите
- Континуирана поддршка со цел зголемено учество на научната јавност од Република Македонија во ЕРА
- Продолжување со активности и динамика на учество во програмите EUREKA, COST, MAAE
- Презентирање и промоција на можностите на Заеднички Истражувачки центри на ЕК пред научно истражувачката заедница на РМ

## 3.26 **ОБРАЗОВАНИЕ И КУЛТУРА**

### 3.26.1 **ОБРАЗОВАНИЕ**, **ОБУКА И МЛАДИ**

***Предучилишно воспитание и образование***

Бирото за развој на образованието изработи дидактичко - методски помагала за предучилишното образование. Реализирани се стручни посети на 20 предучилишни установи на македонски и албански јазик. Континуирано се одржуваат обуки на воспитно образовниот кадар од предучилишните установи.

*Краткорочни приоритети:*
- Советодавна стручна посета на предучилишните установи
- Континуирани обуки на воспитно образовниот и раководниот кадар во предучилишните установи

***Реформи и институционални зајакнувања во основно и средно образование***

*Легислатива/ концепции / наставни програми*
Донесени се Закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование и Закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 116/10) чија цел е подобрување на квалитетот на основното и средното образование со воведување на задолжително користење на информатичка опрема во наставата, интерактивна реализација на настава, воведување обврска училиштата да доставуваат податоци во интегрираната база на податоци, како и категоризација на прекршоците и казните за сторените прекршоци.

Беа донесени 10 правилници со цел спроведување на концептот на екстерно оценување.

Донесени се Концепција за гимназиско образование и Концепција за уметничко образование. Беа изработени нови 42 (адаптирани) наставни програми за децата со посебни потреби кои се образуваат во посебните училишта, нови 20 наставни програми за основното музичко и балетско образование, 2 нови наставни програми за изборниот предмет работа со компјутер за IV и V одделение. Беа реализирани активности за јакнење на капацитетите преку организирање обуки за наставниците од сите основни и средни училишта, особено за областите: работа со компјутер, описно и комбинирано оценување, работа со дигитални содржини, за новите наставни програми за V-то и VIII–мо одделение, како и за изборните предмети – Етика на религии, Запознавање со религиите и Класична култура во европската цивилизација.

Согласно Протоколот за реализација на советодавна и стручна работа и давање инструктивна помош на наставниците и на воспитно - образовните институции, реализирани со 93 посети на основни и 46 средни училишта. Реализирани се активности за јакнење на капацитетите преку организирање обуки, реализирани се 73 различни обуки за 49500 наставници од основно образование и 4 различни обуки за 462 наставници од средното образование.

Со цел имплементација на концептот за задолжително средно образование, продолжи обезбедување бесплатен превоз на учениците од средно и основното образование и бесплатно сместување за ученици кои учат во место различно од местото на живеење. Започна примената на условени парични надоместоци. Беа вработени 120 наставници по англиски јазик и 150 наставници во задолжителното средно образование.

Беше инсталирана пот-компонентата и започна иницијалниот внес на податоците за Образовен менаџмент информационен систем (ЕМИС) кој има за цел да го следи спроведувањето на образовната дејност и резултатите, текот на финансиските средства, зајакне соработката помеѓу сите нивоа на власт, обезбеди потребни информации и аналитички капацитети за децентрализирано раководење и управување на образовните системи.

*Обезбедување на квалитет во основно и средно образование*
Формиран е Државниот испитен центар (ДИЦ). Спроведена е државна матура 2010. Започнат е циклус за обука на кандидати за директори на основни и јавни средни училишта и спроведени се испити. Во насока спроведување на концептот за екстерно оценување беа изработени тестови за екстерно оценување на постигањата на учениците во основно и средно образование (500 тестови за основно и средно образование).

Во рамки на активностите за подобрување на квалитетот на образованието и спроведување на концептот на интегрална евалуација, Државниот просветен инспекторат (ДПИ) во 2010 изврши интегрална евалуација во 93 основни и средни училишта и се изработија конкретни препораки за подобрување на констатираната состојба и подобрување на квалитетот на образовниот процес. Беа дополнети индикаторите за квалитет на работењето на училиштата во делот на интеракција на воспитно образовниот процес и примена на ИКТ технологија.

*Социјална кохезија и еднаквост*
Беше изработен Прирачник за спречување и заштита од дискриминација со акционен план. Започнаа активностите за негова имплементација меѓу клучните учесници во образованието. Во изминатиот период продолжја активности за зголемување на опфат на ученици Роми. Ромите можат де се запишат во средно образование со 10% помалку поени од предвидените со Конкурсот. Како мерка за дополнителна помош, се реализира проект за стипендирање и менторство на 800 ученици Роми и туторство за 1606 средношколци Роми. Беа вработени 50 наставници по македонски јазик за припадниците на заедниците. Спроведени се обуки на наставниците за поуспешно инклузивно образование. Во рамките на Декадата на Ромите, продолжи олеснетиот пристап на Ромите во високо образование, а од учебната 2010/2011 за прв пат ромскиот јазик е воведен како изборен предмет на Филолошкиот факултет на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Беше донесена Стратегија за интегрирано образование. Стратегијата предвидува мерки поделени во пет тематски групи: промовирање на интеграција преку заеднички наставни и воннаставни активности, интеграција преку изучување јазик, наставни планови и програми и учебници, подобрување на квалификацијата на наставниците и стручните соработници во поглед на интеграцијата, како и раководење со училиштата во контекст на децентрализацијата.

*Инвестициски проекти и децентрализација*

Втората фаза на децентрализација опфати уште 6 општини.
Се основаа три средни училишта – гимназии во Куманово, Липково и Центар Жупа.
Продолжи опремувањето на училиштата преку Проектот за модернизација на образованието. Беа дистрибуирани нагледни средства и литература во повеќе од 90% од училиштата опфатени со грантот во последната фаза и обезбедени аудиовизуелни средства и канцелариска опрема.

*Краткорочни приоритети*

*Легислатива / наставни планови / концепции*

- Донесување на Закон за средното образование, во кој ќе се транспонира Директива за образование на деца на мигранти (Директива на Советот 77/486/ЕЕС, овој дел од Законот ќе биде со одложена примена)
- Донесување на Интегрирана концепција за средно образование, која ќе ги опфати гимназиското, уметничкото и стручното образование
- Донесување на Концепција за образование на деца со посебни образовни потреби
- Финализирање на евалвацијата на првиот период на деветгодишното основно образование
- Спроведување на 68 различни видови обуки за наставници, се планира опфат на 31000 учесници
- Развивање на електронски наставни содржини за основното и средното образование и обука на наставниците
- Јакнење на капацитетите за обезбедување поддршка на ЕМИС Одделение во рамки на МОН и јакнење на капацитетите за анализа на податоците од ЕМИС

*Обезбедување квалитет во основно и средно образование*

- Имплементација на активности за обезбедување квалитет во основното и средното образование согласно програмите за работа на Државен Испитен центар и Државен Просветен инспекторат, според Националната програма за развој на образованието 2005-2015 година

*Социјална кохезија и еднаквост*

- Натамошно обезбедување бесплатни учебници за основно и средно образование, бесплатен превоз за ученици од основно и средно образование чии училишта се оддалечени два и преку два километри и бесплатно сместување во ученички домови
- Активности за социјална инклузија низ образование и обука, вклучително туторство и менторство за социјално ранливите групи (Роми, социјално загрозени, ученици од рурални средини, ученици со посебни потреби)

- Имплементација на Стратегијата за интегрирано образование согласно усвоената временска рамка: реализација на работилници за промовирање на интеграција преку заеднички наставни и вонннаставни активности, промовирање на интеграција преку изучување на јазик, наставни планови, програми и учебници, подобрување на квалификациите на наставниците и стручните работници во поглед на интеграцијата, како и раководење со училиштата во контекст на децентрализацијата

*Инвестициски проекти и децентрализација*

- Продолжување на унапредувањето на образовната инфраструктура во основните и средните училишта
- Продолжување на изградбата и реконструкцијата на спортски сали
- Продолжување на децентрализацијата во три нови општини

*Среднорочни приоритети*

- Евалвација на вториот и третиот период на деветгодишното основно образование
- Имплементација на Интегрираната концепција за средно образование
- Континуиран развој и унапредување на наставните планови и програми и обука на наставниците

*Обезбедување квалитет во основното и средното образование*

- Имплементација на активности за обезбедување квалитет во основното и средното образование согласно програмите за работа на Државен Испитен Центар и Државен Просветен Инспекторат, според Националната програма за развој на образованието 2005-2015 година

*Социјална кохезија и еднаквост*

- Натамошна имплементација на активности поврзани со: обезбедување бесплатни учебници, бесплатен превоз и бесплатно сместување на ученици
- Имплементација на Стратегијата за интегрирано образование и социјална инклузија на социјално ранливите групи

*Инвестициски проекти и децентрализација*

- Продолжување на унапредувањето на образовната инфраструктура во основните и средните училишта
- Продолжување на изградбата и реконструкцијата на спортски сали
- Продолжување на процесот на децентрализација

***Стручно образование и обука***

*Тековна состојба*

Во насока на спроведување на реформи во средното образование изготвени се и одобрени: Концепцијата за пост - средно образование, Концепцијата за стручно оспособување и Концепцијата за стручно образование за занимања.
Изготвена е Колаборативна евалвација на влијанието од реформираното 4-годишно средно стручно образование и предложени интервенции во средното стручно образование со четиригодишно траење со предлог Акционен план 2011-2015 година.

Беа подготвени наставни програми и 14 стандарди на занимања во струките од техничкото образование.
Во тек е изработка на прашања за 720 тестови за екстерно проверување на постигањата на успехот на учениците по стручните предмети кои се изучуваат во завршните години. Се подготвија програми за обука за реализацијата на мерки од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2010.

Изготвен е Извештај за Анализата на состојбата на опременост на средните стручни училишта кои реализираат средно стручно образование со тригодишно времетраење и избран Твининг партнер за ИПА проектот од IV компонента, Мерка 2.1. Модернизација на системот на образование и обука.

Изготвена е Рамка за развој на партнерското работење во рамките на развивањето политики и стратегија за социјално партнерство. Потпишани се Протоколот за соработка за социјално партнерство во областа на стручното образование и обука и Меморандум за соработка и разбирање како основа за долгорочна стратешка соработка помеѓу ЦСОО, Владата на РМ и социјалните партнери во областа на стручното образование и обука.

Беше изготвена Петгодишна стратегија за развој на Центарот за стручно образование и обука.

Беа одржани обуки на 120 стручни наставници во однос на примена на наставни содржини во областа на стручно образование и обука и на 4 директори. Се обезбеди простор и средства за реконструкција на простор за соодветно сместување на ЦСОО.

*Краткорочни приоритети*

*Реформи во стручното образование и обука и поврзување на системот за СОО со потребите на пазарот на труд*

- Изработка и усвојување Интегрална концепција на стручно образование
- Изработка на Стратегија за развој на стручното образование и обука со Акциски план
- Развој на систем за континуирано следење на потребите на пазарот на трудот за занимања и потреба од вештини
- Подготовка на наставни планови и програми и други програмски документи согласно потребите на пазарот на трудот
- Продолжување на реформите во стручното образование во делот на подготовка на стандарди за занимања, дел од струките и образовните профили
- Активности за подигање на свеста за важноста на стручното образование и обука во социо - економскиот развој на Република Македонија
- Започнување на имплементацијата на ИПА проектите IV компонента за изготвување стандарди за стручни квалификации, наставни планови и програми за стручно оспособување и стручно образование за занимања

*Среднорочни приоритети*

- Натамошна имплементација на Стратегијата за развој на ЦСОО
- Развивање на систем на стручни квалификации како дел од Национална рамка на квалификации
- Континуирана имплементација на ИПА проектите IV компонента
- Активности за подигање на свеста за важноста на стручното образование и обука во социо - економскиот развој на Република Македонија

***Реформи во образование на возрасните***

*Тековна состојба*

Со цел заокружување на легислативната рамка во областа на образование на возрасните донесени подзаконски акти од Законот за образование на возрасни. Советот за образование на возрасните ја подготви Стратегијата за образование на возрасните и нацрт – Оперативниот план за имплементација.

Се организираше настава за средно стручно образование за возрасни во економско - правна струка.

Дизајнирана е веб страница на Центарот со релевантни информации за организацијата, структурата, надлежностите и активностите на Центарот и Советот, информации за образованието на возрасните во контекст на доживотното учење на национално и меѓународно ниво, линкови со најзначајните национални и меѓународни институции и организации, заинтересирани страни во областа на образованието на возрасните, база на податоци на законски и стручни документи од сферата на образованието на возрасните.

*Краткорочни приоритети*

- Усвојување на Стратегијата за образование на возрасни во контекст на доживотно учење
- Подготовка и усвојување на Оперативен план за имплементација на Стратегијата за образование на возрасни и реализација на планираните активности согласно временската рамка
- Започнување на процесот на верификација на програмите за образование на возрасните и лиценцирање на установите за образование на возрасните
- Издавање на каталог на лиценцирани установи за образование на возрасните
- Издавање на каталог на донесени програми за образование на возрасни
- Промоција на Центар за образование на возрасните и неговата улога во системот на образование на возрасни
- Организирање на настава за оформување на средно образование за возрасни што имаат завршено само основно образование
- Почеток на активности од Твининг проектот во рамките на ИПА компонента 4 Оперативна програма за развој на човечки ресурси. Проектот има три компоненти: зајакнување на капацитетите на Центарот за образование на возрасните; развој на програми за образование на возрасните и развој на програми за описменување и комплетирање на основното образование за социјално исклучени лица

*Среднорочни приоритети*

- Продолжување на имплементацијата на мерки и активности од Стратегијата за образование на возрасни
- Развој на информатичко - статистички систем за следење на образовната мобилност на возрасните
- Натамошна имплементација на Твининг проектот во рамките на ИПА компонента 4 Оперативна програма за развој на човечки ресурси

***Високо образование и Програми на заедницата кои поддржуваат реформи во системот на високо образование***

*Тековна состојба*

Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија" број 115/10), со кои се уредува начинот на користење на дел од средствата стекнати од партиципација и кофинансирање на студиите од страна на универзитетите, категоризирање на глобите според тежината на прекршокот, зголемување на висината на глобите и воведување на укажување и покана за едукација. Донесени се следните подзаконски акти:

- Правилник за начинот и условите за организирање на практичната настава за студентите („Службен весник на Република Македонија" бр. 120/2010)
- Правилник за условите кои треба да ги исполнува истакнатиот стручњак од практиката од соодветната област за изведување на класична настава („Службен весник на Република Македонија" бр. 120/2010)
- Уредба за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" број 103/10), со која се утврдија нормативите и стандардите за условите кои треба да бидат исполнети за основање високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност
- Уредба за Националната рамка на високообразовни квалификации („Службен весник на Република Македонија" бр.154/2010).

*Реформи во високото образование*

Распишан е меѓународен тендер за избор на институција која ќе врши рангирање на високообразовните установи од Република Македонија.

Започна реализација на проектот Високо образование на возрасни (35/45), за вклучување на возрасните во високото образование, со прва генерација запишани преку 400 студенти.
Беше донесен Закон со кој се основа Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје („Службен весник на Република Македонија" бр. 57/2010).

Се отворија отвори нови дисперзирани наставни студии во рамките на постојните универзитети „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип и Државниот Универзитет Тетово во Тетово.

*Краткорочни приоритети*

- Донесување на Закон за изменување и дополнување на Закон за високо образование. Со овој закон се предвидуваат неколку промени со цел применување на постапки, стандарди и насоки воспоставени од Европската асоцијација за обезбедување на квалитет на високото образование (ENQA) и формирање на едно независно тело за акредитација и евалуација на високото образование, јакнење на улогата на самоевалуацијата и соодветното користење на резултатите од нејзиното спроведување преку воведување на Државен електронски систем за самоевалуација, како и воспоставување на единствени основни критериуми за организирање и изведување на третиот циклус на студии преку кој ќе се осигура квалитетот стекнување на квалификациите за третиот циклус на студии согласно Националната рамка за високообразовните квалификации и нивно препознавање на домашниот и европскиот пазар на труд како и поттикнување на мобилноста и квалитетно одвивање на научно-истражувачката работа.

Донесување подзаконски акти во насока на имплементација на Законот за високо образование:

- Правилник за организацијата, работата и начинот на одлучување за прашањата од надлежност на Одборот за акредитација и евалуација во високото образование
- Уредба за мерила и критериуми за финансирање на дејноста на високообразовните установи
- Правилник за мерила и критериуми за стимулирање на талентирани студенти и за стипендирање на студенти кои постигнуваат натпросечни резултати во студиите
- Правилник за мерила и критериуми за кофинансирање на студиите на јавните високообразовни установи и за партиципациите на другите давачки на студентите на високообразовни установи.

- Правилник за организација, работа, начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи и на академскиот кадар во Република Македонија
- Правилник за методот на проектно финансирање на високото образование
- Правилник за методот и начинот на рангирање на високообразовните установи

*Реформи во високото образование*
- Активности за натамошна имплементација на Болоњскиот процес
- Основање Совет за развој и финансирање на високо образование
- Основање на Одбор за акредитација и евалуација во високото образование
- Реализацијата на проект за рангирање на високообразовните установи од Република Македонија
- Донесување на Програма за високообразовна дејност, со која ќе се утврдат целите, правците на развој, изворот и обемот на средствата потребни за финансирање на државните потреби и за остварување на развојот на дејноста на јавните високообразовни установи, насоките во кои ќе се развива мрежата на високообразовни установи и др.

*Националната рамка на квалификации*
- Продолжување на активности за развивање на Националната рамка на квалификации

*Темпус и Еразмус Мундус*
Во октомври 2010 година, Европската комисија го објави четвртиот конкурс во рамки на Темпус 4 програмата. За Република Македонија програмата не е отворена за учество како земја корисник на грантови. Високообразовните институции од земјата можат да учествуваат во програмата на самофинансирачка основа.
- Мониторинг на тековни Темпус проекти одобрени за финансирање во 2008, 2009 и 2010 година
- Организација на "Национална Темпус постер недела"
- Завршна конференција за официјално затворање на Темпус програмата

Во рамки на новата фаза од програмата Еразмус Мундус (2009-2013) година за Република Македонија се отворени две акции: Акција 1 и Акција 2.
- Организација на информативен ден за Еразмус Мундус програмата
- Поднесување на апликации

*Регионална соработка во областа на образованието*
- Регионална соработка на земјите во рамки на Централно источна програма за размена во областа на универзитетските студии за натамошна интеграција на регионот кон Европската високообразовна област и зголемување на академската мобилност во насока на исполнување на целите на Болоњскиот процес - CEEPUS мрежи
- Учество во рамките на Иницијативата за соработка во областа на реформите на образованието во Југоисточна Европа (Education Reform Initiative in South East Europe – ERI SEE).

***Млади***

*Тековна состојба*
Во текот на 2010 година, се имплементираа активности од Националната стратегија за млади и Акцискиот план за имплементација, со посебен акцент на следните приоритети: локална младинска работа, младинска партиципација, младинско вработување и квалитет на живеење.
Во насока на подготовка на Законот за млади изработена е Компаративна анализа на македонската и европската легислатива која го регулира статусот на младите.

*Краткорочни приоритети*
- Имплементација на Национална стратегија за млади
- Креирање на локални младински стратегии во 5 општини
- Изработка база на податоци со која ќе се воспостави мост помеѓу РМ и базите на податоци од интерес на младите во рамки на иницијативата во која веќе учествуваат Хрватска, Словенија и Црна Гора. Целта на т.н. информативен автопат е подобрување на позицијата на младите во општеството во матичните држави и регионот. Се очекува да се воспостават локални, регионални и национални партнерства со државните тела, локалните власти, институциите, економскиот сектор, невладините организации и поединците за квалитетно, национално спроведување на политиката за млади.

- Воспоставување механизми кои би го зголемиле младинското учество во донесување на одлуки во ЕЛС, во три општини

*Среднорочни приоритети*

- Донесување на Закон за млади. Законот се носи со цел усогласување со принципи и насоки поставени во стратешките документи од доменот на политиката на младите на ЕУ и Совет на Европа, кои спаѓаат во таканаречено " soft-law ", кое иако е незадолжително за одделните земји членки, претставува основа за развивањето на политиките и легислатива во област на млади. Референти документи се ЕУ Стратегија за млади " Младина – инвестирање и поттикнување " 2010-2018 година, Белата Книга за млади, Европска повелба за учество на младите во локалниот и регионалниот живот Советот на Европа и други
- Континуирана имплементација на Национална стратегија за млади

***Програми на Заедницата***

*Доживотно учење и Млади во акција*

Во тек е реализацијата на акцискиот план изготвен од МОН и Националната агенција за европски програми и мобилност (НАЕОПМ) за унапредување на меѓусебната соработка, со крајна цел подигнување на суспензијата на двете програми и рестартирање на повиците за финансирањето проекти преку Доживотно Учење и Млади во акција. МОН и НАЕОПМ активно работат на спроведување на акцискиот план добиен од страна на ЕК. МОН изврши второстепена контрола на регуларноста и системите за внатрешни контроли во процесот на работењето на НАЕОПМ.

Се изврши унапредување на поставената ИТ инфраструктура на НАЕОПМ и планирање на интеграција на сопствениот информатички систем со софтверските пакети препорачани од Европската Комисија.

Се направи Ревизија на Прирачникот за организација на работата на НАЕОПМ и неговите анекси и формулари. НАЕОПМ усвои нови, надградени верзии на следниве документи: Етички кодекс за вработените во НАЕОПМ; Прирачник за внатрешни процедури; Прирачник за финансиски процедури и Прирачник за спроведување на јавни набавки за постапки финансирани според договорот со Европска Комисија.

*Развивање на ефективен систем на мониторинг над НАЕОПМ од страна на МОН.*

*Краткорочни приоритети*

- Потпишување на ревидиран Договор за соработка помеѓу МОН и НАЕОПМ
- Изработка на Методологија за воспоставување на систем на второстепени контроли на работењето на НАЕОПМ
- Одобрување на Годишна работна програма на НАЕОПМ
- Јакнење на капацитетите преку студиски посети и обуки
- Второстепени контроли на работењето на НАЕОПМ
- Второстепени контроли на крајни корисници на НАЕОПМ

*Среднорочни приоритети*

- Континуиран мониторинг преку издавање годишна Декларација за гаранција за работењето на НАЕОПМ, одобрување на Годишната работна програма на НАЕОПМ, извршување на второстепени контроли на работењето на НАЕОПМ, и на крајни корисници на НАЕОПМ на годишно ниво

*Активности на Националната агенција за европски програми и мобилност во рамки на подготвителната фаза за учество во програмите на Заедницата*

*Краткорочни приоритети*

- Подготовка и усвојување на работни програми за подготвителната фаза 2011 за програмите Доживотно учење и за Млади во акција, со цел планирање на активностите и нивно имплементирање
- Потпишување на договор за подготвителната фаза во текот на 2011 година со Генералниот Директорат за образование и култура
- Организирање работилници за потенцијалните апликанти
- Подготовка и издавање на промотивни и информативни материјали наменети за сите целни групи
- Менаџирање на пилот проекти од двете програми Доживотно учење и Млади во акција

*Среднорочни приоритети*

- Дисеминација и експлоатација на резултатите од реализираните проекти во рамките на акциите од секторските програми
- Подготовки на Националната Агенција за учество во ЕУРОПАС и преземање на координација на овој инструмент по примерот на Националните Агенции во земјите членки на ЕУ
- Подготовки на НАЕОПМ за полноправно учество на Република Македонија во програмите Доживотно учење и Млади во акција

***Програма Европа за граѓаните** 2007 - 2013*

Платен влезен билет за учество на Република Македонија во Програмата. Организирани се 3 информативни денови за промоција на можностите. Добиени грантови: Општина Новаци доби грант во износ од 149.494,15 евра во рамките на Мерката 1.2 Networks of Twinned Towns (2009 – Phase 2); Општина Неготино доби грант во износ од 21.904,73 евра за Мерката 1.1. Town Twinning citizen's meetings (2009 – Phase 2). Партнерство во проекти чии носители се од други европски земји: Општина Кочани е партнер во проект чиј носител е Општина Мелисано од Италија, во рамките на Мерката 1.2: Networks of Twinned Towns (2010– Phase 1); Општина Дојран е партнер во проект чиј носител е Општина Медулин, Хрватска, во рамките на Мерката 1.2: Networks of Twinned Towns (2010– Phase 1).

*Краткорочни приоритети*

- Превод, подготовка и печатење на Водичот за Програмата Европа за Граѓаните 2007 – 2013 на македонски јазик
- Организирање посети и одржување на 5 презентации во општините во РМ за промоција на компонентите и пот - компонентите на Програмата
- Организирање и одржување Инфо денови за промоција на компонентите и поткомпонентите на Програмата
- Плаќање влезен билет за 2011 година

*Среднорочни приоритети*

- Ажурирање на базата на податоци на потенцијални учесници во Програмата
- Поддршка на партнерите во проектните конзорциуми од Република Македонија со цел имплементација на договорите
- Организирање Инфо денови за промоција на компонентите и поткомпонентите на Програмата
- Превод, подготовка и печатење на Водичот за Програмата Европа за Граѓаните 2007 – 2013 на албански јазик

### 3.26.2 **КУЛТУРА**

***Соработка во областа на културна политика***

*Македонско претседателство со Комитетот на министри на Советот на Европа*
Во рамки на македонското претседателство со Комитетот на министри на Советот на Европа успешно се реализира Министерската конференција "Општествената вредност на културното наследство во Европа". Во рамки на истата се потпиша Рамковната конвенција за вредноста на културното наследство за општеството" (ФАРО 2005). Во моментов во фаза е ратификацијата на „Рамковната конвенција за вредноста на културното наследство за општеството" во Собранието на Република Македонија. Преведена е "Белата книга на за меѓу - културен дијалог" на Советот за Европа на македонски и ромски јазик.

Потпишана се Програми за соработка во областа на културата меѓу Министерството за култура на Република Македонија и Министерствата за култура на повеќе држави членки на ЕУ за периодот 2010-2013 година.

Во областа на афирмирање на културите на другите заедници во РМ беа реализирани активности во насока на организација на манифестации со кои се придонесува кон негување на културниот идентитет на граѓаните од различно етничко потекло, активности во центрите за култура, стимулирање на творештвото создавано на јазиците на заедниците, етнолошки и историски изложби со кои се презентираат културните специфики на заедниците.

*Проект за дигитализација на културното наследство*
Продолжи имплементацијата на Проектот за дигитализација на културното наследство поддржан од УНЕСКО. Во рамките на работата на Центарот за дигитализација на културното наследство се започна со поврзување и ставање во функција WPN мрежата помеѓу Центарот за дигитализација, Управата за заштита на културно наследство и останатите институции

за заштита на културното наследство и се одржа регионалната работилница за дигитализација на културното наследство успешно во Скопје во текот на откмври 2010 година.

*Краткорочни приоритети:*

- Усвојување на Национална стратегија за дигитализација на културното наследство
- Поврзување и ставање во функција WPN мрежата помеѓу Центарот, Управата и сите институции за заштита на културното наследство во рамките на активностите за реализација на проектот „Регионален центар на УНЕСКО за дигитализација на културното наследство на земјите од Југоисточна Европа

*Регионалната програма за културно наследство на југоисточна Европа Советот на Европа и на Европската Комисија - Љубљански процес 2*

Изведена е координација на проектите од Регионалната програма за културното и природното наследство на Југоисточна Европа, заедничка акција на Советот на Европа и Европската комисија: компонента Б план/Процена на архитектонското и археолошкото наследство на Југоисточна Европа (2003-2009) и компонента Ц – Пилот проект за локален развој (регионот на Дебар и Река) и почнати се активности за продолжување на проектот од Компонента Б во рамките на новиот проект наречен Љубљански процес 2.

*Краткорочни приоритети:*

- Реализацијата на ИПА проектот „Ревитализација на црковниот комплекс „Св. Ѓорѓи“
- Подготвување Проектно фише за ,,Ревитализација и адаптација на Ѓулшен амам” во Скопје, со цел финансирање во рамки на ИПА
- Формирање на управувачки тела за имплементација на активностите од Пилот проектот за локален развој - компонентата Ц од Регионалната програма за културно наследство на Југоисточна Европа
- Имплементација на активностите од Пилот проектот за локален развој

*Развој на Креативни индустрии*

*Краткорочни приоритети:*

- Формирање работна група во рамки на Министерството за култура задолжена за координација на имплементацијата на Националната Стратегија за развој на креативни индустрии
- Имплементацијата на Стратегија за креативни индустрии

*Соработка со УНЕСКО*

Во рамките на Програмата за партиципација на УНЕСКО за 2010-2011 Република Македонија поднесе десет предлог – проекти.

*Програмата на Заедницата „Култура“ 2007 – 2013*

ККТ Македонија во текот на 2010 континуирано реализираше активности за промоција и информирање за можностите на Програмата Култура 2007– 2013. Се реализираа 11 инфо денови и неколку медиумски кампањи. Беа реализирани редовни индивидуални состаноци со културните оператори за подготовка на апликации.

Се потпиша Грант Договорот за ККТ Македонија за 2010 година и постапката за рефундирање на влезниот билет за 2010 година е во тек. Во рамките на повикот за 2010 одобрени се 5 проекти во кои се вклучени културни оператори од Република Македонија со статус на ко - организатор и 7 проекти за Дел 1.2.2 Литературни преводи.

*Краткорочни приоритети*

- Финализирање на правната процедура со која ќе се регулира финансиската контрибуција на националните власти за кофинансирање на успешните проекти
- Реализација на 11 инфо настани од страна ККТ Македонија
- Промоција на програма Култура на 4 културни настани организирани од страна на други културни организации
- Реализирање 12 инфо денови и информативни состаноци во соработка со Културно контактни точки на земјите учеснички во Програмата
- Промоција и дисиминација на информации за Програмата и за резултатите од програмата, успешни проекти преку печатените материјали, информативна табла за ККТ канцеларијата и промотивен материјал за културните оператори
- Спроведување на медиумски кампањи преку печатените и електронските медиуми за промоција на Програмата Култура

- Учество на 8 транснационални настани во организација на Културно контактните точки од земји учеснички ( Белгија, Франција, Грција, Бугарија, Хрватска, Србија и Словенија)
- Објавување на листа на македонските културни оператори на македонски и англиски јазик од базата на податоци на ККТ Македонија на веб страна со цел обезбедување видливост и олеснување на соработка со културните оператори од останатите земји

*Среднорочни приоритети*

- Континуирана промоција на програмата Култура
- Реализирање на Меѓународен панел од областа на културна политика на ЕУ и Програмата Култура
- Редовно ажурирање на веб страната на ККТ со нови содржини за Програмата, ЕУ фондовите, активности на ККТ Македонија, претстојните културни настани
- Ревидирање и одржување на база на податоци за културните оператори во РМ и нивно вмрежување со европските
- Одржување на индивидуални состаноци со културните оператори со цел информирање за Програмата и континуирано обезбедување на техничка помош на апликантите при подготовка на проектните апликации

### 3.27 **ЖИВОТНА СРЕДИНА**

### 3.27.1 **ХОРИЗОНТАЛНО ЗАКОНОДАВСТВО**

*Тековна состојба*

Владата на Република Македонија ја донесе Програмата за инвестирање во животната средина за 2010 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/2010 година) со која се алоцираа 122.500.000,00 денари за финансирање и кофинансирање на проекти од областа на животната средина за 2010. Беше објавен конкурс за реализација на програмата ( "Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2010 ), а резултатите од конкурсот во врска со избраните субјекти и проекти беа објавени во „Службен весник на Република Македонија" бр. 65/2010 година, при што се распределија 61.000.000,00 денари.

Во текот на 2010 година се направија две измени и дополни на Законот за животна средина. Со првата измена („Службен весник на Република Македонија" бр.48/2010) се врши понатамошна транспозиција на ЕУ директивата 32001L0042, подетално се разработува начелото „молчење на администрацијата" и се врши измена на надоместокот за моторни возила и пловни објекти кои се во насока на усогласување на Законот со Законот за задолжително осигурување на сообраќајот.

Со втората измена („Службен весник на Република Македонија" бр.124/2010) се воведоа мерки за унапредување на казнената политика со спроведување на постапка за едукација за одредени прекршоци. Воедно се извршија измени заради усогласување и исполнување на обврските на Република Македонија кои произлегуваат Монтреалски протокол за супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка и амандманите кон истиот.

Во втората половина на 2010 година беше донесен Закон за ратификација на Протоколот за регистри на загадувачи и пренос на загадувачки материи („Службен весник на Република Македонија" бр. 135/2010) и Закон за ратификација на мултилатералниот договор меѓу земјите на Југоисточна Европа за спроведување на Конвенцијата за оценување на влијанијата врз животната средина во прекуграничен контекст („Службен весник на Република Македонија" бр. 157/2010).

Согласно Законот за животна средина се донесоа/подготвија следните подзаконски акти:

- Правилник за формата, содржината, целите, начинот на изработка, видот на изворите на податоци кои се користат за изработка на извештајот како и начинот на оценување на извештајот („Службен весник на Република Македонија бр 81/2010), со кој се транспонира ЕУ мерката 31991L0692;
- Правилник за начинот на спроведување на прекугранични консултации („Службен весник на Република Македонија бр.110/2010), со кој транспонира Директивата 32001L0042 за оцена на влијанието врз животната средина од планови и програми;
- Правилник за мерките на ремедијација на сторената еколошка штета, кој ја транспонира ЕУ директивата 2004L0035 (доставен на објавување во Службен весник);
- Правилник за професионални активности со чие вршење може да настапи одговорност за еколошка штета, критериумите за определување на постоење на еколошка штета и случаите во кои нема да настапи одговорност за еколошка штета, кој ја транспонира ЕУ директивата 2004L0035 (доставен на објавување во Службен весник);
- Правилник за формата, содржината, методологијата и начинот на водењето на Регистарот на испуштање и пренесување на загадувачи, во кој се транспонира ЕУ Регулативата 32006R0166 за формирање на Европскиот регистар за испуштање и пренесување на загадувачи (во меѓуресорска консултација);
- Уредба за формирање на државна мрежа за мониторинг на животната средина која се состои од државните мрежи за мониторинг на одделни медиуми и области на животната средина: воздух, води и бучава (во фаза на донесување).

Во јуни 2010 година по петти пат се спроведе скрининг, односно Прогрес мониторинг во областа на животната средин со кој се оценува степенот на приближување на националното законодавство на Република Македонија кон законодавството на Европската унија. Прогрес мониторингот се води во рамките на RENA во соработка со Европската комисија - ГД за животна средина, додека пак Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) како одговорно министерство за спроведување на обврските од Поглавјето 27 за животна средина, е надлежно за негово спроведување.
Во рамки на процесот за проценка на влијание на регулативата (Regulatory impact assessment process– RIA), МЖСПП подготви РИА обрасци за законите од областа животна средина и истите редовно ги објавува на веб страната ЕНЕР.

Во 2010 година од областа на хидрометеоролошките работи, донесени се следните подзаконски акти со кои се изврши делумно транспонирање на Директивите 32000L0060, 31992L0062, 31999L0030, 32002L0003 и 32000L0069:

- Правилник за постапките и начинот на набљудувања и мерења на квалитативните карактеристики на водите во мрежата на хидролошки станици („Службен весник на Република Македонија“ бр.33/2010), со кој се дефинира аналитичките методи за одредување на содржината на супстанции во површинските и подземните води, а со цел да се дефинира морфолошкиот и хемискиот статус односно потенцијал на водите;
- Правилник за основите на прогностичкиот систем и постапките за прогноза на квалитетот на воздухот, водите и на почвата („Службен весник на Република Македонија“ бр.22/2010), со кој се утврдија можните прогностички модели кои можат да се користат, постапката на прогнозирање на епизоди со загадување на воздухот или ненадејни и вонредни загадувања на водите и
- Правилник за постапките и начинот на набљудувања и мерења на квалитативните карактеристики на воздухот, врнежите и почвата во мрежата на метеоролошки станици („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/2010).

МЖСПП редовно врши собирање, обработување и соодветно чување на податоци и информации добиени преку мониторинг мрежата за сите медиуми во животната средина и областите - воздух, води, бучава, почва и отпад. МЖСПП доставува 75% од вкупно бараните податоци до Европската Агенцијата за животна средина (ЕЕА)каде фигурира со статус на набљудувач и е дел од работните групи во рамки на Агенцијата. Во текот на 2010 година се изработи делот Ц од Европскиот извештај за состојбата на животната средина за 2010 година на ЕЕА, во кој се даде посебен осврт за состојбата на животната средина во Македонија, врз основа на заеднички проблеми на земјите од Европа. Идентификувани како главни приоритети се издвојуваат 8 теми (воздух, вода, биолошка разновидност, климатски промени, отпад, почва, различност на земјата во однос на останатите и специфични проблеми на национално ниво), за кои земјите од Европа подготвија национални извештаи. Овој документ е од огромно значење за Република Македонија бидејќи прв пат е вклучена со посебен дел, во извештај за состојбата на животната средина на ЕЕА. Во тек се подготвителни активности за претстојната министерска конференција за животна средина која ќе се одржи во Астана во 2011 година.

Во текот на 2010 година преземени се низа активности за подигање на свеста на јавноста преку одбележување на денови од еколошкиот календар, промоции, презентации, работилници, консултативни средби и емитување ТВ емисии со еколошки теми.

Согласно Законот за животна средина во 2010 година Комисиите за полагање на стручен испит за експерти за оцена на влијание врз животна средина и за полагање на стручен испит за експерти стратешка оцена врз животната средина продолжија со континуирана работа. Во рамки на работата на Комисиите спроведени се три испита за оцена на влијание врз животната средина и за стратешка оцена врз животната средина. Како резултат на спроведените испити формирана е листата на експерти за оцена на влијанието врз животната средина со 31 експерти за оцена на влијанието врз животната средина и листата на експерти за стратешка оценка на влијанието врз животната средина која има 12 експерти за стратешка оцена.

Спроведувањето на прекршочните постапки и постапките за посредување и понатаму ќе бидат редовни активности на Комисијата за прекршоци и Комисијата за посредување.

Владата на РМ во јануари 2010 година ја донесе Националната стратегија за одржлив развој која ја нуди визијата и политиката за одржлив развој во перидот до 2030 година и врз нејзина основа го формираше Националниот Совет за одржлив развој („Службен весник на Република Македонија” бр. 8/2010). Со овој Совет претседава заменик претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања, а го сочинуваат претставници на 9 државни органи, Собранието на РМ, МАНУ, 4 факултети, Стопанска комора и НВО ДЕМ. Истиот ќе биде консултативно тело на Владата на Република Македонија за политиката за одржлив развој. За вршење на експертската, логистичка и техничка работа на Советот е предвидено формирање на Канцеларија за одржлив развој, а до нејзиното формирање овие активности ги врши МЖСПП.

Во 2010 година продолжија и активностите од програмата GLOBE. Вклучени се 2 нови училишта во GLOBE Програмата - едно средно училиште од Скопје и едно основно училиште од Прилеп. Вкупниот број на досега вклучени училишта е 19. Беше одржана годишната конференција на Националните координатори од Европа во рамките на која се одржаа обуки за GLOBE професорите со цел да се зајакнат капацитетите во постигнување на подобри резултати во едукацијата на учениците. Во обуката на GLOBE професорите, посебно внимание беше посветено на кампањата за климатски промени што е и главна тема на претстојниот GLOBE Самит на млади кој ќе се одржи во Холандија во 2012 година. GLOBE конференцијата на Националните координатори од Европа се одржа во периодот од 01 јуни до 07 јуни 2010 година во Охрид и на истата присуствува претставници од 23 земји од Европа, претставници од GLOBE Америка, научници и професори.

Во 2010 година започна проект „ Зајакнување на капацитетите на централно и локално ниво за спроведување на на стратешка оцена за животната средина ( СЕА )“, финансиран од Кралството Холандија кој ќе се спроведува до крајот на 2011 година. Во рамки на проектот се реализира работилници со цел подигнување на јавната свест за стратегиската оцена како и за подигнување накапцитетите на државните службеници на централно и локално ниво за спроведување на стратегиската оцена. Воедно, се воспостави интернет портал ( веб страна) за СЕА достапна на македонски, албански и англиски јазик се со цел зголемување на можноста за учество на јавноста во донесувањето на планските документи. Избрани се два пилот проекти за кои е потребно задолжително спроведување на постапката за СЕА (План за управување со речен слив за Преспа Парк и Генерален урбанистички План за Скопје).

Во 2010 во рамките на проектот„Техничка помош во подготовката на подзаконски акти од областа на еколошката одговорност“, финансиран од Кралството Холандија се одржа работилница за еколошка штетета, во организација на УНДП на која беше презентиран текстот на подзаконските акти за еколошка штета како и брошурата за еколошка штета.

МЖСПП започна со активности за воспоставување на државна мрежа за мониторинг на медиумите и областите за животна средина со формирање на работна група за мониторинг на вода, воздух и бучава, составена од претавници на: Министерството за економија, Институтот за јавно здравје на РМ, Министерство за внатрешни работи, Министерство за здравство, Управа за хидрометеоролошки работи, Градежен факултет, технолошко-металуршки факултет, Архитектонски факултет, Аеродром Александар Велики, Агенција за државни патишта и Акционерско друштво за аеродромски услуги. Направен е преглед на мониторинг станците и параметрите за кои се врши мониторинг на вода, воздух и бучава врз основа на податоците доставени од надлежните институции. Оваа работна група ја подготви предлог Уредбата за формирање на државна мрежа за мониторинг на медиумите и областите за животна средина.

МЖСПП на 25.03.2010 година номинираше ново контакт лице (focal point) и негов заменик (deputy focal point) од Република Македонија за Конвенцијата на обединтетите нации за борба против опустинување. Истите, во периодот од 7 до 10 Јуни 2010 присуствуваа на работилница на тема „Регионална иницијатива за мобилизирање на финансиски ресурси за зајакнување на процесот на имплементација на Конвенцијата на обединетите нации за борба против опустинувањето во регионот на централна и источна Европа“, во организација на Министерството за животна средина на Република Чешка. МЖСПП во периодот кој следи ќе се фокусира на обезбедување на финансиски средства од меѓународни и билатерални донатори за изработка на методологијата и на Националниот план за справување со опустинувањето и ублажување на ефектите од суши, усогласени со Стратегијата и Конвенцијата за борба против опустинувањето.

Во мај 2010 започна втората фаза од проектот „Поддршка на националните подготовки за членство во ЕУ од областа на животната средина гледано од перспектива на земја членка“ помеѓу МЖСПП) и Шведската Агенција за заштита на животната средина (СЕПА). Во рамки на проектот се организираше работилница „Пристапување кон ЕУ во областа на животната средина“ во (14-17.09.2010 година) Скопје, која претставуваше можност за размена на искуства и практики помеѓу Македонија и земјите членки на ЕУ Шведска и Литванија. Работата во групи во кои практично се подготвуваа преговарачки позиции и инструкции за 4 ЕУ директиви од областа на животната средина ( отпад, води, воздух и природа ) придонесе за јакнење на способностите на државните службеници успешно да се соочат со предизвикот на пристапните преговори со ЕУ. Исто така, беше подготвен и промовиран нацрт Прирачник за работа за прашања поврзани со ЕУ во областа животна средина.

Се одржа TAIEX работилница за ЕУ Директивата за заштита на животната средина преку Кривичниот закон на која учествуваа претставници од МЖСПП, Судската власт во Република Македонија, релевантните министерства, локална власт и НВО.

Во 2010 година одобрено е проектното фише за ИПА проектот од компонента 1 за 2010 „Зајакнување на административните капацитети на централните и локални инспектори за имплементација и примена на законодавството во животната средина“. Проектот е предвидено да има 2 компоненти, во вредност од 3 милиони евра и ќе трае 18 месеци.

**КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ**

Република Македонија пристапи кон Договорот од Копенхаген, на што претходеше тркалезна маса за пристапување на Република Македонија кон Договорот од Копенхаген со рапортирање на мерките и акциите за намалување на климатските промени од усвоениот втор национален план за климатски промени. Тркалезната маса беше организирана од МЖСПП и на неа учествуваа претставници на релеванитните министерства, факултети, МАНУ, невладини организации и заинтересирани страни.

Собранието на Република Македонија на 95-та седница на 1 март 2010 година усвои Резолуција за влијанието на климатските промени во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.31/2010).

Во рамките на Секторот за одржлив развој и инвестиции во МЖСПП се формира посебно Одделение за климатски промени.

Република Македонија продолжи да ја јакне билатералната соработка во областа на хидрометеоролошките работи со земјите од регионот преку потпишување на:

- Меморандум за разбирање и соработка во научно техничките области на метеорологијата и хидрологијата помеѓу Управата за хидрометеоролошки работи на Република Македонија и Националниот институт за метеорологија и хидрологија при Бугарската академијата на науките на Република Бугарија на 9.04.2010 година.
- Меморандум за разбирање и соработка во научно техничките области на метеорологијата и хидрологијата помеѓу Управата за хидрометеоролошки работи на Република Македонија и Сојузниот хидрометеоролошки завод на Босна и Херцеговина на 29.04.2010 година.

Исто така, на 8ми јули 2010 потпишан е официјален договор за лиценца за бесплатно користење на сателитски продукти и информации од ЕУМЕТСАТ во период 2010-2013 година, со писма со размена, според Виенската конвенција за меѓународно право.

Капацитетите на УХМР се јакнеа со многубројни учества на обуки од областа на метеорологијата и хидрологијата, од кои, поважни се: Учество на неформална конференција, 10-та сесија, на директори од ЈИ Европа, од 21-22.09.2010 во Истанбул, Турција, организатор Турската државна метеоролошка служба.

Во месец мај 2010 извршена е имплементација на софтвер за биометеоролошка прогноза на web страната на Управата за хидрометеоролошки работи (УХМР). Исто така завршена е инсталацијата на опремата за детекција на молњи, која е дадена на времена употреба од страна на Германската служба ЛИНЕТ сензори. Добиена е донација за прием на податоци од METEOFRANCE; донација хардверски и софтверски пакети за МЕТЕОАЛАРМ и METVIEW, од проектот Disaster Risk Reduction (DRR), финансиран од СМО и УНДП; донација од ЕУМЕТСАТ, сателитски приемник, преку проектот DAWB. Набавени се 43 контакт-метри за мерење на нивото на подземна вода и 25 термометри со куќиште за мерење температура на вода. Успешно е реализирана миграцијата на метеоролошките SYNOP извештаи (од Македонските метео станици) од Традиционалните алфа нумерички шифрирани податоци (TDCF- Table Driven Code Format) во бинарен BUFER код и обратно – се изврши декодирање на SYNOP BUFER извештаите од метео мрежата од Европа и светот. Монтирани се и поврзани со УХМР автоматска метеоролошка и хидролошка станица на Голема река во Ресен, со финансиски средства на УНДП.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2011 година предвидено е изменување и дополнување на Законот за животна средина во насока на подобрување на постапката за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина од стратегии, планови и програми.

Исто така, ќе се изврши анализа на обврските кои произлегуваат од INSPIRE Директивата и Директивата за еколошки криминал и ќе се предложи концепт за нивно транспонирање во националнот законодавство земајќи ги во предвид и финансиските трошоци и институционалните капацитети кои ќе бидат потребни за транспозиција и имплементација на истите.

Во средината на 2011 година ќе започне постапка за изработка на Извештај за состојбата со животната средина што произлегува како обврска од Законот за животна средина и согласно Правилникот за формата, содржината, целите, начинот на изработка, видот и изворите на податоци за изработка на извештај за состојбата на животната средина („Службен весник на Република Македонија бр 81/2010). Воедно ќе се изработи и Преглед на состојбите со животната средина во соработка со Европската економска комисија на Обединетите Нации.

Во делот на зајакнување на капацитетите на локално ниво во 2011 година е предвидено донесување на План за управен надзор над работата на ЕЛС, со кој ке се определат областите во кои ќе се изврши управен надзор во периодот за 2011 година. Планот ќе го донесе министерот за животна средина и просторно планирање. Управниот надзор ќе се врши од страна на Комисија формирана за таа цел.

**КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ**

Како краткорочни приоритети на УХМР во 2011 година предвидена е изработка на Националниот план за справување со опустинувањето и ублажувањето на ефектите од суши кон Конвенцијата на ООН за борба против опустинувањето во земјите што се соочуваат со сериозни суши и/или со опустинување, особено во Африка од 2002 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Покрај зајакнување на капацитетите на централно ниво ќе се зајакнат и капацитетите на локално ниво за реализирање на обврските во надлежност на единиците на локална самоуправа (ЕЛС) согласно прописите од областа на животната средина. Ова ќе се направи преку обезбедување нови вработувања и реализирање обуки и други активности за спроведување на обврските од прописите од областа на животната средина, вклучувајќи ги и инспекторите за животна средина на локално ниво и истите ќе се однесуваат на:

- спроведување на постапката за стратешка оценка на влијанието врз животната средина;
- зајакнување на капацитети на централно и локално ниво и на индустријата во врска со обврските кои произлегуваат од Законот за ратификација на Протоколот за Регистарот на загадувачи и Правилникот за Регистарот на загадувачи, донесен врз основа на Законот за животна средина;
- зајакнување на капацитети на централно и локално ниво во врска со прописите за одговорност за штета во животната средина .

Во наредниот период ќе се продолжи со подржување на реализирање проекти на ЕЛС за изградба на инфраструктурни објекти во областа на отпадот и водите, како и во други области финансирани преку годишната Програма за инвестирање во животната средина за 2011 година и преку буџетите на МЖСПП и Министерството за транспорт и врски (МТВ).

Во 2011 година ќе продолжи да се реализира проектот „Поддршка на националните подготовки за членство во ЕУ од областа на животната средина гледано од перспектива на земја членка, фаза 2 “. Ќе се донесе Прирачникот за работа за прашања поврзани со ЕУ во областа животна средина. Исто така, ќе се организираат ЕУ работилници и работилници за општините и невладиниот сектор со цел зајакнување на капацитетите на администрацијата и засегнатите страни за спроведување на преговори за членство во ЕУ.

Во овој период ќе се продолжи со спроведувањето на проектот „ Зајакнување на капацитетите на централно и локално ниво за спроведување на на стратешка оцена за животната средина (СЕА ), поддржан од Кралството Холандија.

Во 2011 во рамки на проектот ИПА компонента 1 за 2010 „Зајакнување на административните капацитети на централните и локални инспектори за имплементација и примена на законодавството во животната средина“, ќе се развие и ќе се усвои TOR –от со што се очекува негово тендерирање и започнување со реализација.

Со цел формирање на Државната мрежа за мониторинг на медиумите и областите во животната средина, во овој период ќе продолжат активности за проценка на постојните мрежи (мониторинг станици) кои вршат мерења на квалитетот на медиумите (вода и воздух) и областите (бучава) на животната средина.

Во овој период ќе продолжат активностите од програмата GLOBE во рамките на која се предвидува одржување на обуки за обучувачи на тренери за спроведување на програмата и набавка на опрема за училиштата за спроведување на програмата GLOBE.

**КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ**

Во овој период ќе се продолжи со спроведувањето на повеќе проекти од областа на намалувањето и прилагодувањето кон климатските промени како што се: Проектот на СЗО за прилагодување на здравствениот систем кон климатските промени, Проектот за намалување на климатските промени преку подобрување на енергетската ефикасност во секторот згради како дел од Програмата поддржана од Австриската Влада за енергетска ефикасност во зградите, Проектот за почиста и поефикасна индустрија во Македонија од Владата на Кралството Норвешка, како и проектите според механизмот за чист развој во рамките на билатералната Програма за соработка со Италијанското министерство за животна средина, територија и море.

Ќе се изврши зајакнување на капацитетите на УХМР со нови вработувања и со стручно оспособување и усовршувањена вработените и зајакнување на потенцијалите на Управата за подготвување точни прогнози на времето и предупредувања, поточни климатски предвидувања и проценки и попрецизни хидролошки прогнози и проценки.

Ќе се одржат повеќе работилници и обуки, вклучувајќи ја и ЕУМЕТСАТ работилница за земјите од Западен Балкан и Источна Европа.

Воедно ќе се изврши санација и реконструкција на градежните објекти на главните метеоролошки станици во Република Македонија како што се: Демир Капија, Гевгелија и Скопје-Петровец (аеролошка станица), изградба на нови метеоролошки станици или нивна дислокација: Струмица и Гевгелија, ќе се изврши набавка на автоматски метеоролошки станици, набавка на метеоролошка опрема и инструменти и друга опрема за потребите на метеоролошките станици, изградба на

нови пиезометри-дупнатини за следење на нивото на подземна вода на подрачјето на Република Македонија, набавка на информатичка опрема, надградба на софтвер за метеоролошки податоци КЛИ дата, набавка со вградување на софтверски пакет за прогноза на поплавни бранови, набавка на софтвер за пресметување на протек.

Република Македонија преку УХМР работи ќе аплицира за асоцијативно членство во ECMWF (Европски центар за среднорочна временска прогноза), EUMETNET (Европска мрежа на метеоролошки и хидролошки мониторинг систем) и EUPOALARM (Европски систем за предупредување и најава на интензивни неповолни метеоролошки појави).

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2012 година ќе се донесе Извештај за состојбата со животната средина.

Во текот на 2012 се планира усвојување на Протоколот за стратешка оцена на животната средина кој произлегува од Конвенцијата за оцена на влијанието врз животната средина во прекугранични контекст (Конвенција ЕСПО), ратификувана од РМ („Службен весник на Република Македонија“.бр. 44/2009).

До крајот на 2013 година е предвидено транспонирање на Директивата за еколошки криминал и INSPIRE Директивата (2007/2/ЕЗ) во националното законодавство.

Во периодот од 2012- 2013 година, одделно за секоја година ќе се подготви и донесе нов план за управен надзор за оние области од областа на животната средина кои не се опфатени со претходно донесениот план од 2011 година.

**КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ**

Во овој период се планира започнување со процесот на транспонирање на Директивата за трговија со емисии 32003L0087, како и активности за создавање услови за нејзино полесно имплементирање во периодот после 2012 година кога завршува првиот период на обврски според Протоколот од Кјото. Предвидено е да се започне со анализа на легислативата со цел да се определат подзаконските акти со кои ќе се уредат климатските промени и механизмот за чист развој согласно Законот за животна средина, а особено оние кои се однесуваат на условите, начинот и постапката за изготвување на Националниот инвентар на антропогени емисии по извори и понори на стакленички гасови, како и постапката, начинот, формата и поблиските услови за утврдување на соодветноста, поднесувањето и одобрувањето на проектите за чист развој.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во наредниот период ќе продолжат активностите за зајакнување на капацитетите на органите во состав на МЖСПП и тоа: Управата за животна средина (МЖСПП_УЖС) и Државниот инспекторат за животна средина (МЖСПП_ДИЖС), органи во состав на МЖСПП, преку нови вработувања, набавка на опрема за МЖСПП_ДИЖС и обуки во однос на спроведување на прописите од областа на животна средина.
Во 2012 година е планирано реализирање на една од мерките на Владата на Република Македонија за казнена политика, а тоа е промена на статусот на ДИЖС од орган во состав без својство на правно лице во орган во состав во својство на правно лице.

Во 2012 ќе се продолжи со реализација на прокетот од ИПА компонента 1 за 2010 година со што ќе се обезбеди зајакнување на капацитетите за инспекциски надзор на државните и локалните инспектори за животна средина.

До крајот на 2013 година предвидено е воспоставување на Регистарот на загадувачи и негово функционирање.

Исто така, во овој период ќе се зајакнат капацитетите на Просторно информативниот систем како орган во состав на МЖСПП и Македонскиот информативен центар согласно потребите за спроведување на обврските кои ќе произлезат од INSPIREДирективата.

Во овој период планирано е зајакнување на капацитетите на МЖСПП преку: нови вработувања; техничко опремување и обезбедување на обуки на вработените во надлежните институции за спроведување на законските обврски и прописите за одговорност за штета во животна средина; обуки за имплементација на Е-ПРТР и моделирање со податоци, користење на софтверска апликација од ПРТР; обуки за информатичка технологија; набавка на опрема за мониторинг, моделирање и за национален информативен систем.

Истовремено планирано е да се продолжи со зајакнувањето на капацитетите на ЕЛС за управување со животната средина на локално ниво, преку обезбедување на: нови вработувања; техничко опремување и обезбедување на обуки на вработените во надлежните институции на локално ниво за спроведување на законските обврски што произлегуваат од областа на животната средина.

Реализирањето на кампањи за подигнување на јавната свест во животната средина ќе продолжи континуирано во овој период, како и поттикнувањето на образовни, истражувачки и развојни студии, програми и проекти за заштита и унапредување на животната средина и природата.
Ќе се продолжи со одржување на Листата на експерти за оцена на влијанието врз животната средина и Листата на експерти за стратешка оценка на влијанието врз животната средина.

Во овој период ќе продолжи доставувањето податоци и соработката со ЕЕА, со цел да се обезбеди што е можно поголем процент на доставување на податоци за животната средина.

Ќе се изврши надградување на Државната мрежа за мониторинг на медиумите и областите во животната средина.

Во овој период ќе продолжат активностите во рамки на проектот „Поддршка на националните подготовки за членство во ЕУ од областа на животната средина гледано од перспектива на земја членка, фаза 2 " и истиот ќе заврши заклучно со крајот на 2012 година.

Воедно ќе продолжи со поддршката за реализирање проекти на ЕЛС за изградба на инфраструктурни објекти во областа на отпадот и водите, како и во други области финансирани преку годишните програми за инвестирање во животната средина и преку буџетот на МЖСПП и МТВ.

**КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ**
Зајакнувањето на потенцијалите на УХМР за изготвување точни прогнози на времето и предупредувања, поточни климатски предвидувања и проценки и попрецизни хидролошки прогнози и проценки ќе продолжи. Ќе се преведат и усогласат упатствата од Светската метеоролошка организација за утврдување на критериуми за формирање и воспоставување и начин на работа на државната хидрометеоролошка мрежа на станици и за изградба, опремување, одржување, работа, заштита и развој на државната хидрометеоролошка мрежа на станици.

Во овој период ќе продолжи јакнењето на административниот капацитет со нови вработувања и ќе се продолжи со реализација на претходно превземените активности поврзани со санација, реконструкција на градежните објекти на главните метеоролошки станици во Република Македонија, автоматизирање на метеоролошките инструменти и размената на метеоролошките информации.

Ќе се превземат активности за обновување и модернизација на мрежата на хидролошки станици за површински и подземни води и опремување на истите со софистицирана опрема; набавка на нов радарски систем за покривање на југоисточниот дел на Република Македонија (триаголникот: Кавадарци-Струмица-Гевгелија), обнова на телекомуникацискиот систем, изработка на централна база на хидрометеоролошки податоци, акредитација на лабораторија за детерминирање на загадувачки материи и супстанции во водите, воздухот и почвата, набавка на теренски возила за оперативни активности, набавка на автоматски метеоролошки станици, како и техничко опремување на Управата (административно-техничко и информатичко опремување).

Исто така ќе се продолжи со спроведување обуки за потребите на вработените од областа на хидрологијата, метеорологијата, прогноза на времето, климатологијата, агрометеорологијата, вештачкото влијание на времето и заштита од град, следење на квалитетот на водите и воздухот.

### 3.27.2 **КВАЛИТЕТ НА ВОЗДУХОТ**

*Тековна состојба*
Во текот на 2010 година продолжи усогласувањето на националното законодавство со ЕУ acquis преку донесувањето на следните подзаконски акти:

- Правилник за количините на горните граници-плафоните на емисиите на загадувачките супстанции со цел утврдување на проекции за одреден временски период кои се однесуваат на намалувањето на количините на емисиите на загадувачките супстанции на годишно ниво (Службен весник на Република Македонија бр. 2/2010) со кој се изврши транспонирање на ЕУ мерката 32001L0081;

- Правилник за граничните вредности за дозволените нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (Службен весник на Република Македонија бр. 141/2010) со кој се изврши транспонирање на следните ЕУ мерки 32001L0080, 31999L0013,32008L0001; 31996L0061; 31999L0013; 31994L0063;
- Закон за изменување и дополнување на Законот за квалитет на амбиентниот воздух (Службен весник на Република Македонија бр. 35/2010) со кој се изврши транспонирање на ЕУ мерките 32001L0081, 32001L0080.

Донесени се 8 Закони за ратификација на Протоколи кон Конвенцијата за далекосежно прекугранично загадување на воздухот од 1979 година, кон кои има пристапено и ЕУ  и со ова РМ ги ратификуваше сите протоколи кон оваа Конвенција:
- Закон за ратификација на Протоколот кон Конвенцијата за далекосежно прекугранично загадување на воздухот од 1979 година за намалување на емисиите на сулфур или на нивното прекугранично пренесување најмалку за 30 проценти (Службен весник на Република Македонија бр. 24/2010);
- Закон за ратификација на Протоколот кон Конвенцијата за далекосежно прекугранично загадување на воздухот од 1979 година за контрола на испуштањето азотни оксиди или за нивно прекугранично пренесување (Службен весник на Република Македонија бр. 24/2010);
- Закон за ратификација на Протоколот кон Конвенцијата за далекосежно прекугранично загадување на воздухот од 1979 година за контрола на емисиите на испарливите органски соединенија или на нивното прекугранично пренесување (Службен весник на Република Македонија бр. 24/2010);
- Закон за ратификација на Протоколот кон Конвенцијата за далекосежно прекугранично загадување на воздухот од 1979 година за долгорочно финансирање на Програмата за соработка за мониторинг и оценување на далекосежното пренесување загадувачки супстанции во воздухот во Европа (ЕМЕП) (Службен весник на Република Македонија бр. 24/2010);
- Закон за ратификација на Протоколот кон Конвенцијата за далекосежно прекугранично загадување на воздухот од 1979 година во врска со понатамошното намалување на емисиите на сулфур (Службен весник на Република Македонија бр. 24/2010);
- Закон за ратификација на Протоколот за тешки метали од 1998 година кон Конвенцијата на UNECE од 1979 година за далекусежно прекугранично загадување на воздухот (Службен весник на Република Македонија бр. 135/2010);.
- Закон за ратификација на Протоколот за перзистентни органски загадувачи (ПОПс) од 1998 година кон Конвенцијата на UNECE од 1979 година за далекусежно прекугранично загадување на воздухот (Службен весник на Република Македонија бр. 135/2010)
- Закон за ратификација на Протоколот за намалување на закиселувањето, еутрофикацијата и приземниот озон од 1999 година кон Конвенцијата на UNECE од 1979 година за далекусежно прекугранично загадување на воздухот (Службен весник на Република Македонија бр. 135/2010).

Донесени се односно подготвени се следниве подзаконски акти кои, иако не транспонираат ЕУ мерки се од голема важност за националното законодавство од областа на воздух:
- Правилник за формата, методологијата и начинот на водење и одржување на катастарот на загадувачи на воздухот(Службен весник на Република Македонија бр. 92/2010).
- Правилник за поблиските услови за вршење на определени видови стручни работи во поглед на опрема, уреди, инструменти и соодветни деловни простории кои треба да ги исполнуваат субјектите за мониторинг на квалитетот на амбиенталниот воздух.

Во текот на 2010 година се донесе Програмата за работа на Државната автоматска мониторинг мрежа за квалитет на амбиентен воздух за 2011 година, која мрежа е управувана од МЖСПП.

Заштитата на квалитетот на воздухот во Република Македонија е институционализирана со работата на повеќе органи и тела на државната управа и на јавниот сектор кои имаат директни и/или индиректни надлежности во овој домен, утврдени со Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009,  48/2010 и 124/2010) и Законот за квалитет на амбиентниот воздух („Службен весник на Република Македонија“ бр.67/2004, 92/2007 и 35/2010).

Носечките активности во делот на обезбедување на податоци од мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, како и инвентаризација на емисиите од стационарни извори ги врши Секторот македонски информативен центар за животна средина (МИЦЖС) во МЖСПП. Во рамките на овој сектор функционира и Одделение за мониторинг во чиј склоп работи Автоматскиот мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух на МЖСПП. Податоците од мониторинг мрежата и извршените мерења се доставуваат до МИЦЖС и соодветно се обработуваат. Поединечни мерења на емисиите во воздухот од инсталциите врши Централната лабораторија, одделение во состав на УЖС.

Носечка улога во заштитата на воздухот се остварува од УЖС преку издавање и контрола на дозволите за усогласување со оперативен план кои се задолжителни за сите постојни инсталации кои се под режимот на интегрирани еколошки дозволи. Имено во УЖС функционира Секторот за индустриско загадување и управување со ризик, во кој постојат Одделение за ИСКЗ и Одделение за управување со ризик и хемикалии, како и Одделение за атмосфера. Воедно, ДИЖС врши редовен надзор над инсталации кои емитираат загадувачки супстанции  во воздухот и кога е потребно издава задолженија за преземање на мерки со цел намалување на емисиите и нивно доведување во дозволените граници.

Во овој период започнаа активности за формирање на Државната мрежа за мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, како дел од Државната мрежа за мониторинг на медиумите и областите во животната средина. Државната мрежа за мониторинг ќе ги опфати сите мерни станици и мерни места за квалитетот на амбиентниот воздух кои постојат во Република Македонија, а се управуваат од повеќе институции и тоа МЖСПП, Управа за хидрометеоролошки работи и Институтот за јавно здравје (ИЈЗ), и кои ќе се кои ќе се интегрираат во една државната мрежа за мониторинг на воздухот.

Воедно, како континуирана активност се продолжи со редовно надополнување и подобрување на Катастарот на загадувачки супстанции во воздухот, а особено подобрување на електронската база на податоци преку надградба на софтверската апликација и системот за пребарување на податоци и на поединечните извори на емисија. Во 2010 година беше финализиран CORINAIR инвентарот со податоци за 2008 година и истиот беше испратен до УНЕЦЕ и до Европската Агенција за животна средина.

Претставници од Одделението за аналитика и известување во областа на квалитетот и емисиите во воздухот и Одделението за мониторинг на квалитетот на воздухот од МИЦЖС учествуваа на повеќе работилници и семинари со цел транспонирање и имплементација на ЕУ мерките за подобрување на квалитетот на воздухот.

Во рамките на Проектот за помош на земјите од Западен Балкан за ратификација и подготовка на имплементациони планови за три протоколи од Конвенцијата за прекугранichen пренос на аерозагадувањето на UNECE од 1979 година и тоа: Протоколот за тешки метали од 1998 година, Протоколот за перзистентни органски загадувачи (ПОПс) од 1998 година и Протоколот за намалување на закиселување, еутрофикацијата и приземен озон од 1999 година,  се подготви Национален акционен план во кој се одредија акциите и одговорните институции за имплементација на овие три протоколи. Во октомври 2010 година беше потпишан Меморандум на разбирање помеѓу МЖСПП и UNECE за втора фаза на проектот во рамките на која ќе се подготоват: Национален план за заштита на квалитет на амбиентен воздух, Национален план за редукција на емисии и Инвентар за тешки метали. Во  2010  година формирани  се работни групи во врска со подготовката на Националните планови со претставници од релевантни институции и компании од индустрискиот сектор.

Во текот на 2010 година во рамките на Твининг проектот од програмата ИПА компонента 1 за 2008 “Зајакнување на капацитетите за управување на животната средина на централно и локално ниво“ во делот на техничката помош, беше подготвена спецификација за набавка на две мониторинг станици за квалитет на амбиентен воздух, четири метеоролошки станици и информативен систем за управување со податоците за воздух. Во тек е евалуација на пристигнатите понуди по тендерот за набавка на опремата, објавен во септември 2010 година.  Финска е твининг партнер на овој проект, а  Австрија и Италија се помлади партнери.

Во заштитата на квалитетот на воздухот покрај МЖСПП се вклучени и Министерството за здравство преку ИЈЗ кој продолжи со вршењето мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух од аспект на заштита на здравјето на луѓето.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во рамките на тековниот твининг проект од програмата ИПА компонента 1 за 2008 година ќе се подготви: Закон за изменување и дополнување на Законот за квалитет на амбиентниот воздух во кој ќе се транспонира ЕУ мерката 32008L0050 и измени на постоечките подзаконските акти: Правилник за критериуми, методи и постапки за оценување на квалитетот на амбиентниот воздух и Уредбата за гранични вредности за нивоа и видови на загадувачки супстанци во амбиентниот воздух и прагови на алармирање, рокови за постигнување на граничните вредности,маргини на толеранција за гранична вредност, целни вредности и долгорочни цели со цел транспозиција на ЕУ мерките 32008L0050 и 32004L0107.

Во текот на 2011 година ќе се подгототват подзаконски акти со кои ќе се определат согорувачките капацитети кои треба да ги преземат мерките за заштита на амбиентниот воздух од загадување, преку намалување на емисиите на одделните загадувачки супстанции во воздухот и транспонирање на ЕУ мерките 32001L0080 и 31996L0061; ќе се утврди методологијата, начините, постапките, методите и средствата за мерење на емисиите од стационарните извори согласно процедурите во кој се применуваат ИСО и ЦЕН стандардите од областа, како и ќе се транспонираат делови од следните

ЕУ мерки 32001L0080 и 31999L0013; ќе се определат гранични вредности за емисија и видовите на загадувачки супстанции во отпадни гасови од подвижни извори на загадување со што ќе се изврши транспонирање на следните ЕУ мерки: 31970L0220, 31972L0306, 31988L0077, 31994L0063, 31996L0096, 31997L0068, 1997L0088, 1997L0020, 31998L0070, 31998L0077, 32002L0088.

Министерството за економија ќе донесе нов Правилник за квалитет на течните горива кој ќе го замени постоечкиот правилник и се очекува Министерството за економија да го донесе до крајот на 2011 година. Новиот правилник е фокусиран на ажурирање и подобрување на транспонираните ЕУ мерки 31999L0032, 31998L0070, 32003L0030 кои се однесуваат на квалитетот на бензините, дизелите и биогоривата, изработка и имплементирање на систем за редовна анализа и контрола на квалитетот на течните горива и ќе се донесе врз основа на новиот Законот за енергетика.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Ќе се формира Државната мрежа за мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, како дел од Државната мрежа за мониторинг на медиумите и областите во животната средина и ќе се изработи Програма за работа на Државната мрежа за мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух за 2012 година. Со формирањето на Државната мрежа за мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух ќе се интегрираат постојните мрежи (мониторинг станици) за мониторинг на воздухот кои се управуваат од МЖСПП, ИЈЗ и Управата за хидрометеоролошки работи. Во овој период ќе се обезбеди и зајакнување на капацитетите на органите кои вршат мониторинг на воздухот преку вработување на нов кадар и спроведување на обуки.

Како континуирана активности на МЖСПП ќе се продолжи со редовно одржување на мониторинг мрежата за воздух која ја управува МЖСПП. Во 2011 година во рамките на твининг проектот од програмата ИПА компонента 1 за 2008 година ќе се набават две автоматски мониторинг станици во насока на подобрување на мониторинг мрежата на МЖСПП, а со цел воспоставување на информативен систем за квалитет на воздух, ќе се набави и софтвер за автоматска валидација на податоците од мониторинг станиците. Исто така, во рамките на овој проект ќе се набават четири автоматски метеоролошки станици во УХМР, кои ќе го подобрат системот на метеоролошки станици и нивните податоци ќе се користат во процесот на моделирање на квалитетот на воздухот.

Во текот на 2011, ќе се извршат и дополнителни-индикативни мерења за одредување на квалитетот на амбиентниот воздух таму каде нема мониторинг станици.

Во текот на 2011 година ќе се изработи Национален план за редукција на емисиите со кој ќе се имплементира дел од директивата 32001L0081. Исто така ќе се подготви и Национален план за заштита на амбиентниот воздух кој произлегува од Законот за квалитет на амбиентниот воздух со кој ќе се дефинираат идните мерки за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух и за минимизирање или целосно отстранување на негативните ефекти врз квалитетот на амбиентниот воздух во зоните и агломерацијата во Република Македонија. Изработката на Националниот план за редукција на емисиите и Националниот план за заштита на амбиентниот воздух е планирана во втората фаза на Проектот за помош на земјите од Западен Балкан за ратификација и подготовка на имплементациони планови за три протоколи од Конвенцијата на UNECE од 1979 година за далекусежно прекугранично загадување на воздухот. Во рамките на овој проект во текот на 2011 година се планира и утврдување на проекциите за редукција на количините на загадувачките супстанции во воздухот за период 2010-2020 година. Исто така, се планира изработка на прелиминарниот инвентар за тешки метали и ќе се одржи завршна работилница на проектот со цел подигнување на јавната свест за исполнување на барањата на последните три протоколи на Конвенцијата.

Во текот на 2011 година ќе продолжи редовното надополнување на Катастарот на загадувачки супстанции во воздухот, со цел добивање на податоците за емисиите во воздухот од поголем број на деловни субјекти. Оваа активност е континуирана и треба да се реализира секоја година.

Во рамките на твининг проектот од програмата ИПА компонента 1 за 2008 ќе се зајакнат капацитетите на администрацијата на локално и централно ниво преку подготовка и усвојување на акционен план за обуки и спроведување на приоритетни обуки од утврдените со овој план и тоа за: спроведување на мониторингот на квалитетот на амбиентниот воздух со примена на процедури за контрола на квалитетот, обработка на податоците добиени од мониторингот, моделирање и нивна примена за оценка на квалитетот на воздухот, сервисирање и одржување на мониторинг станиците за воздух, управување со квалитетот и емисиите во воздухот како и извршување на активностите за преземање на мерки за подобрување на квалитетот на воздухот и подготовка на акциони планови и програми за подобрување и заштита на квалитетот на амбиентниот воздух.

Во текот на 2011 година се планира да се спроведат обуки за инвентаризација и управување со податоците за емисии во воздухот. Дел од овие обуки ќе се спроведат во рамките на Твининг проектот од програмата ИПА компонента 1 за 2008 година.

CORINAIR инвентарот со податоци за 2009 година ќе се ревидира и во првата половина на февруари 2011 година податоците ќе се достават до ЕЕА и до УНЕЦЕ.

Во рамките на редовните кампањи кои ги спроведува МЖСПП, ќе се опфатат и активности кои ќе бидат насочени кон подигнување на јавната свест за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух. Ваков тип на активности се планирани и во рамки на компонентата 2 од твининг проектот од програмата ИПА компонента 1 за 2008 година.

Во овој период ќе се воспостави систем за следење на квалитетот на течните горива кое ќе се врши врз основа годишен план за контрола на квалитетот на течните горива пуштени на пазарот во Република Македонија за 2011 година кој ќе биде донесен од страна на МЕ.

За исполнувањето на планираните активности потребно е реализирање на нови вработувања во Одделението за мониторинг на квалитет на амбиентен воздух при МЖСПП.

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Ќе продолжи транспозицијата на релевантното ЕУ acquis преку донесување подзаконски акти предвидени со Законот за квалитет на амбиентниот воздух и тоа за: построги гранични и целни вредности за квалитет за одредени подрачја на предлог на Советот на општината или на Советот на градот Скопје, онаму каде е потребно врз основа на оценката на квалитетот на воздухот во определени зони и агломерации, согласно ЕУ мерката 31996L0062 и насоките на Светската здравствена организација.

За адекватна примена и правилно користење на Правилникот за граничните вредности за дозволените нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот и правилникот за методологијата, начините, постапките, методите и средствата за мерење на емисиите од стационарните извори, ќе се подготви Упатство во рамки на твининг проектот од програмата ИПА компонента 1 за 2008 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во Одделението за атмосфера при УЖС треба да започнат активности за воспоставување на Национален систем за инвентаризација со кој ќе се изврши инвентаризација на годишните емисии од сите загадувачки супстанци на национално ниво. Имено, инвентаризација ќе се изврши согласно номенклатурите и методологиите на CLRTAP, UNFCCC и Конвенцијата за заштита на озонската обвивка односно методологијата на EMEP/CORINAIR, инвентарот на стакленички гасови (GHG/IPCC од UNFCCC), инвентарот на супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка и инвентарот на сите супстанции од национално значење. Истовремено, ќе се подобри капацитетот на МЖСПП преку вработување на нов кадар и спроведување на обуки.

Зајакнувањето на капацитетите на администрацијата со цел подобрување во управувањето со квалитетот на воздухот ќе биде една од активностите на кои ќе се посвети особено внимание и во овој период. Во овие активности се опфатени нови вработувања и обука на вработените во МЖСПП во Одделението за мониторинг на квалитет на воздух при МИЖЦ и Министерството за економија во Одделението за течни и цврсти горива при Секторот за енергетика. Се планираат обуки за извршување на активностите за преземање на мерки за подобрување на квалитетот на воздухот, за спроведување на мониторингот Дел од обуките ќе се спроведат во рамките на твининг проектот и во нив ќе бидат опфатени и ЕЛС.

Ќе се изврши техничко подобрување на капацитетот на МЖСПП за спроведување на мониторингот на квалитетот на амбиентниот воздух и за обработка на податоците добиени од мониторингот. Ќе се продолжи со надградување на мрежата за мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух преку редовно одржување на постојните мониторинг станици и проширување на мрежата со воспоставување на нови автоматски мониторинг станици. По извршените подготовки во рамките на твининг проектот се планира акредитација на лабораторијата за калибрација на инструментите од Автоматскиот мониторинг систем за квалитет на воздух за 2013 година.

Воедно, како континуирана активност ќе продолжи редовното надополнување и подобрување на Катастарот на загадувачки супстанции во воздухот, со цел добивање на податоците за емисиите во воздухот од поголем број на деловни субјекти.

Ќе се започне со преземање на мерки за акредитирање на независна лабораторија која ќе го следи и испитува квалитетот на горивата согласно Законот за безбедност на производи („Службен весник на Република Македонија“ бр.33/2006 и 63/2007). Спроведувањето на  годишниот план за контрола на квалитетот на течните горива пуштени на пазарот во Република Македонија за 2011 година ќе претставува основа за подготвување на месечни и годишни извештаи за количините на течни горива и нивниот квалитет кои се употребуваат во Република Македонија. Извештаите ќе бидат доставувани до Министерството за економија и МЖСПП, со цел понатамошна обработка на податоците.

По подготовката на плански документи во областа на воздухот (Национален план за заштита на амбиентен воздух, Национален план за редукција на емисиите во воздухот,и планови за имплементација на конвенцијата LRTAB), потребно е институционално зајакнување на УЖС со цел следење на имплементацијата на истите.

### 3.27.3 **УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД**

*Тековна состојба*

Во 2010 година се донесе Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/2010), со кој се транспонира ЕУ мерките: 32006L0066, 32008L0012, 32008L0103, 32008D0763 и 32009D0603 со цел справување со загадувањето предизвикано од батерии и акумулатори. Воедно беше донесен Законот за изменување и дополнување на Законот за управување со отпад („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2010) со кој се создаде правна основа за донесување на регионални плански документи за управување со отпад и се подобри постапката за едукација и стекнување на сертификат за управител со отпад.

Врз основа на Законот за управување со пакување и отпад од пакување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 161/2009) до крајот на 2010 година се донесоа следниве подзаконски акти:

- Листа со илустративни примери за пакување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/2010), со која се транспонираат ЕУ мерките 31994L0062 и 32004L0012;
- Правилник за начинот на нумерирање и кратенките на кои се заснова системот за идентификација и означување на материјалите од кои е произведено пакувањето, како и формата и содржината на ознаката за постапување со пакувањето(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/2010), со кој се транспонира ЕУ мерката 31997D0129;
- Правилник за формата и содржината на образецот за водење на евиденција на правни лица кои постапуваат со отпад од пакување, производители и самостојни постапувачи со отпад од пакување, начинот на водење на евиденција како и формата и содржината на образецот на потврдата за регистрација на самостоен постапувач со отпад од пакување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/2010) со кој се транспонираат ЕУ мерките 31994L0062 и 32004L0012;
- Правилник за формата и содржината на образецот на годишниот извештај за видот и количината на пакувањата што се пуштиле или увезле на пазар во Република Македонија во претходната календарска година и за постапување со отпад од тие пакувања, формата и содржината на образецот на производствената спецификација, формата и содржината на образецот на евиденцијата за вкупното пакување кое е пуштено на пазар или увезено во Република Македонија како и начинот на кој се води евиденцијата(„Службен весник на Република Македонија “ бр. 117/2010), кој транспонира одредби од 31994D0062 и 32005D0270;
- Правилник за начинот на водење, формата и поблиската содржина на базата на податоци и информативниот систем за пакување и отпад од пакување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/2010), со кој се транспонира ЕУ мерката 32005D0270.

Следниве подзаконски акти не транспонираат ЕУ мерка, но се од важност за националното законодавство:

- Правилник за условите, како и видовите на пакување кои служат како показатели дека пакувањето е со долг животен век („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/2010);
- Правилник за формата и содржината на лиценцата за собирање и транспорт на опасен („Службен весник на Република Македонија “ бр. 118/2010);
- Одлука за започнување на постапка за доделување на концесија за финансирање, проектирање, изградба и управување со регионална депонија за комунален цврст отпад во Полошкиот плански регион ( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/2010);

- Одлука за започнување на постапка за доделување на концесија за финансирање, проектирање, изградба и управување со регионална депонија за комунален цврст отпад во Југозападниот плански регион ( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/2010).

Согласно Законот за управување со отпад („Службен весник на Република Македонија “ бр. 68/2004, 107/2007, 102/2008, 143/2008 и 124/2010), МЖСПП, УЖС и ДИЖС се одговорни органи на национално ниво за негово спроведување. Свои одговорности имаат и Министерството за здравство (Државен санитарен и здравствен инспекторат) во однос на контролата на медицинскиот отпад, Министерството за економија и Државниот пазарен инспекторат во однос на отпадот од ископувањата од минерални суровини и контролата на означувањата на пакувањата и батериите и акумулаторите што се пуштени на пазар во РМ.

Единиците на локалната самоуправа (ЕЛС), овластените инспектори за животна средина и комуналните инспектори се надлежни и одговорни за управувањето со комунален и друг вид на неопасен отпад и јавната чистота на локално ниво.

Во рамки на УЖС во 2010 година се формираше Сектор за управување со отпад, со трансформација на дотогашното Одделение за отпад и почви во рамки на УЖС, и истиот е составен од 4 одделенија: Одделение за управување со опасен и историски отпад, Одделение за развој на планови и програми за управување со отпад, Одделение за регистрација и евиденција на управувачите и постапувачите со отпад и Одделение за управување со посебните текови на отпад.

Комисија за полагање на стручен испит за вршење на работите на управител со отпад, спроведе испит за управител со отпад во декември 2010 и има доделено вкупно 9 уверенија за управител со отпад.

Претставници на МЖСПП присуствуваа на повеќе семинари и студиски патувања во врска со управувањето на отпадот. Воедно беа одржани бројни обуки, студиски посети и работилници за упрвување со отпад, дел организирани со поддршка на TAIEX и IFC, како и во рамки на проекти што се реализираат во МЖСПП. Воедно, МЖСПП организираше неколку обуки за ЕЛС и Јавните комунални претпријатија со цел обезбедување подобро имплементирање на Законот за управување со отпад.

Изготвено е Упатство за управување со медицински отпад од страна на Министерство за здравство.

Продолжи активноста за издавање на дозволи од областа на управувањето со отпадот за чие издавање е надлежна УЖС.

Во 2010 година започнаа повеќе проекти и тоа:
- Проект за подготовка на Програма за затворање на нелегални депонии и зајакнување на капацитетите на ДИЖС во областа на инспекциски надзор над депонии, кој започна во септември 2010 г. врз основа на потпишан договор за соработка меѓу МЖСПП и Шведската агенција за животна средина (СЕПА);
- Проект за изработка на План и студија за изводливост за постапување и намалување на количините на биоразградлив отпад, кој започна во декември 2010 г и ќе биде финансиран преку Владата на Кралството Холандија од програмата Г2Г;
- Проект „Зајакнување на капацитетите на МЖСПП за интегрирана контрола на загадувањето и управување со опасен отпад“, врз основа на потпишан е договор за соработка помеѓу Кралството Норвешка и МЖСПП;
- Проект „Зајакнување на капацитетите на централно и локално ниво за имплементација и примена на законодавството од областа на управување со отпад и ИСКЗ“, во рамки на програмата ИПА компонента 1 за 2008, кој започна во јули 2010 година. Во ноември се одржаа првите регионални работилници, со цел запознавање со интегриран пристап за управување со отпад во ЕУ земјите ( за Источниот и Североисточниот регион на РМ). Овој проект ќе се реализира преку три специфични активности, а преку 10 задачи ќе се спроведе: Проценка и собирање на постоечките информации во врска со управувањето со отпадот; Подготовка на законската регулатива во делот на отпадот а во согласност со барањата на ЕУ; Зајакнување на капацитетите за имплементација на законодавството; зајакнување на координацијата помеѓу локално, регионално и централно ниво;Развивање и имплементација на тренинг планови; Развивање на модел на локален План за управување со отпад; Поддршка на регионалните тела за управување со отпад; Развивање и имплементација на програма за сите инволвирани субјекти; Подигнување на јавната свест и Развивање на пилот за систем за информирање;
- Проект за „Отстранување на полихлорирани бифенили (ПХБ) и опрема контаминирана со ПХБ“, финансиран од Глобалниот фонд за животна средина (GEF), а се имплементира заедно со UNIDO. Во негови рамки се изготви Прирачник за еколошки прифатливо управување со ПХБ опрема. Следејќи ја меѓународната процедура, UNIDO распиша меѓународен тендер за набавка на технологија за третман на ПХБ-опрема и ќе биде избрана технологија за третман на ПХБ-опрема. Во тек се подготвителни активности (административни и технички) за изградба на привремено складиште за ПХБ – отпад за кои што е подготвен дизајн на проектот и одобрен од МЖСПП. Основната

цел на проектот е да и помогне на Република Македонија да ги пресретне обврските кои произлегуваат од Стокхолмската конвенција за перзистентни органски загадувачи преку редукција на ослободувањата на ПХБ (полихлорирани бифенили) во животната средина со зајакнување на националните капацитети во управувањето со опремата и отпадот кои содржат ПХБ. Меѓу другите активности, проектот предвидува инсталација на технологија за третман на ПХБ-опрема.

За Вардарскиот регион изготвена е физибилити студија за управување со комуналниот отпад од страна на австриска компанија за управување со отпад А.С.А.

Во 2010 година се реализираа подготвителни активности за отпочнување на Проект за воспоставување на финансиски интегриран самоодржлив систем за управување со отпад во рамки на програмата ИПА компонента 3 - Мерка 3.2 од Оперативната програма за регионален развој 2007-2009. ToR – от за изготвување на регионални планови за управување со отпад и СЕА студии за Источниот и Северо-источниот регион беше доставен до Европската комисија. Овој проект ќе даде и основа за формирање на регулаторно тело за комунални работи во кое ќе бидат опфатени управувањето со водите и отпадот. Исто така, како дел од истата програма се подготви и Operation Identification Sheet за втора фаза за Источниот и Северо-источниот регион за подготовка на релевантни документи за воспоставување на финансиски интегриран самоодржлив систем за управување со отпад, додека Operation Identification Sheet за изготвување на регионални планови за управување со отпад и СЕА за Вардарскиот Регион беше подготвен и доставен до Министерство за финансии;

Во делот на зголемување на нивото на инвестиции и воспоставување систем за интегрирано управување со отпад беа реализирани следните активности:

- Заврши јавниот повик за конкурентен дијалог бр.2 за доделување концесија за финансирање, проектирање, изградба и управување со регионална депонија за комунален цврст отпад во Југосточниот регион (фаза на претквалификација), а на 6.10.2010 година заврши и фазата на конкурентен дијалог.
- Заврши првата фаза на јавниот повик за конкурентен дијалог за доделување концесија за финансирање, проектирање, изградба и управување со регионална депонија за комунален цврст отпад во Полошкиот регион на 20.08.2010г.
- МЖСПП додели 5.000.000,00 денари за проекти за расчистување на диви депонии на вкупно 10 општини. Општините беа избрани врз основа на објавен конкурс по Програмата за инвестирање во животната средина за 2010 година.

Во 2010 година континуирано се одвиваше втората фаза од процесот за ажурирање и надополнување на базата на Катастарот на создавачи на отпад и надградување на софтверот за апликација на податоци во катастарот за отпад. Имено електронската база се пополнува и ажурира со податоците добиени од дистрибуираните прашалници до идентификуваните субјекти, валидизирање на податоците и мерења по потреба. Од 1000 регистрирани субјекти 840 доставиле одговор на прашалниците.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период ќе се изврши понатамошно усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ во делот на посебните текови на отпад со изготвување и донесување на Закон за управување со отпад од електрична и електронска опрема со којшто ќе се транспонираат ЕУ мерките: 32002L0096 и 32002L0095.

Ќе се донесе Закон за управување со отпад од минерални суровини, со што ќе се транспонира ЕУ мерката 32006L0021 и истиот ќе го подготви Министерството за економија.

Врз основа на Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори ќе се донесат подзаконски акти со кои: ќе се уреди начинот на означување на батериите и акумулаторите и на батериските пакувања, како формата и содржината на симболите за одделно собирање и на тешките метали и ќе се изврши усогласување со ЕУ мерката 32006L0066; ќе се утврди методологијата за начинот на следење и пресметка на реализацијата на стапките за собирање на отпадни батерии и акумулатори како и формата и содржината на образецот за следење и пресметка и ќе се врши усогласување со ЕУ мерката 32006L0066; ќе се уреди формата и содржината на образецот на годишниот извештај за постапувањето со отпадните батерии и акумулатори и начинот на неговото доставување, како и формата и содржината на образецот за водење на евиденција за количините и видовите на батерии и акумулатори кои се пуштени на пазар во Република Македонија и ќе се врши усогласување со ЕУ мерката 32008D0763.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Најзначајните активности во овој период ќе бидат посветени кон зајакнување на капацитетите и имплементација на Законот за управување со пакување и отпад од пакување и тоа: Владата на Република Македонија ќе формира Комисија за управување со отпад од пакување, МЖСПП ќе донесе Програма за управување со отпад од пакување, воедно ќе се зајакнат капацитетите на Секторот за отпад при УЖС со нови вработувања на лица со искуство во проблематиката за управување со отпад.

Согласно Планот за институционален развој на капацитетите за управување со животна средина на национално и локално ниво (2009-2014), во секоја поголема општина ќе се формира посебно одделение кое ќе ги врши сите функции на ЕЛС во управувањето со отпадот. Ќе се продолжи со воспоставување на регионално управување со отпадот и донесување на Регионални планови за управување со отпад за Источниот, Североисточниот и Вардарскиот регион со Студии за стратегиска оценка на овие плански документи. Воедно ќе се формираат регионални тела за управување со отпад.

Во овој период ќе продолжи постапката за преговарање со останатите барања за добивање на дозволи за усогласување со оперативен план на постојните депонии во Република Македонија.

Во текот на овој период со поддршка на Република Словенија ќе се донесе План со физибилити студија за воспоставување на систем за управување со отпад од електрична и електронска опрема и управување со отпадни батерии и акумулатори во Република Македонија.

Издавањето дозволи за постапување со отпад согласно пристигнатите барања ќе продолжи, како и активностите за ажурирање и надополнување на базата на Катастарот на создавачи на отпад и надградување на софтверот за апликација на податоци во катастарот за отпад (втората фаза од процесот).

Ќе започне да се реализира проектот „Воспоставување на финансиски интегриран самоодржлив систем за управување со отпад" во рамки на ИПА компонента 3 - Мерка 3.2 од Оперативната програма за регионален развој (ОПРР) 2007-2009 и ќе започне изработката на регионални планови за управување со отпад и студии за стратешка оценка на влијанието врз животната средина за Источниот, Североисточниот и Вардарскиот регион.

Во рамките на проектот „Избор на технологија за третман на ПХБ-опрема", ќе се дефинира распоредот по кој ќе се врши деконтаминација на ПХБ опремата и ќе се одржи обука за ракување со отпадната ПХБ опрема во сите фази од нејзиниот животен циклус, наменета за професионалци.

Во овој период ќе се реализираат неколку студиски патувања и работилници во рамки на TAIEX помошта кои се однесуваат на управување со употребувани батерии и акумулатори и отпад од електрична и електронска опрема. Ќе се одржат работилници во врска со имплементирање на Законот за управување со отпад од пакување и Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори.

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Врз основа на Законот за управување со отпад до крајот на 2012 година ќе се донесе: Програма за управување со непрописни депонии како дел од проектот „Програма за затворање на нелегални депонии и зајакнување на капацитетите на ДИЖС во областа на инспекциски надзор над депонии" финансиран од Шведската Агенција за животна средина. Потоа до средината на 2012 година ќе се изготви Студија за изводливост и Програма за намалување на количините на биоразградлив отпад на депонии како дел од проектот „План и студија за изводливост за постапување и намалување на количините на биоразградлив отпад на депониите" финансиран од Владата на Кралството Холандија во рамки на програмата Г2Г и во 2013 година ќе се донесе Студија за изводливост за управување со опасен отпад, која ќе се подготви во рамки на проектот „Зајакнување на капацитетите на МЖСПП за интегрирана контрола на загадувањето и управување со опасен отпад" финансиран од Кралството Норвешка и МЖСПП.

Исто така ќе се утврдат видовите на отпад, условите за извоз, увоз и транзит на отпад поодделни видови на отпад, методите на надзор над извозот, увозот и транзитот на отпадот, како и формата и содржината на образецот на дозволата за извоз, увоз и транзит на отпад со што ќе се изврши транспонирање на ЕУ мерката 32006R1013.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

За утврдување на политиките во управување со посебните текови на отпад, во овој период ќе се изработи План со физибилити студија за поставување на систем за управување со употребувани возила и поврзан систем за заверка и регистрација и уништување.

Ќе се комплетира ажурирањето и надополнување на базата на Катастарот на создавачи на отпад. Контролата и издавањето на дозволи за постапување со отпад согласно пристигнатите барања и состојбата на терен ќе продолжи и во овој период.

Ќе продолжи поддршката на ЕЛС преку обуки за управување со отпад на локално ниво и имплементација на законската регулатива, особено во врска со имплементирање на Законот за управување со пакување и отпад од пакување како и за Законот за управување со батерии и акумулатори и отпад од батерии и акумулатори.

Поддршката за ЕЛС во Република Македонија за реализација на проекти од областа на интегрирано управување со отпад, пред се во делот на изработка на физибилити студии, техничка документација и изградба на регионални депонии за управување со отпад и понатаму ќе се обезбедува преку годишната Програма за инвестирање во животната средина и програмите на МЖСПП во рамките на Буџетот на Република Македонија.

Ќе се реализира доделувањето на концесии за финансирање, проектирање, изградба и управување со регионална депонија за комунален цврст отпад во Југосточниот регион и во Полошкиот регион.

Во рамки на Проектот „Зајакнување на капацитетите на централно и локално ниво за имплементација и примена на законодавството од областа на управување со отпад и ИСКЗ" – ИПА компонента 1 за 2008, ќе завршат проценките на институционални капацитети за управување со отпад и механизмите за координација на управувањето со отпад на централно и локално ниво.

Ќе се воспостави регионално управување со отпадот и ќе се донесат регионални планови за управување со отпад за Источниот, Североисточниот и Вардарскиот регион, придружени со Студии за СЕА. До крајот на 2013 година ќе се формира регулаторно тело за комунални работи со поддршка на во рамки на Проектот за воспоставување на финансиски интегриран самоодржлив систем за управување со отпад во рамки на програмата ИПА компонента 3 - Мерка 3.2 од ОПРД 2007-2009. Исто така ќе започне постапката на изградба на регионални депонии.

Ќе се воспостави на систем за управување со медицински отпад.
Ќе се зајакнат капацитетите на УЖС со нови вработувања на лица со искуство во проблематиката за управување со отпад.

Во рамките на проектот „Избор на технологија за третман на ПХБ-опрема" ќе се изгради привремено складиште за ПХБ.

### 3.27.4 **КВАЛИТЕТ НА ВОД**АТА

*Тековна состојба*
Од страна на Собранието на Република Македонија беше донесен Закон за изменување на Законот за води („Службен весник на Република Македонија" бр.83/2010 од 23.06.2010 година) со кој рокот за отпочнување со примена на Законот се утврди за 01.01. 2011 година. Законот за води е усогласен со ЕУ acquis за водите.

МЖСПП изработи подзаконски акти што произлегуваат од Законот за води, кои се во меѓуресорска консултација, а треба да се донесат по отпочнување на примена на законот. Со овие подзаконски акти ќе се уредат поблиските услови за собирање, одведување и прочистување на урбаните отпадни води, начинот и условите за проектирање, изградбата и експлоатација на системите и станиците за прочистување на урбаните отпадни води, максимално дозволените вредности и концентрации на параметрите на прочистените отпадни води за нивно повторно користење, начинот и постапката за користење на тињата, максималните вредности на концентрациите на тешки метали во почвата во која се користи тињата, формата, содржината и начинот на доставување на податоците и видот на информации за користење на тињата, како и граничните вредности на емисија за испуштањето на отпадните води по нивното прочистување. Во овие подзаконски акти се транспонирани ЕУ мерките: 31991L0271 и 31986L0278. Водно со посебен правен акт ќе се уреди начинот и составот за учество, како и начинот на номинирање на претставници во Советот за управување со подрачјето на речен слив, во кој директно не се транспонираат ЕУ мерки.

Надлежности во управувањето со водите, согласно Законот за води од 1998 година има Управата за водостопанство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, која ќе биде надлежна до крајот на 2010 година. Оваа управа по влегувањето во сила на новиот Закон за води ќе биде надлежна за наводнувањето и управувањето со водостопанствата во РМ.

Со делумна поддршка на Република Словенија во текот на 2010 година се изработи првичната верзија на Националната стратегија за води, а се очекува Стратегијата да биде донесена до крајот на март 2011 година.

Во рамки на Проектот „Имплементација на Законот за води" што се спроведува со средства од Германската техничка помош (ГТЗ) беа одржани повеќе работилници и работни мисии од страна на странски експерти со цел спроведување на обука и трансфер на знаења во делот на имплементација на Законот за води на државните службеници. Проектот е во времетраење од две години (2010-2011 година) и е со вредност од 250.000,00 евра. Во рамки на проектот во текот на 2010 година беа разгледани и донесени технички упатства (во драфт верзија) за изготвување на следните подзаконски акти: Правилник за формата и содржината на образецот на дозвола за користење на водата, Правилник за формата и содржината на образецот дозволата за испуштање на отпадни води и Уредба за утврдување на условите и начинот за воспоставување на заштитните зони.

Во рамките на проектот за „Подобрување на хидролошкиот режим на река Вардар, за коритото на реката низ Скопската котлина" се реализирани следните активности: Проучена е досегашната, претходно изработена техничка и друга документација која се однесува на овој проект; Направен е избор на Ревизор за проектот: Завршени се активностите за утврдување на актуелната состојба на речното корито, каде ќе се реализира проектот; Реализирано е геодетско снимање на главното корито на река Вардар; Завршена е изработката на хидролошкиот и геодетскиот елаборат; и во моментов се бараат потребните финансиски средства за да се продолжи со останатите планирани активности.

Заврши проектот „Водоснабдување и пречистување на води во град Берово", финансиран од Швајцарската Влада во рамките на кој се реализираа следниве активности: Рехабилитација на водоводната мрежа, изградба на нов колектор од Берово до новата пречистителна станица и реализација на првата фаза од Пречистителната станица за Берово и околните села. Главниот колектор е завршен, опремата монтирана и беа изградени полињата за мил. На 21.09.2010 година пречистителната станица беше официјално пуштена во употреба.

Во 2010 година продолжија активностите за проектот за „Изградба на пречистителна станица Прилеп за отпадни води и реконструкција и надградба на дел од канализациона мрежа - Прилеп", финансиран од ЕУ Програмата ИПА – Компонента 3. Средствата се обезбедени преку ИПА Компонента 3, ИПА компонента 1-PPF и национално кофинансирање. Воедно беше разрешен и проблемот со експропријација на земјиштето во Прилеп, за што во мај 2010 година беше известена ЕК, а во јули 2010 година, до ЕК се испрати финалната ревидирана ИПА апликација.

Во 2010 година продолжи Проектот за изградба на пречистителна станица за отпадни води во Волково, општина Ѓорче Петров - Скопје. Завршена е експропријацијата на земјиштето, а градежните работи за изградба на станицата започнаа во ноември 2010 година.

Владата на Република Македонија на 23.03.2010 година ја усвои финалната верзија на Физибилити студијата за третман на отпадни води на град Скопје.

Заврши првата фаза од Проектот - Изградба на ХС Злетовица, во рамките на кој се реализираа следниве активности: Изградба на ХС Злетовица- (А+Б) фаза Брана Кнежево, изградба на пристапен пат и цевковод. Преземени се сите потребни активности за полнење на браната што започна на 19 јули 2010 година. За оваа прва фаза користен е кредит од Јапонската влада.

Заврши проектот „Еколошка санација и енергетска рационализација на геотермалниот систем Геотерма во Кочани", донација на Австриската Влада со што ќе се постигне еколошка санација и рационализација на геотермалниот систем Геотерма во Кочани. Помошта е во стручни консултантски совети и техничка помош со што ќе се подобри заштитата на овој природен ресурс во Кочани.

До Европската агенција за животна средина (ЕЕА) испратени се годишни податоци за квалитет на реките, езерата и подземните води во Република Македонија и податоци за количина и користењето на водите и квалитетот на отпадните води. Податоците беа испратени во бараниот формат согласно методологијата пропишана од ЕЕА и во бараниот термин.

Во тек се активностите за пристапување кон потпишување на Конвенцијата за заштита и употреба на меѓународните водни ресурси и меѓународните езера (Конвенцијата за води на UNECE

Во рамките на проектот „Интегрирано управување со еко системот во сливот на Преспанско Езеро во Албанија, Македонија и Грција", поддржан од ГЕФ и УНДП, во овој период започна активноста "Поттикнување и развој на еко-туризам ": На 2.02.2010 година на десетата годишнина на Паркот Преспа и Меѓународниот ден на водните живеалишта, Република Македонија, Албанија и Грција во градот Пили во Грција потпишаа трилатерален "Договор за заштита и одржлив развој на Паркот Преспа". Со трилатералниот договор државите се обврзуваат да финансираат заеднички

комитет на Преспа Парк, професионален секретаријат на комитетот и голем број на тематски работни групи од областа на управување со водите, прекугрничен мониторинг, зачувување на биолошката разновидност и други активности на одржлива постојана основа. Исто така се дава правна основа за изработка на заеднички политики и за управување, кои за прв пат ќе имаат интегрален карактер. Во рамките на овој проект се започна со изработка на Планот за управување со сливот Преспанското езеро од Македонска страна, за што се извршија студиозни испитувања и мониторинг на водите во Преспанското езеро и водите кои се сливаат во истото. Нацрт верзијата на Планот за управување со басенот на Преспанското езеро, се очекува да биде готова во првата половина на 2011 година.

Во 2010 година се продолжи со изработката на катастарот на загадувачи на водите во Република Македонија. Истиот се однесува на ажурирање, надополнување и надградба на постоечката софтверска база од постоечкиот катастар на загадувачи на водите во Република Македонија. Изработката на катастарот на отпадни води се одвива во три фази и тоа: прва фаза- Подготвителна, втора фаза- Собирање на податоци на терен и трета фаза- Обработка на собраните податоци; Континуирано се извршуваат активности и работни задачи и во прва фаза (подготвителна), како и во втората фаза од процесот (собирање на податоци на терен што  вклучува воспоставување на контакт со загадувачите, обука на претставниците од деловни субјекти, посета на објекти, дополнителни податоци за мерења и извештаи за квалитетот од одредени загадувачи како и разгледување, средување и систематизација на добиените прашалници и извештаи). Исто така електронската база се пополнува и ажурира со податоците добиени од дистрибуираните прашалници до идентификуваните субјекти, валидизирање на податоците и мерења по потреба.

Со цел формирање на Државната мрежа за мониторинг на водите, како дел од Државната мрежа за мониторинг на медиумите и областите во животната средина,  во овој период  започнаа активности за проценка на постојните мрежи (мониторинг станици) кои вршат мерења на водите. Со формирањето на Државната мрежа за мониторинг на квалитетот и квантитетот на водите ќе се интегрираат постојните мрежи (мониторинг станици) за мониторинг на водите кои се управуваат од Институтот за јавно здравје на РМ, Управата за хидрометеоролошки работи и ЈНУ Хидробиолошкиот завод во Охрид.  Врз основа на овие активности ќе се формира Државната мрежа за мониторинг на водите, како дел од Државната мрежа за мониторинг на медиумите и областите во животната средина.

На 16.11.2010 официјално започна Проектот за имплементација на Директивата за поплави- Пилот проект, кој ќе се реализира преку изработка на План за управување со поплавите во регионот на општина Радовиш. Проектот се реализира со средства на Белгиската Влада и ќе трае 18 месеци.

Во 2010 година беа одобрени средства за доизградбата на водоснабдителен систем Желино и  изградба на пречистителна станица во Гевгелија. Имено, Оперативниот комитет на СЕКО го одобри предлогот за контрубиција за проектот „Изградба на пречистителна станица за отпадни води во Гевгелија“ и на 26 октомври 2010 година Македонија, Грција и Швајцарија потпишаа договор за изградба на пречистителна станица во Гевгелија. Проектот е со вредност од 9.600.000 евра и ќе придонесе за трајно подобрување на квалитетот на водите на реката Вардар.

Во 2010 започна да се спроведува проектот „Сигурност во снабдувањето со вода во Македонија преку зајакнување на Водостопанствата”. Проектот е подржан од Светска Банка, а имплементацијата на истиот е од страна на МЖСПП, МЗШВ, МЛ и СБ. Целта на проектот е да се помогне на Република Македонија да постигне долгорочна сигурност во секторот водостопанство, во ситуација на потреба од итен развој, зголемување на побарувачката на вода, климатски промени и изразени ограничувања на приватното и јавно финансирање. Резултат на проектот ќе биде студија, која треба да биде дел од поширок програм со цел обезбедување на сигурно снабдување со вода, како и спроведување на acquis на ЕУ во Македонија во оваа област.

Пречистителната станица на отпадни води кои се загадени со шестовалентен хром во Силмак, Јегуновце продолжи со својата работа и во 2010 година, со подршка на МЖСПП, а истото ќе се продолжи и во иднина.

Во текот на 2010 се изработи ToR на Проектот „Развој на националниот тарифен систем за снабдување, одведување и третман на отпадните водие” од Компонента 3 мерка 4.3  ИПА. Со Проектот ќе се дефинира тарифниот систем на водите во Република Македонија и истиот ќе трае до 2012 година.

Во 2010 започнаа првичните активности на проектот „Управување со речниот слив на река Брегалница“. Овој проект е финансиран од Швајцарската Влада преку СЕКО програмата, ќе трае 3,5 години и ќе се реализира преку 2 компоненти: Управување со речниот слив  на Брегалница (техничка помош и трансфер на know-how) и инвестиции во инфраструктурата .

Во 2010 година започна проектот Изградба на Пречистителна станица за отпадни води во Струмица. Во 1 фаза е планирана изработка на Физибилити студија со ЕИА студија. Општина Струмица обезбеди буџет за оваа цел, објавена е

јавна набавка и отпочната е изработка на Физибилити студија со ЕИА студија . Во 2 фаза е планирана подготовтка на Идеен проект за Пречистителната станица (по национална тендерска постапка и општински буџет).

ЕИБ одобри кредитот од 50 милиони евра во рамки на проект за рехабилитација на системите за водоснабдување и одведување отпадни води во општините. Овој проект е дел од поширока Програма за инвестирање во комуналните дејности со вкупна вредност од 100 милиони евра, од кои ЕИБ финансира 50%, а остатокот од 50% се финансира преку СБ, KfW, ИПА и националниот буџет. За оваа цел беше донесен Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската Инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 83/2010).

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

До крајот на март 2011 година ќе биде донесена Националната стратегијата за води. Во овој период е планирано да започне ревидирањето на Водостопанската Основа на Република Македонија и изработка на Планови за управување со речните сливови во Република Македонија за некои подсливови.

Законот за водите од 2008 година, чија примена започнува од 1.1.2011 година, создава правна основа за донесување голем број подзаконски акти. Во првиот квартал на 2011 ќе се донесат подзаконски акти со кои ќе се уредат поблиските услови за собирање, одведување и прочистување на урбаните отпадни води, начинот и условите за проектирање, изградбата и експлоатација на системите и станиците за прочистување на урбаните отпадни води, максимално дозволените вредности и концентрации на параметрите на прочистените отпадни води за нивно повторно користење, начинот и постапката за користење на тињата, максималните вредности на концентрациите на тешки метали во почвата во која се користи тињата, формата, содржината и начинот на доставување на податоците и видот на информации за користење на тињата, како и граничните вредности на емисија за испуштањето на отпадните води по нивното прочистување. Во овие подзаконски акти се транспонирани ЕУ мерките: 31991L0271 и 31986L0278. Воедно со посебен правен акт ќе се уреди начинот и составот за учество, како и начинот на номинирање на претставници во Советот за управување со подрачјето на речен слив, во кој директно не се транспонираат ЕУ мерки.

Исто така со правилници ќе се утврдат условите, начинот и граничните вредности на испуштање на отпадни води по нивното прочистување, ќе се утврдат штетните материи и супстанци и нивните емисиони стандарди и ќе се определат границите на подрачјето на речните сливови. Ќе се направи и листа на загадувачките материи и супстанци, условите за инсталирање и работи на постројките кои работат со опасни материи и супстанци и начинот на нивно тестирање пред нивно пуштање во работа.

Дел погоренаведните подзаконски акт ќе бидат изработени од страна на МЖСПП со средства обезбедени од Компензациониот фонд на странска помош на Швајцарија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со цел формирање на тела за управување со водите по речни сливови како организациони единици во МЖСПП за постигнување на интегриран пристап во користењето на водите, Секторот за води во УЖС ќе се реорганизира во насока на формирање посебни одделенија за секој речен слив во Република Македонија. Неговите капацитети ќе се зајакнат со нови вработувања и спроведување на обуки. Исто така ќе се зајакне и Институтот за јавно здравје на РМ со нови вработувања.

Во овој период ќе се формираат Советите на Сливовите за сите сливни подрачја. Согласно Законот за водите од 2008 година, Советите за управување со речен слив треба да се основаат во рок од 1 година од денот на отпочнување на примената на овој Закон.

Во овој период ќе заврши надградбата на Катастарот на загадувачи на отпадни води.

До крајот на 2011 година се очекува да завршат предвидените активности и да се воспостави Државна мрежа за мониторинг на водите. Неопходно е обезбедување на средства за одржување и надградување на постојната мониторинг мрежа на водите согласно барањата на ЕУ директивите.

Во 2011 година ќе заврши проектот на ГТЗ „Имплементација на Законот за води“ во рамките на кој ќе се спроведат обуки и трансфер на знаења во делот на имплементација на Законот за води на државните службеници кои работат во обласа води во Република Македонија.

Ќе продолжи спроведувањето на проектот „Интегрирано управување со еко системот во сливот на Преспанско Езеро во Албанија, Македонија и Грција“, поддржан од ГЕФ и УНДП, чии резултати ќе се реализираат до крајот на 2011 година. Нацрт верзијата на Планот за управување со басенот на Преспанското езеро, кој преставува прв план од ваков вид во Република Македонија кој е изработен согласно барањата на ЕУ рамковната директива за води, се очекува да биде готова во првата половина на 2011 година.

Во рамки на проектот Изградба на колекторски системи и пречистителни станици: Ѓорче Петров и Сарај во наредниот период се предвидува да започне проектирање и изградба на пречистителна станица за отпадни води во населеното место Волково, општина Ѓорче Петров и општините Сарај (Грчец, Глумово, Шишево, Долна Матка, Горна Матка, Крушопек и Лаки).

Во рамките на Проектот „Подобрување на хидролошкиот режим на река Вардар, за коритото на реката низ Скопската котлина" се предвидува да се најдат средства за да во овој период се продолжат планираните активности за подобрување на хидролошкиот режим на реката Вардар низ Скопје и изградба на каскадни прегради по река Вардар и решавање на проблемот со фекални води во град Скопје .

Ќе продолжат активностите за доизградбата на водоснабдителен систем Желино и изградба напречистителна станица во Гевгелија.

Во овој период ќе се изработи ToR за Проектот „Зајакнување на институционалните капацитети за апроксимација и имплементација на законодавство во областа на управување со водите – ИПА компонента 1 за 2009. Со Проектот е планирано изработка на Планови за управување со речниот слив, како и изработка на пилот план за речен слив што е притока на речниот басен на реката Вардар (сливното подрачје на реката Треска). Со овој проект се предвидува и воспоставување на регистар за заштитени подрачја за речниот слив на реката Вардар. Ќе се изврши надградба и воспоставување на нови пиезометри со цел функционирање на мониторинг мрежата на подземните води. Проектот се очекува да започне кон крајот на 2011 година.

Во овој период ќе биде спроведена обука за подготовка на План за управување со речен слив за 40 лица на државно и локално ниво инволвирани во управувањето со водите и истата ќе биде обезбедена преку TAIEX. Воедно ќе се спроведат обуки кои ќе бидат насочени кон подигнување на капацитетите на администрација за имплементирање на Законот за водите.

Ќе се продолжи со континуирано годишно доставување на обработени податоци за квалитет наводите во Република Македонија до Европската агенција за животна средина – ЕЕА.

Во овој период ќе продолжат активностите на проектот за „Изградба на пречистителна станица Прилеп за отпадни води и реконструкција и надградба на дел од канализациона мрежа-Прилеп“, финансиран од ЕУ Програмата ИПА – Компонента 3.

Во овој период се планира да се се изработи физибилити студија со ЕИА студија за „Изградба на Пречистителна станица за отпадни води во Струмица”и да се отпочне со подготвката на Идеен проект за Пречистителната станица.

Во овој период се планира започнување на втората и третата фаза на проектот за изградба на Хидросистемот Злетовица Според проектите, за двете фази се потребни 55,5 милиони евра. Во втората фаза се предвидува наводнување на 4.100 хектари обработливо земјиште, од кои 3.100 во Пробиштип и уште илјада хектари во Кратово. Во реализацијата на третата фаза, е планирана изградба на неколку хидроцентрали.

Во овој период ќе заврши проектот „Сигурност во снабдувањето со вода во Македонија преку зајакнување на Водостопанствата”со изработка на студија, која треба да биде дел од поширок програм со цел обезбедување на сигурно снабдување со вода, како и спроведување на *acquis* на ЕУ во оваа област.

Во овој период ќе продолжат активностите предвидени со Проектот за управување со речниот слив Брегалница. Проектот финансиски е подржан од Швајцарската Влада и истиот има за цел изработка на План за управување со сливот на реката Брегалница, а ќе го спроведува МЖСПП, МЗШВ во соработка со локалните единици кои гравитираат околу сливот на реката Брегалница. Проектот ќе трае до јануари 2013 година.

Во текот на 2011 година ќе се распише тендер за избор на изведувач на на Проектот „Развој на националниот тарифен систем за снабдување, одведување и третман на водите” од ИПА компонента 3 мерка 4.3. Согласно изборот во текот на третиот квартал на 2011 година ќе започне спроведување на Проектот.

Пречистителната станица на отпадни води кои се загадени со шестовалентен хром во Силмак, Јегуновце ќе продолжи со својата работа и во периодот 2010-2012 година со подршка на МЖСПП.
Во овој период ќе продолжат активностите предвидени со проектот „Изградба на пречистителна станица во Гевгелија.

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**
Во овој период се планира да заврши ревизијата на Водостопанската Основа на Република Македонија. Ќе продолжи изработката на Планови за управување со речните сливови во Република Македонија за некои подсливови.

Во овој период е планирано да продолжи подготовка на подзаконски акти со кои во целост ќе бидат транспонирани барањата на ЕУ Рамковната Директива за води 2000/60/ЕЗ и на директивите ќерки и ќе се спроведат обуки кои ќе бидат насочени кон подигнување на капацитетите на администрација за имплементирање на Законот за водите.

Во текот на 2012 година ќе се донесат подзаконските акти со кои ќе се утврдат карактеристиките и критериумите за определување на добрата состојба на површински води, хемиската состојба, еколошкиот потенцијал на водата и на површинските води, вклучуваќи ги условите за определување на вештачките и силно изменетите површински водни тела како и рокот за постигнување на добрата состојба на површинската вода. Ќе се утврдат критериумите и карактеристиките на добрата квантитативна и хемиска состојба на подземните води, како и потребните мерки за спречување и ограничување да се постигне добрата состојба на подземните води. Ќе се дефинира класификацијата и категоризацијата на водите, како и рокот за постигнување на целите на квалитетот на водите и минимум стандардите за квалитетот на води, ќе се уредат условите со кои се дозволува отстапување од целите за квалитет на водната животна средина. Исто така ќе се уредат и поблиските услови кои треба да ги исполнуваат правните и физички лица односно акредитираните научни и стручни организации и институции во однос на стручен кадар, опрема, уреди, инструменти и просторни услови за да инсталираат инструменти за мерење на испуштените количества на води и анализа на нивниот квалитет и да ги одржуваат инструментите во исправна состојба, да водат записи за извршените мерења; Ќе се уредат условите, начинот и постапката за определување на заштитните зони за вода наменета за консумирање од страна на човекот кои ќе бидат прикажани на картографскиот приказ, како и критериуми,цели за квалитетот на водата за капење.

Исто така ќе се донесат подзаконски акти со кои ќе се уредат посебните услови за индиректно и директно испуштање на отпадните води, ќе се пропишат критериумите за определување на зоните чувствителни на нитрати, како и критериуми за утврдување на зони чувствителни на испуштање на урбани отпадни води, како и начинот на означување и на користење на зоните за капење Со правилниците ќе се регулираат методологијата и референтните методи, условите, начинот и постапката на мониторинг како и параметри на квалитет за вода за капење, ќе се регулира начинот на информирање на јавноста за квалитетот на вода за капење, начинот и постапка за пренос на податоците од мониторингот за квалитетот на водата капење и консумирање од страна на човекот., како и поблиските услови и начинот на доставување на информации од мониторингот на водните тела како и формата и содржината на образецот со кој се доставуваат податоците;, Ќе се утврди методологијата и начинот на определување на референтните мерни методи и параметри и мониторинг на квалитетот и квантитетот на водните тела прогласени за чувствителни зони во однос на испуштените урбани отпадни води.

Подзаконските акти кои ќе се донесат во 2012 година ќе бидат изработени во рамките на Проектот за зајакнување на институционалните капацитети на секторот вода од МЖСПП и МЗ_ДСЗИ, МЗ_ДХ, МЗ_ИЈЗ, и УХМР во Република Македонија, што ќе се спроведува во рамки на проектот ИПА - Компонента 1 од 2009 година. Со подзаконските акти кои ќе се подготват со овој Проект во целост ќе се транспонираат барањата на Рамковната директива за води 2000/60/ЕЗ, Директивата за одведување и третман на отпадни води – 1991/271/ЕЗ, Директива за заштита на водите од загадување предизвикано од нитратите од земјоделски извори – 1991/676/ЕЗ и Директивата за квалитет на водата за капење – 1976/160/ЕЗ.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Со цел изградба на системи за третман на отпадни води, ќе се изработат физибилити студии за третман на отпадни води и ќе продолжи изградбата на колекторски системи и пречистителни станици во земјата, како и реализација на проекти за заштита, зачувување и подобрување на квалитетот на водите. Оваа активност континуирано ќе се спроведува се додека не се постигне бараниот стандард за водоснабдување и третман на отпадните води согласно Законот за води и ЕУ директивите.

Исто така ќе продолжат активности од Проектот „Зајакнување на институционалните капацитети за апроксимација и имплементација на законодавство во областа на управување со водите – ИПА 2009 компонента 1. Со Проектот е

планирано изработка на Планови за управување со речниот слив, како и изработка на пилот план за речен слив што е притока на речниот басен на реката Вардар (сливното подрачје на реката Треска). Со овој проект се предвидува и воспоставување на регистар за заштитени подрачја за речниот слив на реката Вардар. Ќе се изврши надградба и воспоставување на нови пиезометри со цел функционирање на мониторинг мрежата на подземните води.

Во овој период ќе продолжат да се реконструираат и да градат пречистителни станици и други објекти финансирани со домашни буџетски средства. Исто така ќе се реализираат други проекти од животна средина преку користење на домашни буџетски средства и ќе се изработи следново: техничка документација за системи за третман на отпадни води, финансии и економски анализи, студии за ОВЖС и главни проекти. Во овој период ќе се изврши заштита на водите на река Вардар со изградба на пречистителни станици со кои ќе се прочистуваат отпадните води кои се вливаат од територијата на општина Сарај, Ѓорче Петров (Грчец, Глумово, Шишево, Долна Матка, Горна Матка, Крушопек и Лаки). Ќе се изврши заштита на бунарското подрачје Нерези – Лепенец и естетско уредување на коритото на река Вардар со изградба на каскади во централното градско подрачје на град Скопје.

Ќе се продолжи со континуираното годишно доставување на обработени податоци за квалитет наводите во Република Македонија до Европската агенција за животна средина – ЕЕА.

Во овој период ќе се донесе План за управување со поплавите во регионот на општина Радовиш, кој се изработува во рамки на проект со поддршка на Белгиската Влада во рамки на Проектот за имплементација на Директивата за поплави.

Во овој период ќе се изгради пречистителна станица во Прилеп за отпадни води и ќе се изврши реконструкција и надградба на дел од канализациона мрежа - Прилеп која се финансирана ЕУ Програмата ИПА – Компонента 3. Средствата се обезбедени преку ИПА Компонента 3, ИПА компонента 1-PPF и национално кофинансирање.

Ќе продолжат активностите за доизградба на водоснабдителениот систем Желино и изградба на пречистителна станица во Гевгелија, како и активностите во рамки на Проектот „Изградба на Пречистителна станица за отпадни води во Струмица". Пречистителната станица на отпадни води кои се загадени со шестовалентен хром во Силмак, Јегуновце ќе продолжи со својата работа и во овој период со подршка на МЖСПП.

Во овој период се планира со продолжување на втората фаза на проектот за изградба на Хидросистемот Злетовица.

Ќе се донесе План за управување со сливот на реката Брегалница чија изрботка е поддршана со донација од Швајцарската влада.

Во овој период ќе заврши реализацијата на „Проектот за развој на националниот тарифен систем за снабдување, одведување и третман на водите" со што ќе се воспостат услови за формирање на Регулаторно тело за комунални работи.

Во однос на интегрираното управување со еко системот во сливот на Преспанското Езеро, ќе се заокружат активностите за заштита на реките и шумите во сливот, како и заштита на крајбрежјето, ќе се финализира изведбата на пречистителни станици и намалување на загадувањето на Езерото и неговите притоки и заокружи поддршката во имплементацијата на Просторниот план и поттикнувањето и развојот на еко-туризамот во ова подрачје.

### 3.27.5 **ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА**

*Тековна состојба*

Во 2010 година се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на природата ("Службен весник на Република Македонија" бр.35/2010) со кој се изврши понатамошна транспозиција на ЕУ мерките: 32009L0147 и 31992L043 и се обезбедија услови за негово подобро спроведување.

Во согласност со Законот за заштита на природата беа донесени Законот за прогласување на локалитетот Локви-Големо Коњари за споменик на природата („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2010) и Законот за прогласување на локалитетот Плоче-Литотелми за строг природен резерват („Службен весник на Република Македонија" бр.145/2010), додека Законот за прогласување на дел од планината Галичица за заштитено подрачје во категоријата национален парк е во финална фаза на донесување (собраниска постапка).

Се донесе Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридски регион („Службен весник на Република Македонија " бр.75/2010). Со законот се уредуваат правата и обврските на Република Македонија, на

општините Охрид, Струга и Дебрца, како и правата и должностите на правните и физичките лица во однос на управувањето со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион запишано во списокот на светско природно и културно наследство на УНЕСКО Конвенцијата.

Во 2010 година донесени се следните подзаконски акти:

- Правилник за формата и содржината на образецот на барањето, дозволата и сертификатот за промет со засегнати и заштитени диви видови растенија, габи, животни и нивни делови, како и потребната документација која се приложува кон барањето („Службен весник на Република Македонија" бр.134/2010) со кој се транспонираа ЕУ мерките: 31997R0338 и 32001R1808;
- Уредба за начинот и постапката за издавање на дозволата односно сертификатот, како и за видот на дозволата односно сертификатот и определување на граничните премини преку кои може да се врши прометот со засегнати и заштитени диви видови растенија, габи, животни и нивни делови("Службен весник на Република Македонија " бр.135/2010), со кој се транспонираше ЕУ мерка 31997R0338.

Согласно Законот за заштита на природата донесени се: Правилник за содржината на Програмата за полагање на стручен испит за чувар во заштитено подрачје и начинот на постапката за полагање на стручниот испит („Службен весник на Република Македонија" бр.126/2010), Правилник за мерките и активностите за заштита на споменици на природата, формата и содржината на образецот на дозволата за спроведување на посебните мерки и активности за заштита и обнова на споменикот на природата („Службен весник на Република Македонија" бр.126/2010) и Правилник за мерките и активностите за заштита на паркот на природата („Службен весник на Република Македонија " бр.126/2010).

Активностите за заштита на природата во поглед на водење и креирање на политиката за заштита на природата, заштита на биолошката и пределската разновидност и заштита на природното наследство, управувањето со биолошката и пределската разновидност и природното наследство, ги врши Секторот за природа во УЖС и истиот има 4 одделенија – Одделение за заштита на природното наследство, Одделение за уредување на просторот во заштитените подрачја и геодиверзитет, Одделение за биодиверзитет и Одделение за ГМО. Инспекцискиот надзор во природата го врши ДИЖС преку државни инспектори за заштита на природата кои вршат надзор над примената на мерките за заштита на природата. Секторот за природа во 2010 година се зајакна со вработување на две лица.

Во рамките на УНДП/ГЕФ Проект за зајакнување на еколошката, институционалната и финансиската одржливост на системот на заштитени подрачја во Македонија извршена е ревалоризација на споменикот на природата Кањон Матка и строгиот природен резерват Тиквеш. Исто така беа изготвени студија за ревалоризација на нивните природни вредности и планови за управување. Воедно изготвен е Извештај - Компаративен преглед на референтни публикувани информации за видови во РМ со категории на загрозеност, согласно директивите на ЕУ и меѓународните документи, конвенции и протоколи од областа на заштитата на биолошката разновидност, кој ќе претставува основа за подготовка на Црвената листа на РМ.

На 28.06.2010 година во организација на МЖСПП во Маврово се одржа регионалната конференција за заштита на биодиверзитетот на балканските земји на која претставниците од Македонија, Србија, Хрватска, Албанија, Црна Гора и Косово усвоија Декларација за заедничка регионална акција за заштита биодиверзитетот во Балканскиот регион согласно принципите на одржлив развој и во услови на климатски промени.

Во националните паркови беа спроведени активности со цел унапредување на управувањето со природните вредности и создавање услови за развој на екотуризам. Во НП Пелистер извршено е зонирање на проширениот дел од паркот на страната на Преспанското езеро при што зоните се вцртани на карта. Со цел создавање на услови за туристичка понуда беше опремен Информативниот центар на НП Пелистер, изградена велосипедска патека и подобрена сигнализацијата во паркот преку поставување на информативни табли на околу 20 локалитети. Исто така извршена е просторна идентификација на заштитените подрачја и евидентираното природно наследство на РМ, а како производ на овие активности е подготвена нацрт-карта на заштитени подрачја и предложени подрачја за заштита.

Во Националниот парк Галичица во рамки на проектот „Поддршка на Националниот парк Галичица", поддржан од KfW Банката беа уредени неколку пешачки патеки, видиковци и се започна со уредувањето на центарот за посетители во с. Стење на преспанска страна. Изготвен е предлог-План за управување со Националниот парк Галичица.

Во Националниот парк Маврово во рамки на проектот „Заштита на животната средина, економски развој и промоција на одржлив еко туризам во НП Маврово" за потребите на изготвувањето на Планот за управување, изготвени се тематски извештаи за природните вредности на паркот. Со цел подигнување на туристичко-рекреативното ниво беше отворена информативна канцеларија на паркот.

Согласно Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридски регион и на барање на УНЕСКО изготвен е План за управување со природното и културно наследство на Охридскиот регион и истиот е доставен на мислење до УНЕСКО.

Во рамките на проектот: „Интегрирано управување со екосистемот во сливот на Преспанското Езеро во Албанија, Македонија и Грција изготвена е Студија за развој на прекуграничен мониторинг систем на Преспа Парк. Со студијата се утврдени параметрите кои се монитираат, динамиката на активности, институциите вклучени во мониторингот, како и потребната опрема за мониторинг. Во текот на 2010 година мониторингот беше тестиран во трите соседни земји преку спроведување на пилот фазата, во која се мониторираа појасите со акватична вегетација, поедини видови птици и риби на Преспанското Езеро.

Заврши проектот „Заштита на живеалиштата на глобално загрозени видови лилјаци во пештерите Голубарник, Момичек и Орле, во споменик на природата Белешничка Река". Изготвено е упатство за спроведување на режим за заштита на пештерите како природни живеалишта на три глобално загрозени видови пештерски лилјаци, промовиран е кодекс за заштита на лилјаците, согласно критериумите на UNEP/EUROBATS и изготвен е постер за заштита на лилјаците.

Во рамките на проектот „Развој на Национална еколошка мрежа во Република Македонија (МАК-НЕН)" извршена е идентификација и означени се на карта еколошките коридори кои ги поврзуваат клучните подрачја и заштитените подрачја од национално значење. Одржана е втора работилница за еколошки мрежи со сите засегнати страни, на која е презентирана Студијата за кафеавата мечка и нацрт верзијата на Националната еколошка мрежа. Изготвена е прва нацрт верзија од Планот за управување со еколошките коридори на крупните ѕверови. Исто така, изготвени се повеќе промотивни материјали за реализација на кампања за промоција на МАК-НЕН, и тоа: публикација - Основни поставки на еколошките мрежи, Студија за кафеавата мечка, постер за кафеавата мечка, лифлет со факти за кафеавата мечка, како и 6 лифлети за поврзаноста на еколошката мрежа со различните сектори.

Во текот на 2010 година беа одржани обуки, работилници, студиски патувања и семинари преку кои беа зајакнати капацитетите на Секторот за природа при МЖСПП, националните паркови, општините, други субјекти за управување со заштитените подрачја и невладините организации.

Изготвени се проектни фишеа за проекти од ИПА Компонента 1 за 2009 - Зајакнување на административните капацитети за заштита и мониторинг на биодиверзитетот и природното наследство и за ИПА Компонента 1 за 2011 - Зајакнување на административните капацитети на централно и локално ниво за имплементација на Натура 2000.

Капацитетите на МЖСПП се зајакнаа и во рамки на проектот: „Градење на капацитети и зајакнување на прекуграничната заштита на природата помеѓу земјите од Југоисточна Европа во Балканскиот зелен појас". Во проектот учествуваат и НВО - Движење на Екологисти на Македонија и Светската унија за заштита на природата (IUCN), која финансиски го поддржа овој проект. Во рамките на проектот реализирана е студиска посета во националните паркови во Германија и Чешка, на која учествуваа претставници од државни органи на Албанија, Косово и МЖСПП на РМ при што се стекнаа и разменија искуства и знаење за начините и можностите за прекугранична соработка помеѓу заштитените подрачја, моделите за управување на заштитените подрачја, начините на финансирање на заштитените подрачја и стекнување на приходи, начинот на користењето на природните ресурси, пред се на шумите во националните паркови, уредување и сигнализација на националните паркови преку посета на информативни центри и уредени места за посетители, можностите за развој на еко-туризам во заштитените подрачја, вклученоста на локалното население во заштитата на природата и можностите за развој на екстензивното земјоделие и др.

Во рамки на отпочнатиот проект „Регионална мрежа за животна средина за пристапување кон ЕУ" (RENA) во МЖСПП се воспостави работна подгрупа за природа. Претставник од МЖСПП учествуваше на првиот годишен регионален состанок на работната подгрупа за природа од земјите опфатени со проектот (Македонија, Албанија, Косово, Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора и Турција). Состанокот се одржа во Загреб, Хрватска од 27-28.10.2010 година и на истиот беа усвоени тренинг програма за обука во шест модули, кои ќе се реализираат во шест пилот прекугранични заштитени подрачја.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Согласно обврските кои произлегуваат од Законот за заштита на природата ќе се донесат Закони за:,прогласување на локалитетот Острово, Дојранско Езеро, Преспанско Езеро, Кањонот Матка, пештерата Слатински Извор и локалитетот

Вевчански Извори за споменици на природата, прогласување на дел од Шар Планина за национален парк, прогласување на Маврово за национален парк, прогласување на Водно и локалитетот Гази Баба за заштитено подрачје и прогласување на Езерани на Преспанското Езеро за парк на природата.

Ќе се донесат подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за заштита на природата со кои ќе се определи: начинот на постапување при промет со засегнати и заштитени диви видови растенија, габи, животни и нивни делови од страна на царинските органи, другите надлежни органи и служби на граничните премини, научните и стручни институции како и на овластените депозитари на конфискуваните примероци при недозволен промет, кој ќе ја транспонира ЕУ мерката 31997R0338; ќе се определат строго заштитените диви видови и заштитените диви видови и притоа ќе се транспонират ЕУ мерките: 32009L0147 и 31992L043; ќе се утврдат листи на меѓународно засегнати и заштитени диви видови растенија, габи и животни и нивните делови, чиј промет е регулиран со меѓународен договор, регулативата на ЕУ и националното законодавство: ЕУ мерки: 32001R1808,, 32009L0147, 31992L043, 31997R0338.

Во овој период исто така ќе се донесе Правилник со кој ќе се уреди евиденцијата за заштита на природата и во кој ќе бидат содржани Катастарот на заштитени подрачја и Регистарот на природно наследство, со што ќе се уреди начинот на водење и формата на образеците како и начинот и можностите за користење на запишаните податоци и притоа ќе се транспонираат ЕУ мерките: 32009L0147; 31992L0043 и 31997D0266.

Ќе се започне со изработка на Национална стратегија за заштита на природата со Акционен план, чија цел ќе биде да се заштити и зачува природата на Република Македонија во изворна состојба и да се обезбеди нејзина одржлива употреба, спроведувајќи ги при тоа принципите и механизмите на одржлив развој.

Ќе се изготви и донесе втор Акционен план за заштита на биолошката разновидност, заради спроведување на мерките и активностите кои произлегуваат од Стратегијата за заштита биолошката разновидност и Конвенцијата за биолошка разновидност.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во 2011 година ќе се зајакнат капацитетите на МЖСПП, Јавните установи национален парк Пелистер, Маврово и Галичица и на останатите субјекти за управување со заштитени подрачја преку одржување обуки и работилници. Секторот за природа при УЖС ќе се зајакне со нови вработувања.

Заради унапредување на управувањето со системот на заштитени подрачја во Република Македонија ќе се определат субјекти за управување со прогласените заштитени подрачја и ќе се зајакнат нивните капацитети преку спроведување на обуки и едукации.

Ќе се спроведат обуки за зајакнување на капацитетите за: водење на евиденција за заштита на природата, основна обука за ГИС, комуникација, јакнење на свеста и односи со јавноста во заштитените подрачја, финансирање на заштитени подрачја и нивно влијание врз локалниот економски развој со акцент врз туризмот, спроведување на ЕУ мерките од областа на заштитата на природата и обука за водење на централна електронска база со податоци за издадени дозволи за диви видови вклучени во меѓународна трговија.

Во рамките на УНДП/ГЕФ проектот, чиј рок на имплементација се продолжи до 31.03.2011 година, за зајакнување на еколошката, институционалната и финансиската одржливост на системот на заштитени подрачја во Република Македонија ќе се изврши ревалоризација на повеќенаменското подрачје Јасен и планината Беласица и за истите ќе се изготват студии за валоризација на природните вредности. Воедно ќе биде изготвена конечна верзија на карта на заштитени подрачја и предложени подрачја за заштита и во МЖСПП и ќе се воспостави Националниот информативен систем за биодиверзитет со Web апликација.

Во рамките на проектот „Заштита на животната средина, економски развој и промоција на одржлив еко-туризам во Национален Парк Маврово“ ќе биде изготвена Студија за ревалоризација на природните вредности за Националниот парк Маврово. Со овие активности помеѓу другото ќе се изврши и просторна идентификација на границите и зоните на заштитените подрачјето.

Во 2011 година ќе бидат изготвени: план за управување со повеќенаменското подрачје Јасен планови за управување со спомениците на природата Смоларски Водопад, Колешински Водопад, и Маркови Кули, како и за паркот на природата - Езерани на Преспанското Езеро.

Во рамки на проектот „Заштита на животната средина, економски развој и промоција на одржлив еко-туризам во Национален Парк Маврово" ќе биде изготвен и донесен Планот за управување со Националниот парк Маврово и Планот за управување со шумите на паркот.

Во рамки на проектот „Поддршка на Националниот парк Галичица", ќе биде донесен Планот за управување со НП Галичица.

Во рамки на проектот:„Развој на Национална еколошка мрежа во Република Македонија (МАК-НЕН)" ќе се финализира карта на МАК-НЕН. Во текот на февруари 2011 ќе се организираат неколку тренинг работилници за секторите просторно планирање, транспорт и рурален развој. Планирано е да се организира трета работилница во март 2011 година за презентирање и коментирање на Планот за управување со еколошките коридори за крупните ѕверови пред неговото финализирње. Сите промотивни материјали ќе бидат искористени во текот на работилниците и на други соодветни настани, гостување во ТВ емисии итн. Завршен настан на кој ќе бидат презентирани сите резултати од проектот е планирано да се организира на крај на мај 2011 година.

Ќе се започне со изготвување на Националната Црвена листа на видови со која ќе се утврди категоријата на нивната засегнатост .

Во рамките на проектот: „Регионална мрежа за животна средина за пристапување кон ЕУ" (RENA) во Дојран ќе се одржи обука за управување со природата и зајакнување на локалната економија: создавање бизнис и приходи во прекуграничните подрачја. Исто така, ќе се одржат обуки за изготвување и имплементација на планови за управување со заштитени подрачја и комуникација со засегнати страни (Србија и Хрватска).

Ќе се зајакне соработката на МЖСПП со субјектите за управување со заштитените подрачја, локалните власти, инспекциските служби, научните и стручни институции, останатите засегнати страни (фармери, сопствениците на земијште, ловци и риболовци), невладин сектор инволвирани во заштита на природата, преку организирање на состаноци и обуки.

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во предвидениот период 2012-2013 година согласно обврските кои произлегуваат од Законот за заштита на природата ќе се донесат закони за: прогласување на Осоговските Планини,Тиквеш и Јасен за заштитени подрачја; прогласување за локалитетот Моноспитовско Блато,Охридско Езеро, Колешински Водопад, Катлановско Блато, Белчишко Блато и Белешничка Река за споменици на природата и прогласување на планината Јабланица за национален парк.

Во предвидениот период ќе се донесат подзаконски акти во кои ќе се транспонираат релевантните ЕУ мерки од оваа област. Ќе се определи начинот и постапката под кои може да се врши ограничено и на селективна основа земање, чување и на друг начин користење на одредени строго заштитени диви видови во мали популации, во услови на строг надзор при што ќе се транспонираат ЕУ мерките 32009L0147 и 31992L0043, ќе се определат мерките и активностите за заштита, начинот и обемот на користење на заштитените диви видови при што ќе се транспонираат ЕУ мерките 32009L0147 и 31992L0043); ќе се утврди методологија за мониторинг на состојбата со природата, при што ќе се транспонираат ЕУ мерките 32009L0147 и 31992L0043; ќе се утврдат мерките за заштита и начините на градење и одржување на премините, при што ќе се транспонираат ЕУ мерките 32009L0147 и 31992L0043; ќе се утврди еколошка мрежа во чиј состав влегуваат еколошки значајните подрачја, системот на еколошките коридори и меѓународно еколошки значајните подрачја, како и начинот на нивно управување на територијата на Република Македонија, при што ќе се транспонираат ЕУ мерките 32009L0147; 31992L0043 и 31997D0266. Во овој период ќе се донесат 3 подзаконски акти кои ќе го уредат управувањето со типовите живеалишта во кои ќе се транспонираат ЕУ мерките: 32009L0147 и 31992L0043.

Ќе се донесе Националната Стратегија за заштита на природата со Акционен план согласно Законот за заштита на природата.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Ќе се подобрат капацитетите на Секторот за природа преку вработување на нов стручен кадар. Заради унапредување на управувањето со системот на заштитени подрачја во Република Македонија ќе се определат субјекти за управување со прогласените заштитени подрачја и ќе се зајакнат нивните капацитети преку спроведување на обуки и едукации.

Ќе се спроведат обуки за имплементација на ЕУ Регулативата за меѓународна трговија со загрозени диви видови; подигнување на јавната свест за значењето на еколошката мрежа Натура 2000; за спроведување на ЕУ мерките од областа на заштитата на природата, за управување со податоци за биодиверзитет и спроведување мониторинг на природата.

Ќе се изврши ревалоризација на Охридско Езеро, Белчишко Блато, Катлановско Блато, Белешничка Река и за истите објекти на природата ќе се изготват студии за природните вредности, и помеѓу другото, ќе се изврши и просторна идентификација на границите и зоните на заштитените подрачја.

Ќе се изработат планови за управување со споменициите на природата Преспанско Езеро и Дојранско Езеро и заштитеното подрачје Водно.

Ќе се изготви Национална програма и методологија за мониторинг на природата и биодиверзитет и Националната Црвена листа на видови, со која ќе се утврди категоријата на нивната засегнатост. Ќе започне изготвувањето на Црвената Книга на Република Македонија, во која ќе бидат дадени описите, распространувањето, заканите и другите карактеристики на видовите од Црвената листа, како и мерките за подобрување на состојбата на истите, што претставува обврска од Законот за заштита на природата.
Ќе се ажурираат податоците во Националниот информативен систем за биодиверзитет и ќе се одржува електронска база на податоци за Катастарот на заштитени подрачја и Регистарот на природно наследство.

Во рамки на ИПА проектот од Компонента 1 за 2009 ќе се зајакнат институционалните капацитети за начините на собирање на податоците за биодиверзитетот и воспоставување на мониторинг систем за управување со податоците за биодиверзитет.

Во рамки на ИПА проектот од Компонента 1 за 2011 ќе се започне со идентификација на типовите живеалишта и на дивите видови од европско значење, согласно Директивата за хабитати (31992L0043) заради изготвување на Листа со предложени подрачја од интерес на ЕУ, како и со идентификација на посебно заштитените области, согласно Директивата за дивите птици 32009L0147.

Во рамките на проектот „Регионална мрежа за животна средина за пристапување кон ЕУ" (RENA) ќе се одржат обуки за спроведување на оценка на влијанието врз природата, изготвување на предлог-проекти за природа за разгледување од донатори и обука за мониторинг на природата во заштитени подрачја.
Ќе се зајакне соработката на МЖСПП со субјектите за управување со заштитените подрачја, локалните власти, инспекциските служби, научните и стручни институции, невладин сектор и останатите засегнати страни (фармери, сопствениците на земјиште, ловци и риболовци), инволвирани во заштита на природата преку организирање на состаноци и обуки.

### 3.27.6 **КОНТРОЛА НА ИНДУСТРИСКО ЗАГАДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ**

*Тековна состојба*
Согласно временскиот распоред за поднесување на барање за добивање на дозвола за усогласување со оперативен план, во текот на 2010 година во МЖСПП се доставени вкупно 10 нови барања за добивање А дозвола за усогласување со оперативен план и 2 барања за добивање Б дозвола за усогласување со оперативен план, со што вкупната бројка на доставени барања изнесува 117. Со ова повеќе од 93 % од инсталациите имаат поднесено барања за добивање на дозвола за усогласување со оперативен план. Издадена е една А интегрирана еколошка дозвола за Макпетрол АД Скопје ( Инсталација за производство на Биодизел) и една А дозвола за усогласување со оперативен план за "Весна – Сап ". Изготвени се 12 Нацрт А - интегрирани еколошки дозволи односно дозволи за усогласување со оперативен план, а во фаза на разгледување се 23 барања за добивање интегрирана еколошка дозвола. Дозволите за усогласување со оперативен план ја утврдуваат динамиката за постигнување на стандардите со цел добивање на интегрирана еколошка дозвола. Со цел изготвување на база на издадени дозволи, се води регистар на издадени А и Б интегрирани еколошки дозволи и дозволи за усогласување со оперативен план.

Во текот на 2010 година се донесени подзаконските акти во делот на интегрирано спречување и контрола на загадувањето, со што во целост се транспонира Директивата 31996L0061. Донесена е Уредбата за висината на надоместокот кој го плаќаат операторите на инсталациите кои вршат активности за кои се издава за А интегрирана еколошка дозвола („Службен весник на Република Македонија бр. 64/2010) и Правилникот за супстанциите за кои задолжително се пропишуваат гранични вредности на емисија во интегрирана еколошка дозвола („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/2010).

Согласно Законот за животна средина, во текот на 2010 година е формирана Научно-техничка комисија за најдобрите достапни техники составена од истакнати експерти во областа на техниката, економијата и животната средина. Комисијата донесе Програма за работа и врз основа на Програмата ќе изготви нови и ќе ги ревидира постојните секторски упатсва за Најдобри достапни техники.

Во делот на спречување и контрола на хавариите со присуство на опасни супстанции, се донесе Правилник за опасните супстанции, гранични вредности (прагови) за присуство на опасните супстанции и критериумите или својствата според кои

супстанцијата се класифицира како опасна („Службен весник на Република Македонија “ бр. 25/2010), со што се транспонира Анекс I на Директивата 31996L0082 и Законот за ратификација на Конвенцијата за прекуграничните последици од индустриските несреќи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 19/2010). Исто така, во последна фаза на донесување е и Правилникот за содржината на информациите за мерките за безбедност.

Во областа на еколошкото означување, врз основа на изготвените Физибилити студии донесени се шест критериуми за еколошко означување: Правилник за критериумите коишто треба да се исполнат за добивање на еколошка ознака за текстилни производи („Службен весник на Република Македонија “ бр. 44/2010), кој ја транспонираше ЕУ мерката 31999D0178; Правилник за критериумите коишто треба да се исполнат за добивање на еколошка ознака за мебел („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/2010), кој ја транспонираше ЕУ мерката 32000R1980; Правилник за критериумите коишто треба да се исполнат за добивање на еколошка ознака за бои и лакови кои се користат во затворен простор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/2010), кој ги транспонираше ЕУ мерките 32002D0739 и 32007D0457; Правилник за критериумите коишто треба да се исполнат за добивање на еколошка ознака за сапуни, шампони и кондиционери за коса („Службен весник на Република Македонија“ бр. 117/2010), кој ја транспонираше ЕУ мерката 32007D0506; Правилник за критериумите кои што треба да се исполнат за добивање на еколошка ознака за обувки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 117/2010), кој ја транспонираше ЕУ мерката 32008D0063 и Правилник за критериумите коишто треба да се исполнат за добивање на еколошка ознака за хигиенска хартија („Службен весник на Република Македонија “ бр. 117/2010), кој ја транспонираше ЕУ мерка 32008D0277.

Започна проектот „Зајакнување на капацитетите од областа на интегрирано спречување и контрола на загадувањето и управувањето со опасен отпад“, кој се реализира во соработка со Норск Енерги од Норвешка, и ќе дава помош при изготвување на ИСКЗ дозволите од секторот енергетика и преработка на метали. Во рамките на проектот ќе биде изготвувена ИСКЗ Дозволата за Рафинерија на нафта ОКТА. Проектот ќе трае три години од 2010 – 2012 година.

Во соработка со ГТЗ, започна да се реализира Проектот „Интеграција на технички ЕУ стандарди во областа на животната средина“. Проектот ќе трае од 2010 -2011 година и се однесува на давање помош при изготвување на дозволите од секторот хемиска индустрија, други дејности и управување со отпад. Со овој проект се предвидува конкретно да се работи на изготвување на дозволата за Алкалоид Бои и Премази, Комуна АД Скопје и Депонија.

Во рамките ИПА компонента 1 за 2011година изготвено е проектно фише за „Зајакнување на капацитетите на локално и централно ниво за имплементација на новата директива на ЕУ за контрола на емисиите од индустријата. Проектот треба да започне во 2012 година.

Во делот на спречување на хавариите со присуство на опасни супстанции, во март 2010 година одржана е обука „Идентификација на опасни активности“. Преку учество на регионална работилница во рамките на Програмата за асистенција на Конвенцијата за прекуграничните последици од индустриските несреќи се унапредуваат капацитетите за евалуација на извештајот за мерките за безбедност. Изготвен е прашалник за идентификацнја на инсталациите кои аплицираат опасни активности. Во соработка со ДИЖС се извршува проверка на инсталациите кои аплицираат/складираат опасни хемикалии. Подготвена е првата верзија на Водичот за идентификација на опасни активности и доставена на ревизија до Секретаријатот на Конвенцијата за прекуграничните последици од индустриски несреќи.

Одговорно за промовирање и спроведување на еколошкото означување и на EMAS е Одделението за стандарди во Секторот за ЕУ во МЖСПП. Преку ова одделение се остварува соработка со Министерството за економија за спроведување на индустриска политика 2009 – 2020 година, чиј составен дел е и еколошкото означување и EMAS-от, преку учество во интерсекторската работна група за спроведување на индустриска политика 2009 – 2020 година.

Во делот на санација на индустриски жешки точки во јуни 2010 година заврши проектот „Одржлива ремедијација и управување со загадувањето на рудниците Бучим и Лојане“. Проектот беше дел од регионалната програма „Зајакнување на капацитетите на земјите од Западен Балкан во процесот на интегриран пристап кон еколошките жаришта“, финансиран од Холандска Влада со 15.000.000,00 долари (по 2.000.000,00 долари за секоја држава), а имплементиран преку УНДП, во соработка со министерствата за животна средина на сите држави од Западен Балкан (Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија, Македонија, Албанија и Косово). Во делот на Бучим се изгради систем за прочистување на загадените води од рудникот Бучим и се рекултивираа 20 хектари на хидројаовиштето, додека во Лојане се изврши рекултивација на делот на старото јаловиште на рудникот. Со цел зајакнување на капацититетите на локалната самоуправа, во неколку градови се одржаа обуки за интегрирано спречување и контрола на загадувањето и влијанието врз животната средина, како и обука за новинари од областа на животната средина.

Заврши Проектот "Студија за санација на индустриското оптоварување на Рафинеријата ОКТА Скопје", во чии рамки се изградија 48 пиезометри и на 53 точки се извршија бушотини за земање мостри за хемиско испитување на почва и подземни води. Буџетот на проектот изнесуваше 160.000,00 евра и се финансираше од Владата на Република Словенија.

Во однос на решавање на индустриското загадување во ОХИС - Скопје од линдан и други перзистентни органски загадувачи (POPs хемикалии), се реализираше проект за изработка на детална студија и изводлив дизајн на применливи технологии за санација на загаденоста со линдан и другите ПОПс хемикалии во ОХИС Скопје. Буџетот на проектот изнесува 250.000,00 ЕУР и се финансира од Министерството за животна средина, почва и море на Италија.

Врз основа на проектот „Заштита на реката Вардар од загадувањето со шестовалентен хром" финансиран од Европската унија во 2003-2004 година, од почетокот на 2005 година континуирано работи пречистителната станица за намалување на загадувањето на почвата подземната и површинската вода со шестовалентен хром во СИЛМАК Јегуновце, која се финансира од средства на МЖСПП.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Согласно донесената програма за работа на Научно техничка комисија за Најдобри достапни техники (НДТ), ќе се изготват односно ревидираат Националните референтни документи (упаства) за Најдобри достапни техники за преработка на феро и обоени метали, производство на челик, цементен клинкер, керамика, интензивно одгледување на живина и третман на отпадни води и гасови и мониторинг на НДТ.

Во овој период ќе продолжи разгледувањето на добиените барања за добивање интегрирана еколошка дозвола и дозвола за усогласување со оперативен план и изработка на нацрт дозволи за истите. Истовремено ќе се изработуваат дозволите и ќе се спроведуваат сите процедури согласно постапката за добивање на интегрирани еколошки дозволи и дозволи за усогласување со оперативен план, особено во делот за учество на јавноста во издавањето на дозволите.

Во областа на спречувањето и контролата на хавариите со присуство на опасни супстанции, ќе се донесе Правилник за содржината на извештајот за мерките за безбедност, со што ќе се транспонира Анекс II на SEVESO II Директивата (31996L0082 и 32003L0105), Правилник за содржината на политиката за спречување од хаварии, со што ќе се транспонира член 7 и Анекс III на SEVESO II Директивата (31996L0082 и 32003L0105) и Правилник за содржината на Регистар на системи каде се присутни опасни супстанции согласно SEVESO II Директивата (31996L0082 и 32003L0105).. Во овој дел ќе се воспостави Регистар на инсталации кои аплицираат, складираат опасни супстанции.

Во областа на еколошко етикетирање ќе се врши промоција на производи или вршители на услуги на кои им е доделена еколошка ознака. Ќе се донесе Правилник за критериумите коишто треба да се исполнат за добивање на еколошка ознака за цврсти подни облоги, при што ќе се транспонира ЕУ мерката 32009D0607, Правилник за критериумите кои што треба да се исполнат за добивање на еколошка ознака за душеци, при што ќе се транспонира ЕУ мерката 32009D0598 и Правилник за критериумите коишто треба да се исполнат за добивање на еколошка ознака за услуги на туристички кампови, при што ќе се транспонира ЕУ мерката 32009D0578.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во овој период се предвидува обука во делот на изготвување и пишување на интегрирани еколошки дозволи односно дозволи за усогласување со оперативен план на централно ниво за А интегрирани еколошки дозволи и на локално ниво за Б интегрирани еколошки дозволи во рамките на проектите што се реализираат во оваа област.

Ќе продолжат активностите за реализирање на Проектот кој се остварува во соработка со Норск Енерги „Зајакнување на капацитетите од областа на интегрирано спречување и контрола на загадувањето и управувањето со опасен отпад " и проектот кој се реализира во соработка со ГТЗ „Интеграција на технички ЕУ стандарди во областа на животната средина" кој се однесува на ИСКЗ, кој ќе дадат директна помош при изготвување на дозволите од Секторот енергетика и енергетика и преработка на метали, хемиска индустрија, други дејности и управување со отпад.

Во делот на индустриски несреќи ќе се одржи TAIEX работилница за подготовка на извештај на мерките безбедност, за 20 лица и ќе се учествува во Регионална обука за евалуација на извештај за безбедносни мерки - Фаза 2.

По подготовката на прелиминарен Регистар на системи со присуство на опасни супстанции и по пристигнувањата на официјалните известувања од страна на операторите согласно член 147 од Законот за животна средина (април 2011), како и дефинирањето на финалната содржина на Регистарот на инсталации кои аплицираат и складираат опасни супстанции, ќе се етаблира официјален Регистар на системи со присуство на опасни супстанции.

Ќе се работи на подготовка на Национален план за интегриран пристап во управувањето со индустриски несреќи со цел да се воспостави одржлива шема каде сите инволвирани институции и други чинители ќе го делуваат хармонизирано во спречувањето и контролата на евентуална хаварија. Планирано е во 2011 година да се подготви извештај за институционалната и правна рамка во делот на управување со индустриски несреќи.

Ќе продолжи континуираното работење на пречистителната станица во СИЛМАК -Јегуновце за намалување на загадувањето на почвата и подземната и површинската вода со шестовалентен хром во околината на Јегуновце и санација на индустриски жаришта согласно изработени санациони планови со финансиски барања за елиминација на жешки точки.

Во поглед на EMAS ќе се оствари обука за воспоставување на EMAS во Република Македонија.

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период ќе се направи анализа на промените во ЕУ законодавството поврзано со интегрираното спречување и контрола на загадувањето, со цел негово транспонирање во законодавството на Република Македонија. Особено ќе се земат предвид обврските што произлегуваат од новата директива на ЕУ поврзана со спречување на индустриското загадување. Се планира за оваа директива во рамките на проект од ИПА компонента 1 за 2011 да се изработи посебен Закон за спречување на индустриското загадување. Во овој период ќе се донесе и Закон за спречување и контрола на хаварии со присуство на опасни супстанции (31996L0082 и 32003L0105).

Во овој период ќе продолжи изработката и ревидирањето национални референтни документи (упаства) за најдобрите достапни техники (НДТ), кои ќе преставуваат упатства за применување на најдобрите достапни техники во А-интегрираните еколошки дозволи за секој индустриски сектор посебно.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во областа на интегрирана спречување и контрола на загадувањето ќе се реализираат активности зајакнување на капацитетите на единиците на локалната самоуправа во областа на индустриско спречување и контрола на загадување. Ќе се спроведат обуки за спроведување на постапката за издавање на интегрирани еколошки дозволи и управување со индустриски несреќи Континуирано ќе се реализира постапката за издавање дозволи за усогласување со оперативен план, која ќе треба да се заокружи во овој период.

Ќе се зајакне Одделението за стандарди со цел обезбедување на услови за промовирање и имплементирање на еколошкото означување и EMAS, како и промовирање на ISO стандардите и другите ЕУ стандарди, преку нови вработувања и спроведување на обуки.

Како континуирана активност на МЖСПП ќе се спроведува редовно ажурирање на Регистарот на системите со присуство на опасни супстанции (согласно барањата на ЕУ мерката 31996L0082).

Во втората фаза на изработката на Национален план за интегриран пристап во управувањето со индустриски несреќи ќе се изготви акционен план за интегрирано управување со индустриските несреќи.
Ќе продолжи континуираното работење на пречистителната станица во СИЛМАК -Јегуновце за намалување на загадувањето на почвата подземната и површинската вода со шестовалентен хром во околината на Јегуновце.

### 3.27.7 **ХЕМИКАЛИИ**

*Тековна состојба*

Донесен е нов Закон за хемикалии („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/2010) со кој се транспонираат одредбите од Регулативата (ЕЗ) бр. 1907/2006 на Европскиот Парламент и на Советот од 18 декември 2006 година за регистрација, евалуација и авторизација на хемикалии (REACH), Регулативата (ЕЗ) Бр. 1272/2008 на Европскиот Парламент и на Советот од 16 декември 2008 година за класификација, етикетирање и пакување на супстанции и смеси, за изменување и за укинување на Директивата 67/548/ЕЕЗ и на Директивата 1999/45/ЕЗ и за изменување на Регулативата (ЕЗ) бр. 1907/2006, Директивата 98/8ЕЗ на Европскиот Парламент и на Советот од 16 февруари 1998 во однос на ставањето на биоциди во промет, Регулативата (ЕЗ) Бр. 689/2008 на Европскиот Парламент и на Советот од 17 јуни 2008

година за увоз и извоз на опасни хемикалии и Регулативата (ЕЗ) број 648/2004 на Европскиот парламент и на Советот од 31 март 2004 за детергенти.

Со донесувањето на новиот Закон за хемикалии се даде придонес кон намалување на негативниот ефект од употреба на хемикалии врз здравјето на луѓето и животната средина, воспоставување на слободен проток на стоки со цел да се зголеми заштитата од хемикалии и постигнување одржлив развој во Република Македонија, преку воспоставување на соодветен систем за пласман и користење на хемикалии во однос на опасноста и ризикот кој истите го носат и соодветни институционални капацитети и создавање на административни алатки.

Донесен е Правилникот за начелата на добрата лабораториска пракса („Службен весник на Република Македонија" бр. 75/2010), кој ги транспонира одредбите од Регулативите (ЕЗ) 9/2004 и (ЕЗ) 10 /2004.

Во делот на управувањето со супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка усвоени се четири наредби: Наредба за забрана на производството и прометот на супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка како и производство и промет на производи што содржат супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка („Службен весник на Република Македонија" бр. 92/2010), Наредба за забрана на увозот и извозот на производи што содржат хлорофлуоројаглеводород (HCFC) („Службен весник на Република Македонија" бр. 92/2010), Наредба за ограничување на увозот на супстанциите кои ја осиромашуваат озонската обвивка („Службен весник на Република Македонија" бр. 92/2010) и Наредба за ограничување на увозот на уреди за климатизација што содржат хлорофлуоројаглеводород (HCFC) („Службен весник на Република Македонија" бр. 92/2010), со кои се транспонираа ЕУ регулативите 32000R2037 и 32009R1005. Со донесувањето на наредбите се реализираа активностите за замрзнување на потрошувачката на HCFCs во РМ.

Собранието на Република Македонија донесе Закон за ратификација на Ротердамската конвенција за процедурата за претходно добивање на согласност за одредени опасно хемикалии и пестициди во меѓународната трговија („Службен весник на Република Македонија" бр. 83/2010), кој е во согласност со барањата на ЕУ мерката 32008R0689.

Изработен е Национален план за елиминација на хидрохлорофлуорокарбонати (HCFCs) и започната процедура за негово усвојување од страна Владата на Република Македонија, при што во моментот се спроведуваат меѓуресорски консултации со релевантните институции. Националниот план е во согласност со ЕУ мерктие 32000R2037и 32009R1005.

Во рамките на Бирото за лекови при Министерството за здравство работи Секторот за хемикалии, во кој се предвидува да работат 10 вработени во 2 одделенија: одделение за управување со хемикалии и одделение за управни постапки за хемикалии и регулатива. Моменталната состојба со персоналот задолжен за извршување на сите обврски е четворица, задолжени за: подготвување на акти и подзаконски акти, издавање на дозволи на правни лица за промет, производство и употреба на хемикалии, смеси, детергенти, издавање на дозволи за увоз-извоз-транзит на хемикалии, водење на регистар на нови и веќе класифицирани хемикалии на територија на РМ, издавање одобренија за ставање на биоцидни производи во промет, процена на техничко досие на биоцидните производи, давање информации и стручни упатства на индустријата,информирање на пошироката јавност за влијанието на хемикалиите врз здравјето на луѓето и животната средина и спроведување мерки за намалување на ризикот од опасноста од користење на хемикалиите, подготовка на годишни декларации за хемикалии кои се предмет на Законот за ратификација на Конвенцијата за забрана на хемиски оружја, изработување и спроведување проекти со кои се следи ставањето на хемикалиите во промет и нивното користење на начин што нема да предизвика штетно влијание на здравјето на луѓето и животната средина, соработка со Европската Агенција за хемикалии, со надлежните власти на Европа за REACH и CLP Регулативите и секретаријатите на меѓународните конвенции.

Центарот за Информирање за труење од хемикалии (Центар), кој брои 10 вработени, собира и обработува податоци за акутни труења од хемикалии и други несакани ефекти, води електронска база на податоците и дава консултативни услуги за акутните труења и квартално го информира Бирото за лекови во форма на извештај за обработените податоци од акутните и ненамерни труења од хемикалии. Во рамки на проектот „Управување со ризикот на хемикалии во Република Македонија 2007-2010", вработените од Центарот, присуствуваа на обуки во Центри од овој тип во Шведска, Естонија, Бугарија и Србија. Поставена е веб страна на Центарот http://www.toxico.com.mk, на која можат да се најдат информации за третмани за труења и формулари за пријавување на затруени пациенти од други Јавни медицински установи и формулари за пријавување на хемикалии во смеси и козметички производи кои се ставени во промет на територијата на

РМ. За подигање на јавната свест на пошироката јавност за ризикот од хемикалиите е објавена брошура со информации за услугите кои може секој поединец да ги добие од Центарот по пат на телефонска или електронска комуникација со вработените.

За транспонирање на ЕУ *acquis* во националното законодавство на засегнатите страни кои работат на проблематиката за управување со хемикалиите, во рамките на проектот се одржа регионална работилница - обука за инспектори, со претставници од МЗ_БЛ, МЖСПП-ДИЖС и МЗШВ – Фитосанитарна управа, кон крај на мај 2010 година во Белград, Србија и работилница за ризикот од хемикалии и класификацијата, пакувањето и одбележувањето на хемикалиите кон крајот на октомври 2010 година на која учествуваа експерти од Фармацевтскиот факултет, Оддел за Токсикологија.

Во рамките на проектот, Шведската Агенција за хемикалии даде насоки за изготвување на новиот Закон за хемикалии и истиот се изработи со нивна експертска помош .

Во мај 2010 година започнаа преговорите со Европската Агенција за хемикалии со седиште во Хелсинки, за обука на претставници од земјите кандидати за членство во ЕУ. Во иднина е предвидена соработка со сите бордови на оваа Агенција, во рамки на Проект поддржан од Европските фондови – ИПА. Првата обука како дел од активноста на овој Проект беше одржана во Хелсинки кон крај на август и почеток на септември 2010 година. На овој настан учество зедоа по еден претставник од БЛ-МЗ, МЗСПП, НЦ-Клиника за токсикологија и експерт од Фармацевтскиот факултет.

Испитувањата на хемикалиите во постапката на нивната класификација се изведуваат во лаборатории акредитирани за таа намена, а чија работа е усогласена со принципите на Добрата Лабораториска пракса. Институтот за Јавно здравје е институцијата која располага со лаборатории акредитирани за контрола на хемикалиите во водата за пиење, резидуите во храна и контролата на препарати, смеси, детергенти, биоциди, козметички препарати кои содржат хемикалии и согласно Правилникот за Добрата лабораториска пракса се овласти за вршење на погоре споменатите испитувања согласно Законот за хемикалии.

За информирање на сите засегнати страни, индустријата па и пошироката јавност за обврските кои произлегуваат од новиот Закон за хемикалии и REACH Регулативата се изработија брошури кои ќе им помогнат на заинтересираните чинители и јавноста да разберат каде точно се наоѓаат согласно REACH системот и кои чекори треба да ги направат.

Во рамките на проектот „Воведување на безбедното управување со хемикалиите во Националното развојно планирање" дефинирана е финална/кратка листа на приоритети во управувањето со хемикалиите со учество на сите релевантни ниституции по пат на валидација користејќи однапред дефинирани критериуми во контекст на SAICM иницијативата. Во периодот август - септември 2010 година се изготвија акционите планови за имплементација за стратешкото управување со хемикалии. Со тоа заврши изработката на вториот дел од Национален план за имплементација на SAICM. Согласно SAICM документот, методологија за изработка "cost-benefit" анализа беше подготвена за случаи детерминирани како приоритетни акции во контекст на здравото управување со хемикалиите. Во ноември 2010 година дефиниран е Национален план за имплементација на SAICM.

Со проектот „Институционална поддршка-реализација на шестта фаза од проектот за заштита на озонска обвивка" е подготвен годишен извештај за потрошените количини на супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка во земјата во 2009 година. Имајќи во предвид дека следењето на увозот, извозот и потрошувачката на супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка е една од основните задачи на проектот, се спроведува перманентна контрола и ажурирање на базата на податоци за увезените/потрошените количини на супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка во земјата.

Во последната фаза од Планот за комплетна елиминација на хлорофлуорокарбонати (CFCs) во Република Македонија следена е имплементацијата на националната шема за собирање, прочистување и рециклирање на ладилните флуиди и подготвен годишен извештај за собирани, прочистени и рециклирани количини на ладилните флуиди во 2009 година.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период ќе продолжи транспонирањето на ЕУ законодавството во областа на хемикалиите во националното законодавство со донесување на подзаконски акти кои произлегуваат од новиот Закон за хемикалии и тоа:

- Правилник за методите на испитување на хемикалиите, со кој ќе се транспонира ЕУ Регулативата 1272/2008;
- Упатство за насоките за изготвување на безбедносниот лист, со кој ќе се транспонира ЕУ Регулативата 1907/2006;
- Правилник за начинот на кој се врши процената на безбедноста на хемикалијата и содржината на извештајот на безбедноста на хемикалијата, со кој ќе се транспонира ЕУ Регулативата 1907/2006.

Воедно ќе се преземат следните активности:
- Редовно ќе се ажурира Националната Листа на класифицирани супстанции;
- Ќе се објави Листата на високоризични супстанции (кои предизвикуваат загриженост), согласно ЕУ регулативата (ЕЗ) 1907/2006 и истата ќе се ажурира;
- Ќе се објави Листата на забрани и ограничувања за употреба согласно ЕУ регулативата (ЕЗ) 1907/2006 и истата ќе се ажурира;
- Ќе се ажурира Листата на активни супстанци во биоцидниот производ, согласно ЕУ директивата (ЕЗ) 98/08.

Активностите за усогласување со релевантните ЕУ мерки во делот на производите за заштита на растенија се предвидени во поглавје 3.12, подрачје 6 Фитосанитарна политика, додека активностите за заштитата на работниците при работа со опасни хемикалии се предвидени во поглавје 3.19, подрачје 2 Здравје и безбедност при работа.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во овој период ќе продолжи зајакнувањето на институционалните капацитети на надлежните институции од подрачјето хемикалии преку нови вработувања во Секторот за хемикалии во Бирото за лекови и спроведување на обуки со особен акцент на новите обврски кои произлегуваат од Законот за хемикалии и подзаконските акти.

Со новиот закон за хемикалии ќе се формира Интерсекторското тело кое ќе обезбеди подобрување на интерсекторската соработка за спроведувањето на Законот. Владата на Република Македонија ќе го формира од претставници на Министерството за здравство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за економија, Министерството за финанасии-Царинска управа, Министерството за транспорт и врски и претставник на Здружението за хемиската индустрија

Во Бирото за лекови ќе се формира REACH help desk што е обврска од REACH регулативата. На овој начин ќе се овозможи поврзување (вмрежување) на REACH help desk–от на Бирото за лекови со веќе постоечките help desk -ови регистрирани во ЕУ и со одговорната институција на ниво на ЕУ односно Европската Агенција за хемикалии (ECHA) со седиште во Хелсинки.

Во 2011 година ќе продолжи регистрацијата на сите правни и физички лица кои работат со хемикалии. За целите на размена на податоците и интегрирано управување со хемикалиите Бирото за лекови ќе продолжи да води Интегриран регистар на хемикалии кој ќе се состои од Регистар на хемикалии и Регистар на биоцидни производи. Овој Регистар ќе содржи и податоци за препаратите за заштита на растенијата.

Ќе продолжат активностите во рамки на ИПА Проектот со Европската Агенција за хемикалии, со организирање на настани за засегнатите страни во делот на управувањето со хемикалиите подржани од европски експерти од области кои ги побарува земјата домаќин и во јануари -февруари 2011 година е предвиден еден таков тренинг.

Во текот на 2011 година ќе се усвои Националниот план за имплементација на SAICM од страна на Владата на Република Македонија.

МЖСПП ќе воспостави база на податоци на застарени залихи на хемикалии.

Во рамки на имплементацијата на Националниот план за елиминација на хидрохлорофлуорокарбонати (HCFCs) ќе се изработат материјали за обука на сервисери на разладни уреди (добра пракса во управување со HCFCs и опремата која содржи HCFCs) и ќе се организира обука за сервисерите на разладни уреди.

Планирано е подготовка на проект за ажурирање на Националниот имплементационен план за редукција и елиминација на ПОПс. Во втората половина на 2011 година се предвидува дефинирање на извештај за состојбата со управувањето со

перзистентни органски загадувачи (ПОПс) на национално ниво, посебно во однос на новите девет хемикалии класифицирани во анексите на Стокхолмската конвенција за ПОПс.

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период ќе продолжи транспонирањето на ЕУ acquis во националното законодавство во делот на хемикалиите врз основа на Законот за хемикалии, при што се планираат да се донесат следните подзаконски акти:

- Правилник за граничните количини на новите супстанции за кои се бараат дополнителни испитувања, видот и опфатот на испитувањата, како и методите за испитување врз основа на кои податоците добиени за иста цел од друг нотификатор можат да се користат, со кој ќе се транспонира ЕУ директивата 67/548/ЕЕЗ;
- Правилник за својствата на супстанцијата за која може да се употреби алтернативното хемиско име, како и содржината на барањето за употреба на алтернативното хемиско име, со кој ќе се транспонира ЕУ регулативата (ЕЗ) 1907/2006,
- Правилник за случаите во кои се спроведува PIC постапката, како и содржината на барањето за спроведување на PIC постапката, со која ќе се транспонира ЕУ регулативата (ЕЗ) 689/2008;
- Листа на опасни хемикалии и производи чијшто извоз е забранет, со кој ќе се транспонира регулативата (ЕЗ) 689/2008;
- Упатство за превентивните мерки за безбедно чување и складирање на особено опасни хемикалии, со кој ќе се транспонира регулативата (ЕЗ) 689/2008;
- Упатство за содржината на образецот на барањето за вршење на дејност промет со особено опасни хемикалии, образецот на барањето за издавање дозвола за употреба на особено опасни хемикалии, образецот на дозволата за вршење на дејност промет со особено опасни хемикалии и образецот на дозволата за употреба на особено опасни хемикалии, со кој ќе се транспонира регулативата (ЕЗ) 689/2008;
- Правилник за начинот на водењето на евиденцијата за прометот со особено опасни хемикалии, со кој ќе се транспонира регулативата (ЕЗ) 689/2008;
- Правилник за методите за утврдување на биоразградливоста на ПАС во детергентите, како и референтните методи за испитување и анализа на детергентите, со кој ќе се транспонира регулативата (ЕЗ) 648/2004;
- Правилник за податоците за содржината на детергентите кои треба да бидат наведени на пакувањето, како и општите и посебните правила на означувањето, со кој ќе се транспонира регулативата (ЕЗ) 648/2004;
- Упатство за содржината на Листата на податоците за содржината на детергентите, со која ќе се транспонира регулативата (ЕЗ) 648/2004.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Планирана е подготовка и имплементација на проект за воспоставување на национална шема за синергија во имплементацијата на Стокхолмска, Базелска и Ротердамска конвенција. Во 2012 година се предвидува спроведување на анализа за постоечката институционална и правна рамка во областа на трите конвенции.

Планирана е подготовка на проект за ажурирање на Националниот имплементационен план за редукција и елиминација на ПОПс. Во текот на 2012 година се предвидува ажурирање на акциони планови за редукција и елиминација на перзистентни органски загадувачи (ПОПс).

Во рамките на имплементацијата на Националниот план за елиминација на хидрохлорофлуорокарбонати (HCFCs) ќе се организира обука за сервисерите на разладни уреди. и на цариниците за контрола на HCFCs на граничните премини.

### 3.27.8 **ГЕНЕТСКИ МОДИФИЦИРАНИ ОРГАНИЗМИ**

*Тековна состојба*

Новиот Закон за безбедност на храна (Службен весник на Република Македонија бр. 157/2010) подетално ја уреди надлежноста на новата Агенција за храна и ветеринарство, како тело кое ќе биде надлежно и за издавање на одобренија за производство на храна од ГМО. Законот го предлага Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство (за повеќе детали види поглавје 3.12 Безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика).

Во март 2010 се одржа завршна презентација во рамки на УНЕП/ГЕФ Проектот „Јакнење на капацитетите за ефективна партиципација во Клириншката Куќа за биосигурност"(ККБ),наменета за пошироката јавност, невладиниот сектор, на која се промовираше новиот Web портал на Македонската Клириншка Куќа за биосигурност, дистрибуираше брошура за ККБ и Картагенскиот Протокол за биосигурност. Со завршувањето на проектот, се операционализира Клириншката куќа за биосигурност со база на податоци, што е обврска од Законот за генетски модифицирани организми („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/2008).

Согласно Законот за ГМО, Управата за животна средина, орган во состав на МЖСПП и Државниот инспекторат за животна средина се одговорни органи на национално ниво за ГМО во животната средина. Во септември 2010 година, во рамки на УЖСа, Сектор за природа се формира ново одделение за Генетски модифицирани организми. Во управувањето со ГМО, вклучени се и други органи на државната администрација, кој според своите надлежности имаат ингеренции согласно Законот за ГМО.

Од 29-30.09.2010 година во Загреб, Република Хрватска, претставници на МЖСПП учествуваа на TAIEX работилница за хармонизирање на анализи и детектирање на ГМО.

Дирекцијата за храна, орган во состав на Министерството за здравство, е надлежна за издавање на одобренија за пуштање на пазарот на храна од генетски модифицирани организми, согласно Правилникот за посебни барања за безбедноста на храната која содржи или е произведена од генетски модифицирани организми („Службен весник на Република Македонија бр.78/2008). Со цел да се постигне ефикасна примена на законските барања од оваа област во Дирекцијата за храна постои Одделение за храна за посебна нутритивна употреба, додатоци на храна, храна од ГМО и храна произведена со иновирани технологии. Државните инспектори за храна во рамките на официјалните контроли при увоз, континуирано земаат мостри од храна за анализа на присуство на ГМО и земените мостри се испраќаат на анализа во овластената лабораторија при Факултетот за земјоделски науки и храна, Универзитет „Свети Кирил и Методиј", Скопје.

Во 2010 година, зајакнати се административните капацитети за проценка на ризик на ГМО преку номинирање на двајца експерти (претставник од Дирекцијата за храна и заменик од Институтот за јавно здравје) во научната мрежа на ЕФСА (European Food Safety Authority) за проценка на ризик на ГМО. Македонските експерти учествува на состанок на научната мрежа за Проценка на ризик на ГМО на 22-23.11.2010 година во Парма,Италија, што се реализираше во рамки на „Подготвителни мерки за учество на земјите кандидати и земјите потенцијални кандидати во EFSA".

Експерт од Дирекцијата за храна учествуваше на работилница за „Генетски модифицирани култури: социолошко економски влијанија, коегзистенција со конвенционалното производство и прашања поврзани со трговијата" организирана од Европската комисија (Центар за истражувања), од 4-5.11.2010 во Севиља, Шпанија.

Надлежности во управувањето со ГМО има и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) во делот на постапката за пуштање на ГМО производи на пазар.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во првиот квартал на 2011 година ќе се донесе Правилник за форма и содржина на нотификацијата за ограничено користење на ГМО, како и информациите што се потребни да ги достави корисникот при поднесувањето на нотификацијата со потребни информации до МЖСПП кога нотификацијата се поднесува за простор кој ќе се користат ГМО за првпат и одделно за секоја класа на ограничено користење на ГМО, со кој ќе се транспонираат одредби од Директивата 31998L0081.

Ќе продолжи подготовката и донесувањето на подзаконските акти кој го уредуваат ограниченото користење на ГМО, со кои ќе се изврши понатамошно транспонирање на ЕУ директивите 32001L0018 и 31998L0081. Имено, ќе се изготви методологијата и елементите на проценка, параметрите, минимум критериуми и барања коишто треба да бидат земени предвид при вршење на проценката, постапката за вршење на проценката, како и ограничувањата и мерките за безбедност, вклучително и други технички услови за секоја класа одделно доколку е неопходно за обезбедување заштита на здравјето на луѓето и животната средина, согласно видот на организмот, средината и просториите во кои се има намера да се користи ГМО. Истотака, ќе се утврдат основните принципи, содржината, обемот и методологијата за процена,соодветна за карактерот на внесениот ГМО и животната средина, согласно кои се врши проценката на ризикот врз животната средина.

Согласно предложената динамика, со подзаконски акти ќе се уреди содржина на објава за податоци за местото каде може да се изврши увид во податоците во нотификацијата; Определување на ГМО што се забранети намерно да се

ослободуваат во животната средина и/или да се пуштат како ГМО производи на пазар; информациите и податоците што се доставуваат во прилог на нотификацијата за извоз на ГМО и ГМО производ.

Неопходната поддршка од вклучување на странски /меѓународни експерти во областа ГМО при изготвување и донесување на подзаконски акти и имплементација на Законот за ГМО, е обезбедена како активност во 2 –та компонента на новиот УНЕП / ГЕФ Проект Имплементација на националната рамка за биосигурност.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Како предуслов за ефикасно следење и управување со генетски модифицираните организми неопходно е да се зајакне новото одделение за ГМО во рамки на МЖСПП, да се вработат и обучат лица кои ќе бидат одговорни за следење на состојбата со ГМО при ограничено користење, намерно ослободување во животна средина, пуштање на пазар итн.

Во овој период, се планира да отпочнат активности во рамки на новиот УНЕП / ГЕФ Проект Имплементација на националната рамка за биосигурност. Целта на Проектот е иден развој и имплементација на националната рамка за биосигурност на РМ, согласно националните приоритети и меѓународни облигаци што произлегуваат од ратификуваниот Картагенскиот протокол за биосигурност кон Конвенцијата за биолошка разновидност. Во рамки на Проектот се планира техничко опремување на УЖС и обезбедување обуки на вработените во надлежните институции, научните институции и МАНУ за спроведување на законските обврски и прописите за ГМО, како и изготвување на подзаконски акти.
Од аспект на управување со ГМО, а во согласност со усвоениот План за институционален развој на капацитетите за управување со животна средина на национално и локално ниво 2009-2014, потребно е да се определат работни места за вршење на следните работни задачи: спроведување на постапката за нотификација преку издавање на дозволи (дозвола за користење на простор за ГМО, дозвола за ограничено користење на ГМО, дозвола за намерно ослободување на ГМО во животна средина, дозвола за пуштање на ГМО производи на пазар, дозвола за извоз на ГМО и ГМО производи, дозвола за увоз на ГМО и ГМО производи, дозвола за транзит на ГМО и ГМО производи), воспоставување и водење на Регистарот за ГМО, учество на јавноста во донесувањето на одлуки поврзани со ГМО и пристап до информации, раководење во случај на ризик и водење на евиденција на плановите за итни случаи и проценката на ризикот, подготвување на извештаи, вршење на стручни и административно технички работи за потребите на Комисијата за управување со ГМО и Научниот комитет за ГМО, операционализирање на веќе воспоставената Клириншка куќа за биосигурност и имплементирање на барањата што произлегуваат од Картагенскиот протокол кон Конвенцијата за биолошка разновидност.

Заради разгледување на прашањата од областа на ГМО, давања на мислења и предлози потребно е да отпочне со работа и редовно да се состанува Научниот комитет за ГМО. МЖСПП редовно ќе продолжи со ажурирање на информациите за ГМО (изготвени подзаконски акти,соопштенија и др) на националната/Македонска Клириншка Куќа за биосигурност..

Во рамките на новоформираната Агенција за храна и ветеринарство ќе се зајакнат капацитетите на Одделението за храна од ГМО преку кадровско доекипирање и спроведување на обуки од областа на ГМО храна. Исто така се планира оформување на регистер на сите производители и трговци кои се одговорни за пуштање на храна која содржи или е произведена од ГМО како и зајакнување на соработката меѓу сите релевантни институции од областа на ГМО.

Согласно новиот Закон за безбедност на храна, Директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство ќе назначи национална референтна лабораторија која ќе врши лабораториски испитувања на ГМО храна (за повеќе детали види поглавје 3.12 Безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика).

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период ќе се обезбеди целосна транспозиција на Директивата 32001L0018 преку донесување подзаконски акти во врска со регулирањето на пуштањето на пазар производи кои содржат ГМО. Имено, со подзаконски акти ќе се дефинираат: содржината на информациите за пуштање на ГМО производ на пазар; содржината и начинот на изготвување на извештајот за процена од ГМО производ; висината на трошоците за издавање на дозволата за пуштање на ГМО производ на пазар; информациите кои можат да изостанат од нотификацијата за пуштање на ГМО производ на пазар.

Во овој период ќе се уреди начинот и постапката за учество на јавноста во издавањето на дозволите за ГМО и ГМО производ; начинот и постапката за размена на информации за настанатата несреќа, превземените мерки и нивната ефикасност и анализа на несреќата, вклучувајќи и препораки за ограничување на ефектите и избегнување на слични несреќи во иднина; ќе се определи формата и содржината на дозволата за извоз на ГМО и/или ГМО производи, и на крај ќе се уреди формата, содржината, методологијата и начинот на водење на регистарот на ГМО.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во овој период ќе се воспостави и води Регистарот за ГМО, како и ќе се обезбедат услови за учество на јавноста во донесувањето на одлуки. Стручните тела, односно Комисијата за управување со ГМО и Научниот комитет за ГМО ќе продолжат редовно да се состануваат и даваат конструктивни предлози.

Ќе се реализира обука за управување со ГМО – спроведување на процедури за нотификација, во рамки на УНЕП/ГЕФ проектот за имплементација на националната рамка за биосигурност. Воедно ќе се спроведат јавни кампањи кои ќе имаат за цел да ја подигнат јавната свест за употребата на ГМО и да ја зголемат одговорноста на правните лица кои ќе бидат вклучени во постапувањето со ГМО и ГМО производи.

### 3.27.9 **БУЧАВА**

*Тековна состојба*

Во 2010 година се донесоа Правилник за поблиската содржина на стратешките карти за бучава и акционите планови за бучава, начинот на изработката и начинот на собирање на податоци за изработка на стратешките карти за бучава и акционите планови за бучава, како и начинот на нивното собирање, чување и евидентирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 133/2010) и Правилник за начинот на соработката на органите надлежни за изработка на стратешки карти за бучава и акциони планови за бучава со органите надлежни за донесување на стратешки карти за бучава и изработка на акциони планови за бучава од соседната држава („Службен весник на Република Македонија“ бр. 163/2010), со кои се транспонираше Директивата на Европскиот парламент и Советот од 25.06.2002 година која се однесува на проценување и управување со бучавата во животната средина (32002L0049).

Уредбата за агломерациите, главните патишта, главните железнички пруги и главните аеродроми за кои се подготвуваат стратешки карти за бучава, кои што исто така се поврзани со одделни одредби од горенаведената ЕУ мерка е во фаза на објавување во Службен весник на Република Македонија.

Надлежен орган за подрачјето бучава во животната средина, особено за спроведување на Законот за заштита од бучава во животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2007 и 124/2010) и прописите донесени врз основа на овој закон е МЖСПП и УЖС. Во УЖС во Секторот за животна средина се предвидени работни места со работни задачи поврзани со заштита од бучавата. Инспекциски надзор на примената на законот и прописите донесени врз основа на законот врши Државниот инспекторат за животна средина, орган во состав на МЖСПП, како и овластените инспектори за животна средина на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС). Одделни надлежности во управувањето со бучавата имаат и Државниот санитарен и здравствен инспекторат, орган во состав на Министерството за здравство во однос на контрола на бучавата од здравствен аспект, Министерството за економија во однос на контрола на бучавата која се создава од производи и ЕЛС во однос на бучавата која се создава од угостителски, занаетчиски и туристички дејности.

Во однос на мониторингот на бучава, во МЖСПП се собираат и обработуваат податоци од мерења на комуналната бучава кои ги вршат Институтот за јавно здравје и 10 Центри за јавно здравје, од кои само 3 центри (Скопје, Битола и Куманово) собираат и обработуваат податоци, како и мерењата направени од страна на централната лабораторија при МЖСПП, а кои се однесуваат на бучавата создадена од различни категории на создавачи на бучава (индустрија, аеродроми, угостителско-туристички капацитети и други активности).

Во рамките на работно тело за воспоставување на државната мрежа за мониторинг на медиумите и областите за животна средина се разгледува и мониторингот на бучавата. Државната мониторинг мрежа се воспоставува согласно Законот за животна средина.

Се одржа TAIEX работилница за ЕУ Директивата за бучава на 3-4 јуни 2010г. во Скопје, на која учествуваа претставници од МЖСПП и релевантните институции и организации и беа пренесени искуставата во врска со имплементацијата на основната директива на ЕУ за заштита од бучава во животната средина и другите директиви кои се однесуваат на заштита од бучава предизвикана од различни извори. Исто така беа пренесени искуства на ЕУ членките кои се однесуваат на изработка на стратешки карти за бучава и акциони планови за бучава.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2011 година ќе се донесе Правилник за поблиските видови на посебни извори на бучава, како и условите кои треба да ги исполнуваат постројките, опремата, инсталациите и уредите кои се употребуваат на отворен простор во поглед на емитираната бучава и стандардите за заштита од бучава, со кој ќе се транспонира Директивата 2000/14/ЕЗ, изменета со Директивата 2005/88/ЕЗ, а се однесува на емисијата на бучавата во околината од опрема што се употребува на отворено.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2011 година со нови вработувања и обуки ќе се зајакнат капацитетите на УЖС – Сектор за животна средина и Секторот Македонски информативен центар за животна средина со цел спроведување на законот и подзаконските акти. Воедно ќе се формира ново одделение за бучава во животната средина во рамките на Секторот за животна средина во УЖС.

Истовремено, ќе се зајакнат и капацитетите на ЕЛС за управување со бучавата на локално ниво преку вработувања и спроведување на обуки кои се однесуваат првенствено за спроведување на законодавството од областа на бучавата во животната средина на локално ново. Предвидено е спроведување на обуки на вработените во ЕЛС заради подобрување на капацитетите при управување со податоци за бучавата и мониторинг на мрежата за бучава, како и обуки за ракување со инструменти за мерење на бучава.

Зајакнувањето на капацитетите на МЖСПП ќе се спроведува преку проектот за бучава "Зајакнување на капацитетите на МЖСПП за имплементација на директивата 2002/49/ЕЗ која се однесува на проценка и управување со бучавата во животната средина, поддржан од страна на Владата на Холандија во рамките на Матра програмата Г2Г. Во рамки на проектот ќе реализираат повеќе обуки за управување со бучавата и ќе се обезбеди поддршка за изработка на подзаконските акти. Активностите на проектот ќе бидат утврдени во првиот квартал на 2011 година.

Заради спроведување на редовен мониторинг во овој период ќе се воспостави Државната мрежа за мониторинг на бучавата. Како резултат на спроведената анализа на сите мониторинг станици за бучава што постојат во Република Македонија со што се воспостави Државната мрежа за мониторинг на бучавата, ќе се донесе Програма за работа на истата. Врз основа на податоците од постојните станици за мониторинг на бучавата, ќе започнат подготвителни активности на агломерациите и подрачјата за кои треба да се изработат Стратешки карти за бучава и акциони планови преку набавка на потребната опрема за мониторинг и изработување на стратешки карти за бучава и обуки за користење на опремата.

Предвидено е да се спроведат обуки на вработените во МЖСПП, ИЈЗ и центрите за јавно здравје и ЕЛС, со цел запознавање со искуствата на земјите членки на ЕУ за имплементација на ЕУ Директивата на Европскиот парламент и Советот од 25.06.2002 година која се однесува на проценување и управување со бучавата во животната средина (32002L0049).

Во овој период ќе се реализира студиско патување за управување со бучавата во животната средина во рамките на TAIEX помошта, како и работилница на која би биле презентирани барањата на Директивата 2000/14/ЕЗ, изменета со Директивата 2005/88/ЕЗ и искуствата на државите членки на ЕУ при имплементација на истата .

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период се очекува да бидат донесени подзаконските акти со кои ќе се заокружи правната рамка во подрачјето бучава и ќе се обезбеди целосно усогласување со ЕУ acquis.

Имено, со подзаконски акти ќе се утврдат поблиските видови на посебни извори на бучава, како и условите за заштита од бучавата предизвикана од патен, железнички, воздушен и воден сообраќај, како и поблиските видови на посебни извори на бучава со кои ќе се изврши транспонирање на следните ЕУ мерки: 31984L0372, 31989L0629 и 31998L0020. Исто така, ќе се утврдат поблиските видови на посебни извори на бучава, како и условите кои треба да ги исполнуваат уредите, средствата и апаратите за домаќинство во поглед на стандардите за заштита од бучава, со што ќе се изврши транспонирање на Директивата 32009L0125.

До крајот на 2013 година ќе започнат активности за воспоставување ГИС на податоците од бучавата во животната средина се со цел целосно спроведување на барањата од INSPIRE Директивата која обезбедува законска рамка за имплементација на Европските инфраструктурни просторни податоци и ќе биде една од главните компоненти од Европскиот информативен систем за животна средина (SEEIS).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во овој период ќе се започнат активности за воспоставување на Информативниот систем за состојбата на бучавата во животната средина како дел од севкупниот информативен систем за животна средина во Република Македонија, кој ќе ги опфаќа податоците добиени од мониторингот на бучавата, стратешките карти и акционите планови и други релевантни податоци добиени со поединечни мерења на бучава.

ќе започнат активности за воспоставување и одржување катастар на создавачи на бучава во животната средина и воспоставување на карта на создавачи на бучава.

Воедно, се планира набавка на инструменти за бучава со кои ќе се овозможи воспоставување на мониторинг на бучавата како и нанесување на бучавата на стратешка карта. Во овој период ќе започне со набавка на апликативен софтвер кој ќе овозможи документирање на база на податоци и единствен комуникациски пренос на податоците во МЖСПП

Во овој период ќе започнат конкретни активности за изработка на стратешки карти и акционите планови за бучава.

### 3.27.10 **ШУМАРСТВО**

*Тековна состојба*

Согласно Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/2009) донесена е Програма за проширена репродукција на шумите за 2010 година („Службен весник на Република Македонија” бр.8/2010, 52/2010 и 91/2010). Со Програмата се обезбедени средства од Буџетот на Република Македонија за финансирање на повеќе активности, како што се: пошумување на голини и ерозивни земјишта, нега на шумски култури со прореди, мелиорација на деградирани дабови шуми, санирање на опожарени шумски површини и нивна вештачка обнова и спречување на ширењето на масовното сушење на шумите и шумските култури, обезбедување на шумски садници за приватно пошумување и за акцијата „Ден на дрвото – засади ја својата иднина“ и заштита на шумите и шумските култури од растителни болести и штетни инсекти.

Воедно, Владата на Република Македонија го усвои Извештајот за реализација на Програмата за проширена репродукција на шумите за 2009 година и Информацијата за здравствената состојба на шумите во Република Македонија за 2009 година, со предлог мерки.

Во овој период се спроведува ФОПЕР 2 проектот, кој започна во јуни 2009 година и ќе трае до 2012 година, и ги содржи следниве компоненти: мастер студии, докторски студии и проектни истражувања во областа на шумарската политика и економика, чии потписници се Шумарски факултет – Скопје, МЗШВ и Европскиот шумарски институт.

МЗШВ_ДИШЛ врши надзор над спроведувањето на законските прописи од областа на шумарството и ловството и од областа на здравје на растенијата. Се реализираа пет вработувања.

Во рамките на акцијата „Ден на дрвото – засади ја својата иднина“ во март 2010 година беа засадени околу 3.000.000 садници на површина од околу 815 ха, а во ноември 2010 година беа засадени околу 7.000.000 садници на површина од околу 2.000 ха.

До крајот на 2010 година се пошумија 710 ха, се изврши нега со прореди на шуми и шумски култури на површина од 505 ха и се изврши санирање на опожарени шумски површини на 40 ха.

Во 2010 година се формира Управниот комитет на Проектот „Зајакнување на готовноста за заштита на националните шуми од пожар“, се назначија меѓународни и национални консултанти и се извршија подготовки за организирање на обуки на сите засегнати страни за интегрирано управување со шумските пожари, за справување со шумските пожари и за подигнување на јавната свест. Усвоено е логото кое ќе се користи во националната кампања за подигнување на јавната свест и изработени се пропагандни материјали во електронска верзија. Исто така се реализираа две мисии на меѓународните консултанти и при тоа беше направена спецификација на потребната опрема за обуките и се дефинираа сите потребни подготовки за реализација на активностите предвидени со Проектот.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Врз основа на Законот за шумите ќе се донесат подзаконски акти со кои ќе се уреди мониторинг над шумските екосистеми и мониторинг над шумските пожари и со кои ќе се транспонира регулативата (ЕЗ) 1737/2006/ЕЗ за имплементација на регулативата (ЕЗ) 2152/2003 за мониторинг на шумите и интеракциите со животната средина во Заедницата (Forest Focus).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во овој период ќе се преземат активности за реализирање на нови вработувања и јакнење на капацитети врз основа на систематизацијата на МЗШВ и на ДИШЛ, за одржување на професионални обуки за вработените, набавка на опрема

(возила, теренски возила, компјутерска опрема, соодветни софтвери и сл.). Исто така ќе се спроведат обуки и студиски посети кои се однесуваат на зајакнување на капацитетот на ДИШЛ, како и работилници наменети за зајакнување на капацитетите на администрацијата вклучена во заштита на шумите и ловството.

МЗШВ – Секторот за шумарство и ловство ќе се зајакне со нови вработувања.
Како еден од инструментите за креирање и спроведување на политиката за шумарство во Република Македонија ќе се донесе Програма за проширена репродукција на шумите за 2011 година и истата ќе се спроведува до крајот на 2011 година..

МЗШВ-Сектор шумарство и ловство на годишно ниво изработува Извештај за реализација на Програмата за проширена репродукција на шумите за 2010 година и Информација за здравствената состојба на шумите за 2010 година, со предлог мерки.

Со цел добивање квалитетни информации во областа шумарство, во овој период ќе се работи континуирано на набавка на ГИС софтвер и хардвер и обука на вработените за негово користење со цел формирање на информатичка мрежа и воведување на ГИС технологија.

Во овој период ќе заврши проектот „Зајакнување на готовноста за заштита на националните шуми од пожар" со што ќе се постигне значително подобрување на капацитетите на административни и оперативни тела кои се одговорни за управување со шумските пожари и ќе се подобрат капацитетите за развој на инфраструктурата за координација на стратешките планови за управување со пожари.

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период ќе продолжи имплементацијата  на Законот за шумите и на подзаконски акти со кои се уредува мониторингот над шумските екосистеми и мониторингот над шумските пожари,а со кои е транспонирана регулативата (ЕЗ) 1737/2006/ЕЗ за имплементација на регулативата (ЕЗ) 2152/2003 замониторинг на шумите и интеракциите со животната средина во Заедницата (Forest Focus).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со цел јакнење на капацитетите на надлежните институции се планира зголемување на бројот на човечките ресурси и обезбедување на професионални обуки за вработените.
Во овој период ќе се изврши набавка на опрема (возила, теренски возила, компјутерска опрема, соодветни софтвери и сл.) во Државниот инспекторат за шумарство и ловство.
МЗШВ-Сектор за шумарство и ловство на годишно ниво изработува Програма за проширена репродукција на шумите, Извештај за реализација на Програмата за проширена репродукција на шумите за претходната година и Информација за здравствената состојба на шумите за претходната година, со предлог мерки.

Со цел добивање квалитетни информации во областа шумарство, во овој период ќе се работи континуирано на набавка на ГИС софтвер и хардвер и обука на вработените за негово користење со цел формирање на информатичка мрежа и воведување на ГИС технологија за што ќе се бараат средства од домашни и меѓународни извори.

## 3.28 **ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ И ЗДРАВЈЕТО**
### 3.28.1 **ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ**

*Тековна состојба*
Во 2010 година Министерството за економија и Министерството за здравство донесоа Правилник за безбедност на детски играчки („Службен весник на Република Македонија“ бр.149/10), во кој е транспонирана Директивата за безбедност на играчки 2009/48/ЕЗ.

Во 2010 година донесен е Законот за надзор на пазарот („Службен весник на Република Македонија“ бр.48/2010) и Национална програма за координација и превземање на ефективни мерки за надзор на пазарот за 2011 и 2012 година(„Службен весник на Република Македонија“ бр.146/2010).

Формирано е Координативното тело за надзор на пазарот координирано од Државниот пазарен инспекторат. Види Поглавје 01.

Во декември 2010 година до Владата на РМ е доставен Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите во кој е имплементирана Директивата 32005L0029 за нечесно пазарно однесување од страна на деловните субјекти на внатрешниот пазар, со цел поголема информираност на потрошувачите заради правилен избор при купувањето на производите, како и заштита на потрошувачите од нечесно пазарно однесување при вршење на промет на производи и Директивата 31998L0027 која се однесува за наредби со кои се заштитуваат интересите на потрошувачите и ќе се воведе инструмент колективна заштита на потрошувачите како ефективен механизам на заштита на заедничките интереси на потрошувачите и постапките пред надлежните судови. Се очекува законот да биде донесен во првиот квартал од 2011.

Во 2010 година се донесе Закон за продажба на финансиски услуги на далечина во кој е транспонира Директивата 65/2002/ЕЗ. Целта на Законот е да ја зајакне продажбата, односно користењето на финансиски услуги на далечина и да обезбеди заштита на потрошувачите кога истите користат финансиски услуги на далечина преку транспарентно информирање на потрошувачите и слобода на избор во рамките на единствениот пазар, под еднакви услови како и за потрошувачите од другите земји членки. Примента на Законот е со членство на земјата во Европската унија.

Во 2010 година донесени се повеќе закони и подзаконски акти по кои надзор врши Државниот пазарен инспекторат: Закон за надзор на пазарот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/10), Законот за изменување и дополнување на закон за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/10), Закон за изменување и доолнување на закон за трговија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/10), Закон за изменување и дополнување на закон за занаетчиска дејност; („Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/10), Закон за изменување и дополнување на законот за заштита од пушењето („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35 /10), Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/10).

Во постапка е усогласувањето на законите за пооделни инспекторати со Законот за инспекциски надзор, како и изменување и дополнување на следните законски и подзаконски прописи:

- Закон за изменување и дополнување на Закон за Државен пазарен инспекторат, Законот за измени и дополнување на Закон за туристичка дејност, Правилникот за формата и содржината на поканата за едукација, Правилник за формата и начинот за водење на евиденција за спроведената едукација.

Новина во прописите е нивното прилагодување на потребите и барањата на бизнис заедницата, со воведување на едукации и укажувања за отстранување на одредени незаконитости во работењето.

Во тек е Проект за унапредување и промоција на Државниот пазарен инспекторат финансиски и технички подржан од USAID, кој се одвива во два дела, и тоа:

- Промоција на ДПИ
- Изработка на софтверска апликација за потребите на ДПИ

Активностите се проектирани да се одвиваат паралелно и да завршат заклучно со декември 2010 година.

Во првата фаза е припрема и инсталирања нов софтвер во кој ќе се вклучи програмата за работа на Државниот пазарен инспекторат, комуникациска поврзаност со институциите во системот и можности за размена на информации и искуства во работењето. Во рамките на оваа фаза се предвидува период на тестирања на софтверот и обука за сите корисници во рамките на инспекторатот.

Во втората фаза која истовремено се одвива со првата, превземени се активности за промоција на инспекторатот во правец на изготвување и публикација на информативни брошури наменети за бизнис заедницата и потрошувачите,

припремање и публикација на брошурата “Потрошувачи, заштита на потрошувачите и ДПИ“ , а изработен е и Веб портал во кој ќе бидат содржани сите документи и информации кои се во интерес на економските оператори и потрошувачите.

Во областа на безбедноста на храната донесени се:

Законот за безбедност на храна („Службен весник на РМ“број157 / 2010)

Со донесувањето на овој закон се формира Агенција за храна и ветеринарство на Република Македонија.

Агенцијата е контакт точка за Системот за брзо предупредување за храна и добиточна храна RASFF (Rapid Alert System for Food and Feed) за Република Македонија.

По однос на усогласување на законодавството во 2010 година донесени се повеке правилници *(види Поглавје 3.12)*

Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2009 - 2010 година, во 2010 година се реализираше согласно предвидените активности на Министерството за економија и другите надлежни министерства: Министерството за здравство - Дирекција за храна и Државен санитарен и здравствен инспекторат, Министерството за транспорт и врски и Министерството за образование и наука - Биро за развој на образованието. Финансирањето на активностите е од сопствени буџетски средства на институциите.

Невладиниот сектор беше вклучен во реализирањето на најголемиот број на активностите од Програмата.

Од буџетските средства на Министерството за економија, кои со ребалансот на буџетот за 2010 година за реализацијата на активностите од Програмата за заштита на потрошувачите за 2010 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/10 и 139/10) беа намалени, се спроведе:

- Директна финансиска подршка на здруженијата на потрошувачите на национално и локално ниво за изготвена програма (проект) за информирање, советување и едукација на потрошувачите по пат на Јавен повик и со реализаторот на проектот “Организација на потрошувачите на Македонија“ како конзорциум на Организација на потрошувачите Штип, Организација на потрошувачите Битола, Организација на потрошувачите Кочани, Организација на потрошувачите Охрид, и Организација на потрошувачите Тетово склучен е Договор за доделување на финансиски средства во износ од 180.000 денари (околу 3000 ЕУР).
- Организацијата на потрошувачите на Македонија- Скопје, со Договор за јавна набавка за консултански услуги,- организира регионални семинари во 7 општини со цел согледување на проблемите со кои се соочуваат потрошувачите при поднесување на приговори до надлежните инспекциски органи.
- Со Договор склучен со Организацијата на потрошувачите на Македонија - Скопје изработени се и отпечатени флаери за подигање на јавната свест на потрошувачите за нивните права согласно Законот за индустриска сопственост, авторското право и сродните права.
- За членство на Организацијата на потрошувачите на Македонија во Европска потрошувачка организација–BEUC, со Решение на Министерството за економија се исплатија 65.000 денари (1.060 ЕУР) и 14.000 денари (228 ЕУР) за членство во Светска потрошувачка организација – Consumers International.

Подготвена е Програма за заштита на потрошувачите за периодот 2011 – 2012 година со учество на институциите вклучени во Програмата.

Согласно Законот за заштита на потрошувачи при договори за потрошувачки кредити од јануари 2008 заклучно со декември 2010 издадени се 7 дозволи за давање на потрошувачки кредити на трговски друштва во пари и стока. (3 дозволи во 2008, 2 дозволи во 2009 година и 2 дозволи во 2010 година ).

Министерство за економија води регистар на даватели на потрошувачки кредити кои имаат добиено дозвола за давање потрошувачки кредити. На WEB страната на Министерството за економија е објавена листата на даватели на потрошувачки кредити.

На ВЕБ страницата на Министерството за економија посебно место е дадено на информациите кои се однесуваат на заштитата на потрошувачите, со што е дадена можноста за дирекна комуникација со потрошувачите.

За периодот од 01.01.2010 до 15.11.2010 година евидентирани се 205 претставки од потрошувачи во областа на безбедноста на храната.

Државниот пазарен инспекторат во периодот јануари -септември 2010 година изврши 1431 редовни и контролни инспекциски надзори.Поднесени се 135 барања до комисиите за прекршоци , 40 барања за поведување прекршочна постапка до основните судови. Наплатени се 36 глоби во вкупна вредност од 944.174 денари.

Одделението за заштита на потрошувачите во рамките на Секторот за внатрешен пазар при Министерството за економија брои 2 лица.

Во Државниот пазарен инспекторат формирани се: нов Сектор за општи работи со 3 одделенија - Одделение за општи работи, Одделение за финансиски прашања и Одделение за информатичка и комуникацсика технологија, како и независна организациона единица надвор од секторите - одделение за управување со човечки ресурси. Секторот за инспекциски надзор и други работи својата функција ќе ја извршува преку 12 одделенија вклучувајќи го Одделението за прекршоци, Одделението за инспекциски надзор за безбедност на производите и Одделенијата за инспекциски надзор територијално распоредени во рамките на државата.

Конституирањето на новите организациони единици ја наметна потребата од нови вработувања и прераспоредување на постоечкиот кадар во инспекторатот. Во текот на 2010 година се реализираа 2 нови вработувања.

Во Дирекција за храна - Одделението за заштита на потрошувачи работи едно лице. Заради надзорот на пазарот со храна вработени се во инспекциските служби 2 инспектори за храна во 2010 година.

Во Министерството за финансии, Сектор за финансиски систем - Одделението за банкарски и небанкарски институции се вработени 3 лица.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Министерство за финансии до 30.09.2011 година ќе се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити, во насока на имплементирање на новата ЕУ директива 2008/48/ЕЦ за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити. За месец мај 2011 година ќе се бара техничка помош од TAIEX за реализација на проектот.

Заради транспонирање на Регулативата 2006/2004/ ЕЗ за соработка помеѓу надлежните тела одговорни за спроведување на законските прописи за заштита на потрошувачите во февруари 2011 година ќе се одржи TAIX – семинар – експертска помош за појаснување на значењето на самата регулатива. Ќе следи подготовка на анализа и Акциски план за транспонирање на Регулативата во повеке закони кои го регулираат ова прашање.

Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2011 – 2012 во 2011 година ке се реализира од следните институции:

*1 . Министерството за економија:*

- Одржување на регионални семинари во три општини со активно учество на невладиниот сектор за заштита на потрошувачите заради спроведување и следење на имплементацијата на измените и дополнувањата на Законот за заштита на потрошувачите, од аспект на пазарно однесување на потрошувачите од страна на деловните субјекти на внатрешниот пазар, како и можноста за колективна заштита на потрошувачите пред надлежните судови.
- Одржување на регионални семинари во три општини со активно учество на невладиниот сектор за заштита на потрошувачите заради имплементацијата на Правилникот за безбедност на детски играчки кои не ја загрозуваат безбедноста и здравјето на децата;
- Одржување на работна средба за спроведување на законската регулатива од областа на туризмот и угостителството од аспект на правата и обврските на потрошувачите и давателите на овие услуги со претставници на Државен пазарен инспекторат, стопанските комори, туристичките агенции, Асоцијации (АТАМ и ХОТАМ) и Организацијата на потрошувачите на Македонија;
- Одржување на две работни средби на Советот за заштита на потрошувачите формиран од Владата на Република Македонија со Советите за заштита на потрошувачите од пооделни општини и градот Скопје заради унапредување на соработката и разгледување на степенот на реализацијата на локалните програми за заштита на потрошувачите .

Министерството за економија ќе продолжи со финансиската подршка на здруженијата на потрошувачите на национално и локално ниво од сопствените буџетски средства, за изготвена програма (проект) за информирање, советување и едукација на потрошувачите од страна на здруженијата на потрошувачите.

*2. Министерство за здравство:*

*Агенција за храна и ветеринарство*

- Презентирање на имплементацијата на Законот за безбедност на храна во четири општини со учество на претставници од локалната самоуправа, здруженија на граѓани, потрошувачки организации, стопанските комори, бизнис заедницата. Печатење на водич/1/, бошури /2/.
- Информирање и едуцирање на потрошувачите за адитивите во храната реку пизготвување на публикација и нејзино дистрибуирање до потрошувачите преку маркетите низ трговската мрежа во земјата и веб страницата.

- Одржување на трибини во четири општини за информирање на потрошувачите за диететски производи, додатоците на исхрана, храна за посебна нутритивна употреба, храна збогатена со витамини, минерали и други хранливи материи, присутни на пазарот на Република Македонија. Печатење на публикации /3/,
- Реализација на активностите за 2011 година од Националната програма за координација и превземање на ефективни мерки за надзор на пазарот за 2011 и 2012 година преку координирани активности на инспекторите за храна и пазарните инспектори /надзор на безбедноста на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната/ два пати месечно во тековната година.
- Ќе продолжи ажурирање на базата податоци за поднесени жалби од портошувачите со цел анализирање на ризиците и опасностите на кои укажуваат потрошувачите.
- Ќе се ажурираат податоци и информации за потрошувачите на Web страницата.
- Ќе се обезбеди бесплатна телефонска линија за потрошувачите.

*Државен санитарен и здравствен инспекторат*

- Ќе продолжи понатамошна имплементација на Законот за заштита на правата на пациентите (“Службен весник на Република Македонија” бр. 82/08) преку одржување на регионални работни средби и обуки.
- Промоција на новиот Закон за здравствена заштита преку одржување на регионални работни средби и трибини.

*3. Министерство за транспорт и врски*

- Имплементација на Законот за домување (“Службен весник на Република Македонија” бр. 99/09) и Стратегија за домување на Република Македонија (2007-2012), подготвување и печатење на брошури, одржување на стручни советувања и трибини, во соработка со локалната самоуправа, Министерсво за труд и социјална политика, Министерството за економија, бизнис заедницата, здруженија на граѓани и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

*4. Министерство за образование и наука*

*Биро за развој на образованието*

- Продолжување на реализација на концептот за деветгодишно основно воспитание и образование;
- Едукација на младата популација од областа на заштитата на потрошувачите преку одржување на стручни посети и работилници во јавните детски градинки –предучилишни установи и основни училишта во рамките на наставните планови каде е застапен и предметот Вештини за живеење и темата -Ученикот како потршувач;
- Учество во изготвување на содржински модули со тематика-Заштита на потрошувачите, со експериментален карактер наменети за деца од 3-6 и од 6-9 годишна возраст преку одржување на стручни посети – практична пилот имплементација во градики и основни училишта со учество на претставници на Министерството за труд и социјална политика, Министерството за економија и Организацијата на потрошувачите на Македонија;
- Подготовки за едукација на средношколската младина од оваа област во соработка со претставници од Министерството за труд и социјална политика, Министерството за економија и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

На краток рок ќе се работи на кадровско и административно зајакнување на надлежните институции заради понатамошно спроведувањето на потрошувачката политика.
Ќе се зајкне капацитетот на Одделението за заштита на потрошувачите во Министерството за економија со 1 ново вработување.

Согласно систематизацијата на Агенцијата за храна и ветеринарство планирано е јакнење на капацитетот на Организационата единица за заштита на потрошувачи со 7 нови вработувања.
Планирана е обука на темата ,,Процедура за постапување по претставки од потрошувачи,, за инспекторите за храна и ветеринарните инспектори.

Во Државниот пазарен инспекторат ке се врши натамошно усовршувње на организацијата во работењето со зајакнување со технички и човечки ресурси. Ке се организираат работни средби и зајакнување на комуникациските односи со релевантните фактори кои дејствуваат во областа на безбедност на непрехранбените производи и информирање на јавноста за RAPEX системот за опасните производи и нивните последици по безбедноста и здравјето на потрошувачите.

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Натамошната хармонизација на законодавството ке се реализира пред се со поддршка на ИПА Проектот - Хармонизација на националното законодавство и градење на капацитетите на полето на заштита на потрошувачите кој ке се реализира во периодот 2012 -2013 година. Проектот има за цел натамошна хармонизација на националното со европското законодавство, понатамошно градење на институционален капацитет за ефикасно насочување и решавање на проблемите на потрошувачите, јакнење на јавната свест за правата на потрошувачите и информациите за безбедноста на производите.

Ке продолжи реализацијата на Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2011 – 2012 во 2012 година од страна на институциите вклучени со свои активности во Програмата.

Министерството за економија позначајно ќе ја зголеми финансиската подршка на здруженијата на потрошувачите на национално и локално ниво од сопствените буџетски средства, за изготвена програма (проект) за информирање, советување и едукација на потрошувачите од страна на здруженијата на потрошувачите.

Анализата и Акцискиот план за транспонирањето на Регулативата 2006/2004/ ЕЗ за соработка помеѓу надлежните тела одговорни за спроведување на законските прописи за заштита на потрошувачите ќе се реализираат до крајот на 2012 година.

Кон крајот на 2012 година ќе се донесе нова хоризонтална Програма за заштита на потрошувачите за периодот 2013 – 2014 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Ќе се зајкне административниот капацитет на одделението за заштита на потрошувачите во Министерството за економија со 1 ново вработен.

Зајакнување на Организационата единица за заштита на потрошувачи во Агенција за храна и ветеринарство со нови вработувања. /1/.

Заради зајакнување на надзорот на пазарот со прехранбени производи вработувања во инспекциските служби /Поглавје 12/.

## 3.28.2. **ЈАВНО ЗДРАВЈЕ**

### I.***Тековна состојба***

*Хоризонтални мерки ( законодавство, човечки ресурси, инвестиции)*

*Здравствено законодавство*

Законодавството во областа на безбедност на крв, заразни болести, контрола на тутун, е усогласено со европското законодавство. Во останатите области, националното законодавство ги следи европските препораки и политики.

Донесена е Стратегија за безбедно мајчинство, а во фаза на подготовка се Стратегија за унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје и Стратегија за контрола на антимикробната резистенција.

Постигнат е потполн опфат на граѓаните на РМ со здравствено осигурување. За одделни категории на население се обезбедуваат основни и дополнителни неопходни здравствени услуги преку имплементација на 17 вертикални национални здравствени програми финансирани секоја година од страна на Буџетот на РМ, врз основа на Законот за здравствена заштита.

МЗ воспостави редовна пракса за работа со невладините организации во областа и отвори центар за комуникација со јавноста т.н.“ Бел телефон.“ каде ќе се примаат повиците од граѓаните и ќе се обезбедува помош за правно или друго решение за нивниот проблем, жалба, поплака и сл.

Во подготовка е нов Закон за здравствена заштита со кој се унапредува јавното здравство. Предлог-Законските решенија опфаќаат подобра пристапност до здравствените услуги за граѓаните (финансиска, физичка, географска), особено за ранливи групи на население, како и прибирање на дополнителни средства од производството и прометот на тутунски производи и алкохолни производи, наменети за јавно-здравствените програми.

*Човечки ресурси во здравството*
Развојот на човечките ресурси е една од главните цели на Здравствената стратегија. Во согласност со Законот за евиденции во здравството, во Институтот за јавно здравје (ИЈЗ) пропишан е регистер за човечки ресурси. Постои законодавно поддржувачка средина за натамошен развој на човечките ресурси (и во образовниот и во здравствениот сектор).

Во тек е и воспоставувањето на Медицинска мапа (www.medicinskamapa.gov.mk) како инструмент за утврдување на фактичка состојба по однос на простор, опрема и кадар во здравството, а кој ќе помага во донесување на политики за развој во здравството.

Во текот на годината континуирано се вршени обуки на државните санитарни и здравствени инспектори во областите на правата на пациентите, заразните и незаразните болести и подготвени се инструкции за работа за одделни области.

ИЈЗ е номиниран како Развоен центар за јавно-здравствени услуги и системи на Југоисточна Европа, од страна на Здравствената мрежа на Југо Источна Европа (ЗМЈИЕ) и е координатор на регионален проект Реализиран е заеднички проект со Лондонската школа за хигиена и тропска медицина и потпишан е Меморандум за разбирање и соработка. ИЈЗ развива капацитети на центар за едукација во јавното здравје и координатор на активностите за брз одговор на кризни состојби во здравството.

Во рамки на проектот за управување во здравствениот сектор формиран е и целосно опремен едукативен центар за семејна медицина во чии рамки продолжува имплементацијата на едукативни активности за специјализантите по семејна медицина и дообука на лекарите од примарната здравствена заштита до семејни лекари.

*Инвестиции во здравството*
Во финална фаза е реализацијата на проектот за реконструкција и доградба на објектите на јавните здравствени установи, како и имплементација на проектот за изградба на 17 здравствени објекти - амбуланти во оддалечени селски подрачја каде досега не постоеле здравствени објекти, со што ќе се подобри достапноста и квалитетот на здравствените услуги, како и безбедноста на пациентите.

Се имплементира проектот за реконструкција и доградба на објектите на јавно здравствените установи во Македонија, а реализирана е набавката на дел од медицинската опрема во рамки на проектот за набавка на медицинска опрема за Јавните здравствени установи.

Службата за итна медицинска помош е модернизирана со ГПРС апарати и софтвер за следење на движењето на возилата.

Продолжуваат активностите за имплементација на електронската здравствена картичка Издадени се околу 22000 Е - здравствени картички за медицинските тимови и пациентите во пилот ординациите, а континуирано се одвиваат и обуки за работа на системот во кои се вклучени здравствениот персонал, ИТ персоналот од Фондот за здравствено осигурување на Македонија (ФЗОМ) и персоналот од подрачната единица на ФЗО во Скопје.

Во рамки на имплементација на системот за интегриран здравствен информатички систем набавен е хардвер, системски софвер за ЈЗУ и дополнителен систем за складирање на податоци за ФЗОМ во вкупна вредност од околу 2,65 мил УСД.

Инвестициите во безбедноста на крвта продолжуваат преку ИПА проект. Со добивањето на средства од ОРИО програмата на холандската влада, во вкупен износ од 6,3 милиони евра ке се зајакнуваат капацитетите за безбедно мајчинство.

## 1.**КОНТРОЛА НА ТУТУНОТ**

Законот за заштита против пушењето (Службен весник на РМ број 36/95,70/03,29/04,37/05,103/08,140/08) ја имплементира ЕУ мерката 32001L0033 за рекламирањето и спонзорирањето за тутунските производи. Целосната забрана за пушењето на јавните места се применува од 01 јануари 2010 година. Од април 2010 година започна и имплементацијата на Правилникот за сликите од штетното дејство на тутунот ( Службен весник на РМ број 94/09, 135/09) со кој се пропишани сликите како дополнително предупредување од кои е јасно видливо штетното дејство на пушењето. ЕУ мерка

Државниот санитарен и здравствен инспекторат (ДСЗИ), инспекторите од Дирекцијата за храна (ДХ), пазарната инспекција,просветната инспекција се надлежни за контрола на имплементацијата на законодавството. ДСЗИ во текот на 2010 година спроведе засилен надзор по однос на контролата на спроведувањето на Законот за заштита од пушењето во здравствените организации. Во текот на 2010 година ДСЗИ спроведе над 1500 контролни надзори.

ИЈЗ објави Извештај за резултатите од спроведено истражување за употреба на тутунот кај ученици од 13-15 годишна возраст.

## 2. **ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ**

Законот за заштита на населението од заразните болести (Службен весник на РМ 99/09) обезбедува правна основа за активности во областа. Подзаконските акти со кои европското законодавство е целосно пренесено во националниот правен систем се усвоени што подразбира целосна усогласеност со ЕУ мерките 32000D0096 и 32000D0057. Системот за рано откривање и известување, со помош на Светската здравствена организација (СЗО), е воведен во целата земјата. Задолжителното пријавување е воведено во согласност со АЛЕРТ системот. Законот за јавно здравје обезбедува пофокусирани активности за имплементација на Меѓународните здравствени правила (МЗП).

Подготвено е Упатството за дефинирање на случај со што во целост ќе се изврши транспонирање на ЕУ мерката 31998D2119, како и Правилникот за здравствени прегледи на лицата што прележале цревен тифус, бациларна дизентерија или салмонелоза.

Подготвен е петогодишен план за имунизација. Воведена е вакцина за HPV кај девојчиња на возраст од 12 години, и спроведена е кампања за запознавање на населението со новата ваккцина. Соработката со Европскиот центар за контрола на заразните болести на ЕУ во Стокхолм (ECDC) ќе се формализира преку донесување на акциски план за билатерална соработка.

Во текот на 2010 година продолжи имплементацијата на планираните активности за превенција и контрола на заразните болести и имунизацијата, предвидени во јавно здравствените Програми (Програма за јавно здравје, Програма за испитување на појавата, раширеноста, спречувањето и сузбивањето на бруцелозата кај лугето во РМ, Програма за заштита на населението од ХИВ/СИДА, Програма за задолжителна имунизација на населението во РМ).

Комисијата за заразни болести при МЗ донесе Програма за елиминација на малите сипаници и рубеолата и превенција на конгенитална рубеола инфекција во РМ 2010-2015.

Воспоставена е добра мрежа на здравствени установи. Координацијата во областа е воспоставена преку експертен Комитетот за заразни болести. Соработката на организациите во областа :МЗ(МЗ), ИЈЗ, ДХ и ДСЗИ е на секојдневна основа.

ДСЗИ спроведува засилени надзори во однос на спроведување на имунизација, пријавување и евиденција на заразни болести, интрахоспитални инфекции и контрола на патници во меѓународниот сообраќај на граничните премини за лица кои одат и се враќаат од масовни собири (ХАЏ).

Во текот на 2010 година одржани се три семинари за едукација на здравствени работници инволвирани во спроведувањето и контролата над спроведувањето на имунизацијата (превентивните тимови при Здравствените домови, епидемиолозите од центрите за јавно здравје (ЦЈЗ), претставници од ДСЗИ), за практична примена на новиот Правилник за имунопрофилакса, хемиопрофилакса, лицата кои подлежат на овие мерки, начинот на изведување и водење на евиденција и документација, со посебен акцент на новите обрасци за евиденција и известување за извршената работа, како и 14 обуки за пандемска инфуленца со кои беа опфатени над 800 здравствени работници.

Инспекторите од ДСЗИ посетуваа обука и за антимикробна резистенција (АМР), за превенција на оралното здравје и за управување со медицинскиот отпад.

Продолжена е соработката со СЗО на полето на заразните болести и имунизацијата, како и со UNICEF, а експерти кои работат во областа на епидемиологијата на покана на ECDC и СЗО посетија повеќе семинари, работилници и работни состаноци на теми кои ги покрива оваа област од медицината.

### ХИВ/СИДА

Во 2010 се продолжи со имплементација на активностите согласно Програмата за заштита на населението од ХИВ/СИДА и Стратегијата за ХИВ /СИДА 2007-2011, а беа имплементирани и активностите предвидени со програмата финансирана од Глобалниот фонд за борба против ХИВ/СИДА, туберкулоза и маларија (ГФАТМ), со цел превенција на ширењето на ХИВ/СИДА и одржување на сеуште ниската преваленца од ова заболување во РМ.

Активностите од програмата се спроведуваат преку МЗ, 11 НВО, како и Министерство за правда, Психијатриска болница “Скопје“ од Скопје, Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби и ИЈЗ.

Во текот на целата година се спроведуваа институционално советување и тестирање во ИЈЗ, како и био-бихевиоралните студии кај популации во најголем ризик и завршена е студијата кај осуденици, припадници на (мажи кои имаат секс со мажи)МСМ популацијата, ЛИД (лица кои инјектираат дроги). Во тек е спроведување на иста таква биобихевиорална студија кај популацијата на сексуални работници (СР). Во последните месеци од 2010 година започнува и бихевиоралната студија за ХИВ/СИДА кај популацијата млади луѓе на возраст од 15-24 години. Преку НВО вклучени во програмата спроведувани се активности насочени кон ризичните групи ( корисници на droги кои инјектираат, сексуални работници, МСМ и осуденици)и тоа: обезбедување на психосоцијална заштита, кондоми, лубриканти, обезбедување на основна медицинска помош, едукативни активности, теренски советувања и тестирање.

Поднесена е нова апликација до ГФАТМ насловена како *Одржлив пристап кон одговорот за ХИВ/СИДА за групите под ризик во РМ* во висина од 9.407.934 ЕУР Одговорот по апликацијата се очекува до 15 Декември 2010 година.

ТУБЕРКУЛОЗА

Се имплементираат активностите од Стратегијата за контрола на ТБ преку имплементацијата на Програмата “ *Зајакнување на контролата на туберкулозата во рамки на децентрализација на здравствените услуги во РМ“,* финансирана преку грант од ГФАТМ. Програмата ги надополнува активностите на Програма за превентивни мерки за спречување на туберкулоза кај населението, финансирана од буџетот на РМ. Имплементација на активностите ја спроведуваат Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза со мрежата од 17 диспанзери ширум земјата, како и 4 невладини организации.

Преку активностите од проектот и Програмата спроведено е флуорографско снимање на над 3000 лица кои припаѓаат на ризичните групи, 97.,2% пациенти со ТБ во континуираната фаза на лекување биле на директно надгледување на земање на лекови (ДОТС) ,91.7% од пациентите со белодробна ТБ дијагностицирани во 2009 година се успешно излекувани, 23 институции кои регистрираат и лекуваат болни со туберкулоза се мрежно поврзани со централниот регистар (сервер) кој се наоѓа на Институт за белодробни заболувања и туберкулоза. Креиран е специјален софтвер кој ги прибира неопходните информации за заболените од туберкулоза кој исто така ги креира и потребните извештаи за известување според националното и меѓународното законодавтсво.

Спроведени се повеќе обуки- за следење и проценка, ДОТС и анализа на податоци за 180 здравствени работници, 1240 млади биле едуцирани за туберкулоза од страна на peer едукатори, 906 пациенти и членови на нивните семејства и 1525 претставници на ризични групи (710 интравенски корисници на дрога, 371 бегалци/баратели на азил, 296 психијатриски пациенти и 148 Роми) биле опфатени со едукативни активности за контрола и превенција на ТБ

Поднесена е апликација до ГФАТМ насловена како *Обезбедување на висококвалитетни и одржливи ДОТС интервенции во РМ* во висина од 6.112.713 ЕУР , а одговорот се очекува до крајот на годината.

3. **НЕЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ**

Континуирано се врши имплементација на годишната Програма за обезбедување на трошоците за болните кои се третираат со дијализа, за обезбедување на лекови за трансплантирани болни и за обезбедување на цитостатици, инсулин, хормон за раст и лекување на болни од хемофилија; Програмата за здравствена заштита на лица со душевни растројства, како и на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во РМ во рамки на која се врши и тироиден скрининг на новородени деца, Здравје за сите и Систематски прегледи, годишната Програма за рана детекција на малигни заболувања во РМ.

Согласно Законот за здравје и безбедност при работа (Службен весник на РМ број 92/07), сите работодавци се обврзани да обезбедат систематски прегледи на вработените што овозможува превенција и рано откривање на одредени незаразни заболувања.

ИЈЗ е во подготовка на методологија за имплементација на новиот Закон за евиденции во областа на здравството, преку широк консултативен процес што ќе продолжи и во тек на 2011 година.

3.1.**Малигни неоплазми**

3.1.1.канцер на дојка

Активностите од Програмата за рана детекција на малигни заболувања кои се однесуваат на рано откривање, дијагностицирање и лекување на ракот на дојката во РМ за 2010 година ја реализираат 18 радиолошки кабинети, а опфатот на жени каде е направена мамографија изнесува над 40.000 жени.Завршена е постапката за набавка на 5 мамографи за јавно здравствените установи.

3.1.2.канцер на дебело црево

Преку Програмата за рана детекција на малигни заболувања се спроведуваа активности за рано откривање на колоректален канцер во еден град во РМ. Подготвен е посебен софтвер за евиденција и анализа на резултатите од скрининг на колоректален канцер.

3.1.3. Канцер на репродуктивни органи кај жената

Во рамки на Програмата за рана детекција на малигни заболувања со бесплатни гинеколошки прегледи со ПАП тест опфатени се над 35.000 жени Одржани се над 130 работилници за подигање на свесноста, а околу 300.000 брошури, ТВ спотови, постери и други промотивни материјали беа подготвени и дистрибуирани.
Организиран скрининг започна во еден град во РМ. Дизајниран е и изработен посебен софтвер за евиденција и анализа на резултатите од скринингот на грлото на матката.

ИЈЗ ги обработува податоците кои се доставуваат преку индивидуалните пријави за незаразни болести и врз база на податоците води Регистер за рак.

3.2. **Сексуално и репродуктивно здравје**

Во рамки на Проектот за подобрување на националниот одговор за сексуално и репродуктивно здравје и права во РМ поддржан од УНФПА, изготвен е предлог- Протокол и стандарди за абортус и квалитет на здравствена заштита и нега, согласно препораките на СЗО. Подготвен е предлог текст на Стратегија за унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје.

Институтот за јавно здравје во рамките на проектот Градење на капацитети за децентрализирано планирање, буџетирање и преку имплементацијата на превентивните програми за здравје на мајки и деца во рамки на проектот "Зајакнување на здравствениот систем во следните области – Следење и програми за адолесцентно здравје и градење капацитети за развој и имплементација на ефикасни докажани стратегии за мајка и дете на локално ниво на општина" финансиски подржан од УНИЦЕФ, спроведе програма за јакнење на капацитети на локално ниво во 8 општини.

Извршена е едукација на 8 тимови од локална заедница за -Здрави општини – раководење и менаџмент за јавно здравство, за децентрализација на јавно - здравствените услуги и градење капацитети за развој и имплементација на ефикасни докажани стратегии на локално ниво на општина, во соработка со Медицинскиот факултет, CDC и UNICEF. Изготвени се и одбранети локалните стратешки планови и проекти на национална работилница одржана во соработка со МЗ, Министерство за локална самоуправа и ЗЕЛС. Како континуитет на успешната имплементација на проектот се планира следна фаза и продолжување на Проектот со финансиска поддршка на УНИЦЕФ. Проектот е насловен-Поддршка на локално и регионално планирање базирано на докази за програми за јавно здравје.

Во рамки на проектот "Подобрување на националниот одговор во однос на сексуалното и репродуктивносто здравје и права во РМ" во склоп на центрите за јавно здравје се отворија 19 советувалишта за сексуално и репродуктивно здравје кои обезбедуваат совети за сексуалното и репродуктивното здравје и бесплатни контрацептивни средства.

МЗ формираше Комитет за безбедно мајчинство заради подобрување на перинаталната грижа.

УНИЦЕФ го поддржува проектот насловен како Поддршка на локално и регионално планирање базирано на докази за програми за јавно здравје,

3.3. **Зависности**

а)Дроги:

Континуирано се спроведува Програмата за здравствена заштита на лица со болести на зависности во РМ преку која се обезбедуваат средства за лекови за третман на зависници од дрога. Останатите активности за превенција од дрога се реферирани во *Поглавјето 3.24*.

б)Злоупотреба на алкохолот:

Континуирано се спроведува Програмата за здравствена заштита на лица со болести на зависности во РМ преку која се обезбедуваат средства за болничко лекување на зависници од алкохол. Во тек е воспоставување на центар за работа со насилници во Клиниката за психијатрија-Скопје, што ќе опфати и проблеми со злоупотреба на алкохолот. Преку 8 Клубови на лекувани алкохоличари -НВО-и, чија работа е поддржана од МЗ, во државата се зајакнува свеста за штетните дејства од алкохолот и потребата и техниките за престанок . Државата спроведува медиумски промотивни кампањи против злоупотребата на алкохол и штетните дејства во сообраќајот, појавата и ширењето на семејното и друго насилство.

ИЈЗ работи како центар за промоција на здрави животни стилови. Комисијата за превенција и контрола на злоупотребата на алкохолот при МЗ функционира како советодавно тело на МЗ , а заедно со НВО (клубовите на лекувани алкохоличари) спроведува промотивни активности за подигање на свеста, особено кај младите, но и во врска со семејното насилство. При Психијатриската болница во Скопје е_формирано и работи одделение за третман на алкохоличари, кое заедно со Клиниката за токсикологија во Скопје укажува помош при злоупотреба на алкохол (акутна и хронична).

МЗ во соработка со СЗО спроведува едукација на лекари од примарната здравствена заштита (ПЗЗ) и итна медицинска помош за превенција и контрола на злоупотребата на алкохолот во контекст на контролата на семејното насилство. Со предлогот на новиот закон за здравствена заштита се воведува прибирање на средства за јавно здравствени програми, од индустријата за производство и промет на алкохол. Индустријата за жестоки пијалоци се јавува во поддршка на воспоставување и примена на АП против злоупотреба на алкохол кај млади.

### 3.4.**Повреди и насилство**

Постигнат е значителен прогрес во имплементацијата на Препораката на Европскиот Совет за превенција на повреди и промоција на безбедноста (2007/Ц 164/01).

Во тек е развивање методологија за имплементација на новиот Закон за евиденции во здравството, конкретно за сообраќајна траума, несреќа-повреда на работа и насилство. Изготвен е предлог за развивање софтверска апликација за регистар за сообраќајна траума, согласно постоечката национална легислатива, а во контекст на препораките на СЗО и Препораката на Европскиот Совет, во рамките на интегралниот здравствен информационен систем.

МЗ активно учествува во развојот на Стратегијата за размена на податоци за повреди 2010-2015 на Европската Комисија, во подготовка на методологија за собирање податоци за насилство врз жените (во соработка со УНИФЕМ), како и во подготовка на методологија за собирање податоци за семејно насилство (во соработка со СЗО и УНФПА).

Формирано е национално координативно тело за имплементација на Стратегијата за превенција на семејно насилство со претставници од МЗ и други релевантни владини и не-владини организации. Изготвен е Акционен План за имплементација на Стратегијата за делот за здравство. Континуирано се имплементира Стратегијата за превенција на семејно насилство и реализирани се активностите предвидени со овој Акционен План (во сегментот јавно здравје), преку едукација на здравствени и други професионалци за препознавање, евидентирање, пријавување и поддршка на жртви на семјно насилство, како и за воспоставување систем за следење на семејно насилство.

Подготвен е протокол за третман на жртви на семејно насилство во здравството, во соработка со другите релевантни министерства и НВО, со цел да се спречи секундарната виктимизација на жртвите на семејно насилство. Протоколот е усвоен од Националното координативно тело. Изготвена е методологија за изготвување Упатства за протоколи за третман на жртви на семејно насилство, за сите релевантни министерства.

Постигнат е значителен напредок во едукација на студенти, здравствени и други професионалци за превенција на повреди и насилство и промоција на безбедност: повреди и насилство внесени се во курикулумот за додипломски студии на Медицински факултет (за сите студиски програми) и Стоматолошки факултет, како и во курикулум на постдипломски студии по јавно здравство, а организирани и одржани се 4 работилници за WHO TEACH VIP за професионалци и едукатори од релевантни сектори и институции 2009-2010 (во соработка со СЗО и со Универзитетот Св. Кирил и Методиј-Скопје.

Во соработка со СЗО организирани се еднодневни работилници за јакнење на капацитетите за превенција од семејно насилство, преку СЗО TEACH VIP модулот, акредитирани од страна на Лекарската Комора и македонско лекарско друштво (МЛД) при што се едуцирани околу 1200 здравствени работници ( лекари од примарна здравствена заштита, гинеколози, служби за тина медицинска помош).

Во областа на безбедноста во сообраќајот (од јавно-здравствен аспект) постигнат е голем напредок. Формирано е национално координативно тело и работна група за имплементација на Националната Стратегија на РМ за унапредување

на безбедноста на сообраќајот на патиштата 2009-2014, Изготвен е Национален акционен план за имплементација на Стратегијата со конкретни акциони планови за секој сектор. Во тек на 2010г. реализирани се активностите предвидени со акциониот план за секторот здравство, за сегментот јавно здравје, преку изготвување промотивни материјали, едукација и промоција на Светскиот ден на жртви на сообраќајни несреќи.

Во соработка и со поддршка на СЗО спроведено е истражување на повреди во заедницата, со посебен осврт на повреди кај децата и младите.

Во ИЈЗ е формирано Одделение за контрола и превенција на повреди и насилство.

3.5.**Ментално здравје**

Правната рамка во оваа област ја сочинуваат Законот за заштита на права на пациенти, Законот за ментално здравје, Законот за здравствена заштита, Програмата за здравствена заштита на лица со душевни растројства, Националната стратегија за унапредување на менталното здравје во РМ и Национална стратегија против семејното насилство.

Во рамки на проектот за реконструкција и доградба на објектите на јавно здравствените установи во Македонија започна реконструкција на Психијатриската болница Негорци и Психијатриска болница Скопје за што се предвидени околи 2,.5 милиони евра. Во државата функционираат седум центри за ментално здравје. Комисијата за ментално здравје формирана при МЗ овозможуваа кординација на активностите  во областа. Министерот за здравство, Министерот за правда, Министерот за труд и социјална политика и Народниот правобранител воспоставија заеднички координативни месечни состаноци. МЗ потпиша меморандум за инвестиции во болничкиот здравствен систем во врска со затвореници на кои им е изречена мерката-задолжително психијатриско лекување.

3.6.**Здравје и животна средина**

**Климатски промени**

Законот за здравствена заштита и Законот за јавно здравје обезбедуваат правна основа за одговор на здравствениот сектор на климатските промени.

Активностите за заштита на здравјето од климатските промени се спроведуваат од страна на МЗ преку Комисијата за климатски промени и здравје и ИЈЗ во соработка со СЗО. Подготвена е Стратегија за адаптација на здравствениот сектор кон климатските промени во РМ со акционен план , како и Акциониот план за превенирање на последиците од топлотните бранови врз здравјето на населението во РМ.

Институтот за јавно здравје изготви критериуми и параметри за  евалуација на политиките во секторите за спроведување на здравствено еколошкиот план со посебен осврт на ризиците по здравјето на децата.

Спроведени се обуки на здравствените професионалци за детекција на ризиците по здравјето на децата од загадување на животната средина. Одржани се работилници и изготвени се неколку Предлог Акциони планови на локалните заедници за управување со здравствено еколошките ризици.

Во функција на процена на здравствените ризици во контаминирани подрачја, во тек е истражување за изложеност на децата на хемиски ризици во населбите долж реката Вардар. Во тек е и изготвување и на сет од индикатори за следење на обврските превземени на Министерската конференција за здравје и животна средина во Парма во Март 2010.

Активностите во Република Македонија се спроведуваат од страна на МЗ преку Комисијата за климатски промени и здравје и Институтот за јавно здравје на РМ во соработка со Светската здравствена организација.

3.7.**Храна и исхрана**

Програмата за превентивна здравствена заштита финансирана од буџетот на РМ предвидува активности поврзани со проценката на нутритивниот статус кај предучилишни и училишни деца, и за рано откривање на ризик факторите за кардиоваскуларните болести  поврзани со исхраната кај возрасни. Законот за јавно здравје е водечки  од аспект на заштита на јавното здравје во врска со храната и исхраната.

Донесен е вториот Акциски план за храна и исхрана за периодот 2009-2014 кој утврдува специфични групи на активности насочени кон намалување на преваленцата на незаразни заболувања поврзани со исхраната, намалување на трендот на гојазност кај деца и адолесценти, намалување на преваленца на болести заради дефицит на микронутриенси и

намалување на инциденцата на болести поврзани со храната. Во Програмата за превентивна здравствена заштита, која ја спроведува ИЈЗ на РМ во соработка со 10-те Центри за јавно здравје се предвидени активности за нејзина имплементација

Спроведено е истражување за состојбата со анемија кај деца до 5г. на национален репрезентативен примерок од 8500 домаќинства, во соработка и со поддршка од УНИЦЕФ.

Проектот за флуоризација на млекото кај предучилишни деца е во фаза на имплементација

ДХ и системот на јавно здравствените институции (ИЈЗ и 10 ЦЈЗ) се активни во областа на имплементацијата на законодавството, како и во промотивните, образовните и науччните активности во областа ( систем на јавно здравствени институции).

4.**БЕЗБЕДНОСТ НА КРВ, ТКИВА И ОРГАНИ**

Заокружен е процесот на хармонизација на националното законодавство со законодавството на ЕУ. Оваа област е уредена со Законот за безбедност во снабдувањето со крв ( Службен весник на РМ бр.110/07), како и со подзаконските акти: Правилник за добрата клиничка пракса при употребата на крв и крвни компоненети (Сл.весник на РМ 80/09),Правилник за информациите кои му се даваат на дарителот на крв и кои се бараат од него, образецот и содржината на писмената согласност на дарителот на крв за дарување на крв(Службен весник на РМ број 128/09),Правилник за видот на тестирањето на крв и крвни компоненти пред тие да бидат дистрибуирани до единициата за трансфузиона медицина на здравствената установа за која се наменети (Сл. весник на РМ 15/09),Правилник за начинот на чување на сите лични, медицински и генетички податоци за дарителот на крв содржани во медицинското досие (Службен весник на РМ број 15/09), Правилник за поблиските услоби по однос на квалитетот и безбедноста на крвта и крвните компоненти ( Службен весник на РМ број 126/09), Правилник за поблиските услови, како и постапката за проценка и тестирање на дарителот на крв или крвни копмпоненти во согласност со начелата на Добрата трансфузиона пракса( Сл.весник на РМ бр.128/09), Правилник за системот за идентификација на секое поединечно дарување на крв и крвни компоненти ( Сл. весник на РМ 80/09, Правилник за видот, начинот и содржината на ознаките на крвта и крвните компонент (Службен весник на РМ број 15/2010), Правилник за формата и содржината на документацијата, како и на обрасците за известување за сериозно неповолните настани и реакции од од употребената крв и крвни компоненти (Службен весник на РМ бр. 87/2010) и Правилник за формата и соржината на евиденцијата за секоја употребена единица крв или крвна компонента ( Службен весник на РМ број 87/2010).

Наведените подзаконски акти се хармонизирани со ЕУ мерките 32002L0098 и 32004L0033.
Континуирано се врши имплементација на годишната програма за унапредување на крводарителството финансирана од буџетот на Владата на РМ.

Се формира единствена институција-Национална установа за трансфузиона медицина со 120 здравствени работници, којашто ги превзема вработените во центрите за трансфузиологија кои порано припаѓаа и правно на болниците,

Преку ИПА проектот за безбедност на крвта обезбедени се 1,1 милиони евра за унапредување на областа.

Се планира и зајакнување на капацитетот на одделението за имплементација на ИПА проекти во Секторот за европски интеграции во МЗ со 2 лица.

5.**ТКИВА И КЛЕТКИ**

Подготовен е нов предлог Закон за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување и е ставен во постапка за донесување.

МЗ и НВО Национална фондација за трансплантација потпишаа Меморандум за соработка. Со него се дефинира соработката на заеднички проекти од областа на здравството во сегментот на условите за земање, разменување, пренесување и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување.

II. ***Краткорочни приоритети***

*Хоризонтални мерки ( законодавство, човечки ресурси, инвестиции)*

Континуирано продолжуваат активностите на ИЈЗ како Развоен центар за јавно-здравствени услуги и системи на Југоисточна Европа, согласно предвидената програма и буџет за работа на Центарот, подготовка на веб страна и часопис

на Центарот, одржување на конференција за политички дијалог за финансирање на службите за јавно здравје во земјите во ЈИЕ, одржување на конференција со директори на институти за јавно здравје од земјите во ЈИЕ, потпишување на меморандумот и инаугурација на Центарот, реализација на програма за МАТРА тренинг на кадри од ИЈЗ, план за соработка помеѓу Регионален центар за јавно здравје и Регионален центар за заразни болести.

Имплементација на Проектот насловен како Поддршка на локално и регионално планирање базирано на докази за програми за јавно здравје, во 1 регион.

1.**<u>КОНТРОЛА НА ТУТУН</u>**
ИЈЗ, како центар за промоција на здрави животни стилови планира спроведување на активности поврзани со престанокот на пушење.

2.**<u>ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ</u>**
Се планира да се усвои повеќе годишниот план за имунизација ( 2011-2015)
Континуирано ќе се спроведуваат превентивните програми финасирани од буџетот на РМ.

Постапките и процедурите за имплементација на Упатството за дефиниција на случај ќе се достават до сите надлежни институции , здравствените работници во РМ и ќе почне да се применува како интерен документ во секојдневната работа.

Се очекува финализирање на предлог акциски план за билатерална соработка со Европскиот центар за контрола на заразните болести на ЕУ во Стокхолм (ЕЦДЦ).

Се планира донесување на Стратегија за анти-микробна резистенција со која ќе се примени ЕУ мерката Council recommendation on the prudent use of antimicrobial agens in human medicine (2002/77/EC)

Во текот на 2011 година планирано е да се спроведат обуки за 10 лица од ЦЈЗ кои ќе ја имаат функцијата на регионални епи-менаџери кои ке ги координираат епи-активностите со националниот епи менаџер во МЗ.

Се планира продолжување на соработката со Европскиот центар за контрола на болести ( ECDC) и СЗО на полето заразни болести и имунизација, како и со УНИЦЕФ во обласа на имунизацијата.

Согласно програмата за ерадикација на мали сипаници, рубеола и превенција на конгенитални инфекции 2010-2015 година планирана е обука на 50 здравствени работници.

**<u>ХИВ/СИДА</u>**
Континуирано ќе се имплементираат активностите од Програмата за ХИВ/СИДА финансирана од буџетот на РМ, како и активностите од Програмата за ХИВ/СИДА поддржани со грант од ГФАТМ, а по завршување на започнатите студии во рамки на проектот во 2011 (кај СР и млади од 15-24 години), ќе се добијат и резултатите од бихевиоралното следење кај млади и останатите 4 групи (осуденици, ЛИД, МСМ, СР), како и преваленцата на болеста во РМ кај наведените популации во најголем ризик.
Ќе се направи и евалуација на успехот од следењето и проценка на програмата за превенција и контрола на ХИВ.

Се планира и подготовка на нова стратегија за ХИВ/СИДА за периодот 2012-2017.

**<u>Туберкулоза</u>**
Континуирано ќе продолжи имплементацијата на програмата за ТБ финансирана од буџетот на РМ.

<u>2. **НЕЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА**</u>
Согласно Законот за евиденции во областа на здравството континуирано ќе се продолжи со изготвување на новите обрасци за индивидуалните пријави за незаразни заболувања
Во тек на 2011 година континуирано ќе се прибираат податоци за незаразни заболувања преку здравствено-статистички евиденциони обрасци и по обработката на податоците од збирните извештаи ќе се изготви публикација „Амбулантно-поликлинички морбидитет во РМ"и Регистер за рак.

3.1.**Малигни неоплазми**
МЗ континуирано ќе ја спроведува програмата за рано откривање на малигни заболувања.

<u>3.1.1.канцер на дојка</u>
Се планира завршување на набавката на 5 нови мамографски апарату во ЈЗУ.

3.1.2.канцер на дебело црево
Се планира реализација на скринингот на канцер на дебело црево кај популација без симптоми на возраст од 50-74 години во целата држава со тест за детекција на окултно крварење (fecal occult blood test-FOBT),како и кампања за промоција на скринингот.

3.1.3. Канцер на репродуктивни органи кај жената
Се планира спроведување на организиран скрининг за рано откривање на канцер на грлото на матката во 4 града и обработка на податоците преку специјално дизајнираниот софтвер. Се планира и спроведување на кампања за скринингот.

ИЈЗ ќе ги собира податоците од скринингот и ќе подготви Извештај за резултатите од спроведениот скрининг.

3.2.**Сексуално и репродуктивно здравје**
Се планира усвојување на Националната стратегија за сексуално и репродуктивно здравје и имплементација на истата.Се планира согласно АП за имплементација на Националната стратегија за сексуално и репродуктивно здравје во 2011 година да се спроведат активности со млади, со вулнерабилни и маргинализирани групи во областа на планирање на семсјтвото, безбедно мајчинство и заштита од СПИ и ХИВ/СИДА.
Се планира изработка на софтвер за индикатори за сексуално и репродуктивно здравје.
Се планира усвојување на Протоколот и стандардите за абортус и квалитет на здравствена заштита и нега, и негова примена во пракса.
Се планира одржување работилница за едукација на гинеколози и акушери за имплементација на овој протокол и стандарди.

Ќе се спроведе Бихевиорална студија за ХИВ/СИДА, сексуално преносливи инфекции и сексуално и репродуктивно здравје кај млади на возраст од 15 - 24 години, на примерок од 3000 испитаници, како дел од проектите за Зајакнување на системот за следење на ХИВ/СИДА во РМ кај популациите изложени на најголем ризик поддржан од Глобален Фонд, и Проектот за подобрување на националниот одговор за сексуално и репродуктивно здравје и права во РМ, поддржана од УНФПА.

3.3. **Зависности**
а).Дроги:
Континуирано ќе се имплементира Програмата за здравствена заштита на лица со болести на зависности.
Се планира отварање на центар за лекување на зависности во Велес кој ќе функционира во рамки на невропсихијатриското одделение на Општата болница во Велес.

б)Злоупотреба на алкохолот:
Континуирано ќе се имплементира Програмата за здравствена заштита на лица со болести на зависности
Со предлогот на новиот закон за здравствена заштита се предлага воведување на прибирање на средства за јавно здравствени програми, од индустријата за производство и промет на алкохол. Во соработка со индустријата ќе се работи на подготовка на АП против злоупотреба на алкохол кај млади

3.4.**Повреди и насилство**
Континуирано ќе се имплементира Стратегијата за превенција на семејно насилство согласно акциониот план за здравство (во сегментот јавно здравје) преку едукација на здравствени и други професионалци за препознавање, евидентирање, пријавување и поддршка на жртви на семјно насилство, како и за воспоставување систем за следење на семејно насилство.

Се планира усвојување на методологијата за имплементација на новиот Закон за евиденции во здравството, конкретно за сообраќајна траума и насилств: на методологија за собирање податоци за насилство, како и методологија за собирање податоци за семејно насилство. Ќе се изготват: индивидуален образец за насилство, Упатство за примена на индивидуалниот образец за пријавување на насилство и софтвер за апликација на овој Образец,а ќе се спроведе и пилотско тестирање на истиот.

Се планира да се изготви Упатство за протоколот за третман на жртви од семејно насилство во секторот здравство, општо и конкретно за одделни видови насилство и ранливи групи. и упатства за примена на протоколите за третман на жртви на семејно насилство во другите сектори.како и Упатство за упатување на жртвите на семејно насилство во различни сектори.

Ќе се спроведе едукација на здравствени професионалци за евиденција на насилството, за примена на протоколот за третман на жртви на семејно насилство и ќе продолжи TEACH VIP едукацијата со поддршка на СЗО и другите ОН организации. При Клиниката за психијатрија во Скопје ке се отвори Центар за работа со лица што извршиле семејно насилство. Во областа на безбедноста во сообраќајот ќе се реализират активностите предвидени со Национален акционен план за здравство (во сегментот јавно здравје) за имплементација на Националната стратегија на РМ за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата 2009-2014, Ќе се подготват едукативни материјали според СЗО TEACH VIP модулот за безбедност во сообраќајот, како и промотивни материјали, едукација и промоција на Светскиот ден на жртви на сообраќајни несреќи

3.5.**Ментално здравје**

Континуирано ќе се имплементира Програмата за здравствена заштита на лица со душевни растројства во РМ за 2011 година. Се планира да продолжи имплементацијата на проектот за доградба и реконструкција на ЈЗУ во РМ преку реконструкција на Психијатриската болница Скопје и Психијатриската болница Негорци, но и активности за трансформација на делови од овие болници во дневни центри.
Се планира и отварање на нов центар за ментално здравје во Битола кој ќе функционира во рамки на ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар.

3.6.**Здравје и животна средина**

Се планира да отпочне имплементацијата на активностите од Акцискиот план за заштита на населението од топлотни бранови, како и Стратегијата за климатски промени и здравје кои ќе се реализираат преку Националната програма за јавно здравје за 2011 година.

Се предвидува финализација на истражувачките активности кои ке допринесат за изготвување на нова –ревидирана и следлива форма на Националниот здравствен еколошки план со посебен акцент на ризиците по здравјето на децата. Ке се продолжи и со активности на подготовка на локалните заедници за изготвување на Локални здравствено еколошки планови. ИЈЗ ке отпочне со редовна евалуација на ефикасноста на политиките во сите сектори кои имаат директно или индиректно влијание врз загадувањето на животната средина и здравјето , пред се на децата

Во 2011 година се планира потпишување на Протокол за вода и здравје како заедничка активност на МЗ и МЖСПП.

3.7.**Храна и исхрана**

Се планира продолжување на активностите утврдени во АП за храна и исхрана 2009-2014 преку спроведување на Националната програма за јавно здравје
Се планира објавување извештај за спроведената студија за анемија кај децата до 5години.

4. **БЕЗБЕДНОСТ НА КРВ**

Се очекува отпочнување на ИПА проектот “Зајакнување на системот за безбедноста на крвта”, во вредност од околу 1,1 милион евра. Во рамки на проектот се планира подготовка на Водичи за безбедност на крвта и Протоколи/Стандардни оперативни постапки за работа на вработените во различни сегменти на обезбедувањето на безбедна крв.

Преку проектот е планирано да се изврши обука на 150 квалификувани здравствени работници во повеќе области од добрата клиничка пракса за употреба на крв и крвни компоненти, како и специјализирани обуки за 30 лица во областа на имплементацијата на стандардите за квалитет и стандардните оперативни постапки.

Се планира зајакнување на административниот капацитет на Националната установа за трансфузиона медицина со 2 лекари и 5 средно медицински кадри.
Во текот на 2011 година се планира сите здравствени работници во НУТМ да добијат обука за имплементација на Водичите за безбедност на крвта и Протоколи/Стандардни оперативни постапки за работа на вработените во различни сегменти на обезбедувањето на безбедна крв.

5. **ТКИВА И КЛЕТКИ**

Се планира донесување на подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување , а кој целосно ќе биде усогласен со ЕУ мерката 32004L0023.

III. ***Среднорочни приоритети***

*Приоритетни активности кои би се реализирале во периодот 2012-2013 година*

*Хоризонтални мерки ( законодавство, човечки ресурси инвестиции)*
Се планира спроведување на активности на ИЈЗ како Развоен центар за јавно-здравствени услуги и системи на Југоисточна Европа, согласно предвидената програма и буџет за работа на Центарот, како и имплементација на втора фаза на Проектот насловен како Поддршка на локално и регионално планирање базирано на докази за програми за јавно здравје, во 2 региони.

1.**КОНТРОЛА НА ТУТУН**
Се планира зајакнување на активностите на ИЈЗ за промоција на здрави животни стилови преку активности за едукација против пушењето.

2. **ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ**
Континуирано ќе се спроведуваат активностите од областа на превенција и контрола на заразните болести и имунизацијата, предвидени во јавно здравствените годишни Програми, кои се финансираат од буџетот на РМ.
Се планира воведување на петтовалентна и шествалентна вакцина.
Се планира отпочнување на активности за воведување на софтверски решенија за водење на евиденција за спроведувањето на задолжителната имунизација.
Исто така, ќе се работи на подобрување на постоечкиот софтвер за евиденција и анализа на заразните болести, а ќе се евалуира и можноста за електронско поврзување на ИЈЗ со ЦЈЗ низ РМ.

Во 2012 година се очекува отпочнување на ОРИО програмата со која се планира да се спроведе ревитализација на системот за имунизација и на системот за патронажната служба во вкупна вредност од 6. 3 милиони евра

**ХИВ/СИДА**
Ќе се започне со спроведување на био-бихевиорални студии кај лицата изложени на најголем ризик од ХИВ/СИДА (СР, ЛИД,МСМ и осуденици), во соработка со НВО.
Ќе се спроведе бихевиорална студија кај млади лица на возраст од 15-24 години во врска со ставовите и познавањата за ХИВ/СИДА и сексуално и репродуктивно здравје и ќе бидат изготвени извештаи за спроведените студии.

Се планира донесување на на нова Страгегија за ХИВ/СИДА 2012-2017 и континуирано спроведување на активностите за превенција на ХИВ/СИДА меѓу групите под ризик,подобрување на пристапот кон третманот и грижата за луѓето кои живеат со ХИВ/СИДА, зајакнување на системот за следење кај групите под ризик и градење на капацитети и координација (спроведување на бихевиорално истражување, теренски советувања и едукации, дистрибуција на кондоми, лубриканти и др)..

**Туберкулоза**
Континуирано спроведување на Програмата за превентивни мерки за спречување наТБ финансирана од Буџетот на РМ.

3. **НЕЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА**
Континуирано ќе се спроведуваат активности за имплементација на Законот за евиденции во областа на здравството.
Регистарот за рак и регистарот за човечки ресурси во здравството ќе бидат потполно оперативни.

3.1.**Малигни неоплазми**
Се планира продолжување на активностите согласно Програмата за рана детекција на малигни заболувања.

3.2.**Сексуално и репродуктивно здравје**
Се планира да се продолжи со имплементација на активности од Стратегијата за сексуално и репродуктивно здравје, Протоколот и стандардите за абортус и квалитет на здравствена заштита и нега, како и со имплементација на Стратегијата за безбедно мајчинство.

Во рамки на ОРИО програмата се планира да отпочне спроведувањето на активности за ревитализација на породилиштата и обука на кадарот ( гинаколози, неонатолози и акушерки ) – со вкупна вредност од 1,9 милиони евра.
Преку проектот ќе се спроведе проценка на потребите за обука на гинеколози, акушерки, неонатолози и др. кадар, по што ќе се подготви план за обуки.

3.3. **Зависности**
а).Дроги:
Се планира отварање на центар за зависници во градот Прилеп кој ќе функционира во рамки на психијатриското одделение на ЈЗУ ОБ Прилеп.

б)Злоупотреба на алкохолот:
Се планира воведување на нова програма кој би се однесувала на здравствена заштита на лицата зависници од алкохол што би овозможило одвојување на оваа здравствена тема од програмата за лекување на лица со болести на зависност и би се овозможило поефикасно и и побрзо решавање на проблемите на овие лица и подигнување на нивото на нивна здравствена заштита.

3.4.**Повреди и насилство**
Во 2012 ќе продолжат едукациите на здравствените професионалци согласно предвиденото во Стратегијата за превенција на семејно насилство, со примена на TEACH VIP модулот од СЗО.
Ќе се спроведат активности согласно Акциониот План за здравство за безбедност во сообраќајот на патиштата

3.5.**Ментално здравје**
Се планира да се спроведе анализа на постигнатите резултати и реализираните активности од Националната стратегија за унапредување на менталното здравје во РМ за периодот 2005-2012 и да се отпочне со подготовка на нова Стратегија заради обезбедување на одржлив развој.
Континуирано ќе се спроведува Програмата за здравствена заштита на лица со душевни болести

3.6.**Здравје и животна средина**
За спроведување на активностите поврзани со климатските промени и здравјето се планира обука на здравствените професионалци, како и подигање на општата свест на граѓаните. Се предвидуваат дополнителни истражувања кои ќе се базираат на воспоставување на мониторинг на одредените ризици поврзани со климатските промени по здравјето на населението и ќе се предлагаат мерки и активности за намалувањето и адаптацијата кон специфичните ризици посебно кај највулнерабилните групи.
Се планира финализација на Акциониот План за здравје на децата во релација со животната средина, Сите поголеми општини и оние кои имаат ризични здравстве ни индикатори по однос на здравјето на децата ке бидат обучени за изготвување ефикасни Акциони планови за здравје и животна средина и за механизмите за нивно финансирање и имплементација

3.7.**Храна и исхрана**
Континуирано ќе се спроведуваат активностите предвидени во Вториот акциски план за храна и исхрана.

4. **БЕЗБЕДНОСТ НА КРВ**
Се планира да се изврши реновирање на просторот во службите за трансфузиона медицина според стандарди и услови за работење во интегрираниот систем на функционирање, мрежно информатичка поврзаност на службата и обуки за усогласување со Европското законодавство за инспекциски ситем на крв (ЕУБИС)
Се планира во рамки на ИПА проектот “Зајакнување на системот за безбедноста на крвта” да се изврши набавка на специфична медицинска опрема во вредност од околу 620 000 евра.

5. **ТКИВА И КЛЕТКИ**
Донесување на подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување со кои же се изврши усогласување со ЕУ мерките 32004L0023, 32006L0017,32010L0053 i 32006L0086.

3.29 **ЦАРИНСКА УНИЈА**
3.29.1 **ЗАКОНОДАВСТВО ОД ОБЛАСТА НА ЦАРИНА**

*Тековна состојба*
Активностите на следење на европските царински прописи и нивно инкорпорирање во националното законодавство, во 2010 година забележаа конкретна реализација преку донесување на Законот за изменување и дополнување на Царинскиот закон („Службен весник на РМ“ бр.48 од 09.04.2010 година), со кој се изврши дополнително усогласување со Царинскиот закон на ЕУ (Регулативата на Советот на ЕУ број 2913/1992 и измените и дополнувањата донесени со Регулативите 82/97, 955/1999, 2700/2000, 648/2005 и 1791/2006). Со неговото донесување е воспоставена правна рамка за имплементација на новиот електронски Систем за обработка на царински декларации (СОЦД) во Царинската управа. Се воведува задолжителна електронска царинска декларација и збирна увозна и збирна извозна декларација. Со измените и дополнувањата на Царинскиот закон се иззема концептот „лице за кое постои повисок ризик“, кој се применуваше при укинување на одлуките на Царинската управа (на пример: при укинување на одобренија на правни лица за вршење на работи на застапување во царински постапки, при укинување на одобренија за постапки со економски ефект и сл.). Со измените на Царинскиот закон се изврши и пренесување на одредбите за единствена царинска стапка во Законот за Царинска тарифа.

Во 2010 година е донесен Закон за изменување и дополнување на Законот за царинска тарифа („Службен весник на РМ“ бр. 35 од 12.03.2010 година), во кој се додадени нови членови со кои се регулира воспоставувањето и управувањето на Интегрирана царинска тарифа, а кои се усогласени со соодветните членови на Регулатива на Советот на ЕЕЗ бр. 2668/87.

Согласно обврските од пристапувањето на Република Македонија кон Светската трговска организација, Царинската тарифа за 2011 година е усогласена со измените на Комбинираната номенклатура на ЕУ, објавени во Службен весник на Европската унија бр. L 284 од 29 октомври 2010 година.

За континуирано усвојување и применување на регулативите на ЕУ кои се однесуваат на распоредување на стока според Комбинираната номенклатура, извршено е дополнување на Уредбата за применување на регулативите на Комисијата на Европските заедници за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура („Службен весник на РМ“ бр. 100/2010). Со оваа Уредба се усвоени регулативите на Комисијата на Европските заедници за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура, донесени во периодот од втората половина на 2009 година до првиот квартал на 2010 година (вкупно 19 регулативи).

Во насока на усогласување со стандардите на ЕУ, во 2010 година беа укинати неколку административни такси кои Царинската управа ги наплаќаше при спроведување на царинската постапка (Закон за изменување и дополнување на Законот за административни такси објавен во „Службен весник на РМ“ бр.6/2010). Со измените на законот се укинаа административните такси за поднесување на царински декларации, за барања за издавање на уверение за движење ЕУР 1, за документи кои се пропишани со меѓународни договори прифатени или ратификувани од страна на Република Македонија и кои се користат наместо царинска декларација, и за записи за внесување и изнесување на стока во и од слободна зона или склад.

Од 1 јануари 2010 година Царинската управа го превзеде од Управата за јавни приходи управувањето и наплатата на акцизи на целата територија на Република Македонија. Надлежностите се пренесени со измени на Законот за акцизи, Законот за Царинска управа, Законот за даночна постапка и Законот за Управа за јавни приходи (сите објавени во „Службен весник на РМ“ бр.105/2009). За поедноставување на постапката за администрирање на акцизните документи и за намалување на трошоците на деловната заедница, како и за воведување на нови акцизни марки (бандероли) со повисок степен на заштита, донесен е Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за спроведување на Законот за акцизи. Царинската управа започна анализи за воведување на нови методи за лабораториски истражувања, мобилни лаборатории, контрола на нормативите за производство на акцизни стоки, критериуми за анализа на ризик на теренска и вонтеренска контрола, нови средства за превентивна заштита на наплатата на акцизите, како и компјутеризација на процесите.

На 7 април 2010 година беше донесен Законот за надзор на пазарот, со кој се уредува координацијата на надзорот на пазарот за производите кои се пуштаат на пазарот, контрола на производите кои се внесуваат на пазарот, како и примената и општите принципи на СЕ означувањето.
Со Законот за надзор на пазарот се дава правна рамка за улогата која треба да ја има Царинската управа во целокупниот систем за надзор на пазарот на Република Македонија. Со одредбите на овој закон на царинскиот орган му се даваат надлежности да врши контрола на производите од аспект на проверка на карактеристиките на производите кои се внесуваат на пазарот на Република Македонија, согласно принципите за оцена на ризик, добиените барања и други информации, пред истите да бидат пуштени во слободен промет. При тоа јасно се дефинирани надлежностите и

обврските на царинскиот орган, а со закон е дефинирана и обврската за соработка и размена на информации помеѓу царинскиот орган и органите за надзор на пазарот.

Со ова се обезбедува подобра координација на надзор на пазарот на производите за да се осигура дека производите ги исполнуваат барањата за висок степен на заштита на јавните интереси како здравјето и безбедноста воопшто, здравјето и безбедноста на работното место, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина и безбедноста.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**
Во 2011 година Царинската управа ќе остане посветена на активностите на понатамошна хармонизација на националното царинско законодаство со *Acquis Communautaire.*

Во соработка со консултанти од ЕУ, ангажирани во рамки на Проектот ИПА 2007, изготвени се предлог измени на Царинскиот закон и Уредбата за спроведување на Царинскиот закон, за понатамошно усогласување со царинското законодавство на ЕУ, особено во делот на транзит, извоз, увоз и царински долг. Ќе се донесе и подзаконски акт за подетално регулирање на сметководствените правила за пресметка и наплата на увозните давачки во согласност со законодавството на ЕУ.

Исто така, во соработка со консултантите од Проектот ИПА 2007, изработен е Предлог за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и Кодексот на шифри кои се употребуваат, особено во домен на транзит и извоз. Согласно Планот за имплементација на Системот за обработка на царински декларации (CDPS), ќе следуваат и понатамошни измени на Правилникот, со цел да се обезбедат еднообразни правила со ЕУ во однос на пополнување и администрирање на електронските царински декларации.

Во ноември 2011 година ќе се изготви и донесе Одлука за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2012 година, со цел исполнување на обврските превземени со пристапувањето на Република Македонија кон СТО и целосно хармонизирање со Комбинираната номенклатура за 2012 година.

Во првата половина на 2011 година ќе се изврши дополнување на Уредбата за применување на регулативите на Комисијата на Европските заедници за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура, со која ќе бидат опфатени соодветните регулативи на ЕУ донесени во втората половина на 2010 година и почетокот на 2011 година.

Предвидено е да се изготви модул за Интегрирана царинска тарифа во рамките на новиот Систем за обработка на царински декларации (CDPS). При тоа ќе се креираат и кодираат сите видови на мерки во Интегрираната царинска тарифа, кои се однесуваат на имплементирање на националното законодавство.

Во насока на понатамошно усогласување со *Acquis,* особено во делот на надоместоци за направени услуги во царинска постапка, ќе се направи анализа на Законот за административни такси, Правилникот за видот и износот на царинските надоместоци за направени услуги во царинската постапка и Правилникот за висината на надоместоците за извршените услуги и почетната висина на закупнината на деловниот и рекламниот простор на граничните премини за патен сообраќај, за утврдување на евентуални надоместоци кои не се во согласност со европското законодавство.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Врз основа на донесените измени во законодавството (законските и подзаконските акти), Царинската управа ќе ги унапреди интерните процедури за спроведување на царинското и акцизното законодавство. При подготовка на унапредените интерни процедури посебно ќе се има во предвид новиот Систем за обработка на царински декларации.

Започнат е Проект за воспоставување на единствен интергиран електронски систем за управување со ризик (САР), во кој ќе бидат вклучени сите институции кои вршат инспекциски надзор при увозот и транзитот на стоки. Владата на Република Македонија има формирано Работна група која подготви План за работа (усвоен од Владата на РМ) и Елаборат со финансиски импликации, кој е веќе во владина процедура.

Воспоставувањето на единствен интегриран електронски Систем за управување со ризик (САР) ќе овозможи поефикасна, координирана прекугранична контрола на стоките кои влегуваат во Република Македонија. Истовремено, САР ќе ја забрза постапката на спроведување на потребните формалности на граничните премини и ќе создаде услови за извршување на т.н. One Stop Shop контрола на едно место, од страна на сите институции кои вршат инспекциски надзор. Размената на потребните информации помеѓу надлежните органи во вистинскиот момент, ќе овозможи зголемување на ефикасноста при селектирањето на вистинските цели.

Имплементацијата на единствениот електронски Систем за анализа на ризик, според Елаборатот е планирана да биде завршена до 31.12.2011.

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2012 година ќе се изготви Закон за изменување и дополнување на Законот за царинска тарифа, со цел да се изврши понатамошно усогласување со регулативата на Советот на ЕЕЗ бр. 2668/87 и Комбинираната номенклатура.

Во претстојниот период 2011-2013 ќе следат активности за понатамошно усогласување на мерките во Интегрираната царинска тарифа, согласно измените на националното законодавство кои ќе бидат извршени за усогласување со Европската регулатива.

Во делот на акцизите ќе се изврши понатамошно усогласување со законодавството на ЕУ, особено на полето на воспоставување на правна рамка за имплементација на Системот за контрола на движење на акцизните давачки, компатибилен со EMCS (Excise Movement Control System) на ЕУ.

Во претстојниот период се очекува во ЕУ да се донесе новата регулатива за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост, која ќе ја замени постоечката Регулатива 1383 од 2003 година, а која е основа за сегашниот Закон за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост. Исто така се очекува во ЕУ да се донесе новата регулатива за примена на царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост на ниво на ЕУ, која ќе ја замени постоечката Регулатива 1891 од 2004, а која е основа за сегашниот Правилник за примена на Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост, по што ќе следи усогласување на Законот и Правилникот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост.

Ќе се изврши усогласување на одредбите од Законот за технолошко индустриски развојни зони кои не се во согласност со законодавството на ЕУ.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Царинската управа ќе изврши целосно усогласување на Царинската номенклатура со амандманите на Хармонизираниот систем, со стапување на сила од 01.01. 2012 година. Како договорна страна на Конвенцијата за хармонизираниот систем на имиња и шифрените ознаки на стоките, на Светската царинска организација, Република Македнија е обврзана да ги следи сите усвоени амандмани на Хармонизираниот систем. Како последица на промените во технологијата, развојните движења на трговијата и потребата да се осигури безбедноста на луѓето, во 2012 година претстојат обемни измени на ХС усвоени од Советот за царинска соработка.

## 3.29.2 **АДМИНИСТРАТИВЕН И ОПЕРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ**

*Тековна состојба*

Коментарите на Хармонизираниот систем 2007, со амандманите од 2008, 2009 и 2010 година, како авторско дело на Светската царинска организација, беа издадени на македонски јазик. Коментарите на ХС се составени од 5 книги кои ги содржат официјалните текстови од четвртото издание на Коментарот на Конвенцијата за Хармонизираниот Систем за имињата и шифрените ознаки на стоките (Хармонизиран Систем) од 2007 година на Светската царинска организација.

Во 2010 година е издаден Компендиум за царинска вредност на македонски јазик, како авторско дело на Светската царинска организација. Компендиумот за царинска вредност ги содржи официјалните текстови од второто издание на Компендиумот за царинска вредност (Препечатено со Измена на додаток бр.7, ноември 2008 година) на Светската царинска организација.

Во 2010 година Владата на Република Македонија усвои Стратегија за имплементација на заедничкиот транзитен систем на ЕУ во Република Македонија и Национален проектен план за имплементација на заедничкиот транзитен систем на ЕУ и NCTS во Република Македонија. Овие документи ги определуваат чекорите кои ќе бидат преземени од Царинската управа на Република Македонија за успешна имплементација на NCTS и постигнување на целосна усогласеност со заедничкиот транзитен систем.

Република Македонија доби статус на држава набљудувач во работните тела на Конвенцијата за заеднички транзит и во првиот квартал на 2012 година, по исполнување на потребните предуслови, ќе поднесе барање за полноправно членство, односно пристапување кон Конвенцијата за заеднички транзит.

Царинската управа, согласно заложбите за обезбедување на квалитетна информатичка поддршка на процесирањето на царинските декларации при спроведување на царинските постапки и согласно функционалните и техничките барања поврзани со процесот на европска интеграција, во однос на интероперабилноста и интерконекциите со европските царински системи, донесе одлука за замена на постоечкото софтверско решение (ASYCUDA) со нов систем за обработка на царинските декларации (СОЦД) и притоа започна со подготовки за воведување на системот. Хардверот и системскиот софтвер потребни за функционирање на системот се поставени и имплементирани.

Царинската управа, согласно целите на Владата на РМ дефинирани во однос на евроинтеграциските процеси, ги превзема потребните мерки и активности во врска со интерконекциите и интероперабилноста со европските царински системи. Преку користење на европските ИПА фондови (IPA2007), во тек е реализација на информатичките реформи од организациски и технички аспект. Една од основните активности вклучува поставување на основите на организација, обука и примена на проектните методологии. Усвоени се Стратегија за развој на ИКТ и Стратегија за имплементација на интероперабилност.

Во рамките на активностите од првата фаза, во ноември 2008 година започна со оперативна работа Едношалтерскиот систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти (EXIM). Во него се вклучени постапките на аплицирање и издавање на 66 различни дозволи и лиценци кои се дел од прекуграничниот проток на стоки, а за кои се надлежни 15 владини институции. Системот обезбедува и електронско аплицирање и издавање на тарифните квоти. Проектните активности се следат од Владата на РМ, Националната комисија за Интегрирано гранично управување и Министерството за информатичко општество.

Втората фаза која е во тек вклучува активности за унапредување на EXIM системот преку интегрирање со CDPS системот на Царинската управа и TRACES Like системот на Управата за ветеринарство, негово прилагодување за пренесување на контролата на Државниот инспекторат за земјоделие од внатрешните терминали на граничните премини, вклучување на други дозволи како надополнување на досегашните и други дозволи од нови институции, воведување на електронски регистри на институциите, дополнителни типови на прегледи и унапредување на некои функционалности на EXIM системот.

Започнат е проект за воспоставување на систем за размена на податоци помеѓу Царинската управа на Република Македонија и царинските администрации на Косово, Србија и Албанија. Преку овие активности, како дел од проектот TACTA на ЕУ беше обезбедена техничка помош за земјите во регионот и изработка на заедничкиот домен од софтверското решение. Развојот и имплементацијата на националниот домен на софтверското решение за електронска размена на податоци е во надлежност на секоја од царинските администрации.

Во тек е реализацијата на втората фаза на Проектот кој е поддржан преку интернационален проект во рамките на ИПА 2010 – Systematic Electronic Exchange of Data (SEED) in the Western Balkans, кој опфаќа активности околу обезбедување на техничка помош за корисниците, за реализација на проектните активности, и давање на консултански услуги за набавка на потребната опрема и софтверски лиценци неопходни за функционирање на SEED апликациите. За финансирањето и набавката на опремата ќе бидат одговорни администрациите кои се корисници, или ќе се бара друга потенцијална донаторска помош..

Во јануари 2010 година ставена е во употреба Web апликација за обработка на барања за увоз за облагородување. На економските оператори им е овозможено преку интернет страницата на Царинската управа да ги доставуваат своите барања, со што значително се намалува времето за нивна администрација и процесирање и се зголемува транспарентноста и следливоста.

Од 1 јануари 2010 година Интегрираниот информативен систем (ИИС) е официјално во продукција и задолжителна употреба во Царинската управа. За правилно и безбедно користење на системот донесени се кориснички упатства, прирачници и правилници за негово функционирање. Системот опфаќа автоматизација на процесите на работа во сите организациони делови на Царинската управа. ИТ решението на IIS го сочинуваат повеќе модули, софтверски компоненти и решенија за нивно интегрирање како Систем за управување на документи (DMS) преку електронско архивирање и проследување на предметите, Систем за управување со човечки ресурси (HRM) и Систем за планирање на ресурси (ERP) планирање на ресурсите и материјално и финансово работење. Посебно се обработени модулите Прием на кадрови, Мерење на учинок на вработените и Евиденција на анкетни листови за вработените.

Воспоставени се  одржливи системи кои овозможуваат контрола на коруптивните и девијатни појави и нивно навремено спречување, континуирана непосредна контрола на профилирани ризици со постојано надоградување на сопствените институционални и административни капацитети. Превентивните мерки за сузбивање на корупцијата во редовите на Царинската управа го опфаќаат севкупното функционирање на истата како институција и не се однесуваат  само на статусот на вработените.

Во 2010 година, во рамки на Договорот за деловно техничка соработа со ПМФ – Институт за хемија, Царинската лабораторија воведе четири нови аналитички методи, во согласност со барањата на Царинската тарифа за одредување на параметри за прехрамбени производи и производи од нафта. Лабораторијата има подготвено нацрт упатства и процедури  во согласност со стандардот  ИСО 17025, кои ќе се официјализираат (потпишат) со измена на организационата поставеност на Лабораторијата во Царинската управа. Ќе биде подготвен и Прирачник за квалитет. Во согласност со нацрт упатствата изготвени се технички упатства за работа со мерно-техничката опрема која се користи во Лабораторијата.

Донесени се измени и дополнувања на Упатството за вршење на селективни контроли во царинското работење. Воспоставен е Модул за управување со ризик на граничните царински испостави, кој ќе обезбеди систематизиран и единствен пристап во процесот на управување со ризик на граничните царински испостави и понатамошен напредок во овој домен, поефективно и попродуктивно користење на сите профили на ризик, соодветна проценка во процесот на управување со ризик и примена на контроли базирани на ризик.

Донесено е Упатство за дополнителна проверка на документи за утврдување на царинска вредност, со кое се уредува начинот и постапката за дополнителна проверка на документи релевантни за утврдување на царинската вредност на стоката, координација на активностите во Царинската управа и комуникација со странски служби за цели на дополнителна проверка на документи за утврдување на царинската вредност.

Имплементиран е електронски систем за размена на разузнавачки пораки SEMS, за комуникација помеѓу Одделението за разузнавање и другите одделенија во Секторот за контрола и истраги. Донесен е Прирачник за користење на SEMS Системот за размена на разузнавачки  пораки на Југоисточна Европа.
Во тек се активности за воспоставување на нова разузнавачка база или за консолидирање на веќе постоечката, по што ќе следи донесување на соодветни упатства за работа. Извршено е ново тестирање и упатени се забелешки до доставувачот на базата. Начелно се договорени следните чекори кои треба да бидат преземени.

Донесени се измени и дополнувања на Упатството за работа на Одделението за координација и комуникација и на Упатството за работа на системот за видео надзор, снимање и трансмисија, со кои е извршено усогласување со Законот за заштита на личните податоци.

Имлементиран е новиот Електронски дневник за дневни активности на Одделението за координација и комуникација. Се подготвува и прирачник и упатство за работа со апликацијата. За успешно спроведување на активностите кои се во надлежност на Одделението за координација и комуникација, обезбеден е резервен систем за снимање на повиците од телефонската линија 197, која е во функција 24/7 и  е анонимна.

Во текот на 2010 година во Регионалниот тренинг центар на Светската царинска организација, кој беше официјално отворен на 28 септември 2009, беа организирани две регионални работилници на теми „Подобрување на менаџерските способности на царинските управи“ и „Царинските приходи како важен елемент на вкупните приходи на државите“.

Во текот на 2010 година, во рамките на Програмата Царина 2013, беа преведени 5 модули за електронско учење на DG TAXUD – Генерален директорат за Царинска унија и оданочување на Европската комисија. Сите модули (ЕОРИ, Преглед на контејнери, Единствено одобрение за поедноставени постапки и Контрола на прекурзори на дрога) се инсталирани на Интернет и Интранет страницата на Царинската управа. Курсевите за електронско учење во иднина ќе претставуваат составен дел на задолжителната обука за нововработените и унапредени царински службеници.

Имплементацијата на СОЦД подразбира развој на екстерниот домен кој го опфаќа и  екстерниот владин домен. Развојот на владиниот домен се однесува и на организацијата во врска со подготовка и потпишување на ревидирани и стандардизирани меморандуми и протоколи за размена на податоци. Стратешката цел за воспоставување на околина без користење на хартија, ќе биде обезбедена со имплементација на електронска декларација.

Активностите од втората фаза на Проектот за воведување на едношалтерскиот систем за увоз и извоз (Single Window) и контрола при единствено застанување (One Stop Shop), се спроведуваат врз основа на Меморандумот за разбирање и соработка, потпишан во јули 2009 година, помеѓу Царинската управа на Република Македонија и USAID Проектот е-Влада. Активностите од Проектот ги спроведува Работна група составена од претставници од Царинската управа на Република

Македонија, USAID (Проект е-Влада) и претставници од 15 владини институции. Проектот го следи Националната комисија за интегрирано гранично управување и Министерството за информатичко општество.

Реформите кои Царинската управа ги спроведува за засилување на организациската и оперативната ефикасност, преку спроведување на исправни, систематски и ефективни córинsки контроли на граничните премини, олеснување на легалниот премин на патници и стока, обезбедување на наплата на царинските давачки, обезбедување на јавната безбедност и засилување на капацитетите ангажирани во борба против измами и корупција, се поддржани од Проектот IPA 2007 „Техничка поддршка за засилување на граничната контрола“ , финансиран од Европската унија.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во рамките на третата фаза за унапредување на EXIM системот, планирано е негово интегрирање со Единствениот интегриран електронски Систем за управување со ризик (САР), со што треба да се овозможи поефикасна, координирана прекугранична контрола. Третата фаза ќе ги опфати и барањата и потребите за измени и унапредувања на системот на институциите кои се негови корисници, а кои ќе следат како резултат на измените на тековната регулатива , во насока на усогласување со  европската пракса.

Во 2011 ќе бидат извршени промени во организационата поставеност на Службата за лабораторија, согласно барањата на ИСО 17025, кои ќе опфатат дополнително ангажирање на ресурси, за задоволување на стандардите за работа во лабораторија кои предвидуваат на секоја техника да работи барем по еден аналитичар. Ќе се реновира и ќе се оспособи припремната аналитичка лабораторија, согласно постојните лабораториски стандарди. Ќе се дефинираат анализите кои редовно ќе се вршат во Службата за царинска лабораторија и истите ќе се усогласат според  релевантните ЕУ регулативи и директиви.  За поуспешно спроведување на дефинираните анализи, ќе следат обуки во траење од барем еден месец, во институции кои бележат искуство во соодветната аналитика.

Активностите кои краткорочно се планираат за спроведување во насока на континуирано јакнење на капацитетите за контрола, разоткривање и сузбивање, во претстојната година меѓу другото ќе опфатат:

- Воспоставување на единствен т.н „one stop shop” систем за анализа на ризик при контроли спроведувани од страна на сите институции, при увоз, извоз и транзит на стока;
- Донесување на Упатство за работа со класифицирани информации, кое ќе опфати пропишување на видот на информации, документи, извештаи, податоци и други акти, кои се определени со степен на класификација, мерки и активности што се превземаат за нивна административна, физичка и информатичка безбедност, безбедност на лицата корисници на класифицираните информации, размена на класифицирани информации со државни органи, физички и правни лица во Република Македонија и размена со  странски државни  органи и меѓународни организации;
- Донесување на Упатство за работа на Одделението за истраги, за цели на засилено административно делување на вработените во Одделението за истраги при откривање на разни форми на недозволена трговија;
- Донесување на Упатство  за постапка по откривање на кривично дело или царински прекршок, за цели на јакнење на административниот капацитет;
- Централизирање на дигиталните слики со цел да се креира база на податоци за дигитална библиотека во која ќе можат да се вршат пребарувања и која ќе содржи слики од сите заплени и скривалишта;
- Зголемување на капацитетот на царинското разузнавање преку кадровско зајакнување и ангажирање на софистицирана компјутерска опрема, возила, други технички помагала, локации за работен простор и сл.;
- Дислокација (преместување) на камерите од Системот за видео надзор, снимање и трансмисија и Системот за автоматско препознавање на регистарски таблички, според потребите на Секторот за контрола и истраги;
- Донесување на Програма за физички тренинг и совладување на боречки вештини на царинските службеници, според која ќе се спроведуваат активностите на физичко оспособување и обука за ракување со оружје;
- Формирање на единствена електронска база на податоци од сите скенери, за поддршка на активностите на откривање на недозволената трговија и активностите поврзани со анализа на податоци и информации.

Во 2011  година ќе биде донесена Стратегија за управување со човечки ресурси, за развој на основните елементи на системот на управување со човечки ресурси во Царинската управа во периодот од 2011-2013 година. Стратегијата ќе тежнее кон обезбедување на поволно професионално опкружување и одржување и зајакнување на капацитетите на вработените. Ќе се делува во правец на континуирано обучување и професионално оспособување, што понатаму ќе гарантира повисок квалитет во извршувањето на работите и работните задачи и остварувањето на функциите и надлежностите на Царинската управа. Активностите кои ќе бидат опфатени со Стратегијата, ќе бидат фокусирани на: вработување на соодветно квалификуван персонал кое ќе биде спроведувано во рамки на прецизно дефиниран систем на вработување и избор на кандидати, континуирано надградување на професионалните и стручните способности поддржано

од соодветен систем на обуки, еднакви можности за градење на кариера, наградување според остварени резултати, перманентно подобрување на условите за работа, донесување на нов Правилник за систематизација на работните места во Царинската управа кој ќе опфати прецизни описи на работните места и прецизно дефинирани потребни компетеции за одделни работни места.

Ќе се донесе Стратегија за борба против корупцијата 2011- 2013 со Акционен план 2011-2012 за имплементација на истата, во кој ќе бидат инкорпорирани принципите и обврските кои произлегуваат од меѓународните конвенции кои Република Македонија ги ратификувала, а се однесуваат на Царинската управа и изложеноста на корупција и други оперативни ризици (Конвенциите на Советот на Европа за кривично право и граѓанско право ЕТС 173 и ЕТС 174, Конвенцијата на ОН против корупција – Документ A/PEC/58/4 од 2003).

Континуирано ќе се следат измените во законската регулатива произлезени од самиот процес на работа, или произлезени од усогласувањето на националното со европското законодавство, и ќе се вршат соодветни измени во Правилникот за организација на работата во Царинската управа или во Правилникот за систематизација на работата во Царинската управа.

Царинската управа достави до Министерството за финансии барање за промена на Систематизацијата на работните места и организацијата во Царинската управа, кое тежнее кон зајакнување и зголемување на капацитетите на граничните премини кои се ангажирани во активности на контрола и разоткривање на незаконски делувања. Предложените измени се ориентирани кон воведување на посебни работни места “координатори за ризик и разузнавање” за граничните испостави, за специјализирано делување на ова поле.Истата се очекува да се донесе во првиот квартал на 2011 година.

Во текот на 2011 година ќе се донесе нова Стратегија за обуки и стручно усовршување на царинските службеници, која во голема мерка ќе придонесе за подобрување на системот на обуки во Царинската управа. Во овој период ќе биде завршен преводот на останатите модули за електронско учење на Генералниот директорат за Царинска унија и оданочување на Европската комисија, и истите ќе бидат ставени во функција.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Активностите кои се планирани за реализација за следната година, се дефинирани со осврт кон членот 88 на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија од една страна и Европските заедници и нивните земји членки, кој предвидува „приближување на Царинскиот систем на Република Македонија кон Царинскиот систем на Европската унија“, „поедноставување на контролите и формалностите спроведувани за транспорт на стока и поддршка за воведување на современи царински информациски системи“, како и “можност за интерконекција помеѓу транзитниот систем на Европската унија и Република Македонија“.

Во 2011 ќе се делува и понатаму во насока на исполнување на приоритетите на реформите во царинското работење, кои упатуваат на потребата да се зајакне административниот капацитет за спроведување на царинкото законодавство и за сузбивање на прекуграничните криминални дејства, и на потребата за натамошно усогласување на законодавството и постапките со acquis, особено во доменот на транзит.

Во рамките на Вториот проект за олеснување на трговијата и транспортот во Југоисточна Европа, ќе бидат спроведени активности за надградба на апликацијата за обработка на увоз за облагородување со дигитален потпис, електронско задолжување на увозот и воведување на можноста за електронско аплицирање и добивање одобренија за други видови царински постапки со економски ефект. Од средства на овој проект ќе биде финансирана и надградба на електронскиот Систем за управување на документи на Царинската управа (EDMS).

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Утврдена е потребата, чекорите и модалитетите за отпочнување на административната процедура за поврзување со ЕУ системите, пред се CCN/CSI и NCTS, како и ITE. Согласно тоа, во ИПА фондовите, предвидени се следните активности:

<u>IPA 2008:</u>

Се однесува на Проектот Interoperability of the Customs Administration of the Republic of Macedonia IT System with the EU Customs IT Systems – NCTS and CCN/CSI, и се состои од следните активности:

- Техничка асистенција во управувањето со имплементацијата на NCTS,
- Имплементација на NCTS,
- Поставување на комуникациска опрема за поврзување со европските системи – CCN/CSI.

IPA 2009:
Се однесува на Проектот Имплементација на Интегриран тарифен систем на Европската заедница (Community Integrated Tariff Environment – CITE) и се состои од следните активности:

- Техничка помош во управувањето со имплементацијата на ITE (Интегрирана Тарифна околина – Integrated tariff environment),
- Имплементација на ITE,
- Набавка на потребната опрема.

**ИПА** 2010:
Во рамки на ИПА 2010, планирано е понатамошно усогласување на царинското и акцизното законодавство. Посебен акцент ќе биде ставен на усогласување на законодавството со модернизираниот царински закон на ЕУ и регулативата за имплементација на истиот. Паралелно, ќе се пристапи и кон зајакнување на капацитетите во доменот на управувањето со акцизите.

Врз основа на воспоставената правна рамка за Системот за контрола на движење на акцизните давачки, компатибилен со EMCS (Excise Movement Control System) на ЕУ, Царинската управа ќе воспостави целосна компјутеризација на процесите за олеснување на трговијата со истовремено зајакнување на механизмите на акцизен надзор. Во насока на зајакнување на административниот капацитет за спроведување на акцизното законодавство, Царинската управа во рамките на воспоставената билатерална соработка со земјите членки на ЕУ континуирано ќе обезбедува дополнителна обука за царинските службеници.

Откако ќе се направи избор на методи за акредитација и ќе се изврши интерна проверка на Царинската лабораторија, ќе се поднесе барање за акредитација до Институтот за акредитација на Република Македонија.

За натамошно зајакнување на капацитетите, кое ќе биде сконцентрирано и на поефикасно делување при спроведување на истраги, Царинската управа ќе донесе Програма за засилување на капацитетите кои ќе бидат ангажирани во примена на посебните истражни мерки пропишани во Законот за кривична постапка, за цели на зајакнување на механизмите за надзор со дополнителни контроли и инспекциски надзор.

Во рамки на активностите кои се планираат за реализација на среднорочен план, ќе биде воспоставена и електронска размена на информации помеѓу Одделението за координација и комуникација и Министерството за внатрешни работи-Национален центар за гранично управување и Дежурен центар за состојби.

Во наредната година продолжува соработката со Царинската управа на Холандија во рамките на Проектот за техничка помош. Проектот е фокусиран на понатамошно развивање и подобрување на царинските постапки со економски ефект (увоз за облагородување, поедноставени царински постапки), акцизните царински постапки, царинската лабораторија, мерките на трговска политика и управувањето со човечки ресурси (градење на капацитети).

Во рамките на Техничката помош која во областа на Европската интеграција ја обезбедува Владата на Република Словенија, ќе се реализираат активности за поддршка на јакнењето на административните капацитети во домен на: акцизни давачки, планирање на буџет, внатрешна финансиска контрола, управување со човечки ресурси и следење на носењето на одлуки на ниво на ЕУ.

Регионалниот тренинг центар на Светската царинска организација треба да прерасне во Centre of Excellence, каде ќе се врши обука не само на царинските работници од регионот, туку и на деловната заедница и учесниците во царинската постапка.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Активностите планирани на среднорочен план ќе бидат спроведени како надополнување на веќе преземените мерки на Владата на Република Македонија ориентирани кон дополнително олеснување на прекуграничната трговија, преку подобрување на царинските контроли, поедноставување на административните процедури, засилување на капацитетите базирани на ризик, намалување на тарифи и општо подобрување на условите за прекугранична трговија.

## 3.30 **НАДВОРЕШНИ ОДНОСИ**
### 3.30.1 **ЗАЕДНИЧКА ТРГОВСКА ПОЛИТИКА**

*Тековна состојба*

Република Македонија во 2010 година продолжи да ја спроведува трговската политика во согласност со превземените меѓународни обврски кои произлегуваат од членството во Светската трговска организација (СТО), од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, ЦЕФТА, и другите спогодби за слободна трговија со кои се преземени обврски за повластен трговски режим.

Република Македонија од почетокот на 2010 година активно беше вклучена во имплементација на приоритетите по Програмата на претседавачот за ЦЕФТА 2006 во 2010 година. Тоа се однесуваше на отворање на владините пазари за јавни набавки и постигнување усогласеност во конкуренцијата, како и утврдување на заедничките интереси и цели околу влегување во преговори за либерализацијата во услугите. Во телата на ЦЕФТА расправано е за елиминирање на нетарифните бариери и техничките бариери во трговијата на ЦЕФТА земјите, поддржано од согледувањата на студиите во рамки на проектите кои се реализираат во ЦЕФТА, а се финансирани од Европската комисија, ОЕЦД, ГТЗ и други.

Имплементацијата на процесот на трговската либерализација во земјоделието се очекува да започне до првиот квартал во 2011 година. Република Македонија договори целосна либерализација во трговијата со земјоделско- прехранбени производи со Република Албанија, а со Република Молдова договорена е целосна либерализација, освен за виното каде е договорена билатерална квота. Имплементацијата на овие измени во Анекс 3 кон Дополнителниот Протокол за измена на Договорот за изменување и пристапување кон Централно Европскиот Договор за слободна трговија - ЦЕФТА 2006 ќе започне откога измените на Анексот ќе бидат потпишани и ратификувани од сите членки на ЦЕФТА 2006. Кон крајот на декември 2010 година, Република Македонија го потпиша Дополнителниот Протокол по што останува истиот да биде потпишан уште од Република Србија и Република Хрватска.

Функционирањето и формирањето на тела во рамки на ЦЕФТА се одвиваше согласно Договорот, односно роковите за имплементација на целите на Договорот врз основа на Програма на претседавачот на ЦЕФТА.

На состанокот на Мешовитиот Комитет на ЦЕФТА, страните го поддржаа натамошното функционирање на ЦЕФТА Секретаријатот како и функционирањето и формирањето на тела во рамки на спроведување на приоритетите по Програмата. Разработен е концептот на функционирање на Трговскиот веб портал на ЦЕФТА земјите. Република Македонија потпиша Меморандум за разбирање со ГТЗ околу функционирањето и одржувањето на Трговскиот веб портал на ЦЕФТА земјите, кој се однесува на ажурирањето на податоците од Република Македонија. Порталот започна со функција во текот на одржувањето на ЦЕФТА неделата во Белград во ноември 2010г.

Со ЕФТА, во текот на 2010 година, започнаа да се применуваат четирите одлуки усвоени на Втората седница на Македонија - ЕФТА Мешовитата комисија за спроведување на Договорот за слободна трговија помеѓу ЕФТА земјите и Република Македонија. Одлуките се однесуваат на усогласување на нивото на либерализацијата со ЕФТА земјите како она со Европската Унија, односно давање на исти услови во либерализацијата од страна на ЕФТА кон Република Македонија како што оваа асоцијација го има со ЕУ.

Во врска со тековната рунда на мултилатерални трговски преговори во СТО - *Развојна агенда од Доха* (Doha Development Agenda), Република Македонија се залага за посебен и различен третман на неодамна пристапени членки од кои нема да се бара да преземаат натамошни обврски за намалување, како што се земјоделството и NAMA. Во другите области за кои се водат преговори, Република Македонија, како земја кандидат за членство во ЕУ, продолжи да ги координира и усогласува своите ставови со ставовите на ЕУ.

Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија (Службен весник на РМ бр. 158/2010) се отстрануваат мерките со еквивалентен ефект на квантитативни ограничувања во трговијата, со цел да се овозможи слободно движење на стоките со членството на Република Македонија во Европската унија.

Исто така, кон крајот на 2010 годината беше усвоен и Законот за изменување и дополнување на Законот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба (Сл. весник на РМ бр. 158/2010) со што се врши усогласување на законот со новата Регулатива на Советот (ЕЗ) 428/2009, со која се утврдува контролата на извозот, трансферот, брокерингот и транзитот на стоки и технологии со двојна употреба.

Во областа на режимот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба, во 2010 година, се применуваше *Одлуката за утврдување на Листата на стоки и технологии со двојна употреба* (Службен весник на Република Македонија бр. 148/08). Листата на стоки и технологии со двојна употреба целосно е преземена од регулативата 32004R1504, Анекс 1.

Во 2010 година надлежните министерства и институции потпишаа Меморандум за соработка за имплементација на ТРАКЕР 7.0 – софтверскиот систем со кои се утврдуваат обврските за имплементација на системот. Во декември 2010

година од страна на експерт од Стејт Департманот се инсталираше софтверската апликација за ТРАКЕР 7.0 и се одржа обука со системските администратори во однос на неговото користење и одржување.

Во текот на 2010 година, Македонската банка за поддршка на развојот (МБПР) следејќи ги потребите на македонското стопанство за поддршка на извозот, а со цел зголемување на обемот на извезените стоки и услуги на странските пазари, воведе неколку нови производи во областа на осигурување на побарувањата: осигурување од политички ризици, осигурување на продажбите реализирани од подружници на македонските компании во странство како и осигурување на извозот пред испорака.

Надлежни институции за спроведување на трговската политика во Република Македонија се Министерството за економија, Министерството за финансии и Царинската управа на РМ.

Со цел јакнење на административните капацитети, во 2010 година вработените од Министерството за економија од Секторот за меѓународна трговска соработка учествуваа на работилници организирани од Светската трговска организација: Регионална работилница за земјоделство и работилница во рамките на Специјална сесија на ТБТ Комитетот.

Исто така, за вработените од овој Сектор во рамките на Проектот ТРАКЕР 7.0 – Обука за администрација, се спроведува обука за ТРАКЕР од страна на експерт од САД. Целта на обуката е да се подобри имплементирањето и администрирањето на системот.

*Краткорочни приоритети*

Република Македонија ќе продолжи со имплементација на преземените обврски кои произлегуваат од пристапувањето кон Светската трговска организација (СТО) како и обврските кои произлегуваат од Спогодбата за стабилизација и асоцијација и другите договори за слободна трговија. Во Царинската тарифа за 2011 година ќе се изврши намалување на царините во согласност преземените обврски од СТО. Исто така, ќе се продолжи со намалување на царините во согласност со обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација и другите договори за слободна трговија.

Во тековната рунда на мултилатерални трговски преговори во СТО - Развојна агенда од Доха (Doha Development Agenda), Република Македонија, како земја кандидат за членство во ЕУ, ќе продолжи да ги координира и усогласува своите ставови со ставовите на ЕУ за одделни области.

Република Македонија ќе продолжи да го имплементира Договорот за изменување и пристапување кон Централно Европскиот Договор за слободна трговија - ЦЕФТА 2006, и ќе отпочне со примена на Дополнителниот Протокол во врска со натамошната либерализација на трговијата со земјоделско прехранбени производи.

Република Македонија ќе продолжи и натаму да ги усогласува прописите во областа на контролата на извоз на стоки со двојна намена со прописите на Европската унија.

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба, во првата половина на 2011 година, ќе се донесат *Одлуката за утврдување на Листата на стоки и технологии со двојна употреба,* Правилник за формата и содржината на барањето за издавање на дозвола за брокеринг на стоки и технологии со двојна употреба и Правилник за формата и содржината на дозволата за вршење на брокерски услуги со стоки и технологии со двојна употреба.

Со цел успешно користење и одржување на ТРАКЕР системот, во јануари 2011, се планира да се спроведе обука на корисниците на системот во сите надлежни институции. По завршувањето на планираните обуки ќе се отпочне со практична примена на истиот.

Кон крајот на 2011 година планирано е да се направи план и анализа за транспонирањето на Директивите 37998L0029 и 31984L0568, како и Одлуките 32001D0076 32001D0077 кои се однесуваат на заедничките принципи и критериуми на земјите членки на ЕУ во сферата на осигурување на извозот. Паралелно со ова, се планира зајакнување на административниот и техничкиот капацитет на Македонска банка за поддршка на развојот.

## 3.30.2 **БИЛАТЕРАЛНИ ДОГОВОРИ СО ТРЕТИ ЗЕМЈИ**

*Тековна состојба*

Министерството за економија - Секторот за меѓународна трговска соработка и Министерството за финансии - Секторот за финансиски систем, се надлежни за билатералните договори со трети земји.

Република Македонија има склучено повеќе договори за трговско- економска соработка со други држави, кои ќе треба да се усогласат со обврските што произлегуваат од членството во ЕУ. Договорите за економска соработка со Унгарија и со Романија се парафирани и се очекува нивно потпишување.

Во 2010 година влегоа во сила Договорот за економска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија ( Сл. весник на РМ 163/2009) и Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Чешка за економска и индустриска соработка (Сл. весник на РМ. 77/2010). Исто така потпишан е Договорот за економска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Црна Гора.

Република Македонија досега има склучено 34 Билатерални договори за поттикнување и заемна заштита на инвестиции од кои 28 се стапени на сила, а за договорите со Словачка и Кувајт се чека нивна ратификација од овие држави со цел да стапат во сила, додека за три договори Египет, Иран и Белорусија се чека известување од нивна страна дека интерните процедури во нивните земји се завршени. Од сите склучени договори, 16 се склучени со земји членки на ЕУ.

Во текот на 2010 година е ратификуван Договорот за поттикнување и заемна заштита на инвестиции меѓу Република Македонија и Кралството Мароко (Службен Весник на Република Македонија бр. 143/2010) и е усогласен и парафиран Договорот за поттикнување и заемна заштита на инвестициите меѓу Република Македонија и Црна Гора кој се очекува да биде потпишан во 2011 година.

*Краткорочни приоритети*
Република Македонија ќе продолжи со активностите за анализирање на договорите за трговска и економска соработка, со цел нивно усогласување со законодавството на ЕУ. Во таа насока предвидено е да се утврди временска рамка на усогласување на постоечките договори со законодавството на ЕУ.

Во текот на 2011 година се предвидува усогласување и парафирање на Договорите за поттикнување и заемна заштита на инвестиции меѓу Република Македонија и Велика Британија, Катар и Литванија.
Постапката за усогласување на овие договори беше отпочната во 2009 година, но сеуште не е завршена бидејќи се чека соодветните држави да ја прифатат македонската иницијатива за одржување на експертски средби за склучување на овој вид на Договор. Покрај ова, во текот на 2011 година се очекува отпочнување на постапки за усогласи на Договорот за поттикнување и заемна заштита на инвестициите меѓу Република Македонија и Косово, Канада и Обединети Арапски Емирати.

Во текот на 2011 година ќе се потпишат договори за економска соработка со Унгарија, Романија, и Р. Хрватска согласно обврските што произлегуваат од нивното членството и пристапување во ЕУ.

### 3.30.3 **РАЗВОЈНА И ХУМАНИТАРНА ПОМОШ**

*Тековна состојба*
Во текот на 2010 не е регистрирана развојна помош на Република Македонија спрема трети земји.
Во 2010 година, одделението за развојна и хуманитарна помош во рамките на Министерството за надворешни работи реализираше активности за доделување на хуманитарна помош за Хаити и Кина.
Одделението за развојна и хуманитарна помош, во Секторот за економски мултилатерални односи - Директорат за економска дипломатија во Министерството за надворешни работи е надлежно за следење и креирање на политиката во делот на развојната и хуманитарната помош.

*Среднорочни приоритети*
Во делот на хуманитарната помош предвидено е прифаќање на Регулативата 31996R1257 за хуманитарна помош. Исто така се планира прифаќање на Европскиот консензус за хуманитарна помош од декември 2007 година.
Предвидено е формирање на меѓу - ресорско тело со цел изнаоѓање на најсоодветен институционален модел за регулирање на делот на развојна помош. Во таа насока предвидено е донесување на Закон за спроведување на развојната политика, усогласен со законодавството на ЕУ од оваа област. Покрај донесувањето на Законот, потребно е да се дефинираат јасни критериуми за определување на потесен круг на земји со кои Република Македонија би воспоставила долгорочна соработка. Дополнително, ќе биде утврдена методологија за пресметување на дадената помош, а ќе се воведе и механизам за обединување на податоците за доделената развојна помош. Исто така ќе биде подготвена и Стратегија за давање развојна помош.
Воедно, планирано е да се воспостави соработка на невладиниот сектор и со другите земји членки или специјализирани агенции од другите земји за спроведување на трилатерални развојни проекти.
Планирано е зајакнување на постоечките административни капацитети со нови вработувања.

**ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**

Во делот на цивилната заштита, Република Македонија е во завршна фаза од потпишувањето на Меморандумот за разбирање со Европската комисија за членство во Механизмот за цивилна заштита на ЕУ. Во однос на правната рамка донесени се сите стратешки документи предвидени со Законот за заштита и спасување потребни за ефикасно функционирање на системот. Во 2010 година беше донесен и Законот за ратификација на договорот меѓу Владата на Република Македонија и Република Унгарија за соработка и меѓусебна помош во случај на катастрофи („Службен весник на Република Македонија" бр.10/10), а во октомври 2010 година потпишани се ваков вид на договори со Република Словенија и Република Хрватска. Постапката за ратификација на овие договори е во тек. Отпочната е и постапка на утврдување на текстот на билатералниот договор со Република Бугарија кој треба да биде потпишан до крајот на 2011 година. Во септември 2010 година потпишан е Меморандум за разбирање и соработка во областа на заштитата и спасувањето на луѓе и материјални добра од природни и други катастрофи помеѓу Дирекцијата за заштита и спасување и Данската агенција за управување со вонредни ситуации. Меморандумот предвидува отпочнување на три годишен проект кој ќе опфати соработка во делот на покривање на учеството на Република Македонија во меѓународните активности во областа на заштитата и спасувањето, во делот на градење и зајакнување на капацитетите при извршување на операции за заштита и спасување итн.

Вработените во Центарот за управување со кризи и другите субјекти во системот за управување со кризи активно учествуваа на меѓународни вежби, семинари и обуки во текот на 2010 година. Во однос на активности за имплементација на Националната платформа на Република Македонија за намалување на ризици од несреќи и катастрофи, претставници од ЦУК во 2010 година учествуваа во работата на Координативните тела согласно ризикот. Со Одлука на Влада на РМ на 27.04.2010 година назначен е национален координатор за намалување на ризици од несреќи и катастрофи во Република Македонија.

Во однос на активностите поврзани со кампањата за доближување на Националната платформа на Република Македонија за намалување на ризици од несреќи и катастрофи до јавноста испечатени се 2 дополнителни и проширени изданија на публикацијата "Националната платформа на Република Македонија за намалување на ризици од несреќи и катастрофи" и редовно е емитувана емисијата од областа на кризниот менаџмент АЛО 195 на МРТВ.

Во рамките на унапредување на билатералната соработка со САД на ден 30.06.2010 година ЦУК и УСАИД потпишаа Меморандум за разбирање.

Во рамките на унапредување на соработката со резидентните канцеларии на ООН, на ден 13.07.2010 година ЦУК и УНИЦЕФ потпишаа Меморандум за соработка во области на заедснички интерес за период 2010-2015 година.

Во октомври 2010 година во ЦУК се одржа меѓународна вежба СЕЕСИМ 2010. Домаќин на вежбата беше Албанија. Меѓународната вежба се одржа заради проверка на националниот систем за одговор на итни ситуации и промовирање на соработката, координацијата и интероперативноста помеѓу земјите во ЈИЕ.

Во рамките на Програмата на активности на ЦМЕП ЈИЕ (Цивилно- воено планирање во вонредни ситуации за земјите од Југоисточна Европа), во период од 14-16.12.2010 година Центарот за управување со кризи беше домаќин на експертски тим од САД кој раководеше со тридневните состаноци на тема "Проценка за подготвеност и одговор при итни ситуации".Целта на посетата беше проценка на кризниот менаџмент во РМ и состаноците беа одржувани на меѓуинституционално експертско ниво.

Во 2010 година институционалниот капацитет на Дирекцијата за заштита и спасување се зајакна со 36 нови вработувања и заклучно со ноември 2010 бројот на вработени во Дирекцијата за заштита и спасување е 300. Набавените 25 противпожарни возила во 2009 година, се распределени согласно Одлука на Владата на Република Македонија во Територијалните противпожарни единици низ државата. Реализирани се јавни набавки со што значително се зајакна капацитетот на институцијата за справување со природните непогоди и другите несреќи и тоа: набавени се 5 нови противпожарни возила и 3 скутери за вода. Согласно Меморандумот за разбирање и соработка во областа на заштитата и спасувањето на луѓе и материјални добра од природни и други катастрофи помеѓу Дирекцијата за заштита и спасување и Данската агенција за управување со вонредни ситуации потпишан во септември 2010, добиена е донација во опрема за Центарот за обука која во значителна мерка ќе го зголеми квалитетот на обуката за заштита и спасување планирана за 2011 година. Ваквиот вид на соработка со Данска ќе продолжи и во 2011 и 2012 што во значителна мерка ќе го зајакне институционалниот капацитет на Дирекцијата во делот на организирање и спроведување на обуката на силите за заштита и спасување.

Во 2010 година институционалниот капацитет на Центарот за управување со кризи се зајакна со 43 нови вработувања по разни основи.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**
Во наредниот период ќе се реализираат приоритетните цели поставени во Националната стратегија за заштита и спасување.

Во 2011 година се планира потпишување на Спогодба помеѓу Република Македонија и Европската заедница за учество на Република Македонија во Механизмот на Заедницата за цивилна заштита и Финансискиот инструмент за цивилна заштита. Исто така ќе продолжи процесот на потпишување билатерални договори за соработка во делот на заштитата и спасувањето со земјите од регионот.

Во текот на 2011 година, Центарот за управување со кризи ќе работи на активности за имплементација на Националната платформа на Република Македонија за намалување на ризици од несреќи и катастрофи, како и водење кампања за истата. Исто така ќе продолжи учеството на вработените во Центарот за управување со кризи и другите субјекти во системот за управување со кризи на меѓународни вежби, семинари и обуки. Ќе се реализираат и активностите од Програмата за обука на вработените во ЦУК и субјектите од системот за управување со кризи во Република Македонија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Зајакнувањето на институционалните капацитети на Дирекцијата за заштита и спасување ќе се врши преку континуирана обука на вработените и силите за заштита и спасување. За 2011 година во септември предвидено е учество на НАТО/ЕАДРЦЦ теренска вежба во Молдавија. Дирекцијата за заштита и спасување исто така ќе биде активно вклучена во реализација на MEDCUR 2011, меѓународната вежба која ќе се одржи на Армискиот Полигон Криволак во средината на 2011 година.

Ќе продолжи соработката со Меѓународниот фонд за деминирање и заштита на жртвите од мини во делот на обука на тимот за отстранување на неексплодирани убојни средства и отпочнување на нови проекти за расчистување на територијата на Република Македонија од неексплодирани убојни средства.
Во рамките на Иницијативата за подготвеност и превенција од катастрофи за Југоисточна Европа а согласно усвоената тренинг програма, предвидена е реализација на петнаесет курсеви и обуки од различни области.

Дирекцијата за заштита и спасување активно ќе учествува во работата на Советот за цивилно- воено планирање на земјите од ЈИЕ. Република Македонија е претседавач со Советот во 2011 година од каде што ќе произлезат низа значајни активности, семинари, обуки и вежби.

Согласно Меморандумот за разбирање и соработка во областа на заштитата и спасувањето на луѓе и материјални добра од природни и други катастрофи помеѓу Дирекцијата за заштита и спасување и Данската агенција за управување со вонредни ситуации за 2011 планирано е одржување на неколку семинари и обуки во делот на процени од ризици од природни катастрофи и други непогоди. Предвидена е и донација на посебен софтвер кој ќе се користи за детекција и рано предупредување од радиолошки, хемиски, биолошки и нуклеарни опасности.

Во рамките на Програмата на активности на ЦМЕП ЈИЕ (Цивилно- воено планирање во вонредни ситуации за земјите од Југоисточна Европа) Центарот за управување со кризи како претседавач на Советот на ЦМЕП ЈИЕ за 2011 година ќе работи на реализирање на активностите согласно работната програма, организирање на техничката работилница, регионална балканска работилница за ГИС и пленарен состанок на Советот на ЦМЕП ЈИЕ.

*Среднорочни приоритети*
Ќе се продолжи со усовршување на постоечката законска и подзаконска регулатива, а ќе се работи и на донесување на нови прописи од делот на заштитата и спасувањето.

Во овој период ќе продолжи јакнењето на административниот капацитет со набавка на опрема и спроведување обуки за потребите на тимовите за брз одговор, Републичките сили за заштита и спасување, а ќе се обезбеди и учество на претставници на Дирекцијата за заштита и спасување на меѓународни вежби, семинари и обуки.

## 3. 31. **НАДВОРЕШНА БЕЗБЕДНОСНА И ОДБРАНБЕНА ПОЛИТИКА**

### 3.31.1. **ЗБОП**

*Тековна состојба*

Правната рамка за учество на РМ во ЗБОП ја сочинуваат Законот за одбрана, Законот за полиција, Законот за упатување лица во меѓународни мисии и меѓународни организации, како и нивните подзаконски акти.

Институционалната рамка ја сочинуваат (1) Одделението за ЗНБП во рамките на Директоратот за Европска унија во Министерството за надворешни работи, екипирано со 4 извршители и раководител (2) Одделението за ЗБОП во Министерството за одбрана, екипирано со 2 извршители и раководител и (3) Одделението за планирање имплементација и обука за НАТО активности во склоп на Секторот за соработка со НАТО и класифицирани информации во Министерството за внатрешни работи, екипирано со 3 извршители и раководител.

Формирана е Меѓуресорска комисија за спроведување на политиката за упатување лица од РМ во меѓународни мисии и меѓународни организации.
Република Македонија продолжи со свој придонес кон воената мисија на ЕУ во БиХ Алтеа. Во моментов придонесува со медицински тим за ROLE 1 медицинска поддршка на кампот во Бутмир, едно лице помошник правен советник во Командата на ЕУФОР, и еден подофицер за превентивна медицина во Командата на ЕУФОР, со вкупно учество на 12 лица.

Во рамките на веќе декларираниот придонес кон воените капацитети на ЕУ и искажаниот интерес за вклучување во Концептот на ЕУ за Борбени групи, Република Македонија се вклучи во ЕУ БГ II/2012, во која учествуваат Германија, Австрија, Чешка, Ирска и Хрватска. Република Македонија декларираше сили и капацитети од максимален број до 150 лица. Писмото на Намери за ЕУ БГ II/2012 е потпишано од страна на сите земји-учеснички, а претстои потпишување на Меморандумот за разбирање.
Република Македонија учествува во Програмата за обука за ЗБОП наменета за земјите од Процесот за стабилизација и асоцијација, која од 2010 година се одржува под капата на Колеџот за европска безбедност и одбрана. Република Македонија се кандидираше да биде домаќин на една активност (конференција/семинар) од Програмата за обука за ЗБОП во 2011, во организација на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации.

Во однос на подготовките за учество во меѓународни цивилни мисии, Министерството за внатрешни работи иницираше активности за создавање на капацитети и способности на полициските службеници за идно учество во мисии предводени од ЕУ, ОН и НАТО.

**Политички дијалог**

Република Македонија редовно учествува на состаноците за политички дијалог на ВП за надворешни работи и безбедносна политика со министрите за одбрана на европските НАТО членки кои не се членки на ЕУ и земјите кандидати за членство, како и на ниво на министри за надворешни работи и на состаноците на Воениот комитет на ЕУ, во формат ВК на ЕУ+6.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Донесување Одлука за учество на РМ во ЕУ БГ II/2012 и Одлука за учество на вежбата „European Endeavour 2012“, во првиот квартал на 2011 година.
Потпишување на Меморандумот за разбирање за учество во ЕУ БГ II/2012 во првата половина од 2011 година.
Подготовка на анализа за потребата од донесување на подзаконски акт за упатување полициски службеници во меѓународни мисии.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Се планира кадровско доекипирање на Одделението за ЗБОП во Министерството за одбрана.
Република Македонија ќе го продолжи сегашниот придонес во операцијата на ЕУ во БиХ, Алтеа и во 2011 година.
Ќе се продолжи со активностите за планирање и подготовка на декларираните сили на Република Македонија за учество во ЕУ БГ II/2012.
Учество на Прва планирачка конференција за активности од областа на обуката на декларираните сили во ЕУ БГ II/2012 со цел нивно подобро интегрирање во Core BG, која ќе се одржи од 11-14 јануари 2011 во Сигмаринген, Германија.

Иницирање на билатерална соработка со повеќе земји за користење на искуството за подготовки за учество на полициски службеници во меѓународни мисии, вклучително и склучување на билатерални договори и меморандуми за разбирање за таа цел.
Република Македонија ќе продолжи да учествува во новиот циклус на Програмата за обука за ЗБОП наменета за земјите од ПСА во 2011 година и ќе биде домаќин на една активност од Програмата којашто ќе ја организира Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации.
Ќе бидат преземени активности за обезбедување на учество во програмите за обука на Генералниот секретаријат на Советот на ЕУ наменети за ЗБОП.
Ќе се продолжи со обуките на полициски персонал со цел зајакнување на капацитетите за учество во мировни мисии.

*Среднорочни приоритети*
Република Македонија ќе го продолжи сегашниот придонес во операцијата на ЕУ во БиХ, Алтеа и во наредните години.
Континуирано планирање и подготовка на декларираните сили на Република Македонија за учество во ЕУ БГ II/2012.
Сертифицирање на декларираните сили кои ја сочинуваат ЕУ БГ II/2012, кое ќе се изврши преку учество на интернационалната командно-штабна вежба „European Endeavour 2012" (Вилдфлекен, Германија, од 29.05.2012 до 08.06.2012).
Иницирање на билатерална соработка со повеќе земји за користење на искуството за подготовки за учество на полициски службеници во меѓународни мисии, вклучително и склучување на билатерални договори и меморандуми за разбирање за таа цел.
Ќе бидат преземени активности за обезбедување на учество на претставници од Република Македонија во програмите за обука од областа на ЗБОП.

### 3.31.2 **ЗНБП**

*Тековна состојба*
Правната рамка, којашто ја сочинуваат Уставот на Република Македонија, Законот за организација и работа на органите на државната управа, Законот за надворешни работи, Законот за одбрана, Закон за класифицирани информации, Законот за меѓународни рестриктивни мерки, Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема.

Република Македонија се придружи кон Заедничката позиција на Советот на Европската унија бр. 2008/944/CFSP од 8.12.2008 за дефинирање на заедничките правила за контрола на извозот на воена технологија и опрема.
Усвоени се измените и дополнувањата на Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема (Службен весник на РМ, бр.145/2010), кој има за цел подобар опфат на посредувањето, транзитот, offset програмите и нематеријалните трансфери. Со тоа се овозможува, меѓу другото, и подобра примена на Заедничката позиција на Советот 2003/468/CFSP од 23.06.2003 за контрола на посредувањето во трговијата со оружје, кон којашто Република Македонија унилатерално се придружи во 2005 година.

Република Македонија склучи билатерални спогодби за размена и заштита на класифицирани информации со Словенија, Полска и Франција (досега има склучено вакви спогодби со ЕУ, НАТО, Хрватска, Естонија, Бугарија, Украина, Албанија, Чешка и Словачка).

Институционалната рамка ја сочинуваат Одделението за ЗНБП во рамките на Директоратот за Европска унија во Министерството за надворешни работи, екипирано со 4 извршители и Раководител и Одделението за контрола на оружјето во рамките на Директоратот за политичко-безбедносна соработка и мултилатерални односи во Министерството за надворешни работи, екипирано со 2 извршители.
Важен сегмент во институционалната рамка се Мисијата на Република Македонија при Европската Унија во Брисел, каде што еден дипломат е задолжен за тековно следење на ЗНБП, како и постојаните мисии на Република Македонија во Виена, Женева, Стразбур и Њујорк, кои се вклучени во процесот на придружување кон заеднички позиции, изјави и декларации на Европската унија.

Во Министерството за надворешни работи и во Мисијата на Република Македонија при ЕЗ во Брисел, инсталираната Асоцијативна комуникациска мрежа за размена на класифицирани информации по електронски пат (ACN) до степен "интерно" меѓу Република Македонија и ЕУ, продолжува да функционира без потешкотии.
Продолжуваат активностите за воспоставување на регистри и подрегистри за класифицирани информации во министерствата и другите институции на државата. Воедно се преземаат активности и за формирање на подрегистри во сите организациони единици коишто се под Бирото за јавна безбедност при МВР низ Република Македонија.

**Политички дијалог**

Република Македонија продолжи да одржува редовен политички дијалог со ЕУ на билатерална основа и во мултилатерални рамки. Продолжува придружувањето кон заедничките позиции, декларации и изјави на ЕУ, било врз основа на добиена покана од ЕУ, било унилатерално. Заедничките позиции и списокот на декларации и изјави на ЕУ кон кои се придружила Република Македонија се објавуваат во Службен весник на Република Македонија.
Во 2010 година продолжи праксата на учество на Република Македонија во редовните консултации на ЕУ со земјите-кандидати за актуелни прашања од агендата на Обединетите нации.

**Соработка со меѓународни организации**
Република Македонија е членка на ОН, ОБСЕ, Советот на Европа и други меѓународни организации и е активен учесник во регионалните иницијативи. Република Македонија претседаваше со Комитетот на министри на Советот на Европа во периодот мај-ноември 2010 година.

**Контрола на оружјето** (**непролиферација на оружје за масовно уништување**; **извоз на конвенционално оружје**; **мало и лесно оружје**; **производи и технологии со двојна намена**)
Република Македонија продолжи со праксата за подготовка на редовни национални извештаи во однос на Кодексот на ЕУ за однесување при извоз на оружје, како и за спроведување на Акциониот план на ОН за спречување, борба и искоренување на недозволената трговија на мало и лесно оружје во сите негови аспекти.
За планирање, следење и анализирање на состојбата со контрола на мало и лесно оружје и координирање на активностите на надлежните институции, формираната Национална комисија за мало и лесно оружје, продолжува со извршување на своите активности (повеќе информации во врска со малото и лесно оружје има во Поглавјето 24).
Во 2010 година Република Македонија отпочна активности за членство во Аранжманот Васенар. Исто така, во собраниска процедура се измените и дополните на Законот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба согласно на Регулативата на Советот на ЕУ бр. 428/2009 од 05 мај 2009 година за унапредување на заедничкиот режим за контрола на извозот, трансферот, брокерингот и транзитот на стоките со двојна употреба.

**Инструменти за спроведување на ЗНБП** (**спроведување санкции и рестриктивни мерки**)
Република Македонија редовно се придружува кон заедничките позиции на Европската унија, со кои се воведуваат рестриктивни мерки и санкции против држави, ентитети и лица. По донесувањето на одлуката на владата, спроведувањето на рестриктивните мерки се реализира од страна на надлежните министерства и институции, согласно нивните надлежности, а врз основа на Законот за меѓународни рестриктивни мерки.
Беше формирана меѓуресорска работна група за подготовка на измени и дополнувања на Законот за меѓународни рестриктивни мерки, со цел обезбедување брзо, ефективно и ефикасно спроведување на рестриктивните мерки. Новиот нацрт-текст на закон за меѓународни рестриктивни мерки беше ставен во владина процедура на крајот на 2010 година.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**
РепубликаМакедонија ќе продолжи да придонесува за унапредување на билатералниот политички дијалог со ЕУ и да биде активен учесник во мултилатералниот политички дијалог со ЕУ. Во 2011 година таа ќе продолжи со придружување/ прифаќање на правните акти на ЕУ во доменот на ЗНБП.

Донесувањето на новиот закон за меѓународни рестриктивни мерки е предвидено во првата половина на 2011 година.
РепубликаМакедонија ќе продолжи со својот активен ангажман во меѓународните организации (ОН, ОБСЕ, Советот на Европа и др.), како најефикасен начин за заштита на светскиот мир и безбедност од глобалните закани на денешнината - тероризмот, пролиферацијата на оружје за масовно уништување, организираниот криминал, загадувањето на човековата околина, како и справувањето со економските и социјални проблеми и непочитување на човековите права.
Во 2011 година ќе продолжат и активностите за склучување на билатерални спогодби за размена и заемна заштита на класифицирани информации со земји-членки на Европската унија.
Во 2011 година Република Македонија ќе продолжи со активностите за членство во Аранжманот Васенар и ќе започне со подготовки за членство во Австралиската група.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Воведување на електронското деловодство во регистрите и во подрегистрите на ДБКИ основани од други државни органи.
ДБКИ ќе продолжи со обука на лицата кои работат со класифицирани информации, вклучително и преку соработка со земји-членки на ЕУ.
Во 2011 година ќе продолжат активностите за обука на извршителите од Одделението за Заедничка надворешна и безбедносна политика и од Одделението за контрола на оружјето во Министерството за надворешни работи .
Со цел зајакнување на капацитетите за примена на меѓународните рестриктивни мерки, предвидено е во првата половина на 2011 година да се одржи TAIEX регионален семинар во Република Македонија, наменет за министерствата,

институциите и органите на државната управа кои се задолежени за нивна имплементација согласно Законот за меѓународни рестриктивни мерки.

*Среднорочни приоритети*

Република Македонија ќе започне со подготовки за членство во Групата на нуклеарни снабдувачи (Nuclear Suppliers Group).

Продолжување со напорите за изнаоѓање решение за укажувањата на ЕУ за потребата од усогласување на Билатералниот договор со САД за предавање лица на Меѓународниот кривичен суд со Водечките принципи на ЕУ

Ќе се спроведува континуирана обука за Заедничката надворешна и безбедносна политика.на извршителите во министерствата и институциите вклучени во имплементацијата на оваа политика на ЕУ.

Континуирана едукација на корисниците на класифицирани информации во државните и приватните институции.

Продолжување на активностите за издавање безбедносни сертификати на правни лица, како и за подигнување на степенот на класификација на заштитната врска меѓу ДБКИ и регистрите во мисиите на РМ при НАТО и ЕЗ во Брисел и во Командата на НАТО во Монс до степен строго доверливо.

## 3.32 **ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА**

*Тековна состојба*

Во економскиот дел на Програма за работа на Владата на Република Македонија за периодот од 2006 до 2010 година, меѓу другото се утврдени следните цели: подобрување на квалитетот на јавните институции за спроведување на реформите, зголемување на транспарентноста на работењето на Владата, решителна борба против корупцијата и воведување на СИСТЕМ НА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА во администрацијата по урнек на мултинационалните компании, приспособени за државната администрација.

Воведување на ваквиот систем на внатрешна контрола е согласно и со барањата на acquis по однос на финансиската контрола што подразбира изградба на модерни системи за внатрешна контрола во јавниот сектор, кој што води кон доследна комбинација на менаџерска одговорност и функционално независната внатрешна ревизија. Менаџерската одговорност претставува делегирање во насока на исполнување на целите, а не само во ефикасно трошење на финансиски средства.

Овој систем треба да обезбеди мерки за ефикасно, ефективно и одговорно управување со јавните финансии, како и ефективно и транспарентно извршување на јавните услуги.

Процесот на зајакнување на финансиската контрола во Република Македонија е отпочнат и се спроведува преку развој и примена на принципите на децентрализирана одговорност на раководството и воспоставување функционално независна внатрешна ревизија, односно развој на сите три компоненти на јавна внатрешна финансиска контрола: финансиско управување и контрола, внатрешната ревизија и нивното хармонизирање. Целта на овој процес е изградба на систем кој ќе гарантира разумно користење на јавните средства како и спречување на неправилности, сомнежи за измами и корупција.

### 3.32.1 **ЈАВНА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА И НАДВОРЕШНА РЕВИЗИЈА**

*Тековна состојба*

Правната рамка која го уредува системот на јавна внатрешна финансиска контрола и надворешната ревизија во Република Македонија е следната:

- Закон за јавна внатрешна финансиска контрола (“Службен весник на РМ”, бр. 90/09);
- Правилникот за основните елементи на финансискиот менаџмент и контрола и стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор („Службен весник на РМ”, бр. 130/07);
- Правилник за формата, содржината и начинот за доставување на изјавата за квалитетот и состојбата на внатрешните контроли („Службен весник на РМ”, бр. 8/08)
- Правилник за начинот за давање на овластувања, („Службен весник на РМ”, бр. 147/10)
- Правилник за начинот на спроведување на општите финансиски процеси („Службен весник на РМ”, бр. 147/10)
- Правилник за начинот на извршување на работите од надлежност на единицата за финансиски прашања, („Службен весник на РМ”, бр. 147/10)
- Стандарди за внатрешна контрола во јавниот сектор („Службен весник на РМ”, бр. 147/10) и
- Правилник за формата и содржината на извештаите и изјавата за квалитетот и состојбата на внатрешните контроли. („Службен весник на РМ”, бр. 147/10)
- Правилник за начинот на извршување на внатрешната ревизија и начинот на известување за ревизијата; („Службен весник на РМ”, бр. 136/10)
- Меѓународни стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија; („Службен весник на РМ”, бр. 136/10)
- Правилник за етичкиот кодекс на внатрешните ревизори; („Службен весник на РМ”, бр. 136/10)
- Правилник за повелба за внатрешна ревизија(„Службен весник на РМ”, бр. 136/10); и
- Правилник за програмата и начинот на полагање на испитот за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор(„Службен весник на РМ”, бр. 136/10)
- Прирачник за внатрешна ревизија објавен на интернет страницата на Министерството за финансии;
- Закон за државната ревизија (“Службен весник на РМ” бр. 66/2010 и 145/2010)
- Закон за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА) (“Службен весник на РМ” бр.66/2010)
- Програма за полагање на испитот за стекнување на звањето овластен државен ревизор објавена на WEB страната на Државниот завод за ревизија;
- Кодекс на етика на INTOSAI - објавен на WEB страната на Државниот завод за ревизија;
- Меморандум за меѓусебна соработка меѓу ДЗР и МФ во областа на системот на финансиско управување и контрола, внатрешната ревизија во јавниот сектор и државната ревизија, 2006

- Меморандум за соработка помеѓу ДЗР и IPA Ревизорското тело, август 2007;
- Протокол за соработка за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси помеѓу 11 надлежни институции во РМ, декември 2007 година.

*Краткорочни приоритети*
Министерството за финансии во 2011 година ќе изготви Стратегија за развој на јавната внатрешна финансиска контрола за 2011 и 2013 година, која ќе биде донесена до крајот на март 2011 година од Владата на Република Македонија.

До крајот на март 2011 година ќе биде донесен и Законот за финансиска инспекција во јавниот сектор. Со Законот за финансиска инспекција во јавниот сектор ќе бидат уредени целите, задачите, принципите и активностите на финансиската инспекција во јавниот сектор, како и статусот и функциите на Управата за финансиска инспекција во јавниот сектор.

## ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА

*Тековна состојба*
Правна рамка за системот на финансиско управување и контрола е седна:
Законот за јавна внатрешна финансиска контрола ("Службен весник на РМ", бр. 90/09),

- Правилникот за основните елементи на финансискиот менаџмент и контрола и стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор („Службен весник на РМ", бр. 130/07) кој ќе важи до 31.12.2011 година;
- Правилник за формата, содржината и начинот за доставување на изјавата за квалитетот и состојбата на внатрешните контроли („Службен весник на РМ", бр. 8/08) кој ќе важи до 31.12.2011 година;
- Правилникот за начинот за давање на овластувања, („Службен весник на РМ", бр. 147/10) кој ќе отпочне да се применува од 1.01.2012 година;
- Правилникот за начинот на спроведување на општите финансиски процеси („Службен весник на РМ", бр. 147/10) кој ќе отпочне да се применува од 1.01.2012 година;
- Правилникот за начинот на извршување на работите од надлежност на единицата за финансиски прашања, („Службен весник на РМ", бр. 147/10) кој ќе отпочне да се применува од 1.01.2012 година;
- Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор („Службен весник на РМ", бр. 147/10) и
- Правилникот за формата и содржината на извештаите и изјавата за квалитетот и состојбата на внатрешните контроли. („Службен весник на РМ", бр. 147/10) кој ќе отпочне да се применува од 1.01.2012 година. и
- Прирачникот за финансиско управување и контрола

Функционирањето на овој систем е регулирано и со други закони и подзаконски акти, меѓу кои позначајни се: Законот за буџети, Законот за извршување на буџетите, Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, регулативата за трезорското работење и друго.

Со влегувањето во сила на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола ("Службен весник на Република Македонија" бр.90/09) на 31 јули 2009 година отпочна процесот на воспоставување на единици за финансиски прашања одговорни за финансиското управување и контрола кај субјектите: буџетски корисници од областа на законодавната, извршната и судската власт (централна власт), фондовите, општините и градот Скопје.

Воспоставување, имплементација и развој на стабилно финансиско управување и контрола во субјектот заради ефикасно, ефективно и економично користење на расположливите средства, е одговорност на раководителот на субјектот. Од вкупно 71 институција од извршната, законодавната и судската власт прва линија буџетски корисници, 28 институции ја завршија постапката за основање посебна организациона единица за финансиски прашања (39,4%), 18 институции имаат доставено известување дека е започната постапката за промена на актите за организација и систематизација за основање на посебна организациона единица за финансиски прашања, а во 14 институции се назначени раководители на единици за финансиски прашања (19,7%).

Обврската за назначување лице задолжено за неправилности ја исполниле 51 институција од 71 институција на централно ниво (71,8%).

Од вкупно 85 единици на локална самоуправа вклучително и Градот Скопје, 13 институции ја завршија постапката за основање посебна организациона единица за финансиски прашања (15,2%). Известување дека е започната постапката за измена на актите за организација и систематизација заради основање на посебна организациона единица за финансиски прашања, имаат доставено 28 единици на локална самоуправа. Раководители на единиците за финансиски прашања се назначени во 8 единици на локална самоуправа (9,4%).
Обврската за назначување лице задолжено за неправилности ја исполниле 48 единици на локална самоуправа (56,4%).

Во втората половина на 2009 година започна реализацијата на новиот МАТРА проект„Зајакнување и имплементација на јавната внатрешна финансиска контрола на централно ниво", финансиран од Кралството Холандија. МАТРА проектот е планирано да заврши до крајот на 2010 година, односно до отпочнувањето на новиот проект финансиран од ИПА 2008.Во рамки на МАТРА проектот во 2010 година беа спроведени следните активности:

- Еднодневна обука „Презентирање на системот за финансиско управување и контрола и негова имплементација " одржана од 11.01. до 15.01..2010. На обуката учествуваа вработени од единиците за финансиски прашања во 25-те пилот институции од централно ниво и Централната единица за хармонизација;
- Еднодневна обука за изготвување на Годишен извештај за квалитетот и состојбата на внатрешните контроли за 2009 година одржана од 13 до 14 април 2010 година и
- Еднодневна обука „Креирање на процеси и изготвување на интерни акти " одржана од 14 до 17 септември 2010 година. На обуката учествуваа 125 лица од единиците за финансиски прашања во 25-те пилот институции од централно ниво и Централната единица за хармонизација
- Еднодневна обука „Креирање на процеси и изготвување на интерни акти – втор дел" одржана од 29 ноември до 2 декември 2010 година. На обуката учествуваа 125 лица од единиците за финансиски прашања во 25-те пилот институции од централно ниво и Централната единица за хармонизација

Хармонизацијата на финансиското управување и контрола ја спроведува Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола преку Одделението за хармонизација на финансиското управување и контрола кое е кадровски екипирано со 4 извршители.

*Краткорочни приоритети*

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Зајакнување на институционалните капацитети во Министерството за финансии ќе биде спроведено со основање и отпочнување со работа на *Комитетот за финансиско управување и контрола* како советодавно тело на министерот за финансии Комитетот за финансиско управување и контрола до јуни 2011 година ќе донесе Деловник за работа.

Во 2011 година во рамки на Твининг проектот ќе бидат зајакнати капацитетите на Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола преку спроведување на обуки за вработените.

Зајакнување на институционалните капацитети за финансиско управување и контрола во субјектите од јавниот сектор

Во 2011 година ќе продолжи реализацијата на Акциониот план за вработување на 138 лица во единиците за финансиски прашања на централно ниво. Во 2011 година во прв приоритет ќе бидат основани единици за финансиски прашања и назначени раководители на истите во сите министерства, фондови и директни буџетски корисници чиј буџет надминува 1 милијарда денари. Тоа значи дека во 6 министерства[78], 3 фонда[79], Службата за општи заеднички работи, Управата за јавни приходи, Судскиот совет и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ќе се основаат и назначат раководители на единици за финансиски прашања. Исто така, во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за информатичко општество ќе бидат назначени раководители на единиците за финансиски прашања.

**Странска помош**

Зајакнувањето на капацитетите за имплементацијата на системот за финансиско управување и контрола на централно ниво ќе се реализира со имплементацијата на Твининг проектот „ Поддршка на процесот на фискална децентрализација преку зајакнување на капацитетите за стабилно финансиско управување и внатрешна финансиска контрола на локално и централно ниво" кој ќе започне во почетокот на 2011 година и ќе трае до крајот на 2012 година, и истиот е финансиран од ЕУ во рамки на IPA 2008.

Во рамки на овој проект ќе бидат спроведени обуки за финансиско управување и контрола за раководството и вработените во 25 субјекти на централно ниво[80] и во 40 единици на локална самоуправа.[81]

---

[78] Министерство за внатрешни работи, Министерство за финансии, Министерство за образование и наука, Министерство за здравство, Министерство за економија и Министерство за локална самоуправа.

[79] Фонд за здравство, Агенција за државни патишта и Агенција за вработување на Република Македонија.

[80] Државен завод за индустриска сопственост, Дирекција за заштита на личните податоци, Центар за управување со кризи , Агенција за стоковни резерви, Државен правобранител,Управа за хидрометеоролошки работи,Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството, Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Претседател на Република Македонија, Агенцијата за разузнавање, Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната изборна комисија, Секретаријат за европски прашања, Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, Управа за извршување на санкции, Управа за финансиска полиција, Агенцијата за странски инвестиции, Агенција за цивилно воздухопловство, Биро за развој на образованието, Националната агенција за европски образовни програма и мобилност, Агенција за млади и спорт, Агенција за иселеништво, Државниот архив на Република Македонија, Бирото за регионален развој и Народниот правобранител на Република Македонија

*Среднорочни приоритети*

Во 2012 година ќе бидат преземени мерки за зајакнување на капацитетите во институциите од централна власт во кои не се формирани единици за финансиски прашања и назначени раковоители.
Во почеток на 2012 година ќе продолжи реализацијата на Твининг проект „ Поддршка на процесот на фискална децентрализација преку зајакнување на капацитетите за стабилно финансиско управување и внатрешна финансиска контрола на локално и централно ниво“

### 1.2 **ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА**

*Тековна состојба*

Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен Весник на Република Македонија“ бр.90/09), Правилникот за начинот на извршување на внатрешната ревизија и начинот за известување за ревизијата („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 136/2010), Правилникот за Програмата и начинот на полагање на испитот за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 136/2010), Правилникот за Повелбата за внатрешна ревизија („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 136/2010), Правилникот за Етичкиот Кодекс на внатрешните ревизори („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 136/2010) и Меѓународните стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија ( IIA) („Службен Весник на Република Македонија“ бр.136/2010 ) и Прирачникот за внатрешна ревизија објавен на интернет страницата на Министерството за финансии претставуваат правна рамка за извршување на внатрешната ревизија.

Функцијата на внатрешната ревизија во јавниот сектор во Република Македонија ја извршуваат единици за внатрешна ревизија основани во субјектите од јавниот сектор на централно и локално ниво, а хармонизацијата на внатрешната ревизија ја спроведува Одделението за хармонизација на внатрешната ревизија во рамките на Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола. Одделението за хармонизација на внатрешната ревизија е кадровски екипирано со 5 вработени (1 соработник и 4 помлади соработници). Одделението за хармонизација на внатрешната ревизија нема раководител.

Кај субјектите од јавниот сектор основани се вкупно 113 единици за внатрешна ревизија од кои 64 единици кај субјектите на централно ниво и 49 единици кај субјектите на локално ниво.
Единици за внатрешна ревизија се воспоставени во сите министерства и фондови, а 9 институции на централно ниво имаат склучено договор за вршење на внатрешна ревизија од единица за внатрешна ревизија од друг субјект.
Функцијата на внатрешна ревизија во Република Македонија ја извршуваат 153 внатрешни ревизори, од кои 110 се на централно ниво и 43 на локално ниво.

Во втората половина на 2009 година започна реализацијата на новиот МАТРА проект за зајакнување и имплементација на јавната внатрешна финансиска контрола на централно ниво, финансиран од Кралството Холандија. МАТРА проектот е планирано да заврши до крајот на 2010 година, односно до отпочнувањето на новиот проект финансиран од ИПА 2008.Во рамки на МАТРА проектот во 2010 година беа спроведени следните активности:

- Четиридневна обука за обучувачи на која учество зедоа 22 внатрешни ревизори,
- Дводневни обуки за комуникациски вештини на која учество зедоа 73 учесници (внатрешни ревизори и вработени на Централната единица за хармонизација),
- Дводневни обуки за вештини за известување на која учество зедоа 66 учесници (внатрешни ревизори и вработени на Централната единица за хармонизација) и
- Петдневни обуки за системски базирана ревизија (почетна обука за внатрешна ревизија) за 53 учесници (внатрешни ревизори и вработени на Централната единица за хармонизација).

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во првата половина на 2011 година во рамки на IPA 2008 ќе започне со реализација Твининг проект „ Поддршка на процесот на фискална децентрализација преку зајакнување на капацитетите за стабилно финансиско управување и внатрешна финансиска контрола на локално и централно ниво“, финансиран од ЕУ. Во рамки на овој проект ќе биде обезбедена помош од холандски експерти за обука на внатрешните ревизори на централно и локално ниво.

---

[81]Битола,Боговиње,Валандово,Велес,Виница,Гевгелија,Гостивар,Дебар,Делчево,Илинден,Јегуновце,Кавадарци,Кичево,Кочани,Кратово,КриваПаланка,Куманово,Липково,Македонски,Брод,Неготино,Охрид,Прилеп,Радовиш,Ресен,СветиНиколе,Струга,Струмица,Теарце,Тетово,Штип,Аеродром,Бутел,Гази Баба,ЃорчеПетров,Карпош,Кисела Вода,Сарај,Центар, Чаир,Град Скопје).

Во 2011 година во рамки на Твининг проектот ќе бидат зајакнати капацитетите на Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола преку спроведување на обуки за вработените.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Зајакнување на институционалните капацитети во Министерството за финансии ќе биде спроведено со основање и отпочнување со работа на Ревизорскиот комитет како советодавно тело на министерот за финансии. Ревизорскиот Комитет до јуни 2011 година ќе донесе Деловник за работа.

Процесот на основање на единици за внатрешна ревизија кај субјектите од јавниот сектор и нивно екипирање, како и склучување на договори за вршење на внатрешна ревизија ќе продолжи и во 2011 година. Во 2011 година ќе продолжи реализацијата на Акциониот план за вработување на 113 внатрешни ревизори кај субјектите на централно ниво.

Во рамки на Твининг проект за зајакнување на јавната внатрешна финансиска контрола на централно и локално ниво финансиран од ЕУ, во 2011 година, за ревизорите на централно ниво ќе се спроведе напредна обука за внатрешна ревизија, обука за ревизорски вештини и ќе бидат извршени 8 пилот ревизии, а на локално ниво ќе биде спроведена почетна обука за внатрешна ревизија, напредна обука за внатрешна ревизија и обука за подигање на свесноста на високото раководство за внатрешна ревизија.

**Странска помош**

Зајакнувањето на капацитетите за имплементацијата на внатрешната ревизија на централно ниво и локално ниво ќе се реализира со имплементацијата на Твининг проектот „ Поддршка на процесот на фискална децентрализација преку зајакнување на капацитетите за стабилно финансиско управување и внатрешна финансиска контрола на локално и централно ниво“ кој ќе започне во почетокот на 2011 година и ќе трае до крајот на 2012 година и истиот е финансиран од ЕУ во рамки на IPA 2008.

Во рамки на овој проект ќе бидат спроведени обуки за внатрешна ревизија во 25 субјекти на централно ниво[82] и во 40 единици на локална самоуправа.[83]

*Среднорочни приоритети*

Зајакнувањето на внатрешна ревизија во јавниот сектор во Република Македонија во 2012 и 2013 година ќе продолжи и понатаму со екипирање на единиците за внатрешна ревизија.

Во 2012 година, во рамки на Твининг проектот во рамки на IPA 2008, за ревизорите на централно и локално ниво ќе бидат спроведени почетни обуки за внатрешна ревизија, напредни обуки за внатрешна ревизија, обуки за ревизорски вештини, а исто така ќе бидат спроведени и ревизии чија што подготовка и извршување ќе биде во соработка со холандски експерти.

## 1.3 **ДРЖАВНА** (**НАДВОРЕШНА**) **РЕВИЗИЈА**

Државниот завод за ревизија (ДЗР) е врховна ревизорска институција (ВРИ), основана со Законот за државната ревизија донесен во 1997 година, со цел да се обезбеди законско, наменско, економично, ефикасно и ефективно користење на јавните средства. ДЗР спроведува ревизии и изготвува извештаи кои ги објавува на WEB страната, а до Собранието на Република Македонија поднесува годишен извештај за работењето и извршените ревизии.

Работата на Државниот завод за ревизија е регулирана со Законот за државната ревизија кој е во согласност со принципите на Лима Декларацијата и Мексико Декларацијата за независност на врховните ревизорски институции.

Врз основа на активностите на твининг проектот со Холандскиот суд за ревизија и направената оценка (peer review) за работењето од страна на Германската ВРИ, во Државниот завод за ревизија продолжија активностите за подобрување на оперативната и финансиската независност и обезбедување квалитет во работењето.

[82] Државен завод за индустриска сопственост, Дирекција за заштита на личните податоци, Центар за управување со кризи , Агенција за стоковни резерви, Државен правобранител,Управа за хидрометеоролошки работи,Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството, Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Претседател на Република Македонија, Агенцијата за разузнавање, Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната изборна комисија, Секретаријат за европски прашања, Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, Управа за извршување на санкции, Управа за финансиска полиција, Агенцијата за странски инвестиции, Агенција за цивилно воздухопловство, Биро за развој на образованието, Националната агенција за европски образовни програма и мобилност, Агенција за млади и спорт, Агенција за иселеништво, Државниот архив на Република Македонија, Бирото за регионален развој и Народниот правобранител на Република Македонија

[83]Битола,Боговиње,Валандово,Велес,Виница,Гевгелија,Гостивар,Дебар,Делчево,Илинден,Јегуновце,Кавадарци,Кичево,Кочани,Кратово,КриваПаланка,Куманово,Липково,МакедонскиБрод,Неготино,Охрид,Прилеп,Радовиш,Ресен,СветиНиколе,Струга,Струмица,Теарце,Тетово,Штип,Аеродром,Бутел,Гази Баба,ЃорчеПетров,Карпош,Кисела Вода,Сарај,Центар, Чаир,Град Скопје).

*Тековна состојба*

Во мај 2010 година беше донесен новиот Закон за државната ревизија со кој се обезбеди јакнење на оперативните капацитети и функционалната и финансиската независност на ДЗР согласно препораките на ЛИМА Декларацијата, Декларацијата од Мексико за независност, Прашката декларација и добрите практики на земјите членки на ЕУ и Европската комисија. Со овој закон се регулира само работењето на државната ревизија. Работењето на Ревизорското тело е регулирано со посебен закон. Новиот Закон за државната ревизија обезбедува соодветен професионален развој на државните ревизори и поефикасно следење на спроведувањето на препораките во ревизорските извештаи.
Изработен е нов Правилник за систематизација и организација на ДЗР поради усогласување со Законот за државни службеници и новиот закон за државната ревизија и истиот е доставен во АДС на одобрување.

Во февруари 2010, на Седница на Влада на Република Македонија во присуство на претставници на ДЗР беа разгледувани утврдените состојби со ревизиите во 2009 кај субјектите предмет на ревизија, на која беа донесени заклучоци и утврдени рокови за постапување по препораките на ДЗР.

Во март 2010 се спроведе првиот испит за стекнување на звањето овластен ревизор, кој го положија 25 ревизори.

Во декември 2008 заврши со реализација тригодишниот Твининг проектот за развој на ДЗР со Холандскиот суд за ревизија кој ги даде очекуваните резултати. Соработката со Холандскиот суд за ревизија што продолжи и во периодот 2009-2010 преку Министерството за надворешни работи на Холандија (програма МАТRА) завршува во декември 2010 година. Програмата е насочена кон подобрување на организацијата и административниот капацитет на ДЗР, како и на зајакнување на ревизорските вештини, IT ревизијата и комуникацијата со надлежните страни.

ДЗР и Собранието на Република Македонија определија лица за контакт за зајакнување на меѓусебната соработка. Со цел подобрување на соработката на ДЗР со Собранието во јуни 2010 се организира работилница на која во рамките на активностите на ДЗР со МАТРА проектот за подобрување на соработката со Собранието, беа вклучени и пратеници од Комисијата за финансирање и буџет со цел подобро разбирање на ревизорските извештаи и дефинирање на идните активности за соработка.

Заради користење на добрите практики на ЕУ, Државниот завод за ревизија во 2010 година учествуваше во две координирани паралелни ревизии на успешност на ЕУРОСАИ и ИНТОСАИ/ИДИ на програмите за зголемување на вработеноста на лицата со посебни потреби во јавниот сектор и на управувањето со јавниот долг, заедно со други Врховните ревизорски институции (ВРИ) од Европа и Африка. По спроведените ревизии и изготвени национални извештаи, во 2011 ќе бидат изготвени заеднички конечни извештаи во кои ќе бидат презентирани искуствата на учесниците, поуките и ефектот од заедничката активност.

Во 2010 година усвоени се следните акти и методолошки упатства:

- Стратегијата за развој на ДЗР за периодот 2010 – 2014, која содржи: Стратегијата за управување со човечките ресурси на ДЗР, Стратегија за комуникација на ДЗР за релевантниот период и ИТ Стратегија;
- Детални методолошки упатства за спроведување ревизија од различни аспекти;
- Упатство за осигурување на квалитет на ревизиите;
- Упатство за следење на исполнувањето на препораките во конечните ревизорски извештаи;
- Усвоена е нова форма на Годишен извештај, кој ги дефинира состојбите по ревидирани области со препораки за нивно надминување. Рокот за негово доставување до Собранието на РМ, согласно новиот закон за државната ревизија е скратен на 30 јуни и
- Годишен план за професионална едукација на државните ревизори.

Исто така, во 2010 година реализирани се повеќе почетни и напредни обуки за вработените во ДЗР за регулатива по субјекти предмет на ревизија, за финансиска и ревизија на успешност, пишување ревизорски извештаи, функција и инструменти за обезбедување на квалитет на ревизиите, следење и исполнување на препораките, како и пилот ревизии за финансиска ревизија и ревизија на успешност во соработка со Холандскиот суд за ревизија.

Бројот на извршители во ДЗР во 2010 изнесува 92.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Заради постигнување на целосна независност на ДЗР, Министерството за финансии ќе изготви Предлог за пристапување за измени на Уставот на РМ, со цел дефинирање на ДЗР како уставна категорија.

Со цел успешно следење на реализацијата на препораките од ревизорските извештаи на ДЗР во 2010 година ќе биде потпишан Меморандум за соработка на ДЗР со посебно тело на Собранието на Република Македонија кое редовно ќе ги разгледува и дискутира сите позначајни ревизорски извештаи на ДЗР и ќе донесува соодветни заклучоци. Со ова ќе биде зголемена соработката со Собранието на Република Македонија и ќе се подобри спроведувањето на препораките од извештаите на ДЗР.

**ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ**

Јакнењето на институционалните капацитети на ДЗР во 2010 година ќе се обезбеди со 17 нови вработувања со што бројот на извршители во ДЗР ќе биде 109.

За јакнење на капацитетите на ДЗР во 2011 година ќе бидат донесени:

Нов Правилник за внатрешна организација и работа на ДЗР и Правилник за систематизација на работните места во ДЗР согласно новиот Закон за државната ревизија и Законот за државни службеници;

Воведување на функција и инструменти за обезбедување квалитет на ревизиите, согласно донесеното Упатството за обезбедување квалитет во вршењето ревизии;

Развивање на систем за следење на препораките и

Донесување насоки за воведување на систем за управување со процесот за ревизија (АМС) и систем за управување со документи (ДМС)

Во 2011 година ќе бидат спроведени повеќе обуки за различни аспекти на државната ревизија.

*Среднорочни приоритети*

**ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ**

Јакнењето на оперативните и функционалните капацитети на ДЗР во периодот 2011-2012 ќе се реализира преку:

- Зголемување на бројот на вработени за 23 извршители со што вкупниот број на извршители ќе биде 132;
- Имплементација на системот за управување со процесот на ревизија (Audit Management System) и на системот за управување со документи (Document Management System);
- Обуки за различни аспекти на државната ревизија;
- Унапредување на соработката со Собранието на Република Македонија.

## 3.32.2 **ЗАШТИТА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИНТЕРЕСИ НА ЕУ**

*Тековна состојба*

Заштитата на финансиските интереси на ЕУ е регулирана со:

- Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија “ бр.90/09).
- Рамковна Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Комисијата на Европските Заедници за правилата за соработка во врска со финансиската помош на ЕЗ за Република Македонија во рамките на спроведување на помошта според ИПА (Службен весник на Република Македонија “ бр.18/2008).
- Финансиска Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Комисијата на Европските Заедници во однос на третата компонента од ИПА - повеќегодишна програма за Регионален Развој
- Уредба за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите на децентрализирано управување со првите четири компоненти од ИПА (Службен весник на Република Македонија “ бр.132/2008, 119/2009).
- Уредба за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите на целосно децентрализирано управување со петтата компонента од ИПА ( Службен весник на Република Македонија“ бр. 144/2008, 123/2009).
- Прирачниците за внатрешни постапки на Националниот Координатор за Авторизација (НАО), Национален Фонд (НФ) и Секторот за централно финансирање и склучување на договори (CFCD) , ресорните министерства и институциите риснички
- Договорот за имплементација на ИПА проектите помеѓу НАО/НФ и CFCD,
- Оперативните Договори помеѓу CFCD и ресорните министерства
- Меморандумот за Соработка за заштита, откривање, известување и истрага на нерегуларности во врска со имплементација на ИПА помошта во Република Македонија потпишан помеѓу NAO и AFCOS
- Прирачник за внатрешни постапки на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој

- Договор помеѓу Националниот фонд и Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој за имплементација на проектите од ИПАРД според целосно децентрализираниот систем за управување

Со новиот Закон за јавна внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, регулирана е обврската за раководителите на субјектите од јавниот сектор да го спречуваат ризикот од неправилности и измами и да преземаат активности против неправилностите и измамите и да именуваат лице задолжено за неправилности кое ќе ги прима извештаите за неправилностите и измамите и самостојно ќе презема дејствија за спречување на неправилностите и измамите.
Внатрешните ревизори, лицата вклучени во финансиското управување и контрола и другите вработени имаат обврска за сомневањата за измами или за соодветните наоди за неправилности едновремено да ги известуваат раководителот на субјектот и лицето задолжено за неправилности.

На внатрешните ревизори, лицата вклучени во финансиското управување и контрола, како и другите вработени кои известуваат за било каква нерегуларност загарантирана им е заштитата на идентитетот и правата од работен однос согласно националното законодавство.

Во функција на заштита на финансиските интереси на Европските заедници, Министерството за финансии - Управата за финансиска полиција ги координира активностите за потребите на OLAF. Одделението за координација на спречување на измами во Управата за финансиска полиција (AFCOS) е национална контакт точка во Република Македонија чија улога е помагање и поддршка на OLAF[84] во спречување на измамите. Одделението за координација на спречување на измами (AFCOS) дејствува како координативно тело кое има за задача да разменува информации со службениците на OLAF во областа на спречување на измами, корупција и било какви други нелегални активности (неправилности). Во рамките на своите активности Одделението за координација на спречување на измами има оперативна независност, но истовремено развива координациски активности во одржување на меѓуинституционална соработка.

Во Одделението за координација на спречување на измами во Управата за финансиска полиција работат 3 вработени од кои еден раководител и двајца инспектори со искуство во државната управа во спречувањето на неправилности/измами, познавање на институциите и политиката на ЕУ.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**
Во првиот квартал од 2011 година Владата на Република Македонија ќе донесе Уредба за постапката за спречување на неправилности, начинот на меѓусебната соработка, формата и содржината, роковите и начинот за известување за неправилностите.
Одделението за координација на спречување на измами (AFCOS) ќе развива поддршка од тела и институции надвор од својата матична институција, кои директно или индиректно се вклучени во заштитата на финансиските интереси на ЕУ, а истовремено ќе предлага мерки законодавното и административното опкружување да ги зајакнуваат тие активности.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Заради потребата од специфични знаења во областа на „заштита на финансиските интереси на ЕУ" ќе бидат спроведени обуки за зајакнување на административните капацитети на вработените во Одделението за координација на спречување на неправилности и измами во Управата за финансиска полиција.

## РЕВИЗИЈА НА ИПА ФОНДОВИТЕ

*Тековна состојба*

Правната рамка за ревизија на ИПА фондовите во Република Македонија е регулирана со:

Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА) („Службен весник на Република Македонија "број 66/2010)

---

[84] OLAF е специјализирана управа на Европската Комисија задолжена за спречување на измами. Мисијата на OLAF е за заштита на интересите на ЕУ во смисла на спречување на измами, корупција и било какви други нелегални активности (неправилности), вклучувајќи и неправилности и измами внатре во Европската Комисија. Делувањето на OLAF има правна основа во членот 280 од Договорот за основање на Европската Заедница.

Рамковната Спогодба помеѓу Република Македонија и Европската Комисија за правилата за соработка во однос на финансиската помош на Европската Комисија за Република Македонија во рамките на спроведувањето на помошта според Инструментот за претпристапна помош (ИПА) („Службен весник на Република Македонија “број 18/08)

Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Комисијата на Европските заедници за правилата за соработка во однос на финансиската помош од ЕК на Република Македонија и спроведување на помошта според компонента V (IPARD) од Инструментот за претпристапна помош. („Службен весник на Република Македонија “број 165/08).

Согласно препораките на Европската Комисија за обезбедување на функционална независност на Ревизорското тело, во мај 2010 година донесен е посебен Закон за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА).

Со новиот закон е регулирана правната рамка за ревизија на ИПА, начинот на вршење на ревизијата, организацијата, надлежноста, овластувањата и одговорностите на Ревизорското тело како самостојно и независно правно лице кое е функционално независно од сите учесници во системите за управување и контрола со инструментот за претпристапна помош.

Ревизорското тело е надлежно за вршење ревизија на системот за имплементација, раководење и контрола во спроведувањето на претпристапната помош на Европската унија во Република Македонија при децентрализирано управување со и без ex-ante контрола од страна на Европската комисија.

Ревизорското тело до 30 септември секоја година донесува Годишен работен план за ревизија, кој опфаќа ревизии кои имаат за цел верификација на ефективното функционирање на системите за управување и контрола за ИПА и верификација на веродостојноста на сметководствените информации доставени од надлежните институции во Република Македонија до Европската комисија при децентрализирано управување со фондовите на Европската Унија. Годишниот работен план за ревизија се доставува до Европската Комисија и Националниот координатор за авторизација пред почетокот на секоја година.

Ревизорското тело во законски утврдениот рок до Европската Комисија, Надлежниот координатор за акредитација и копија до Националниот координатор за авторизација доставува:

- Годишен извештај за ревизорски активности, по ИПА компонента,
- Годишно ревизорско мислење за ефективно функционирање на системите за управување и контрола со ИПА, по ИПА компонента,
- Годишно ревизорско мислење за сметките и изводот за трошоци за средствата од компонента V од ИПА (ИПАРД) поднесени од НАО до Европска Комисија
- Ревизорско мислење за завршниот извод за трошоци доставено од Националниот координатор за авторизација до Европската Комисија за затворање на програма или на делови од програма.

Во периодот јуни – септември 2010 година во Ревизорското тело реализирани се три ревизорски мисии и тоа ревизорска мисија на Генералниот Директорат за Регионален развој со цел следење на ревизијата за пренесување на управувањето за Компонента III, советодавна мисија на Генералниот Директорат за Проширување со цел да се оцени постигнатиот прогрес од страна на националните структури во процесот на воспоставување на структури за децентрализирано управување со ИПА компонента II и ревизорска мисија на Генералниот Директорат за Земјоделие и рурален развој со цел ИПАРД мисија за финансиско одобрување.

Во текот на 2010 се продолжи со континуирана едукација и професионално усовршување на ревизорите во Ревизорското тело кои присуствуваа на обуки за финансиско управување со структурните фондови и кохезивниот фонд, менаџмент и мониторинг на оперативни програми финансирани од ЕУ, Праг и неправилности, внатрешна и надворешна ревизија и сметководство, меѓународни сметководствени стандарди за јавниот сектор и обука за контрола на лице место (on the spot control).

Во Ревизорското тело во 2010 година, согласно Workload analisys, бројот на извршители изнесува 29.

*Краткорочни приоритети*

Со Годишниот работен план за ревизија за 2011 година, планирано е следење на дадените препораки по Годишниот извештај за ревизорски активности за 2010 година, следење на дадени препораки од спроведени мисии во текот на 2011 година, вршење мисии на системска ревизија, мисии на ревизија на операции за ИПА Компонента 3, ИПА Компонента 4 и ИПА Компонента 5 и мисии на финансиска ревизија за ИПА Компонента 5, за референтниот период.

Исто така, Ревизорското тело ќе се фокусира на обуки и јакнење на капацитетите за идните активности за вршење ревизија на ИПА компонента 1 – Помош  во период на транзиција и институционална надградба и за ИПА компонента 2 – Прекугранична соработка, за кои се очекува пренесување на овластувањата за управување од страна на Европската Комисија.

Во однос на идното планирање на ревизиите по пренесувањето на овластувањата за управување за компонентите 1 и 2 ќе се извршат соодветни измени на Годишниот работен план за ревизија на Ревизорското тело за 2011 година.

Со цел реализирање на ревизорските активности за 2011 година, Ревизорското тело ќе се фокусира на реализација на 3-годишната стратегија за ревизија за период 2009-2011 година.

Во 2011 Ревизорското тело ќе ја продолжи соработката со Европскиот суд на ревизори од Луксембург, соработка со одговорните ревизорски тела во Република Хрватска и Република Турција со цел дефинирање и промовирање на најдобрите практики што постојат за размена на ревизорски искуства, како и соработката со надлежните ревизорски тела од земјите членки на ЕУ и другите земји кандидати за членство во ЕУ.

Соработката помеѓу Државниот завод за ревизија и Ревизорското тело ќе продолжи и истата ќе биде регулирана со Меморандум за разбирање и соработка во кој ќе бидат дефинирани сегментите на соработка помеѓу двете институции.

Во 2011 година согласно Workload analisys ќе се реализираат 10 нови вработувања со што бројот на извршители на Ревизорското тело ќе достигне 39 извршители.

*Среднорочни приоритети*

Во периодот 2011-2012 година, ќе бидат ревидирани и ажурирани прирачниците за ревизија на ИПА, изготвени други методолошки упатства за вршење на ревизија, и ќе се пристапи кон развој на нова Стратегија за ревизија за период 2011-2013 година.

Во 2012 година ќе бидат реализирани 3 нови вработувања со што бројот на извршители на Ревизорското тело ќе достигне 42 извршители.

## ЗАШТИТА НА ЕВРОТО ОД ФАЛСИФИКУВАЊЕ

Правната рамка за заштитата од фалсификување во Република Македонија  е утврдена со следните правни акти:

- Кривичен законик на Република Македонија[85] („Службен весник на Република Македонија“ бр.37/1996; 80/1999; 4/2002; 43/2003; 19/2004; 81/2005; 60/2006; 73/2006; 7/2008; 139/2008 и 114/2009). Одлуки на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр.220/2000 од 30 мај 2001 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.48/2001; У.бр.210/2001 од 6 февруари 2002 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.16/2002; У.бр.206/2003 од 9 јуни 2004 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.40/2004 и У.бр.228/2005 од 5 април 2006 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.50/2006. Закон за малолетничка правда („Службен весник на Република Македонија“ бр.87/2007; 103/2008 и 161/2008).
- Закон за кривична постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/1997; 44/2002; 74/2004; 83/2008 и 67/2009). Одлуки на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.36/1998 од 24 февруари 1999 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.18/1999; У.бр.144/2003 од 15 април 2004 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2004; У.бр.34/2005 од 31 мај 2006 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.75/2006 и У.бр.63/2008 од 8 април 2009 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.53/2009. Закон за малолетничка правда („Службен весник на Република Македонија“ бр.87/2009).
- Закон за Полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр.114/2006 и 6/2009). Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.211/2006 од 05.11.2008 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.148/2008. Закон за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“бр. 92/2009).

85

Фалсификувањето на пари е регулирано и казниво според глава 25 од Кривичниот законик како кривично дело против јавните финансии, платниот промет и стопанството. Во членот 268 е регулирано дека: „тој кој што ќе направи лажни пари со намера да ги пушти во оптек како вистински или тој кој што ќе преиначи вистински пари со намера да ги пушти во оптек или тој кој што такви лажни пари ќе пушти во оптек ќе се казни со затвор од една до десет години“. Со истата казна ќе се казни и „тој кој што прибавува лажни пари со намера да ги пушти во оптек како вистински“. Доколку поради ваквите дела дошло до растројство во стопанството на земјата сторителот ќе се казни со најмалку пет години затвор, а со парична казна или со затвор до три години ќе се казни „тој кој што лажни пари ќе ги прими како вистински, ќе ги пушти во оптек или тој кој што знаел дека се направени лажни пари кои се пуштени во оптек и тоа нема да го пријави“. Во сите случаи лажните пари се одземаат.

- Правилник за содржината и начинот на водење на евиденциите на Полицијата и формата и содржината на образецот на евиденции во Полицијата („Службен весник на Република Македонија".бр.78/07) во кој е регулирано начинот на водење на регистарот за откриени фалсификувани пари (евро и други странски валути);
- Меѓународна конвенција за сузбивање на фалсификувањето од 1929 ратификувана во РМ во март 2005 година.
- Закон за Народна Банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.3/2002; 51/2003; 85/2003; 40/2004; 61/2005 и 129/2006).
- Заштитата на еврото од фалсификување во Република Македонија се спроведува во Министерството за внатрешни работи.

Форензично вештачење на фалсификувани евра и други странски валути врши Одделението за испитување на спорни документи во Одделот на Криминалистичка техника при Министерството за внатрешни работи. Ова одделение врши анализа на еврата во поглед на нивната оригиналност за што изготвува наод и мислење за (не)оригиналноста на банкнотите, како и фотодокументација и евиденција за банкнотите кои биле предмет на анализа.

Народната Банка на Република Македонија - Дирекција за трезорско работење е надлежна вршење експертиза на фалсификуваните односно сомнителните домашни пари - денари.

*Краткорочни приоритети*

Со цел подобрување на заштитата на еврото, денарот и останатите странски валути во Република Македонија како и усогласување со Одлуката на Советот од 06.12.2001 година за заштита на еврото од фалсификување (целекс бр.32001Д0887) ќе бидат преземени следните активности:

Во Министерството за внатрешни работи ќе се формира Централна канцеларија за истраги која ќе допринесе за олеснување на истрагата и соодветно спречување односно казнување на производство, изработка и дистрибуција на фалсификувани евра.

Во рамките на Министерството за внатрешни работи, исто така, ќе се воспостави Националната разузнавачка база на податоци која во себе ќе ја содржи и базата на податоци за фалсификувани банкноти односно евра.

Со цел зајакнување на кадровските капацитети на Централна канцеларија за истраги во 2011 година ќе биде спроведена обука на вработените „заштита на евро од фалсификување".

## 3.33 **ФИНАНСИСКИ И БУЏЕТСКИ ОДРЕДБИ**

Со цел исполнување на обврските кои произлегуваат од поглавјето 33 Финансиски и буџетски одредби и целосно усогласување на законската и институционалната рамка, во текот на 2011 година ќе продолжат активностите за натамошно јакнење на техничките и административните предуслови, со цел навремено воспоставување и ефикасно функционирање на системот на сопствени ресурси од денот на влегување на Република Македонија во Европска Унија.
Активностите во 2011 година и во наредниот среднорочен период воглавно ќе бидат насочени кон утврдување на прецизно пресметување, планирање, плаќање, како и контрола и редовно известување на системот на соспствени средства.

За таа цел ќе се спроведуваат активности за зајакнување на внатрешната контрола и надворешната ревизија во прибирањето и наплатата на царинските давачки и данокот на додадена вредност, зајакнување на антикорупциските мерки во Царинската управа и Управата за јавни приходи и ќе се превземаат дополнителни напори во борбата против затајувањето на данокот. Во рамките на пресметките за ресурсите на бруто националниот доход ќе продолжат активностите за изработка на поисцрпни национални сметки, примена на методологијата на ЕСА 95 и попрецизни оценки и поцелосен опфат на неформалната економија.

Овие активности ќе бидат поддржани со реализирање на потребна екипираност на човечки ресурси, нивна едукација и стручно усовршување, како и континуирано проучување на структурата на сопствените ресурси, процедури и искуства на земјите членки на Европската Унија.

Правната легислатива во ова поглавје е задолжителна и не бара транспонирање во националното законодавство. Меѓутоа со оглед на тоа што подрачјето на сопствени средства во поглед на нивниот опфат е поврзано со националното законодавство за царини, даноци, статистика и финансиски надзор, Република Македонија паралелно со процесот на воспоствaување на потребниот капацитет на системот на сопствени средства ќе обезбеди и усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската Унија.

Министерството за финансии со оглед на надлежноста ќе биде задолжено за воспоставување на посебно тело за системот на сопствени средства, во кое ќе бидат вклучени Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државниот завод за статистика, Управата за јавни приходи и Царинската управа, кои се идентификувани како клучни субјекти во системот на сопствени средства.

*Тековна состојба*
Определбата на Република Македонија за членство во Европската Унија претставува силен поттик за натамошно доградување на законодавно - институционалниот систем на јавните финансии.
Законот за буџети и соодветните измени на законот, (Службен весник на РМ", бр. 64/2005, 103/2008, 156/2009, 95/2010) претставува системски закон со кој се уредува системот на јавни финансии во Република Македонија. Со овој закон се уредуваат целите, начелата, планирањето и извршувањето, како и структурата на буџетот и истите целосно се усогласени со начелата и правилата на Европската Унија и меѓународните стандарди. Со последните измени и дополнувања на Законот се утврди:
Современа постапка за менаџирање со буџетските средства со која почнувајќи од 2012 година се дава можност за буџетските корисници, доколку не ги искористат одобрените средства во програмите и потпрограмите на развојниот дел на буџетот во тековната година, да ги пренесат во висина од 50% како одобрени средства за наредната фискална година. Начинот на користење на овие средства е регулирано со издавање на согласност за повеќе годишна јавна набавка, постапка која е целосно усогласена со Законот за јавни набавки.
Во одредбите со кои се регулирани функциите на Трезорот, направени се дополнувања со кои се проширува опфатноста на надлежностите на Трезорот и тоа во насока на создавање на законски основ за: задолжување на сметки во рамки на трезорска главна книга врз основа на договорни овластувања и во случај на исправка на грешка од страна на трезорот, за управување со ликвидноста на сметките во рамки на трезорската главна книга како и запирање со извршување на одредени плаќања на буџетските корисници и единки корисници на централната власт во случај на констатирани нарушувања на финансиската дисциплина и во услови на нарушување на проектираната ликвидност на Трезорската сметка. Овие дополнувања се извршени како резултат на согледувањата во досегашната пракса од основањето на Трезорот и истите се со цел да овозможат поголема ефикасност на истиот.

Националните сметки во Македонија се развиваат во согласност со методолошките барања на Европскиот систем на сметки ESS (European System of Accounts-ESA 95). Државниот завод за статистика е одговорен за постигнување на кавалитетни, конзистентни и точни податоци во согласност со ESS 95 Регулативата 96/2223, Директивата 89/130, Одлука 94/168. Имено Државниот завод за статистика е одговорен за пресметките на Бруто националниот доход (BND) по пазарни

цени. Во овој контекс направено е подобрување на пресметката на Бруто домашниот производ (BDP) како главна компонента на BND и тоа во делот на исцрпноста (exhaustiveness), во пресметката и алокацијата на финансиските услуги индиректно мерени (FISIM) и пресметките на инпутираните ренти. При пресметување на бруто националниот доход, Државниот завод за статистика ги користи податоците за нето примарниот доход од странство, кои се опфатени во Билансот на плаќање во НБРМ. Во врска со описот на методите, пресметките и класификациите користени во националните сметки како и опис на преминувањето од BDP на BND, Државниот завод за статистика подготви посебен документ за напредокот и истиот е доставен до Еуростат.

Со Законот за изменување и дополнување на Царинскиот закон, („Сл.весник на РМ" бр.39/05,04/08, 48/10) се применува нов начин на присилната наплата на царинскиот долг врз основа на Законот за даночна постапка, односно се воспостави правна рамка Царинската управа дополнително настанатиот царински долг кој не е наплатен да го наплатува, покрај со блокирање на сметките во деловните банки и со заплена на имот и парични средства на царинските должници. Во оваа насока Царинската управа веќе го имплементира Упатството за присилна наплата на царинскиот долг.

Министерството за финансии е надлежно за подготвување и извршување на Буџетот на Република Македонија и за неговото доставување до Владата на Република Македонија.

Буџетот на Република Македонија и буџетите на општините се однесуваат за период од една фискална година, односно од 1 јануари до 31 декември. Основа за подготвување на буџетите се стратешките приоритети на Владата на Република Македонија, среднорочната Фискалната стратегија, предлог стратешките планови на буџетските корисници, како и приоритетите на општините.

Буџетот се состои од планираните приходи и другите приливи и планираните расходи и други одливи на основниот буџет, буџетот на самофинансирачките активности, буџетот на донации, буџетот на заеми и буџетот на фондовите и општините. Средствата од фондовите на Европската Унија како и националното кофинансирање се прикажуваат во буџетот и истите се составен дел од програмите за развој на одделните буџетски корисници. Согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2010 година, при ненавремен трансфер на средствата од ЕУ наменети за финансирање на проектите од пооделните компоненти од ИПА, потребните средства ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија. При тоа при извршување на Буџетот на Република Македонија приоритет во исплатата на средства ќе има финансирањето на проектите од пооделните компоненти од ИПА. Министерството за финансии е надлежно за управување со средствата добиени од Буџетот на Европската унија, согласно одредбите и правилата на Европската унија за финансирање и склучување на договори.

Со цел потранспарентно прикажување на јавните финансии се подготви нова Економска класификација на јавните приходи и расходи. Истовремено со измените и дополнувањата на Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.61/04,96/04, 67/7, 156/09) се изврши регулирање на задолжувањето на општините целосно усогласено со Законот за јавен долг („Сл.весник на РМ" бр.62/05, 88/08), како и воведување на можноста за позајмици на општините, со цел зајакнување на фискалниот капацитетот и успешно финализирање на процесот на децентрализација во Република Македонија.

Во 2010 година продолжија интензивните активности за натамошно јакнење на институционалниот капацитет на царината за олеснување и намалување на трошоците на транспортот и трговијата, како и за постигнување мерливи резултати во борбата против корупцијата и нелегалната трговија, заштитата на правата од интелектуална сопственост, преку водење на постапки за дисциплинска одговорност и поднесување на кривични пријави против корумпираните царински службеници.

Во делот на нелегалната трговија продолжија активностите за поднесување на прекршочни постапки за полесните дела, како и поднесоците на кривични пријави за потешките облици на нелегална трговија и тоа против правните лица, и против одговорните лица во фирмите.

Царинската управа продолжи со активности за имплементација на Рамката на стандарди за олеснување и безбедност на меѓународната трговија на Светската царинска организација, како платформа за подобрување на способноста на царинската служба да открива и да се справува со високо ризични пратки.

Во оваа насока се воспостави и Единствениот систем за анализа на ризик со кој ќе се овозможи евиденција на сите учесници во царинската постапка кои подлежат на посебен режим на контрола, согласно параметрите утврдени во Упатството за вршење на селективни контроли, кое е усогласено со Рамката за управување со ризик на ЕУ, а се однесуваат на утврдување на степенот на ризик на фирмите, имајќи го во предвид нивното претходно работење.

Исто така продолжи имплементацијата на Системот за процесирање на царинските декларации (СОЦД), при што активностите предвидени со  првата и втората фаза, а се однесуваат на процедурите за ставање во функција на виртуелната царинска испостава се финализираат.

Во врска со наплатата на даноците и спречување на даночната евазија Управата за јавни приходи во континуитет превзема мерки и активности во насока на зајакнување на административниот капацитет и подобрување на услугите кон даночните обврзници со нивна едукација и информирање за навремено исполнување на нивните даночни обврски. Во таа насока, се воспоставуваат нови методи, односно се развиваат нови алатки за вршење на контрола со софтверска поддршка со кои на даночните инспектори во голема мера им се олеснува работењето. Исто така, се развиваат системи на анализа на ризик за даночните обврзници од аспект на селектирање на даночни обврзници за контрола, со цел навремено реагирање и спречување на даночната евазија. Понатаму се врши обработка на централно ниво на податоците поврзани со даночните пријави на даночните обврзници и стимулирање на електронското поднесување на даночните пријави. Една од постапките кои се воведуваат е и комуникацијата со трети лица, односно со институции од кои УЈП може директно да побара информација без истата да ја бара од даночниот обврзник.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Согласно Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија утврдено е дека не постојат значајни разлики во македонското законодавство со законодавството на ЕУ во поглед на основните принципи и институции надлежни за имплементација на системот на сопствени средства. При тоа продолжувањето на процесот на усогласување на полето на царините, оданочувањето, статистиката и финансиската контрола ќе обезбеди Република Македонија средноročно да ги надмине тешкотии во исполнувањето на обврската за воспоставување на системот на сопствени средства. Министерството за финансии во процесот на унапредувањето на овие процеси ќе се насочи кон реализирање на следните приоритети:

- Унапредување на буџетскиот процес,  буџетските програми и индикатори и развивање на нови, со цел зголемување на транспарентноста на Буџетот;
- Ревидирање на интерните процедури за начинот на подготовка на буџетот и нивно дополнување со процедурите за преносот на неискористените средства од претходната во наредната фискална година како, и процедурите за ефикасно искористување на средствата од ЕУ фондовите;
- 3 Зајакнување на административниот капацитет на надлежните институции за прибирање и соодветна контрола на финансиските извори, неопходни за финансирање на Буџетот на Европската Унија,
- 4.Спроведување на реформи во насока на унифицирање на системот на прибирање на  "Традиционални сопствени ресурси", преку зајакнување на внатрешната  контрола и надворешната ревизија во прибирање и наплатата на царинските давачки и данокот на додадена вредност, превземање на антикорупциските мерки во Царинската управа и Управата за јавни приходи и дополнителни напори во борбата против затајувањето на данокот.
- Во првиот квартал од 2011 година, Царинската управа планира измени и дополнувања на Правилникот за организација и систематизација на работните места, со што ќе се воведат нови работни места, на пофреквентните гранични премини, кои покрај тековните работи ќе постапуваат по напатствија од разузнавачки карактер, кои ќе ги добиваат директно од Секторот за контрола и истраги.
- Продолжување на активностите за изработка на поисцрпни национални сметки, примена на Методологијата на ЕСА 95 и попрецизни оценки и поцелосен опфат на неформалната економија. (Детално за краткорочните и среднорочните активности во оваа област во Поглавје 18. Статистика)

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во наредната година ќе се спроведуваат потребни обуки на вработените во надлежните институции, поврзани со примената примената на новите сметководствени стандарди,  методологијата ЕСА 95, и обуки за координација, управување, контрола и надзор на сопствени средства.

Во насока на зајакнување на царинскиот надзор и царинските контроли, во третиот квартал од 2011 година,  согласно Упатството за работа со системот за видео надзор, снимање и трансмисија или телевизија од затворен тип на Царинската управа на РМ,  се планира дислокација на камерите од системот за видео надзор на граничните премини, со цел да се овозможи прецизност на снимањето и трансмисијата на податоците, потребни на Секторот за контрола и истраги, со што ќе се надминат досегашните потешкотии околу читањето на регистарските таблички. Во контекст на оваа промена ќе се воспостави и можност за електронска размена на информации помеѓу Одделението за координација и комуникација при Царинската управа со Дежурниот центар и Националниот центар за гранично управување, при МВР.  До крајот на септември 2011, Единствениот систем за анализа на ризик, освен Царинската управа ќе го користи и Управа за ветеринарство и безбедност на храна и Фитосанитарната управа, со што ќе се обезбеди единствен пристап во

спроведување на постапките и контролите при увоз,  извоз и транзит на стоката и ќе се овозможи поефикасно извршување на работните задачи, по принципот “one stop shop” .

До првата половина на 2011 година, Царинската управа ќе го  имплементира целосно Системот за обработка на царински декларации (СОЦД), кој е компатибилен со стандардите на ЕУ и ќе зајакнат системите за увоз, извоз, транзит, контролен извозен/увозен и подсистемите: ТАРИМ/ТАРИК, управување со наплата и гаранции, управување со ризик, царински авторизации Системот за обработка на царински декларации (поопширно во Поглавје 29, Царинска унија).

**Странска помош**

Во рамките на ИПА 2007, во тек се:

- Проектот хармонизација на националните сметки, во чии рамки се предвидени обукити за примена на методологијата ЕСА-95 (евидентирано во Поглавје Статистика).
- Проектот за подршка на имплементацијата на Стратегијата за царински реформи”, во траење од 18 месеци, во износ од 3.200.000.00 ЕВРА (евидентирано во Поглавје Царина)
- -Во тек се преговори за добивање на техничка помош за изработка на нова Организациона и Програмска класификација на Буџетот.

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во наредниот среднорочен период Министерството за финансии како надлежен орган за управување со јавните финансии, своите активности ќе ги насочи кон:

- Развој и унапредување на буџетскиот процес во функција на повеќегодишното планирање и подготвување на повеќегодишен буџет.
- Целосна хармонизација на методологијата за пресметувањето на Бруто Националниот Доход со ЕСА 95 стандардите.

- Превземање на активности за воспоставување на надлежно тело и негово соодветно екипирање за координација, управување, контрола и надзор на сопствени средства. Ова тело во согласност со потребите и временскиот рок ќе биде надлежно за подготовка на соодветен модел и прирачник за проценка .

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со цел унапредување на процесот на планирање на Буџетот, планирано е зајакнување на административниот капацитет на Секторот Буџет и фондови со нови вработувања во одделенијата сврзани со подготовка на повеќегодишен буџет, буџетски анализи и примена на методологијата ЕСА95, и одделение за развојно буџетирање, како и зајакнување на административниот капацитет на Секторот за трезор во одделение за фискална статистика и анализа и одделение за управување со ликвидноста.

Изработка на соодветна анализа за одредување на институциите и секторите кои ќе го сочинуваат надлежното тело за системот за следење и пресметување на сопствени ресурси.

Продолжување со спроведување на потребни обуки на вработените во надлежните институции поврзани со примената на новите сметководствени стандарди,  методологијата ЕСА 95, и обуки за координација,  управување, контрола и надзор на сопствени средства.

**Странска помош**

Во рамките на ИПА 2011,  одобрен е Проектот подготовка на повеќегодишен Буџет,  согласно кој се очекува добивање на техничка помош за подготовка на повеќегодишен буџет и примена на методолгијата ЕСА 95.

IV **АДМИНИСТРАТИВНИ КАПАЦИТЕТИ**

4.1. **ХОРИЗОНТАЛНИ ПРАШАЊА - РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА**

*Тековна состојба*
Владата на Република Македонија во декември 2010 година, ја усвои Стратегијата за реформа на јавната администрација (2011 – 2015), и Акцискиот план за нејзина имплементација.

Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, како една од клучните институции носители на процесот на интеграција на Република Македонија во ЕУ во изминатиот период успешно ги реализира мерките и активностите кои беа во функција на понатамошно јакнење на капацитетите и подобрување на транспарентноста и одговорноста на администрацијата.

Имено, преку двата циклуси на специјализирани обуки за стратешко планирање кои од страна на Секторот за Стратегија, планирање и следење им беа испорачани на министерствата и органите на државната управа се зајакнаа капацитетите за стратешкото планирање кои резултираа со подобра координација на овој процес.

Во изминатиот период успешно се спроведоа економските реформи кои беа во функција на подобрување на бизнис климата и привлекување на странски инвестиции и паралелно со тоа се зајакнаа капацитетите за проценка на влијанието на регулативата – RIA (RegulatoryImpactAssessment).

Меѓу другото, успешно беше имплементиран Твининг проектот - ,,Градење на капацитетите на Генералниот Секретаријат (Сектор за Стратегија, планирање и следење и Сектор за Анализа на политиките и координација) за зајакнување на капацитетите на Владата за Стратешко планирање и следење и Креирање политики и координација“ помеѓу Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Франција.

Одделението за реформа на јавната администрација при Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија во 2010 година продолжи со координација на процесот на реформа на јавната администрација, насочен кон трансформација на законите, системите и процесите.

Во насока на обезбедување поддршка на Владата на Република Македонија за развивање и спроведување на нејзините програми, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија зазеде значајна улога, особено со јакнење на принципите на транспарентност и отчетност во работата на органите на државната управа преку координација на порталот www.uslugi.gov.mk и печатење на формуларите за оценување на иницијативата Граѓански дневник.

Од 2011 година функциите и надлежностите на Одделението за реформа на јавната администрација ќе бидат префрлени во Министерството за информатичко општество и администрација кое ќе биде носител на процесот на реформа на јавната администрација.

Реализирајќи ги своите законски надлежности, Агенцијата за државни службеници во континуитет се грижеше за целосната и доследна примена на Законот за државните службеници и подзаконските акти што произлегуваат од истиот.

Во системот на работни места, врз основа на кој се темели Законот, постапките за вработување се спроведуваа на отворен и транспарентен начин. Во овој период, согласно податоците со кои располага Регистарот на државни службеници, нема незаконски унапредувања и уназадувања на државни службеници.

Континуирано се спроведуваа координирањето на активностите за стручното усовршување и обуката на државните службеници.
Реализирањето на Годишната програма за генеричка обука за државните службеници во Република Македонија за 2010 година (во првиот и вториот квартал од 2010 година) се одвиваше согласно Оперативните планови за нивното спроведување.

Согласно мерките и активностите од „Акцискиот план за надминување на недостатоците во организационите облици за управување со човечките ресурси“, Агенцијата за државни службеници во соработка со Генералниот секретаријат на

Владата на Република Македонија, подготви Квартален мониторинг за подобрување на екипираноста на организационите облици за управување со човечките ресурси во државната служба.

*Краткорочни приоритети*

Во текот на 2011 година, ќе се донесат потребните подзаконски акти на новото Министерство за информатичко општество и администрација (повеќе во Поглавје I Политички критериуми) и тоа: Правилник за содржината и начинот на подготвување на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места; Уредба за начелата за внатрешна организација на органите на државната управа; Уредба за звањата на државните службеници; Правилник за начинот на вршење на надзор; Правилник за содржината и формата на годишниот извештај за спроведување надзор; Упатство за примена на додаток на плата за кариера на државните службеници; Правилник за утврдување на начинот и постапката за селектирање и вработување на државни службеници; Правилник за утврдување на работните места со висок ризик по животот и здравјето на државниот службеник; Упатство за содржината на годишниот извештај за податоците од регистарот на државните службеници; Правилник за формата и содржината на обрасците за евидентирање на податоците на државните службеници; Упатство за содржината на годишниот план за соодветна и правична застапеност на заедниците; Правилник за содржината и формата на полугодишниот извештај за спроведени специјализирани обуки за државните службеници; Упатство за поблиски критериуми за доделување на парична награда на државните службеници; Правилник за водење на дисциплинска постапка за утврдување на дисциплински престап; и Правилник за формата и содржината на годишниот извештај за изречени мерки за утврдена дисциплинска и материјална одговорност на државни службеници.

До крајот на април 2011 година во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија ќе се воведат ИСО стандарди и тоа: Стандард за управување со квалитет ИСО 9001 и Стандард за заштита на животната средина ИСО 14001.

Преку спроведување на проект: ,,Подобра бизнис регулатива во Македонија“ во соработка со Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска ќе се продолжи со имплементација на регулаторната реформа во бизнис околината во насока на нејзино подобрување.

Во рамките на проектот ќе се направи анализа на сегашната институционална поставеност и практики за имплементација на регулаторната реформа (Регулаторна гилотина, РИА-проценка на влијанието на регулативата и Националниот електронски регистар на прописи-ЕНЕР) и спроведување на најдобрите практики во оваа област.

Една од проектните задачи на консултантите е и развивање на формален механизам за спроведување на консултативниот процес со деловната заедница (Код за консултации). На овој начин ќе се унапредува процесот во кој бизнис-заедницата ќе влијае врз носителите на одлуки и креирањето на новите регулативи.

Со цел зајакнување на постоечките капацитети, во зависност од резултатите и препораките кои ќе произлезат во рамките на овој проект ќе се утврди и динамиката, обемот и соодветната содржина (теми) за обука на претставници од јавната администрација.

Со цел поуспешна хоризонтална координација на процесите на управување со човечки ресурси во државната служба, согласно превземаната надлежност од Агенцијата за државни службеници, во наредниот период ќе се работи на екипирање и зајакнување на капацитетите на новото Министерство за информатичко општество и администрација. Притоа, ќе се продолжи со реализација на мерките и активностите за зајакнување на секторите/одделенијата за управување со човечки ресурси за чиишто резултати до крајот на 2011 година Министерството ќе достави детален извештај.

Во 2011 година Министерството за информатичко општество и администрација ќе продолжи со спроведување на Стратегијата за обуки на државни службеници (2009-2011), согласно Акцискиот план на стратегијата, при што на крајот од периодот за реализација ќе биде подготвен детален извештај за резултатите од спроведување на Стратегијата. Во меѓувреме, врз основа на претходно спроведена анализа на имплементацијата на Стратегијата за обука за периодот 2009-2011, ќе се започне со развој на нова Стратегија за обуки (2012-2014).

Од наредната година согласно обезбедените буџетски средства и Годишната програма за генерички обуки за 2011 година Министерството за информатичко општество и администрација ќе ја превземе обврската за континуирано спроведување на генерички обуки на сите државни службеници, а во меѓувреме ќе пристапи кон подготовка на Годишната програма за обуки за 2012 година.

Со цел воспоставување на одржлив систем на обучување во државната администрација и подобрување на системот за континуирана обука на државните службеници, Министерството за информатичко општество и администрација ќе превземе активности за формирање и континуирано ажурирање на Регистар на обучувачи и експерти во државната управа.

До крајот на 2012 година Министерството за информатичко општество и администрација ќе донесе Стратегија за управување со човечки ресурси и соодветни акциски планови за нејзина реализација  во чиишто склоп ќе се работи и на стандардизирање на работата на одделенијата за човечки ресурси.

Од аспект на функционирањето на Министерството за правда и понатаму ќе се продолжи со јакнење на капацитетите на органите за примената на Законот за претставки и предлози. Имено, до крајот на првиот квартал од 2011 година, врз основа на Годишната програма за обука за 2011 година и склучениот договор со Британскиот Совет предвидени се 9 обуки за 450 номинирани државни и други службеници од Органите на државната управа и други органи на централно и локално ниво кои постапуваат по законот за претставки и предлози. Циклусот на обуки ќе се одвива во февруари (10, 15, 18, 22, 24) и март (02, 04, 10, 15) 2011 година.

Унапредувањето и јакнењето на структурата и капацитетите на Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор ќе продожи успешно да се реализира и во наредната година, меѓудругото и преку доекипирање и обука на кадарот на Секретаријатот-посебно во одделенијата за човечки ресурси и  внатрешна ревизија.

*Среднорочни приоритети*

На среднорочен план до крајот на 2013 година со цел подобрување на целокупниот систем на обуки од страна на Министерството за информатичко општество и администрација се предвидува стратешка ревизија на системот за координација со обуки и изработка на Методологија за проценка на потребите и видот на обуки.

До крајот на 2013 година се очекува единицата за поддршка на обуките за државни службеници во Скопје да биде целосно опремена и ставена во функција.

Со цел поедноставување и модернизирање на процесот на управување со човечки ресурси во план е надградба на Регистарот на државни службеници преку проширување на неговите функционалности и формирање на комплетно е-досие за државните службеници. Во оваа насока ќе се развие и база на податоци на компетенции на државните службеници која ќе помогне во креирањето на модел на систем на управување со компетенции што ќе овозможи зголемување на внатрешната мобилност на вработените во државната управа.

## 4.2. **ЈАКНЕЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ ВО ЕУ**

*Краткорочни приоритети*

Во текот на наредниот период Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и понатаму ќе продолжи со успешна реализација на целите и активностите кои ќе бидат во функција на јакнење на административните капацитети за пристапување во ЕУ.

Во рамките на ИПА 2007 Проектот „Јакнење на капацитетите на Генералниот секретаријат – Сектор за анализа на политиките и координација (Одделение за соработка со невладините организации)“ во првата половина на 2011 година треба да се спроведе студиска посета-најдобри практики за учеството на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики и 5 работилници/обуки за државните службеници и граѓански организации за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики.

Во рамките на ИПА 2008 проектот „Поддршка на учеството на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики и обезбедување социјални услуги“ што ќе се реализира во 2011 и 2012 година предвидени се активности за јакнење на капацитетите на вработените во Одделението за соработка со Невладини организации за имплементација и мониторирање на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор и управување со грантови.

Планското и систематско вработување на ИКТ кадри ќе се реализира преку насоки и препораки од Министерството за информатичко општество кон останатите државни органи учесници во проектите на истото.

Министерството за информатичко општество и во текот на 2011 година ќе спроведува обуки за користење на Документ менаџмент е-влада апликацијата.

До крајот на 2012 година административните капацитети на Министерството за финансии, меѓу другото, ќе се зајакнуваат и преку реализација на Твининг проект „Поддршка на процесот на фискална децентрализација преку зајакнување на капацитетите за стабилно финансиско управување и внатрешна финансиска контрола на локално и централно ниво“. На краткорочна основа, преку обуки за ефикасна координација на ИПА проектите во надлежност на Министерство за финанси ќе се зајакнуваат капацитетите за ефикасна координација на овој претпристапен инструмент.

*Среднорочни приоритети*

Во функција на понатамошно јакнење на капацитетите на министерствата и органите на државната управа на среднорочна основа, до крајот на 2013 година, планирани се генерички и специјализирани обуки за Стратешко планирање и подготовка на иницијативите за следење на Годишната Програма за работа на Владата на Република Македонија кои ќе бидат испорачани од страна на Секторот за Стратегија, планирање и следење при Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

На среден рок, во рамките на ИПА 2010 проектот „Одржлив граѓански сектор“, компонента 1, во периодот 2012 – 2014 година предвидени се обуки за воспоставување одржлив механизам за соработка меѓу општините и граѓанските организации во 8 пилот општини.

## V. **ПОДГОТОВКА НА МАКЕДОНСКАТА ВЕРЗИЈА НА A**CQUIS

*Тековна состојба*

Целите и функцијата на процесот на подготовка на македонската верзија на acquis communautaire се опфатени со:

- Нацрт-стратешкиот план на Секретаријатот за европски прашања 2011-2013
- Процесот на подготовка на македонската верзија на acquis communautaire детално е утврден и со:
- Нацрт-техничко упатство за уредување на документи при преведување на правните акти на Европската унија, август 2010 г.
- Прирачник за преведување на правните акти на Европската унија, декември 2010 (второ издание)
- Прирачник за преведување на правните акти на Република Македонија, декември 2010 (прво издание)
- Одлука за образување на техничките комитети вклучени во процесот на подготовка на националната верзија на acquis communautiare
- Деловник за работа на техничките комитети за стручна и правна ревизија
- Деловник за работа на Техничкиот комитет за верификација на терминологијата и на националната верзија на правото на Европската унија.
- Упатство за постапување при превод на правни акти и други документи од страна на Секретаријатот за европски прашања-Сектор за подготовка на националната верзија на acquis commuanutaire, мај 2009 година.

До средината на ноември 2010 година преведени се вкупно 4.619мерки или 56.951 страници од Службениот весник на Европската унија од кои стручно и правно ревидирани се 1.440 мерки или 18.896 страници од Службениот весник на Европската унија.

Во тек се активности за трансформација и реорганизација на процесот на подготовка на националната верзија на правните акти и преведувањето на македонското законодавство.
Изработени се две информации:

- Информација за промена на системот на подготовка на националната верзија на правните акти и преведувањето на македонското законодавство, и
- Информација за промена на системот на стручна и правна ревизија на преводите на правните акти на Европската унија.

Двете информации се во меѓуресорска консултација и истите се очекува да се усвојат од страна на Владата на Република Македонија до крајот на 2010 г. Со нив се дефинира целиот систем на подготовка на националната верзија на правните акти и преведувањето на македонското законодавство, како од аспект на институционалната рамка, така и од аспект на фазите на процесот.

Секторот за подготовка на националната верзија на acquis communautaire при Секретаријатот за европски прашања е надлежен за спроведување на процесот на подготовка на македонската верзија на acquis communautaire. Во рамките на Секторот за подготовка на националната верзија на acquis communautaire има две одделенија:

*Одделение за ревизија и терминологија* задолжено за утврдување на критериумите за конзистентност при преведување на правните акти на Европската унија, градење на терминологија, спроведување на јазична ревизија на преводите на правните акти на ЕУ, на РМ и на други документи од важност за процесот на европска интеграција на РМ.

*Одделение за преведување и координација на процесот на преведување* задолжено за изработка на план за преведување, следење и координирање на процесот на преведување преку централизирани бази на податоци, преведување на правните акти на ЕУ, на РМ и на други документи од важност за процесот на европска интеграција на РМ и следење на стручната и правната ревизија на правните акти на ЕУ.

Секторот за подготовка на националната верзија на acquis communautaire има вкупно 17 вработени државни службеници.

*Краткорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2011 година, планирано е да се реализираат активностите во насока на зајакнување на структурата за подготовката на националната верзија на правото на Европската унија, одржување на базите на податоци кои се во функција на поддршка и следење на процесот.

Се планира да се донесе нов Стратешки план за подготовка на националната верзија на правните акти на Европската унија и преведувањето на македонското законодавство 2011-2013 со цел да се определи рамката во овој домен за период од 3 години.

Исто така се планира да се преземат сите потребни активности со цел спроведување на системот за подготовка на националната верзија на правните акти на Европската унија согласно предлогот за негово подобрување.

Во функција на следење и поддршка на целиот процес на подготовка на националната верзија на правото на Европската унија неопходно е постојано одржување на базите на податоци: Регистарот за следење на процесот на преведување, терминолошката база на податоци и ЦЦ Виста базата на Европската унија.

Во текот на 2011 година се планира да се преведат 10.000 страници на правни акти од Службениот весник на ЕУ, на РМ и на други документи од важност за процесот на Европска интеграција.

Во текот на 2011 година се планира јазично да се ревидираат 6.000 страници на правни акти од Службениот весник на ЕУ, на РМ и на други документи од важност за процесот на Европска интеграција.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Со цел успешна реализација на поставените краткорочни приоритети, неопходно е до крајот на 2011 година да се изврши потребното кадровско и техничко зајакнување на Секторот за подготовка на националната верзија на acquis.

*Среднорочни приоритети*

**ПРАВНА РАМКА**
Во периодот 2012 – 2013 година планирано е да се продолжи со реализацијата на активностите во насока на зајакнување на структурата на подготовката на националната верзија на правото на Европската унија, одржување на базите на податоци кои се во функција на поддршка и следење на процесот, како и проширување на активностите на полето на исполнување на барањата во доменот на јазикот.

Во функција на следење и поддршка на целиот процес на подготовка на националната верзија на правото на Европската унија неопходно е постојано одржување на базите на податоци: Регистарот за следење на процесот на преведување, терминолошката база на податоци и ЦЦ Виста базата на Европската унија.

Во текот на 2012 година се планира да се преведе и останатиот дел од примарното законодавство на Европската унија, а во текот на 2013 година се планира да се изврши јазична ревизија на истото.

Во наведениот период, се планира да се завршат активностите поврзани со изработката на македонска верзија на Евровок.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во текот на 2012 и 2013 година предвидени се редовни обуки кои Секторот за подготовка на националната верзија на acquis ги спроведува, за сите учесници во процесот на подготовка на националната верзија на правото на Европската унија.

# VI. **ИНФОРМИРАЊЕ И КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА**

Членството на Република Македонија во Европската унија е еден од најважните стратешки приоритети на Владата на Република Македонија и ја има поддршката од сите општествени групи. Сите политички партии во Република Македонија членството во ЕУ го имаат зацртано во своите програми.

Информирањето и комуникацијата со јавноста за европската интеграција и обезбедувањето на навремени информации за процесот на преговарање до сите засеганти страни има суштинско значење за приближувањето на Унијата до граѓаните и задржувањето на високото ниво на поддршка и во понапредните фази од процесот на европска интеграција. Оттука произлегува потребата за реализација на комуникациски проекти како за целокупната јавност така и за специфични целни групи со цел да се зголеми знаењето кај населението за придобивките и обврските од членството. Комуникацијата како непосреден начин на презентирање на процесот на европска интеграција пред граѓаните е од суштинско значење за создавање на свеста кај луѓето особено во насока на тоа дека и тие се дел од процесот на донесување одлуки а приближувањето кон ЕУ не значи само норматива туку и заеднички вредности кои не обединуваат. Потребата од засилена комуникација и со граѓаните на земјите членки на Европската унија. Неопходно е реформските процеси кои се спроведуваат во Република Македонија како дел од ЕУ агендата да се пренесат на европско ниво посебно до лицата кои го креираат јавното мислење и носат одлуки. Исто така, во овој процес значајно место треба да земе и процесот на навремено запознавање на европските институции со тековните процеси и реформи. Со тоа се создава подобра слика и углед во тие институции.

Владата на Република Македонија својата политика во процесот за пристапување во Европската унија ја гради на принципот на континуитет. Силна потврда за тоа е Стратегијата за информирање и комуникација со јавноста во Процесот на пристапување на Република Македонија во ЕУ 2011 – 2013 која е продолжение и надоградба на претходната Стратегија за информирање и комуникација со јавноста од август 2007 година.

Главната цел дефинирана во Стратегијата е поврзана со низа активности во насока на градење на позитивно јавно мислење во насока на понатамошна поддршка на реформите кои се реализираат во процесот на евроинтеграции но и по добивањето датум на преговори за членство. Ваквите активности треба да обезбедат висока поддршка од јавноста за чекорите кои последователно ќе ги превзема Владата во насока на приближување до Унијата и навремено и точно информирање за процесот на европска интеграција и текот на преговорите.

Новата Стратегија е континуирана програма на активности во која ќе се вклучат сите министерства на Владата вклучувајќи ги и другите органи на државната управа како и другите релевантни организации, а ќе ги координира Секретаријатот за европски прашања.

Стратегијата се гради врз основа на:

- Подобрување на капацитетите на владините тела кои се директно инволвирани во процесот на пристапување на Република Македонија во ЕУ, во поглед на кадар, опрема, и информативни материјали. Исто така, во министерствата и владините структури целта е соодветна промена на административната култура во поглед на значењето на комуникацијата во процесот на пристапување и обезбедување на координација со Инфо службата во рамки на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

- Јасна дефиниција на улогите на Секретаријатот за европски прашања (СЕП) и секое министерство односно институција инволвирана во спроведување на активностите поврзани со информирање и промовирање на процесот на пристапување на РМ кон Унијата со посебен акцент на важноста од нивната комуникација со својата целна група.

- Силна координација меѓу министерствата и СЕП со цел усогласено планирање и презентирање на политиките на пристапување кон ЕУ - на домашно и меѓународно ниво.

- Редовно следење на јавното мислење, очекувањата, ставовите на јавноста и проценка на ефективноста на Стратегијата. Преку континуираното следење на јавното мислење ќе се креираат насоките за подобра/поуспешна имплементација.

Главна цел на Стратегијата е да се задржи и/или зголеми поддршката од јавноста за политиката на Владата за пристапување во ЕУ. Со оглед на значењето на периодот на реализација на Стратегијата односно, добивање датум за преговори и нивно започнување, акцентот на целокупната Стратегија ќе се стави врз презентирање на постигнувањата на Владата во реформските процеси кои се превземаат во таа насока и придобивките како директна последица од спроведените активности.

Пошироки цели се: зголемување на свеста на пошироката јавност за процесот на пристапување, посебно меѓу локалните заедници, градење доверба во капацитетите на инволвираните македонски и европски институции. Истовремено со стратегијата треба да се обезбеди специфичните сектори целосно да разберат што се очекува од нив, и да се зголеми поддршката од земјите членки на ЕУ.

Стратегијата ќе се заснова на следниве активности:

- Програма за тековни активности главно од делокругот на СЕП преку која ќе се обезбеди проток на општи информации до сите целни групи.
- Пласирање на информации преку постојано и навремено ажурирање на интернет страницата на СЕП.
- Меѓуресорска соработка - СЕП и министерствата.
- Специфични активности на министерствата поврзани со потребите на нивните соработници и целни групи.

Во процесот на информирање и комуникација со јавноста се користат и други алатки како што се редовни прес-конференции, брифинзи, билтени, брошури на теми поврзани со процесот на пристапување во ЕУ, дебати, конференции, публикации и кампањи.

Владата на Република Македонија ќе спроведува и проекти за промоција на процесот на европска интеграција во земјите членки на ЕУ со цел да се стекне нивната поддршка за зачленувањето на Република Македонија во ЕУ.